К. III - 224

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

- ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА -

ТЕОРИСКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО КОНЦЕПИРАЊЕТО НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

(докторска дисертација)

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
Инв.Бр. 1270
30.08 2002 год.
СКОПЈЕ

К а н д и д а т:

м-р Ѓорѓи Митрески

М е н т о р:

проф. д-р Марија Костова

С К О П Ј Е, 2002 година

ТЕОРИСКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО КОНЦЕПИРАЊЕТО НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

ВОВЕД 5

1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 7

1.1. Предмет на истражувањето 7
1.2. Цел на истражувањето 9
1.3. Задачи на истражувањето 9
1.4. Хипотези на истражувањето 10
1.5. Методи на истражувањето 11
1.6. Техники на истражувањето 12

2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ 13

2.1. Дефинирање на поимот "физичко воспитание" 13
1.2. Дефинирање на некои сродни поими 29

3. ОСВРТ НА ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 40

3.1. Физичкото воспитание во старогрчката и римската педагошка теорија 41
3.2. Физичкото воспитание во средновековната педагогија 47
3.3. Третманот на физичкото воспитание во граѓанската педагогија 50
3.4. Третманот на физичкото воспитание во педагогијата на источноевропските земји 66

4. ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ПРИ ИЗГРАДУВАЊЕТО НА СОВРЕМЕНАТА ТЕОРИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 74

4.1. Општествени претпоставки 74
4.1.1. Производствената работа и физичкото воспитание 77
4.1.2. Физичкото воспитание и општествената надградба 78
4.2. Научно-технолошки претпоставки 82
4.3. Педагошко-психолошки претпоставки 86
4.3.1. Физичкото воспитание и целосниот развој на личноста 86
4.3.2. Поврзаност и меѓусебна условеност на физичкото со другите видови воспитанија 90
4.3.3. Психолошки претпоставки 101
4.4. Биолошки претпоставки 106
4.5. Биомеханички претпоставки 112

5. ДИЛЕМИ ВО ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 115

5.1. Дилеми по однос на појмовното разграничување на физичкото воспитание 115
5.2. Дилеми во врска со дефинирањето на целта и задачите на физичкото воспитание 124
5.3. Дилеми по однос на прашањето за содржините на физичкото воспитание 128
5.4. Дилеми во врска со природата, функцијата и структурата на програмата по физичко воспитание 134
5.5. Дилеми во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста 139

6. СОВРЕМЕНИ ГЛЕДАЊА И ИНТЕНЦИИ ВО ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 143

6.1. Интенции во осовременувањето на целта и задачите на физичкото воспитание 144
6.2. Современи интенции во содржинското иновирање на физичкото воспитание 162
6.3. Современи гледања и интенции во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста 175
6.4. Некои современи теориски аспекти на физичкото воспитание на децата со посебни потреби 185

7. СОВРЕМЕНИ ГЛЕДАЊА ЗА ПЕРСПЕКТИВИТЕ И ИДНИНАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 192

8. КОНЦЕПЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ НА СВЕТОТ 214

8.1. Концепциски и програмски решенија на физичкото воспитание во предучилишните установи 214
8.2. Местото и третманот на физичкото воспитание во основното и средното образование 218
8.3. Нови сознанија во концепирањето на физичкото воспитание во некои земји на светот 228

9. СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО НАШАТА ЗЕМЈА 241

9.1. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишното воспитание 244
9.2. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование 248
9.3. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование 270

10. ПРОБЛЕМИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ 287

10.1. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи 288

10.2. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование 295
10.3. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование 305
10.4. Реализација на физичкото воспитание во воннаставната дејност на основното и средното образование 315
10.5. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во високото образование 321

11. ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ МОДЕЛИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ (ПРОЕКТИ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 330

11.1. Физичкото воспитание во рамките на проектот "Чекор по чекор" 331
11.2. Физичкото воспитание во рамките на проектот "Активна настава - интерактивно учење" 333
11.3. Физичкото воспитание во рамките на програмата ФАРЕ 335

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 339

ПРЕДЛОЗИ ЗА УСОВРШУВАЊЕ И РЕФОРМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ 371

ЛИТЕРАТУРА 386

Цитирана литература 386
Користена литература 397

ВОВЕД

Во текот на долготрајниот развој низ историјата, функцијата, карактерот и суштината на физичкото воспитание и неговата концепциска поставеност постојано се трансформирале, преобразувале и дополнувале, во зависност од потребите на времето и општеството. Таа функција се менувала како во поглед на поставувањето на целите и задачите, така и во концепирањето на содржините на ова воспитно подрачје.

Времето во кое живееме се карактеризира со брзи и значајни промени како во областа на науката и технологијата, така и во поглед на општествените односи во целина. Тие промени, покрај другото, влијаат и врз развојот на теоријата на физичкото воспитание. Во ерата на освојување на космосот и развојот на компјутерската технологија, современото физичко воспитание битно се разликува од физичкото воспитание во минатото. Исто така, новите сознанија во областа на општествените науки, посебно во педагогијата, психологијата, дидактиката, социологијата и во другите науки наметнаа некои нови барања и стандарди, пред сé, во однос на физичкото воспитание на младите и неговото значење во развојот на личноста. Оттука, прашањето за карактерот, суштината и функцијата на физичкото воспитание и неговата концепциска и системска поставеност се постојано актуелни за унапредување на воспитно-образовната дејност.

Теориските аспекти на физичкото воспитание како основа при неговото конципирање се посебно актуелни во современите услови. Се разбира, таа актуелност е условена од повеќе значајни фактори кои се појавуваат како резултат на брзиот научно-технолошки развој и присутните тенденции во концепирањето и реализацијата на физичкото воспитание. Сето тоа ја наложува потребата од постојано анализирање и преиспитување на состојбите и проблемите во ова воспитно-образовно подрачје.

Во оваа смисла, идентификувањето и проучувањето на теориските проблеми претставуваат посебен предмет на научно третирање и објаснување. Потребата од истражување на теориските проблеми на физичкото воспитание своја оправданост наоѓаат и во фактот што резултатите кои досега се постигнати во оваа област се доста скромни. Постојат аргументи од кои може да се заклучи дека проучувањето на теориските аспекти на физичкото воспитание поретко биле предмет на проучување од страна на педагозите и институциите во кои тие работат. Од консултираната литература се гледа дека досега се направени релативно малку истражувања во ова значајно педагошко подрачје. Повеќето од нив се емпириски, парцијални и малку придонесуваат во откривањето на внатрешните

теориски законитости и проблеми. Исто така, малку се публикувани трудови од оваа област, а недоволно е сфатено, ниту е покажано поголемо разбирање за широкото општествено значење на овие проблеми.

Главно, се истакнуваат определби за потребата од надминување на досегашната состојба во расветлувањето на теориските проблеми во концепирањето на физичкото воспитание. Исто така, се потенцира и предимство се дава на активистичката димензија на прашањето. Се смета дека треба да се води поширока општествена акција и да се покренуваат конкретни активности за проучување на оваа проблематика. Таквите парцијални анализи и согледувања не можат во целина да ги откријат внатрешните законитости и проблеми на физичкото воспитание.

Проучувањето на оваа проблематика ќе придонесе за разоткривање и истакнување на причинската поврзаност меѓу појавите што се предмет на нашата анализа. Сознанијата ќе придонесат за проширување и збогатување на знаењата за функцијата, карактерот, суштината и концепциската поставеност на физичкото воспитание. Истовремено, со проучување на оваа проблематика ќе се придонесе во унапредувањето на методите и техниките на истражување на овој проблем.

Со научно-теориското, тесно е поврзано и практичното значење на истражувањето. Имено, резултатите од истражувањето ќе се користат и ќе придонесат за надминување на досегашните состојби во оваа сфера и за изнаоѓање начини и патишта за решавање на практичните педагошко-психолошки и дидактичко методски проблеми со кои се соочуваат наставниците при нивната воспитно-образовна работа во рамките на ова подрачје. Сознанијата од ова истражување ќе имаат и поширока практична вредност при натамошното унапредување и осовременување на спортот и физичката култура, како најшироко подрачје за физички развој на децата, младите и возрасните.

Имајќи ги предвид овие и некои други причини, денес станува посебно актуелно прашањето за потемелно научно осветлување на теориските проблеми на физичкото воспитание.

1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.1. Предмет на истражувањето

Ова истражување за свој предмет ги има теоретските проблеми во концепирањето на физичкото воспитание.

Меѓутоа, вака формулиран предметот на нашето истражување е мошне широк и комплексен. Затоа е неминовна негова конкретизација што ќе придонесе во логичен континуитет да се проследат најзначајните димензии на предметот на истражување, како и полесно одредување на неговата цел и задачи.

Предмет на нашето истражување се дефинирањето на основните поими од областа на физичкото воспитание и нивното терминолошко означување кои се јавуваат како еден од основните проблеми и на теоријата и на практиката на ова воспитание. Всушност, во овој труд, се прави обид, да го дефинираме "физичкото воспитание" и некои сродни поими за кои сметаме дека се позначајни и терминолошки да ги доопределиме, посочувајќи ги притоа и аргументите, кои го поткрепуваат нивното прифаќање.

За да може поблиску да се определи предметот на истражувањето е неопходно да се имаат предвид проблемите во светлината на нивниот историски развој. При разгледувањето на овие проблеми се тргнува од:

- физичкото воспитание во старогрчката и римската педагошка теорија;
- физичкото воспитание во средновековната педагогија;
- третманот на физичкото воспитание во граѓанската педагогија;
- третманот на физичкото воспитание во педагогијата на источно-европските земји.

Предмет на нашата анализа се и основните претпоставки во теоријата на физичкото воспитание. Притоа, овде се става акцент на:

- општествените претпоставки;
- научно-технолошките претпоставки;
- педагошко-психолошките претпоставки;
- биолошките претпоставки; и
- биомеханичките претпоставки.

Предмет на нашето истражување, исто така, се и дилемите во теоријата на физичкото воспитание. Во оваа смисла во фокусот а нашата анализа се следниве дилеми:

- дилеми по однос на појмовното разграничување на физичкото воспитание;

- дилеми во врска со дефинирањето на целта и задачите што се поставуваат пред физичкото воспитание во рамките на теоријата на педагогијата;

- дилеми по однос на содржината на физичкото воспитание;

- дилеми по однос на природата, функцијата и структурата на програмата по физичко воспитание; и

- дилеми во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста.

Предмет на ова истражување се и современите гледања и интенции во теоријата на физичкото воспитание. Во овој контекст посебно место завземаат следните интенции:

- интенции во осовременувањето на целта и задачите на физичкото воспитание;

- современи интенции во содржинското иновирање на физичкото воспитание;

- современи гледања и интенции во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста; и

- некои современи теориски аспекти на физичкото воспитание на децата со посебни потреби.

Посебно место во нашето истражување им се придава и на современите гледања за перспективите и иднината на физичкото воспитание.

Во рамките на предметот на оваа анализа се прави посебен осврт врз современата концепциска поставеност на физичкото воспитание во одделни земји на развиениот свет. Притоа, овде се става акцентот на:

- концепциските и програмските решенија на физичкото воспитание во предучилишните установи;

- местото и третманот на физичкото воспитание во основното и средното образование; и врз

- новите сознанија во концепирањето на физичкото воспитание во некои земји на светот.

Покрај тоа, во нашето истражување се прави осврт врз развитокот на нашата современа концепција и се елаборираат нејзините основи. Од тој аспект се согледува:

- развојот на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишното воспитание;

- развојот на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование; и

- развојот на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование.

Како посебно значајни ги издвојуваме проблемите што произлегуваат од начинот на реализацијата на современата концепција на физичкото воспитание.

Притоа ги потенцираме проблемите во:

- реализација на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи;
- реализација на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование;
- реализација на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование;
- реализација на концепцијата на физичкото воспитание во воннаставната дејност на основното и средното образование;
- реализација на концепцијата на физичкото воспитание во високото образование.

За крај, ги анализираме и проблемите што произлегуваат од начинот на реализацијата на современите дидактички модели (проекти) во воспитно-образовната дејност на нашата земја. Во таа смисла во фокусот на нашето истражување се проблемите на физичкото воспитание во рамките на проектите "чекор по чекор" , "активна настава - интерактивно учење" и Програмата "ФАРЕ".

1.2. Цел на истражувањето

Целта на нашето истражување е да се проучат, идентификуваат и потемелно да се објаснат основните теориски проблеми кои се поврзани со конципирањето и реализацијата на физичкото воспитание во целината на воспитно-образовниот систем.

1.3. Задачи на истражувањето

Од напред поставената цел, произлегуваат следните ***задачи*** на истражувањето:

1. Да се идентификуваат суштинските разлики, невоедначености и сличности во дефинирањето на основните поими кои се користат во теоријата и практиката на физичкото воспитание;
2. Да се проучи развитокот на идејата за физичкото воспитание во различни етапи на општествениот развој;
3. Да се согледа условеноста на современата концепција на физичкото воспитание од основните претпоставки: општествени, научно-технолошки, педагошко-психолошки, биолошки и биомеханички;
4. Да се проучат дилемите во теоријата на физичкото воспитание по однос на неговото појмовно разграничување, по однос на дефинирањето на целта и задачите, содржинската димензија, по однос

на природата и структурата на програмата и неговиот придонес во развојот на личноста;

5. Да се проучат современите гледања и интенции во теоријата на физичкото воспитание;

6. Да се идентификуваат визиите на поедини современи теоретичари во светот за натамошниот развој на физичкото воспитание;

7. Да се согледа концепциската поставеност на физичкото воспитание во оделни земји во развиениот свет;

8. Да се осознаат суштинските промени во досегашниот развој на физичкото воспитание во Р. Македонија, а врз основа на тоа да се воочат иновативните елементи и основите на современата концепција на физичкото воспитание;

9. Да се идентификуваат поактуелните проблеми во реализацијата на современата концепција на физичкото воспитание во практиката (предучилишното воспитание, основното, средното и високото образование).

10. Да се согледаат иновативните елементи на физичкото воспитание во воспитно-образовните модели (проекти) кои како апликативни истражувања се реализираат во одделни степени на нашето образование.

1.4. Хипотези на истражувањето

Во ова истражување поставивме една ***општа*** и неколку ***посебни хипотези***.

Општа претпоставка е дека во класичната и во современата педагошка литература постојат значајни разлики во третирањето на теориските проблеми што се поврзани со концепирањето и реализацијата на физичкото воспитание.

Како ***посебни*** ги поставивме следните хипотези:

1. Во педагошката теорија постојат значајни разлики и суштинска невоедначеност во дефинирањето на основните поими карактеристични за стручната комуникација во рамките на ова воспитно-образовно подрачје;

2. Идејата за воведување на физичкото воспитание во образованието има прилично долга историја и во одделни периоди мошне интензивен развој;

3. Современата концепција на физичкото воспитание кај нас и во светот е тесно поврзана и условена од бројни општествени, научно-технолошки, педагошко-психолошки, биолошки, биомеханички и други процеси и претпоставки;

4. При појмовното разграничување, современото дефинирање на целта, задачите и содржината на физичкото воспитание, како и неговото влијание врз развојот на личноста, сéуште постојат отворени проблеми и повеќе дилеми;

5. При современото концепирање на физичкото воспитание во педагошката теорија присутни се мошне различни сфаќања и интенции;

6. Во визиите на поедини современи теоретичари во светот за натамошниот развој на физичкото воспитание се бараат суштински промени како во дефинирањето на целите и задачите, така и во планирањето и структуирањето на содржините на наставните програми по физичко воспитание.

7. Концепцијата на физичкото воспитание во земјите на развиениот свет се одликува со многубројни иновативни елементи во споредба со концепцијата на физичкото воспитание во нашата земја;

8. Во текот на досегашниот развој на теоријата и практиката на физичкото воспитание во Република Македонија се внесувани определени промени и иновации, но сите тие немаат некој посуштински реформски карактер;

9. Постојната практика на физичкото воспитание во сите степени на образование во нашата Република сéуште се соочува со бројни проблеми и тешкотии од разновиден карактер.

10. Воспитно-образовните модели (проекти) коишто како апликативни истражувања се реализираат во предучилишното, основното и средното образование содржат многу посовремени концепциски и програмски решенија за физичкото воспитание во споредба со постојната воспитно-образовна практика во нашата земја.

1.5. Методи на истражувањето

Изборот на ***методите*** што се користат во истажувањето се условени од природата на предметот, односно од неговата суштина и карактер.

Со оглед на тоа, дека ова истражување има теориски карактер, главно се користат следниве методи:

1. ***Дескриптивно-аналитичен и експликативен метод;***
2. ***Компаративен метод.***

Значењето на дескриптивно-аналитичкиот и експликативниот метод е во опишувањето, анализирањето и објаснувањето на педагошките појави што се предмет на нашето истражување. Со нивното опишување, анализирање и објаснување се запознавме со карактеристиките на другите појави. Истовремено се пристапува кон разгледување на можните причини и поврзаноста меѓу појавите како и

врз работата на подобрување на карактеристиките на тие појави, што претставува основна цел на секое педагошко истражување.

Користењето на компаративната метода ни помага да извршиме компаративни согледувања во дефинирањето на основните поими кои се користат во теоријата и практиката на физичкото воспитание. Исто така, оваа метода допринесува да направиме споредба во формулирањето на целите и задачите и реализација на содржините на физичкото воспитание. Таа, исто ни овозможува да извршиме и компаративни согледувања на местото и третманот на физичкото воспитание во воспитно-образовните системи на некои земји во светот вклучувајќи ја и нашата земја.

Всушност, компарирањето допринесува да обезбедиме една комплетна слика на интерпретација и научна слика на предметот на истражувањето.

1.6. Техники на истражувањето

Во истражувањето како техника се користи ***анализата на содржини.***

Со техниката на анализа на содржините се проучува теориската основа на целокупното истражување. При определбата за користење на оваа техника се раководевме од самиот предмет на истражување, а посебно сознанието дека оваа техника нуди можност преку проучување на разновидни и многубројни извори, да се дојде до научни заклучоци, нови решенија и погледи во врска со подрачјето што е предмет на нашето истражување.

Така поставена, нашата анализа на теориските проблеми во концепирањето на физичкото воспитание претставува обид за доосветлување на некои теориски проблеми на физичкото воспитание, а резултатите до кои доаѓаме - скромен придонес во развојот на теоријата на современото физичко воспитание.

2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Во практиката често се среќаваме со неадекватна употреба на одреден број термини, посебно оние од странско потекло и оние кои се строго стручни.

За полесно и поцелосно сфаќање на одредени термини кои ги користиме во физичкото воспитание, како и поими кои тие термини ги означуваат, неопходно е да се разјасни што подразбираме под тие термини и кои поими тие ги означуваат.

Основни поими во ова истражување се: *физичко воспитание, физичка култура, физичко образование, физичко вежбање, физичка вежба, "Видови" (појавни облици) на физичкото воспитание (играта, спортот и гимнастиката) и рекреацијата.*

При дефинирањето на овие поими користена е соодветна педагошка литература: педагошки речници, енциклопедии, лексикони, монографии, учебници по педагогија и друга стручна литература.

2.1. Дефинирање на поимот "физичко воспитание"

Во обемната педагошка литература што ја консултиравме заради проектирање на ова истражување, постојат многубројни и по содржина мошне разновидни дефинирања на поимот ***физичко воспитание.*** Меѓутоа, ние нема да се задржуваме на тоа да ги дефинираме сите, од проста причина што се доволно познати на научната и друга општествена јавност. Но, поради различните терминолошки и појмовни неусогласености на поголем број автори, се чувствува потреба овој поим да го објасниме и да го употребиме во неговата права смисла.

Поради полесно разбирање на поимот "физичко воспитание" потребно е да се објасни значењето на зборовите "физичко" и "воспитание".

Зборот "физичко" е од старогрчко потекло: "физикос" значи сетилно, телесно, а зборот "физис" - природа, особина, битие.

Зборот "воспитание" е полесен за разбирање и него ќе го претставиме со неколку дефиниции.

Во учебникот "Педагогија" од Ј. Ѓорѓевиќ и Н. Поткоњак од 1986 година за воспитанието се вели дека "е многу сложена, комплексна и повеќеслојна општествена дејност. Тоа се манифестира на различни начини и е условено од доста голем број на разновидни фактори. Воспитанието е поврзано со некои значајни прашања во услови на постоење и развој на секое општество и на секој поединец - член на тоа општество. Воспитанието е неизоставен и составен дел на животот на општеството и човекот. Тоа е инволвирано во сите форми и начини на

општественото и човечкото дејствување, тоа е содржано посредно или непосредно, во секој однос кој се воспоставува во една човечка заедница ...; тоа не е вткаено само во она што постои, туку е содржано и во она што треба да настане. Тоа секогаш не само што ја има димензијата на минатото и сегашноста, туку и димензијата на иднината".[1]

Во "Педагошка енциклопедија" од 1989 година, се вели: "Воспитанието може да се определи како општествена практика на луѓето, како општествено-педагошки процес во развојот на човечките индивидуални и општествени особености. Нешто поспецифично, воспитанието е систем на активности, дејности и процеси (на пренесување и усвојување на знаења, учења и друго), во кои неговите субјекти во интеракција и комуникација планираат, организираат, стваараат, вреднуваат и го насочуваат развојот на диспозициониот потенцијал во насока на неговата целосна диференцијација и интеракција, како и на развојот на човековите особености и самосвест за самостоен, слободен, креативен и меѓузависен живот во општествената заедница на луѓето. Во таа смисла, воспитанието денес е процес за ослободување на луѓето, за осмислен и творечки начин на репродукција и продукција на основните услови за нивна егзистенција: работата, општествените односи и слободното време. Доколку тоа не е така, тогаш воспитанието не е воспитание, туку тоа е активност на дрил, туторство, парцијализација, обликување, индоктринација и друго."[2]

Од овие дефиниции произлегува дека воспитанието е систематско и трајно влијание за формирање на личноста, со однапред определена цел, задачи, содржини и методи, односно може да се каже дека воспитанието е процес на формирање на човекот во физичка, општествена, интелектуална, морална, естетска и работна смисла.

Физичкото воспитание е дел од општото воспитание, односно негова компонента која не може од него да се издвои, бидејќи сите видови на општото воспитание меѓусебно се поврзани, влијаат еден на друг и зависат еден од друг.

Гледајќи низ историскиот развиток на производствените сили и продукционите односи во општеството, низ развитокот на науката, во услови на научно-технолошки прогрес, физичкото воспитание најтесно е поврзано со бројни и разновидни потреби и интереси на човекот, притоа менувајќи го воспитанието а со него и физичкото воспитание како терминолошки така и појмовно. Токму на оваа релација постојат неусогласености за терминолошкото и појмовното значење на физичкото воспитание.

---

[1] Ѓорѓевиќ, Ј., Поткоњак, Н.: (1986), Педагогија, Београд, Научна књига, стр. 3-4.

[2] Pedagoška enciklopedija 2: (1989), Beograd, Zavod za udbenike i nastavna sredstva, str. 138.

Во нашата анализа со цел да покажеме дека низ историјата постојат различни пристапи во определувањето на поимот физичко воспитание, неопходно е да ја согледаме развојната линија, односно генезата и етимологијата на самиот поим.

Во првобитната заедница физичкото воспитание било неорганизирано и се одвивало низ работата, во секојдневниот живот и низ пренесување на искуствата од старите на помладите. Постепеното исправување на човекот во исправено одење, трчање, искачување, фрлање, различни облици на борење, пливање, се такви физички активности кои во голема мерка ја ангажирале целосната мускулатура на човекот, односно апаратот за движење, органите и другите функции, влијаејќи на тој начин на неговиот физички развој. Значи, во тоа време не станува збор за физичко воспитание, туку за ***физички активности***.

Меѓутоа, од првите инстинктивни напаѓачки движења до координирани акции и стекнување искуства на успешно ракување на оружје, поминало многу милениуми. Кога луѓето го сознаваат значењето и можностите на учењето, односно сфатиле дека можат да научат како најдобро и најефикасно да ракуваат со оружје и кога развојот на процесот на мислењето овозможил човекот да ја открие врската помеѓу претходната подготовка (увежбување) и успехот во ловот, започнува постепено одвојување на низа моторички активности од нивните производствени основи и трансформирање на првобитни физички вежбања.

Првите физички вежби човекот ги изведува од потребата посебно да ги извежба своите раце, нозе, тело, за да може што подобро да владее со новите движења. Оваа потреба е сé поголема со пронаоѓањето и усовршувањето на новите орудија и оружја.[3] Тоа го прави прво со ***подражување***, а потоа и со ***имитирање*** на одредени движења на други луѓе поради што подобра лична оспособеност.

Освен тоа различните ***ритуални*** (магиски) игри со оружје имале функција на подготовка и увежбување на претстојните активности на племето.

Брзиот развој на општеството се одвивал благодарејќи на усовршувањето и изнаоѓањето на нови орудија и оружја и со зголемување на способностите кај луѓето. Се појавуваат низа нови движења кои морале да ги научат младите по пат на ***пренесување на искуството***. Според тоа, можеме да кажеме дека и тоа е физичко воспитание.

Со понатамошниот развој на средствата за работа, бавењето со земјоделие и сточарство, облиците и содржините на движењето добиваат сé повеќе воднички карактеристики. Организираните свечености посветени на војните имаат облик, суштина и содржина на дотогашните церемонии, но во прв план избива соперништвото, се јавува ***натпреварувањето***.

---

[3] Оливова, В.: (1985), Люди и игры, Москва, Юрайм, стр. 11.

Од сето ова што го изнесовме, можеме да заклучиме дека во развојот на терминот физичко воспитание во првобитната заедница се изразени две квалитативни преобразби, и тоа: првата, се случува кога ловот на крупните животни предизвикува издвојување и постепено усовршување на системот на движења низ процесот на работата и нивното пренесување на другите области од животот. Тогаш во рамките на новите општествени дејности, односно во рамките на физичкото воспитание, започнало издвојувањето на неопходни и корисни физички вежби, игровни движења и игровни елементи. Втората квалитативна преобразба настанува со појавата на институционалните норми на обучување и селекција во текот на периодот кога почнува да се распаѓа првобитната заедница кои постануваат средства за потчинување на една група луѓе над друга.

Во робовладетелското општество, физичкото воспитание добива сé поизразит војнички карактер. Физичките вежбања пред сé се користат за што подобро оспособување на војниците за воени походи или одбрана на државата. Освен овие физички вежби во овој период особено се развиваат ***ритуалните*** игри и танцови, а покасно во системот на воспитанието се јавуваат различните ***игри***, особено ***ритмичките***, потоа ***танцовите***, како и ***здравствената гимнастика***.

Во некои записи од периодот на VIII - VI век п.н.е. во Кина забележано е дека книгата "Кунг - фу" напишана во 2698 година п.н.е. се сретнуваат за прв пат термините: ***здравствена гимнастика, масажи, ритуални танци и војнички игри***. Во Индија во I век п.н.е. го сретнуваме терминот ЈОГА, посебен вид на вежбање која според одредени правила, хигиенски норми и јакнење на здравјето допринесува да постане систем од физички вежби и наука за начинот на животот за сите припадници на ариевската каста.

Во текот на IX и VIII век п.н.е. новите општествено политички услови во развојот на стара Грција бараат и соодветни промени и во физичкото воспитание. Наместо, постојните племенски и несистематски форми на воена обука, воведена е неопходна ***физичка подготовка*** која се обавува во посебни установи чии содржини и облици се зависни од географските и другите специфичности на полисите, од нивните традиции и видови на оружје. Меѓутоа, кон крајот на овој период, односно во текот на VIII век п.н.е. сé помалку улога имаат специфичностите на полисите, бидејќи е создаден Хеленскиот систем на физичко воспитание, познат под името ***античка гимнастика***.[4]

---

[4] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, Партизан, стр. 56. (Зборот гимнастика потекнува од грчкиот збор ГИМНОС - што значи "гол". Во Хомеровиот период многу занимања се обавуваат на брегoвите на мориња та, реките и при што облеката им сметала. Покрај тоа, според некои помени од грчките верувања во магии се сметало дека облеката може да ги ослабне човековите физички способности. Во подоцнежниот период зборот гимнастика кај старите Грци го означува целосниот процес на физичко вежбање, односно вештина на вежбањето. Денес овој збор означува систем на посебно избрани физички вежби и движечки постапки на кои им е цел

Според поставената цел и формите на физичкото вежбање античката гимнастика е поделена на три дела:

1. детски игри;
2. палестрика[5] (атлетски вежби, пентатлон, борење, јавање, пливање); и
3. оркестрика[6] (физички вежби настанати од ритуални игри).

Овие три основни форми на античката гимнастика се важни средства на физичкото вежбање со чија помош е остварувана поставената цел на воспитание означен како ***калокагатија*** содржан во грчкиот пример на физичка убавина и сила, морално и интелектуално воспитание.

Со посебно хеленско обележје покасно се јавува и терминот ***агонистика*** што значи такмичење во трчање, скокање, фрлање на копје и диск и други дисциплини.

Во стариот Рим од VIII - VI век п.н.е. не се забележува промена во развојот на терминот - физичко воспитание. Со оглед на значајното влијание од Грција на појавата и развојот на повеќе форми на физичко вежбање во Рим кои се подетално објаснети, не е потребно подетално да се задржуваме на нив, туку е доволно само да се набројат, а тоа се: војничките вежби, јавните натпревари, капиталските игри, циркуските игри (театарски претстави, борби со гладијатори, борби на вода).

Во феудалниот период војничкиот карактер на физичкото вежбање е основна карактеристика на физичкото воспитание кое е организирано за припадниците на војничките единици, кои ги сочинуваат во прво време селаните - кметовите. Освен во периодот на раниот феудализам во кој селаните - кметови за време на војната постанувале војници, во подоцнежните периоди оваа нивна улога поминала на организирана војска сочинета од витези. Тоа во исто време значи дека престанува потребата од нивна физичка подготовка за воени потреби, односно не постои организирано физичко вежбање. Оттука може да заклучиме дека во феудалниот период не постои некаков развој во терминот на физичкото воспитание.

Во касниот феудализам, во делата на хуманистите и реформаторите се користи терминот физичко вежбање кое е поделено на три видови вежбања:

хармониски развој на човекот, јакнење на здравјето, развивање на физичките способности и моториката воопшто).

[5] Исто, стр. 56 (Палестрика го добила името според терминот "палестра" кој означува одредени простории, објекти градени во четвртаста форма со отворен средишен простор кој служи за борење, а додека во зградата се наоѓаат повеќе простории за различни намени (за вежбање, за истурање на песок, за мачкање со масло, за теориска настава, купатила). На грчки зборот "пале" значи борење).

[6] Исто, стр. 56 (Оркестрика - тоа се дополнителни вежби кои се користеле во палестрите. Во оваа група на вежби спаѓале: игрите со топка, танцови (обредни, војнички, театарски) и акробатските вежби).

1. право (вистинско, оправдано) поврзано со медицинските вежби во кои спаѓаат следните облици на физичко вежбање: танц, пентатлон, маршеви, трчање, пешачење, разни игри, пливање, веслање, лов и риболов.

2. војничко вежбање; и

3. атлетско вежбање или "опасно" вежбање за здравје и душа.[7]

Покасно, во рамките на вкупните промени на воспитанието, значајно место добива и физичкото воспитание со нови организациони форми, со современи облици на физичко вежбање и методи. Тоа одиграло значајна улога во создавање на потребните основи за појава и развој на нови, современи национални буржоаски гимнастички системи во Германија, Шведска, Франција, Англија и Чешка. Тоа всушност беше значаен и неопходен чекор напред кон раѓање на современото физичко воспитание, а пред сé на неговите појавни облици во рамките на училишното физичко воспитание, како и модерниот спорт и обновување на Олимписките игри. Тоа значи дека во делата на истакнати просветители, енциклопедисти и филантрописти од XVIII век се бара афирмација на физичкото воспитание, односно наспроти сколастичките гледања, се бара просветување на светот околу себе, внесување на светлина во мракот. Во процесот на физичкото воспитание на физичкото вежбање му се поставуваат далеку пошироки цели и задачи. Основната воспитна цел се состои во тоа што требало да се формира сестрано образовен и физички развиен граѓанин, кој би живеел во слога со другите луѓе.

Од особена важност за овој период е појавата на нова училишна установа - воспитна институција под терминот - филантропиум[8] каде се воведува ***систематско училишно физичко вежбање*** (Беседов). Како посебен облик на вежбање во овој филантропиум се негува вежбањето означено со поимот "десауски пентатлон" кој се состои од пет групи на вежбања: трчање, скокање, искачување, носење на тежина и балансирање. Таквиот облик на вежбање има за цел да ги оспособи децата "за општо корисен, родољубив и чесен живот, односно, да создаде млади луѓе спремни за работа, војничка служба, одбрана на земјата, радосен и среќен живот".[9]

На овој начин се развива нов систем на физичко вежбање кој го добива името ***"Гимнастика"*** најверојатно од францускиот ***Симон***, кој во филантропинумот предавал француски јазик и физичко вежбање (1776-1777). Секако дека изворното потекло на овој термин е античка Грција, чија што гимнастика била пример во делата и практичната работа на голем број мислители, педагози, лекари и

---

[7] Меркуриалис, Х.: Според Илиќ, С. (1987), Историја физичке културе, Београд, Партизан, стр. 147.

[8] Филантропиум = училишна установа, завод за воспитување.

[9] Јовановиќ, Б.: (1985), Системи и систематизатори гимнастике, Београд, Научна књига, стр. 51.

писатели од тоа време, и самиот комплекс на вежби наречен "пентатлон" како и сличните вежби во античка Грција, укажува на поврзаноста на античкото физичко вежбање и физичкото воспитание во филантропиниумот.[10]

Во втората половина на XVIII век, познатиот енциклопедист ***Герхард Фит*** (1763-1836), во својата систематизација физичкото вежбање го поделил на активно и пасивно вежбање, а додава и една трета група наречена - развивање на сетилата.

Кај J. X. Песталоци, го сретнуваме терминот ***"елементарна гимнастика"*** што е последица на неговото залагање вежбањето да биде достапно за сите, односно и за тие што се физички слаби, но и за сиромашните и богатите деца.

Основачот на германскиот гимнастички систем ***Фридрих Лудвиг Јан*** (1778-1852) за да го истакне уште повеќе националниот карактер на својот систем на вежбање, забранил да се користи терминот "гимнастика" и го заменил како што направил и Гутс Мутс, со нова јазична сложенка "Turnkunst". Како историчар и филолог, тој сакал општо прифатениот поим гимнастика да го замени со стариот термин "turn", кој во германскиот јазик се наоѓа од 1023 година.[11]

Јан верувал дека тоа е изворен германски збор во што инаку погрешил, бидејќи тој доаѓа од грчкиот збор "tornos" = круг, облик, а потоа преку латинскиот "tornare"[12] стигнува во францускиот јазик во (tournoi = турнир)[13]. Вториот дел на сложениот збор е "kunst", кој во германскиот јазик значи вештина, така што turnkunst, може да се преведе како гимнастичка вештина. Јан настојува да направи германска гимнастичка терминологија, така што голем број поими ги конструирал со помош на зборот "turn" како на пример, турнер (вежбач), фортурнер (предвежбач), турнплац (место за вежбање) и т.н.

Од причини што неговото учење е прифатено од широките народни маси, гимнастиката е наречена уште и ***народна, а често пати и општествена гимнастика.*** Меѓутоа, учењето на Јан го привлекло вниманието на пруската влада и како последица на тоа Министерството за образование во 1817 година во рамките на училишната реформа, го воведува физичкото воспитание во образовниот систем на Прусија како задолжително.[14]

---

[10] Оливова, В.: (1985), Люди и игры, Москва, Юрайм, стр. 183.
[11] Fabienne, L.: (1970), L'education physique an XIX et au XX siecle, Париз, стр. 40.
[12] Mudrinić, M.: (1938), Istorija telesnog vežbanja II deo, Novi vek, Zagreb, Biblioteka prosvetnog radnika, str. 42.
[13] De Genst: Histoire ... tom II, str. 63.
[14] Оливова, В.: (1985), Люди и игры, Москва, Юрайм, стр. 191.

Основачот на Шведскиот гимнастички систем ***Пер Хенрих Линг*** (1776-1839) од свое лично искуство во полезноста на гимнастиката за здравјето се залага да се примени во лечењето како здравствена гимнастика.

Во Англија во рамките на воспитниот систем бил применуван спортот кој се смета за еден од најстарите системи на физичко вежбање. Меѓутоа, терминот гимнастика во англискиот систем на спортот не се споменува. За разлика од тоа, во Франција кон крајот на XVIII век, под влијание на лекарите, терминот на дотогашното физичко воспитание за подготовка на витези и војници, се менува во "гимнастика", кој е превземен од грчкиот јазик и постанал општ термин за означување на физичкото вежбање.

Под влијание на Шведската гимнастика и англискиот спорт во учителското училиште, во Жоанвил во Франција во 1893 година, дошло до промена, така што во неа се појавува Шведската гимнастика, а многу скромно и англискиот спорт. Со повремени дополнувања во ова училиште, донесени се нови правила и во 1910 година, но сега за ***физичкото воспитание*** кога за прв пат е замена за терминот гимнастика кој дотогаш континуирано е употребуван.

Физичкото воспитание, како дел од општото воспитание, отсекогаш е предмет на проучување на многу педагози, научници и мислители, пред сé, поради неговото значење и улога во развојот на интегрална личност. Кон крајот на XIX век се појавуваат бројни теоретичари за оваа област кои исклучиво се занимаваат со училишното физичко воспитание и неговата терминолошка определба. На овој начин се појавуваат научните основи на физичкото воспитание, односно, врз резултатите од научните истражувања се градат нови сознанија и се утврдуваат законитостите во развојот на физичките способности и вкупниот биолошки развој на човекот.

Меѓу научниците кои се занимаваат со проучување на физичкото воспитание, а особено со неговото дефинирање и терминолошко определување се: И. Сеченов, Ж. Демени, П. Лесгафт, Ф. Садолини, Ламарк, Лангранжа, Мосоа, Буисон и други.

Во ова време кај Ф. Десларт го сретнуваме терминот ***уметничка гимнастика***, а посебен придонес во понатамошниот развој на терминот уметничка гимнастика, дале и ***Р. Боде*** и ***Р. Лабан***, во првата половина на XX век кои основале и училишта за уметничко вежбање, во кои посебно се негуваат одредени движења со чија помош може да се развие слухот и осетот за ритам.

Во првите години после Првата светска војна, во англосаксонските земји се појавува нов термин - социјално хигиенска или медицинска концепција на физичкото воспитание со што се бара од наставникот по физичко воспитание да им дава помош во самоизразување и во изборот на вежби и соодветни наставни средства.

Во почетокот на третата деценија на XX век во англосаксонските земји се појавува нов правец, познат под името спортско рекреативен правец во физичкото воспитание, со кој се обезбедува можност човекот во слободното време да се занимава со физичко вежбање, а децата да можат лично да се афирмираат низ слободните спортски активности, достигнувајќи ги најдобрите спортски остварувања.

Во современата педагошка литература, терминот "физичко воспитание" (Körperecichung, Physical Education) спаѓа во редот на оние термини кои доста произволно се користат и на кои често им се придава неадекватно значење. Покрај другото, физичкото воспитание се третира како дел односно подрачје на физичката култура, како дел или подрачје на општото воспитание, па и како училишен предмет.

Во однос на физичката култура, јасно е дека не е толку нејзин дел колку еден од нејзините основни форми на нејзиното насочено функционирање. Во најширока смисла, имено, физичкото воспитание е падагошки организиран процес на предавање и усвојување на вредности на физичката култура во рамките на системот на воспитание и образование.

Тоа заедно со интелектуалното, моралното, естетското и работното воспитание претставува еден од основните фактори на целосен и хармоничен развој на личноста.

Ова воспитно подрачје во педагошката литература, поедини автори го означуваат со различни термини и тоа: прво фискултура (само во источно европските земји), потоа физичка култура, физичко вежбање, тренирање, физичко воспитание, физичко воспитание и образование, физичко и здравствено образование, физичко воспитание и спорт, спорт и спортски активности, движење со трите негови димензии (воспитание за движење, воспитание низ движење и воспитание во движење) и други.

Денес во развиениот свет терминот "физичкото воспитание" веќе станува застарен, односно демодиран. Во повеќе западни земји овој збор е заменет со различни имиња како што се: "кинезиологија" (САД), "движење на човекот или наука за спортот" (Австралија), "спортско рекреативна наука" (Англија), "физичка активност и спорт" (Италија). При пошироките објаснувања за заснованоста на оваа терминологија, најмногу аргументи се наведуваат од социолошко-психолошки карактер.[15]

Притоа се нагласува дека спортот и физичкото воспитание во училиштата се составни делови на културата кои имаат потенцијална можност не само да релаксираат, туку во определени ситуации и да ја променат домицијалната негативна идеологија во определени

---

[15] Tinning, R.: (1995), Performance and Partipation Discourses in Human Movement: Toward a Socially Critical Physical Education, State University of New York, str. 19-119.

општествени средини која го поттикнуваше насилството, сиромаштијата и угнетувањето. Во оваа смисла е подржано тврдењето дека една од целите на физичкото воспитание е да ги зајакне ставовите и настојувањата на личноста да учествува на успешен и општествено одговорен начин".[16]

Во нашата анализа со цел да покажеме дека и во современи услови постојат различни пристапи во дефинирањето на физичкото воспитание како во земјите на запад, така и во источно-европските земји вклучувајќи ја и поранешна Југославија, ќе наброиме неколку ***дефиниции***:

Во земјите на запад, голем број автори на физичкото воспитание гледаат како дел од општото воспитание сé со цел да се допринесе за зголемување на оптималниот развоен потенцијал кај индивидуата. Ќе го споменеме познатиот американски теоретичар ***Л. Брус*** кој за физичкото воспитание ја дава следната дефиниција: "дека тоа е еден аспект на воспитание кое има за цел преку физички активности како што се играта, танцот, спортовите, ритмичката гимнастика и други активности, да даде максимален придонес во оптималниот развоен потенцијал кај одредена индивидуа.[17] Имено, тој го воведува терминот компаративно физичко воспитание и во својата студија "Компаративно физичко воспитание и спорт" ги доведува во нераскинлива врска физичкото и културното воспитание.

Меѓу американските теоретичари ќе го споменеме и ***Брикман*** (1979) кој компаративното физичко воспитание го поврзува со општествено-историските, економските, политичките и географските фактори.

Американската асоцијација за здравје, физичко воспитание и рекреација, физичкото воспитание го определува како "начин на воспитание низ физичка активност која се користи во зависност од нејзиното влијание врз растот, развојот и однесувањето на човекот. Поради тоа што физичкото воспитание е дел од општото воспитание, пред него се поставува истата онаа цел која се поставува пред сите други воспитно-образовни дејности, а тоа е формирање целосно развиена личност".[18]

Блиска на оваа дефиниција се сфаќањата на ***М. Кауел*** и ***Д. Швен*** според кои физичкото воспитание има за цел "развивање способности за совладување на потребите кои пред човечкиот организам ги поставува социјалната средина". Така, како специјални цели на физичкото воспитание овие автори ги наведуваат: нервно-мускулниот развој на организмот, развојот на меѓучовечките односи и

---

[16] Исто, стр. 100.
[17] Bruce, L.: (1961), Comparative physical education, New York, SU, str. 13.
[18] Pedagoška enciklopedija 1, (1989), Zavod za uxbenike i nastavna sredstva, Beograd, str. 208.

социјалното прилагодување, интегралниот интелектуален развој и развојот на емоциите.[19]

Во Велика Британија се смета дека физичкото воспитание не само што допринесува во интелектуалниот развиток на личноста, туку тоа има значење и за емоционалниот и културниот развој. Исто така, тоа придонесува за подобрување на естетскиот изглед на телото и зголемување на креативноста. Така на пример, познатиот теоретичар ***Д. Антини*** смета дека "спортот и физичкото воспитание се како средства на естетското воспитание. Естетското чувство мора да биде слободно поттикнато и тоа не е природна компонента на физичките активности".[20]

Според ***Ј. Андрес*** во делото " Физичко воспитание и спорт", "физичкото воспитание е само еден од процесите кои го сочинуваат воспитанието. Тие процеси мора да бидат меѓусебно поврзани и условени, односно крајна цел на физичкото воспитание е исто како и целта на општото воспитание".[21]

Р. Карлисле во своето дело "Концепт на физичкото воспитание" физичкото воспитание го дефинира како дел од општото и естетското воспитание во кое знаењето, разбирањето и вежбањето се рефлектираат во пријатни активности кои зависат од телото како суштински дел на медијалниот објект во акција".[22]

П. Арнолд наведува дека физичкото воспитание во последниве години е нарекувано: вежбање, тренирање, физичко воспитание, а додека ***Л. Дием*** терминот физичко воспитание го заменува со терминот "спорт и спортска наука".

Во најново време од страна на некои англиски теоретичари физичкото воспитание е нарекувано - движење со трите негови димензии, и тоа: воспитание "за" движење, воспитание "низ" движење и воспитание "во" движење.

Заедничко за овие автори од западните земји е мислењето дека физичкото воспитание е условено и зависи од историските, социоекономските, политичките, културните, религиските и други значајни фактори. Во своите гледања авторите од споменатите земји, го акцентираат неговото значење за развитокот на индивидуата и го сметаат како дел од општото воспитание. Многумина од нив, физичкото воспитание го сведуваат на пријатни активности што во центарот на интересирањето треба да биде човековото тело.

Во поранешните социјалистички земји физичкото воспитание се третира како составен и неотуѓив дел на општото воспитание, со тоа што во прв план најчесто се истакнува неговата улога за сестрано подготвување на човекот за работа и одбрана на земјата.

---

[19] Исто, стр. 208.

[20] Antini, D.: (1971), Sport and physical education, London, Kogan page, str. 34.

[21] Andres, J.: (1978), Physical education and sport, London, Falmer press, str. 256.

[22] Karlisle, R.: (1985), Concepts of physical education, London, Falmer press, str. 187.

Повеќе советски автори, на пример, истакнуваа дека физичкото воспитание е составен дел на комунистичкото воспитание и дека тоа мора да биде насочено кон достигнување физичко совршенство кај човекот. Под физичко совршенство, според нив, се подразбира "оптимална состојба на здравјето и физичките способности".[23] На ова по правило, се додава дека содржините на физичкото воспитание мора да бидат поврзани со другите компоненти на воспитанието и дури да бидат во единство со моралното, интелектуалното, естетското и работното воспитание, дека физичкото воспитание претставува еден од основните фактори на сестраниот развој на личноста. Негови основни средства се: гимнастиката, спортот, играта, туризмот и слично.

Според други советски автори, физичкото воспитание е дел од општото воспитание. Тоа е социјално педагошки процес насочен кон зацврстување на здравјето и хармоничен развој на човечкиот организам, како и за формирање и усовршување на физичките способности и особини, моторни умеења и навики неопходни во секојдневниот живот и работа.

Некои од советските автори како на пример: Зинкин, Волков, Рудик, Пономарјев на физичкото воспитание гледаат како на средство, а главни облици се вежбањето, спортот и туризмот. Според нив целта, задачите, содржините, организацијата и методите на физичкото воспитание ги одредува и детерминира општеството, односно економското уредување.[24]

Слични вакви определби на физичкото воспитание сретнуваме и кај некои најсовремени руски педагошки теоретичари. Така на пример, ***Б. Лихачев*** (1999) "под физичко воспитание подразбира целесообразна, планирана и добро осмислена фискултурна и спортска дејност кај децата. Таа во себе ги вклучува различните форми на физичката култура, спортот, воени вештини со кои хармонично се развива телото на децата во единство со интелектот, чувствата, волјата и моралот. Целта на физичкото воспитание се состои во хармонично развивање на телото на секое дете во тесно и органско единство со интелектуалното, работното, емоционално-моралното и естетското воспитание".[25]

Овде ќе наброиме, исто така, неколку дефиниции на познати автори од поранешна Југославија.

Во својот учебник "Вовед во општата Педагогија" ***С. Пашаки***, цитирајќи го Монтењ, вели дека "не воспитуваме ни тело ни душа, туку човек. Натаму тој смета дека физичкото воспитание не е само цел, туку е составен и неделив дел на општото воспитание, тоа не е насочено само кон развивање на здравствено-хигиенските навики, кон

---

[23] Калињин: (1949), "О комунистичком одгоју", Москва, ИПК, стр. 59.
[24] Анастасовски, А.: (1993), Физичко воспитание, Скопје, Медис информатика, стр. 335.
[25] Лихачев, Б.: (1999), Педагогика, Москва, ИПК и ФПК, Юрайм стр. 298.

развивање на телото и телесната сила на човекот, туку тоа ги развива сите оние психофизички особини што ја чинат неговата личност".[26]

Според ***Р. Теодосиќ***, "физичкото воспитание е свесна, планска и организирана активност која е насочена на сестрано телесно развивање на младите генерации, со следење на нивното здравје со цел изградување физички и морално силни за работа и одбрана на земјата, способни членови на општествената заедница".[27]

Во Педагошко-енциклопедискиот речник од 1963 година, физичкото воспитание се дефинира како "педагошки процес во кој со телесни вежби и со другите средства и методи на физичка култура и воспитание плански и систематски влијае на природата на човекот, на неговата физичка и психичка страна.[28]

Јанко Лескошек во "Теорија на физичкото воспитание" ја дава следнава дефиниција: "Физичкото воспитание е планска и систематска активност која по пат на физичко вежбање настојува да ја развие човековата личност во смисла на остварување на воспитната цел". Со други зборови кажано, физичкото воспитание е педагошки процес на изградување и обликување целосна личност со примена на соодветни движечки активности. Тоа е осмислен, систематски и траен процес кој влијае на човекот преку организирани движечки активности, заради решавање на одредени воспитни задачи".[29]

Според ***Д. Петровиќ*** и ***В. Стефановиќ***: "физичкото воспитание како најорганизиран вид физичка култура претставува дел од воспитанието во кое по пат на движења и вежбања се развиваат физичките и другите квалитети на децата и младинците во подготовката за социјалните функции во општесвото (работни, одбранбени, семејни, хоби и т.н.). Притоа акцентот е ставен врз развојот на природните морфолошко-функционални особини на организмот и физичко совршенство (оптимален и хармоничен физички развиток и сестрана психо-физичка подготвеност)".[30]

Во Педагошката енциклопедија број 1 од 1989 година физичкото воспитание е дефинирано како "интегрален дел или вид на воспитанието, една страна од развојот на личноста. Во потесна феноменолошка смисла, таа може да се сфати како начин на пренесување вредности на физичката култура од постарите на помладите генерации, односно начин на претворање на тие вредности од општо во лично добро (во смисла на подобрување на здравјето, усовршување на морфофункционалните, моторичките и други особини и способности и т.н.)".[31] (Поткоњак, Ѓорѓевиќ).

---

[26] Pataki, S.: (1948), Uvod u opštu pedagogiju, Zagreb, Biblioteka prosvjetnog radnika, str. 50.
[27] Teodosić, R.: (1957), Pedagogika, Sarajevo, Svijetlost.
[28] Enciklopediski rečnik pedagogije, (1963), Zagreb, Matica Hrvatska, str. 255.
[29] Лескошек, Ј.: (1976), Теорија физичког васпитања, Београд, Физичка култура, стр. 24.
[30] Петровиќ, Д., Стефановиќ, В.: (1981), Проблеми теорије и методологије физичке културе, Београд, Физичка култура, стр. 13.
[31] Pedagoška enciklopedija 1, (1989), Beograd, Zavod za udbenike i nastavna sredstva, str. 208.

Лука Берковиќ во своето дело "Методика физичког васпитања" истакнува дека "под физичко воспитание подразбираме планска и организирана активност која на специфичен начин делува во прв ред на здравјето и физичкиот развој на човекот, на неговите психомоторни и функционални способности, а преку ова и на сите останати особини и способности".[32]

Богдан Максимовиќ смета дека "физичкото воспитание е збогатување и усовршување на човековата моторика за полесно прилагодување на сите видови моторички движења по области, при што се води сметка за трансферот на совладување на сите видови моторички учења. Поимите физичко воспитание и физичко образование се во дијалектичко единство".[33]

И во нашата македонска педагошка теорија преовладуваат гледишта кои физичкото воспитание го дефинираат како органски дел или вид на општото воспитание.

Според професорите ***Љубчо Копровски*** и ***Бранко Петровски***, "физичкото воспитание е организирана, со определена цел, насочена, свесна општествена активност за биолошко развивање и функционално оспособување на оделните органи и организмот на човекот во целина за успешно извршување на определени активности".[34]

Александар Анастасовски смета дека физичкото воспитание е "планска и организирана активност во која на специфичен начин, со помош на телесната активност се дејствува врз остварувањето на целите и задачите на воспитанието и образованието во целина. Значи, не станува збор само за јакнење на телото, развивање на здравјето, постоење севкупност на движењата, туку и за сложен процес во кој телото и движењето во него се појдовна основа, негова база, а целта е реализирање на сестрана развиена личност".[35]

Од наведените дефиниции во овој труд може да се констатира дека во педагошката литература во светот постои мошне голема диференцираност во поглед на содржините на поимот физичко воспитание. Притоа тие можат, главно да се класифицираат во неколку групи, во зависност од тоа кои димензии и специфични страни на физичкото воспитание ги истакнуваат.

Во првата група автори, можат да се групираат оние педагози кои на физичкото воспитание гледаат како на дел од општото воспитание и дека тоа се состои во прв ред во физичкиот развој на личноста, во развојот на физичката сила и издржливост. Поради тоа, во дефинициите на овој вид најадекватно место завземаат термините:

---

[32] Berković, L.: (1989), Metodika fizičkog vaspitanja, Novi Sad, Bakar.
[33] Максимовиќ, Б.: (1971), Теорија физичког васпитања, Београд, Партизан, стр. 12.
[34] Копровски, Љ., Петровски, Б.: (1986), Педагогија, Скопје, Просветно дело.
[35] Анастасовски, А.: (1989), Социологија на физичката култура, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", стр. 125.

сила, издржливост, отпорност, моторички движења, вештини, а сосема малку се среќаваат термини кои припаѓаат на моралната, емоционалната, социјалната и интелектуалната сфера од развојот на личноста. Таквите определби ги сретнуваме кај руските автори Пономарјев, Волков и кај авторите од поранешна Југославија, Патаки, Максимовиќ и други автори. Се разбира дека овие дефиниции се едностранн затоа што се преферира претежно физичкиот развој на личноста.

Во втората група на дефиниции спаѓаат дефинициите на оние автори кои на физичкото воспитание гледаат како на педагошки процес во кој со телесни вежбања како и со други средства на физичка култура плански и систематски се влијае врз природата на човекот, врз неговиот оптимален развој: (Брус, САД) американската асоцијација за здравје (САД), Кауел и Швен (САД) и Карлисле (В. Британија).

Третата група ја сочинуваат оние дефиниции на поимот "физичко воспитание" во кои наспроти претходните на физичкото воспитание му се дава поголемо значење од аспект на морално-емоционалната компонента во развојот на личноста (Брикман, Теодосиќ).

Четвртата група ја сочинуваат дефинициите во кои авторите суштината на физичкото воспитание ја гледаат од гледна точка на социјално-интелектуалната страна од развојот на личноста (Антини, Андрес во Велика Британија и Петровиќ, Стефановиќ во Југославија).

Петтата група ја сочинуваат дефинициите чии автори значењето и суштината на физичкото воспитание го гледаат во сестраниот развој на личноста (Лихачев, Берковиќ, Лескошек, Копровски-Петровски, Анастасовски и други). Овде истовремено забележуваме дека во нив се истакнуваат две специфични страни на физичкото воспитание. Учење, односно формирање моторички умеења и навики (физичко образование) и стимулирање и регулирање на развојот на природните особини на организмот кои се однесуваат на човечките физички квалитети. Двете димензии се разбира, меѓусебно се најтесно поврзани, непрекинато се проткајуваат, но никогаш не се сведуваат само на една од нив. Освен тоа, тие непрекинато се допираат и се испреплетуваат и со другите компоненти на воспитание со што по правило ги обезбедуваат единството на физичкото, интелектуалното и моралното во процесот на воспитанието.

Од сето ова може да заклучиме дека повеќето определби на овој поим се многу невоедначени, а често и едностранн и пренагласено утилитаристички.

Она што може да се забележи во овие дефиниции освен наведените разлики скоро кај сите автори постои единствено мислење дека физичкото воспитание е составен дел на општото воспитание, односно дека тоа не постои надвор од општото воспитание, туку во

самото него. Исто така, меѓу сите автори постои согласност дека физичкото воспитание е и систематски организиран педагошки процес кој партиципира во развојот на личноста.

Од сите наведени дефиниции најблиску до нашето сфаќање за суштината на физичкото воспитание е дефиницијата што ја дава американската асоцијација за здравје, физичко воспитание и рекреација според која "физичкото воспитание се третира како пат или начин за воспитание на личноста низ физички активности". Мошне блиски на оваа дефиниција се и гледиштата на М. Кауел и Д. Швен. При дефинирањето на целта на физичкото воспитание, тие мошне јасно се определуваат за дводимензионалната улога на овој вид воспитание во развојот на личноста - физички и психички развој, како две нераздвојни и подеднакво значајни компоненти на личноста. Од петте цели на физичкото воспитание кои тие ги наведуваат, четири отпаѓаат на психичкиот развој на личноста. Тие физичката компонента од развојот на личноста преку физичкото воспитание ја сместуваат во првата цел што подразбира развивање способности за совладување на потребите кои пред организмот ги поставува средината.

Тргнувајќи од фактот, дека, ова воспитно подрачје во педагошката литература, поедини автори го означуваат со различни термини, ние се определивме за поимот ***физичко и здравствено воспитание кое треба да се сфати како интегрален дел на општото воспитание со кое низ систематски организирани физички активности подеднакво се придонесува во физичкиот, здравствениот и психичкиот развој на личноста.***

Притоа појдовме од суштинското значење на термините "физичко" и "здравствено" и дека суштината на нашето физичко и здравствено воспитание произлегува од положбата на луѓето во општеството, дека физичкото воспитание претставува основно средство за развивање на личноста на човекот, дека со него се негуваат, развиваат и унапредуваат телесната конституција, психофизичките способности и здравјето како битни компоненти на човечкото битие.

На кратко, со интелектуалното, моралното, естетското и работното се појавува како примарно и фундаментално воспитно подрачје и физичкото воспитание без кое не е можен процесот на целосен хармониски развој на личноста. Таквото воспитно подрачје може и треба да се означи со терминот ***физичко и здравствено воспитание.***

2.2. Дефинирање на некои сродни поими

Во овој труд ќе се обидеме да определиме некои сродни поими на физичкото воспитание како што се: физичка култура, појавни облици на физичкото воспитание (игра, спорт, гимнастика), физичка вежба и рекреација.

Терминот ***"физичка култ̄ура"*** е составен од два збора од странско потекло: "физичка" и "култура". Терминот "физички" е разработен во делот на физичкото воспитание и затоа е потребно да се објасни само значењето на терминот "култура".

Зборот "култура" е од латинско потекло и во најширока смисла го означува развитокот и усовршувањето на сите видови на човековата дејност, односно збирот на сите придобивки на човекот (материјални, духовни, општествени).

Во стручните и научните кругови, терминот "физичка култура" е предмет на многу недоразбирања. Постои мислење дека овој термин содржи идеалистичка поделба на човекот на физичка и духовна природа. Од друга страна, постои и мислење дека од овој е изведен терминот "физичка култура и спорт" кој имплицира поделба на две култури - физичка и спортска. Од тие причини најчесто се поставува барањето овој термин да се замени со друг посоодветен, кој би опфаќал "сé она што е заедничко на играта, спортот, гимнастиката и други облици на физичката култура.[36] Дилеми по однос на терминот "физичка култура" можат да се забележат во повеќе земји во светот дури и во западните земји во кои овој термин се користи во нешто поинакво значење.

Полскиот теоретичар ***Кравчик***, на пример, во полемиката за овој термин, смета дека целата оваа област може да се нарече "телесна" или "соматска" култура. Истовремено, тој смета дека со воведување на овој термин во овој момент би било нецелисходно и тоа од три причини: прво, тешко е да се исклучи од научниот и секојдневниот јазик определбата физичка култура, бидејќи тоа е веќе стекнато право на граѓаните; второ, секоја интуиција сугерира дека физичката и телесната култура треба да се сфатат како синоними, и трето, користејќи го терминот "соматска култура" неизбежно се занемарува човековата средина која има суштинско влијание за неговото здравје и статус.[37]

Во англиското јазично подрачје кон крајот на XIX и почетокот на XX век, терминот физичка култура многу често се користи, но како синоним на терминот "физички тренинг". Во типологијата на дејноста во сферата на културата, американскиот теоретичар

---

[36] Полиќ, Ф.: (1980), Физичка култура у самоуправном социјалистичком друштву, Београд, Физичка култура, стр. 11.

[37] Kravčik, Z.: (1984), Otormirovanii teorii fizičeskoi kulturi v sistema nauk, očerki po teorii fizičeskoi kulturi, Москва, Физкультура и спорт.

Пол Шафер, покрај бројни видови други култури - аристократска, национална, религирозна, социјална, научна економска и т.н ја споменува и физичката, односно рекреативна култура. Меѓутоа, во повеќе случаи во американската литература терминот "физичка култура" може да се смета како аналогија на терминот, "физичко востпитание"; "спорт"; или "спортска" односно "физичка рекреација.

Земено во целина, сегашните околности во врска со терминот, "физичка култура" недвосмислено ја истакнуваат потребата подетално да се проучи оваа сфера. Од тие причини сметаме дека е неопходно да се укаже прво на генезата на овој термин.

Самиот термин "физичка култрура" произлегува од отпорот на едностраниот "сколастички интелектуализам", односно од отпорот кон едностраното истакнување на културата на духот во VIII и IX век.

Во своето дело "Убер Педагогик" ***Канш*** истакнува "формирањето на душата можеме во извесна смисла да го наречеме физичко, како и формирањето на телото. Ова физичко формирање на духот се разликува од моралното со тоа што е насочено кон слободата, додека моралното е ориентирано единствено кон природата. Физичката култура на духот се дели на слободна и сколастичка. Слободата во суштина е играта, а сколастичката напротив подготвува за занимања. Кај слободната, воспитаникот само се следи, додека кај сколастичката тој е под принуда. Сколастичката култура е работа, на неа треба да ѝ претходи слободата, бидејќи таа ги погодува повисоките човекови сили. Пониските сили секогаш се култивираат со високите и секогаш во однос на повисоките".[38]

Зборот "физичка" овде го има значењето кое го дал ***Платон***, односно ја означува човековата природа и укажува на природните закони на кој се покорува човечкиот организам. Зборот "култура" укажува пак на свесното и осмислено активно усовршување на човековата личност.

Кога зборуваме за физичката култура, истакнува ***Полиќ***, зборот "физичка" треба да не потсетува на материјалната природа на човекот чие што тело и движење стануваат средство и објект на своевидна физичка активност, додека зборот "култура" ни укажува на човекот како на општествено и хумано суштество кое е субјект и цел на сопственото творечко ангажирање во таа активност. Овие две компоненти на определен начин се интегрирани во одредени дејности како што се: играта, спортот, гимнастиката, танцот, туризмот и друго.[39]

Со преминувањето на подрачјето на физичката култура овие облици не се повеќе само физички активности во биолошка смисла, туку постануваат човечки дејности, односно продуховени и

---

[38] Kant: Über Pedagogik (preku Polić, V.): (1980), Fizička kultura u samoupravnom socijalističkom društvu, Beograd, Fizička kultura, str. 60.

[39] Исто, стр. 61.

осмислени активности. Материјално-физичките елементи во играта, спортот, гимнастиката и другите облици, добиваат своја културна вредност, под услов да ги следат соодветни духовни вредности.

Спортско-техничките резултати во играта, спортот и гимнастиката и другите моторни вештини постануваат материјален медиум за остварување на духовните вредности и даваат можност за реализација на човековиот дух, а не анималната природа.[40]

Така сфатен поимот "физичка култура" значи не се ограничува само на телесните вештини, тоа не е само добро здравје и слично, туку тоа е одреден човечки однос кон сопствената физичка природа и власт на разумот над телото. Сосема е извесно дека притоа мора да се земат предвид и утилитарните содржини и вредности, но исто така е извесно дека играта, спортот, гимнастиката и другите облици ќе бидат поблиски на човековата суштина и на неговото културно создавање доколку тие се повеќе ослободени од едностраниот притисок на неговите утилитаристички потреби.[41]

Неможе да се прифати едностраното етатистичко толкување на физичката култура како целокупност на историското наследство и достигнувањата на човештвото во подигнувањето на здравјето, усовршувањето на физичкиот статус и физичките способности и слично. Токму затоа, го прифаќаме Полиќ кога вели: "Ние физичката култура ја прифаќаме пред сé како свесен напор да се пронајдат најефикасните патишта за да се дојде до она кон што човештвото тежи. Физичката култура, според тоа, треба да се сфати како систем на специфични облици на физичките активности кои служат за создавање на човечките вредности и преку нив создавање на човекот како нова вредност".[42]

Како што се гледа во објаснувањето на поимот "физичка култура" тежиштето е на процесот на објективизација на духовните вредности кои човекот ги реализира во таа специфична активност. Очигледно е дека само покрај соодветни духовни активности може да се развиваат морални, естетски и други состојби, а не само физички. Според тоа, забелешките на терминот се оправдани бидејќи придавката физичка со која се објаснува специфичноста на оваа култура, навистина не ја одразува вистинската смисла и суштина на активноста која што се реализира во таа дејност. Значи од досега произнесеното, може да се каже дека самиот термин "физичка култура" не е еднозначен. Во современата литература и јазичната употреба терминот добива доста големо и широко значење, притоа опфаќајќи ја како општата сфера на човековите дејности, така и разновидните резултати кои претставуваат вредности за личноста и општеството. Оттука не може да се каже дека

---

[40] Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 12.
[41] Исто, стр. 12.
[42] Polić, B.: (1975), Enciklopedija fizičke kulture, Zagreb, Školska knjiga, str. 248.

овој термин е ослободен од неговата определеност. Имено, ако се иземат некои појмовни терминолошки некоректности, може да се каже дека во основата на различните аспекти на поимот "физичка култура" лежи реална многустраност на оние појави, особини и односи, кои на овој или оној начин наоѓаат свој одраз во овој поим.

Како што се гледа, анализата на терминот "физичка култура" освен што детално ги осветлува поедините аспекти на поимот "физичка култура", истовремено претставува и солидна основа за едно пошироко воопштено одредување на тој поим. Од сето што е речено, имено, произлегува дека физичката култура е органски дел на општата култура. Специфичната основа на нејзината содржина ја чинат рационално организационата моторичка дејност низ која човекот ги развива, одржува или усовршува, во прв ред, своите физички потенцијали. Таа ги вклучува во себе најразличните форми на оние дејности и нивните резултати кои имаат одредена културна вредност, а во поширока смисла и севкупните достигнувања на општеството во создавање на средства, методи и услови за еден понасочен развој на физичките работни способности на човекот.

Во секојдневната јазична употреба, како во специјалната терминологија, се употребуваат бројни термини кои семантички се доста блиски, па дури, делумно се поклопуваат со терминот "физичко воспитание". Поради таквата блискост често се случува тие да се заменуваат еден со друг, односно поистоветуваат или пак се подредуваат. Во оваа категорија можат да се групираат термините како што се: игра, спорт, гимнастика, физичка вежба и некои други. Често, на пример, се случува физичкото воспитание да се третира како подрачје на физичката култура или пак спортот да се поистоветува со физичката култура и слично. За да се избегнат вакви недоразбирања, се чини дека е корисно појмовите кои стојат зад овие термини нешто поблиску да се објаснат, со очекување дека тоа ќе овозможи попрецизна диференцијација на тие поими и целосно согледување на нивните меѓусебни релации.

Играта, спортот и гимнастиката како појавни облици на физичкото воспитание, има доста причини посебно да се анализираат, секако, со целосно почитување на нивната взаемност и меѓусебна условеност.

Како што е познато, ***Играта*** - спаѓа во редот на оние општествени феномени чии корења треба да се бараат во далечните праисториски времиња на човекот. Оттука, е сосема разбирливо што размислувањата за играта, за нејзината природа и суштина започнале уште во далечното минато и траат до денес.

Постојаноста на игрите многу сликовито ги истакнувал познатиот теоретичат ***Р. Кајоа*** кој вели: "Царствата и уредувањата нестануваат, игрите остануваат - со исти правила, а понекогаш и со

исти средства (затоа што игрите не се важни ... тие се одликуваат со постојана безначајност). Тие се шират по целиот свет ... оттука тие се и доказ за сличноста на природата на луѓето".[43]

Сосема е извесно, имено, дека човекот многу рано доаѓа до сознанија за силата и широчината на влијанија кои се остваруваат низ играта. Според тоа, многу рано ја користи играта не само како средство на забава, туку и како средство на смислено и организирано влијание на севкупните сили и способности, особено на децата и младите. Овој факт го поттикнува многу брзиот развој на игрите за што сведочи богатата ризница на игри со кои човештвото денес располага. Богатството на форми и изрази, а особено многустраната социјална улога на играта, несомнено претставува добра основа за постоење на многу теории и дефиниции во кои се изразуваат и испреплетуваат најразлични сфаќања, дури и кога се работи за најелементарното значење на самиот поим "игра". Колку тие сфаќања се разликуваат едни од други, покажуваат следните неколку дефиниции земени од наша и странска литература.

Познатиот германски педагог ***Ф. Фребел*** од XIX век за играта вели дека "е природно развивање на почетните никулци на детинството".[44]

Херберт Спенсер играта ја дефинира како "непотребни акции кои нагонски се случуваат во отсуство на правни акции ... активност која се прави од задоволство, а без никаква корист".[45]

Грос за вежбата вели дека е тоа "нагонско вежбање на активноста без сериозни намери, кои покасно ќе станат многу значајни за животот".[46]

Жироду истакнува дека "со играта луѓето имитираат физичка работа, а понекогаш и морална од која современиот начин на живот ги принудил да се откажат".[47]

Во своето дело "Хомо луденс" ***Хуизинга***, играта ја дефинира како "работна и доброволна активност која се изведува во одредени временски и просторни граници според слободни прифатени правила, таа е сама по себе цел, и нејзе ја следи напнатост, радост и свест за разлика од секојдневниот живот".[48]

С. Брунер, К. Силва и А. Џоли за играта нагласуваат дека "е слободен чин кој се наоѓа над процесот на задоволување на потребите и желбите, средствата во неа домираат над целите, односно играта е цел за себе, таа е непродуктивна, не произведува добра и богатства како што е случај со работата и уметноста; иако се одвива според правила

---

[43] Кајоа, Р.: (1979), Игре и Људи, Београд, Нолит, стр. 23.
[44] Frebel, F.: (preku Berković, L.): (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 60.
[45] Spenser (исто стр. 60).
[46] Gross (исто стр. 60).
[47] Žirodu (исто стр. 60).
[48] Huizinga, J.: (1970), Homo Ludens, Zagreb, Matica Hrvatska, стр. 73.

таа е неповторлива и неизвесна, според текот и резултатот истовремено во неа изостанува фрустрацијата, избегнување пречки и страв од неуспех, бидејќи е помал ризикот, внатрешно е мотивирана, спонтана и поврзана со позитивни емоции".[49]

Како што се гледа од наведените дефиниции кај повеќе автори меѓу основните одредници се истакнуваат оние кои играта ја определуваат како спонтана, нагонска активност, како активност која настанува како израз на внатрешни побуди и непосредни желби за одредена активност. Со тоа, некои автори додаваат дека играта е пријатна забавна активност, активност која по правило не претпоставува никаква корист или добивка.

Споменатите одредници сликовито ги изнесува Каоја со следните зборови: "Нема сомнение дека играта треба да се дефинира како слободна и доброволна активност, избор на радост и разонода. Задолжителната или во најмала рака препорачаната игра би изгубила една од своите основни карактеристики: играчот нема да и се предаде од сé срце и од сопствено задоволство, а претпоставка е дека ќе се јави чувство на повлекување, молчење, концентрација и слично".[50]

Наведените одредници главно се содржани и во дефинициите на одредени наши автори - Лескошек, Луќиќ, Берковиќ, Крагуевиќ, Анастасовски и други, со тоа што се додава дека играта не е само нагонска, туку и свесна, мисловна активност со помала или поголема изразена творечка ориентација. Сосема е извесно, имено, човекот своите акции во играта најнапред мисловно да ги разработ, а после да ги реализира.

Има автори (Жироду, Хуизинга), кои поимот игра го врзуваат со поимот работа, дури тврдат дека и самата работа настанала од играта. Меѓутоа, сосема е извесно, дека играта, како и физичката вежба, пред сé, е резултат на човековата дејност, а не на некои биолошки фактори. Нема сомневање дека во животот на поедини луѓе играта им претходи на нивната работа, но во животот како целина играта е само како одраз на работата.

Многу често, поимот игра се врзува за поимот "култура". Во своето дело "Хомо Луденс", Хуизинга истакнува дека културата по својот облик настанува од играта ... По пат на играта животот во заедницата застанува над биолошките облици кои му поклонуваат поголема среденост. Со други зборови, културата се раѓа низ играта, бидејќи играта е творечки импулс, слобода, пронаоѓајќи дух, фантазија и дисциплина во исто време".[51]

---

[49] Bruner, J. S., Silva, K., Jollis, A.: (1976), Play its Role in Development and Evolution, Harmondsworth, Midllesex.

[50] Kajoa, R.: (1979), Igre i ljudi, Beograd,Nolit, стр. 24.

[51] Huizinga, V.: (1979), Igre i ljudi, Beograd, Nolit, str. 61.

Од ова може да се заклучи дека природата на играта е доста сложена и богата, а нејзините влијанија многустрани и готово несогледливи. Токму затоа, многу е тешко да се одредат границите на нејзините влијанија и значењето во животот на современиот човек.

Спортот како поим означува одредена специфична манифестација на човечкиот живот. Многу теоретичари го третираат како вид, страна, појавна форма на физичкото воспитание.

Се мисли дека спортот настанал од играта, дека тој самиот по себе е еден вид игра, забава и разонода. На вакви размислувања упатува и самиот термин "спорт", кој во своите стари облици "disportarce" во латинскиот, "disport" или "desport" во староанглискиот јазик означува нешто што е слично до играта и забавата, но и активност во смисла на телесно вежбање.

Во современата јазична употреба терминот "спорт" има значително пошироко значење. Во одредени земји, дури со овој термин се означува целосната активност во физичката култура, т.е. се користи како синоним на терминот "физичка култура".

Многу често со овој термин се означува еден дел, односно вид или појавен облик на физичката култура. Најчесто, спортот се поврзува со натпреварувањето, со борбата во чија основа е настојувањето да го надмине веќе постигнатото, т.е. "да ги допре, надмине или ги оспори границите на човечките можности".[52] Според тоа, активностите во спортот не можат да се врзуваат само за искуствата на играта, туку и за најсложените форми на човечкиот живот. Оттука веројатно и ***Дубех***, истакнува дека спортот е "синтеза на дејностите - игра, култура и борба".[53]

На сличен начин спортот се дефинира и од многу други автори што може да се заклучи од следните примери:

Според ***Д. Улага***, "спортот во поширока смисла е доброволна психофизичка активност на човекот во слободното време поради забава и поради физичко-образовна корист. Во потесна смисла спортот е учество на натпревари".[54]

М. Мејовшек нагласува дека "со спортот ги нарекува сите физички вежби со некоја цел и кои во суштина ги работиме поради совладување на нешто одредено (далечина, време, тежина, препреки, опасности, противник). Суштината на спортот е борбата, непрекинат напор и настојување за поголеми и повисоки достигнувања. Спортот во најширока смисла, значи, може да се смета секоја телесна вежба, која ја изведуваме поради постигнување на некои видливи резултати, а се реализира во вид на натпревари".[55]

---

[52] Božović. R.: Ka fenomenologii takmičenja, Novi Sad, Polja, стр. 82.
[53] Dubech, (преку Berković, L.): (1989), Teoriske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar стр. 64.
[54] Ulaga, D.: (исто, стр. 65).
[55] Мејовшек, М.: (исто, стр. 65).

Според ***П. Кубертен***, спортот е "доброволен и вообичаен култ на мускулно движење засниван врз желбата за напредок, што може да оди дури до ризик".[56]

Ч. Десаин за спортот вели дека е игра, забава, разонода која има за цел победа над некоја природна препрека или некој противник, во прв ред преку физички напор потпомогнато од моралот, интелегенцијата и тоа така да биде исклучена секаква материјална корист".[57]

П. Матвеев со спортот прво ги подразбира физичкото вежбање како предмет на споредување на мајсторствата, силите, способностите на човекот, притоа опфаќајќи ги елементите на натпреварувањето, борбата за првенство, рекорд или максимално достапен резултат, како специфична форма на подготовка за натпреварување".[58]

Никола Курелиќ во "Теорија на физичката култура", спортот го дефинира "како еден од значајните видови, како што се гимнастиката, играта, излетништвото, танците. Секој од овие видови имаат свои специфичности. За спортот, пред сé, е карактеристичен елементот - натпреварување. Тука се работи за разновидни движења (групирани гранки и дисциплини) во кои се бара диференцирање и истакнување мерливи квалитети, при што количеството на вложениот физички и психички напор, иако е присутно, не игра значајна улога, туку ефектот од тој напор, односно резултатот.[59]

Како што се гледа од наведените дефиниции, спортот се јавува како игра, забава, разонода, потоа, како вид на физичко вежбање, психофизичка активност, своевиден напор или тежнеење и т.н, а сето тоа се врзува за натпреварувањето т.е. борба со тенденција да се постигне некаков мерлив резултат, максимален учинок, победа над противникот и слично. Значи, неспорно е дека спортот е еден од видовите на физичкото воспитание, односно на физичкото вежбање чија основна карактеристика е борбата следена од желбата и настојувањето за повисоки достигнувања. Во тоа, всушност се состојат и сличностите во одредувањето на суштината и содржината на терминот и тоа кај сите автори што се занимаваат со определувањето на терминот "спорт".

Меѓутоа, меѓу авторите се појавуваат и значителни разлики, особено во определувањето на социјалната улога на спортот. Најчесто на спортот му се препишува онаа улога која најмногу одговара на интересите на одредено општество, неговата идеологија и политички цели. Тоа значи дека во рамките на едно општество постојат различни

---

[56] Kuberten, P.: (преку Лескошек, J.): (1969), Спорт и морал, Београд, Партизан, стр. 185.
[57] Dessain, Ch.: (преку Berković, L): (1985), Teoriske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 65.
[58] Матвеев, Л.: (1985), Некоторие итоги и перспективи формирования обобшчаюшчей теории в свере физической культуры и спорта, Москва, Физкультура и спорт, стр. 11.
[59] Курелиќ, Н.: (1969), Теорије физичке културе, Врхунски спорт и његов смисао у нашем друштву, Београд, НИП "Партизан", стр. 172.

теории засновани на концепциите на поедини филозофски струи и правци. Така на пример, претставниците на егзистенцијализмот, спортот го претставуваат како начин на самопотврдување на човековата личност, постанува основно средство на самореализација на индивидуата. Врз основа на таквиот пристап се формира такво сфаќање за спортот што ќе се користи како средство со чија помош личноста ќе се издигне над масите (што е поврзано со сфаќањето на спортот како слободна дејност која не зависи од другите општествени процеси).

Другата група ја чинат концепциите кои се засниваат на теоријата на компензација. Всушност, тие тргнуваат од поистоветувањето на општествениот развој со техничко-технолошкиот развој (сведувајќи го општествениот развој со техничкиот). Што се однесува на тоа како се толкува човекот и неговиот развој, се апсолутизира неговата природна условеност, додека општествените промени се претставуваат исклучиво како резултат на природните детерминанти.

Од анализата што ја направивме за спортот, можеме да кажеме дека под терминот спорт како појавен облик на физичкото воспитание, ја подразбираме секоја физичка активност (движење) која има карактер на игра, а во која има борба со самиот себе и натпревар со други. (Ѓ. М)

Како вид или појавен облик на физичкото воспитание ќе ја дефинираме и ***Гимнастиката***.

Постои мислење дека тоа е историски надмината појава, односно дека самиот збор "гимнастика" денес нема никакво значење. Од друга страна, гимнастиката често се поистоветува со физичкото вежбање воопшто, или со поедини правци и облици на физичко вежбање. Најчесто, се работи за некои облици на физичко вежбање кои долго време биле само делови на гимнастиката или некои гимнастички системи кои во најново време се развиваат како самостојни облици на физичко вежбање како што се на пример, спортската гимнастика, ритмичко-спортската гимнастика и слично. Голем број современи автори на гимнастиката даваат пошироко значење и сосема оправдано ѝ даваат место во видовите на физичкото воспитание.

Инаку зборот "гимнастика" настанал од грчкиот збор "gimnos" што значи гол, односно вежбање со голо тело. Првобитно овој термин ги опфаќа целиот систем на физичкото воспитание, а со тек на времето битно го менува своето значење час во насока на стеснување, час во насока на проширување и прилагодување на новите потреби и барања на општеството. Во поедини периоди, освен тоа, гимнастиката е под силно влијание на идеолошки и други општествени тенденции. За време на просветителското движење на пример, гимнастиката одиграла значајна улога пред сé во системот на воспитанието во поширока

смисла. Тоа е период кога гимнастиката започнува за прв пат да се воведува во училиштата како задолжителен предмет.

Просветителската концепција за гимнастиката, меѓутоа, наметнала диригирано движење и командни методи на вежбање со што пак се доаѓа до расчекор меѓу "натуралистичкиот скиентизам и вредносното потврдување на слободната личност".[60]

Во почетокот на XX век сé повеќе доминира тенденцијата кон интеграција на физичкото вежбање. Имено, преовладува сознанието новите и сé посложени потреби на човекот во физичката култура да може успешно да се остваруваат само доколку двете насоки рамноправно и интегрално се користат.

Истовремено во рамките на самата гимнастика почнуваат да се развиваат и посебни форми на гимнастика, како што се: хигиенска, производствена, корективна, акробатска, спортска и т.н. Таквиот тек на развојот неминовно доведува до дезинтеграција на гимнастиката. Во поголем број на случаи новите форми на гимнастика ги задржуваат некои од своите поранешни карактеристики, особено методски, што и денес до некаде ги поврзува и деференцира од другите видови на физичко воспитание. Врз таа основа со право гимнастиката го оправдува своето постоење како вид на физичка култура односно воспитание.

Поаѓајќи од историското искуство, значи, гимнастиката денес не ја интересира толку забавата и натпреварувањето колку она што се случува во самиот човек, односно како преку разновидни вежби да се оспособи организмот да ги врши што подобро своите функции. Со други зборови се работи за влијание врз организмот во целина или само на негови поедини органи, или пак на системот за движење. Затоа во гимнастиката не се бара максимално напрегнување на организмот, туку строго одмерено оптеретување кое мора да биде во склад со индивидуалните можности и потреби на секој поединец. Благодарение на тоа, гимнастиката има водечка улога особено кога се работи за основно обликување на системот за движење и обликување на движењето, а во добар дел и за одржување на функциите на внатрешните органи. За тоа сведочи и фактот што гимнастиката не само што се користи како афтохтона форма на физичкото вежбање, туку и како дополнителна дејност во сите подрачја во сферата на физичката култура. Во училишното физичко воспитание гимнастиката и денес има доминантно место.

Во контекст на досега изнесеното, сметаме дека е потребно на кратко да го објасниме и поимот "физичко вежбање"

"Физичкото вежбање" како поим многу често се употребува во практиката на физичката култура и многу е важно да се знае што тој означува. Според дефиницијата на професорот Јанко Лескошек

---

[60] Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, стр. 72.

во "Теорија на физичката култура", "физичкото (телесно) вежбање е адаптивен процес кој со примената на движечки решенија предизвикува промени кај човекот од почетна до состојба по желба. Тоа е процес во кој со одредени методски постапки и принципи свесно и организирано се применуваат физички вежби (во потесна и поширока смисла), со цел решавање конкретни задачи, во прв ред т.н. општо физичко воспитание. Ако физичката вежба претставува, на пример, одредено телесно движење, тогаш физичкото вежбање го означува целокупниот процес во кој со помош на физичката вежба, по пат на соодветни содржини и методи, се решаваат соодветни задачи на физичкото образование. Сé на сé, под физичко вежбање подразбираме повеќе пати повторено изведување на физички вежби, било поединечно или групно, со цел усвојување одредени знаења, умеења и навики, развивање на способности обезбедување забава и рзонода, целосна афирмација на личноста и друго."[61]

На крајот сметавме дека е неопходно да го дефинираме, односно определиме и поимот ***рекреација***.

Зборот рекреација има латинско потекло "***rekreatio***" буквално значи повторно создавање. Во поширока смисла, овој термин подразбира опоравување, освежување, чување на здравјето, одмор, забава и рекреација на луѓето.

Според авторите ***Петровиќ, Стефановиќ***: "Рекреацијата како посебно и специфично подрачје на физичката култура има за цел зачувување на биолошката и социо-психолошката рамнотежа на современиот човек. Заснована врз потребите и интересирањето на поединци, оваа област на физичката култура станува сé позначајна и понеопходна во животот на луѓето. Таа придонесува за јакнење на здравјето, за зголемување на функционалните и моторичките способности и за формирање стабилни личности во психолошка смисла.[62]

Често го сретнуваме и терминот "Спортска рекреација". Тој означува "дел од целокупната дејност на човекот надвор од професионалната работа насочена на примена на средствата од подрачјето на физичката култура со цел одржување и унапредување на здравјето, психичко растоварување од негативните последици на современиот начин на работа и живеење. Средствата за физичка култура се применуваат без принуда и обврска, според потребите и интересите на поединецот за зголемување на општите, функционалните и одбрамбените способности на организмот, развиток на човековата личност, задоволување и развивање на неговото творештво и посодржинско искористување на времето надвор од работата".[63]

---

[61] Лескошек, Ј.: (1976), Теорија физичке културе, Београд,Партизан, стр. 26.

[62] Петровиќ, Д., Стефановиќ, В.: (1981), Проблеми теорије и методологије физичке културе, Београд, Физичка култура, стр. 14.

[63] Sportski leksikon, (1984), Zagreb, Školska knjiga, str. 427.

3. ОСВРТ ВРЗ ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Физичкото воспитание како општествена категорија, можеме да го посматраме само во контекстот на општата култура и општествената практика на човекот. Тоа значи дека можеме да го проучуваме паралелно со проучувањето на општествено историските основи на неговото настанување и развиток. Неговиот историски развој значително е детерминиран од развојот на производствените сили и општествените односи.

Постојат голем број извори од кои се добиваат информации и сознанија за историјата на физичкото воспитание. Тоа се, пред сé, пишувани материјали и други материјални докази, како и традициите. За него отсекогаш, а особено во далечното минато, голем интерес покажувале многу литературни творци, филозофи, научници, државници и педагози кои во своите патеписи, историски и поетски дела и филозофски расправи оставиле мошне вредни мисли и идеи. Така познати се записите на Платон, Аристотел, Лукијан, Плутарх, Ксенофан, Херодот, а од подоцна на Рабле, Монтењ, Лок, Русо, Коменски, Песталоци, Белински и други. Постојат и многубројни материјални остатоци (цртежи, скулптури, слики, археолошки ископини, објекти и реквизити за физичкото воспитание) кои се истражувале од историчари на уметноста и археолози. Значителен придонес во развојот на историјата на физичкото воспитание се и истражувањата во областа на традициите кои ги вршат голем број етнолози. Големата акумулација на информации и сознанија за физичкото воспитание, овозможува сосема релевантно да се заклучува за неговиот настанок, развојните промени и општите карактеристики.

Историскиот развој на физичкото воспитание најчесто се следи по етапи кои се карактеристични за развојот на општеството во целина. Современата историографија ја интерпретира историјата на општеството низ пет етапи од неговиот развој. Секоја од нив се карактеризира со одреден степен на развој на производните сили и општествените односи кои ја одредуваат севкупната општествена активност на луѓето. Во сите етапи од развојот на општеството, активноста на луѓето во областа на физичкото воспитание многу се разликувала. Оттука, во развојот на човечкото општество физичкото воспитание во општото педагошко дејствување во различните општествени етапи имало различни карактеристики и задачи.

3.1. Физичкото воспитание во старогрчката и римската педагошка теорија

Во родовското општество во кое воспитанието, главно, се состоело во навикнување на децата на работа и во освојување работни умеења и навики, неможе да се зборува за некое посебно физичко воспитание. Младите се учат на такви движења и телесни активности кои се поврзани со секојдневната работа и животни потреби. Целото воспитание произлегувало од процесот на работењето. Како што трудот е подеднаква обврска за сите членови на заедницата, така и воспитанието е општо, еднакво за сите. Инстиктот и борбата за опстанок го принудувале човекот да ги одржува и да ги јакне сопствените телесни сили и способности и за животот да се подготвува од најраното детство. Силните и динамички активности на работата, ловот и борбата се решавачки фактор за јакнење на телото и за развивање на способностите. Детето се учи на тие активности низ игра со мотив за работа, лов и борба, несвесно и неорганизирано. Ова воспитание е единствено за сите, бидејќи и улогите биле слични, со исклучок на половите кои можеби единствено имале некакво значење во поделбата на работата. Стравот од непознатите природни појави, од болести и смртта, создава верувања и однесувања, мрачните сили, а подоцна и боговите да се одоброволуваат со магиска игра. Од најстарите времиња религиските обичаи ги следат молитвени, митски, сакрално-култски игри, а често и екстатични (со религиско-мистичен карактер).

Со развојот на првобитната заедница се усложнуваат и меѓучовечките односи, се создаваат традиции и обичаи. Членовите на општеството се воспитуваат во духот на новонастанатите традиции и обичаи. Настануваат обичајни и обредни игри (свадбени, погребни, забавни, гозбени).

За формите и содржините на физичкото воспитание во овој период постојат најмалку пишувани извори. Заклучоци се изведуваат врз основа на некои цртежи на пештерските ѕидови или во гробниците. Најсигурни податоци се добиваат од етнолошките истражувања на традициите и обичаите на племенски групи кои и денес постојат по прашумите на Амазон, Јава, Суматра, Австралија и Африка.

Со сигурност може да се тврди дека во овој период не постоело организирано физичкото воспитание, туку дека тоа било стихијно и дека најчест негов вид била играта - религиска, обредна и забавна чија улога била во подготовката за работа, лов и борба.[64]

Усовршувањето на средства за работа довело до поголема поделба на трудот, до појава на приватната сопственост и до раслојување на општеството на две основни класи: класа на робовладетели и

[64] Janković, V.: (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, Pedagoško književni zbor, str. 6 i 7.

класа на робови. За да се заштитат и одбранат интересите на владеачката класа, формирана е државата. Ова општество се карактеризира со поголема организираност на јавниот и општествениот живот со почетоци на организирани форми на воспитание, а во тие рамки и со физичко воспитание.

За физичкото воспитание во робовладетелското општество дознаваме врз основа на историските докази од Стар Египет, Персија, Индија, Кина, Грција и Рим за кои постојат изобилство извори.

Така, во Стар Египет уште пред пет илјади години биле познати вежби на трчање, фрлање копје, бумеранг, пливање, акробатски вежби, борачки вежби и игри (културски и церемонијални). Во Кина биле ценети вежбите за правилно држење на телото и работа на внатрешните органи, а посебно било препорачливо "здравственото капење". Играта била негувана само како детска активност. Во Персија, според кажувањето на Херодот, младите се обучувале да јаваат коњи, да погодуваат со стрела и да ја зборуваат вистината. Физичкото воспитание е посебно важно во старогрчките држави Спарта и Атина каде што тоа е безусловен дел, ако не и основен во воспитанието на младите. Во Спарта посебноста на физичкото воспитание се толкува така што робовладетелите со силата на оружјето го одржуваат и го зацврстуваат своето владеење.[65]

Самата организација на државата влијае врз создавање специфичен систем на воспитание во кој најзначајно место зазема физичкото воспитание. Воспитанието на децата на спартијанците се одвива под надзор на државата, од самото нивно раѓање. Државна комисија решава за тоа кој ќе живее. Болните машки деца веднаш по нивното раѓање се убивани. Здравите деца до својата 7 година растеле во своите домови, а потоа грижата за нив ја презема државата. Надзорот над нивното воспитание е доверен на посебни воспитувачи - педономи.[66]

Во посебни државни установи децата се учеле одредени физички вежби, музика и читање, но најмногу внимание му се придавало на физичкото воспитание. За нивното воспитание се користени многу сурови методи - од вежби по врел песок и топлото јужно сонце, пливање голи во студените води на реката Еурота, без доволно храна и облека. Физичкото вежбање се состои од повеќе облици трчање, скокови, фрлање, борење и тупаничење како и од одредени војнички вежби. Децата се мачени на најразлични начини за да навикнат на покорност и издржливост.[67]

---

[65] Herodot, (исто, str. 6).
[66] Исто, стр. 7.
[67] Исто, стр. 8.

До наполнувањето на 14 години системот на физичко воспитание бил построг, со цел челичење на организмот, потоа се минувало во редот на еирени, продолжувајќи и натаму со суровото воспитание, кое добивало сé поизразит војнички карактер. Тогаш веќе се добива право да се оди во сисиите (места за одмор, еден вид војнички машки клубови) каде што е дозволено да се слуша разговорот на возрасните, но во кој нема право да се учествува, што претставува и еден вид општествено воспитание.

Со навршени 18 години момчињата стапувале во редот на ефебите, а од државата добивале целосна војничка опрема, учествувале во ноќните походи т.н. криптии со цел да ги држат хелотите покорни. Тоа за младите ефеби претставувало практична сурова обука. По навршувањето на 20 години, младите ефеби станувале спартијанти, полноправни членови на државата.

Спарта е позната и по посебното воспитание на женските деца. И кај нив физичкото воспитание е основа на целокупното воспитание, со иста содржина како и кај машките деца. И девојчињата вежбале трчање, скокови, фрлање, борење и религиозни војнички игри, бидејќи како идни мајки на спартијатите требало да бидат здрави и силни.

Значи, целта на ваквиот војнички карактер на физичкото воспитание е да се постигне што подобра физичка подготвеност на идните воини кои треба да се одликуваат со брзина, сила, издржливост и подвижност и на тој начин да претставуваат способна војска која долго време е несовладлива.[68]

Во Атина, во културата и економијата се на повисок степен во споредба со Спарта. Воспитен идеал е хармоничниот развој на сите човечки сили и способности. Покрај умственото и музичкото образование, големо внимание се посветува и на физичкото воспитание како составен дел на сéвкупното воспитание.

Децата и младите се занимаваат со разновидни вежби (игри, пливање, трчање, фрлање диск и копје, борење и т.н.) во посебно уредени и организирани установи - палестри, што дословно значи: училиште за борби. Целта на ова воспитание се состоела во тоа кај децата да развие телесна убавина, сила и гипкост со тежнеење кон психофизичко совршенство и "КАЛОКАГАТИЈА".[69] Освен во палестрите, телесното воспитание е застапено и во гимназиите каде што побогатите родители ги испраќаат своите деца да учат под раководство на стручни учители.

---

[68] Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 24-25.

[69] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 57. (терминот "калокагатија" изведен е од зборовите "калос" што значи добро граден, физички силен и зборот "агатхос" што значи карактерен, вреден и паметен, односно"полн со врлини, морален и племенит").

Меѓутоа, таквото сестрано образование е наменето само за децата на сосема мал број робовладетели. Целите, содржината и организацијата на воспитанието, а со тоа и телесното вежбање, зависат од класната структура и државното уредување на Атина. За стара Грција и играта доживува свој процут. Се користат сакрално-културни, воени, обичајни имитациски, музичко забавни и уметнички игри. Позната и омилена била играта со топка. Не било непознато ни пливањето. Крајна цел на физичкото вежбање е создавање убав, силен и спретен Атињанин. Посебно значење им е давано и на натпреварувањата (агонистиката) што кулминирале во Олимписките игри.[70]

Античките олимписки игри претставуваат натпреварувања што се одржуваат во Олимпија секоја четврта година. Програмата на самите игри се дополнува со текот на времето. Во почетокот постои само една дисциплина - трчање на еден стадиј; потоа од 14-тите игри на два стадија, а од 15-тите на повеќе стадија. На 18-тите игри е воведено натпреварување во петобој (пентатлон) кој содржи - трчање на еден стадиј, фрлање копје и диск, скок во далечина и борење во стоечки став и посебна дисциплина борење во слободен стил. Подоцна се воведени тупаничење, трки со бојни коли, трчање со војничка опрема и друго. Во Игрите е воведено и натпреварување во уметност и сликарство, скулпторство, поезија, актерство, пеење, музика, ораторство, рецитирање Хомерови епови, телесна убавина, зачувување на виталноста на стари луѓе и слично. Натпреварите во трки со кочии и други дисциплини на коњски игри се воведени нешто подоцна.

По угледот на Олимписките игри се организирани и локални спортски натпреварувања со олимписки програми. Сите тие се со религиозен карактер, посветени на локални божества. Така биле познати Питајските (Делфијски) игри - посветени на богот Аполон, Панатенејските (Сеатински) игри - посветени на божицата Атина, Истлијските - посветени на богот Посејдон и Немејските игри - одржувани во Намаја на Пелопонез.

Несомнено, старогрчката систематизација на телесните вежбања одиграла голема улога во развојот на телесното воспитание и на физичката култура воопшто. Таа претставува појдовна основа за подоцнежните генерации во систематизираното телесно вежбање. Сите средства на телесно воспитание се поделени во две основни групи: гимнастика и агонистика.

Во првата група биле вклучени три подгрупи:

1. палестриката (петобој, пливање, панкратион, стрелање со лак и стрела и друго);

2. оркестрика (танци со музика, игри со топка и акробатски вежби); и

---

[70] Исто, стр. 56

3. детски игри (во рамките на семејството на возраст од 1-7 години - трчање, игри со топка и обрач, фрлање копје и диск и сл.).[71]

Во агонистиката (агон - натпреварување) се вклучени разни вежби за потребите на натпреварувачките дисциплини (атлетика, воjнички игри, боречки спортови, возење воени кочии и слично). Целокупниот Хеленски систем на телесни вежбања е познат под името античка гимнастика.[72]

Платон и ***Аристотел*** значително придонесле гимнастиката да стане елемент на општото, а не само на физичкото воспитание.

Платоновото значење за педагогијата се состои во тоа што тој почнал да пишува систематски за воспитанието, укажал на неговото општествено-политичка важност што придонесло за развој на идејата за предучилишно воспитание. Тој многу ги ценел детските игри, раскажувањето приказни и бајки. Познат е по своето барање децата по 7 годишна возраст да почнат со посетување на државните воспитни установи. Таму младите требало да се воспитуваат гимнастички (игри, танц, борење, логоровање, трчање, фрлање копје и диск, јавање и т.н.).[73]

Аристотел, спротивно од Платон, му дава примарно значење на физичкото воспитание како услов за вкупниот воспитен развој на младиот човек. И тој барал детето до 7 годишна возраст да расте и да се развива во своето семејство, притоа нагласувајќи го значењето на телесната нега, играта, приказните и околината во неговиот развој.[74] И во училишниот период, според него, треба да се посветува големо внимание на телесниот развој на детето, но во тоа да не се претерува, туку да се изнајде вистинската мерка, без некакви последици врз организмот кој е во период на развој и кој сé уште доволно не зајакнал. Телото не треба да стане ниту претерано атлетско, ниту премногу нежно.[75]

Овие двајца антички мислители со своите барања за хармоничен развој на младиот човек и со други идеи извршиле значајно влијание врз педагогијата на хуманизмот и ренесансата.

Грчкиот систем на телесно вежбање им е пример на Римјаните кои според него ги воспитувале своите млади превенствено подготвувајќи ги за добри војници. Игрите и другите видови физичко воспитание ги изведуваат повеќе во форма на забава, отколку како натпреварување. Циркуските игри кои собираат многубројна публика се многу ценети, а во нив учествуваат робови. "Panem et circenses"[76] е омилена поговорка кај Римјаните.

---

[71] Иванов, Д.: (1998), Историја на физичката култура, Скопје, БИГОСС, стр. 32-33.
[72] Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 32.
[73] Платон: (1960), Држава, Скопје, Култура, стр. 27.
[74] Аристотел: (1975), Никомахова етика, Београд, Нолит, стр. 55.
[75] Jovanović, V.: (1997), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, PKZ, str. 15.
[76] Латинска поговорка која во превод гласи: "Луѓето бараат само леб и циркуски претстави".

Најстари форми на телесни активности во Рим развиваат Етрурците. Тие се состоеле од трчање, фрлање диск и копје, скокови во далечина, борење, бокс, пливање, јавање и возење воени коли. Има и разни јавни игри кои им претходат на познатите циркуски игри. Сите тие се со ритуално-култски карактер. На Марсовото поле, крај Рим, се организирани разни вежбања на воени вештини составени од групни пешачења и трчања под воена опрема, мечување, јавање, борење и слично.

Физичкото воспитание во Рим се изведува по возрасни категории. Така, до 16-тата година децата го имитирале родителот во сите негови вежбања. Подоцна во време на царството, оваа улога ја преземаат одредени робови што предизвикало отпори кај некои членови од високите кругови. По 16-тата година, младите вежбаат на веќе споменатото Марсово поле, здружени во специфични здруженија (клубови) на млади Римјани - јувенти.

Игрите со топка се омилени во Рим. Ги играат сите слоеви насекаде - на плоштади, на улици, во термите. Организирани се игри во чест на одредени празници или значајни настани од историјата на Рим. Така се организирани Тројанските и Римските игри. Во VI век е изграден "Циркус максимус" со единствена цел да се организираат спортски приредби. Во него се одржувани трки со воени коли, борби на борачи, боксери, атлетичари, како и акробатски натпревари на коњи. Подоцна се организирани Капитолски игри со тенденција да се поистоветат со античките олимписки игри, но не добиле пошироко значење.[77]

Во Рим се организирани гладијаторски борби. Гладијаторите најчесто се осуденици, често варвари - војници доброволци, но некогаш и слободни луѓе кои сакале да се афирмираат. Постојат и примери каде што учествуваат осудени и осрамотени жени. За подготовки и обука на гладијаторите дури се формирани и посебни училишта раководени од специјални учители кои применувале најсурови методи.

Од тоа време познати се борбите на гладијатори и со диви sверови - бестијарии, како и борби на гладијатори на бродови - неумахии за што се градени и вештачки езера.

Сите овие облици на телесни активности се пренесувани во сите освоени територии, па така постојат објекти за вакви борби во Франција, Шпанија, Грција, и на други простори.

И во Индија многу се негуваат игрите, скоро исто колку и во Грција. Тие најчесто се молитвени и обичајни. Имаат значајна улога и во јавниот живот и воспитанието на владеечката класа - брамани и се во доменот на дворското воспитание. Во Индија од најстари времиња се изведувани "јога" вежбите. Тие опфаќаат и физички и ментални вежби чија цел е запознавање и владеење со телесните и психичките функции.

---

[77] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 114-115.

Од тој период датираат и првите објекти наменети за физичкото воспитание: гимназиуми и стадиони во Античка Грција, circus maksimus и термите во Рим, како и првите реквизити.

Може да се заклучи дека физичкото воспитание е многу присутно во општествената практика на владејачката класа. Неговите цели и задачи се најразлични, а најчесто се во функција на воени, религиозни, духовни и здравствени потреби. Многу од придобивките на античкото физичко воспитание, Кинеските здравствени и индиските "јога" вежби се пример и поттик за развој на слични видови на физичко воспитание во подоцнежните периоди.

2.2. Физичкото воспитание во средновековната педагогија

Со пропаѓањето на Западното Римско Царство почнува феудалниот период во кој што целокупниот општествен живот е под силно влијание на владејачката класа, црквата и благородништвото.

Под влијание на црквата, која има негативен став за телото и сé што е телесно, потиснуван е античкиот идеал за хармонија на телото и духот, односно за психо-физичка хармонија. Организираното негување на физичката сила и способност се спроведува само во воспитанието на благородништвото за витези и војници. Воспитанието на витезите е од дворски тип а негова главна содржина се седум витешки вештини (јавање, мечување, лов, пливање, фрлање копје, шах и друго).

Физичкото воспитание на градското население и на селанството е неорганизирано и стихијно, но неможе да се каже дека не постои. Природните начини на телесното вежбање се мошне присутни. Тоа се: трчањето, борењето, фрлањето камен, скоковите и различните градско-еснафски народни игри. Најчести пригоди кога градското и селското население манифестира телесни активности се црковните собири, еснафските забави, жетвените и други свечености, така што тие добиваат забавно-натпреварувачки карактер.

Во почетокот на XIV век, под влијание на економското јакнење на граѓанскиот сталеж, развојот на трговијата, стопанството и техниката, големите географски и научни откритија, се јавува движење против мрачниот аскетизам на средниот век. Новите погледи на светот содржани во хуманизмот ја подигнуваат улогата на личноста на човекот прогласувајќи ги за животни принципи радоста, почитувањето на природата и нејзините убавини и творештвото.

Со појавата на хуманизмот и на личности какви што се Ф. Рабле, Ј. А. Коменски, Џ. Лок, М. Монтењ, Ж. Ж. Русо и Песталоци се раѓаат идеи за реафирмација на античките вредности и идеали при што посебно е нагласена потребата за грижа на телото. Тие ја истакнуваат

неопходноста со помош на телесните вежби да се зголемува отпорноста на телото, а со самото тоа да се зголемуваат умствените способности и да се јакне духот.

Италија е колевката на хуманизмот и ренесансата за што придонесува богатството на градовите во нејзиниот северен дел. За најголем практичар на хуманистичката педагогија се смета ***Витторие да Фелтре*** (1378-1477), познат по неговата школа наречена "Casa giokosa" или "Дом на радоста". Младите ги воспитувал со вистинска човечка нежност, иако во духот на строгиот морал кој го ценел повеќе од знаењето, што е карактеристично за хуманистичката педагогија. Позната е неговата мисла: "Подобро е убаво да се живее отколку убаво да се пишува".[78]

За јакнење на телото тој посебно внимание посветувал на телесното воспитание (трчање, скокање, борење, мечување, стрелање со лак и стрела, јавање, пливање).

Во италијанската хуманистичка педагогија истакнато место зазема и ***Мафео Вега*** со најпознатото негово дело "За воспитанието на децата и нивните убави обичаи". Тој кога говори за моралното воспитание, истакнувајќи го значењето на примерот и големото влијание на мајката врз децата, но и со почитувањето на личноста на детето, ја нагласува големата важност на гимнастиката.

Во Франција во тој период се појавува ***Франсоа Рабле*** (1494-1553) кој остро го критикува феудалниот воспитен систем и се залага за проучување на природните науки, нагледност во наставата и поврзување на теоријата со практиката. Тој му придава големо значење на физичкото воспитание како фактор за развивање на подвижноста и на телесните способности, а за постигнување на оваа цел ги препорачува скокањето, пливањето, веслањето и фрлањето.

Рабле револуционерно се залага за нов систем на воспитание и настава што може да се види и од неговото познато дело " Гаргатуа и Пантагриел". Тој решително го отфрла сето она што го спречува слободниот развој на човековата активност. Човекот во суштина не е лош; напротив, по природа има добри особини, заради тоа воспитанието на детето треба да ги развива сите негови можности и телесни и духовни. Неговиот херој Гаргантуа го поминува детството во "пиење, јадење и спиење; во јадење, пиење и спиење; во спиење, пиење и јадење"[79]

Меѓу француските хуманисти кои со своите дела се осврнуваат врз физичкото воспитание спаѓа и ***Мишел Монтењ*** (1533-1592). Своите погледи за физичкото воспитание ги изнесува во делото "Essais" или есеј "За воспитанието" што значи проби - експерименти.

---

[78] Жлебник, Л.: (1962), Општа историја школства и педагошких идеја, Београд, Научна книга, стр. 43.
[79] Табаци из историје педагогике, (1947), Београд, Просвета, стр. 36 (табаци се скратен превод од Историја на педагогијата од Ш. И. Ганелин и Е. Ј. Галант, 1940).

Тој се залага за постигнување хармонија меѓу интелектуалното и физичкото воспитание. Залагањето за градење целосна личност го изразува со мисли кои и денес се актуелни каква што е на пример и следнава: "Не одгледуваме душа, не одгледуваме тело, туку човек".[80] По пат на телесни вежбања потребно е, пред сé, да се постигне телесна отпорност, бидејќи не е доволно да се зацврсти духот, туку мора да се зајакнат и мускулите и телото. Духот ќе потклекне пред тешкотиите, доколку телото не му помага, смета Монтењ.

Хиеронимус Меркулиалис (1530-1606), лекар и универзитетски професор во Болоња и Падова, му посветува големо внимание на физичкото воспитание од здравствена гледна точка. Тој силно се залага телесното вежбање да се прошири меѓу широките народни маси. Своите мисли ги црпи од делата на старите класици, особено од Гален. Негови главни принципи се дека телесното вежбање мора да биде сестрано и дека основна задача е јакнење на телото и подобрување на здравјето. Во своето дело од шест тетратки "De arte gymnastica" теориски го обработува проблемот на телесното вежбање. Ова негово дело може да се смета за прв обид за прикажување на физичкото воспитание како составен дел на општото воспитание.[81]

Меѓу социјал-утопистите забележителни се педагошките размисли на Томас Мор и Томазо Кампанела.

Томас Мор (1478-1535) во "Утопија"[82] расправа и за телесното воспитание. Тој големо значење им придава на гимнастиката и на воените вежби.

Томазо Кампанела е филозоф, хуманист кој живее и работи во Италија во XVII век кога таа доживува значајна преобразба на економски и духовен план. Во "Градот на сонцето"[83] ги анализира бракот и семејството, укажувајќи при тоа на потребата од рамноправност во воспитанието на обата пола. Посебни службеници треба да водат грижа за тоа кој со кого ќе стапи во брак, односно со каков физички статус. "Ниедна жена не треба да стапува во полови односи со маж додека не наполни 20 години, ниту на мажот му се дозволува да создава потомство пред 21 година, па дури и подоцна, ако е со слаба телесена градба".[84] Жителите на "Градот на сонцето" сметаат дека детето му припаѓа на општеството и затоа воспитанието треба тоа да го организира. Се нагласува и значењето на воспитанието на родителите, а особено на идната мајка, при што посебно внимание се посветува на нејзиното физичко воспитание.

---

[80] Монтењ, М.: (1922), О васпитању или како се постаје човек, во книгата: Монтењеви погледи, Скопје, стр. 94.
[81] Merculialis, H.: "De artre gymnastika" преку Jovanović, V.: (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, PKZ, str. 16.
[82] Мор, Т.: (1991), Утопија, Београд, Просвета, стр. 195.
[83] Кампанела, Т.: (1953), Град сунца, Београд, Просвета, стр. 119-120.
[84] Исто, стр. 24.

Педагошката концепција во целина и концепцијата за физичкото воспитание посебно, кај Кампанела произлегува од поставеноста, целите и задачите на општествената заедница и е во функција на унапредување на животот на секој нејзин член.

Како голем поборник за физичкото воспитание во XVI век заслужува да биде спомнат и англискиот научник ***Френцис Бекон*** (1561-1626) кој ги создава темелите на новите гледања за животот во Англија врз материјалистичките филозофски основи. За педагогијата е посебно значајно неговото учење дека човечкото сознание започнува од осетите. Со тоа е зададен решавачкиот удар на средновековната теорија на сознанието која говори за вродени идеи. Како голем мислител Бекон, во своите дела го истакнува позитивното физиолошко и педагошко значење и дејствување на физичкото воспитание.

2.3. Третманот на физичкото воспитание во граѓанската педагогија

Теориските решенија, концепцијата и остварувањето на воспитанието, а особено на физичкото воспитание, се наоѓаат во непосредна зависност од општествените и политичките односи во граѓанското општество. Периодот на XVII и XVIII век се карактеризира со многу внатрешни противречности и неминовности во развојот. Во прв ред, тоа е период во кој се развиваат капиталистичките односи. Во Западна Европа, по тешките револуционерни конфликти со феудализмот, буржоазијата станува водечка општествена сила. Меѓутоа, буржоаскиот подем не се одвива во сите земји во истовреме, но ниту насекаде подеднакво. Тоа зависи, пред сé, од степенот на нивниот економски развој.

Развитокот на идејата за физичкото воспитание во буржоаската педагошка мисла и практика во нашево истражување ќе го проследиме преку анализирање на позицијата и интересите на буржоаската класа, на политиката што таа ја води и воспитанието што го организира. За таа цел, ќе се осврнеме врз учењето на Ј. А. Коменски, англиските мислители од XVII век, педагошките идеи на Ж. Ж. Русо, учењето на познатиот филантропист Ј. Б. Баседов, сé до педагошката концепција на Ј. Х. Песталоци, кога идејата за физичкото воспитание се поврзува со револуционерните прогресивни настојувања на граѓанската класа, до моментот кога буржоазијата ја зајакнува својата позиција на експлоататорска класа.

Развојот на теоријата на физичкото воспитание во XIX век ќе ја проследиме преку презентирањето на мислите и заложбите на Маркс и Енгелс, големите руски педагози Чернишевски и Лесгаф, педагошките концепции на англискиот претставник за создавање на

нов правец во физичкото воспитание Спенсер и преку појавата на организираните гимнастички движења (шведскиот, германскиот, францускиот и чешкиот гимнастички систем и работничкото спортско движење).

Со своите сфаќања за смислата на животот и за природата на човекот и човечката заедница, со непоштедната критика на средновековното училиште, хуманистите, директно или индиректно, создадоа основа за развој на идејата за физичкото воспитание.

Мошне значајна за развитокот на идејата за физичкото воспитание е педагошката концепција на ***Ј. А. Коменски*** (1592-1670). Неговите педагошки сфаќања се развиваат под влијание на ренесансната педагогија и ренесансниот животен оптимизам, на тогашните верски секти и Беконовата филозофија. Затоа во своето педагошко дело Коменски настојува да ги обедини сензуалистичкиот материјализам и теолошкиот идеализам. Овие настојувања довеле до тоа неговите педагошки погледи да не бидат секогаш доследни, да бидат компромисни и често противречни во обидот да се спои она што е неспоиво.[85]

Меѓутоа, и покрај ваквите недоследности, тој е педагошки класик кој гледа визионерски, неговиот човек е жив и совршен. "Човекот е најсовршеното суштество, а воспитанието го формира во целокупното негово битие со цел да го подготви за вечен живот. Оваа подготовка се состои во усвојување на науката, моралот и верското чувствување. Вирусот на сето тоа се наоѓа во човекот, потребно е само да се развие, а затоа во прв ред е потребно: умно, морално и верско воспитание".[86]

Според Коменски, "воспитанието е доживотна категорија, но најмногу внимание му придава на основното образование, на таканаречените јавни школи во кои се изучуваат читање, пишување, аритметика со елементи на геометрија, природни науки, земјопис, веронаука, рачна работа и пеење".[87]

Коменски е прв кој во општото воспитание го сместува и телесното вежбање под кое подразбира разни видови движења, разборит начин на живеење, умереност во исхраната, квалитетна храна, работа и одмор. Своите погледи за физичкото воспитание ги изнесува во своето дело "Magna didactica" што во превод значи "Голема дидактика". "Децата мораат секојдневно да се движат, а најсоодветен облик на движење е играта. За таа цел мора да се обезбеди доволно простор за игралиште, а целата таа работа треба да се спроведе под нечија контрола". Во играта, според Коменски, главни се средствата кои тој ги наведува во "Orbis pictus" ("Светот во слики"). За играта тој

---

[85] Поткоњак, Н.: (1954), Радно и политехничко васпитање, Књига прва, Београд, Просвета, стр. 240.
[86] Жлебник, Л.: (1962), Општа историја школства и педагошких идеја, Београд, Научна книга, стр. 59.
[87] Исто, стр. 61.

вели дека е вежбање на телото и духот и придава големо воспитно значење. Играта развива другарство, смисла за ред и дисциплина, желба за победа, пријатност и задоволство. Коменски е против борењето поради неговата суровост и против пливањето поради опасностите што тоа ги носи со себе. Негова голема заслуга е тоа што физичкото воспитание го прикажува како значајна педагошка дејност.[88]

XVII век во Англија го издвојуваме како посебен дел во проследувањето на идејата за основите на физичкото воспитание. Тоа го правиме од причина што тоа е време на промени во целокупниот општествен живот: економијата, трговијата, науката, уметноста, книжевноста, филозофијата и друго. Граѓанската класа сé поорганизирано настапува во борбата против апсолутизмот на кралот, феудалното благородништво и црквата. Англија во тој период доживува револуција во која се здружиле буржоазијата со новото благородништво против феудалниот поредок. Таа револуција значи победа на парламентарниот систем, а со тоа и јакнење на општествената позиција на буржоазијата.[89]

Секако ова бурно столетие во кое се случиле, многу радикални промени во Англија и пошироко во Европа, било неможно да мине без силни духовни движења. Економската политичка борба на бужоазијата ја следи идејна борба против феудалната идеологија. Така се раѓа нова граѓанска култура, се менува целокупната општествена свест, доаѓа до промени во науката, филозофијата, уметноста, во моралните, правните, социјалните и политичките погледи. И религијата ја зафаќа нов дух; се појавуваат кривоверството, атеизмот и верските секти.

Паралелно со силниот економско-политички и културен развој на младата буржоазија, се формира и нова педагогија - нова педагошка теориска мисла и практика.

Од педагошките класици во овој период кои се занимаваат со проблемот на физичкото воспитание посебно се истакнува ***Џон Лок*** (1632-1704). Тој е еден од најголемите филозофи на неговото време и основач на емпириската филозофија според која сите знаења се резултат на искуството, односно на сетилата. Посебно внимание и посветил на релацијата здравјето на луѓето и воспитанието. Со своите научни погледи, извршил големо влијание врз политиката, филозофијата, воспитанието, литературата и врз другите сфери на културниот и општествениот живот во времето во кое живеел и создавал.

Своите педагошки погледи Лок ги изнесува во познатите дела "Мисли за воспитанието" и "За воспитание на разумот". Согласно своите социјално-филозофски погледи, тој смета дека задачата на воспитанието се состои во тоа да му овозможи на воспитаникот да

---

[88] Коменски, Ј. А.: (1954), Велика дидактика, Београд, Савез педагошких друштава Југославије.
[89] Енгелс, Ф.: (1957), Развитак социјализма од утопије до науке, Београд, Култура, стр. 24-25.

стекне искуства неопходни за практична работа и да формира од него силен и мудар човек, дружељубив и во работата вешт "џентлмен". Во своето најпознато дело "Мисли за воспитанието", наменето за воспитанието на џентлмените, односно за децата на богатите сталежи, Лок се задржува на проблемите на физичкото, моралното, интелектуалното и професионалното воспитание.

Физичкиот развиток, според него, е основа за целокупната воспитна работа. Тој е првиот педагог од тоа време што детално ја обработува теоријата на физичкото воспитание. Го поддржува принципот "Здрав дух - во здраво тело" и бара децата да имаат цврсто тело, а за да го постигне тоа, тие секој ден и во секое годишно време треба да бидат на воздух, храната да биде едноставна, без јаки зачини и опојни пијалоци. Детето треба да легнува рано и рано да станува. Многу се корисни и детските игри на свеж воздух.[90]

"Цврст и мудар човек, истакнува Лок, е повеќе вреден од најголем научник".[91] Воспитувачот мора да биде светски образован, да поседува способности за совладување на проблемите, да биде чесен и со воспитаниците да постапува како со возрасни, односно да ги почитува. Сите тие упатства ги смета за многу значајни и се залага за нивна целосна примена при телесното вежбање. Физичкото воспитание треба да се одвива на свеж воздух и сонце, и да резултира со зголемување на отпорноста и постигнување извежбаност на телото. Но, Лок на физичкото воспитание му придава и други задачи: создавање и јакнење на волјата, развивање свест за должност и разборитост. Со други зборови, телесното вежбање мора со своите средства да ја развива не само телесната, туку и моралната и интелектуалната способност. Како главни средства за остварување на тие цели ги наведува пливањето, јавањето и мечувањето. Исто така, тој нагласува дека: "учењето на занаетите за децата од богатите слоеви е во функција на нивниот одмор и разонода, и во корисно осмислување на нивното слободно време; а во спротивно, тоа би било исполнето со штетни активности - играње карти, пијанчење и слично".[92]

Локовите "Мисли за воспитанието" одиграле значајна улога во развитокот на педагошката теорија и воспитната практика во XVIII век. Неговото напредно учење за непостоење вродени идеи, за сетилните основи на сознанието, за можностите на воспитанието, а особено на физичкото*, извршило големо влијание врз Русо и кај француските просветители. (* подвлекол Ѓ. М.)

Верувањето во природата (позната е неговата девиза "Назад кон природата") и слободата се основа на неговите гледишта за културата и воспитанието. Тие и многу други негови принципи прет-

---

[90] Лок, Џ.: (1967), Мисли о васпитању, Београд, Завод за издавање уџбеника СР Србије, стр. 176.
[91] Исто, стр. 96.
[92] Исто, стр. 75.

ставуваат пресвртница во тогашните сфаќања и имаат огромно влијание врз формирањето на погледите за животот не само во Франција, туку и пошироко во светот.

Со право, посебно место во оваа анализа ќе му посветиме на ***Ж. Ж. Русо*** во чија педагошка концепција значајна улога има физичкото воспитание.

Ж. Ж. Русо (1712-1778) спаѓа меѓу најголемите мислители во Франција во XVIII век. Тој со своите погледи извршил големо влијание не само меѓу своите современици, туку и на многу други теоретичари на педагошката мисла и подоцна. Во педагогијата делумно ја продолжува сензуалистичката традиција на Џон Лок, а делумно и на свој сопствен начин протестира против средновековното воспитание. Во центарот на воспитната работа го поставува детето, неговите психички и развојни карактеристики. Останува на гледиштето на сензуализмот и деизмот, а се спротивставува на рационализмот на свој оригинален начин.

Овој филозоф и педагог на француската револуција, како што некои го нарекуваат, длабоко верувал дека со воспитанието може многу да се постигне, меѓутоа, нагласувал дека воспитанието мора да биде слободно и природно.

Како поборник на природното воспитание, Русо се занимавал и со прашањата на физичкото воспитание. Своите темелни размислувања за физичкото воспитание, кои се спротивни на средновековните сфаќања, ги изнесува во педагошкото дело "Емил или за воспитанието". Во него меѓу другото, вели: "Вежбајте го телото на момчето. Голема заблуда е ако некој вели дека тоа му пречи на психичкиот развој. Телесните вежби се потребни за развој на чувствата и на човековата свест која со нив е поврзана. Телото е основа за интелектуалните способности и орудие на духот. Затоа, тоа мора да биде здраво и силно".[93] Неговите гледишта тргнуваат од трајното единство на човековото тело и дух, што мора да остане императив во сите стадиуми и облици на воспитанието. Физичките и психичките активности не смеат да се сметаат како нешто што постои едно покрај друго, или што следи едно по друго, туку нешто што постои едно во друго. Средствата на физичкото вежбање, според Русо, треба да бидат што поприродни, какви што се на пример, пливањето, трчањето, скокањето и игрите. Тој се залага за примена на физичкото воспитание и кај девојчињата, но со напомена дека кај нив треба да се развива не толку силата, колку естетската страна на движењето.

Според него, на физичкото вежбање мора да му се посвети внимание од најраната возраст, најнапред од раѓањето па до втората година, како прв степен од развојот на детето. Тоа претставува период на сетилни впечатоци, пријатни и непријатни, во кој детето ја чувствува само својата немоќ што се изразува преку плачење и солзи, период на

[93] Русо, Ж. Ж.: (1950), Емил или о васпитању, Београд, Просвета, стр. 33.

физичка нега што завршува со говорот на детето. За оваа фаза Русо им дава многу упатства на мајките, за тоа како да ги негуваат бебињата: не треба да се стегаат со повои поради тоа што детето ги доживува како мачење и друго. Препорачува и кога мајките треба да престанат со доење на своите деца, говори за првите заби и т.н. Исто така, Русо истакнува дека родителите сами треба да ги воспитуваат своите деца, што значи и татковците. Во таа смисла тој вели: "кој не може да ги исполнува должностите на татко , нема право да биде татко". За овој степен од развојот на детето е потребно физичко јакнење на детето, а исто така и навикнување да умее да се откажува од одделни нешта. Во овој период, Русо бара многу и од воспитувачот. Тој, пред сé, мора и самиот да биде човек, односно добро воспитан и паметен, да му служи како пример на својот воспитаник и да му биде пријател и другар.[94]

Вториот степен во развојот на детето е од втората до дванаесеттата година. Тоа е период на развивање на сетилата и на телесните способности кај детето. Се смета дека Русо е прв во историјата на педагошката наука кој дал посебни упатства за воспитание на сетилата. Во тој период од животот е потребно да се продолжи со физичкото воспитание во вид на прошетки, работа во градината и слично.[95]

Период од дванаесеттата до петнаесеттата година, го карактеризираат интелектуалниот развој и работата на детето. Тие поволно влијаат врз физичкиот развој, исто како што и физичкото воспитание е подготовка за интелектуален подем и за работа.

Од петнаесеттата година особена важност добиваат моралното и сексуалното воспитание. Наспроти вештачките поделби, Русо нагласува дека физичкото воспитание не смее да се одделува од интелектуалното, моралното и естетското воспитание.[96]

Многу од мислите на Русо не го изгубиле своето значење и актуелност ни во современата педагогија. Така, проф. Е. Н. Петров, разгледувајќи ги воспитните идеи на Русо, наведува: "Советската педагогија ги смета здрави и корисни мислите на Русо за важноста и за улогата на физичкото воспитание и за примената на неговите средства во текот на развојот, како и за неразделната врска меѓу физичката и умствената настава во сите етапи од воспитанието".[97]

За развитокот на историско-теориските основи на физичкото воспитание посебно значење во XVIII век во Франција имаат ставовите изнесени во педагошкиот проект на ***Мишел Лепелтје*** (1760-1793). Неговите сфаќања се засноваат врз потребата воспитанието да се одвои од црквата и да се променат неговиот карактер и содржина. Фундамент на неговите настојувања претставува принципот за

---

[94] Исто, стр. 35.
[95] Исто, стр. 36.
[96] Исто, стр. 37.
[97] Janković, V.: (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, Pedagoško književni zbor, str. 11.

еднаквост на воспитанието на сите луѓе што произлегува од основните принципи на француската буржоаска револуција: еднаквост - слобода - братство.

Лепелтје во својот педагошки проект му придава посебно значење на физичкото воспитание. Тој смета дека основна задача на воспитанието е формирање "силно, трудољубиво, дисциплинирано и чесно поколение-воспитание на вистински републиканци и демократи. Единствено однесување, единствена храча, единствена настава, не во смисла на некаква апстракна теорија, туку во облик на вистински факти".[98]

Меѓу основните средства преку кои треба да се остваруваат задачите на физичкото воспитание тој ја вбројува физичката работа. Смета дека со физичката работа треба да се занимаваат сите деца, и тоа: машките од петтата до дванаесеттата година, а женските од петтата до единаесеттата година. Физичката работа претставува услов за стекнување на работни навики.

Во таа смисла Лепелтје, вклучувањето на учениците во работни активности го предлага за да се постигне "воспитание од важност во започнувањето на тешката работа, енергија во нејзиното извршување, цврстина во нејзиното спроведување, упорност во доведувањето на работата до крај", способности кои тој ги смета за основни особини на "трудољубивиот човек".[99]

Од француските просветители во XVIII век со своите идеи за развојот на теоријата на физичкото воспитание се издвојува и ***Хелвециус*** (1715-1771). Според него, "сите луѓе се раѓаат со еднакви психички способности. Воспитанието од нас создава она што сме. Разликите меѓу луѓето се последица од разликите во нивното воспитание. Човекот се раѓа без идеи, без страсти. За своето образование и карактерот тој им должи исклучиво на условите во кои живее". За воспитанието ништо не е неможно, тоа и мечката може да ја натера да игра.[100]

Тој за физичкото воспитание истакнува дека "тоа го јакне човекот, го прави посилен и поздрав, покорисен за неговата татковина, односно поспособен за различните должности на кои може да го повикуваат општествените интереси".[101] Затоа препорачува секојдневно да бидат застапени физичките вежби, а во училиштата да има гимнастички игралишта и да се организираат натпревари.

Напредните принципи на Ж. Ж. Русо на подрачјето на воспитанието наоѓаат свои следбеници и во Германија, во групата на филантрописти чиј главен претставник е ***Јохан Бернард Беседов*** (1724-

---

[98] Табаци из историје педагогике, (1947), Београд, Просвета, стр. 90.

[99] Franković, D: (1951), Pedagoški projekti francuske buržoaske revolucije, Zagreb, Pedagoško-književni zbor, str. 50 - 58.

[100] Хелвециус,: (1951) О човеку, његових умних способностима и његовом воспитању, Београд, Просвета, стр. 83.

[101] Исто, стр. 84.

1790). Тие бараат почовечно постапување со младите, бидејќи стегите се премногу остри и сурови. Исто така, филантропите на телесното вежбање гледаат како на форма која за разлика од мислењата на претходните теоретичари, треба да биде достапна на поголем број луѓе.

Беседов го формира првиот воспитен завод наречен ***филантропиум***. Оваа институција вршела силно влијание врз унапредувањето на педагошките методи во воспитанието на луѓето. Основен принцип во филантропиумот е развивањето на природните особини кај децата со природни методи. На тој начин се задоволуваат природните биолошки потреби. Движењето, според него, е основна форма манифестирана преку игри, трчање, скокање, борење, качување и слично. Ја истакнува и потребата од лесно облекување и одржување на телесната хигиена. Кај овие телесни активности како средства се употребуваат природни справи, а нешто подоцна се конструираат и посебни справи. Во филантропиумот младите дневно вежбаат по два до три часа, а биле организирани и логорувања од 2 - 3 месеци со пловење по река.

Вежбањето на справи е систематизирано со вежбите во петобој составени од трчање, скокање, качување по јаже, носење товар и одржување рамнотежа. Ваквата систематизација на вежбите силно влијае за појавата на физичкото воспитание во редовните училишта.[102]

Значаен теоретичар - филантроп во тоа време е и ***Јохан Ф. ГУТС-МУТС*** (1759-1839).[103] Тој ја создава модерната систематизација на телесното вежбање во Салзмановиот филантропиум во Шнефентал - Германија. Во делото "Гимнастика за младите" (1793) ги опишува целите, задачите и полезноста на телесното вежбање. Вежбите ги систематизирал во вистински гимнастички вежби (скокање, трчање, фрлање, качување, борење, балансирање, кревање товар, танц и други); рачни работи и општествени игри за младите.

Според изборот на средствата на физичкото воспитание и начинот на работата, филантропите се изразити толкувачи на принципите на Русо за природноста на воспитанието.

Посебен простор во нашата анализа му посветуваме и на учењето на ***Ј. Х. Песталоци*** (1646-1727) швајцарски педагог, претставник на новохуманистичкиот правец.

Тој е основач на училишната педагогија, и е пример на голем воспитувач во практиката, на истражувач и визионер во теоријата, учител на сиромасите и на народот воопшто. Отворил повеќе училишта за сиромашните деца од интернатски тип во Нојхов (1774-1780), Станц (1798-1799), Бургдорф (1800-1804) и Ивердун (1805-1825).

---

[102] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 158-161.

[103] МУТС, Г. Х.: (1987), "Гимнастика за младеж", (според Илиќ, С.: Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 162-169)

Физичкото, интелектуалното, моралното и работното воспитание за Песталоци претставуваат една целина и се остваруваат преку учењето, работата, гимнастиката и играта, како кохерентен систем кој води кон целосен развиток на личноста. Од друга страна физичкото и умното и работното воспитание ги става во функција на моралното воспитание. Според него, работното воспитание мора да биде засновано врз "силата на рацете", "силата на умот" и "силата на срцето". Развиените умни, физички и морални способности и вештини претставуваат претходна подготовка за оспособување на децата за работа.[104] Значењето на телесното вежбање кај Песталоци произлегува од барањата за хармоничен развој на сите сили на човекот. Според тоа, телесното вежбање е дел од целокупното воспитание "Детето е неразделна целина од срцето, духот и телото. Оттаму следува потребата за воспитанието: 1. срцето (морал, карактер), 2. духот (интелектуалните способности) и 3. телото".[105] Со таквиот приод овој голем педагог бара телесното вежбање да стане средство за развивање на интелектуалните, моралните и естетските вредности кај човекот. На телесното вежбање, тој му ги поставува следниве задачи: 1. развивање на телесната сила и подвижност; 2. запознавање со различните употреби на сопственото тело; 3. развивање на естетските облици; и 4. морално воспитание.

Како средства на телесното вежбање Песталоци ги применува: игрите, пливањето, мечувањето и за прв пат лизгањето. Тој доследно го применува во целосна смисла и значење телесното вежбање во наставата со своето методско начело: од полесно кон потешко, од поедноставно кон посложено. Со тоа овој педагог станува аналитичар на движењата и основач на "елементарната гимнастика", гимнастика на зглобовите и на простите вежби. Како систематичар и методичар, постепено ги разработува движењата ча главата, рацете, трупот, нозете во сите можни положби. Таков начин на работа со изобилство формалистички движења го поткрепува со тоа што тврди дека детето може да се движи само со помош на зглобовите, бидејќи сите движења се вежби на зглобовите. Со ваква систематичност подоцна се зафатиле и други составувачи на училишни гимнастички програми.[106]

Во овој период голема заслуга за развојот на идејата на физичкото воспитание има и германскиот педагог ***Фридрих Фребел*** (1782-1852).

Во својата педагошка концепција посебно внимание им придава на прашањата за содржината и методите на работа во забавиште кои ги развива во заокружен и детално разработен систем. Тој посебно го истакнува значењето на играта која, според него, е

---

[104] Песталоци, J. X.: (1961-1965), Изабраниы педагогические производения в игрех, томах I - III, Москва, том I, стр. 150.
[105] Исто, стр. 151.
[106] Исто, стр. 152.

основа во предучилишното воспитание на децата. Таа претставува своеviден зачеток на сестраниот иден детски живот и развој, бидејќи служи како средство за сознавање, ги развива детската солидарност, творештво и фантазија. Исто така, таа е и извор на радоста затоа што одговара на детската природа. Задача на воспитанието е, во овој перод на детскиот развој, преку играта да се негува сé она што природата му го дала на детето. За таа цел, овој самопрегорен педагог создава систем на таканаречени "ПОДАРОЦИ", кои треба да и помогнат на мајката во воспитанието на предучилишното дете. Како што тој препорачува со тие подароци (топка, призма, цилиндер и друго), на детето му се дава можност да ги развива своите творечки способности, а истовремено тие придонесуваат за збогатување на детските претстави за средината што го опкружува.

Системот на "подароци" што ги развил Фребел, несомнено, одиграл "големо" значење во предучилишното воспитание, зашто ги поставил темелите за користење предмети како "градежен материјал" во игрите на децата. Преку овој систем децата се запознаваат и со геометриските облици со кои се развива нивната конструктивна работа и фантазија. Од овие причини и покрај сите слабости во филозофското учење, високо се оценува неговата заслуга во развојот на педагогијата во областа на физичкото воспитание.[107]

Во првата половина на XIX век големо значење за физичкото воспитание има и социјал-утопистичкото учење. Почетната основа ја дава ***Роберт Овен*** (1771-1858). Во фабриката во Њу Ленарк практично ја реализира поврзаноста на производниот труд со образованието и гимнастиката. Сфаќањата на Овен и неговата практична дејност имале големо влијание врз погледите и ставовите на Маркс и Енгелс кои укажаа на класниот карактер на воспитанието воопшто, а посебно на физичкото воспитание.[108]

Маркс и ***Енгелс***, анализирајќи го буржоаското општество, укажуваат на некои проблеми и појави во областа на воспитанието и образованието.

Притоа, Маркс вели дека "воспитанието мора да содржи во себе три дела: прво, умното воспитание; второ физичкото воспитание што децата го добиваат во гимнастичките школи и воените вежби; и трето техничката обука (техничкото образование)".[109]

Во основата на Марксовото определување на поимот воспитание е нагласена пред сé, потребата од единство на умното и физичкото воспитание и техничката обука на децата што води кон остварување на тоталитетот на човековата личност. Тој особено значење им придава на телесното вежбање, воената подготовка,

---

[107] Табаци из историје педагогике, (1947), Београд, Просвета, стр. 86.
[108] Овен, Р.: (1968), Нови поглед друштва, Београд, Просвета, стр. 91.
[109] Маркс, К. и Енгелс, Ф.: (1968), Сочинения, Т. 25, Москва, стр. 406

хигиенските услови, нормалниот физички развој и подигнување на повисоко ниво на здравствената состојба кај младите генерации.

Маркс во телесното воспитание гледа и средство за сестран развој на човекот. Физичкото воспитание за него значи поврзување на гимнастиката, работните елементи и војничките вежби. Според Маркс и Енгелс, капиталистичкото општество на работничката младина не и овозможувало никакви услови за нејзин физички развој и за подобрување на нејзиното здравје. Тие при анализирањето на положбата на работничката класа, забележуваат, меѓу другото, дека во капиталистичката стварност во извесна смисла машинеријата ја прави излишна силата на мускулите. Машините овозможуваат да се употреби работникот без мускулна сила или со понезрел телесен развиток, но со поеластични членови,[110] затоа Маркс ќе напише дека "присилниот труд на капиталистот не го узурпирал само времето на детските игри, туку и слободниот труд што се вршел за потребите на самото семејство во домашниот круг, во рамките на моралните граници.[111]

Енгелс, укажувајќи на големата смртност на децата поради лошите хигиенски услови, забележува дека "детските нежни организми најмалку можат да им се спротивстават на неповолните влијанија на лошите животни услови".[112]

Излезот од таквата ситуација Маркс и Енгелс го гледаат во промени во воспитанието. Тие го нагласуваат значењето на хигиената и на целиот педагошки процес, при што Маркс ја истакнува посебната важност на природните услови, како што се сонцето, водата и воздухот, како фактори кои имаат огромна улога во физичкиот развиток на децата.

Значајни се размислувањата на Маркс и Енгелс за физичкото воспитание во училиштата. Тие го доведуваат во тесна врска со другите педагошки подрачја, односно со умното и моралното воспитание и сметаат дека поврзувањето на телесното вежбање со другата настава корисно дејствува врз развитокот на ученикот, како и врз поврзувањето на физичката работа со интелектуалната.

Големиот руски научник, педагог и револуционерен демократ ***Николај Г. Чернишевски*** (1818-1889) остро го критикува воспитанието во царскиот режим по пат на дресура и деспотизам, изнесувајќи притоа низа свои размисли за задачите во педагошкиот процес.

Во својата расправа "Антрополошки принципи во филозофијата" тој истакнува дека умствената работа е тесно поврзана со човечкиот организам и неговото правилно функционирање. Негова појдовна позоција е материјалистичкото гледиште за тоталитет на човековата личност при што за неопходно го смета сестраното

---

[110] Маркс,К.: (1953), Капиталот, Т.I, Скопје, Мисла, стр. 306.
[111] Исто, стр. 306.
[112] Енглес, Ф.: (1968) Положбата на работничката класа во Англија, во Зборникот, Скопје, Просветно дело, стр. 87.

воспитание во кое важно место зазема телесното вежбање, непосредно дејствувајќи во умственото и моралното усовршување. Натаму, Чернишевски вели дека физичкото воспитание позитивно влијае на правилната функција на органите на човечкото тело кое во својот природен облик многу користи за подигнување на работната способност. Тој бара со телесно вежбање да се занимава не само младината, туку и возрасните од обата пола.[113]

Друг значаен претставник од тоа време е следбеникот на хуманистите и на Русо, познат лекар, психолог и педагог ***Петар Ф. Лесгафт*** (1837-1909). Посебен придонес во науката дава како теоретичар на семејното и на физичкото воспитание. Во прв ред треба да се истакне неговото правилно гледиште во поглед на теоријата на развитокот на детето. Имено, тој детето не го смета како пасивен производ ниту на наследството, ниту на средината. И така тој ја совладува грешката која била типична за буржоаското гледање по однос на тоа прашање.

Во својата теорија за физичкото воспитание тој ги проучува анатомските, биомеханичките и педагошките аспекти. Исто како и Коменски, и Лесгафт го поставува барањето телесното вежбање во училиштата да се реализира според степенот од развитокот на ученикот. Според него, постојат три степени на телесниот развој: од 11 до 13, од 13 до 15 и од 15 до 17 години. Цел на телесното воспитание е стекнување навики кај човекот за тоа со што помалку напор и за што пократко време свесно да се изврши што поголема физичка работа, што значи дека телесната активност е во тесна врска со умствениот и моралниот развој. Тој разликува два принципа во телесното воспитание: 1. сите вежби треба да бидат природни, со особините на одделни мускули; 2. сите вежби и движења треба да ги извршуваат совесно. Затоа воспитувачот најнапред треба да го објасни секое движење, а потоа и практично да го изведе. Значи, умствената и телесната дејност мораат да бидат меѓусебно усогласени, а практично тоа би значело да се научат определени вежби, меѓусебно да се споредат, свесно со нив да се управува и правилно да се применуваат. Училиштето нема обврска да развие толку сила кај ученикот, колку способност за управување со таа сила. Според Лесгафт, телесното воспитание ја развива свесната дисциплина како еден од елементите на општиот морал со кој се регулираат односите на човекот во процесот на работата. Меѓу средствата на телесното воспитание во што поприродна форма тој како најзначаен фактор ја истакнува играта.[114]

---

[113] Janković, V.: (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, PKZ, str. 20.

[114] Лесгафт, П.: (1951), Руководство по физическому образованию детей школьного возраста, Москва, Т-I, Физкультура и Спорт, стр. 287.

Во средината на XIX век во Англија се појавува ***Херберт Спенсер*** (1820-1903) - творец на нов правец во физичкото воспитание. Преку филозофијата и биологијата тој навлегува во педагогијата. Во 1861 година ги обелоденува своите педагошки мисли во книгата "За интелектуалното, моралното и телесното воспитание". Спенсер критички укажува дека во негово време недоволно е застапено телесното воспитание. Саркастично забележува дека луѓето повеќе се грижат за добитокот, отколку за децата и дека "е крајно време и нашите деца да ги уживаат оние благодети кои во нашите научни лаборатории ги уживаат нашите овци и говеда".[115] Тој силно ја нагласува потребата децата да се движат, играат и да спортуваат, но никако да не се оптоварuваат со специјални гимнастички вежби. Спенсер остро го осудувал претераното психичко напрегање. Тоа напрегање детето го одвраќа од учење и му го уништува здравјето, што е услов за неговото општо телесна издржливост не само во армијата, туку и воопшто во животот.

И покрај сите напредни залагања за примена на нови принципи во педагошката практика, физичкото воспитание во училиштата во XIX век останува како средство за создавање формалистичка извежбаност и слепо покорување. Причините за тоа се двострани: прво, спенсеровото сфаќање за педагошката вредност на физичкото воспитание, второ, ограниченото спроведување на воспитната практика во духот на барањата и потребите на тогашното класно општество. Во тоа се вклопувале спенсеровите принципи за училишта на интелектуализација, дресура и вербализам.

Спенсер, инаку е значаен творец во педагошката наука во XIX век. Но, на телесното вежбање како на воспитен предмет во училиштата не му ја придава потребната важност, зошто тргнува од претпоставката дека учениците се здрави. Според него, физичкото воспитание има за цел да ѝ служи на интелектуализацијата во училиштето и на тоа се прилагодени неговите наставни методи. Појдовни основи за ваквата работа му се системите на германските гимнастичари. Учењето вежби независно од нивната делотворност, примената на измислени вежби и нивното сложено изведување по наредба се карактеристика на тие системи.

Телесното воспитание како предмет на спенсеровата школа се нарекува "гимнастика" и е ставено во групата "вештини", а нејзина главна карактеристика се формализам на движењата, нивелирана механизација на движењата и сложеност на изведбата.[116] Мора критички да се укаже дека ваквото телесно воспитание иако нема особено значење, сепак, педагошките принципи на Спенсер, па и оние

---

[115] Жлебник, Л.: (1962), Општа историја школства и педагошких идеја, Београд, Научна книга, стр. 157.

[116] Исто, стр. 158.

за физичкото воспитание, имале силно влијание во училиштето во почетните години на нашиот век.

На капиталистичкото општество му биле потребни здрави, силни, вешти и дисциплинирани работници и војници. Во духот на овие потреби се зголемувало военото, политичкото и здравственото значење на физичкото воспитание. Затоа во повеќе земји во Европа се јавуваат гимнастички движења кои служеле на буржоаските интереси, притоа акцентирајќи ги наводните патриотски и национални интереси.

Кога се говори за XIX век, неопходно е да се споменат гимнастичките системи, меѓу кои најпознати биле: ***шведскиот, турнерскиот и соколскиот.***

Шведскиот гимнастички систем го основал ***Пјер Х. Линк*** (1776-1839). Се развива истовремено со германскиот гимнастички систем. Наречен е и систем на здравствено (хигиенско) вежбање. Во него се опфатени воена, педагошка, медицинска и естетска гимнастика. Линк придавал посебно значење на вежбите составени од природни облици на движење, а кои воедно се и во согласност со анатомските и физиолошките можности и потреби на човекот. Застапени се прости вежби наречени вежби за обликување, игри, вежби со партнер - користени во терапевтската гимнастика и вежби со справи. Новите справи кои ги вовел Линк се: шведска клупа, скали (Ribbstol), сандак, греда, јаже и друго. Линк обрнувал големо внимание на методиката на обучување. Негов голем придонес е следењето на промените на физиолошката крива при оптоварувањето на организмот. Целта на овој систем е, во рамките на националните потреби, создавање послушен војник со војничко држење и став. Оптоварувањата биле прилагодени на возраста и полот кај децата и жените, при што одредени вежби за жените и децата биле заменувани со игри.[117]

Германскиот (турнерски) гимнастички систем го основал ***Јан. Ф. Лудвиг*** (1778-1852) гимнастички педагог и теоретичар. Овој систем опфаќа вежби на справи (коњ, разбој и вратило) и природни облици на движења (качување, влечење, туркање, кревање тежина, растегнување, скокање на обрач и преку јаже, трчање и фрлање, пливање, борење, пешачење и слетови). Целта на германските гимнастички здруженија наречени "Турнери" е да ги соберат сите граѓани околу својата буржоазија во борба против французите. Јан организирал гимнастичко здружение по примерот на филантропистите и во близината на Берлин го опремил едно од првите отворени вежбалишта познато како "Зајчева ливада". Вежбањето се состоело во слободни и задолжителни вежби под контрола на инструктори. Пред самите вежби, организирани се предавања за морално-патриотските воспитни квалитети, со униформирани вежбачи и со музика. Во рамките на програмата тој вовел групни излети со цел вежбачите да ја запознаат

[117] Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 41.

својата земја и на тој начин да се шири националната свест во сите нејзини региони.[118]

Франциско Аморос (1770-1848), по потекло шпанец, некогашен офицер во Наполеоновата војска, во делото "Упатство за физичко, гимнастичко и морално воспитание", им дава предност на природните форми на телесно вежбање, особено на теренските игри и вежби. Вежбите ги систематизирал во: граѓанска или индустриска гимнастика, војничка гимнастика, лекарска или медицинска гимнастика и сценска или акробатска гимнастика.[119]

Кон крајот на XIX век овој гимнастички систем го усовршуваат и го модернизираат Жорж Делини и Жорж Хеберт.

Жорж Делини поимот гимнастика го проширува со поимот физичко воспитание, притоа критикувајќи ги германскиот и шведскиот гимнастички систем. Тој ја основал ритмичката гимнастика, а вежбите ги дели на: воспитни (гимнастички) вежбања и прикладни вежбања (атлетика, спортски игри и друго).[120]

Жорж Хеберт е основач на т.н. природна метода на вежбање и ја негира воспитноста на спортот. Главна задача, според него, е општото физичко образование.[121]

За развојот на теоријата на физичкото воспитание во тој период не помалку значење има и чешкиот гимнастички систем што го основал педагогот ***Мирослав Турш*** (1832-1884). Тој во своето дело "Основи на телесното вежбање или соколски гимнастички систем" дава целосно нова систематизација на телесните вежби кои ги поделил на: строеви вежби, вежби за обликување и вежби на справи.

Вежбите ги систематизира по возрасти и пол. Посебно внимание и посветува на естетиката на вежбите со меѓусебно поврзување на елементите, поголема атрактивност и леснотија при изведувањето. Особено е заслужен за афирмирање на слетовите во кои земаат учество голем број вежбачи - соколи. Притоа се истакнувани поврзаноста и сложеноста на словенските народи со внесување елементи против нивната германизација и унгаризација.[122]

Сите овие системи во суштина се од политички карактер, бидејќи основна цел им е јакнење на телото, дисциплината, како и развивање на чувството на патриотизам. Покрај тоа, физичкото воспитание се воведува како задолжителен предмет во училиштата и армијата, а за граѓанството се отвараат посебни гимнастички друштва. Во капиталистичкото општество се појавуваат и работнички спортски организации како израз на работничката свест и спротивставување на

---

[118] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 178.
[119] Иванов, Д.: (1998), Историја на физичката култура, Скопје, БИГОСС, стр. 49.
[120] Исто, стр. 50.
[121] Исто, стр. 50.
[122] Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, ИПРО "Партизан", стр. 224-230.

буржоаските гимнастички организации кон крајот на XIX век. Во Германија во 1893 година е формиран работнички спортски сојуз под името Работничка гимнастичка федерација. Во Австрија во 1899 година е основана велосипедска организација, во 1904 година во Англија - Англиска работничка спортска федерација и во Белгија истата година Белгиска социјалистичка работничка федерација. Има обиди дури за основање Работничка спортска интернационала, но поради избувнувањето на Првата светска војна тие се неуспешни. Неколку такви организации се создадени по Првата светска војна. Во 1920 година во Луцерн, е формирана Луцернска спортска интернационала, наредната година во Москва - Црвена спортска интернационала, а во 1936 година во Прага оваа спортска организација го менува името во Социјалистичка работничка спортска интернационала. Во рамките на активностите на овие меѓународни спортски организации редовно се одржувани работнички спортски олимпијади. По завршувањето на Втората светска војна била укината Спортинтерната и голем број држави се приклучиле кон меѓународното олимписко движење.[123]

Со појавата на новите педагошки идеи во XX век, конкретизирани во разни облици на работни, активни, функционални и други училишта, настануваат и коренити промени во поставувањето на задачите на физичкото воспитание. Граѓанската "нова" педагогија на физичкото воспитание му придава значителна воспитна функција и го поставува во редот на другите наставни предмети. Примената на природните средства и сестраниот развој на ученикот, формирањето на неговата личност се поставуваат како задача на физичкото воспитание. При изборот на градивото не се битни само квантитетот и обликот, туку и квалитетот и дејствувањето. Наставното градиво не се реализира според теориската поделба на разни системи, туку по задачи. Значаен напредок е забележан, исто така, во поглед на теориското разгледување на физичкото воспитание. Како најпознати претставници на новата насока ги наведуваме: Гулхафер, Стричер, Сталеј, Матиас, Гулин, Жак, Хер и Норвуд.

Сите принципи, особено оние кои се напредни, не можат да дојдат до израз во тогашниот капиталистички општествен поредок и во неговиот училишен систем. Во времето на продирањето на фашизмот и нацизмот напредните воспитни мисли се загушени или се оставени како јалова теорија во една мрачна стварност, а физичкото воспитание е ставено во служба на империјализмот за остварување на агресивност, освојувачки цели и создавање свет на "одбрани раси".

Пред Втората светска војна, во кралска Југославија, наставата по телесно вежбање се реализира според гимнастичкиот систем на ***Мирослав Турш***. Во технички поглед тој систем, применуван во соколските организации по големината на градивото е многу разно-

[123] Иванов, Д.: (1998), Историја на физичката култура, Скопје, БИГОСС, стр. 51-53.

образен и обемен. Меѓутоа, тоа е систем во прв ред за соколските друштва во кој вежбите се класифицирани морфолошки, т. е. по сличност на надворешната форма и можностите за изведување. Главни средства што се користат во гимнаситката, како и во турнерскиот систем се простите вежби, вежбите на справи со карактеристики на изведување според надворешниот облик. Овој систем во својата првобитна форма не е наменет за училиштата и како таков не може во целост да биде во функција на физичкото воспитание на ученикот.

За успешна наставна работа не придонесува ниту примената на некои методски правила, како составен дел на целиот систем. Совладувањето на гимнастичкото градиво е тежиште на вежбањето. Затоа е разбирливо што таквиот систем, со делумно и не до крај образован наставен кадар, не може да ги задоволи потребите на учениците.

Напротив, во таквите облици силно доаѓа до израз влијанието на дресурата и варбализмот, а од идеен аспект - политиката на режимот. Телесното вежбање, како и во XIX век, се става во групата вештини, а во образовната класификација на учениците е вреднувано двојно помалку од другите наставни предмети. Учениците во повисоките класови немаат физичко вежбање. Наставата претежно се изведува во затворени простории и училници. Дури и училишта со над илјада ученици често се без потребните спортски игралишта и фискултурни сали.

Прогресивни педагошки идеи од изминатите периоди, а уште помалку оние од третата деценија на XX век на подрачјето на физичкото воспитание не се прифатени од властите во просветата. Состојбата на физичкото воспитание во училиштата е одраз на политичкиот и социјално економскиот поредок.

3.4. *Третманот на физичкото воспитание во педагогијата на источноевропските земји*

По Октомвриската револуција во тогашниот Советски сојуз е создаден нов тип економски, политички и општествени односи како основна претпоставка за развитокот на нова педагошка теорија и практика.

Со посебни закони се воспоставени принципи за изградба на воспитанието и образованието што подоцна претставуваат пример за другите социјалистички држави.

Во низата мерки што се превземени за остварување на новите социјалистички цели и задачи на воспитанието примарно значење има документот под наслов "Декларацијата за основните принципи на просветната политика". Со неа се прокламираат

државниот карактер на школството, одвојување на училиштето од црквата, единствен училишен систем, настава на мајчин јазик, рамноправност на обата пола во школувањето, воведување општо и задолжително основно образование, потреба од издвојување висок буџет за просветата, организирање училишта за возрасните, децентрализација на школството и воспитно-образовните установи.[124]

Во центарот на барањата што треба да ги реализира новото социјалистичко воспитание, се поставува и физичкото воспитание. Организираното фискултурно движење станува право на сите слоеви на работниот народ, силно социјално движење со нагласено воспитно значење, дел од дејноста за создавање социјалистичка култура. Така поставените задачи се одразуваат и врз дефинирањето на улогата на физичкото воспитание во училиштата.

Тоа е органски дел на комунистичкото воспитание, составен дел на воспитно-образовниот процес во сите училишта (Каиров). Според овој документ, задачата на физичкото воспитание е да обезбеди јакнење на здравјето на децата, сестран развој на личноста и целосна подготвеност за работа и одбрана на земјата.

Телесното вежбање во училиштата, како дел од целокупната воспитна работа во педагошкта теорија и практика во Советскиот сојуз се остварува врз основа на некои основни принципи кои произлегуваат од принципите на социјалистичкиот систем. Поврзани со барањата за многустрано воспитание, со развитокот на општеството во услови на научно-технички прогрес, со динамичкиот развиток на општеството, со тенденциите за изградување на развиено општество, се во тесна врска со основните карактеристики на социјалистичкиот систем за физичко воспитание.

1. Принцип на идејност - Тоа значи целосна усогласеност на физичкото воспитание со идеите и учењето на Ленин и Сталин. ***Ленин*** укажува на потребата од физичко воспитание не само во интерес на секојдневната работа, туку и за социјалистичката изградба на земјата и нејзината одбрана.

Според учењето на ***Сталин***, физичкото воспитание има задача да воспита нова генерација работници, здрави и исполнети со животна радост, способни моќта на советската држава да ја подигнат на потребното ниво да ја заштитат од непријателите"[125] (Гончаров). Во овој дух, целокупното физичкото воспитание во Советскиот сојуз се раководи токму од оваа задача: "Подготвен за работа и одбрана" (Буħ готов к труду и обороне) (GTO).

---

[124] Теодосиќ, Р.: (1952), Основе научног педагошког наслеђа. Декаденција буржоаске и ревизионизам советске педагогике, Београд, Знање, стр. 392.

[125] Janković, V. (според Гончаров): (1947),Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, Pedagoški književni zbor, str. 22.

За потребата масовното фискултурно движење да биде проникнато со идеите на марксизмот говорел и Калињин кој нагласува дека за тоа постои само едно средство, поврзување на спортската дејност со општата изградба на социјализмот.

2. Принцип на сестраност - Тоа подразбира залагање за сестран психички развој на ученикот, јакнење на неговото здравје и подигање на способностите за работа и за одбрана на СССР. Овој принцип тргнува од сознанието дека "Фискултурата и спортот се значајни фактори во создавањето на здрав, јак, вешт, подвижен, одважен човек, кој знае да се бори и лесно да ги совладува препреките во животот и свесно да гледа напред"[126] (Калињин). Фискултурното движење со учество во јакнењето на одбраната ќе ја подигне со самото тоа својата работа на висина на општите сенародни тенденции во заштита на својата татковина, односно ќе ја исполни својата работа со длабока внатрешна содржина во која секоја поединечна спортска гранка ќе добие неисцрпни хранливи состојки за својот подем и моќен поттик за натамошно усовршување"[127] (Калињин).

По октомвриската револуција во Советскиот сојуз создадена е нова теорија на физичко воспитание што покасно е применета и усовршувана од други социјалистички земји.

Советскиот систем по физичко воспитание се одликува со научна заснованост при неговото изградување. Под големо влијание е од научните сознанија до кои доаѓаат И. М. Сеченов, В. В. Гориневски, И. Ф. Лесгафт, И. П. Павлов и други. Веќе создадената теорија за физижкото воспитание на Лесгафт и досега во Русија ја сочувала својата оригиналност. Од неа црпат информации скоро сите теоретичари и научни работници во областа на физичкото воспитание и спортот. Сé уште не се надминати погледите и сфаќањата на Сеченов, Гориневски и Павлов за теоријата и практиката на физичкото воспитание.

3. Принцип на научна заснованост - Во Советското општество во тоа време постојат посебни научно-истражувачки институции каде што се проучувале прашања сврзани за физичкото воспитание.

4. Принцип на задолжителност - Физичкото воспитание како наставен предмет е задолжителен во сите училишта и високи школи. Тоа е составен дел на воспитно образовниот процес во училиштата. Наставата се изведува според стручно изработен наставен план и програма од министерството за просвета, а неа ја изведуваат стручно оспособени наставници. Калињин, физичкото воспитание го поставува меѓу најважните наставни предмети, заедно со рускиот јазик и математиката.

---

[126] Исто, стр. 22.
[127] Исто, стр. 22.

5. Принцип на глобална рамковност во содржината на физичкото воспитание - Содржината на физичкото воспитание главно се состои од три поширoки програмски подрачја и тоа: гимнастика, спорт и игри. Се работи во духот на девизата: да се биде подготвен за работа и за одбрана на СССР (БГТО), и подготвен за работа и одбрана (ГТО), односно натпреварување за фискултурна значка.

6. Принцип на хигиенско-здравствена заснованост на физичкото воспитание - Наставата по физичко воспитание во училиштата е постојана, а учениците два пати годишно се подложуваат на систематски лекарски прегледи. Според телесните способности и здравствената состојба, учениците се делат на четири медицински групи и им се определуваат различни оптоварувања во наставата по телесно вежбање.

7. Принцип на народност - Тоа значи поврзаност на физичкото воспитание со активностите на општествените организации, како и со целокупното фискултурно движење во државата, а преку доброволна работа на учениците надвор од редовната настава во таканаречените фискултурни колективи.

Може да се каже дека за прв пат во развојот на теоријата и практиката на физичкото воспитание со толкава стручност, сестраност и научност е изразена воспитната функција на телесното вежбање во педагошката наука. На физичкото воспитание во училиштата во Советскиот сојуз му се придава државна важност.

Во Советската педагошка теориска мисла, физичкото воспитание има базичен карактер, бидејќи од здравјето и правилниот физички развој зависи нормалниот развој на другите компоненти на човечкото тело и личност. Здравјето и правилниот физички развој претставуваат битен услов за воспитанието, за успешен интелектуален развој и образование, морално и работно воспитание, воспитание на патриотизам и т.н. Од познатата изрека "Здрав дух во здраво тело" (Јувенал)[128], се раководел и советскиот маршал К. Е. Ворошилов: "Здрав дух бара здраво тело".[129]

Аргументите што ги наведуваат советските педагози за задачите на физичкото воспитание може да се каже дека меѓусебно се многу слични. Така, на пример, ***П. А. Рудик*** истакнува дека "задачата на физичкото воспитание се состои во тоа учениците да се здобиваат со знаења за движењата и нивна примена во практичниот живот".[130] Оттука, јасно може да се види тесното поврзување на физичкото воспитание со работните задачи. Каљинин вели дека без здравје, без подвижност и издржливост кои се постигнуваат со систематско физичко воспитание, училиштето не ќе може да ги исполни своите

---

[128] Pataki, S. (според Јувенал): (1948), Uvod u opštu pedagogiju, Zagreb, Pedagoško književni zbor, str. 51.
[129] Ворошилов: Исто, стр. 51.
[130] Рудик, П. А.: (1946), Питања физичког одгоја у школи, Москва, Советска педагогика, бр. 8-9, стр. 23.

задачи. Физичкото воспитание, според негово мислење, спаѓа меѓу најважните задачи на училиштето. "Ако нашето училиште го завршат луѓе со попуштени нерви - се разбира дека таквите луѓе тешко ќе ја најдат среќата во животот без добро и цврсто здравје. Ние за себе треба да создадеме - здрави мажи и здрави жени".[131]

Сигурно овој осврт, не ги исцрпува сите теориски прашања на физичкото воспитание во советската педагогија. Меѓутоа, тие се однесуваат на суштинските прашања од ова воспитно подрачје и од нивните решенија зависи концепциската поставеност на ова воспитание во воспитно-образовниот процес, во основните и средните училишта во другите социјалистички земји. Овие прашања во советската педагошка мисла, имаат свое значење и во разрешувањето на одделни прашања и во југословенската педагогија. Всушност, истите, ги откриваме и објаснуваме во толкава мера за да можеме да ја согледаме нивната рефлексија врз теориските и концепциските решенија во југословенската теорија и практика.

Уште во почетокот на создавањето на социјалистичкиот општествено-политички систем во Југославија, посебно внимание се посветува на физичкото воспитание, според советскиот модел. Во член 36 од Уставот на ФНРЈ од 1946 година, се вели дека "државата води грижа за физичкото воспитание на народот, особено на младите, заради подобрување на здравјето и работната способност, како и за јакнење на одбранбената моќ на државата".[132] Тој член се однесува, пред сé, на редовната настава по телесно воспитание во училиштата. Во наставните планови и програми за основните и средните училишта е застапена редовна настава по физичко воспитание во т.н. максимални и минимални планови на училиштата. Овие планови натаму се разработувани и прилагодувани на потребите и задачите на физичкото воспитание.

Според одлуката на Министерството за просвета на ФНРЈ од 1945 година, е регулирано за сите одделенија на основните четиригодишни училишта 2 пати неделно по 30 минути да се изведува настава по телесно воспитание, а во гимназиите телесното воспитание за сите класови (I-VIII) е застапено со два часа неделно. Во VII и VIII пак клас на класичните гимназии и во училиштата за ученици во стопанството не е застапена настава по физичко воспитание. Ваков план се остварува и во седумгодишното задолжително образование воведено 1946 година. Но, во наредната учебна година се воведени два часа физичко воспитание за учениците од V-VII клас. Исто така, предметот физичко воспитание со по еден час неделно е застапен и во индустриските училишта. Учебната 1948/49 година е карактеристична по тоа што оваа настава во средните училишта почнува да се изведува

[131] Каљинин.: (1949), О комунистичком одгоју, Москва, Советска педагогика, стр. 37.
[132] Устав на ФНРЈ (1946), член 36.

во три нивоа: општо физичко воспитание, спроведување средношколски вишебој и фискултурна значка.

Од 1950 година континуирано се воведува задолжително осмогодишно школување. Со наставните планови е застапена настава по физичко воспитание, и тоа: до V клас по 1 час неделно, а од VI-VIII клас по 2 часа. Во 1954 година доаѓа до промена: од I до II клас се воведува 4 пати неделно по половина час настава по физичко воспитание, а од III до VIII клас, по 2 часа неделно. Од 1952 година доаѓа до поврзување на физичкото и здравственото воспитание од по 3 часа неделно настава за сите класови, а од I-III клас се изведува секојдневно по 30 минути. Во училиштата за квалификувани работници се воведува настава по физичко воспитание според посебни програми, сообразени со специфичностите на струките.

Со законот за Гимназии од 1960 година се донесени наставни планови и програми според кои настава по физичко воспитание се изведува по 3 часа неделно за сите класови. Покрај тоа, има и изборна настава со задолжителни излети и логорувања (летни и зимски) и часови за активен одмор. Во седумдесетите години законите за средно образование, покрај задолжителната настава по физичко воспитание предвидуваат и воведување изборна и факултативна настава што ја избираат самите ученици според индивидуалните интереси. Изборната настава по физичко воспитание овозможува учениците да добијат пошироки теориски знаења и практични искуства, а факултативната настава да се запознаат со спортски активности што не се опфатени со планот на наставата и можности за стекнување на аматерски звања - тренери, организатори и судии. Со реформата на високото образование кон крајот на седумдесетите години е воведена настава по физичко воспитание на факултетите. На прва година студии се застапени по два часа неделно, а студентите, во зависност од сопствените склоности, се определуваат за одредена спортска активност.

Со резолуциите на I Југословенски конгрес за физичка култура од 1958 година "со цел развивање слободни воннаставни активности на ученикот во областа на физичката култура" доаѓа до брзо и широко организирање "ученички друштва за физичка култура" познати под името училишни спортски игри или спортски игри на основни и средни училишта. Ваквиот развој уште повеќе ги потикнува наставниците по физичко воспитание за организирање Мали олимписки игри за "ширење хумани идеи во спортот кој инспириран од Олимписките игри треба да ги поврзува и зближува младите од сите југословенски републики".[133]

[133] Radan, Z.: (1981), Pregled historije tjelesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 183.

"Организираните облици на телесното воспитание и спортските активности во воннаставните активности се изведувааат два пати по 60 минути неделно, а се спроведуваат под стручен надзор на наставникот или друг стручњак за телесно воспитание."[134]

Стручните кадри за изведување вака организираната настава по физичко воспитание се повеќе од неопходни. Во почетокот се ангажирани кадри образовани во предвоени установи и кадровски школи во земјата и во странство, како и истакнати гимнастичари и спортисти. За создавање на потребниот стручен кадар во 1945 година во Белград е обновена работата на бившата Виша школа за физичко воспитание, а во Загреб е отворена Виша фискултурна школа. Овие школи се укинати наредната 1946 година, а стручниот кадар се образува во Белград, каде што е основан Државниот институт за фискултура (ДИФ) во ранг на факултет. Во 1958 година тој добива назив Висока школа за физичко воспитание и од тригодишни поминува на четиригодишни студии. Како факултет за физичко воспитание работи од 1968 година.

Наместо некогашните Виши фискултурни школи од 1947 година се основаат средни фискултурни училишта, а од 1948 година на Вишите педагошки школи се отвараат групи за физичко воспитание.

До распаѓањето на СФРЈ, освен факултетите за физичко воспитание (култура) кои постоеа во сите републички центри со различни називи, немаше други институции кои образуваа стручен кадар. Фискултурните и Вишите педагошки школи беа укинати.

Масовноста и сестраноста се основни принципи на спортското движење во социјалистичка Југославија. Основа за обнова на спортското движење се искуствата стекнати во НОБ, како и традициите од работничките и училишните организации.

Трчањето во природа веднаш по војната е еден од најмасовните облици на телесното вежбање. Се натпреваруваат и стари и млади, а со самото учество " се докажува свеста и подготвеноста за изградба на новиот општествен поредок - социјализмот". [135]

По тие почетни искуства, кога луѓето многу често и неподготвени учествувале на натпреварувања, се пристапува кон организирање работа по секции што дале многу подобри резултати.

Фискултурните слетови претставуваат смотра на резултатите од масовното "фискултурно движење". Во рамките на слетовите се организираат натпревари на кои учествуваат републички репрезентации во фудбал, атлетика, кошарка, одбојка, пливање, гимнастика, стрелаштво, а се организираат и слетски вежби, фестивал на народни ора и фискултурни академии.[136] Овие смотри се организираат по примерот на советските Спартакијади. Потоа, слетови се

[134] Исто, стр. 183.
[135] Исто, стр. 163.
[136] Живановиќ, Н.: (1987), Историја физичке културе, Ниш, ГРО "Просвета", стр. 188.

одржуваат во градови како спортски манифестации, а во Белград секоја година се одржува Сојузен слет по повод Денот на младоста.

Титовата штафета, тогаш, исто така, претставува своевидна масовна спортска манифестација. Покрената е во 1945 година, а ја изведуваат во прво време, "фискултурните организации", а подоцна таа станува манифестација во рамките на Денот на младоста.

Фискултурната значка претставува форма на одредено физичко вежбање. Подоцна е наречена "за републиката напред - ЗРЕН". Ваквата организација на телесно вежбање е по примерот на советската значка, "ГОТОВ К ТРУДУ - ГТО". Натпреварувањето за фискултурна значка (ЗРЕН) било прифатено како основа на "фискултурното движење во ФНРЈ и според него треба да се прилагодат програмите за фискултура како во училиштата, така и во фискултурните друштва и активи"[137].

Основна цел била преку постапно и сестрано масовно физичко воспитание на младите и работниот народ да се воспитаат здрави и весели луѓе на секој чекор од животот, активни и смели градители на републиките, будни и подготвени да ја чуваат југословенската убава и горда татковина".[138]

Младинските работни акции се своевидни практични училишта на младите "фискултурници". Слободното време на акцијашите е исполнувано со разновидни спортски активности: натпревари во фудбал, ракомет и атлетика.

Работничко-спортските игри претставуваат уште еден облик на масовни спортски активности. Во почетокот на 1946 година во Загреб се организирани "Спортски игри на металците". Целта на тие игри е претставување на работничко-спортските достигнувања. За популаризирање на телесното вежбање меѓу работниците и за создавање услови тоа да се изведува и на работното место или во фабричкиот круг. Со текот на времето, сé повеќе се актуелизира и прашањето за рекреативно телесно вежбање на работникот. Од тие причини, на одделни факултети за физичко воспитание (физичка култура) се образувани и оспособувани стручни кадри за организација и спроведување рекреативно телесно вежбање на работниците во работните организации.

---

[137] Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 165.
[138] Исто, стр. 165.

4. ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ПРИ ИЗГРАДУВАЊЕТО НА СОВРЕМЕНАТА ТЕОРИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Во современи услови, концепцијата и практичната реализација на физичкото воспитание се условени од многубројни и разновидни претпоставки. Главно, тие можат да се разгледуваат од општествено-економски, научно-технолошки, педагошко-психолошки, биолошки и биомеханички аспект. Како претпоставки од општествено-економски карактер ќе ги објасниме производствениот труд во развојот на теоријата на физичкото воспитание, општествените односи и физичкото воспитание, како и физичкото воспитание и општествената надградба. Во групата претпоставки од педагошко-психолошки карактер вниманието ќе им го посветиме на суштината и влијанието на барањата на физичкото воспитание за целосниот развиток на личноста, поврзаноста и меѓусебната условеност на физичкото со другите видови воспитанија и психолошката заснованост на физичкото воспитание.

Иако со таквиот приод не ги исцрпуваме сите услови, односи и ситуации што го детерминираат современото физичко воспитание, сепак, откривањето на суштината и карактерот на овие претпоставки, јасно укажува на условеноста на теориските и практичните решенија на физичкото воспитание од целината на овие услови, односи, карактеристики и слично.

4.1. Општествени претпоставки

Физичкото воспитание, како составен дел на општото воспитание, претставува општествена појава, непосредна функција на општествениот живот. Со промените на општествениот живот, со развитокот на општеството се менува и се развива и карактерот на самото физичко воспитание. Па оттука, можеме да кажеме дека коренот на физичкото воспитание е во општествениот живот.

Од структурата на општеството, од неговите економски, социјални и културни специфичности, зависи каков ќе биде карактерот на физичкото воспитание, неговите цели и задачи, содржини и методи на работа и начинот на организација. Како функција на општествениот живот, физичкото воспитание е општествено условено. "Тоа е оној дел од општествениот живот од кој зависи неговото сопствено одржување и континуитет низ генерации".[139] Физичкото воспитание зависи од објективните услови на општествениот живот и од објективните законитости на општествениот развиток. Меѓутоа, во рамките на тие законитости

[139] Pataki, S.: (1948), Uvod u opču pedagogiju, Zagreb, Pedagoško književni zbor, str. 12.

тоа истовремено е и еден од факторите и орудие на општеството и на неговиот напредок.

Секое новородено дете е нов член на општеството. Но, тоа не станува по автоматизам, со самото раѓање, растење и развивање како природен биолошки процес, туку со широкото и сложено влијание на општествените фактори, меѓу кои посебно место има воспитанието. Во таа смисла, познатиот руски психолог Рубинштајн, вели: "Предноста на општо биолошките законитости во текот на биолошката еволуција поминува во предност на општествено-историските законитости во развитокот на човекот. Историскиот развој на човековата свест се потчинува на специфични законитости кои не можат да се сведат на законитостите на биолошката еволуција".[140]

Развојот на детето има општествена основа и се врши во процесот на самото воспитание. Телесниот развој на детето, развојот на неговата психа, не се врши само врз основа на внатрешните, природни, биолошки законитости. Тој е условен од структурата на општеството и насочен од карактерот на физичкото воспитание. "Детето не созрева прво, па потоа да се воспитува и обучува, тоа созрева со воспитание и обучување, односно со усвојување, под контрола на возрасните, на онаа содржина од културата што е создадена од човештвото; детето не се развива прво, па потоа да се воспитува, туку се развива со воспитание и образование".[141]

"Човекот не е човек по неговиот инстикт, туку тие својства треба да ги стекне".[142] Тој нив ги стекнува во општеството, со помош на возрасните генерации - родителите и воспитувачите и нивните воспитни влијанија. Детето со својата сéуште неразвиена природа е упатено на помош од другите; тоа е слабо развиено и беспомошно, неспособно без туѓа помош да се одржи, да се развива и да напредува. Како функција на општествениот живот и специфична - генерациска појава, физичкото воспитание заедно со другите видови на воспитание, заправо ја имаат таа улога да го раководат развојот и општественото формирање на младото човечко битие.

Таа функција во општествениот живот физичкото воспитание ја црпи од објективните општествени потреби, од општествената грижа што субјективно ја спроведуваат родителите и воспитувачите со што младото човечко битие постепено, согласно неговите општи развојни можности, го вклучуваат во општествените текови. "Воспитанието како грижа не може да се сведе на законите на прилагодување, како што мисли францускиот социолог ***Тардс***.[143] Грижата е само тогаш грижа, ако е помалку или повеќе свесно дејствување, а од што следува

---

[140] Рубинштајн, С.: (1946), Проблем свијести и активности у совјетској психологии, Москва, Советска педагогика.
[141] Исто, стр. 36.
[142] Хегел, Е.: (1945), Филозофија права, Београд.
[143] Tards, (преку Јанковиќ, В.): (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, PKZ, str. 25.

дека воспитанието е свесна активност насочена во правец да му се помогне на младото човечко битие во текот на неговото развивање и формирање во духот на барањата на општеството. Секоја следна генерација стои на грбот на претходната генерација". Возрасните со воспитанието им го пренесуваат "општественото работно искуство" како што се: знаењата, навиките, умеењата што општеството ги стекнало и што претставуваат главна содржина на неговиот живот". [144]

Како функција на општествениот живот, физичкото воспитание е условено од општеството, бидејќи неговиот карактер, содржина и севкупната насоченост се втемелуваат во самото општество. Очигледно е, според она што досега го говоревме, дека физичкото воспитание е општествено условено и затоа по своите карактеристики претставува општествена појава и како такво ги остварува општествените задачи, раководејќи се со процесите на развојот и општественото формирање на младото човечко битие. Значи, не може да стане збор за физичко воспитание надвор од општеството, туку во севкупното негова содржина тоа е општествено условено и насочено. Оттука, тоа не може да се објаснува индивидуалистички, изолирано од општеството, односно како тоа едноставно да е работа исклучиво на воспитувачот, како поединец и воспитаникот, како под физичко воспитание всушност да се подразбира чисто индивидуалистички воспитни задачи без да бидат поврзани со животот на општеството. Ваквиот ненаучен став, разбирливо, не води сметка дека самата индивидуа по својата суштина е производ на општеството, односно дека неговата свест ја определува општественото битие.

Според тоа, за физичкото воспитание може поконкретно да се зборува само во контекст на одреден општествено-историски амбиент. Тоа значи дека физичкото воспитание не само што претставува општествена, туку е и историска категорија. Со оглед на тоа дека нема, а и не може да има физичко воспитание кое не би било општествено условено, не може да стане збор ни за "вечни" непроменети негови цели и содржини, ниту пак за воспитание кое е надвор од општествено-историските настани и надвор од општествено историскиот развој. Целите и задачите на физичкото воспитание произлегуваат од општествениот живот, тие се менуваат со развојот на општеството, па оттука, не се ниту можат да бидат "вечни" и "непроменети".

Во општеството меѓу доминантите фактори што имаат големо влијание врз физичкото воспитание се производствените сили и производствените односи, како и одредени облици на општествената надградба, односно културната дејност во целина.

---

[144] Груздјев, (1940), Педагогика, Москва, Советска педагогика, стр. 18.

4.1.1. Производствената работа и физичкото воспитание

За човечката работа е карактеристично тоа што тој ја извршува со помош на "орудија" што сам ги прави и постојано ги усовршува. Усовршувањето на орудијата за работа има последица и врз менувањето на самата човечка природа. Во врска со таа, Пономарјев истакнува дека "човекот постанал човек не само во текот на развојот на орудијата за работа, туку и во текот на постојаното усовршување на човечкото тело како главна производствена сила".[145] Решавачка улога во тој развој имал ловот како специфична работа. Користењето на техничките средства при ловењето (копја, секири и друго) ја наметнало потребата од квалитативно нови форми на движења, а пред сé, зголемување на силата, брзината, издржливоста и други физички квалитети. Благодарение на тоа, човекот сé повеќе се ослободувал од доминацијата на биолошките закони, а сé поголемо влијание во неговиот развој добивале општествено-историските законитости.

Првенствено физичкото вежбање се сведува на репродукција на движења кои се применувале при работата и ловењето и служеле исклучиво како средство за подготовка на човекот за работа и борба за опстанок. Подоцна, тоа станува свесно насочена дејност со која човекот "врши пробивање во светот кој го опкружува, а со тоа и самиот се менува".

Со развојот на производствените сили, физичкото вежбање постепено се ослободува од потчинетоста само на производствената работа и почнува да се користи и надвор од неа, во слободно време сé повеќе како средство за задоволување на различни културно-образовни воспитни, здравствени и други потреби. Секако, физичкото вежбање никогаш не ги прекинува своите тесни врски со работата, бидејќи таа отсекогаш било и останало првенствено како средство за навремена подготовка на човекот за живот и создавање.

Процесот на ослободување на физичката од производствената работа значително е поттикнат со појавата на механизираното производство и развојот на техниката на производството воопшто. Механизираното производство има значително влијание врз карактерот на човечката активност, пренесувајќи го оптоварувањето од претежно физичко на нервно-психичко. Од друга страна, тоа предизвикува нови потреби во физичкото воспитание кои наметнаа и нова компензаторска функција со која значително се прошируваат нејзините првобитни работно-економски функции.

Освен тоа понатамошниот развој на производствените сили му обезбедува на човекот сé повеќе слободно време. Се раѓаат нови културни потреби и нови културни активности со кои човекот ги

---

[145] Пономарјев, И.: (1974), Социјалние функции физической культури и спорта, Москва, Физкультура и спорт, стр.112.

задоволува тие потреби и на тој начин го исполнува своето слободно време. Во рамките на тие активности човекот се повеќе користи и различни форми на физичка активност што има голема улога физичкото воспитание во целина да добие друг статус и да стане дел од човечкото секојдневие.

Од наведеново произлегува фактот дека производствените сили, посредно или непосредно, имаат значително влијание врз развојот на физичкото воспитание. Тие, во помала или поголема мера, ја обезбедуваат содржината и карактерот на физичкото вежбање, и ја овозможуваат појавата на нови облици на вежбање. Истовремено, во границите на материјалните услови одредени со развојот на производствените сили, на човекот му се овозможува рационално користење на физичката активност за задоволување на своите сé поразновидни потреби. Производствената работа, е како што истакнува Полиќ, "само ембрион на непроизводствените физички вежби, кои натаму се развиваат под влијание на други фактори, при што повеќекратно ја истакнуваат потребата од производствена работа".[146]

Меѓу теоретичарите на физичкото воспитание посебно во сфаќањата на некои граѓански филозофи и социолози, има и сосема спротивни мислења. Многу од нив тврдат дека физичкото вежбање не е условено од производствената работа, туку дека тоа се појавува спонтано, како биолошка потреба. Таквото мислење го застапуваат Хуинзиг, Ортега, Бутендик, Дием, Керба и други теоретичари. Ортега и Гасет сметаат дека "спортот треба да се прифати како првобитна, креативна, по ранг повисока и позначајна активност во животот на човекот, а работата едноставно како негов дериват односно талог".[147]

4.1.2. Физичкото воспитание и општествената надградба

Прилично долго, а делумно и денес, физичкото воспитание се проучува изолирано од другите облици на културната активност. Меѓутоа, ако се набљудуваат во дијалектичко единство човечката природа и неговата активност, тогаш сосема е сигурно дека меѓу сите тие активности постојат одредени причински врски и меѓусебни влијанија. Значи, сосем е јасно дека и на физичкото воспитание освен наведените, дејствуваат и други фактори како што се идеологијата, филозофијата, науката, политиката, уметноста, општото воспитание и друго. Ако се занемарат тие врски, тешко може да се објаснат до крај појавите со кои се среќаваме во физичкото воспитание. Оваа констатација ќе биде подробно објаснета во натамошното елаборирање низ неколку примери.

---

[146] Полиќ, Б.: (1967), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 8 и 9.
[147] Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, стр. 27 и 28.

Веќе во првобитното општество, освен физичките вежби кои се развиле од производствената работа и првенствено служеле за оспособување на човекот за работа, се развиваат и посебни форми на вежбање кои немаат никаква врска со работата како што се магиските игри, ритуални танци и слично. Тие форми на физичкото воспитание проникнуваат од општествената свест на одредени човечки групи и се, во извесна смисла, одраз на човечката желба за физичко одржување. Првобитниот човек верува во надземните сили чии желби и волја треба да се задоволат, што и го правел преку танцот и играта со ритуален карактер. На тој начин, како што истакнува Полиќ, "човековата моторика станала мост меѓу познатото и непознатото", а таа активност не е веќе "физичко робување, туку духовно".[148]

Секако, влијанието на религијата се чувствува и низ сите подоцнежни епохи од развојот на човечкото општество. Низ целиот среден век, на пример, верувањето во надземните сили има значаен придонес, физичкото воспитание да се користи како средство за воспитание на послушните "овоземски робови", т.е. за воспитание на човекот кој целата среќа не мора да ја очекува на "овој" туку на "оној" свет. Таквите сваќања, кои во суштина поаѓаат од религиозното толкување на животот, се наоѓаат и во теориите на некои современи автори. Австрискиот теоретичар Трол, на пример, објаснувајќи ја човечката природа, тврди дека "телото е добро кое на човекот му го поклонил Творецот" и дека човекот "е одговорен да го негува и да го развива своето тело со најдобро знаење како и сите други добра". Од ваквото заклучување произлегува и Троловото сфаќање за задачите на физичкото воспитание кои се сведуваат на тоа "да се обидеме нашето тело да го претвориме во сад достоен на божјата милост".[149]

Покрај религијата на одреден начин на физичкото воспитание влијаела и филозофијата. Како што е познато, човечкиот развој се движи од теолошко мислење, преку метафизичко, до научно. Затоа е разбирливо различните сфаќања на односите на телото и духот, суштеството и свеста, смислата на човековото постоење и други прашања поврзани со суштината на човековото суштество на одреден начин да дејствуваат на физичкато воспитание.

На пример, филозофите идеалисти мислат дека духот постои пред телото и дека тој, независно од општествените случувања, се развива според "вечната идеа" кон која човекот треба да се приближи. Под нивно влијание се развиваат различни правци и сфаќања за улогата и суштината на физичкото воспитание. Така, претходно споменатиот австриски теоретичар Трол вели: "Вистинското формирање во физичкиот идеал не е подобрување на физичките особини како што се силата на мускулите, органската сила и нервната

[148] Полиќ, Б.: (1963), Теориске основе физичке културе, Београд, Партизан, стр. 43.
[149] Исто, стр. 78.

способност за координација, туку развивање на TNU-MOS, таа специфична духовна сила од која извираат животната храброст, волја, свежина, радост, т.е. здрава и некршлива виталност".[150]

За развојот на физичкото воспитание посебно се значајни и филозофските сфаќања според кои физичкиот развој на човекот тече спонтано и автономно така што на него не може да се влијае. Ова гледиште е многу блиско до идеата на натуралистичкиот фатализам која човекот го сведува на "беспомошно суштество кое се покорува на силите на природата".[151] Такви и слични сфаќања улогата на физичкото вежбање ја сведуваат на нега на телото и развој на вродените диспозиции (или физички вештини).

Исто така, неприфатливи се и сфаќањата на егзистенцијализмот кој "егзистенцијата ја одвојува од есенцијата и ја порекнува секоја законитост на општественото постоење". Имено, егзистенцијалистите сметаат дека "околината не влијае врз човекот, туку човекот слободно се определува во однос на околината. "Овие идеи многу често се користат во одбрана на разни идеалистички концепции за физичкото воспитание, спортот и други видови активности во физичката култура.

Наспроти идеалистичкото сфаќање на човечката природа, постои и материјалистичко според кое човекот нема (не е) двојна природа, туку дека тој е единство на тело и дух. Материјалистичкиот монизам, всушност, постоењето на човекот не го толкува со постоењето на свеста, но на неа гледа како на некоја "туѓа сила" во телото, туку ја сфаќа само како "специјално организирана материја". Имено, свеста не егзистира без тело, таа е само специфична функција на мозокот која ја одразува надворешната средина, или, како што вели Мајерс, "човекот егзистира само телесно (физички), тој телесно сака, се бори, игра и умира".[152] Според материјалистичкото гледиште, значи, јасно е дека физичкото вежбање не влијае само на периферните моторички органи, туку на одреден начин го определува и формирањето на психичките функции на мозокот. Точно врз тој факт се темели и можноста физичкото вежбање да се преорентира од средство за нега на телото во средство за формирање и усовршување на целокупната личност на човекот.

Многубројни примери од подалечната и поблиската историја на развојот на човечкото општество недвосмислено покажуваат дека физичкото воспитание од секогаш е под влијание на одредени, најчесто владејачки политички концепции. Тоа влијание, главно, е посредно и најчесто се одразува врз идејните концепции на физичкото воспитание, а понекогаш и врз неговата сфера на дејствување. Служењето на интересите на одредена политика се забележува дури и во очие земји во

---

[150] Berović, L.: (1989), Teoriske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 32.
[151] Исто, стр. 32,
[152] Mayers, F.: (1960), Die leibeserciehung, Studgart, str. 120.

кои јавно се декларира аполитичноста на физичкото воспитание. Германскиот теоретичар Дием смета дека е "непотребно и погрешно што работниците во Германија формираат сопствени организации за физичка култура (крајот на XIX век)",[153] што практично значи и осуда на нивната класна борба. Слични гледишта истакнува и американскиот теоретичар Бучер кој препорачува дека физичкото воспитание и рекреацијата треба да служат на "солидарноста и развојот на граѓанската заедница без оглед на раса, религија, економски статус или други дискриминаторски фактори".[154]

Во најновата историја, посебно во времето на "студената војна" и блоковската поделеност на светот, физичкото воспитание, посебно спортот, сосем отворено се користат како инструмент на одредена политика. Одделни земји вложуваат огромни парични средства за развој на врвниот спорт, настојувајќи преку спортските остварувања да го афирмираат и својот политички систем. Секако, не се ретки ни примерите спортот да се користи и истакнува како средство за зближување и подобро разбирање меѓу народите што е недвосмислено изразено и во концепцијата на нашата физичка култура.

Веќе во далечното минато човекот тежи кон некое совршенство на телото и убавината на движењето. Овие две компоненти силно се одразуваат во уметноста која, впрочем, во нив ги наоѓа мотивите на сопственото творештво. Античката уметност обилува со примери кои тоа неспорно го потврдуваат како што се: Мироновиот "Дискобол", Поликлетовиот "Дорифор", Леонардовиот "Аполон Белведерски" и многу други.

Со тек на времето, паралелно со културниот развој на човештвото, и уметноста почнува сé посилно да дејствува врз развојот на физичкото воспитание. Во поновата историја, на пример, делата на античките уметници на кои се прикажани идеални фигури на човечко тело, но и Хомеровите епови за атлетските подвизи на грчките јунаци, Пиндаровите стихови посветени на победниците на олимписките игри и други станаа примери на многу гимнастички правци и системи на физичкото воспитание.

Во поново време, со значително влијание се истакнуваат музичката и балетската уметност. Во првите децении од овој век, на пример, интензивно почнаа да се развиваат разни правци на уметничката или ритмичката гимнастика (Делсарт, Далкроз, Лабон и слично). Слични тенденции ја карактеризираат и етапата на развојот на спортовите. Во големото семејство на современите спортови сé поголема популарност добиваат дисциплини со нагласено и изразито уметнички ефекти, како што се уметничко лизгање, уметничко пливање, ритмичко-спортска гимнастика и други. Сето тоа само ја потвр-

---

[153] Diem (преку Берковиќ, Л.): Teoriske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, 1989, str. 33.
[154] Бучер: (Исто, стр. 33).

дува историската поврзаност на физичкото воспитание со уметноста, но, исто така, укажува и на неисцрпните можности на физичкото вежбање во изразувањето на уметничките чувства и стремежи.

Физичката култура од самите свои почетоци нераскинливо е поврзана со општото воспитание, претставувајќи и самата дел, функција на тој општествен процес. Низ физичкото воспитание кое претставува во суштина нејзина базична компонента, физичката култура, помалку или повеќе, постојано учествувала во реализацијата на целите и задачите на општото воспитание, како негов составен и неотттуѓив дел.

Меѓутоа, постои и мислење дека физичкото воспитание не е компонента на општото воспитание, туку дека се работи за "воспитание со помош на физички вежби" што "практично ја негира егзистенцијата на физичкото воспитание".[155] Овие сфаќања, кои се очигледна последица на идеалистичките сфаќања за човечката природа, се ненаучни. Како што телото не може да се одвои од свеста, така ни физичкото воспитание не може да се одвои од општото воспитание. Всушност, општото воспитание е функција на посебни видови воспитанија (интелектуално, морално, естетско, работно, физичко), а не нешто надвор од тоа. Имено, категоријата општо не би ни постоела ако ги нема разните категории посебно (општо и поединечно се меѓусебно дијалектички поврзани, дејствуваат и зависат едно од друго). Значи, јасно е дека физичкото воспитание реално постои - покрај интелектуалното, моралното, естетското и другите видови воспитанија, но не постои надвор од општото воспитание, туку е негов составен дел.

4.2. Научно-технолошки претпоставки

Научно-технолошкиот прогрес со условите и барањата кои ги поставува пред новото време се јавува како значајна детерминанта на карактерот, суштината и решенијата на современото физичко воспитание.

При разгледувањето на овој проблем потребно е прво да се одговори на прашањето како процесот на научно-технолошкиот прогрес делува на суштината и карактерот на современото физичко воспитание?

Познато е дека начинот и условите на живот во кои живее денешниот човек императивно ја наметнуваат потребата за воспоставување на физичката рамнотежа помеѓу човекот и изменетата средина, техничката средина која на нов начин делува на човекот, односно, различно од она што навикнал човекот низ својата историја. Тој начин на живот, условите во кои се движи човекот, работи и воопшто живее,

[155] Исто, стр. 35.

се такви што почнуваат во извесна мера да го загрозуваат неговиот опстанок, бидејќи машините кои тој ги создал и вовел во работата и во својот живот воопшто, го ослободуваат од интензивна физичка активност, и на тој начин секако ги олеснуваат условите за живот, а посебно за работа. Карактерот на работата се менува во зависност од развитокот и усовршувањето на производствените сили. Со развитокот и усовршувањето на машините за производство се менува процесот на производството и самиот карактер на работата. Со други зборови, во ова производство доаѓа до смалување на физичкиот дел на работата за сметка на зголемената интелектуална активност. Но од друга страна, тоа смалување на физичката работа од секојдневниот живот почнува негативно да се одразува на човечката природа. Денес е општо познато дека различни заболувања, пред сé заболувањата на кардио-васкуларниот систем (срце и крвоток), дишните органи, потоа нервните заболувања - воглавно потекнуваат од таму што човекот е од една страна технички премногу ангажиран и нервно пренапрегнат, додека од друга страна, нема можности физички да се активира во онаа мерка која е потребна на човечката природа. Поради тоа, доаѓа до низа пореметувања и заболувања.

Според податоците на светската организација за здравје, возрасните луѓе во 48% умираат од болести на срцето, односно срцеви аномалии. Во нашата земја, болестите на срцето и кардио-васкуларниот систем, дишните органи и нервно-психичките болести се во постојан пораст. Процентот на некои од овие болести во последните години се зголемил за 100%. Сето тоа укажува на фактот дека нашата земја нема да ја заобиколат оние последици кои ја следат високата индустријализација во другите земји, доколку на оваа појава не се спротивставиме организирано и навреме. Затоа, денес физичкото воспитание веќе не претставува само една воспитна компонента со која треба децата и младите да ги учиме на дисциплина или на некои вештини за да можат да се играат и забавуваат, туку неговата улога станува сé посложена. Тоа повеќе не може да биде вербална настава туку треба да се трансформира во осмислен процес кој го менува и прилагодува човекот, односно го оспособува за активен живот во средината во која живее и работи. Може да се каже дека задачите на физичкото воспитание сé повеќе се во функција на воспоставување рамнотежа на човекот со средината која ја менува и во која живее. Таквото воспоставување на рамнотежа може да се постигне само со адекватно физичко вежбање, односно физичко воспитание кое повеќе не се задоволува само со тоа човекот да се движи, туку кое инсистира на такво движење кое може доволно интензивно и ефикасно да го надохнади она што порано го давала физичката работа. Заради тоа, сакале или не, мораме да го активираме прашањето како може

физичкото воспитание да стане фактор кој ефикасно ќе реагира на претходно споменатите негативни влијанија од новата средина?

Се разбира дека, одговорот на ова прашање покрај другото треба да го бараме и во развојот на науката и нејзините достигнувања кои ја одредуваат, односно детерминираат суштината и карактерот на физичкото воспитание. Затоа, ако сака да стане сериозен фактор на општествениот развиток, физичкото воспитание, е неминовно упатено на потребата да ги следи научните тенденции, сознанија и предвидувања.

Значајно влијание на науката врз физичкото воспитание се јавува подоцна, кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Меѓу првите видно почнува да се истакнува влијанието на природните науки. Значајните откритија во биологијата, анатомијата, филозофијата и другите науки, открија нови сознанија за градбата и функционирањето на човечкиот организам и откриени се нови можности на физичкото вежбање. Благодарение на тоа, од друга страна, битно се изменија и сфаќањата за улогата и значењето на физичкото воспитание во целина.

Меѓутоа, сосема е извесно дека доминацијата на природните науки има и негативни последици врз развојот на физичката култура. Едностраното влијание на посебните науки (биологизација, физиологизација и слично), доведе до занемарување на општествените аспекти на физичкото воспитание, на неговите општествени функции. Всушност, биологизмот е фаталистичко сфаќање, бидејќи развојот на човекот го прави зависен само од биолошки услови, додека сите други ги занемарува. Со тоа физичкото воспитание се сведува на превентивна грижа за здравјето, додека задоволувањето и другите објективни потреби и интереси на човекот и општеството во целина се заобиколуваат. Тоа е повод многу западни теоретичари да прогласат "аполистичен" карактер на спортот и на другите појавни облици на физичкото воспитание.

За целосно и доследно научно осмислување на физичкото воспитание и откривање на неговите објективни вредности, мора да се има во предвид дека во процесот на физичкото вежбање природните и општествените закони не дејствуваат самостојно, туку во дијалектичко единство. Со други зборови, природните закони дејствуваат врз општествените и обратно, општествените го насочуваат, модифицираат или дури го менуваат дејствувањето на природните. "Слободно може да се каже дека човекот не се формира ниту исклучиво под дејство на природните закони, ниту исклучиво под дејство на општествените, ниту со проста комбинација на едните и другите. Несомнено, решавачки фактор е човечката општествена активност, а низ неа се манифестираат природните законитости".[156]

---

[156] Полиќ, Б.: (1963), Теориске основе физичке културе, Београд, Партизан, стр. 24.

Значи, јасно е дека на сегашниот степен од развојот на науката, физичкото воспитание не може да се потпре само врз постигнувањата на една или друга наука, бидејќи ниту една научна дисциплина земена сама за себе не е во состојба да ги открие сите законитости на физичкото воспитание, неговата суштина и функција. Тоа може да се оствари единствено доколку откритијата од сите науки се поврзат во единствена теорија која истовремено би претставувала основа за пронаоѓање патишта за поефикасно дејствување на единствената личност на човекот и развитокот на нејзините креативни способности.

Идејата за остварување на физичкото воспитание, денес станува општа карактеристика на воспитанието во услови на современиот процес на технолошката револуција и промените што таа ги носи. Се смета дека општеството, базирано на индустријата и сервисите, преминува во мрежно општество (network society), кое се карактеризира со потполно нови работни категории како и нови начини на живеење. Тие, меѓу другото, ќе ја променат улогата на општото воспитание и образование, а во тие рамки и улогата и значењето на физичкото воспитание. Се предвидува дека повеќето технологии кои ќе се користат во следните десетина години, допрва ќе треба да се развијат, што секако дека наметнува потреба од глобални промени во физичкото воспитание кое освен за младите генерации, треба да биде насочено кон средната и постарата генерација едуцирана пред настапот на наведените технолошки промени.

Усвојувањето на новите знаења ќе треба да стане континуиран (доживотен) процес (litelong larning, continuous), кој бара воведување на нови модели на образовни системи, како и нивна голема флексибилност обезбедена со примена на технолошки подржано учење (technology-supported learning), учење на далечина (distance learning), флексибилно учење (flezible learning) учење при работа, учење од дома (home larning).[157]

Флексибилноста подразбира категории како, на пример, независност од далечината, временската независност, слободен избор на образовни содржини, избор на наставници, слободен пристап, до курсеви, степенот и опсегот на образование, различна големина и клас и слично.

Различните модели под еден назив ги нарекуваме технолошки подржано учење (tecnology-supported learning), бидејќи користењето на информационо-комуникационите технологии е неопходен услов за нивно изведување.

---

[157] Кон-Поповска, М.: (1998), Технолошки подржано учење, Општествената транзиција и образованието, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", стр. 249.

Значи, теориските, концепциските и практичните решенија за суштината и карактерот на физичкото воспитание во педагошката теорија и практика, се условени и од барањата на современите информатички технологии кои подржуваат линеарни и интерактивни образовни програми (компакт диск, видеодиск, мултимедијални CD-формати, хипер-текст формати) електронска пошта и поштенски листи, компјутерски конференции, електронски огласни табли, видео-бимови, виртуелни библиотеки, електронски изданија на списанија, виртуелна реалност и слично.

Овие тенденции ги стават пред сериозен испит земјите во светот особено помалку развиените. Прашањето на нивното вклучување во сéопштите светски текови не е само прашање на прилагодување туку и на опстанок. Во судир со таквите предизвици, земјите во светот трагаат по најдобрите можни решенија во сферата на физичкото воспитание, со надеж дека ќе успеат да постават таква концепција, која од една страна ќе придонесе во формирањето на една плурална личност, додека од друга страна ќе претставува значаен фактор за сéопштиот развој и ќе помогне во решавање на внарешните проблеми на економски, политички и културен план.

Нашата земја зафатена од процесите на транзиција обидувајќи се да ги дизајнира сопствениот образовен систем во согласност со современите светски тенденции и низ призмата на феноменот на научно-технолошката револуција, треба да обезбеди поволни претпоставки за правилна концепциска поставеност и правилни решенија за начините, постапките, методите и средствата на современото физичко воспитание.

4.3. Педагошко-психолошки претпоставки

4.3.1. Физичкото воспитание и целосниот развој на личноста

Човекот е најразвиен организам, битие кое спознава, доживува, комуницира, создава, изградува, вреднува. Благодарејќи на своите способности ја создал науката и филозофијата, уметноста и техниката, културата и цивилизацијата, ги нормира меѓучовечките односи и ја овозможува историјата на човечкото општество. Од царството на животните се издвојва homo sapiens и homo moralis, homo taberi и homo esteticus. Човекот постанал универзално, генеричко битие кое ја спознава вистината, се одликува со творештво и добрина, тежнее кон хармонија и убавина, а основна претпоставка на сето тоа е здравјето.

Познато е дека воспитанието е многу сложен процес во изградување на личноста. Се поставува прашањето, што е тоа личност? Постои широка панорама на дефиниции за тоа што е личноста. Меѓутоа, нема да се впуштаме во дефинирање затоа што тоа не е наша

цел, а само ќе истакнеме дека личноста е многу сложена структура или како што вели познатиот хрватски педагог А. Вукасовиќ, личноста е "организирана целина, одредена структура на биолошки, психички и социјални особини, поведенија со кои се изразува како поединец, со што се одликува и разликува од останатите членови на општествената заедница".[158]

Воспитниот процес мора да ги зафаќа сите тие особини, мора да тежнее кон целосен и хармоничен развиток на личноста. Без тоа, воспитанието би ја изгубило целосно својата смисла и не би можело да ја оствари основната цел која се состои во хармоничен и целосен развиток на сите човекови особини и способности. Токму поради тоа, воспитанието ја губи својата смисла, доколку не е насочено кон изградување на личноста на воспитаникот во сите нејзини вредносни доживувања. Крајната цел на воспитанието е биолошки дадената индивидуа да прерасне во општествена и педагошки оформена личност.

Ваквата цел на воспитанието се разбира дека претпоставува и бара такво физичко воспитание како темелно воспитно подрачје, бидејќи со негова помош се негува и унапредува физичката конституција, психофизичките способности и здравјето како важни компоненти на човековото битие. Со други зборови, со интелектуалното, моралното, естетското, работното и физичкото воспитание се појавува како примарно и фундаменталното воспитно подрачје без кое не би бил возможен процесот на целосниот и хармоничниот развиток на личноста.

Оваа цел како појдовна основа на физичкото воспитание се среќава во повеќе педагошки системи во минатото и денес. Меѓутоа, терминолошката поистоветност не значи и суштинска истоветност на барањата за целосен развиток на личноста. Зад терминот се крие суштинска различна поставеност на барањето и различна содржина на поимот. Значи, постојат битни разлики во сфаќањата на поимот, во античката филозофска смисла, кај хуманистичките просветители, во марксистичката идеологија, па сé до теоретичарите од современиот свет.

Потребата од физичко воспитание како основна компонента на воспитанието, позната е уште од античко време. Се карактеризира со педагошките настојувања за хармоничен развиток на телото и духот и меѓусебна поврзаност на повеќе битни воспитни компоненти: физички, естетски, интелектуални и морални. Така, воспитанието во Атина се дели на гимнастика и музика. Преку гимнастиката се овозможува развиток на убавина и сила на телото, гипкост и убавина на движењата, а пак музиката ги опфаќа интелектуалното и естетското воспитание. Најважна карактеристика на воспитанието во Атина е постигнување на хармонија на физичките и интелектуалните способ-

[158] Vukasović, A.: (1990), Pedagogija, Zagreb, Školska knjiga, str. 96.

ности, на моралните и естетските особини, меѓу убавината и добрината, а сето тоа познато под терминот ***калокагатија***.

Во времето на хуманизмот и ренесансата повторно се појавуваат барања за хармониски развиен човек, во кого физичкото воспитание е значајна компонента. Поаѓајќи од тезата на Јувенал дека треба да се негува здрав дух во здраво тело, големо значење на физичкото воспитание за хармоничен развиток на личноста му придаваат Фелтре, Рабле, Монтењ и други хуманисти, притоа нагласувајќи ја важноста на здравјето.

Сите педагошки класици високо ја вредуваат улогата на физичкото воспитание во целосниот развиток на личноста. Така на пример, Ј. А. Коменски посебно ѝ придава значење на играта која придонесува во јакнење на телото и духот. Лок укажува на тоа дека во воспитната работа физичкото воспитание е основа на секоја понатамошна воспитна работа. За Русо, пак телото е основа на интелектуалните способности и е средство на духот. Неговите идеи практично ги реализирале филантропистите, а особено Беседов и Гутс Мутс кои тежнеат кон остварување на принципот на хармоничност на телесниот и духовниот развој по пат на физичко вежбање во природни услови. И Песталоци исто така, истакнува значајни задачи на тоа воспитно подрачје: развивање на физичка сила, развивање на естетски чувства и морални особини. А. Дистервек нагласува дека хармониските развиток бара целосен развој на телото и духот. Според него, физичкото воспитание може да влијае на психата на ученикот, неговите емоции, волја и формирањето на карактерот.[159]

Прогресивни мисли за физичкото воспитание и неговата улога за развиток на личноста се изнесени во педагошките проекти на француската граѓанска револуција учењето на социјал-утопистите, а покасно и под влијание на гимнастичките системи, физичкото воспитание постепено се воведува и во училишната настава.

Во учењето на Маркс, физичкото воспитание е битен и составен дел на воспитание на целосна и неотуѓена личност. Поимот "сестраност" според него треба да ги инкорпорира во себе и универзалните (општочовечки, хумани, генерички, општествени, културни), посебните (општествено-историски) и поединечните (индивидуални) вредности. Со други зборови тој поим подразбира секому да му се овозможи до максимум да ги развива своите човечки, индивидуални и генерички можности.[160]

Многу од современите педагошки теоретичари истакнувајќи го фактот дека физичкото воспитание е несомнено значаен фактор за целосниот хармоничен развиток на човекот, се обидуваат да дадат

---

[159] Исто, стр. 91.

[160] Đorđević, J., Potkonjak, N.: (1983), Pedagogija, Beograd, Naučna knjiga, str. 91.

одговор на следното прашање, имено какви се можностите на физичката култура како дел од општата култура за развитокот на личноста?

Во процесот на практичната и психичката активност, човекот стапува во врски и односи со општествената и природната средина. Колку се тие врски повеќе универзални, толку повеќе се поголеми можностите за поцелосен и хармоничен развој на човекот, толку повеќе ќе биде и неговото ниво на култура; и обратно - колку човекот е поцелосно развиен, толку по универзални ќе бидат и неговите врски со средината.[161]

Доколку се прифати ставот дека физичката култура е дел од општата култура и дека според тоа во подеднаква мера е производ и предмет на материјалната и духовната култура тогаш и позицијата на човекот во неа мора од корен да се менува. Имено, невозможно е тој да биде само објект во таа активност, пасивен вршител на одредени рецепти и шаблони, на што неминовно го упатува постоечката технологија на наставниот процес. Како што истакнува Ленин, личноста стапува во меѓусебни односи со културата на три начни и тоа:

а) како објект на културата - ја усвојува културата т.е. во процесот на свесна активност личноста ја трансформира културата во облик, начин на општествена и животна активност, во сопствена креативна сила (екстензивна форма на култура).

б) како субјект на културата - создава културни вредности (интензивна форма на култура).

в) како носител на културата - културата се интегрира во суштината на самата личност која делува во културната средина како конкретен носител на културните вредности, соединувајќи го во себе општото - она што е присутно во целата култура, и индивидуалното животно искуство, ниво на знаење, општествената свест, и т.н.[162]

"Процесот на развој на културата се состои во тоа што човекот истовремено создава, ја гради културата, материјализирајќи ги во неа своите суштински сили, и се формира себеси како општествено *битие освојувајќи и дематеријализирајќи* ја претходната култура".[163]

Значи, очигледно е дека целиот тој процес не може да се сведе на чисто духовна активност. Имено, не можат да се игнорираат аспектите на физичката култура, физичкиот развој и физичкото воспитание бидејќи со тоа би се осиромашил тој процес и би бил необјективен одраз на неговата суштина.

Во смисол на претходното излагање, физичкото воспитание може да се третира како дејствувачка сфера на физичката култура т.е. како процес на непосредно усвојување на вредностите на физичката

---

[161] Видрин, В. М.: (1980), Спорт в современом обшчестве, Москва, Физкултура и спорт, стр. 13-14.

[162] Ленин (преку Бероvиќ): (1983), Fizičko vaspitanje u funkciji integralnog razvoja ličnosti (Zbornik radova), Aranđelovac, SDPFKS, str. 19.

[163] Ашмарин, В. А.: (1979), Теорија и методика физического воспитања, Москва, Физкултура и спорт, стр. 15.

култура или "процес на трансформација" на тие вредности во лично добро". Од тоа логично произлегува дека физичкото воспитание е специфична појава или манифестација на културниот живот и креативноста на човекот. Општествената практика на физичкото воспитание во тој смисол може да се земе како "канал низ кој протекува предавањето на вредностите на физичката култура од постарите кон помладите поколенија".[164] Во исто време, тоа е начин на проширување и збогатување на културната сфера, бидејќи младите поколенија никогаш не се задоволуваат со просто преземање на претходните достигнувања, туку секогаш создаваат нови.

Секако, мора да се има во предвид и фактот дека во фондот на културни вредности секогаш не спаѓа она што е создадено - во науката или во практиката, туку само она што навистина служи на општиот прогрес и усовршување на човековата личност. Имено, сигурно е дека некои минливи ефекти, како и негативни појави од практиката на физичкото воспитание, не можат да се поврзат со поимот култура, ниту можат да претставуваат културни вредности.

Според тоа, физичкото воспитание за да го оправда и сочува статусот на културна дејност во права смисла на зборот, мора да создава трајни и општествено признати културни вредности. Со други зборови, тоа мора да му обезбеди на ученикот во процесот на физичкото воспитание, со помош на моторната активност, целосно и рамноправно да ги развива своите потенцијални сили и можности. Само тогаш физичкото воспитание навистина ќе биде во функција на целосниот развој на ученикот, само тогаш тоа ќе го даде својот оптимален допринос за целосен и хармоничен развој на личноста. Меѓутоа, на тој пат, пред физичкото воспитание стојат бројни и многу сложени задачи при чие решавање ќе мора да се направи и некој важен пресврт, не само во теориското пристап, туку и во практичната реализација на сите процеси во ова воспитно подрачје.

4.3.2. Поврзаност и меѓусебна условеност на физичкото со другите видови воспитанија

Физичкото воспитание не е изолирана педагошка категорија и тоа не може да се сведува само на моторна активност. Имено, неспорно е дека во физичкото воспитание се застапени скоро сите облици на човековата активност - трансформациони, сознајни, комуникативни, вредносно-ориентациони и други. Тоа е органски поврзано со другите видови воспитание - интелектуално, морално, естетско и работно.

---

[164] Матвеев, Л. П.: (1970), Теорија и методика физичког васпитања, Москва, Физкултура и спорт, стр. 13.

Поврзаноста и меѓусебната условеност на физичкото и другите видови воспитание е резултат на неколку важни фактори од кои посебно ќе ги споменеме следниве:

а) Единство на целта на сите видови воспитание и воспитанието во целина;

б) дијалектика на самиот воспитен процес во чиј тек, по правило, не се вклучени одредени елементи на личноста, туку личноста во целина;

в) постоење општа основа врз која се заснова воспитанието, т.е. активноста.[165]

Од наведените фактори особено внимание заслужува оној што се однесува на интегритетот на човечката личност. Резултатите од многубројни истражувања покажале дека секое одвојување на психичките од физичките процеси, психичкиот од физичкиот живот воопшто, е целосно произволно и неосновано.

Анализирајќи го феноменот на интегралниот развој Бретскен, Ригде и Винсент доста сликовито истакнуваат: "Човекот се состои од многу делови кои дејствуваат интегрирано. Неговите интелектуални способности се поврзани со физичкото здравје, емоциите имаат силно влијание врз физичкото здравје. Училишниот успех или неуспех, физичкото здравје или интелектуалните способности делуваат врз емоциите. Неговиот развој е резултат на историјата на неговото семејство, неговиот сопствен живот, моменталните задоволства и напори. Начинот на кој го минува денот се одразува врз сите фази на развојот и обратно, кривата и брзината на развојот дејствуваат врз неговите реакции на дневниот распоред. Физичкото здравје, интелектуалните способности, интересите за работа или игра и емоционалната слобода да се одговори на барањата на училиштето длабоко и постојано влијаат врз тоа што ќе постигне во училиштето, во играта или во било што друго во животот".[166]

Поврзаноста и меѓусебната условеност на физичкиот и психичкиот развој ја потврдуваат и многубројни истражувања кои укажуваат на некои релации меѓу физичките способности или физичкиот развој и некои карактеристики на личноста - когнитивни, конативни и други. Во врска со ова посебно се значајни истражувањата што се занимаваат со проучување на врските и односите меѓу моторните функции и интелектуалната работна способност, односно поврзаноста меѓу физичкото и интелектуалното воспитание.

Голем број автори истакнуваат дека во психолошката структура на моторниот акт - при извршување на било која физичка вежба - неминовно учествуваат и интелектуални компоненти. Имено,

---

[165] Berković, L.: (1983), Povezanost i međusebna uslovljenost Fizičkog i drugih vidova vaspitanja (Zbornik radova), Aranđelovac, SDPFKS, str. 19.

[166] Ismail, A. H.: (1976), Integralni razvoj, teorija i eksperimentalni rezultati, Zagreb, Kineziologija vol: 6, br. 1-2.

неспорно е дека во процесот на физичко вежбање, дури и кога станува збор за едноставни моторички структури, непрекинато се појавуваат ситуации и проблеми во чие решавање се вклучува цела низа мисловни операции (набљудување, воопштување и барање решение). Благодарение на тоа, при одредени услови во процесот на непосредна реализација на моторниот акт, паралелно со функционалните, се истакнуваат и интелектуалните ефекти.

На креативниот карактер на моторната активност и на тесната поврзаност на интелектуалната и моторната активност во свое време укажувал и Ф. Лесгафт: "По пат на анализа и споредување впечатоците кои доаѓаат од надвор преминуваат во умствена работа, а веднаш потоа се појавуваат во вид на апстрактни поими. Согласно со тоа, мораме да научиме да го анализираме и да го споредуваме движењето, со постојано настојување тоа да биде прилагодено за таква активност во која и најголемата работа би се изведувала со најмал напор, што е исто така, можно и во интелектуалната работа".[167]

Развивајќи ја мислата за хармоничен развој на човекот, Лесгафт во повеќе наврати истакнувал дека несообразеноста на физичките и психичките сили неповолно влијае врз креативната активност на човекот. "Таквата дисхармонија неминовно повлекува со себе немоќ на надворешни манифестации: мислите и идеите можат да постојат, но нема да ја има потребната енергија за доследно проверување на идеите и за упорно спроведување и примена на овие идеи во практиката".[168]

Во современата теорија на физичкото воспитание често се истакнува улогата на физичкото вежбање во формирањето на психичките особини и квалитети и на интелектуалната работна способност. "Процесот на усвојување на разни движења, нивна точна и навремена употреба во сообразност со конкретните барања и услови на средината, бара длабоко осмислување на сите постапки, ангажирање на памтењето, вниманието, мислењето и т.н. Заради тоа на одреден степен физичкото вежбање може да дејствува и врз развивањето на интелектуалната работна способност кај човекот".[169]

Според ***В. М. Видрин***, при усвојувањето и усовршувањето на моторните знаења и навики се јавуваат, главно, три карактеристични форми на поврзаност на мисловната и моторната активност:

а) интелектуалната активност се одвива паралелно со моторната, а процесите на мислење се во функција на непосредна контрола и регулација на движењата;

б) мислењето му претходи на практичното изведување и учествува во планирањето и непосредната примена - организација на моторниот акт; и

---

[167] Коробков, А. В.: (1962), Физическаја култура разнога возраста, Москва, Физкултура и спорт, стр. 9.
[168] Исто, стр. 9.
[169] Исто, стр. 10.

в) мислењето учествува во анализата и оценувањето на извршениот моторен акт.[170]

Покрај овој вид поврзаност меѓу физичкото и интелектуалното воспитание која е непосредна и во најголем дел врз основа на законитостите на функционирањето на човечкиот организам (пред сé поврзаноста меѓу физиолошките и психолошките процеси), може да се зборува и за т.н. посредна поврзаност. Таа се остварува со посредство на позитивните ефекти на физичкото вежбање кои во поголем број случаи, претставуваат и битен услов или темел за успешна интелектуална работа (добро и стабилно здравје, добра физичка кондиција и друго).

Некои истражувања покажуваат дека кај луѓето со добра физичка кондиција, интелектуалната работна способност при подолга работа подобро се одржува отколку кај оние со послаба кондиција. Имено, се покажало дека интелектуалната работна способност кај овие луѓе е потпорна на влијанието на некои неповолни фактори и на умор. (Тавриљук, Петрушевски, Зинкин, Волков и други).

Голем број истражувања се посветени на испитувањето на поврзаноста на физичката способност и интелигенцијата, разгледувани, пред сé, од апсект на успехот во учењето. Во поголем број случаи се констатирани позитивни релации, иако сé уште не може да стане збор за целосна согласност на добиените резултати. Исмаил[171] и Трубер, на пример, утврдиле дека силата, брзината, експлозивната сила и прецизноста се практично неповрзани со интелегенцијата (иако делумно се поврзани со резултатите и тестовите на знаења), додека координацијата е значајно и позитивно поврзана со интелегенцијата и со резултатите во тестовите на училишното знаење.

Земено во целина, се чини дека е неспорен фактот што физичкото воспитание (физичкиот развој и физичките способности во позитивна корелација со интелектуалното воспитание, интелектуалниот развој и способности). Меѓутоа, степенот на нивната поврзаност во голем дел зависи од тоа колку процесот на физичкото воспитание е насочен кон јакнење на овие врски, односно во колкава мера се активирани интелектуалните потенцијали на ученикот. Во секој случај, подобри резултати ќе се постигнат до колку во процесот на вежбање или тренинг сестрано се активираат интелектуалните процеси (набљудување, памтење, мислење) и ако систематски се применуваат, прошируваат и проверуваат постојните знаења. Истовремено, тоа е можност интелектуалната активност да стане практична дејност (во процесот на вежбање или тренинг), што е еден од важните услови оваа целокупна активност да се оттргне од сферата на "вештинарство"

---

[170] Видрин, В. М.: (1980), Спорт в савременом обществе, Москва, Физкультура и спорт, стр. 36.

[171] Ismail, A. H.: (1976), Integralni razvoj: teorija i eksperimentalni rezultati, Zagreb, Kineziologija, vol: 6, br. 17,

и практицизмот и да се воведе во сферата на културна и креативна дејност. Овие можности подобро ќе бидат елаборирани во натамошното излагање.

Развитокот на научко-технолошкиот прогрес се карактеризира со намалување на физичкиот труд за сметка на интелектуалниот. Механизацијата и автоматизацијата на материјалното производство бараат продлабочени знаења и широк дијапазон од интелектуални операции. Тие се поврзани со неопходноста од активирање на сознајните процеси, особено мислењето и памтењето, како индикатори за интелектуална работоспособност.

Физичкото воспитание е органски поврзано со интелектуалната дејност. Уште ***И. М. Сеченов*** со своите истражувања докажал дека работата на мускулите го активира нервниот систем, односно занимавањето со физички вежби и физички труд овозможува благопријатни услови за подобрување на работоспособноста на човекот. Таа непосредна условеност меѓу физичката и интелектуалната дејност, меѓу централниот нервен систем и мускулно-подвижниот систем создава добри услови за попродуктивна мисловна работа за активен одмор после интелектуалното напрегање. Таа овозможува рационално искористување на физиолошките законитости за подобрување на продуктивноста. Во врска со ова, познатиот француски физиолог ***Рибо*** вели дека "движењето е основен услов на сознанието".[172] Според него после умерен физички труд кога настанува извесно активирање на функциите, кога е зголемен протокот на рецептивните импулси кон кората на големиот мозок, возбудувањето и работоспособноста се зголемени. Се подобрува и работата на вегетативниот нервен систем и наполно се активира интелектуалната работоспособност.

Треба да постои органска поврзаност меѓу интелектуалното и физичкото воспитание. Во врска со тоа познатиот руски научник ***И. П. Павлов*** вели дека "не постои чиста движечка дејност, туку таа е поврзана со интелектуалната, исто како што има тесна непосредна поврзаност меѓу мисловните операции и практичната дејност". [173] Така со систематско изведување на физичките вежби доаѓа до усовршување на нервниот систем и тоа структурно и функционално. Па гледано од тој аспект, физичкото воспитание придонесува во активирање на интелектуалната дејност.

Средствата кои се користат во практиката на физичкото воспитание во функција на развојот на интелектуалната сфера кај учениците, се разновидни. Многу наши и странски истражувања говорат за основните методи (говорни, нагледни и подвижни) со кои се

---

[172] Попова, Е.: (1990), Теория и методика на физическото възпитание, София, УИ "Климент Охридски", стр. 24.

[173] Павлов, И. П.: (1949), Сборник трудов, Т-1, Москва,.

создаваат навики и умеења за набљудување, восприемање, помнење, мислење и особено се значајни во решавањето на образовни задачи во воспитно-образовниот процес. Од тоа зависи и скратувањето на периодот за постигнување на ефект и во интелектуалното воспитание кај учениците во услови на физичкото воспитание.

Така на пример во методиката на учењето, за формирање на подвижни категории, за формирањето на навики и умеења, за техничко совладување на потешки и посложени физички вежби или во решавањето на тактички задачи во спортските игри, од суштествено значење е алгоритмизацијата на одделни вежби во процесот на усовршување на подвижни задачи. Несомнено е дека кога учениците треба да го спроведуваат учењето на алгоритмите при движењата, истовремено учат мисловни операции за практично реализирање на подвижните активности.[174]

Познати се имињата на големи личности во светот за кои задоволувањето на потребата од движење низ физички вежби или физички труд е неопходност за нивното творештво. За вниманието, И. Н. Сеченов вели дека е "неопходно, за да се дојде до сознание". Како процес тоа е незаменлив фактор за активно и организирано функционирање на мноштво други психички процеси. Додека пак познатиот руски академик П. А. Рудик, за вниманието истакнува дека "тоа е неопходно за сите други психички процеси и за секоја активност воопшто и дека од неговата состојба зависи брзото и правилното одвивање на процесот на мислењето".[175] Па оттука, за да се совлада одредена вежба според процесот на учењето на моториката, потребно е да се сфати нејзината смисла, а во тоа учествуваат повеќе психички процеси. Овие процеси се посложени доколку се работи за моторичко движење со посложена содржина. Така, прво вежбата или моторичкото движење треба да се запамти при што посебно се вклучува вниманието, перцепцијата, мислењето, донесување заклучок, способноста за визуелно памтење на ликови и други процеси поврзани со ова. Притоа, треба да се има во предвид при напорни и сложени вежби само здрав организам може да ги врши ваквите активности.

Поврзаноста на физичкото образование со ***моралното*** е, исто така, битна врска неопходна во развојот и формирањето на личноста. Научните истражувања на повеќе социолози, психолози и педагози и сознанијата до кои доаѓаат, недвосмислено ја потврдуваат поврзаноста на физичкото со моралното воспитание. Притоа, тие воспитните задачи на физичкото воспитание најчесто ги поврзуваат со изградување на високо ниво на морално-волеви, интелектуални и работни навики, на морални и естетски вредности, а додека пак зада-

---

[174] Попова, Е., Христова, Е.: (1990), Теорија и методика на физическото възпитание, Софија, УИ "Климент Охридски", стр. 25 и 26.

[175] Рудик, П. А.: (1976), Психологични основи на физическото возпитание на децата от предучилишна възраст, Софија,УИ "Климент Охридски", стр. 71.

чите на моралното воспитание, ги стават во тесна врска со формирањето на сознанија, чувства, поведение, морално-насочени волеви црти на личноста, т.е. давање на знаења за нормите и правилата на поведение во животот и општеството, на моралните постапки и навики. Под влијание на воспитното делување во услови на физичкото воспитание кај учениците се формираат способности за проценка на личното и поведението на другите. Како резултат на тие претстави се формираат убедувања со морални содржини, морални чувства и навики.[176]

Се поставува прашањеато во што се состои единството при решавањето на задачите на физичкото и моралното воспитание?

Формирањето на ***морални сознанија*** во педагогијата подразбира да се изградат морални претстави, поими, погледи, оценки, а според тоа и морални убедувања т.е. да се воспитува правилно разбирање за доброто и злото, за тоа што е морално, а што неморално. Основниот метод за формирање на моралното сознание по пат на убедување е совесното делување. Во практиката на физичкото воспитание постојат многубројни примери кои можат да служат како основа на таквото делување. Така наставникот по физичко воспитание може да ги насочи учениците кон визуелна примена на добри и лоши постапки. Неговото однесување особено при оценување на резултати во спортските игри при решавањето на спортските ситуации, исто така, може да служи како извор за формирање на морални претстави, оценки и т.н. Особено погодни за формирање на морални постапки, на морални или неморални однесувања и за формирање на знаења за спортската етика се колективните игри и спортови во кои има голем број на ситуации на взаемно помагање.

Со многукратното повторување на правилните однесувања и постапки се придонесува за формирање на моралните сознанија, чувства и поведение.

Воспитувањето на моралните чувства овозможува кај индивидуата да се изгради правилен однос кон работата, кон поведението на луѓето и кон сопственото поведение.

Низ физичкото воспитание најчесто се создаваат можности за формирање на позитивни морални црти и морални убедувања кои што можат да се претвораат во мотиви на поведение.

Формирањето на моралното поведение е поврзано со воспитувањето на доблестни постапки и навики. Во процесот на физичкото воспитание од средствата што се користат за формирање на морално поведение се ситуациите на взаемно помагање, усогласеноста на активностите, конфликните појави во игрите, работите во лоши услови и други подвижни активности. Во основата на моралните постапки во различни ситуации има мотиви поврзани со спортската дејност кои го определуваат моралното поведение на учениците во

[176] Исто, стр. 33.

игрите. Познато е што се мотивите, тоа се мислите, стремежите и чувствата кои произлегуваат од човекот и го поттикнуваат на активност. Тие за да служат како основа на поведението, треба да воспитуваат добродетели. Според тоа моралните постапки на учениците и нивното поведение во дејностите на физичкото воспитание се диктираат и произлегуваат од мотивите.[177]

Одредените методи за учење на морални постапки во процесот на физичкото воспитание не се разликуваат од останатите. Тие придонесуваат за морално формирање на личноста. Низ практиката на воспитно-образовниот процес, тие методи се користат во формирањето и изградување на подвижни навики и умеења. Со нивна помош учениците се учат кон создавање на етички норми кои потоа ги пренесуваат надвор од сферата на детското живеење кон барањата на општеството за моралното поведение. За да може да се стигне до посакуваните појави во поведението на учениците се бара големо педагошко искуство и мајсторство од наставникот по физичко воспитание, нагласена упорност и работно трпение, т.е. силна волја за решавање на воспитните задачи, а особено оние кои што се поврзани со формирање на личноста на детето.

Физичкото воспитание, исто така, е и во функција на развојот на ***естетското воспитание*** кое има голема улога во изградувањето на современото општество по законите на убавината. Таа убавина не треба да се бара само во искуството, туку во сите сфери на општественото живеење, вклучувајќи го ѝ спортот.

Руските автори, ***В. И. Столјаров*** и ***М. Ј. Сараф*** (1982)[178], естетските појави во физичкото воспитание ги делат на три групи. Првата група ги содржи оние кои се однесуваат на неговата содржина, определени како естетска вредност. Втората група ги вклучува чувствата вкусовите, потребите, идеалите, погледите за теориите, формирајќи ги сознанието за спортот и третата група која се поврзува со дејноста на човекот во таа област.

Несомнено е дека естетското воспитание е животна потреба за кое секоја активност на учениците може да има голем придонес. Тука, се разбира дека не прави исклучок ниту физичкото воспитание, чии можности се големи дури и неограничени. Богатството од физички вежби како основно средство во воспитно-образовниот процес, спортските подготовки, подвижните игри, ритмичката гимнастика, танцовите, хигиенските фактори и работата, спортските манифестации и екскурзиите, летувањата, зимувањата и логорувањата имаат големо значење за естетското воспитание на учениците. Во практиката е докажано дека низ воспитните задачи во процесот на учењето,

---

[177] Исто, стр. 35.

[178] Столяров, В. И., Сараф, М. Ј.: (1982), Эстетические проблемы спорта, Москва, Физкультура и спорт.

способноста за формирање на естески чувства и нивната ефективност е тесно поврзана со развитокот на способности за восприемање и доживување на возвишеното, убавото, трагичното, комичното и други естетски категории.[179] На секого му е познато со каква емоционалност е поврзана практиката на физичкото воспитание. Благодарение на таквата емоционална состојба можат да се развијат способности не само за естетски доживувања, туку и за формирања на општ интерес кон учењето.

Естетското воспитание во физичката дејност има определени задачи. Многу автори, занимавајќи се со тие проблеми, ги делат на две групи: општи и специјални. Кон општите задачи тие ги вклучуваат воспитувањето на естетските потреби, вкусови, чувства и поими за убавото во природата, творечката работа, взаемните однесувања, поведението и слично. Специјалните задачи, авторите ги поврзуваат со воспитување на естетски чувства, вкусови, поими кои непосредно се однесуваат на практиката на физичкото воспитание и спортот. Во тие задачи на пример, тие ги вклучуваат "правилното разбирање на надворешната и внатрешната убавина на човекот, нагласувајќи го единството на естетското и моралното, рабирањето на физичкото совршенство како процес, во чија основа лежи постигнување на хармоничен развиток на личноста, разбирањето за убавината на спортските движења, спортското поведение, спортиските манифестации, спортските традиции и друго".[180]

Реализирањето на основните задачи на естетското воспитание во областа на физичкото воспитание и спортот може да се постигне со утврдени педагошки методи. Карактеристичниот метод на свесна дејност (активност), се користи и за целите на естетското воспитание. Тој особено се користи при искажувањето на знаењето на убавината на движечката дејност во спортот и во користењето на физичките вежби, поведението на учесниците и слично.

Друг метод во практиката на физичкото воспитание за создавање на ***естетските доживувања*** кај учениците, е методот на покажување. Имено, естетските доживувања не можат да се запомнат, доколку тие не бидат поткрепени со нагледни примери. Визуелно восприеманите подвижни активности, на пример од уметничката гимнастика, правењето на фигурите и друго, можат да создадат подобри услови за формирање на естетски вкус кај учениците. Ете зошто, убавото во спортот може да се открие со покажувањето, со мајсторското демонстирарање на движењата на живо или на филм. Меѓутоа, за точно и убаво исполнување на една вежба за што следи да се изработи естетска претстава и вкус, не секогаш може да постои

[179] Попова, Е., Христова, Е.: (1990), Теорија и методика на физическото възпитание, Софија, УИ "Климент Охридски", стр. 36 и 37.
[180] Исто, стр. 37.

демонстрант, не секогаш тоа може да се покаже на "живо". Во тој случај можат да се искористат разни други помошни средства како што се: фотоснимки, дијапозитиви, филмови и слично.[181]

За формирање на естетски категории, наставникот може да ги научи учениците на самостојно покажување на подвижни активности со уметничка вредност. За исполнување на таа метода, неопходно е систематски да се постават творечки задачи во изведувањето на движењето, композициони импровизации со естетска вредност, внесување на изразитост при техничкото исполнување на некои вежби и слично, што можат да се утврдат по пат на многукратно повторување. Тој метод исто така овозможува формирање и зацврснување на упорноста, значајни естетски навики во движењето и примерно поведение.

Особена важност за формирањето на естетски вкус кај учениците на часовите по физичко воспитание има и методот на оценување, меѓусебно оценување и самооценување на естетските подвижни активности. Со тој метод се прави проверка на усвоените знаења за естетиката на спортот. Во практиката обично се поставуваат задачи за оценување и меѓусебно оценување на подвижната дејност од друг ученик. Моралното поведение на учениците, нивната облека, музиката, танцовите композиции имаат значителна улога за создавање на чувство за убаво кај детето.[182]

Факторите за естетското воспитание во услови на физичкото воспитание во воспитно-образовниот систем, се многубројни. Различноста произлегува од формата и содржината на физичките вежби како основно средство во учењето, дополнителните средства (природните сили, хигиенските фактори и физичкиот труд); возрасните способности на учениците, степенот на усвоените знаења, нивните творечки и креативни можности и друго. Сите тие услови, несомнено е дека имаат специфични барања при насочувањето на воспитниот процес за да се постигне посаканиот ефект во естетското воспитание.

Суштински фактор за естеското воспитание се спортските дисциплини со висока уметничка вредност како што се: спортската, акробатската и уметничката гимнастика, правењето на фигури, скоковите во вода, синхронизираното пливање и друго. Најважно за тоа е нагласената улога и значењето на факторите артистичност и изразување.

Важен фактор во воспитниот процес е исто така и музиката со нејзиниот придонес во духовното збогатување и во создавање на вредносни категории кај учениците. Нагласена е на пример улогата на музиката за формирање на естески вкус и чувства, за зголемување на

[181] Исто, стр. 38.
[182] Исто, стр. 39.

естеската култура и ритмичкиот осет, за целосен духовен развиток на личноста.

Музиката дава и емоционален ефект за да се воспостави органска врска меѓу движењето и музиката, меѓу изразот и мелодијата, меѓу мимиката и динамиката, меѓу емоционалноста и хармонијата. Тоа значи дека по пат на поврзувањето на богатството содржини на музиката со гимнастичките вежби може да се постигне поголемо изразување во движењата.

Голема улога и значење во естетското воспитание на децата има и колективното посетување на спортски натпревари во кои учествуваат спортисти блиски на возраста на учениците. На тие натпревари, наставникот по физичко воспитание може да им го насочи нивното внимание на некои од убавото изведени подвижни елементи, на музиката што ја следи вежбата и на убавите костуми на учениците во натпреварот.

Затоа е голема улогата на естеското воспитание во создавање на услови за учество на учениците на разновидни спортски натпревари. Радоста од победата постигната во игрите, разочарувањето од неуспехот, влијае на создавање на естетската и емоционалната сфера кај учениците. Така на пример, убавото уредена и украсена сала, изведувањето на посебни ритуали пред и после игрите, претставувањето на учесниците, спроведување на игрите, наградувањето на победниците и затворањето на игрите имаат голем воспитен ефект.

Во заклучокот може да се каже дека естетското воспитание во воспитно-образовниот процес по физичко воспитание бара нагласено внимание. Формирањето на чувство за убаво низ исполнувањето на вежбите е социјална неопходност на современоста.

Поврзаноста на физичкото со ***работното воспитание*** исто така има големо значење за развитокот на личноста кај човекот. Кога се разгледуваат основите на работното воспитание, треба да се поаѓа од научните сознанија кои го разгледуваат формирањето на односот на младите кон работата како најважна продолжена педагошка перспектива. Така на пример, Н. К. Крупскаја подвлекува "за да се развива работна дејност се потребни работни знаења и соодветни умеења".[183]

Како што произлегува од горното гледиште, една од задачите на воспитанието е да формира сознајно однесување кон работата. Создавањето на работни навики може да се одвива паралелно со интелектуалното, моралното и физичкото воспитание.

Физичкото воспитание и спортот создавааат неопходни претпоставки за високоефективна работа на човекот, навлегувајќи во техничкиот прогрес. Сите педагози кои го разгледуваат ова прашање се

---

[183] Попова, Е., Христова, Е.: (1990), Теория и методика на физическото възпитаня, Софија, Универзитетско издателство "К.О.", стр. 42

истомисленици, односно тие сметаат дека за работниот процес има големо значење богатата движечка култура и физичките категории: силата, брзината, општата и специфичната физичка издржливост, односно дека работното го условува и го насочува физичкото воспитание. Значајни претпоставки за ефективно работно воспитание во процесот на учењето се и веќе создадените движечки умеења лесно пренесени во производствената работа и способноста навиките да се раководат од сознанието. Систематските знаења од физичкото воспитание со сите негови форми се непроценливи фактори за активирање и усовршување на психичките процеси, значајни за успехот во работата. На тој начин само може да се формира позитивно однесување кон материјалните вредности и државната сопственост и зачувување на спортскиот инвентар и опрема. Само така и на тој начин се овозможува во тие активности да се појават и елементи на творештво.

Сето ова што досега го зборувавме за меѓусебната поврзаност на физичкото воспитание и формирањето на работни навики кај учениците, може да се однесува и кај подготовките на спортските вежби и игри. Познато е на пример колкав обем на физички труд треба да се вложи за да се совладаат спортските умеења и навики, да се изградат основите на спортското мајсторство во сите форми на физичкото воспитание. Познато е исто така какви морални и волјеви, физички и работни интелектуални и естески категории би требало да поседува еден голем спортист. Учениците можат да разберат и треба да знаат на пример, колкав труд е потребен за да постане спортистот мајстор на спортот т.е. да знаат дека таков спортист би бил извонредно добар и во работата.

4.3.3. Психолошки претпоставки

Многубројни се фактите и законитостите кои покажуваат дека физичкото вежбање, како и моторната активност воопшто, не е исклучиво биолошки, туку, пред сé, мисловен - свесен чин кој точно по тоа се разликува од сличните активности кои можат да се забележат кај многу животни. Преминот од зоолошката психа во човечка - истакнува Живковиќ - се карактеризира со освестување на инстинктите (всушност, рефлексите). Во одредени човечки активности инстинктите го губат карактерот на единствен и исклучителен реализатор на тие активности и тие се одвиваат под контрола на свеста која инстинктите ги насочува, ограничува или депонира.[184] На тој начин биолошките реакции се дополнуваат со свесна активност што упатува на заклучокот дека физичкото вежбање не подлежи само на биолошките законитости,

[184] Живковиќ, Љ.: (1957), Увод у историју људске свести, Београд, Просвета, стр. 61.

туку и на оние кои ја регулираат човековата психичка активност. Само врз основа на овие законитости, на пример, може да се дознае зошто човекот се вклучува во одредени активности во физичката култура, т.е. што е тоа што го поттикнува на таа активност, што го определува неговото однесување во таа активност и кои фактори дејствуваат за постигнување одредена цел во неа. Сето тоа, пак, овозможува физичкото вежбање да се оттргне од оковите на спонтаноста и стихијноста и да се подреди на смисленото раководење од свеста.

Факторите што го мотивираат човекот да вежба и да тренира се содржани во различните аспекти на мотивацијата. Мотивите се основна движечка сила на севкупните човекови активности па и на физичкото вежбање. Земено најшироко, можеме да зборуваме за биотички или органски и социјални или општествени мотиви.

Структурата на мотивационите фактори, односно факторите кои го покренуваат човекот на активност во физичкото воспитание се од посебно значење. Како што е познато, мотивите се формираат врз основа на најразлични потреби, како од чисто нагонски, така и од таканаречените "повисоки" културни. Сеченов истакнува дека "животните потреби раѓаат барања и тие предизивкуваат активност". Барањето тогаш станува мотив, или цел, а движењето активност или средство за постигнување на целта. Кога човекот изведува таканаречено "волно" движење, тоа се појавува по барањето, како спознавање на самото тоа движење. Без барања (желба) како мотив или импулс, движењето би било воопшто бесмислено".[185] Која потреба ќе доминира како мотив за активност, пак, зависи од културното ниво на секоја индивидуа односно од нивото на нејзините потреби, а тие, пак, се темелат врз материјалната основа на човечката природа, средината, во која човекот живее и дејствува, како и врз темелните општествени односи.

Мотивите кои ја насочуваат човечката активност, па според тоа и неговата активност во физичката култура, секогаш имаат свое субјективно (лично) и објективно (општествено) потекло.

Објективните мотиви произлегуваат од субјективните, што значи дека првите не можат да се остварат без задоволување на вторите. Меѓутоа, често се појавуваат помали или поголеми противречности меѓу личните и општествените потреби, посебно кога општествените недоволно се потпираат врз задоволување на личните. За да се избегне тоа, општествените цели мора да бидат поттикнати со поместување на субјективните потреби и интереси.[186]

Субјективните мотиви кои човекот го покренуваат на активност во физичкото воспитание најчесто се од нагонско потекло (потреба за движење, игра, другарување). Се разбира, таквите мотиви

---

[185] Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 25.
[186] Исто, стр. 26.

не треба да се задушуваат, но не треба ни да ѝ се препуштаат на стихијата. Како што истакнуваат одделни автори, тие се неопходни "покренувачи на животот", односно, "услов за остварување повисоки цели". Заради тоа овие мотиви треба да се прифатат такви какви што се, но потребно е систематски да се збогатуваат и да бидат во согласност со општествените норми и потреби.[187]

Наставникот по физичкото воспитание е должен на некој начин да ја дознае структурата на мотивациите на индивидуата. Тие можат да бидат позитивни и негативни, а последниве под негова контрола да се преточат во позитивни.

Мотивацијата во физичкото воспитание претставува посебен и многу сложен проблем, посебно кога се работи за мотивација во натпреварувачкиот училишен спорт и пошироко. Вистинската цел на мотивирањето треба да биде афирмација и самопотврдување на човековата личност.

Потребата за движење е оној органски мотив кој овозможува човекот да се упати на потреба за движење и физичка активност како средство за зачувување на сопствените био-психосоцијални потреби.

Мотивот за игра се потпира врз разновидни потреби на конкретен начин да се изразат внатрешните чувства. Тоа може да биде желба за одмерување на сопствента сила, брзина, совладување на одредени тешкотии со желба да се реши некој проблем кој е во природата на одредена игра и слично. Наставникот по физичкото воспитание може да ги искористи мотивите за игра за кај своите воспитаници да развие низа позитивни карактерни особини како што се: другарството, развивање на самоиницијативност и смисла за творештво, решителност, храброст, толерантност и завземање позитивни ставови на личноста. Поради тоа, посебно е значајно играта да биде перманентно присутна како во процесот на физичкото вежбање и наставата по физичко воспитание, така и на спортскиот тренинг.[188]

Естетските потреби, можат многустрано да се користат во физичкото воспитание, бидејќи желбата на секој поединец да биде убаво граден и силен, го приближува и го вовлекува во активно вежбање и тренирање, а со тоа му помага во правилниот раст и развиток, во челичење на здравјето и во градењето и развојот на неговата позитивна личност.[189]

Социјалните мотиви, за разлика од биолошките настануваат под влијание на живеењето во одредена средина. Можат да бидат различни како на пример: потреба за афирмација, доминација, идентификација или имитација, потоа мотивот на симпатија и потреба

---

[187] Исто, стр. 26.

[188] Анастасовски, А.: (2000), Теорија и методика на физичкото воспитание, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј" Скопје, стр. 23 и 24.

[189] Исто, стр. 24.

за значајни движечки активности. Овие мотиви може да се користат во позитивна или негативна смисла. Затоа, одговорноста на наставникот е да ги насочи во правец кој е во сообразност со воспитните цели на физичкото воспитание.[190]

Психолошките основи на физичкото воспитание се содржани и во одредени димензии на личноста кои можат да се поделат во моторна, когнитивна и конативна група фактори.[191]

Моторните фактори се оние компоненти на личноста со кои се определуваат моторните способности како латентни димензии на личноста. Имено, станува збор за способности кои учествуваат во решавањето на моторички задачи или, уште поточно, способности чија основна карактеристика е да се активираат точно тогаш кога е потребно решавање на моторички задачи (сила, брзина, координација, гипкост и друго).

Моторичките способности ги карактеризира одреден степен на вродености со кој на извесен начин се ограничува можноста со подсредство на физичкото вежбање позначително да се зголемат. Ова, секако, не значи дека на способностите со повисок коефициент на вродености воопшто не може да се дејствува, туку тоа е самопредупредување дека при нивниот насочен развој, односно трансформација нужно мораат да се почитуваат и одредени законитости. Од посебно значење е фактот што овие законитости имаат законита крива или динамика на развојот. Имено, се покажува дека максималниот природен развој на одредени моторички способности се постигнува во различно време, т.е. на различна возраст. Периодите кои ги карактеризираат значајни промени во развојот на одредени способности и особини вообичаено се нарекуваат "критични" или "сензитивни". Според некои автори, меѓу кои е Кузњецова, во тие периоди насочената работа на усовршување одредени способности обично дава и подобри резултати.[192]

Значи, за насочен развој и усовршување на одредени моторички способности од посебно значење е темелното познавање на законитостите на нивниот развој, а, исто така, и познавањето на постапките и инструментите за нивно откривање и следење. Освен тоа, важно е, посебно во спортот, познавање на структурата на факторите кои се содржани во одредена моторна активност, т.е. во природата на одреден спорт. Сето тоа овозможува реално утврдување на потребите и можностите на секој поединец, што е важен предуслов за рационално програмирање и спроведување на физичкото вежбање, односно тренингот.

---

[190] Исто, стр. 24.
[191] Исто, стр. 24.
[192] Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 27.

Втората битна група фактори ја сочинуваат ***когнитивните*** димензии, т.е. оние компоненти на личноста кои се одговорни за прием и обработка на информациите што се остварува во контактот на личноста со околината. Самото име потекнува од зборот когниција, што е општ термин за секој процес со чија помош еден организам станува свесен за некој предмет, или се стекнува со знаење за некој предмет. Значи, тој го вклучува забележувањето, препознавањето, разбирањето, расудувањето, заклучувањето и друго.

Когнитивните фактори ја сочинуваат базата на мисловната, свесна активност во физичкото вежбање. Во некои активности, посебно во спортските игри, успешноста на поединецот најнепосредно е условена од нивото на некои когнитивни особини. Одредени автори уште истакнуваат дека меѓу когнитивните и некои моторички способности, како што е, на пример, координацијата, постојат значајни корелативни врски, а, исто така, укажуваат и на можноста да се прогнозира когнитивниот статус на испитаникот врз база на резултати од тестови за проценка на моторичките способности (што, исто така, укажува на поврзаноста меѓу когнитивните и моторичките фактори).[193]

Земено во целина, неоспорно е дека когнитивните фактори имаат многу важна улога во решавањето на моторичките задачи и воопшто во адаптивните процеси кои се остваруваат во физичкото вежбање, односно тренинг. Тие се услов за свесен креативен пристап кон физичкото вежбање и единствена можност човекот навистина да биде субјект, а не објект на вежбање. Целосното ангажирање на когнитивните потенцијали му овозможува на човекот смислено да ги разработи задачите кои му претходат на вежбањето, да го анализира извршувањето на задачата во сите фази на вежбањето, да управува со себе, со еден збор, активно и креативно да се стреми кон остварување на поставената цел.

Заедно со моторните и когнитивните, значајна група сочинуваат и ***конативните*** фактори, т.е. особини на личноста кои ги определуваат модалитетите на човековото однесување независно од неговите интелектуални и сознајни функции. Конативните фактори вообичаено се делат на две големи групи: нормални и патолошки конативни фактори. И едните и другите значително влијаат врз адаптацијата и ефикасноста во некоја работа, секако, на индиректен начин. Ако тие фактори ги претставуваат модалитетите на однесување во склад со задачите кои треба да се решат, тогаш по правило дејствуваат позитивно, и обратно.[194]

Конативните фактори се повеќекратно важни за човековата активност во физичката култура. Имено, од структурата на овие фактори значително зависи со која активност (спорт) човек може

---

[193] Исто, стр. 27 и 28.
[194] Исто, стр. 28.

поуспешно да се занимава или, пак, со која не треба да се занимава. Јасно е, на пример, дека индивидуите со изразито висок фактор на агресивност не би требало да се занимаваат со бокс, карате или слични спортови, како што не се погодни ни индивидуи со изразито низок коефициент на агресивност. Исто така, познато е дека екстровертните личности имаат повеќе успех во колективните спортови (спортски игри и слично), додека интровертните повеќе се наклонети кон индивидуалните спортови. Воопштено, спортската активност претпоставува специфична структура на личноста, при што структурата на конативните фактори, исто така, има значаен удел.

Значи, несомнено е дека познавањето на структурата на конативните фактори овозможува на педагогот - наставник, тренер, организаторот на рекреација физичкото вежбање да го насочи кон индивидуалните својства на секој поединец и на тој начин пообјективно да влијае врз вкупните адаптивни процеси. Познато е дека во процесите на вежбање дејството на некои фактори може да се ублажи или неутрализира, но, исто така, и да се засили.

Во целина гледано, психолошките фактори имаат посебно значење за правилно програмирање и насочување на процесот на физичкото вежбање или тренинг, па и за конечниот успех во одредени активности. Затоа многу е значајно не само познавањето на психолошките закони, туку, исто така, и постојано проучување и вградување на тие закони во секојдневната практична работа. Таа, секако, е единствен начин за објективно проценување на можностите на секој поединец и за спречување несакани последици од неадекватно однесување и реакции, се разбира, под услов овие закони да се набљудуваат во единство со сите други закони - биолошки, социолошки, биомеханички и други.

4.4. Биолошки претпоставки

Крајниот резултат во физичкото вежбање е условен со дејствувањето на низа фактори. Основата на тие фактори ја сочинуваат биолошките законитости, без кои физичкото вежбање не може да се замисли. Затоа, при разгледувањето на законитостите во физичкото воспитание се поаѓа точно од биолошките законитости, односно биолошки основи на физичкото воспитание.

Организмот на човекот има способност да реагира на надворешните дразби и соодветно на нив, да се прилагодува (адаптира). Таа способност Тутман ја припишува на "адаптивната моќ со која се зголемува спсобноста за прилагодување на организмот на животните

услови", додека ***Ду Боис Рејмонд*** со право истакнува дека "органската природа не е само машина, туку машина која сама се усовршува".[195]

Активноста е важен фактор за развојот и функционирањето на организмот. Тоа значење го истакнува и ***Ла Марк*** во својот "прв закон" - закон на активност: "Честото и непрекинато ангажирање на било кој орган постепено го зајакнува тој орган го развива и зголемува, му дава сила сразмерно во траењето на неговото ангажирање, додека траењето на неактивноста доведува до неприметно слабеење и опаѓање, а со тоа и до намалување на неговата способност".[196]

Тргнувајќи од наведениот закон на Ла Марк и факторот што физичката активност обезбедува оптимална и зголемена функција на органите, се доаѓа до констатацијата дека физичкото воспитание (и спортот) придонесуваат за развој на функционалната способност на органите кај човекот и човечкиот организам во целина. Оваа констатација е потврдена и со научно-истражувачки трудови кај нас и во светот со кои се докажува дека физичките стимуланси немаат улога само во одржувањето и подобрувањето на функцијата на органите и органските системи, туку тие влијаат и врз нивниот развој.

Законот на Ла Марк за основа го има факторот што човечкиот организам има способност на промените од околината (дразби) да реагира со механичко движење. Со тоа на организмот му се обезбедува размена на енергија а преку неа работа и физичка активност воопшто. Физичкото вежбање, набљудувано од ваков биолошки аспект, се определува како дразба на која организмот реагира т.е. се прилагодува.

Реакциите на организмот зависат од големината на дразбите или "прагот на надразнување". Ако дразбите се под тој праг, не се случува никаква промена во структурата на ангажираните органи. Организмот ќе реагира т.е. ќе настојува да се прилагоди на новиот вид дразба ако таа е над прагот на оптоварување. Оваа појава попрецизно ја објаснува Руксовиот закон, односно ***Арндит-Шулцовото правило*** кое вели: "Умерените дразби ја поттикнуваат животната активност на организмот, силните дразби предизвикуваат процес на прилагодување, додека премногу силните ги инхибираат функциите на организмот и можат привремено или трајно да го оштетат".

Значи, за физичкото вежбање од значење се само "силни" дразби, т.н. оние кои константно, го предизвикуваааат процесот на прилагодување. Меѓутоа, важно е да се земе предвид и фактот дека првобитно - силните дразби со тек на времето се претвораат во нормални секојдневни оптоварувања кои повеќе не се во состојба да предизвикаат квалитетни промени во органимот. Тоа значи дека секое ново оптоварување мора да биде поголемо од претходното, т.е. мора да

---

[195] Rejmond, (преку Berković, L.): (1989), Teoriske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, str. 21.
[196] La Mark (Исто, стр. 22).

биде во одреден однос спрема моменталната работна способност на организмот. Во спротивно, организмот се враќа во почетната состојба или, пак, предолго се задржува на нивото кое е под границата на моменталните можности. Силните дразби, истакнува ***Majc***, без додатни пречки и "во релација со максималните способности", ја карактеризираат оптималната дразба.[197]

Меѓутоа, за конечниот удел во физичкото вежбање не е битен само интензитетот, туку и зачестеноста на дразбите, т.н. интервали во кои тие се појавуваат. Во физиолошката активност на организмот постои законска периодичност, односно интервалност меѓу работата и одморот и всушност точно во паузата по физичкото вежбање во организмот се одвиваат оние квалитетни промени кои инаку се очекуваат. Зголемувањето на работните способности може да се постигне само ако дејството на друга дразба се надополни на веќе постоечкиот остаток на дејството на првата дразба, или, како што Типенрејтер тоа фигуративно го објаснува, "ако часовите на физичкото вежбање се повторуваат во такви периоди што новиот час секогаш ќе застанува на опашката на претходниот".[198] Со други зборови, до нов час за вежбање треба да дојде тогаш кога во организмот сé уште постојат позитивни и функционални промени предизвикани од претходното вежбање. Поради тоа што интервалите меѓу поединечни дразби зависат, пред сé, од брзината и квалитетот на метаболитичките процеси, што значи дека ниту процесите на обновување не се задржуваат на исто ниво, јасно е дека тие не можат да се одредуваат произволно или изолирано од индивидуалните особини на организмот на секој поединец.

Оптималните интервали на оптоварување најдобро можат да се согледаат од шемата на процесите кои се случуваат во организмот како резултат на физичкото вежбање. Според Матвејев, овие процеси се одвиваат во четири фази:

Првата, ***работна фаза*** ја опфаќа целината на поединечна активност, вклучувајќи оптоварување со непрекинат тек (на пример, долготрајно трчање). За време на работната фаза доаѓа до реализација на потенцијалната работна способност на организмот. Од една страна, тоа е поврзано со зголемување на функционалните активности на органите и системите кои учествуваат во работата, како и со зголемување на нивото на создавање на енергија, а од друга страна, со постепено исцрпување на работните ресурси, посебно на материјалните извори на енергија. Имено, брзиот ефект во поединечната активност се изразува при доволно големо оптоварување, со замор, намалување на работната способност, промена на балансот на метаболичките промени

[197] Šulc, A.: (Исто, str. 22).
[198] Majs: (Исто стр. 22).

и слично. Истовремено, овој ефект го карактеризира и создавање неопходни претпоставки за формирање моторни навики.[199]

По завршувањето на работната фаза почнува ***фазата на релативна нормализација***. Работните промени се менуваат со воспоставување на работната способност, нејзините енергетски и други основи, со враќање на низа функционални показатели на ниво пред работата. Истовремено, како да почнува трансформација на брзиот ефект, што, секако, се завршува во следната фаза. Ако следната активност почне во оваа фаза, тогаш наведените процеси на нормализација се забавуваат.[200]

Третата, ***суперкомпензаторна фаза*** се карактеризира со цел комплекс појави. Тие се познати како "суперкомпензација". Бројните истражувања, имено, покажаа дека човечкиот организам поседува особина со која може на големите загуби на енергија да реагира со собирање нова енергија која ги надминува вистинските загуби за време на работата (Ухтомски, Вејгерт, Фолборт, Јаковљев и други). Според Вејгерт, "колку е поголема разликата меѓу трошењето и обновувањето на енергија, толку повеќе се интензивни процесите на обновување и хиперкомпензација".[201]

Превентивната суперкомпензација претставува основа на "заостанат" или "трансформационен" ефект од одредена активност (вежбање или тренинг). Ако по таа активност дојде до поголем прекин, со тоа ефектот во одредена мера се гаси. Така, настапува четвртата - ***редукциона фаза***. Притоа, најпрвин работната способност се враќа на почетно ниво, додека усвоените форми на движења обично се задржуваат за подолго време.

Значи, очигледно е дека при систематското физичко вежбање или тренинг не смее да се дозволи подолг прекин, односно прекин кој може да доведе до гаснење на позитивниот ефект од претходното вежбање. Од тоа произлегува дека, првенствено, ефектот од секое следно вежбање мора да се потпира врз траговите од претходното, зацврстувајќи ги и продлабочувајќи ги. Ефектите од низа активности се сумираат, се создава кумулативен ефект од систем на активности, т. е. релативно стабилно адаптационо престројување со функционален и структурен карактер што ја сочинува основата на физичката подготвеност, тренираност и стабилни моторни навики.

Меѓутоа, јасно е, а на тоа предупредуваат и повеќе автори, дека оваа шема е доста апстрактна. Во непосредната практика активноста најчесто се намалува во согласност со содржината, насоченоста, обемот и интензитетот на оптоварувањето, бидејќи процесите

---

[199] Матвеев: (Исто, стр. 23).
[200] Исто, стр. 23.
[201] Vejgert: (Исто, стр. 22).

на обновување во одделни органи и системи не се одвиваат истовремено.

Врз процесот на обновување на работната способност стимулативно делува и уморот како последица од физичка работа. Според ***Полиќ***, уморот се манифестира со моментално намалување на работната способност, но појавата на умор истовремено за организмот претставува физиолошка дразба за зголемување на органските функции, т.е. структурни промени што заедно обезбедуваат зголемување на работната способност на организмот. Затоа, Полиќ со право предупредува дека "на уморот не треба да се гледа како на штетна појава, туку како услов за секој напредок во процесот на физичкото вежбање и тренинг".[202]

За успешно користење на физичката вежба битно е човечкиот организам да реагира на сите дразби како единствена целина. Имено, заради корелативните односи меѓу органите, функцијата на еден орган ги условува функциите на другите и истовремено дејствува на нив. Познато е, на пример, дека интензивната работа на мускулите ги зголемува другите функции и ги интензивира биохемиските процеси во нив. На таа законитост се засновува и претпоставката дека во услови на цивилизираниот начин на живеење, во кој сé повеќе се покажува дефицит во движечкиот режим на човекот (хипокинеза), физичкото вежбање ќе стане незаменлив фактор на неговиот биолошки опстанок.

Физичките активности имаат свое влијание врз морфолошкиот развој на единката во целина. Како посебни морфолошки карактеристики се издвојуваат висината и тежината. Голем број научно-истражувачки трудови го утврдуваат фактот што оптималната физичка активност позитивно се одразува врз растежот односно висината и мускулната маса. Правилното држење на телото има големо значење за здравјето на човекот. Разните деформитети ја попречуваат оптималната функција на циркулаторниот систем, органите за варење и органите за дишење. Затоа со физичка активност, преку физичкото и здравственото воспитание се делува врз формирање на навика за правилно држење на телото.

Физичките активности посебно придонесуваат за создавање на одбранбен механизам на организмот против одделни болести. Тие (физичките активности) со редовна примена и оптимално дозирање овозможуваат одржување на здравствена благосостојба која е основа за извршување на секојдневните задачи. Со други зборови, физичкото вежбање станува еден од најзначајните фактори и услови за одржување и развој на основните функционални способности, па и на централниот нервен систем, односно мозокот и нивната пластичност, што е и основен услов за опстанокот на човекот.

---

[202] Полиќ, Б.: (1967), Теориске основе физичке културе, Београд,Партизан, стр. 68.

Треба да се нагласи дека сите овие законитости може да се набљудуваат во единство со други фактори кои, исто така, се базираат врз биолошките закони, односно закони кои ја објаснуваат биолошката природа на човекот.

Овде, пред сé, треба да се спомне дејствувањето на генетските фактори и единството на човечкиот организам и средината.

Генетските фактори и средината во која човечкиот организам опстојува претставуваат едни од решавачките фактори за развојот на една личност.

Кога станува збор за генетските фактори т.е. наследувањето, посебно важни се биолошките фактори т.е. биолошки услови кои се наследуваат од предците а кои, во одредена мера, го одредуваат т.е. детерминираат развојот на личноста. Тоа се физичката (телесната) конституција и нервниот и ендокрин систем. Телесната конституција сама по себе не е доволна и автоматски не обезбедува одреден развој. Тој зависи и од надворешни фактори, а како најважни за физичкото воспитание се активноста, вежбањето. Нервниот и ендокрин систем т.е. систем на жлезди со внатрешно лачење ја сочинуваат основата на темпераментот од чија структура пак, зависат и наследните и стекнатите диспозиции а со тоа и можностите за развој и во крајна инстанца структурата на една личност.

Значи, во формирањето на личноста најважна улога имаат диспозициите - наследна анатомско-физиолошка организација и структура на нервниот систем во целина, или само во одредени делови на тој систем. Тие претставуваат само претпоставки, можност за развој на индивидуата, односно на одредени својства на таа индивидуа.

Друг важен фактор за развојот на една личност е средината, во која човечкиот организам живее. Таа, како фактор на развојот на личноста, има комплексна природа. Секоја индивидуа е постојано опкружена и под дејство на природата - одредени географски и климатски услови во кои живее и работи, член е на одредено општество и општествена класа, слој, група: постојано е во контакт со разни научни и технички достигнувања, па сосем е разбирливо што е постојано изложена на голем број надворешни фактори (влијанија) од средината во која се развива. Во взаемното дејство на овие влијанија, решавачка улога има општествената средина на која индивидуата ѝ припаѓа. За разлика од наследните, биолошките фактори таа е наречена социјален фактор.

Социјалниот фактор опфаќа низа делувања врз развојот на индивидуата и формирањето на нејзината личност, како што се: општественото уредување, животниот стандард, социјалната припадност на индивидуата, реалните можности на индивидуата за развој и други.

Овие два фактори - биолошкиот и социјалниот фактор - се поставени во дијалектички однос на зависност и взаемно дејствување. Непобитен е фактот дека тие не можат да се изолираат бидејќи, како такви, немаат никакво значење за развојот на индивидуата и формирањето на нејзината личност.

4.5. Биомеханички претпоставки

Основата на физичкото воспитание ја сочинува моторната активност. Моторната пак активност во себе вклучува механичко движење што е непосредна цел на моторните активности (поместувањето на сопственото тело, справите и друго). Секое механичко движење се случува под дејство на надворешни сили (земјината тежа, сили на триење, еластични сили) и сили на мускулно напрегање. Познавањето на законите во физиката, односно во механиката придонесува во рационалното и целисходно користење на физичките вежби како и нивна оптимална ефикасност. Поконкретно со нивна помош се открива каква корист има телото од изведеното движење и може да се открие изворот на грешката во движењето. Од особена важност е познавањето на физичките закони за усовршување на постојните и обликувањето на нови техники и зголемување на ефикасноста во движењето.

Силите кои дејствуваат на човечкото тело може да бидат активни и пасивни. Активни се оние кои може да предизвикаат движење и позитивно забрзување. Пасивни се оние кои не можат да предизвикаат движење, туку само ја ограничуваат слободата на поместувањето (надворешни отпори) и да извршат промена во односите на одредени делови на телото (внатрешни отпори).

Силите кои директно се одговорни за степенот на адаптација на човечкото тело се делат на надворешни и внатрешни. Надворешни сили се: тежината на сопственото тело, силата на реакцијата на подлогата, отпорот на надворешната средина, справите и други. Внатрешните сили се делат на пасивни (отпорот на р'скавицата и лигаментите, реактивни сили) и активни на мускулното напрегање.

Надворешните сили најчесто се манифестираат како сила на отпор. Одредени автори како на пример ***Зајциорскиј*** разликува таканаречени "работни" и "штетни" отпори. Работните отпори претставуваат често главна задача на човечкото движење, односно физичкото вежбање, како што е случај со кревањето на тегови. Штетните пак отпори се секогаш присутни и неможат да се отстранат. Тие во принцип секогаш ја намалуваат извршената работа. [203]

---

[203] Zajciorskij, (preku Berković, L.): Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar, 1989, str. 35.

Покрај ова, надворешните сили може да бидат и движечки. За извршување на работа, може да се искористи тежината, еластичната сила, инерцијата и други надворешни сили кои се јавуваат како извор на енергија, бидејќи човекот помалку ја троши енергијата на своите мускули.

Доброто познавање на секоја сила, како по големина така и по нејзиниот однос со друга сила, е од посебна важност за да се утврди ефектот на работата во одредени услови. Целта е секоја сила да биде максимално искористена, а со усовршувањето на движењата, да се зголемат добиените забрзувања и намалат дејствијата на "штетните" отпори. Ова е особено значајно во спортот каде што сите движења се насочени кон зголемување на техничките резултати.

Мора да се напомене дека сите механички сили немаат подеднаква важност во сите спортови. Имено, секој спорт има свои специфичности, кои бараат прилагодување на организмот на законите на механиката во согласност со барањата на таа дисциплина. Познато е дека одредени сили дејствуваат поинаку во фрлање на ѓуле, фрлање на диск, скок во височина и скок во далечина и други. Наставникот, односно тренерот мора добро да ги познава тие специфичности за да бидат максимално искористени позитивните влијанија на одредени сили, а истовремено да се неутрализираат негативните.

Секако не треба да се заборави дека примената на физичките закони зависи и од индивидуалните особини на секој поединец. Тоа што постои разлика во обликот и масата на скелетот, еластичноста на мускулатурата и друго, покажува дека еден ист закон на механиката различно ќе се применува кај различни поединци.

Познато е на пример дека пасивниот дел на локомоторниот систем го сочинуваат коските и зглобовите, чија функција може да се објасни со помош на модели од лостови. Потребно е познавање на местото на поврзување на мускулите за коските (нападна точка на силата), нападната точка на товарот, нивната меѓусебна оддалеченост, како и оддалеченоста на постојната точка. Освен тоа потребно е познавање на местоположбата на лостот и неговата поврзаност со останатите лостови. Кај различни поединци конституциите се различни па според тоа различни се можностите за постигнување на одредени спортски успеси.

Можеби треба да го спомнеме и законот за трансформација на коските кој е даден од ***Јулиус Волф*** во 1892 година, кој гласи: "Секоја сила која постојано или често дејствува на некоја коска од скелетно-мускулниот систем придонесува до зацврстување на таа коска т.е. до зголемување на густината на коскените клетки и дебелината на коските".[204]

---

[204] Волф, Ј. (преку Гершановски, Д.): (1998), Механички модел за адаптација на коските, Скопје, БИГОСС, стр. 26.

По своите механички својства мускулите пак се однесуваат како еластични материјали со релативно мал модул на линиска деформација, но со многу поширока област на еластична деформација. Кај мускулите, деформациите не зависат само од големината на деформационата сила, туку и од начинот на изложување (брзо или бавно) на напрегањето. Голем удел во успешноста на ученикот или натпреварувачот ќе има наставникот ако ја познава мускулатурата и физичките закони врзани за неа. На пример, ако максималниот дијаметар на мускулниот бицепс кај некој спортист изнесува 6 см, физиолошкиот пресек 28,3 x 10^{-4} $м^2$, вкупниот интензитет на мускулното дејство изнесува 2830 N, според тоа бицепсот може да издржи товар од околу 280 кг.[205]

Секако би требало да се напоменат и условите за вежбање како фактори со кои може да се намали или зголеми значењето на одредени сили. Познато е дека не е еднакво изведувањето на некоја вежба или движење, ако подлогата е рапава или ако е мазна; ако се изведува на поголема или помала надморска висина; ако се изведува на екваторот или друга географска широчина и т.н.

Конечно треба да се знае дека сите сили, надворешни и внатрешни, не дејствуваат изолирано една од друга, туку дека претставуваат единство на материјални сили при што активна е единствено мускулната сила. Познавањето на физиката може да придонесе максимално искористување на сите сили за постигнување на високи резултати, а со максимална заштеда на мускулната сила. На пример, познато е дека човекот може да се искачи на вратило без никаков замав, при што се троши големо количество енергија. Но, со развој на биомеханиката на човекот му се овозможува примена на разни рационални техники, при што мускулното напрегање претставува, главно покренувачка сила, додека со другите сили се определува големината, правецот и начинот на движење.

Значи, сосема е очигледно дека наставникот - тренерот мора да ја познава механиката за да ја воочи разликата меѓу битното и небитното, точното и неточното, причината и последицата, можното и неможното.

---

[205] Герпановски, Д.: (1998), Биофизика, Скопје, (скрипта за студентите на медицинскиот факултет), стр. 17.

5. ДИЛЕМИ ВО ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Во претходното поглавје ги разгледувавме основните претпоставки од кои се условени природата, карактерот, местото, улогата и остварувањето на современото физичко воспитание. Меѓутоа, концепциската поставеност и практичните решенија во реализирањето на физичкото воспитание се наоѓаат во најнепосредна зависност од теоретската осмисленост на ова воспитно подрачје. Всушност, теоретските сознанија претставуваат фундамент врз кој се потпира остварувањето на физичкото воспитание.

Значајно е овде да се напомене дека кај различни автори и во различни конкретно-историски и техничко-технолошки услови, можат да се сретнат различни теориски гледања и одделни дилеми во теоријата на физичкото воспитание. Притоа, овде ќе се задржиме на оние дилеми во теоријата на физичкото воспитание кои се однесуваат на прашањата за дефинирањето на целите и задачите на физичкото воспитание, дилемите по однос на прашањето за содржините на физичкото воспитание, дилеми во врска со природата, функцијата и структурата на програмата по физичко воспитание, дилеми по однос на значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста и дилеми по однос на појмовното разграничување на физичкото образование и физичката образованост.

5.1. Дилеми по однос на појмовното разграничување на физичкото воспитание

Во педагошката литература, а често и во воспитно-образовната практика овој термин се поистоветува со ф.о. При тоа се смета дека тие се синоними на еден ист поим.

Поради тоа во рамките на овој труд, односно во ова поглавје, со потребната аргументираност се укажува на нивната појмовна разграниченост. Но, пред тоа логично е да се согледа разликата помеѓу поимите "физичко воспитание" и "физичко образование".

Поимот "физичко воспитание" како посебна педагошка категорија, припаѓа, односно е изведен од поимот "општо воспитание", како надреден поим со многу поширока содржина. Според тоа, кога се употребува терминот "физичко воспитание", всушност се мисли на онаа страна од развојот на личноста која се однесува на воспитните елементи, како што се: карактерни црти, ставови, однесувања, емоции, спознајни способности, естетски доживувања, навики за физичко рекреирање и слично.

Со терминот пак "физичко образование" се именува оној поим чија содржина главно се однесува на стекнување на разновидни знаења (поими, правила, законитости и друго), што се карактеристични за ова воспитно-образовно подрачје, односно за оваа дејност. Од таму, логичен е заклучокот дека поимот "физичко образование" е подреден на поимот "општо образование" како поширока појмовна категорија. Меѓутоа, за разлика од поимот "воспитание" кој се одликува со многу повисок степен на општост, поимот "образование" како и "физичко образование" како нему подреден поим, имаат поредуцирана појмовна содржина. Овде треба да се предочи фактот дека во педагошката литература на западните земји дури и не се употребува поимот "образование", туку тој имплицитно е содржан во поимот "воспитание". Меѓутоа, во нашата педагошка литература сеуште се користат двата поими во смисла на напред изложената дистинкција, односно конотација.

Нема дилема дека при педагошката комуникација треба да се прави разлика и помеѓу поимите "физичко образование" и "физичка образованост". При тоа, стои и укажувањето на ***В. Јанковиќ***[206] за опасноста од терминолошка конфузија при стручните расправи за оваа проблематика. Како пример за соочување со оваа можност, тој го наведува фактот дека поимот "физичко образование", може да се сфати и употребува во смисла на образованието од предметот физика. Меѓутоа, оваа терминолошка непрецизност може да се избегне на тој начин што наместо придавката "физичко", "хемиско", "математичко", "историско" и слично, ќе се употреби предлогот "од". На тој начин многу поодредено ќе се сфати дека станува збор за образование од физика, образование од хемија, образование од математика, образование од историја и слично. Со тоа, во духот на нашиот јазик, лесно може да се избегне терминолошката непрецизност при стручните искажувања на кои предупредува В. Јанковиќ. Меѓутоа, зад стручните ставови на овој автор, по однос на ова прашање, не лежат само напред посочените терминолошки причини. По индикативен е фактот што тој во своите теориски трудови воопшто не го употребува терминот "физичко образование", иако разликува обрзовни задачи на физичкото воспитание и мошне широко ја образложува нивната содржина. Според тоа, не постои некоја аргументирана теориска фундираност на ставот дека не треба да се употребува терминот "физичко образование". Напротив, повеќето педагози-теоретичари овој поим често го употребуваат и наполно се сложуваат со неговата содржинска детерминираност. Така, според истакнатиот хрватски педагог ***П. Шимлеша***, под поимот "образование", се подразбира "процес на стекнување знаења, умеења и навики, развивање на психофизичките

[206] Јанковиќ, В.: (1954), Анализа основних појмова и назива у физичкој култури, Београд, "Физичка култура", бр. 7-8, стр. 344.

способности и формирање научен поглед на свет".[207] Слична формулација за овој поим се среќава и во теоретските трудови на ***Н. Поткоњак***, ***С. Паташки***, ***В. Пољак*** и на повеќе други педагози.[208] Аналогно на ова и во оваа смисла, напред посочените педагози го користат терминот "физичко образование". Меѓутоа, од консултираната педагошка литература, може да се заклучи дека теоретичарите на поимот "физичко образование" му посветуваат мошне ограничено внимание. Така, Ј. Лескошек под поимот "физичко образование" ги вбројува скоро сите елементи на општото образование. Според него, кога се зборува за образовни задачи во физичкото воспитание, "пред сé се мисли на усовршувањето на моториката или дека со систематска и честа употреба на елементарни и други вежби се постигнува општа координација", која како што смета тој е крајна цел на физичкото образование.[209]

Во теориските пак трудови на Б. Полиќ[210] не се инсистира на стекнување знаења како посебни елементи на физичкото образование. Тој повеќе се залага за развој на позитивни сфаќања и ставови во врска со потребата за телесно вежбање. Според тоа, тој зборува за елементи коишто не се во врска со физичкото образование. Како карактеристично, во оваа смисла, може да се посочи неговото гледање дека "под физичко образование се подразбира поседување на моторни вештини и физички способности".[211]

Според теориските гледања на ***В. Јанковиќ*** задачата на физичкото образование е "усвојување на знаења, вештини и навики".[212] Тој смета дека оваа задача треба да се реализира само на когнитивен план, односно овие знаења можат да се усвојат преку предметите хигиена и анатомијата, а не и непосредно низ процесот на телесното вежбање. Со тоа уште повеќе се потврдува аверзијата на овој автор кон поимот "физичко образование".

Од ова може да се заклучи дека В. Јанковиќ со своите теориски гледања по ова прашање е многу блиску со теориските учења на Ж. Ж. Русо, Х. Песталоци, Лезгафт и други, кои стекнувањето на подвижност го третираат како главна содржина на поимот "физичко образование".

Во педагошката теорија и практика често се користи поимот "општо физичко образование". При тоа никаде не е доволно образложено дека овој термин служи за именување на морфолошкиот статус во развојот на определена личност. Овде главно се мисли на коскено-мускулниот систем, односно на апаратурата за движење.

---

[207] Šimleša, P.: (1963), Didaktika i njezin predmet, Zagreb, "Pedagogija", br. 2, str. 142.
[208] Поткоњак, Н. (1966), и други: Педагогија, Београд, ЗИУСРС, стр. 19.
[209] Лескошек, Ј.: (1971), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 50-52.
[210] Исто, стр. 53.
[211] Полиќ, Б.: (1967), Хуманизација физичке културе, Београд, Партизан, стр. 97.
[212] Janković, V. (1956), i drugi: Fizički odgoj u školi, Zagreb, Školska knjiga, str. 16.

Според некои други гледања, под "општо физичко образование" се подразбира поседување на "општа физичка кондиција" која се состои во физиолошкиот и функционалниот хабитус на респираторните, кардио-васкуларните и на другите механизми на организмот, во смисла на неговата адаптација на различни услови и околности.

Доследно уважувајќи ја напред посочената дефинираност на физичкото образование, програмата во поранешните кадровски училишта за физичка култура, во кои бил застапен и предметот "општа физичка подготовка", се состои од следниве глобални содржини, односно теми:

- усовршување на апаратот за движење;
- усовршување на моториката;
- формирање на навики;
- примена на навиките во сложени и непредвидливи околности.[213]

При тоа, како аргумент се наведува фактот дека тоа е во суштина истото што французите го именуваат "gymnastique construite"[214] каде што во практиката се спроведува со цел на т.н. "сестрана обработка на телото". Употребата на овој поим теоретски и логички не е заснована главно поради следниве причини: прво, физичкото образование само по себе е општо до таа мера до која изворно се разбере и се спроведува доследно и второ, досегашното толкување на содржината и целта на "општото физичко образование", покажува дека тоа опфаќа само дел од она што суштински припаѓа на овој поим.

Анализирајќи ја појмовната и терминолошката недоследност во врска со ова прашање, овде е упатно да се посочи уште на едно гледање. Во стручната литература се оперира и со терминот "општо физичко воспитание" како синоним на терминот "општо физичко образование".[215] Меѓутоа, не постои логика во користењето на поимот "општо физичко воспитание", бидејќи тоа подразбира постоење на поимот "воспитаност". За разлика од поимот "образование" од кое може да се изведе и поимот "образованост", воспитанието како процес нема свој пандан под називот "воспитаност" како состојба или резултат на овој процес. Ова сосема засновано го предочува В. Јанковиќ кога вели: "физичкиот развој не означува конечен резултат, статичка состојба, или степен на развиеност, туку претставува еден од патиштата на развојот". Од таму засновано е гледањето на В. Јанковиќ дека терминот "физички развиен (воспитан) гледано од педагошки аспект не

---

[213] Привремени наставни програми на ВШФВ, (1964), Београд, ЗУНС, стр. 64.

[214] Колектив аутора, (1961), Premiere degre d'education physique, Bourrelier, Paris, str. 7-10.

[215] Мејовшек, (1961), Општа методика наставе физичког одгоја, Загреб, скрипта ВШФК, стр. 43 и Лескошек: (1971), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 23,

е целосен и прикладен, па поради тоа овој термин во нашата практика не треба да се употребува".[216]

Според структурата на основните елементи, физичкото образование не треба да се разликува од образованието воопшто. Разликата треба да се состои само во давањето на поспецификчен акцент на одделни образовни елементи и во специфичноста на резултатите од овој образовен процес.

За физичкото образование како процес не е најважна задачата "стекнување моторика" или "општа координација" како што најчесто се нагласува во определена стручна литература. Во овој контекст треба да се анализира поимот "знаење" како основен елемент во структурата на образованието воопшто, па и на физичкото образование.

При дефинирањето на содржината на физичкото образование Ј. Лескошек со право инсистира тоа да го опфаќа и "формирањето на оние претстави и теориски знаења кои што имаат суштинска улога во постигнувањето на целта и задачите на физичкото воспитание".[217] Од овие терминолошки определби резерва би можело да се изрази само во поглед на соодветноста на терминот "теоретски знаења" кој што често се употребува кај нас. По природата на нештата, знаењата се веќе теоретски, бидејќи се содржина на свеста, односно одраз на реалноста во свеста. Тогаш кога знаењата престануваат да бидат исклучиво содржина на свеста, тогаш тие стануваат практика. Во контекст на физичкото образование, знаењата тогаш стануваат "моторички знаења". Со овој термин обично се именува она што во општата педагогија се подразбира под "умеење", "вештина", "техника". Со терминот "моторно знаење" најчесто се служат Полиќ, Лескошек, Мејовшек и други.[218] Затоа, на вообичаеното сфаќање на поимот "моторно знаење" повеќе одговараат искажувањата: "тој умее", "тој може" или "тој е вешт да го направи тоа", отколку "тој знае". Едно движење може да се опише како да се направи, но да не се умее тоа практично да се изведе. Во оваа смисла за некого, на пример, може да се каже дека тој знае да раскаже како се изведува "скок за шут на кош", но тоа не мора да значи дека тој умее тоа и практично да го изведе.

Од сето ова произлегува заклучокот дека физичкото образование не треба да се сфати само како процес за стекнување "моторички вештини и физички способности", ниту пак за крајна цел на физичкото образование да се истакнува изградување на општа координација во движењата на организмот. Во врска со ова добар е

---

[216] Јанковиќ, В.: (1954), Анализа основних појмова и назива у физичкој култури, Београд, Физичка култура, број 7-8, стр. 336.

[217] Лескошек, Ј.: (1971), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 23.

[218] Полиќ, Б.: (1953), Физичко васпитање у средним школама, Београд, ИФК, стр. 84.
Лескошек, Ј.: (1967), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 23.
Mejovšek, M.: (1961), Fizički odgoj u osnovnoj školi, Zagreb, Školska knjiga, str. 12.

примерот на В. Јанковиќ, кој вели дека "за стекнување на музичко образование, не е доволно само вешто да се свири на некој интрумент, туку пред сé, треба да се познава теоријата на музиката, да се умее да се анализираат музичките содржини". Тоа значи, иако наставата по физичко воспитание претставува предимно практична работа до неа треба да се дојде пред сé со активирање на сетилата и на мисловните способности.

Разликата помеѓу физичкото образование и образованието воопшто се гледа и по обемот на изградените умеења, вештини и навики. При тоа не треба да се изгуби од вид и специфичноста на телесната ангажираност при совладувањето на овие видови знаења. Сето ова укажува на недоволната аргументираност на тврдењето на В. Јанковиќ кога вели дека: "во нашата училишна, а уште помалку во општествената практика не би требало да се употребуваат термините "физичко образование" и "физички образован", бидејќи не постојат толку значајни елементи на образование, што мора посебно да се истакнуваат".[219]

Според него, физичкото образование го сочинуваат три структурни елементи, и тоа: знаењата за телесното вежбање, умешноста, вештините и навиките за телесно движење и психофизичките способности како резултат на наставниот процес. Меѓутоа, во реалноста овие елементи се во дијалектичко единство во процесот на физичкото образование. Треба да се потенцира дека во процесот на физичкото образование постојат фази во кои не се вклучени сите три структурни елементи. При тоа станува збор за нецелосен образовен процес. Тоа се ситуации кои во теоријата на физичкото образование се именуваат како "меѓуполиња на двовалентно дејство". Тука се разликуваат три фази. Првата фаза се состои во стекнување на знаење кое е насочено кон изградување на определени умеења и кон нивно усовршување. Втората фаза (З → С) се состои во стекнување знаење кое се насочува кон одржување и подобрување на определени психофизички способности, како на пример, знаење за законитостите во врска со функционирањето на кардио-васкуларниот систем и системот за дишење. Третата пак фаза (У → С) се состои во стекнување на определен фонд умеење и вештини со помош на кои се овозможува одржување или подобрување на психофизичките способности како што е на пример, брзината за трчање на 100 метри.

Меѓутоа, во сите овие фази и елементи телесното вежбање ја сочинува најзначајната специфичност на физичкото образование. Во средиштето на знаењата, умеењата и психо-физичките активности или во т.н. "централно поле на тровалентното дејство" на физичкото

---

[219] Јанковиќ, В.: (1954), Анализа основних појмова и назива у физичкој култури, Београд, Физичка култура, бр. 7-8, стр. 345.

образование се наоѓа само движењето, односно вежбањето со целото тело или со неговите одделни делови.

Со тоа, телесното движење, односно вежбање претставува стожер на физичкото образование т.е. тоа ги обединува знаењата, умеењата и физичките способности. Меѓутоа, непосредното телесно вежбање не е стожер околу кој се стекнуваат знаења, умеења и психофизички способности. Тоа не ги обединува овие три категории само по себе, туку и во себе. Во тоа се состои најиманентната суштина на дијалектичноста на телесното вежбање како педагошки и општо културен феномен. Гледано од наставен аспект, тоа значи дека телесното движење - вежбање, само по себе мора да биде целосно образовно, т.е. во него едновремено треба да биде вклучено и усвојувањето на знаења и практичното учење на движењата и развивањето на психо-моторните способности. Идеално, тродимензионално, тоа е тешко остварливо.

Во контекст на претходната анализа и структурата на физичкото образование, треба уште да се потенцира дека научниот поглед на свет со телесното вежбање како појдовна премиса претставува крајна цел на физичкото образование. На тој начин тоа станува, со дијалектичкото единство на нивните односи, физичко воспитание во права смисла на зборот.

Од сето ова јасно се гледа дека поимот "физичко образование" има клучно-теоретска и логичка заснованост. Врз основа на тоа треба да се прифати и реалното постоење на поимот "физичка образованост".

Во нашата стручна литература што се однесува на оваа проблематика не постои некое децидно разграничување на поимите "физичко образование" и "физичка образованост". Единствено, педагогот В. Јанковиќ ја допушта можноста за постоење на поимот "физичка образованост" кога вели дека "поимот образование означува педагошки процес и резултат од тој процес".[220] Меѓутоа, тоа не е доволен аргумент, бидејќи како што претходно веќе е истакнато, овој теоретичар не ја прифаќа употребата на терминот, односно поимот "физичко образование".

Но, во пошироката литература, што е консултирана при изготвувањето на овој труд, терминот "физичка образованост" се среќава доста често. Така според ***Гогала***, "образованието во правата смисла на зборот, означува некој процес, напредување, менување на човекот. Додека поимот образованост треба да се сфати како вкупен резултат или успех на образованието. Според него, образованието се

[220] Јанковиќ, В.: (1954), Анализа основних појмова и назива у физичкој култури, Београд, Физичка култура, број 7-8, стр. 343.

одликува со извесна динамика, додека образованоста е определена состојба, нешто што е статично".[221]

Според внатрешната структура, физичкото образование и физичката образованост не се разликуваат. Кај двата поими станува збор за определени знаења, умеења, вештини, навики, психо-физички способности, сфаќања и убедувања. Како такви тие всушност ја сочинуваат содржината како на физичкото образование, исто така и на физичката образованост. Само со нивна дополнителна атрибуција, сообразна за процесот физичко образование и за резулатот што се вика физичка образованост, може да се согледа специфичната разлика, односно да се употреби поимот "знаење" како содржина на образованието или пак "знаења", но како содржина на образованоста.

Процесот физичко образование трае континуирано и временски неограничено, и како таков е единствена реалност. Физичката образованост, пак како педагошка категорија, секогаш е една изминатa состојба, односно резултат на веќе извршена образовна работа. Со самото снимање на определена состојба во поглед на физичката образованост на одделни субјекти, таа станува надминатa, бидејќи веќе настапил нов тек кој придонесол за стекнување на нова вредност на физичката образованост.

Уште е посложен проблемот во рамките на физичката образованост да се диференцира материјалната или реалната образованост од формалната или обликуваната образованост.

Гледано од педагошки аспект, релативно е лесно да се каже дека "... материјалната образованост значи определен обем, квалитет и количина на сознанија од различен вид (поими, правила, закони и друго) што се стекнати со интелектуална работа.[222] Но, поимот "материјална образованост" не ги покрива само сознанијата за природата, односно за материјалниот свет. Оваа образованост ги опфаќа и знаењата што им припаѓаат на сите науки вклучувајќи ги и оние што го проучуваат и духовниот свет.

Физичкото образование, по својата природа и карактер не е интелектуална активност, но погрешно е ако тоа се третира како исклучиво физичка ангажираност на учениците. Затоа многу е пореално да се рече дека тоа, по својата природа е физичко интелектуална активност. Тоа значи дека во рамките на материјалната образованост на определена личност од областа на физичкото образование, покрај умеењата, вештините и навиките за практично изведување на определени физички движења, припаѓаат и бројни знаења од теоријата на физичкото воспитание. За материјална физичка образованост во ова педагошко подрачје, треба да се третираат и разновидните склоности, интереси, ставови, образовни потреби за

[221] Gogala, S.: (1963), Zna ⟦nje i obrazovanost, Ljubljana, Pedagogija broj 2, str. 145.
[222] Исто, стр. 149.

спорт и рекреација, кои што како вредности исто така се стекнати преку физичкото воспитание. Меѓутоа, се поставува прашањето дали меѓу нив има некоја строга динстикција, односно дали овие вредности претставуваат исклучиво материјална или формална образованост. Во нив има елементи кои што претставуваат материјална, но има и значаен број на воспитни вредности кои што во дидактиката се именуваат како формално образвание. Истото може да се рече и за сфаќањата, убедувањата и однесувањата што ги стекнуваат учениците за значењето на физичкото воспитание воопшто, како и за потребата за нивното постојано бавење со физички активности. Во оваа смисла не може да се стави и некоја строга граница помеѓу материјалната и формалната образованост. Така, при стекнувањето на материјалната образованост односно, усвојувањето на определени знаења, ние сме мисловно ангажирани. Во оваа смисла засновано е мислењето на Гогала дека "ние не можеме да постигнеме материјална образованост, ако самостојно не размислуваме, не споредуваме, не воопштуваме, не донесуваме заклучоци, не објаснуваме, не ги поврзуваме стекнатите знаења и вештини, и ако самите не сме критични".[223]

Според тоа, формалната образованост ја сочинуваат покрај другите и интелектуалните способности што се развиваат при усовршувањето на знаењата. Од друга пак страна, стекнувајќи ја материјалната физичка образованост (учејќи нови движења, стекнувајќи нови умеења и вештини, развивајќи нови склоности и образовни потреби), ние сме всушност физички активни. Низ самиот процес на учење, односно низ разновидните физички активности се развиваат бројни психо-физички способности, како што се: сила, брзина, издржливост, подвижност, прецизност, рамнотежа, општа кондиција и како нервно-мускулен сублимат на сите поединечни, посебни и општи умеења и вештини од областа на физичкото воспитание. Но, низ самите напред посочени и други претежно физички активности се остваруваат бројни интелектуални ангажирања на учениците. Во оваа смисла се и укажувањата на В. Јанковиќ "во образовните задачи на физичкото воспитание да се вградат и барањата при изведувањето на практични задачи, да се активираат и што е можно повеќе интелектуални процеси".[224] Тоа значи дека, во процесот на телесното вежбање постојано треба да се создаваат дидактички ситуации за развивање на мисловните способности на учениците. На тој начин непосредно се придонесува во збогатувањето на содржината на формалната образованост на учениците не само во областа на физичкото образование, туку на воспитен план во целина.

---

[223] Gogala, S.: (1963)Znanje i obrazovanost, Ljubljana, "Pedagogija" broj 2.

[224] Janković, V. (1956) i drugi: Fizički odgoj u školi, Zagreb, Pedagoško književni zbor, str. 16.

Од сето ова може да се заклучи дека формалната физичка образованост ја сочинуваат општите и посебните интелектуални и психофизички способности, кои што се развиваат и усовршуваат во процесот на физичкото воспитание. Од таму следи и заклучокот дека материјалната и формалната физичка образованост се взаемно поврзани и меѓусебно условени, односно не може да се постигне формална физичка образованост без едновремено и материјално образование и обратно. Тоа значи дека секоја претходна формална образованост може да биде потребен услов за стекнување на определена материјална образованост. Така на пример, учејќи ја вежбата "скок во височина", наставниот процес е насочен кон развојот на брзината, силата, одразот и уште неколку други способности. Но, за да се изведе ова движење, во почетокот ученикот, треба претходно да поседува определени интелектуално - претставно - појмновни способности. Со тоа тој ќе може да осмисли определена општа координација на локомоторниот апарат, определена брзина на реагирање во свесната контракција на мускулите, потребна сила и друго. Тоа значи дека пред да се почне со вежбање на едно сложено движење во рамките на постојната материјална физичка образованост, треба да се постигне едно потребно ниво на формална физичка образованост, како услов за стекнување на конкретната материјална образованост.

5.2. Дилеми во врска со дефинирањето на целта и задачите на физичкото воспитание

Едно од суштинските прашања за анализа и оценка на секоја концепција на физичко воспитание, е прашањето кое се однесува на дефинирањето на неговата цел и задачи. Воспитанието, имено, како човекова свесна дејност секогаш е и целесообразна дејност. Па оттука, физичкото воспитание секогаш се става во функција на одредена цел. Иако во практиката честопати може да дојде до поголема или помала неусогласеност помеѓу физичкото воспитание и неговата цел, таа сепак не го побива тврдењето за нивната поврзаност и условеност, туку таа говори дека можат да постојат различни цели и различно концепирани и организирани процеси на физичко воспитание.

Една од фундаменталните задачи на физичкото воспитание во согласност со поставените цели и задачи на воспитанието, е да се конституира и соодветна концепција на физичко воспитание. Тоа нема значење само за изградување на теоријата на физичкото воспитание, туку и директно значење за непосредна воспитна дејност. Токму затоа, зависно од тоа како го решавале прашањето за целите и задачите, која концепција на целите на физичкото воспитание е прифатена, тоа било

услов за решавање на поголем број други, фундаментални и практични прашања на физичкото воспитание.

Не е наша задача во нашата анализа посебно да расправаме за целта на физичкото воспитание, но сметаме дека е потребно, пред да ги анализираме некои други значајни прашања поврзани со целта, да дадеме неколку констатации.

Многу граѓански педагози, како што е веќе истакнато, сметаат дека "целта на воспитанието е филозофско прашање".[225] По некои свои аспекти, навистина е така, бидејќи секоја цел на воспитанието директно е условена со одговор на прашањето, што е човек, која е општата цел и смислата на неговиот живот и работа, која е неговата човекова судбина. Се разбира, тоа не се само филозофски прашања, тоа се прашања во интерес и на педагогијата и на психологијата, како и на антропологијата. Одговорите на поставените прашања детерминирани се од конкретните историски и општествени услови, сфаќањето на човекот како индивидуа и личност, сфаќањето на можностите на неговиот развиток. Посебно и непосредно се значајни за поставување на целите на физичкото воспитание, а со тоа и за целата воспитна концепција, односите во општеството, односно сфаќањата за тие односи. Во рамките на тие односи за физичкото воспитание се од особена важност положбата на човекот во општеството и односите на поединецот во него.

Од изнесеното може да се заклучи дека прашањата за целта и задачите на физичкото воспитание се многу посложени и покомплексни отколку што може да се замисли. Тоа произлегува оттаму што решавањето на тие прашања содржат во себе и многу други, не само педагошки, туку и други решенија кои се однесуваат и на концепцијата на општеството во целина.

Кога се говори за целта и задачите на физичкото воспитание во современата теорија постојат различни гледања. Во оваа насока главно можат да се издвојат две концепции, две основни гледања. На една страна се наоѓаат оние теоретичари кои сметаат дека целта на физичкото воспитание е ***вклучување на поединецот во општествената заедница***, подготвување на индивидуата за живот и работа во општеството, оспособување на личноста да се прилагоди на општествената заедница. Застапниците на овие гледања сметаат дека преку физичкото воспитание пред сé треба да се развиваат оние особини на индивидуата кои имаат големо значење за општеството. Според тоа, овде станува збор за оние педагошки правци кои на прв план ги стават интересите и потребите на општеството и на определена потесна или поширока општествена средина (држава, црква, семејство и друго). Тие се залагаат со помош на физичкото воспитание да се изгради личност која ќе може што подобро и побрзо

[225] Поткоњак, Н.: (1977), Теориско методолошки проблеми педагогије, Београд, Просвета, стр. 71.

да се вклопи и адаптира во таа заедница и која ќе умее сопствените интереси да ги усогласи со општествените потреби. Овој концепт за целта на физичкото воспитание се заснива на ставот дека општествената заедница е над поединецот и дека смислата на постоење, живот и работа на тој поединец се состои во припадноста на таа заедница. Според оваа логика, физичкото воспитание всушност треба да се стреми кон така поставена цел.[226]

Втората група гледања ја сочинуваат ***граѓанската концепција на физичкото воспитание***. Според оваа концепција, физичкото воспитание има за задача да придонесе за целосен и слободен развој на секоја личност. Застапниците на овие гледања сметаат дека секој во себе ја носи својата цел, и дека не постојат општи и универзални цели на физичкото воспитание. Личноста е над општеството и над секоја заедница, интересите и потребите на поединецот се примарни и значајни за целокупното физичкото воспитание. Од таму, според застапниците на ова гледање, физичкото воспитание не може да биде за сите исто. Напротив, тоа мора до крај да биде индивидуализирано, поединечно и диференцирано.[227]

Имајќи ги во вид напред посочените едностранн гледања се поставува прашањето, односно дилемата содржана во граѓанската педагогија: Дали физичкото воспитание е општествено насочена дејност (според определени општествено поставени цели) или содржината на физичкото воспитание се состои во овозможување на наполно слободен развој на личноста на ученикот. Оваа дилема, логично, има предизвикано и многу други дилеми содржани во одделни концепции за поставеноста на физичкото воспитание. На прво место стои прашањето за местото на ученикот - воспитаникот во процесот на физичкото воспитание. Познато е дека ученикот во наставата по физичко воспитание може да се најде во положба на објект на воспитната работа, но и во положба на субјект. Во првиот случај треба да се делува на воспитаникот, да се влијае врз него, формирајќи го, обликувајќи ја неговата личност. Во вториот случај, сé што треба да доаѓа, треба да тргне од самиот воспитаник, од неговата природа, односно дека кај него може да се развива само она што постои, што секој го носи во себе. Развојот е можен единствено доколку воспитаникот е максимално активен и слободен. Сé друго треба да се подведе на претходното. Од ова гледање навистина се наметнува дилемата: "дали воспитаникот е објект или субјект во наставата по физичко воспитание".

Одделни предлози на граѓанската педагогија во поглед на физичкото воспитание се соочуваат и со уште неколку други дилеми како што се: дали физичкото воспитание е диригиран - насочен и строго организиран процес на слободен и непречен развој, односно

---

[226] Исто, стр. 72.
[227] Исто, стр. 73.

процес на природно развивање, растење и созревање на секој поединец; каква е улогата на педагошките установи во областа на физичкото воспитание; од што треба да се раководиме при изборот на содржините по физичко воспитание; врз чија основа треба да се оценуваат резултатите и вредностите на оваа воспитно-образовна дејност; каква е улогата на наставникот во наставата по физичко воспитание и уште неколку други прашања - дилеми. Посебно е актуелна дилемата: Кој е вистинскиот предмет на физичкото воспитание? Дали е тоа само сознаен и свесно организиран процес на воспитание или треба да се сфати и третира врз поширока педагошка основа?

Сите наведени дилеми или прашања директно го условуваат решавањето на еден друг, не помалку важен педагошки проблем. Имено, според голем број на концепции физичкото воспитание е интерперсонален однос, посебно однос помеѓу воспитаникот и воспитувачот и помеѓу самите воспитаници, со можности на меѓусебно влијание. Честопати, со право, тие односи се сметаат за мошне значајни за физичкото воспитание. Но, други сметаат дека тие односи воопшто не се значајни за физичкото воспитание затоа што, да наведеме на пример, егзистенцијалистичкото гледиште, според кое суштината на еден човек е недостапна и непристојна за друг, а меѓучовечките односи претставуваат повеќе мачење и пречка отколку фактор на индивидуалниот развој.

Веднаш да додадеме дека бројни дилеми кои заправо ги наведовме не се појавуваат само во граѓанската педагогија. Некои од нив се појавуваат откако воспитанието почнува да се издвојува како посебна општествена дејност и кога постанува општествено организирано. Така на пример, во Античка Спарта постои еден, а во Атина друг тип на физичко воспитание, во средниот век сé е насочено на тоа човекот да ги испашта гревовите на предокот, за да може да "ужива" после смртта, додека кај некои теоретичари на граѓанското општество, на пример, кај хуманистите, кај Ж. Ж. Русо и други, можат да се најдат други тенденции. Меѓутоа тие прашања поставени се во многу поизразена форма во современата граѓанска педагогија, затоа што токму тогаш посебно се водат расправи за концепцијата на физичкото воспитание што би одговарала на тоа општество.

Во педагошката теорија[228] и во практиката во однос на оваа проблематика дилеми постојат по прашањето колку детално во програмите да се дефинираат целите и задачите. Едни сметаат дека тие треба да се поставуваат со поопширни формулации, но поголем е бројот на оние теоретичари и практичари - програмери кои го застапуваат и практично го реализираат гледиштето, целите и задачите во програмата што поконкретно и подетално да се дефинираат. На тој

---

[228] Shulman, L.: (1997), Knowledge And Teaching: Foundation of the New Reform, Harvard Education Review, 1, pp. 1-22.

начин, сметаат тие, ќе се олесни проверувањето и оценувањето на воспитно-образовните резултати што се бараат со програмата. Досегашната практика и сознанијата што се прибрани од примената на ваков вид програми даваат аргументи дека второво гледиште е поприфатливо. Нема дилеми за тврдењето дека наставата по секој наставен предмет, па и по предметот физичко воспитание, кога се изведува со јасно дефинирани програмски цели и задачи е дидактички понасочена, а резултатите од неа се полесно проверливи.

Во разгледувањето на дилемата дали е потребно општествено насочено или "слободно" физичко образование, нагласивме дека таа е присутна во сите концепции на физичко воспитание. Може дури да се тврди, во решавањето на таа дилема да се даваат далеку појасни оценки за прогресот или регресот на една концепција на физичкото воспитание, отколку што е можно да се направи според некои други општи научни основи. Се разбира, како што крајностите во тој поглед се неприфатливи, исто така и обидите за компромисни решенија не се добар пат по кој може да се оди. Надминувањето на таа дилема е добар пат за нејзино разрешување. Меѓутоа, тоа зависи од многу фактори. Може да додадеме дека еден од многу значајните фактори е и општественото уредување и вистинското решавање на односите на личноста и општеството (социјалната средина).

5.3. Дилеми по однос на прашањето за содржините на физичкото воспитание

Во педагошката литература познато е дека физичкото воспитание, пред сé, е насочен и слободен процес на развивање и саморазвивање на личноста на човекот, а истовремено тоа претставува и општествена и лична дејност, практика, интерперсонален и социјален однос. За да може да се воспитува, за да може физичкото воспитание да егзистира како процес, како активност, како однос, мора да постои одредена содржина со чија помош се воспитува и самовоспитува. Таа содржина е многу различна. Таа може да биде општествено и индивидуално искуство, научни и други сознанија, културни вредности, активности кои служат не само за физички развој на човекот, туку и за развивање на одредени особини на личноста, формирање на навики, умеења, или сето тоа заедно. Меѓутоа, одредени содржини се секогаш нужни и еминентни на самата суштина на физичкото воспитание. Со физичкото воспитание не може да се постигне целта, без да постои одредена содржина. Од тие причини, не постои стручњак во оваа област што не се бави со содржината на воспитната дејност. Тоа е така поради тоа што прашањата на одредување и избор на карактерот и структурата на содржината на воспитно-образовната дејност не се само

некои практични прашања, туку пред сé теориски и филозофски прашања кои, пред сé, неможат да се решат по вообичаен "научен" пат. На тоа треба да се додаде и фактот дека содржините на физичкото воспитание прилично се богати и по обем (квантитет) и по карактер (квалитет), а се многу разновидни по функција во развитокот и формирањето на личноста, било да се работи за личноста во целина, било тоа да станува збор за развивање и формирање само на некои особини и облици на личноста. Сите тие прашања директно се условени и зависат од концепцијата на физичкото воспитание. Но, од друга страна и таа концепција е зависна од конкретните содржини. Од тоа, се разбира зависи и целосниот поглед кон физичкото воспитание, на можностите на неговото научно конституирање.

Нас во анализата, моментално не не интересира на кои конкретни содржини поедини теоретичари ја изградуваше концепцијата на физичкото воспитание, како ни тоа кои фактори влијаеле на нивниот избор, одредување и конституирање на содржините на физичкото воспитание. Она што нас посебно не интересира, е кои содржини се поставени во центарот на воспитната концепција, кои подрачја на човечкото искуство, сознанија, вредности, активности и слично се сметани за суштина на физичкото воспитание, тие без кои физичкото воспитание не може ни да се замисли ниту да се оствари.

Се разбира не треба посебно да се докажува дека прашањето на содржината на физичкото воспитание е најтесно поврзано со неговата цел. Целта, всушност е фактор кој во најголема мерка ја детерминира содржината на целокупната дејност. Од него, но не само и единствено од тој фактор, зависи целокупноста, односно посебноста на содржините. Во основата на целта и содржината на физичкото воспитание се наоѓа поимањето за суштината, можностите на физичкото воспитание, поимањето на воспитаникот како индивидуа и како член на одредена заедница. Сите тие фактори заедно ја чинат основата на различните приоди на сите проблеми на физичкото воспитание, а со тоа и до создавање на различни педагошки правци во теоријата на физичкото воспитание.

Токму од тие причини, целта и содржините на физичкото воспитание во современи услови, теоретичарите најчесто ги земаат како основа за анализа на состојбите и правците во развитокот на концепцијата на физичкото воспитание.

Во тој контекст, во стручната литература се среќава еден правец што и денес има многу свои приврзаници. Суштината на овој правец се состои во тоа дека физичкото воспитание мора да биде насочено кон изградување на моралот кај човекот. Така, според некои автори, приврзаници на тој правец, основна цел на физичкото воспитание е изградување и формирање на моралните особини на личноста. Аналогно на тоа, според овие автори, најголем број од

програмските содржини и активности на физичкото воспитание треба да бидат во функција на моралниот развој на учениците. Ова гледиште е мошне едностранo. Него го застапуваат сите религиски педагогии, педагошката концепција на Хербарт чија цел е изградување на христијанско-морален карактер, некои фашистички и расистички педагошки теории, коишто во името на одбраната на расата и нацијата проповедаат посебен морал за така наречената "чиста човечка раса" и уште неколку други антихумани концепти.

Сите наведени педагошки правци за основа на своите концепции на воспитание, ги земаат одредени морални, религиозни, националистички, расистички, општествени, класни и други вредности. Меѓутоа, тие меѓусебно значително се разликуваат, зависно од тоа на кои основи се заснива таа етичка концепција (дали станува збор за утилитаристичка, хедонистичка, рационалистичка, волунтаристичка, религиска, индивидуалистичка или колективистичка концепција на моралот).

Во склад со овие теориски сфаќања најчесто се врши избор не само на содржните, туку се определуваат методите и облиците на наставната работа. Така, додека во една концепција (пример, хербартовата) се инсистира на дисциплина и "скротување" на нагонската природа на човекот, на авторитарноста, според друга ќе се инсистира на плаќање за "гревовите" на нашите далечни предци и слично. Според третата концепција се инсистира на развивање на рационалните елементи како основа на моралното воспитание, а додека според четвртата концепција на развивање на емотивните или волјевите компоненти на личноста и т.н. Кај некои претставници на индивидуалистичкото - персоналистичката педагогија (на пример, кај егзистенцијалистите) се инсистира на потполна морална слобода, на лично и емотивно доживување на сé, па и на моралот и моралните односи, а со тоа и недостапноста на тој морал за други што физичкото воспитание го претвора во екстремно сфатено физичко самовоспитание. Меѓутоа, без оглед на сите тие разлики, за тоа кои морални особини на личноста се сметаат за значајни, на сите овие теории заеднички белег им е основната цел: физичкото воспитание да го концепираат во функција на моралното воспитание на младите. Сите други особини на личноста или наполно се запоставуваат или пак се стават во служба на моралното воспитание градено врз соодветната идеологија.

Постојат педагошки правци коишто во прв план го стават интелектуалниот, односно умствениот развој.[229] Според овие теории, најзначајни особини на човекот се: умот, разумот, рационалноста. Според застапниците на овие гледања, токму по тоа човекот се

[229] Поткоњак, Н.: (1977), Теориско-методолошки проблеми педагогије, Београд, Просвета, стр. 81

разликува од сите други живи суштества и тоа е она што го чини човекот човек (homo rationalis).

Интелектуалистичкиот правец во педагогијата доведува до проценување на знаењата што треба да ги стекнат учениците во наставата по физичко воспитание, односно до дидактичка ориентација за меморирање на што повеќе термини, поими, факти, правила и други видови знаења.

Таа, суштината на развојот на личноста не ја гледа во усвојување на што поголем фонд на факти и вредности кои луѓето ги создале, туку во "вежбање" на интелектуалната моќ на човекот со соодветни содржини на физичкото воспитание. Тоа е т.н. формален правец во образованието, чии претставници ќе трагаат за област која е најпогодна за такво вежбање, односно развивање (за "гимнастика на умот")[230]. И оваа концепција се потпира на одредени психолошки концепции (на пример, на психологијата на моќта).

Наспроти ова, во педагошката литература е позната и теоријата на таканаречениот "дидактички формализам".[231] Суштината на развојот според оваа теорија се состои не во стекнување на многу знаења, туку во "вежбање" на интелектуалните способности на движењето.

Додека теоријата на "дидактичкиот материјализам" доведува до прекумерно оптоварување на учениците со непотребни и преобемни знаења, формалниот правец доведува до формалистичко вежбање на умот. Вакви противречности се присутни и денес во одделни концепции на физичкото воспитание. Експлозијата на знаењата предизвикана од научно-технолошката револуција, на една страна бара постојано проширување на содржините на физичкото воспитание со нови откритија и сознанија и нужно води до енциклопедизам, а на друга страна, бидејќи способноста на ученикот е ограничена, постојано треба да се бара дидактички начини за редуцирање на тие знаења на едно нормално и неопходно ниво кое што реално може да го усвои ученикот.

Потребно е да се укаже и на тоа дека во педагошките концепции со интелектуалистички ориентации образовниот процес се става во прв план, додека во сегашните процеси се потиснуваат во позадината. Така, физичкото воспитание, по својата суштина, тогаш повеќе постанува како образовно подрачје отколку што е воспитно подрачје.[232]

Дилеми во поглед на карактерот на содржините што треба да бидат опфатени во програмата на физичко воспитание произлегуваат и од гледањата што ги застапуваат творците на така наречената

---

[230] Исто, стр. 82.
[231] Ѓорѓевиќ, Ј.: (1975), Интелектуално васпитање, Београд, Просвета, стр. 93.
[232] Поткоњак, Н.: (1977), Теориско методолошки проблеми педагогије, Београд, Просвета, стр. 82.

уметничка педагогија. Суштината на овој педагошки правец се состои во следното: "Личноста на човекот се изразува во сферата на доживувањата и на чувствата. Основните содржини и цели на воспитната дејност на физичкото воспитание треба да бидат насочени кон оваа цел. Со физичкото воспитание на човекот треба да му се помогне да може да чувствува, односно да доживува".[233] Затоа се бара, содржините на физичкото воспитание треба да ја чинат главно гимнастиката, играњето, танцот и друго. Не е случајно што претставниците на овој уметнички правец се појавиле во Англија (Ј. Рускин, В. Морис и други) и во Германија (Ф. Фоерстер, Б. Старка, М. Ланге). Во оваа група можат да се вбројат и некои индивидуалистичко-персоналистички педагошки правци, како што се на пример егзистенцијалистичките гледања според кои во сферата на доживувањето се гледа гаранцијата и можноста за индивидуализација на процесот на физичкото воспитание, а со тоа и неговата содржина.

Ова педагошко движење наоѓа многу претставници и застапници и надвор од редовите на педагозите, меѓу уметниците, книжевниците, музичарите. Но, сепак, земено во целина, како движење не остави некои поголеми белези затоа што набрзо е заменето и потиснато со други далеку поистакнати и поафирмирани движења во областа на физичкото воспитание.

Човекот и човештвото во својот развиток, покрај другото создаваат и одредени културни вредности. Тие вредности се пренесуваат од генерација на генерација и секоја нова генерација, всушност за да постане човечка генерација, мора да ги усвои културните добра од претходната генерација. Тоа е основата на која единствено може да продолжи културниот прогрес. Од тие причини и целото физичко воспитание треба да се стави во служба на културниот напредок, во развојот на човештвото и на секој поединец. А со оглед на тоа дека како културни вредности значат и научните и другите сознанија, уметничките и другите вредности, а сите тие се однесуваат на сите сфери на човековата личност, тоа ставање на културните добра во основата на воспитната работа на физичкото воспитание, истовремено овозможува развивање на интелектуалните, емотивните и моралните особини на личноста. Со тоа, всушност се настојува да се надминат едностраностите на педагошките правци кои во центарот на образовната дејност ги сместуваат само некои области, содржини, културни добра, а со тоа ги развиваат само некои од компонентите на човековата личност. Нема сомнение дека претставниците на културната педагогија не отишле понатаму во определување која е таа култура, кои се тие универзални културни добра и вредности што би требало да се содржина на физичкото воспитание.

---

[233] Исто, стр. 82.

На крај треба да се каже и тоа дека некои педагози на хуманистичката ориентација, потпирајќи се на Песталоци, покрај другото, поаѓајќи од одредени психолошки концепции на личноста, ја истакнаа потребата од развивање на интегрална личност, па оттука ги одредувале содржините на физичкото воспитание. Тие сметаат дека постојат три основни подрачја во кои човекот како личност се изразува: интелектуално, емотивно и волјево. Според тое подрачја треба да се постави и целта и содржината на физичкото воспитание. Сите други подрачја значајни за личноста, нејзиниот живот и работа, исклучени се од таквото концепирање на физичкото воспитание.

Од напред наведените примери, со оглед на целта и содржината на физичкото воспитание, јасно е дека двете концепции различно ги одредуваат содржините. Еднаш е збор за содржини кои произлегуваат од потребите на општеството, друг пат е збор за оние кои се потпираат на одредено сфаќање на биолошката, односно психолошката природа на човекот, на анторполошките сфаќања, во третиот случај се врши комбинација на тие компоненти, во четвртиот примарни се содржините како такви, нивното усвојување се поставува во центарот, а во петтиот случај содржините се земаат како средство за развивање на личноста или поедини нејзини делови. Меѓутоа, на сите наведени концепции заедничко им е тоа што се едностранo ориентирани, што се насочени на развивање само на поедини, помалку или повеќе комплексно сфатени подрачја на животот, работата и изразување на личноста. Затоа ретко во која од наведените концепции на физичкото воспитание можат да се најдат ставови со кои се признава исто значење и подеднакво влијание на физичкото воспитание во различни сфери од животот и работата на човековата индивидуа.

Со оглед на тоа дека личноста претставува интегрално единство од повеќе компоненти, оттука и целото воспитание во педагогијата, а во тие рамки и физичкото воспитание треба да се изградува на таа основа.

Разрешувањето на напред посочените и други дилеми во поглед на содржината на физичкото воспитание лежи во научното гледање дека човековата личност ја чинат сите сфери од неговиот развој. Со тоа всушност се надминуваат сите едностранн и ненаучни гледања според кои приоритет се дава на една или на друга страна од личноста на човекот. Затоа во право се оние педагози кои во своите теориски гледања имаат хуманистичка ориентација. Потпирајќи се на научните психолошки теории за личноста, тие засновано ја истакнуваат потребата за развивање на интегрална личност. Во оваа насока и за оваа цел треба да се врши избор и на содржините за наставата по физичко воспитание. Според овие автори, постојат повеќе подрачја во кои се изразува човекот како личност, како што се: интелектуалното, моралното, физичко, социјално, естетско и други. Уважувајќи ги сите

овие подрачја треба да се постави целта и содржината на физичкото воспитание.

5.4. Дилеми во врска со природата, функцијата и структурата на програмата по физичко воспитание

Заснован е фактот дека физичкото воспитание како наставен предмет и воспитно-образовно подрачје во изминатиот, повеќе деценски период било предмет на бројни теориски и емпириски проучувања. Резултатите од тие истражувања постојано се објавувани во стручна и научна литература. Дел од неа е користен и при изработката на оваа теза и е приложен во библиографското поглавје. Меѓутоа и покрај богатиот опус на стручни и научни прилози, чии автори се експерти за оваа област од нашата и од многу други земји во светот, сепак многу прашања и проблеми сé уште не се доволно разработени и до крај разјаснети. Во стручно-научната и во пошироката јавност постојат бројни дискутабилни прашања и дилеми што се однесуваат на повеќе аспекти поврзани со физичкото воспитание. За тоа говори и познатиот стручњак за оваа проблематика ***Миливое Матиќ***, уште во 1978 година, во својот труд "Час по телесно вежбање" [234]. Притоа, тој тврди дека "Најопштите идеи за физичкото воспитание во училиштето - кои се однесуваат на неговата природа, функција, цели и задачи не се најнепосредно оперативни. Помеѓу тие идеи и непосредниот наставен процес со учениците, се наоѓа педагошки интермедиум, односно програма и една специфична организационо-методска апаратура, како основа на тој процес".

Сигурно е дека постојат големи причини што говориме само за "програма", а не "наставна програма" - како што вообичаено се именува овој училишен документ за предметите и подрачјата на наставниот план на училиштето.

Имено, дилемите околу природата, функциите, содржините и формите на програмата на физичкото воспитание во училиштето се многу длабоки. Тие се одраз на двоен, двосмислен и, затоа најчесто, противречен статус на физичкото воспитание во училиштето. Поточно, овие дилеми ја одразуваат, од една страна, големината на просторот (ограниченоста на просторот) за физичкото воспитание во училиштето и неможноста во тој простор да се реализира целата содржина на подрачјето. Покрај тоа, дилемите се последица на сосема симболичните, скромни и несигурни услови во многу средини на само привидни можности и форми во сегашниот училишен систем, физичкото воспитание да се реализира не само како дел од наставниот

[234] Матиќ, М.: (1978), Час телесног вежбања, Зрењанин, Будућност, стр. 33.

план (како предмет, редовна настава), туку како воспитно-образовно подрачје во вистинска смисла, во целата своја широчина.

Со реформата на основното училиште од 1958 година физичкото воспитание е поставено многу амбициозно. Методскиот прирачник кој, може да се каже, ги сублимирал во себе концепцијата и организацијата на физичкото воспитание во основното училиште почнуваше со реченица која не оставаше место за никакво двоумење во поглед на основниот став за ова подрачје: "физичкото воспитание не е ниту предмет, ниту вештина, туку дел од воспитанието".[235]

Се покажа меѓутоа, дека единствено што од ова подрачје имаше во училишниот систем одреден статус е тоа што физичкото воспитание беше слично со останатите предмети на наставниот план. Физичкото воспитание, главно, постоеше како настава по физичко воспитание, т.е. како предмет.

Од таа противречност дека физичкото воспитание не станало дел од воспитанието (до колку таа категорија воопшто може да се врзува за временски, просторно и релационо одреден училишен контекст), а да не може да биде сведено ниту само на предмет, во стручните кругови се јавија бројни несогласувања со концепцијата и структурата на претходната програма на физичкото воспитание. Таа програма, како што е познато, е работена според класични дидактички примери, на начин како што се работени останатите програми од наставниот план и содржи само т.н. "градиво за вежбање".

Со оглед на тоа што во меѓувреме, беа публикувани нови сфаќања за моторичките (психофизички) способности, како "егзистенцијален услов", односно за нивната сé поголема загрозеност кај современиот урбанизиран човек и бидејќи примената на научните методи во нивното испитување доведе до нови сознанија за можностите за нивно ефикасно и брзо менување и усовршување, со тоа и суштината на училишното физичко воспитание почнува сé помалку да се врзува за формите на телесното движење - вежбање, за т.н. моторички стереотипи, а сé повеќе за способностите кои се резултат на телесното движење - вежбање како такво, а не од овој или оној вид ("програмски единици") на телесно движење - вежбање.

Таквата состојба кај стручната јавност спонтано доведе до крајно радикални ставови во поглед на формата, структурата и функцијата на програмата по физичко воспитание во училиштето.

"Програмата тоа е самиот наставник" - истакнуваа заговорниците на идејата дека суштината на процесот на физичкото воспитание во училиштето зависи од проценката на наставникот по физичко воспитание. Информации за актуелната сосотојба на физичкиот развој на учениците, за нивните функционални и моторички (психофизички) способности - се добиени со консеквентно водена

---

[235] Шепа, М.: (1959), Методика физичког васпитања, Београд, Нолит, стр. 57.

постапка на тестирање. Врз база на тие информации се донесуваат одлуки и се изработува план за третманот на соодветните параметри во смисла на нивна позитивна трансформација. Наставната програма поради таквиот пристап во суштината на процесот на физичкото воспитание во училиштето разбирливо, е што е потполно во втор план, до колку воопшто и се смета за релевантен фактор на самиот процес.

Екстремните поборници на ова сфаќање кое условно може да се нарече "најдобронамерен педагошки волунтаризам", одат до таму што при напомената за единствена програма во наставата по физичко воспитание одговараат: "Има толку програми колку што има ученици".

Овие сфаќања не се начелно неисправни. Иако не се баш оригинални, тие се базираат врз сугестивна аргументација. Меѓутоа, заради одредени максималистички обележја не можат да се зацврстат во училишната практика, не само во нашите училишта туку и во странство.

Како противтези на сфаќањето според кое суштината на наставата по физичко воспитание треба да го сочинува исклучиво индивидуалниот третман и строго поединечна програма за вежбање за секој ученик, ќе ги истакнеме следните:

1. Колку да е специфично и застапено како училишен предмет, физичкото воспитание не е само училишно воспитно-образовно подрачје, туку и дел на воннаставниот план на училиштето. На тој начин, не само формално-правно што е еквивалентно на останатите предмети туку е упатено таа еквиваленција оперативно да ја следи и во останатите свои видови и нивоа: од одделенската структура, организацијата и распоредот на часови, до наставникот, програмата како нормативен документ, предметната документација и сл.

2. Од Коменски до денес, училиштето е општествена (државна) институција која, иако ги третира поединечно учениците, сепак проективно оперира со повеќе или помалку кохерентни групи на ученици формирани врз основа на возраста, полот и психосоцијалните и техничко-дидактичките стандарди.

3. Тенденциите на ригорозна индивидуализација на процесот на физичкото воспитание во училиштето - кое, по природа на нештата, ја доведуваат во сомневање оправданоста за постоење на општа програма за физичко воспитание - е настојувањето (дури може да се каже некритично) некои принципи од спортскиот тренинг да се инплантираат во училишната работа без доволно да се земат во предвид вистинските рамки и важното обележување на наставата по физичко воспитание како дидактички чин, од една и од друга страна, работните и животни услови на ученикот и наставникот по физичко воспитание во кои тие обележја на наставата треба да се применуваат во повеќегодишен континуитет. Со други зборови, тоа се обиди на училишниот час по телесно вежбање нагласено да се истакнуваат

неговите физиолошки карактеристики кои ќе го приближат на спортскиот тренинг. Не е непознато дека разликите во природата на часот по телесно вежбање во училиштето и спортскиот тренинг се значителни и евидентни. Ќе наведеме неколку од нив:

- тренинзите често се одржуваат и повеќе пати дневно, додека часовите по физичко вежбање во училиштето 2 - 3 пати неделно;
- тренинзите траат и по неколку часа, часот по физичко вежбање трае најмногу 45 минути;
- на еден тренинг тренерот работи со 1 - 10 спортисти, ретко кога со повеќе без помошници, наставникот по физичко воспитание на часот има 30 - 35 ученици;
- во текот на една недела тренерот се занимава со 10 спортисти - наставникот по физичко воспитание со околу 300 ученици;
- спортистите слободно се определиле за активноста со која се занимаваат на тренинзите (одбрана спортска дисциплина), учениците на часовите по физичко воспитание во училиштето сепак се училишни обврзници;
- кај тренерот не постои дилема во поглед од неопходноста за постигнување на што поголем степен на функционални и моторички способности на спортистите со кои работи, додека наставникот никогаш не се ослободува од споменатата дилема кога се во прашање ученици.

4. Хипостазирањето на оние функции на наставата по физичко воспитание кои се однесуваат на третманот на моторичките (психофизички) способности и функционалните способности на учениците (со тенденција за максимализација на нивните манифестни резултати) од каде потекнува и неприфаќањето на наставната програма како единствен документ - наметнува уште еден проблем. Имено, физичкото воспитание во училиштето е воспитен, но и образовен процес. Образованието, пак, не е само процес на усовршување на психофизичките и други способности туку, како што е изложено, претставува и процес на стекнување знаења, умеења, вештини и техники на телесно движење. Во таа смисола, материјалната физичка образованост не може да се постигне без проширен збир на разновидни телесни движења - вежбања. Тој збир на телесни движења - вежбања се разновидни според одредени критериуми за формата, намената и дејството на организмот на ученикот кои ќе му дадат на самиот збир негова внатрешна конзистентноста, а тоа е всушност, програмата по физичко воспитание.

Исто така, покрај овие противтези, не е мал бројот на педагози, дури и оние од кругот на педагози по физичка култура[236], кои сметаа дека т.н. "еластичност" на програмата по физичко воспитание, односно прилагодливоста на нејзината содржина на конкретните услови на одредени училишта - што беше една од премисите на програмата по физичко воспитание од 1958 година - не претставуваат некоја нејзина посебна вредност како што тоа често се истакнувало. Дури, мерата во која тој училишен предмет беше условен, туку речи факултативен, т.е. незадолжителен, скоро да му ја одземаше квалификацијата на програмата.[237]

Како резултат на претходните дилеми создадена е програма по физичко воспитание (која се продолжува понатаму во интегрална верзија) што претставува пример на повеќекратни компромиси.

Со овој документ физичкото воспитание не се откажа од своите "парадидактички" претензии, но исто така и призна дека неговата програма барем за извесно време - мора да содржи и вежби, со цел учениците да можат да ја совладаат техниката на движењата.

Со тоа ставот од 1958 година според кој ("физичкото воспитание не е ниту предмет, ниту вештина, туку дел од воспитанието") доби свој пандан: физичкото воспитание е и предмет и вештина и дел од воспитанието.

Покрај ова, во новата програма по физичко воспитание освен редовна настава по физичко воспитание, содржани се и други наставни облици како што е додатната настава за талентирани ученици, но и други форми на работа кои не можат да се вбројат ниту во настава ниту во слободни активности на учениците (активен одмор, излети, логорувања и слично). Така програмата по физичко воспитание се претставува како збир на обврски и на наставникот по физичко воспитание и на целото училиште (раководни и управни органи на училиштето, па дури и на останатите наставници).

Во врска со ова, може да се каже дека програмата по физичко воспитание е единствен оперативен училишен документ во кој стриктно се спомнати обврските на училиштето и другите наставници, по другите предмети. Таа, без тоа не би била програма по физичко воспитание. Сепак, не треба да се негуваат претерани илузии дека точно нагласувањето на овие обврски во рамки на програмата по физичко воспитание ќе има сила на норма.

---

[236] Путеви и могућности даљег унапређења физичке културе у СР Србији, (1973), Зборник радова научног скупа, II књига, Београд, Партизан, стр. 33.

[237] Часопис "Физичка култура", бр. 3-4/ (1969), стр. 72.

5.5. Дилеми во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста

Во педагошката теорија постојат бројни мислења и ставови во врска со придонесот, односно значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста воопшто и посебно на младата личност - детето. Ова прашање е предмет на теориско и емпириско истражување и од неколку други научни дисциплини, како што се: филозофијата, социологијата, психологијата, антропологијата, физиологијата и други. Во нив од различни аспекти се објаснува условеноста на развојот на учениците, особено од основно училишната возраст, од нивната вклученост во наставните и воннаставните активности.

Во одделни поглавја на овој труд се презентирани повеќе теоретски гледања за тоа какво значење и придонес има физичкото воспитание во физичкиот, интелектуалниот, моралниот, социјалниот, естетскиот и во уште неколку други аспекти од развојот на личноста на ученикот. Од податоците што се прибрани при теориското проучување на овој однос помеѓу физичкото воспитание и развојот на личноста, помеѓу теоретичарите постои полна согласност дека оваа меѓусебна поврзаност и условеност воопшто не е дискутабилна. Меѓутоа, разликите помеѓу теоретичарите се појавуваат кога се истакнуваат мислења, гледања и ставови во врска со степенот на значајноста, односно на придонесот на овој вид воспитание за севкупниот развој на личноста.

Во поглед на ова прашање, во педагошката теорија главно можат да се издвојат две поглобални теориски гледања. Суштината на едното гледање се состои во тврдењето дека на физичкото воспитание не треба да му се дава некое големо значење за развојот на личноста. Во рамките на ова гледање, одделни педагошки теоретичари значењето на физичкото воспитание во овој поглед дури го потценуваат. Тие сметаат дека влијанието и придонесот на физичкото воспитание во развојот и изградувањето на личноста на ученикот се многу мали, речиси безначајни. Теориските поставки врз кои се темели ова, крајно негативистичко гледање на значењето на физичкото воспитание се сознанија и ставови на оние теоретичари коишто во педагогијата се познати како поборници, односно застапници на така нареченото "хуманистички ориентирано воспитание и образование".

Педагозите кои припаѓаат на овој педагошки правец сметаат дека изведувањето на физичкото воспитание во наставниот процес негативно влијае во развојот на личноста. Според нив, тоа го "дехуманизира" образованието и со тоа ја обезличува и личноста на ученикот.[238] Застапувањето на физичкото воспитание како наставен предмет во наставните планови за основно и средно образование сметаат педагозите "хуманисти" непотребно го завзема местото на

[238] Лазаревиќ, Л.: (1976), Психолошке основе физичке културе, Београд, НИП "Партизан", стр. 111.

некои општо образовни предмети. Со тоа, според нив, учениците образовно се оштетени бидејќи поради предметот физичко образование стекнуваат пониско ниво на општо образование.

Коренот на ова теоретско гледање потекнува од едностраното и застареното сфаќање на поимот "општо образование". Застапувачите на ова сфаќање сметаат дека физичката образованост не може да се третира во рамките на напред посочениот поим. Според нив, содржината и суштината на општото образование е еднаш засекогаш утврдена и неменлива. Токму овде се гледа едностраноста на ова теориско гледање. Неговата суштина се состои во статичноста и догматичноста на еднаш стекнатите убедувања. При наведувањето на факти како аргументи за едно вакво гледање, воопшто не се споменува објективната законитост на постојано менување и усовршување на општото образование паралелно со развојот на науката, техниката, технологијата, работата, учењето и на другите сфери од стопанскиот и општествениот живот.

Како што е познато од современата теорија и практика, денес под општо образование се подразбира далеку поширок поим од оној според кој тоа се именувало пред неколку десетолетија. Покрај многуте други сегменти во содржината на современото општо образование со кое се стекнуваат учениците во основното и во средното училиште, неизоставно влегуваат и содржините на физичкото воспитание и образование. Физичката образованост и физичката култура претставуваат интегрален дел, нераздвојна компонента на општата образованост на современата личност. Токму поради тоа, како многу конзервативни и застарени треба да се третираат сите оние теориски гледања според кои му се оспорува местото и значењето на физичкото воспитание во наставните планови и програми што се реализираат во основното и во средното образование. Напротив, застапувајќи го физичкото воспитание со што поголем фонд на часови и активности кои што ќе бидат исполнети со бројни и разновидни содржини, значајно ќе се збогати квалитетот на општото образование и во многу ќе се придонесе за развојот на личноста на ученикот од сите негови аспекти.

Напред посоченото едностарно гледање за значењето на физичкото воспитание, за развојот на личноста, не треба да остави никаква дилема по однос на неговото вистинско место и улога како и за реалниот придонес што може да го даде во збогатувањето на содржината и во подигнувањето на квалитетот на општото образование. Теориските гледања со кои се потценува значењето на физичкото воспитание за развојот на личноста се научно неиздржани, емпириски непроверени и практично не се верифицирани, па според тоа, нивната примена во практиката би предизвикала непроценлива штета врз развојот на младите од основно и средно училишна возраст.

Во научно заснованата педагошка теорија како и во теоријата на сродните научни дисциплини не може да се најде ниту еден аргумент според кој застапниците на ова теориско гледање му го оспоруваат хуманистичкиот и интелектуалниот карактер на физичкото воспитание. Напротив, преку наставата по физичко воспитание и низ разновидните воннаставни и вонучилишни активности, многу повеќе отколку низ наставата и другите наставни предмети се развиваат и изградуваат бројни карактерни црти на личноста на ученикот, кои што претставуваат основни вредности на неговата хуманистичка димензија. Од друга пак страна спортот и другите подрачја на физичкото воспитание претставуваат незаменлива релаксација на интелектуалниот напор на учениците и основен извор за поголемо интелектуално ангажирање.

Во прилог на потребата за негирање на ова теориско гледиште без никакви дилеми, зборуваат и современите интенции за што поголема застапеност за предметот физичко воспитание, особено во првите неколку години од основното образование. Може засновано да се каже дека не постои земја во светот во чии наставни планови и програми за основно и за средно образование не е застапено физичкото воспитание. Тоа е најголем доказ за ненаучноста и неприфатливоста на оние теориски гледања со кои се негира значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста.

Другото гледање за значењето на физичкото воспитание е, исто така, едностарно и се наоѓа во спротивната крајност. Според ова гледање, значењето на физичкото воспитание за развојот на личноста премногу се преценува, дури се фетишизира. Според теоретичарите кои го застапуваат ова гледање, физичкото воспитание, има пресудна улога и значење во развојот на личноста на ученикот. Суштината на физичкото воспитание, сметаат овие теоретичари, се состои во ставањето најголем акцент на оспособувањето на учениците за работа и за живот. Со тоа, младите ќе можат да го разберат светот и средината што ги опкружува, како и ќе умеат да се прилагодат на новите барања и предизвици. Токму во оспособувањето на учениците да го пратат развитокот на општеството и брзо да се прилагодуваат на промените треба да се цени значењето и улогата на физичкото воспитание, според оние кои го застапуваат ова теориско гледање. [239]

Едностраноста на ова гледање се состои во преголемата преферираност на практичната, односно на прагматичната страна на наставата по физичкото воспитание. Прифаќањето на ова теориско гледање во практиката би значело наполно редуцирање на оние содржини од програмата по физичко воспитание, кои што се непосредно поврзани со интелектуалниот, социјалниот, емоционалниот и моралниот развој на учениците, односно сведување на оваа настава во

[239] Соколов, Р.: (1976), Култура и личност, Београд, ЗУНС, стр. 35.

вежби за снаоѓање и прилагодување. Ако со првото теориско гледање се преферира интелектуализмот во развојот на личноста, со второто гледање примарно место му се дава на практицизмот, застапувајќи ги при тоа бројните воспитни можности и вредности што ги содржи наставата по физичко воспитание.

Имајќи ги во вид напред искажаните критички осврти, засновано може да се заклучи дека и двете теориски гледања немаат некоја научна заснованост. И едното и другото се засниваат на субјективни мислења и ставови, зависно од идеолошките гледања на нивните застапници. Без потребната научна фундираност, тие во педагошката теорија ќе останат како едностранн, крајно радикални и неприменливи во наставната практика. Поради нивната мошне видлива теориска неиздржаност, тие не можат да поттикнат никакви дилеми по однос на реалното значење на физичкото воспитание, за развојот на личноста. Тоа се состои ниту во преголемото потценување, ниту пак во премногу преценување на неговото значење. За современата педагошка теорија неприфатливо е ниту првото, ниту пак второто гледање. Првото значење на физичкото воспитание, според најновите теориски учења, се состои во придонесот што тоа може да го даде во развивањето на сите аспекти (психо-физички, интелектуален, морален, естетски, социјален и др.) од личноста на ученикот. Во колкава мера тоа влијание ќе биде врз еден или друг аспект ќе зависи од многу фактори и педагошки услови што се создадени во училиштето. При тоа најбитно е да се сфати и во практиката да се примени определбата дека физичкото воспитание треба да придонесува во развојот и изградувањето на самостојна, независна, отворена, критички и демократски ориентирана личност. Личност која ќе биде оспособена за превземање на индивидуална, семејна и граѓанска одговорност. Граѓанска личност со развиени индивидуални потреби, интереси и афинитети, со широки знаења, вештини, способности и граѓански вредности, како и подготвеност и свест за развој на демократијата и на граѓанското општество.

6. СОВРЕМЕНИ ГЛЕДАЊА И ИНТЕНЦИИ ВО ТЕОРИЈАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Последнава деценија од овој век, покрај другото е карактеристична и по мошне интензивните реформски процеси во образованието. Скоро нема земја во светов која што во овој период критички не го преиспитува својот образовен систем. Под критичка опсервација се стават скоро сите сегменти што ја сочинуваат оваа дејност.

Посебно е индикативен фактот што залагањата за потемелно реформирање и усовршување на образованието се многу поголеми и помасовни во земјите на развиениот свет отколку во помалку развиените и во неразвиените земји. Од ова засновано може да се заклучи дека факторот образование, во развиените земји одамна се третира како основен двигател, односно клучна полуга на вкупниот развој на општеството. Врз основа на ова сознание е изграден и односот на државата спрема потребата за постојана грижа кон образованието на младите и на возрасните од сите степени и видови на образовниот систем.

Со својата сеопфатност, длабока стратегиска и долгорочна осмисленост, современите промени што се остваруваат во образованието ги предвестуваат проблемите и потребите со кои ќе се соочат младите во идниот милениум. Всушност, образованието се рефомира за да може што поквалитетно да ги подготви младите генерации кои што како возрасни граѓани ќе се соочат со предизвиците на XXI-от век. Во таа смисла треба да се сфати укажувањето на ***Жил Симон*** кое гласи: "да се доцни во областа на образованието е голема несреќа".[240]

Суштината на образовните реформи што се во тек и на оние кои што сигурно ќе продолжат и во овој нов век, најсинтетизирано и најексплицитно е искажана во документот "Образованието на XXI век" што го има изготвено меѓународна комисија именувана од УНЕСКО, составена од светски признати експерти во областа на образованието и на развојот воопшто. Во овој документ, покрај другото, стои и укажувањето дека развојот на образованието во XXI-от век треба да се гради врз следниве четири основни столбови: учење како да се живее заедно; учење за да се знае како се учи; учење за да се биде одговорна личност и учење за да се работи. Овие, може да се рече филозофски постулати за идниот развој на образованието, во себе содржат една мошне длабока суштина чија експл.икација треба да дојде до израз во сите документи и структурални сегменти коишто ја чинат целината на воспитно образовната дејност во една земја. Современите педагошки гледања за физичкото воспитание, како интегрален дел на воспитанието и образованието воопшто и посебно на воспитно-

[240] Education For XXI Century, (1994), Paris, UNESKO, str. 36-40.

образовната дејност што се остварува во установите на предучилишното, основното и средното образование, неможат да бидат дивергентни на напред посочената генерална определба за развојот на образованието во новиот милениум. Прашањето, колку современата теорија на физичкото воспитание конвергира со напред дефинираната филозофија за суштинските развојни интенции на образованието во наредниот период е предмет на разработка во ова поглавје од овој научен труд.

6.1. Интенции во осовременување то на целта и задачите на физичкото воспитание

Современото дефинирање на целта и задачите на физичкото воспитание е во тесна врска со целта на образованието што е поставено во најновите концепции за развој на образованието во одделни земји во светот, вклучувајќи ја и нашата. Имајќи го ова во вид, најнапред е логично да се изврши куса анализа на ***суштинските интенции*** кон кои треба да биде насочено образованието во XXI век. Тоа најексплицитно е искажано низ формулираните општи цели и задачи што треба да ги оствари современото образование.

Залагањето за постојано зголемување на демократизацијата на образованието, како основна стратегиска определба за неговото натамошно осовременување, завзема мошне нагласено место скоро во сите проекции што се однесуваат на развојот на образованието во овој век. Во овој дух се дефинира и општата цел на современото образование.

Така, во најновите концепциски и програмски документи на повеќе земји (САД, Англија, Германија, Франција, Јапонија, нордиските земји и повеќе земји од централна и источна Европа) со целта се бара воспитување за живот во демократско и мултикултурно општество, изградување на духовна потреба за разбирање и соработка со другите народи, изградување на активни и информирани субјекти на демократското општество.

Како најопшто и најконцизно дефинирање на ***општата цел*** на современото образование најчесто се среќава формулацијата "примарна цел на образованието за демократија е целосен и континуиран развој на личноста на ученикот" или уште поконкретно "главна цел на образованието е развивање на субјектот, на личноста, нејзините способности, дарба и талент"[241] При тоа се бара хармоничен развој на сите компоненти на личноста: психолошки, сензомоторни, социоафективни, естетски, интелектуални и други. Свртеноста на целта

[241] Der Bildung - und Erziehungsauftrag der Schule, (1995), München, Staatsinstitut für Schulpädagogik und Bildungsforschung, str. 79-87.

на образованието од прв ред кон потребите на ученикот, кон постигнување на негов хармоничен и урамнотежен развој, кон целосно развивање на способностите на индивидуата, е значајна карактеристика скоро на сите понови дефиниции со кои се искажува целта на современото образование. Меѓутоа, во формулираните цели видливи се определени разлики што се состојат во степенот на преферирањето на одделни аспекти од развојот на личноста на ученикот. Така, во целта на образованието содржана во јапонските концепциски документи повеќе се преферира моралниот развој на учениците, додека пак во целта на американското образование, поголем акцент се става на интелектуалниот развој. Може да се воочи дека интелектуалните и моралните аспекти од развојот на личноста на ученикот се далеку понагласени и поразработени во образованите проекции на повеќе земји, во споредба со аспектите што се однесуваат на физичкиот, естетскиот и политехничкиот развој. Но, од ова не треба да се изведе заклучок дека се запоставува местото и улогата на физичкото воспитание. Напротив, суштински новини се внесуваат во поглед на педагошката функција на физичкото воспитание и неговата зголемена улога токму во интелектуалниот и моралниот развој на учениците. Ова тврдење уште поексплицитно ќе се види при анализирањето на современите задачи на физичкото воспитание во најновите програмски документи донесени во повеќе земји на светот. Развојот на физичките способности преку наставата по физичко воспитание не бил никогаш оспоруван. Тој дури е и премногу нагласуван во досегашните програмски документи. Токму поради тоа, иновативноста и суштинските елементи на осовременувањето на физичкото воспитание треба да се бараат во степенот на неговата насоченост кон моралниот, интелектуалниот, естетскиот и социјалниот развој на личноста. При тоа, во никој случај не треба да се оспори телесниот развој и развојот на физичките способности, како иманентна и првостепена задача на ова воспитно подрачје.

Низ многубројните формулации на цели и задачи на образованието воопшто, што се однесуваат на одделни аспекти од воспитувањето на личноста на ученикот, можат да се идентификуваат значаен дел барања поврзани со физичкото воспитание.

Најнапред во поглед на физичкиот развој на личноста, низ содржината на целта се среќаваат следниве покарактеристични барања: "воспитување на здрава и физички јака личност" (Јапонија); "да придонесува за добро здравје, полна физичка развиеност, да ја одржува физичката способност што одговара на работата и на практичниот живот" (Унгарија); "да ги развие физичките способности кај учениците"[242] (УНЕСКО). Како што се гледа од овие и од повеќе други формулации кои што овде не се наведени одржувањето на здравјето и

[242] Education in Japan, (1990), Tokyo, Ministry of Education, str. 36.

физичките способности на личноста, претставуваат приоритетна цел и задача на современото физичко воспитание.

На интелектуален план од физичкото воспитание се бара да придонесува "во изградувањето кај учениците богат и изострен дух и мислење" (Јапонија); "учениците да стекнат основни и есенцијални знаења и вештини што му се потребни на секој граѓанин" (Англија); "да придонесе во зголемувањето на интелектуралните способности за анализирање проблеми со помош на усвоените концепции и принципи" (Руска Федерација); "младите потполно да го сфатат светот во кој што живеат, логиката на општествените односи на локален и меѓународен план, својата положба во тие односи, како и својата сегашна и идна улога" (САД).

Како што претходно беше посочено, на моралните аспекти од развојот на личноста им се дава приоритетно место при осмислувањето на задачите на физичкото воспитание. Тоа особено се однесува на земјите во кои моралните принципи и однесувања се издигнати на ниво на законски барања, како што е тоа случај во Јапонија. Така, од физичкото воспитание што се спроведува во училиштата на оваа земја покрај другото се бара: "воспитување на карактерно јака личност која ќе ги сака и ќе се бори за вистината и праведноста ... ќе ги почитува вредностите на секоја индивидуа ... ќе има длабока смисла за одговорност и ќе биде исполнета со независен дух".[243]

Во најновите документи за образованието усвоени од Европската Унија, посебно се нагласени барањата "учениците да стекнат образование и воспитание за демократија, хумани вредности, толеранција и прифаќање на културните, верските, етничките и јазичните разлики".[244]

Во проекциите пак на УНЕСКО, за идниот развој на образованието, покрај другото се бара тоа да "придонесе во самопотврдувањето на ученикот како личност, граѓанин, работник, водител и друго".[245] Со една посуптилна и подетална анализа на содржината и на воспитните компоненти на сите напред посочени барања, можат да се согледаат бројни задачи што стојат пред физичкото воспитание поврзани со моралниот развој на учениците од сите степени на образованието и воспитанието.

Во последно време мошне фреквентни се барањата што му се поставуваат на физичкото воспитание во училиштата за социјалниот развој на учениците. Во оваа смисла се истакнува потребата за изградување правилно однесување кон работата и кон семејството, поседување разновидни вештини за комуницирање, поголема хуманизација на образованието, односно поместување на воспитно-

---

[243] Исто, стр. 48

[244] Education in OECD Countries, (1989/90), Paris, OECD, Report, str. 91.

[245] Education for XXI Senciery, (1998), Paris, UNESCO, str.15

образовните цели од предоминантните барања на државата кон реалните потреби за развој на детската личност.

Воопштувајќи ги карактеристичните елементи содржани во општите цели за развојот на образованието во најновите проекции на повеќе земји, засновано можат да се формулираат неколку заклучни сознанија:

- во поново време, разработувањето, формулирањето и класификацијата на целите и задачите на образованието воопшто и на наставата по одделни наставни предмети се врши во склад со современите теории за психо-структурата на учењето. При тоа многу поурамнотежено се истакнува потребата за хармоничен развој на когнитивната, афективната и психомоторната сфера на личноста. При анализата на современите задачи на физичкото воспитание, што е поместена во текстот што следи, јасно се гледа дека оваа интенција е карактеристична и за наставата по овој наставен предмет, односно подрачје;

- ако порано, при дефинирањето на општите и посебните цели на образованието акцентот се ставаше на усвојување што повеќе знаења, во современите цели многу често се нагласува како првостепена потребата за изградување на интересите и способностите кај учениците за перманентно учење и образование;

- мошне е впечатлив фактот дека во целите на образованието што се формулираат во последниве години се бара изградување личност која се запознава самата себе си, личност која има сопствени цели за иднината, личност чиј живот се карактеризира со емоции и која, како свесно суштество, поставува прашања и формулира одговори. Уважувајќи ја оваа современа интенција во развојот на образованието, јасно може да се види во која насока треба да се движи и наставата по физичко воспитание;

- скоро во сите цели на образованието што се наоѓаат во развојните проекции на многу земји во светот, мошне експлицитно е искажана потребата за воспитување на младите во духот на основните вредности карактеристични за граѓанското општество како што се: човечки права и слободи, демократија, толеранција и трпеливост, одговорно лично и општествено живеење, меѓусебно почитување и уважување и други граѓански вредности. Барањето пак за развивање на критичко и самостојно мислење, како задача се провлекува како црвена нит содржината на сите цели што се однесуваат на развојот на образованието во наредниот период од овој век.

Врз основа на формулирани цели, со потребната доследност, се определени целта и задачите на современата настава по физичко воспитание во најновите програми за овој наставен предмет што веќе се во употреба во повеќе земји на светот.[246]

Од анализата што е извршена на задачите содржани во програмите за наставата по физичко воспитание во 20 земји во светот, може да се извлече општ заклучок дека е воочлива прилична дивергентност како во степенот на опфатеноста на сите, напред посочени страни од развојот на личноста исто така и во нивото на нивната конкретизираност и јасност. Но сепак, врз основа на една поупорна анализа на содржината на преку 200 формулирани задачи поместени во напред посочените програми, извршена е синтеза на оние елементи и интенции што можат да се наречат карактеристични и најфреквентни во повеќето од анализираните програми. Токму поради тоа, овде тие се предмет на поширока експликација. Од нивната суштина ќе може да се види што е она новото, современото, што денес се преферира во утврдувањето на наставата по физичко воспитание.

Заедничка карактеристика на програмите по физичко воспитание кои што навистина можат да се наречат нови, односно современи, е деталната разработеност и конкретизираност на задачите на оваа настава во рамките на сите наставни подрачја и на сите нивоа на образование. При тоа, како посебна новина треба да се истакне фактот дека текстот на задачите завзема далеку поголем простор во програмата од текстот со кој што се искажани содржините што треба да се разработуваат на наставните часови. Всушност оваа дијалектичка новина се однесува и за програмите по другите наставни предмети.

Втора, мошне битна и значајна новина се состои во поставувањето на така наречени долгорочни цели на оваа настава кои што не се врзани ниту за едно одделение, ниту за еден систем од образованието, туку за целиот тек од застапеноста на физичкото воспитание во образовниот систем. Така, од повеќето долгорочни цели, овде како покарактеристични се посочуваат само неколку. Во преамбулата на овие цели најчесто се наоѓа формулацијата дека: "учењето во подрачјето здравствено и физичко воспитание им помага на учениците за:

- стекнување знаења и вештини за донесување на промислени одлуки и планирани стратегии, превземање и оценување на активности кои што го унапредуваат растот и развојот, учеството во спротските активности, одржувањето добра кондиција, успешна соработка, сигурност и здравје на индивидуата и групата;

---

[246] Во рамките на овој труд, подетално се анализирани најновите програми по физичко воспитание за основното образование во 19 земји, вклучувајќи ја и Македонија. Прегледот на земјите е прикажан во табела 2, 3 и 4 за застапеноста на овој предмет во одделни земји во светот.

- земање активно учество во создавање околности што овозможуваат зајакнување на здравјето и учество во физички активности како и придонесуваат за остварување заеднички дебати и дискусии по тие прашања;

- развој на сфаќањето на основните поими на движењето, биомеханичките и физичките принципи на движењето;

- развивање на сфаќањето за поимот кондиција и неговата биолошка и социјална димензија;

- развој на разбирањето за правилно користење на храната заради обезбедување на енергија, растење, надополнување и регулација на физичките функции на телото;

- сфаќање на причините за појава на разновидни болести, заболување, повреди, како и воспитување на индивидуална и заедничка одговорност за создавање и одржување животна средина која што придонесува за одржување на здравјето;

- унапредување на своето достоинство и достоинството на другите, на дигнитетот и правата како индивидуа и како членови на општествените групи;

- развој на сфаќањето за тоа како индивидуите и заедниците можат да делуваат во спречувањето на повреди и нарушување на здравјето;

- да се проценува влијанието на различните вредности, ставови и убедувања на индивидуалните и групните одлуки и однесувања поврзани со здравјето и физичките активности;

- да го проценува значењето на човечкото однесување и настојување за подобрување на животната средина и да ги сфаќа последиците од нарушувањето на здравјето на индивидуата и на популацијата;

- да ги користи и соодветно да ги оценува поволностите што ја унапредуваат благосостојбата и учеството во физичките активности и да имаат разбирање за нивните права и одговорности како корисници.[247]

Во дополнителните објаснувања на овие задачи, покрај другото се информира дека учењето во подрачјето здравствено и физичко воспитание го унапредува разбирањето на физичката активност и движењето, храната и исхраната, здравјето и личната сигурност, човечкиот развој и хуманите односи. Во овој контекст, како што се истакнува во програмата на Австралија, во рамките на ова подрачје се истражуваат личната активност, убедувањата, ставовите и вредностите што се прифатени од семејството, социјалните групи и поширокото општество на јавната политика што се однесува на здравјето и на физичките активности.

---

[247] Education in The Primary School, (1992), Paris, UNESCO, Education Sector, str. 45.

Од напред презентираните, долгорочни задачи на физичкото воспитание, јасно може да се види врз колку широка педагошка основа е поставена функцијата на ова воспитно образовно подрачје, како еден од најзначајните структурални елементи на воспитно-образовната дејност на училиштето.

Посебна новина во современите програми по физичко воспитание претставува решението според кое во рамките на едно наставно подрачје се посочени: физичките активности што треба да се изведат, знаењата и вештините што треба да се усвојат, задачите што треба да се остварат и резултатите што треба да се постигнат. Така на пример, во рамките на наставното подрачје "основни начини на движење и координирани активности на телото" најнапред се кажува дека знаењата и вештините во ова подрачје се развиваат низ игра, натпревари, спорт, гимнастика, пливање и слободни активности.[248] Потоа се информира дека учењето овде опфаќа физички вештини, основни поими за движењето, биомеханички и физиолошки принципи на движењето со детални описи што содржи поимот кондиција, што опфаќа определена физичка активност, во што се состои развојот и растењето, како се развива идентитетот на личноста на ученикот, кои се потенцијални безбедносни предизвици и ризици во изведувањето на определени физички активности, што се опфаќа поимот здравје, што треба да се знае за храната и исхраната од аспектот на физичкото растење и развој и уште неколку содржини и упатства за нивното разработување. Слични решенија се применети и во другите наставни подрачја што се застапени во програмата.

Обично современите програми по физичко воспитание се структуирани од 5 до 10 наставни подрачја кои што не се подеднакво застапени во сите одделенија. Така, во предучилишното воспитание и во одделенската настава се застапени далеку помал број подрачја во споредба со бројот на подрачјата во погорните одделенија на основното и на средното образование.

Наредна новина по која се одликуваат современите програми по физичко воспитание во споредба со класичните е деталното конкретизирање на резултатите што треба да се постигнат на различни нивоа од реализацијата на програмата.

Така, на предучилишно ниво во рамките на напред посоченото подрачје точно е дефинирано кон што посебно треба да се насочи воспитно-образовната работа. Во оваа насока, како покарактеристични се бараат следниве воспитно-образовни резултати:

- децата користат опрема како што се; топки, палки, обрачи, јажиња за скокање и душеци за разновидни физички активности:

---

[248] On Public Education of the Hungarian Republic, (1993), Budampest, Ministry of Culture And Education of Hungary, str. 64-75.

скокање, фрлање, додавање, фаќање, удирање, отскокнување, одржување рамнотежа и прескокнување;

- учествуваат сами или во парови во низа креативни активности што им овозможуваат да покажат едноставни начини на движење со или без опрема како што се: трчање, качување, тркалање и слично;

- користат опрема сами или со други за комбинирање на движења со користење на предмети. Тие одговараат на музика, приказни, ритам, расположение, чувства, зборови и активности за поттикнување на нивните сопствени начини на движење и комуникативни идеи;

- почнуваат да развиваат зголемена контрола со практикување на застанувања, стартирања, промена на правец, промена на брзина и користење на простор. Ги користат активностите на различни делови од телото и прават различни обликувања на телото. Тие умеат да ги поврзуваат едноставните начини на движење во подолга активност како трчање, прескокнување и контролирање на брзината и правецот на нивните движења;

- го развиваат јазикот на играта. Учат да одговараат на вербални и невербални насоки и да обезбедат подршка и храбрење еден со друг.

Во оваа смисла се концентрирани воспитните резултати што треба да се постигнат и на останатите нивоа од содветниот степен на образование. Така, како едно од постигањата на првото ниво од основното образование се бара "учениците да искажуваат чувства во текот и после игрите низ зборови и активности како на пример: да ги опишат нивните чувства и емоции кога пробуваат нешто ново (возење велосипед, влегување во вода, држење рамнотежа и слично), да користат примери за да опишат активности што ги прават да се чувствуваат возбудени, исплашени, сигурни, исцрпени, решителни, несреќни, среќни и слично. На второ пак ниво како резултат покрај другото се бара "да покажат основни моторни вештини со опрема во изведување на креативни игри".

Барањата од ниво во ниво постојано се усложнуваат, како што може да се види од наредните формулации што се однесуваат од третото до седмото ниво на постигнатост:

- применуваат моторни вештини со опрема при изведување усовршени физички активности и мали игри;

- покажуваат поврзување на серија моторни вештини, користејќи опрема во игри што бараат комуникација, соработка и правила;

- измислуваат и вклучуваат нови вештини во игрите, користејќи и прилагодувајќи веќе користени моторни вештини. Можат

да анализираат посебни ситуации како што се напад и одбрана во игра и смислуваат вештини кои што можат да бидат применети во тоа;

- развиваат и воведуваат индивидуални и групни тактики и вештини во игри за кои е потребна опрема;

- планираат, воведуваат и оценуваат вештини за усовршување на нивното постигање и постигањата на другите.

- развиваат и применуваат нивни сопствени критериуми, засновани на веќе утврдени критериуми за процена на техничката оспособеност за изведување на определени активности (пливање, атлетика, гимнастика и друго).

Целосното презентирање на современите решенија при формулирање на општите, посебните и поединечните цели и задачи на наставата по физичко воспитание коишто се неопходни во современите програми, во овој труд би завзеле мошне голем простор. Поради тоа овде се наведуваат уште неколку покарактеристични формулации на задачи што се извлечени од одделни наставни подрачја. Со овие и со напред наведените примери ќе може да се стекне поцелосен увид и сознание за степенот на иновативноста на современите програми по овој наставен предмет во делот во кој што се поместени задачите на наставата по физичко воспитание.

Репрезентативноста на примерите што следуваат се состои и во потребата да се покаже во колкава мера ова воспитно-образовно подрачје излегува од рамките на застареното сфаќање на физичкото воспитание што е карактеристично за класичната педагошка теорија.

Така, во значаен број современи програми за наставата по физичко воспитание, со различни формулации се појавува програмската целина "физичката активност и општеството". Во рамките на оваа програмска содржина се поставуваат програмски задачи и се бараат воспитно-образовни резултати кои што не постојат ниту во нашите, ниту пак во класичните програми за овој предмет во други земји. Како примери, овде се наведуваат само дел од нив:

- планираат стратегии за тоа како да го усовршат учеството во рекреативни активности (користење на определени ресурси од заедницата, особено насочени кон избрани групи како што се девојчиња и момчиња со определени недостатоци во развојот);

- дискутираат како учениците и општествената заедница ја користат рекреацијата и слободното време и предлагаат начини за да го намалат негативното влијание на околината;

- ги истражуваат факторите што влијаат на одлуките на општеството за подржување и усовршување на рекреацијата, спортувањето и погодностите за физички активности во слободното време. Собираат податоци од нивната локална заедница за потребите од некои активности и истражуваат како клубовите и организациите можат да помогнат во задоволувањето на тие потреби;

- анализираат како физичките активности се презентираат во медиумите и сугерираат идеи за подобрување на негативните состојби;

- го истражуваат зголемувањето на рекреацијата, слободното време и спортот како вредности и карактери (ги испитуваат можностите за вработување на стручни кадри, откриваат како комерцијализацијата ја има изменето природата на спортот, го истражуваат влијанието на технологијата врз рекреацијата, слободното време и спортот);

- ги оценуваат факторите кои што влијаат врз начинот на гледањето на заедницата за местото на спортската рекреација и слободното време во општеството. Ја оценуваат широчината на финансирањето на рекреацијата на различни нивоа.

Како поголема новина во повеќето современи програми по физичко воспитание е практиката што се воведува човековиот развој како содржина да се разгледува и разработува во непосредна врска со неговото однесување и со сигурноста на неговото опстојување и живеење. Така, во рамките на тематското подрачје со ваков интегритет на прашања и содржини, на современата настава по физичко воспитание ѝ се поставуваат повеќе задачи и воспитно-образовни барања. Овде се наведуваат само оние, покарактеристичните, чие што застапување не се практикува во класичните програми. Така, помеѓу другите од овој вид задачи, со својата иновативност особено се одлукуваат следниве:

- дискутираат околу чувства и ставови поврзани со телото. Опишуваат облици на физички контакти користејќи зборови како што се: милување, целување, галење, играње и слично.

- воочуваат што ја прави семејната средина безбедна, кои се безбедни и небезбедни места, што им треба за да патуваат до училиштето и назад безбедно и слично;

- покажуваат активности што можат да ги превземат кога се чувствуваат нападнати, изгубени, изнемоштени и воочуваат кој може да им помогне во такви ситуации;

- ги идентификуваат разликите во растењето и развојот помеѓу одделни индивидуи;

- формулираат кодекс на однесување заради зајакнување на соработката и помошта во меѓусебните односи;

- идентификуваат и опишуваат како луѓето се справуваат со значајните промени и проблеми во нивното растење и развој;

- идентификуваат лични однесувања што го унапредуваат растењето и развојот;

- користат современи поими при анализирање на индивидуална и заедничка практика во работата, рекреацијата, слободното време и во други активности;

- оценуваат опции и последици како одговор на несигурни ситуации и уште неколку други воспитно образовни барања и постигања.

Посебно треба да се истакне деталната конкретизираност на здравственото воспитание што е застапено и во нашата програма за наставата по физичко воспитание. Додека во нашите програмски документи ова барање е искажано повеќе декларативно, без некои конкретни барања, задачи и воспитни резултати, во современите програми што беа предмет на нашата содржинска анализа, здравствените задачи на физичкото воспитание се мошне бројни и доста конкретно формулирани, овде се наведуваат само неколку од нив:

- опишување што значи да се биде здрав;
- идентификување на редица хранителни продукти и дискутирање зошто и кога некои продукти треба да се јадат;
- дискутирање за некои физиолошки, социјални, биолошки, културни и општествени причини за избор на храна;
- идентификување на димензиите на поимот "здравје" и оценување на потребата од постигнување рамнотежа помеѓу нив;
- објаснување дека луѓето се дел од природната средина и дека тие треба да се грижат за неа заради унапредување и заштита на нивното здравје;
- произнесување за начините на кои општеството го унапредува здравјето на индивидуите и на групите;
- објаснување како местата каде што луѓето живеат, работат и играат, можат да влијаат на здравјето;
- идентификуваат и анализираат примери за добро здравје и објаснуваат како тие влијаат на личните и општествените здравствени цели;
- идентификување на активностите што ги спроведуваат организациите за заштита на средината и агенциите за унапредување на здравата околина;
- планирање начини за излегување во пресрет на здравствените потреби на одделни популациони групи;
- развивање на личен здравствен план за определен период;
- истражување на начините на кои главните учесници во здравствениот сектор придонесуваат за да се постигне здравје за сите.

Од напред посочените формулации јасно се гледа колку сериозно внимание му се посветува на здравственото воспитание во рамките на наставата по физичко воспитание што се изведува во другите земји на светот. Слично внимание се посветува и при разработката на воспитно-образовните задачи што се однесуваат на исхраната на човекот, како битна претпоставка за здрав физички развој на детето.

При изготвувањето на современите програми по физичко воспитание особено видлив напредок е постигнат во формулирањето на конкретните воспитно-образовни и функционални цели и задачи што треба да се постигнат во рамките на определени програмски целини и теми.

Во оваа смисла овде се аплицираат само неколку практични решенија од кои може да се види суштината на иновирањето во овој дел од програмите во споредба со досегашните, односно класичните програми.

Така, за темата "***спортски игри***" во новите програми за целите најчесто се среќаваат формулациите како што се - учениците треба да научат:

- да користат различна спортска опрема;
- да изнаоѓаат, практикуваат и развиваат различни начини на додавање (вклучувајќи го и фрлањето), примање и движење со топка на други средства за игри;
- да практикуваат застапување на елементи од забавни игри коишто вклучуваат трчање, бркање, избегнување, заобиколување, совладување на простор и слично;
- да осмислуваат и да играат натпреварувачки игри со едноставни правила.

За темата пак "***гимнастички активности***" се конкретизирани задачи претежно со формулации од овој вид:

- да користат различни начини на одење, вртење, тркалање, скокање, одржување рамнотежа, нишање, качување, држење тежина во рацете и слично;
- да поврзуваат во целина редици на активности во слободни вежби на подот или користејќи справи како и да можат нив последователно да ги повторуваат;

Уште поконкретни и посеопфатни задачи се среќаваат формулирани за темата "***танц***". Помеѓу другите, како покарактеристични се наведуваат следниве:

- учениците да развиваат контрола, координација, рамнотежа, држење и изведување на основни и усовршени движења со скокање, вртење, гестикулирање, мирување и слично;
- да изразуваат различни расположенија и чувства низ спонтани одговори и низ осмислување на танци и користејќи зборови и музика;
- да идентификуваат аспекти од различни танци што припаѓаат на различни времиња и култури;
- да воочуваат разлики во ритамот, брзината, формата, правецот и нивото на изведување на одделни танци.

Покрај напред посочените, во современата дидактичко-методска литература[249] се среќаваат и многу други формулации што значат суштинско иновирање на целта и на задачите на наставата по физичко воспитание како и на целото воспитно-образовно подрачје. Така, според авторите на одделни современи теориски трудови, целта на наставата по физичко воспитание во училиштата е: да ги ублажува тешкотиите од интензивниот интелектуален напор; да ги задоволи потребите на учениците од физички активности; да го помогне нивниот урамнотежен интелектуален и физички развој; да потикне и постојано да развива љубов кон тренирањето, спортот и на други физички активности; да ги усовршува нивните физички активности низ конкретни вежби; да ги оспособи за вежби од различни гранки на спортот со цел да ги зацврсти нивните идни рекреативни навики и активности неопходни за здрав начин на живеење.

Задачата на физичкото воспитание е да ги развие способностите и вештините за движење и да ги инструира учениците за изведување на различни форми на спортови и спортски игри.

Задолжителното градиво што треба да се реализира во наставата по физичко воспитание за да се остварат напред посочените цели и задачи, според современите проучувања, треба да бидат оние со кои се покрива атлетиката, гимнастиката, игрите, спортовите под отворено небо и пливањето. Покрај тоа, како факултативни програмски содржини треба да бидат застапени различни боречки и зимски спортови, физички вежби придружени со музика (аеробик игри и слично) и други рекреативни, внатрешни и надворешни спортски активности.

Во современите програми мошне детално се разработени целта и задачите во пооделни подрачја од наставата по физичко воспитание. Така, целта на наставата и на вежбањето атлетика е учениците да постигнат контрола над брзината, забрзувањето и динамиката на нивното тело и движење, физичките вежби да ги направи издржливи и да им овозможи да изведуваат брзи и динамични движења, како и да ги научи на различни вештини поврзани со шетањето, трчањето, скокањето и фрлањето.

Целта пак на наставата по спорт и игри со топка е учениците да ги научат на индивидуалните и на тимските игри, да ја развие способноста за соработка со нивните тимски другари и да ги комбинираат техничките, тактичките и стратегиските размислувања.

Наставата по гимнастика придонесува со нејзините ефекти што не можат да бидат постигнати низ наставата по другите подрачја. Таа ја вклучува силата и акробатиката, еластичноста и агилноста на учениците, заедно со нивниот смисол за рамнотежа, координација и

---

[249] Dyson, P.: (1996), Two Physical Education Teacher's Experience of Project Adventure, , Department of Physical Education at Mc Gill University, The Journal of Experiental Education, vol. 19, N^2, str. 8.

перцепирање на просторот. Игрите што вклучуваат гинастички елементи им помагаат на учениците да го вреднуваат нивниот сопствен развој, додека натпреварите ги учат да го ценат успехот и да толерираат неуспех, помагајќи го со тоа објективното самовреднување.[250] Во стручната литература посебно се истакнува значењето на пливањето. Неговите ефекти се повеќестрани. Посебно се подвлекува неговото терапеутско влијание на човечкото тело. Способноста да се плива, покрај тоа, ја зголемува самодовербата кај учениците во нивните способности за одржување на безбеден живот при загрозување во вода.

Умереното физичко воспитание и физиотерапеутските вежби во стручната литература се третираат како две посебни подрачја на физичкото воспитание чии цели се: да го попречуваат развојот на деформитетите, да го одржува и насочува развојот во посебни медицински услови и да го обнови, односно да го подобри здравјето. За зголемувањето на нивната физичка кондиција и вештини и за зголемувањето на барањата за изведување на физички активности, се препорачува наставниците да користат посебни методи при изведувањето на физиотерапеутските вежби со што повторно ќе го нормализираат здравјето на децата со медицински проблеми.

Покрај за наставата, во современата стручна литература и во новите програмски документи се содржани мошне конкретни иновативни задачи што се однесуваат за слободните физички активности и за спортските натпревари. Задачата на организирањето на овие активности, според современите гледања, е да ја унапреди физичката кондиција на учениците, да ги подготви за натпревари во духот на фер-плеј играњето и да им помогне во развојот на способностите да ги концентрираат нивните ментални и физички сили. Покрај тоа, овие спортски настани треба да обезбедат регуларни околности за натпреварување и во исто време да помогнат за воспоставување и зајакнување на спортските традиции во училиштето.[251] Во оваа смисла се укажува дека училишните спортски активности треба да се вклопуваат во спортскиот живот на средината во која работи училиштето и да се прилагодуваат на околностите и можностите со кои се располага.

За натамошно унапредување на нашата наставна теорија и практика во подрачјето на физичкото воспитание, посебно треба да се имаат во вид задачите што денес се поставуваат на оваа воспитно-образовна дејност во поглед на личната безбедност и сигурност на учениците. Во оваа смисла се укажува на потребата дека преку наставата по физичко воспитание учениците треба да се подготвуваат и за снаоѓање во опасни ситуации. Низ разновидни физички активности и

[250] Исто, стр. 10.
[251] Исто, стр. 12.

вежбање треба да се подучуваат како да ја избегнат конкретната опасност што им го загрозува нивниот живот и дури како да помогнат во спасување на други лица доколку се најдат во опасност. Затоа се препорачува, со цел постојано да го зајакнуваат нивното здравје и физички способности и да го помагаат нивниот хармоничен развој, учениците треба да развиваат постојана навика за изведување на секојдневни вежби.

Покрај напред посочените цели и задачи коишто со својата иновативност и мултипликативност можат да послужат како коректив при натамошното усовршување на нашите програми по физичко воспитание, во консултираната литература се нотирани бројни задачи на наставата по физичко воспитание што се изведени од определени апликативни истражувања. Од нивната разновидност и бројност може да се види дека не само теоријата, туку и практиката на физичкото воспитание придонесува во постојаното осовременување и усовршување на наставата по овој наставен предмет. Меѓу повеќето истражувања од овој вид, за прашањата што се разработуваат во ова поглавје, посебно заслужуваат внимание искуствата стекнати од страна на наставниците во две основни училишта во градот Хамилтон од државата Масечусец во САД.[252] Во извештајот од ова истражување покрај другото со право се тврди дека "е голема иронија фактот што учителите, практичарите по физичко воспитание ретко се прашуваат за нивните мислења од истражувачите и теоретичарите, кога се вршат промени во наставните планови и програми".[253]

Имајќи го во вид овој недостаток, засновано е укажувањето на ***Рос, Корнет*** и ***Кутхем*** (1992) дека "личните искуства, сфаќања и убедувања на учителот треба секогаш да служат како основа за наставната практика и при донесувањето одлуки за промени на програмите иако природата на овој однос сé уште не е доволно сфатена".[254]

Во оваа смисла ***Мантти*** истакнува дека "значењето на убедувањата на учителот и на неговите мислења не треба да бидат игнорирани, туку да имаат централно место при ревидирањето и усовршувањето на програмата.[255] Дека во овие истражувања има многу вистина покажуваат и резултатите од напред посоченото истражување во рамките на така нареченият "***проект на доживување***". Тоа е проект во рамките на кој програмата по физичко воспитание се реализира врз основа на филозофијата на така нареченото доживеано воспитание. Суштината на оваа воспитно-образовна практика во физичкото воспитание е во наставната работа активно да се вклучи целокупната

---

[252] Dyson P.: (1995), A Case Study of Two Alternative Elementary Physical Education Programs, MC Gill University, Journal of Teaching in Physical Education, 14, str. 394-407.
[253] Исто, стр. 395.
[254] Исто, стр. 396.
[255] Исто, стр. 397.

личност на ученикот, развивајќи го секое дете ментално, физички, емоционално и социјално за да изгради активен граѓанин на општеството. Предизвикот има централно место во овој дидактички метод. Ученикот сам да го направи нештото, со водење на наставникот, како начин на учење. Во последниве неколку години сé повеќе теоретичари и истражувачи во оваа педагошка област го промовираат овој начин на наставна работа како можна програмска и наставна иновација во физичкото воспитание (Hammersley, 1992; Henton, 1995; Miles и Priest, 1990; Robinson, 1992; Warren, Sakofs, Hunt, 1995).

Она што е посебно интересно за овој проект е интегрирањето на содржини од физичкото воспитание скоро во сите наставни предмети што се застапени во наставниот план на основното училиште.

Изведувањето на наставата по физичко воспитание, според овој иновативен концепт, се заснива на потикнување на учениците на разновидни физички активности, решавање на проблеми, покажување храброст, стекнување самодоверба и соработка, како основни воспитни елементи на широката училишна програма по физичко воспитание, користена од сите учители како основа за учење. Учениците од двете училишта во кои се реализира овој проект, секоја учебна година го започнуваат учењето со поставување сопствени цели за различни подрачја од програмата. По пат на договарање учениците се потикнуваат да си постават индивидуални цели, да соработуваат и сами да се предизвикуваат за учење во здрава и привлечна средина. На овој начин учениците секојдневно превземаат, обврски да пробаат, да прифатат предизвик, да превземаат ризик, да истражуваат, да откриваат, да учат, да ги подржат другите, да превземаат одговорност и да уживаат. Наставниците пак се должни да осигураат физичка и емоционална сигурност, да имаат високи очекувања, да ја насочуваат наставата кон потребите на ученикот, да обезбедуваат наставни модели кои имаат позитивна улога, да користат разновидни наставни приоди, да ја усовршуваат групната соработка и слично.

Наставниците кои го реализирале овој проект низ наставната практика се убедиле дека овој модел на програма е поприфатлив за учениците отколку традиционалната програма. Со емпириски податоци тие потврдиле дека преку овој модел на физичко воспитание не теориски туку практично се остварува целосен развој на личноста на ученикот - физички, емоционален, социјален и когнитивен. Таков стил на настава овозможува поуспешно потикнување на афективните и когнитивните домени на учењето како и на развивањето на физичките вештини. При тоа општи цели на оваа настава се изградувале на самопочитување, изградување на социјални вештини, превземање одговорност од учениците, создавање задоволство во учењето и изградување на коректни ставови кон натпреварувањето.

Во текот на ова акционо истражување јасно е согледано дека за учениците од сите возрасти е многу значајно да доживеат успех со цел да почувствуваат самозадоволство. За таа цел во текот на оваа иновирана настава се осмислуваат активности така што учениците да можат да развиваат позитивни ставови за себе, за другите околу нив, за самите активности и за училиштето во целина. При тоа е зацврстено убедувањето дека "ако учениците ја развијат свеста за сопствената вредност, тие ќе се чувствуваат добро при доаѓањето во училиште и наполно ќе бидат преокупирани со учењето".[256]

Посебна карактеристика на програмата според која е изведено ова акционо истражување се состои во фактот што таа не е насочена или помалку е насочена кон стекнување на вештини и нивно усовршување. Наставната практика според оваа програма повеќе преферира "стекнување на знаење за определена активност и користење на активноста како воспитно-образовен процес".[257] За креаторите на овој наставен модел одбојката, на пример, е едно средство да се стигне до определени социјални вештини или чувства што сакаме да ги постигнеме. Според овие гледања, вештината е само дел од изградувањето на самопочит, како што е тоа и било која игра.

За учениците вклучени во наставата според овој модел посебно е значајно изградувањето на соодветни социјални вештини и свест дека овие вештини можат да ја зголемат нивната самодоверба, како неопходна карактеристика за успех во работата и во животот. Во оваа смисла посебно се истакнуваат дидактичките можности на овој модел за стекнување на вештини за меѓусебно однесување и комуницирање. Учениците низ така организирана настава учат да комуницираат и да соработуваат еден со друг, да ги проценуваат гледањата и ставовите на други луѓе и да разрешуваат несогласувања пред тие да преминат во конфликт. Според авторите на овој наставен модел "постигнувањето на овој степен на социализација всушност претставува развивање на позитивните ставови низ размислување, комуницирање, слушање, решавање на проблеми и покажување чесност и искреност при конфронтирање.[258]

Резултатите од ова истражување покажуваат дека учениците се чувствуваат далеку поодговорни за успехот од сопственото учење. Од друга страна на учениците им се дава поголема слобода сами да одлучуваат во поглед на содржината на наставната работа во споредба со нивното учество при реализирањето на традиционалната програма по физичко воспитание.

За нашата практика посебно се инструктивни сознанијата од ова истражување во врска со изградувањето на соодветни ставови и однесувања кон спортските натправари. Примарна цел во оваа насока,

---

[256] Исто, стр. 93.
[257] Исто, стр. 94.
[258] Исто, стр. 95.

според овој модел е во помала мера да се нагласува натпреварувањето, а повеќе да се потикнува соработката. [259] Оваа настава тежи кон обесхрабрување на учениците од победничкиот тим да се фалат и да ги понижуваат оние што го изгубиле натпреварот. При тоа се истакнува дека најсимпатично е ако на крајот од натпреварот би немало деца кои ќе викаат со зборовите: "ние победивме", "ние победивме". Со тоа се покажува вистинската соработка и дека секогаш не може да се победува. При тоа силна воспитна тежина имаат искажувањата на учениците, како што се: "Ние играме само за задоволство. Нас не ни треба натпреварување со други за да се почувствуваме добро, а нив да ги понижиме. Ние играме со некого, а не против некого". [260]

Овој модел на настава заслужува посебно внимание и поради неговата поголема насоченост кон развивање на сознајните вештини кај учениците што не е толку карактеристично со класичната настава по физичко воспитание. Преку оваа настава учениците стекнуваат пошироки знаења во врска со спортовите, здравјето и физичката активност. При тоа социјалните активности не ги заменуваат физичките активности туку се конкретизираат таков вид на задачи чие реализирање овозможува користење вештини за размислување. Така на пример, при искачувањето на определена висина учениците треба однапред да размислат по кој пат е најдобро да тргнат за да стигнат поуспешно до целта. Такви размислувања се постигнуваат при изведувањето на разновидни игри, на часовите за развивање на физичките способности и при други физички активности.

Најголем придонес во постигнувањето на напред посочените разновидни цели и задачи, како што покажуваат резултатите од ова истражување има ***стилот на наставата***. Според овој проект, е користена настава која главно е насочена кон потребите и интересите на учениците. При тоа примарно место им е дадено на кооперативните активности и на тематскиот приод во учењето. Познато е дека во традиционалната настава по физичко воспитание, учениците се тесно насочени кон наставниците и зависат од нивните инструкции. Наспроти таа практика, во овој иновиран модел, учениците се во центарот на вниманието. Учителот има улога на помагач и насочувач, а не водител на активноста. При тоа се артикулира таков стил на настава во која учениците чувствуваат потреба од соработка при извршувањето на поставените задачи. Со тимска работа и заеднички идеи на учениците им се помага во развивањето на наставните сознајни и социјални вештини. Соработката при тоа значи користење на различни однесувања на ученикот како што се: помагање, подржување, мотивирање, потикнување или бодрење на еден со друг.

---

[259] Исто, стр. 95.
[260] Исто, стр. 96.

Поширокото експлицирање на ова акционо истражување е направено во овој труд бидејќи тоа содржи емпириски податоци и резултати коишто за нашата практика имаат иновативен предизвик. Ова акционо истражување, го потврдува фактот дека дидактичките можности и потребите за осовременување и унапредување на нашата наставна практика по физичко воспитание се неисцрпни. За постигнување на повидливи резултати во оваа насока, покрај другото, е неопходна поголема креативност и инвентивност на наставниците по овој наставен предмет.

Овде не се презентираат практичните решенија при дефинирањето на задачите што се однесуваат за оние подрачја што се застапени и во нашите програми. Тука, освен нивната поголема детализираност, нема некои други суштински разлики.

Од напред презентираните податоци засновано може да се извлече заклучокот дека во современите програми за наставата по физичко воспитание примарно место им се дава на целта и задачите што треба да се постигнат со овој вид воспитно-образовна работа. Најголемиот број современи гледања во врска со оваа проблематика се сложуваат со фактот дека програмата треба конкретно и јасно да кажува што треба да постигне ученикот на определено ниво од учењето. Тоа значи дека главниот акцент во програмата се става на целите и задачите на наставата. Наспроти тоа, во новите програми по физичко воспитание не е круто предвидено кои точно содржини треба да се реализираат за постигнување на поставените цели. Тоа во најголем дел се остава на наставникот, на неговата стручност и креативност да избере такви содржини преку чија разработка најуспешно ќе дојде до програмираните воспитно-образовни цели.

6.2. Современи интенции во содржинското иновирање на физичкото воспитание

Во современата педагошка теорија се утврдени основните теориски рамки во кои треба да се смести содржината на физичкото воспитание. Така, според теориските гледања на повеќе истакнати педагози кај нас и во светот, со организирано физичко воспитание треба да се почне уште во предучилишните установи, но без некоја посебна и цврсто задолжителна програма. На ова ниво физичкото воспитание треба да претставува општествено организирана дејност во рамките на која играта е нејсоодветен облик на физичка активност. За децата од оваа возраст можна е примена и на елементарна гимнастика, но таа треба да се ограничи на природните движења преку кои се развиваат основните движења: одење, трчање, скокање, качување, лазење, провлекување, тркалање, фрлање, фаќање, дигање, носење,

туркање и уште неколку други движења. Покрај тоа можат да се организираат и вежби за развивање одделни групи на мускули во различни делови на телото. За оваа возраст, според психолошките проучувања, можат да бидат застапени и определени полесни спортски дисциплини како што се: пливањето, санкањето, лизгањето, скијањето и други, но сето тоа организирано во склад со психофизичките можности за децата од предучилишна возраст. Сите овие содржини и облици за нивното реализирање треба да се постават така да децата ги доживеат како привлечни и весели заеднички игри.[261]

Според педагошко-психолошките сознанија, основно училишниот период е најзначајното време за физички развој на ученикот. Со добро одмерени содржини и облици за вежби на телото, во овој период може успешно да се влијае на правилното физичко растење и развој на организмот како и за изградување позитивни црти на личноста и карактерот на младиот човек.

Токму поради тоа физичкото воспитание во основното образование е поставено на мошне широка основа. Покрај наставниот предмет застапен под ова име во наставниот план, со задолжителен број наставни часови, во основното училиште се организираат разновидни слободни спортски активности, спортски натпревари, логорувања, планинарења и други облици за физичко и здравствено воспитување на учениците во текот на осумгодишното образование.

Во содржинска смисла, во одделенската настава на основното образование примарно место имаат вежбите за обликување на телото и движењата и се продолжува со натамошното усовршување на разновидните облици на движење. Покрај тоа и со оваа возрасна група се продолжува со изведување на елементарни игри со трчање, скокање, фрлање, игри за развивање рамнотежа и ориентација во просторот, игри во вода, на снег и мраз и слично.

Во вишите одделенија се продолжува со посложени вежби за обликување на телото, но се воведуваат и неколку атлетски дисциплини како што се: трчање, скокање во далечина и височина и фрлање. Покрај тоа програмата за оваа возраст содржински се збогатува со поедноставни вежби на справи и на под, елементарни спортски игри (ракомет, кошарка, одбојка, фудбал), естетска гимнастика и танц, вежби за совладување на препреки и изведување различни техники на пливање и скокање во вода. Педагошки и програмски е препорачливо во текот на основното образование сите ученици да научат да пливаат, да возат велосипед, да гаѓаат со воздушна пушка, а по можност да скијаат, лизгаат и да играат пинг-понг.

---

[261] Warren, K., Sakofs, M., Hunt, J. S.: (1995), The Theory of Experiential Education, Dubuque JA: Kendall Hunt, str. 234-257.

Глобални програмски целини од кои се состои содржината на физичкото воспитание во основното образование, а што се среќаваат во повеќето учебници по педагогија се следниве: гимнастика, спортови, игри и планинарство. Во теориските образложенија[262] за научната заснованост на оваа поделба се наведува дека гимнастичките вежби се посебно значајни за остварување здравствените задачи на наставата, преку спортовите се развива функционалната способност на внатрешните органи и влијаат врз емоционалната и моралната компонента од развојот на личноста, игрите посебно придонесуваат во социјалниот развој на учениците, а планинарството има поливалента функција, а пред сé: здравствена, воспитна и практична.

Концепцијата на физичкото воспитание во средното образование е заснована на биопсихосоцијалните потреби, мотиви и можности на младите во периодот на адолесценција. Според педагошко-психолошките сознанија, за учениците од оваа возраст посебно се значајни секојдневните физички активности. За тоа најголем дел во содржината на физичкото воспитание завземаат спортовите, спортските игри и планинарството. Покрај задолжителниот дел на програмата, за учениците од ова образовно ниво е допуштен избор од широка лепеза на разновидни спортови според интересот, афинитетот и психофизичките можности на учениците. Во педагошката теорија често се среќава укажувањето дека слободните активности со учениците од оваа возраст треба да се изведуваат според посебна програма за тренирање, натпреварување и изведување училишни слетови. Но, при тоа исто така се напоменува дека спортските друштва, нивните секции и тимови за натпреварување во средните училишта мора во прв ред да имаат рекреативно-здравствена и воспитна улога. Масовноста, а не врвниот спорт, треба да биде основна педагошка ориентација во односот кон задоволувањето на потребите на учениците за спорт и рекреација.

Главно во склад со напред презентираните теориски поставки е определена и содржината на наставата по физичко воспитание во основното и во средното образование. Така, најновата програма за I одделение содржински е структуирана во 12 теми и тоа: вежби за организирано поставување и движење; вежби за обликување на телото и движењата; одење и трчање; скокање; фрлање и фаќање; лазење и качување; дигање и носење; влечење; потискување и надвлекување; акробатика; вежби за рамнотежа; ритмички игри; игри (елементарни, штафетни и игри без граници).

---

[262] Curriculum Offering in Primary Education in The Netherlands, (1994), CA Enshede, National Institute For Curriculum Development, SLO, str. 98-100.

Во II одделение застапени се скоро сите теми како во претходното, со тоа што се изоставени темите: "вежби за рамнотежа", и "игри (елементарни, штафетни и игри без граници)", а како нова е поместена темата "висење".

Во III одделение, покрај темите што се застапени во претходните одделенија, со по некоку часа, се вклучени и темите "пинг-понг" и "бадминтон". Со ова одделение се заокружува содржинската рамка на физичкото воспитание која е многу слична за сите три одделенија како тематика, но со различни нивоа на постигнатост.

Во IV одделение, во споредба со претходните одделенија, постои значајна содржинска разлика на програмата по овој наставен предмет. Така, од 9 теми застапени во ова одделение, само темата: "вежби за обликување на телото и движењата" се повторува од претходните други програми. Сите други теми се наполно нови со следниве формулации: атлетика, вежби на справи; ритмичка гимнастика; народни ора; спортски игри - фудбал; спортски игри - ракомет; кросеви; излети).

Во наредните четири одделенија на предметната настава од основното образование содржината на физичкото воспитание значајно се разликува, во споредба со програмите што се реализираат во одделенската настава. Таму се задржува темата "вежби за обликување на телото и движењата", но се дополнува и со формулацијата "развивање на моторичките способности". Но, најголем дел до програмата е отстапено на програмската целина под наслов: "спортско-техничко образование" во рамките на која главно се застапени темите: атлетика; вежби на справи; ритмичка гимнастика; народни ора; излети; кросеви и теориско образование. Карактеристично за содржината на прграмите за овие одделенија е тоа што најголем број часови во нив е отстапено на атлетиката, скоро во сите одделенија и на спортовите кошарка, одбојка и фудбал, сукцесивно во VI, VII и VIII одделение.

Во средното образование обемот на програмските содржини што се однесуваат на разновидните спортови уште повеќе се зголемува. Тука доаѓа до израз поголемиот интерес за вклучување на учениците во разновидни спортски клубови и друштва кои се вклучени во системот на натпревари од различни нивоа: училишно, месно, општинско, регионално, државно и меѓународно. Наставата по физичко воспитание на ова образовно ниво веќе е тесна рамка за здоволување на интересот и потребата за активен спорт и рекреација на најголемиот дел од младите. Како надополнување на овој недостаток претставуваат голем број содржини кои што учениците можат да ги изведуваат во слободното време, надвор од наставата, па дури и од училиштето. На излети, зимски и летни логорувања, во рамките на клубските тренинзи и натпревари, во рамките на ДТВ "Партизан" и преку бројни други начини и облици за спортување и рекреација.

Меѓутоа, гледано од содржински аспект, во теоријата на физичкото воспитание, во нашата и во образовната практика на други земји сé уште постојат определени проблеми, неусогласености, спротивставени мислења и дилеми по прашањето што всушност треба да ја сочинува содржината на современото физичко воспитание.

Во последниве неколку години многу се позачестени стручните и научните искажувања во кои се содржани аргументирани залагања за посуштински промени и усовршувања на наставата по физичко воспитание. Мотото на тие залагања гласи: "За времињата што се менуваат време е за промена и во физичкото воспитание".[263] Застапувањата за порадикални промени во наставата по физичко воспитание особено се карактеристични за наставниците во Англија и Велс. Тие главно се темелат на сознанијата што се добиени преку непосредното следење и контрола на наставната практика и на воспитно-образовните резултати што се постигнуваат при нејзиното реализирање.

Под притосок на овие настојувања, Владата на Англија, уште во 1998 година има објавено така наречена "зелена книга" под наслов: "Наставници, средба на предизвикот за промени".[264] Во оваа книга главно се содржани предлозите на Владата за модернизирање на наставната професија и нејзината желба да се постигне "светско ниво на образовната служба за сите деца" како и остварување на визијата " училиштето работејќи во соработка со родителите и со средината да стане центар за доживотно учење".[265] Според искажувањата содржани во овој документ "на учениците им треба образование за живот во свет на брзи промени во кој своја улога и значење имаат пофлексибилните ставови и долготрајните вредности".[266]

При тоа засновано се напоменува дека овие залагања често се дел од реториката што се користи во многубројните дебати за реформа на образованието, но сепак дека предизикот во идната деценија мора нив да ги направи реалност. Меѓутоа, искрено се признава дека новите работни услови, новите раководни структури во училиштата и нивните начини на учење можат брзо да станат реалност, но дека осовременувањето на програмите е далеку посложена и понеизвесна работа. Тоа се образложува со фактот дека ние живееме во времиња и општество коишто брзо се менуваат. Настануваат брзи промени во светот на работата, промени во слободните активности, промени во односот меѓу работата и слободното време, променети односи меѓу индивидуите и слично. Тоа се сите работи што треба да се имаат во вид при планирањето и промените што се вршат во

---

[263] Dawn P.: (1999), Physical Education: In Changing Times is it Time For a Change?, Longhborough University, Department of PE, Sport Science And Recreation Menagement, str. 4.
[264] Исто, стр. 4.
[265] Исто, стр. 5.
[266] Исто, стр. 5.

образованието. Во оваа смисла посебно се нагласува потребата за далеку поголемо нагласување на креативниот потенцијал на образованието и зголемувањето на активната улога што треба да ја имаат сите учители во изградувањето на идните граѓани и општество.

Гледано од овој аспект, денес во повеќе земји во светот се бара не само да се запрашаме кој треба да биде придонесот на физичкото образование во воспитувањето на децата кои ќе се соочат со животот во XXI век, туку исто така да ги имаме во вид прашањата: какви визии имаме ние за оние кои ќе живеат во XXI век и каков придонес може да даде физичкото воспитание за да се реализира тоа? При тоа, мошне се усогласени стручните мислења на бројни автори од областа на образованието дека ако мораме да успееме во реализирањето на визиите за воспоставување на посилни врски помеѓу животот на децата во училиштето и на нивниот живот надвор од училиштето, помеѓу училиштето и поширокаата општествена средина, тогаш ќе биде потребно ревидирање на постојното образование и во содржински и во организационен поглед. Во образованието се потребни промени што ќе ги задоволат современите образовни потреби на младите. Промени со кои врските на наставните предмети ќе станат понагласени и ќе се изучуваат посложени наставни содржини, во кои знаењето што ќе го усвојуваат ќе биде поприменливо во животот и работата. Според тоа, "современото образование треба да се состои во многу поголемо нагласување на трансформативниот, а не репродуктивниот потенцијал на наставата".[267] Во оваа смисла младите со право често нагласуваат дека "иднината мора да биде создадена, таа не може едноставно да се случи".[268] Од ова логички се поставува прашањето: дали во физичкото воспитание имаме таква визија? Од консултираната литература се гледа дека здруженијата на наставниците по физичко воспитание во повеќе земји во светот сé почесто во јавноста истапуваат со современи барања и задачи за наставата по овој наставен предмет.

Нивната суштина се состои во потребата преку оваа настава да се придонесе во развојот на сите страни што ја чинат целината на личноста на ученикот. Така, во задачите за оваа настава во наставните програми во повеќе земји се содржани формулациите како што се: "на младите да им овозможи развој на способностите за проценување и самопроценување на вештините за изведување на определени движења"; "да го помага здравиот начин на живеење"; "да придонесува за духовниот, моралниот, социјалниот развој на младите" и друго.

Но, при тоа се укажува дека импликациите на различните барања во врска со придонесот на физичкото воспитание мора да бидат адекватно насочени и кон структурата на програмата. Како што е познато, во повеќето земји од светот, вклучувајќи ја и нашата држава,

---

[267] Исто, стр. 6.
[268] Исто, стр. 6.

сé уште е задржана структурата на програмата заснована на наставен предмет, а не структура заснована на активноста, односно дејноста што ја врши индивидуата, односно врз занимањето, односно струката.

Во последниве години сé почести се спротивставувањата на тврдењето дека физичкото воспитание и спортот се едно исто или да се биде ангажиран во физичкото воспитание е само работа на "извршување" на било што поставено со програмата, при што програмата останува главно непроменета во својата структура и форма. Со тоа програмата по физичко воспитание најчесто се третира како збир на физички активности. Поради тоа, според укажувањата на повеќе експерти, при образложувањето на потребата за радикални промени во структурата на програмата, јасно треба да се потенцира дека примарна цел на физичкото воспитание е воспитувањето на децата во и низ физички активности и ситуации, а не увежбувањето на тие активности до перфекционалност. Значи, суштината не е изучување на активности, туку подучување на децата како да се развиваат низ изведувањето на разновидни физички и спортиски активности. Оттаму треба да се извлече заклучокот дека преку современата настава на физичкото воспитание, треба да им се помогне на децата во стекнувањето на вештини, знаење и разбирање за водење на активен и здрав живот, да можат да водат дискусии и да вршат избор на соодветни физички активности, како практично образовна потреба во овој домен на живеење и работење. Гледано во оваа смисла, засновано може да се каже дека во теоријата и во наставната практика сеуште недостасува соодветно сфаќање и разбирање за природата на овој наставен предмет и на неговата цел во рамките на општата култура на граѓанинот и на општеството во целина.

Според ***Мекдоналд*** и ***Брокер*** (1997)[269] овој наставен предмет треба да биде концепиран како воспитен процес, заснован на воспитни разговори и привлекување со воспитни аргументи. Тоа значи дека ние сега треба да размислуваме за премин кон тематски заснована програма, отколку програма заснована на активности што се пропишани од составувачите и од носителите на програмата. Според тоа, станува збор за потребата од експлицитно дефинирање на педагошкиот третман на овој предмет во рамките на современо концепираното образование. Барајќи поддршка за радикални промени, Пени го нагласува неговото гледање дека тематски концепираната програма е подобра не само во образовен поглед, туку и за поуспешно постигнување на новите воспитни цели на современото образование. Со воведувањето на тематски заснована програма, според Пени, се зголемува одговорноста на учителот при идентификувањето на соодветни и видливи активности преку кои ќе треба да се постигнат

[269] Macdonald, D., Brooker, R.: Moving Beyond the Crisis in secondary Physical Education: An Australian initiative. Journal of Teaching in Physical Education, 16, 2, str. 160-175.

поставените воспитно-образовни цели на наставата по физичко воспитание. Кога се покренува дебата за иднината на предметот физичко воспитание, често се истакнува дека тоа не значи дека се негира вредноста на претходната наставна практика "туку повеќе се гледа да се промовираат нови идеи на начин што го осветлуваат типот на општеството на кое ние сакаме да бидеме дел во годините што доаѓаат и типот на граѓанинот што сакаме да го видиме во новата општествена средина".[270]

Во трудот "Наставен план на иднината" ***Јанг*** (1998)[271] зборува за промената во организацијата на работата и променетите карактеристики во економскиот развој. Особено тој ги анализира општествата кои се движат кон развивање на човечките ресурси како основна претпоставка за економскиот развој. Во оваа смисла националните системи за образование во поголема мера од националните економии ќе ја определи вербата во државата. Според гледањето на Јанг, овие промени ги покренуваат основните прашања во врска со современото проектирање на наставните планови и програми. Во оваа смисла во право е Јанг, кога истакнува дека "... дискусиите за програмите, експлицитно и имплицитно секогаш се дискусии во врска со алтернативните гледања за општеството и неговата иднина".[272] Динамичноста помеѓу образованието и општеството, вели тој, е најголемата основа на нашиот потенцијал да се биде активен во општествените промени. Во оваа смисла, расправајќи за современото образование, Јанг, ја објаснува потребата да се има во вид широчината во која тоа го претставува идното општество што ние можеме да го поддржиме или минатото општество што сакаме да го промениме.

Овие размислувања не водат кон прашањата што треба да бидат во фокусот на дискусијата во врска со потребата за иновирање на физичкото воспитание. Во прв ред, ние треба да ги насочиме нашите визии кон иднината поставувајќи ги прашањата: каков вид на граѓани, какви ученици сакаме да вклучиме во развојот? Кои се импликациите на овие визии за субјектот и посебно за физичкото воспитание, за нашата работа како учители и како воспитувачи? Дали физичкото воспитание придонесува во развојот на општествата што ги подржуваме? Како може физичкото воспитание да биде повеќе поврзано со предметот, со другите предмети од наставниот план, со животот во училиштето и да претставува доживотна практика на индивидуата?

Ако овие визии мора да бидат остварени, според Јанг, логично се поставуваат прашањата: какви приоди и вештини треба да развијат учителите, какви односи тие треба да воспостават со

---

[270] Исто, стр. 163.
[271] Penney, D.: (2000), Physical Education: What Future, Longhborough, T. Chandler, Sport, Education and Society, Vol. 5, No 1, str. 71-87,.
[272] Исто, стр. 72.

учениците, помеѓу учениците, со колегите, со родителите и со индивидуите од други организации вклучени во користењето на физичкото воспитание и спортот за младите?

Отворајќи ги напред посочените прашања, Пени, Јанг и многу други експерти кои се залагаат за осовременување на физичкото воспитание, своите визии ги конкретизираат со барања за изготвување на програма и обликување на педагошка практика насочени кон развој на критички информирани граѓани кои се решени да придонесат во изградување на поправедни општества во кои сите индивидуи се ценети, а индивидуалните, социјалните и културните разлики се третираат како богатство на општеството. Тие се убедени дека физичкото воспитание може да одигра клучна улога во оваа насока. Според нив, како предмет и како професија, физичкото воспитание може да има водечка улога во планирањето и развојот на образование "за свет на брзи промени во кои флексибилните ставови и долготрајните вредности ќе имаат свое место и улога".[273]

Меѓутоа, според нив реализацијата на овие визии бара радикални промени во и на физичкото воспитание во сите сфери, а посебно во образовната политика, во содржината на програмите и во организацијата на наставата.

Најнапред, како што посочува Пени, треба да се разјасни разликата помеѓу поимите физичко воспитание и спорт. Многу стручњаци и истражувачи во оваа област според него, ги идентификуваат овие два поими. Меѓутоа, разликата е очигледна. Додека низ наставата на физичкото воспитание се учи и се стекнуваат определени умеења и вештини, во спортот се учествува и се натпреварува. Според тоа, во физичкото воспитание, акцентот се става на учењето, главно во физички контекст. Целта на учењето при тоа е стекнување посебни знаења, вештини и сфаќања што обезбедуваат физички развој. Учењето пак претставува учество во спортот. Спортот пак е термин поврзан со редица на физички активности, каде акцентот се става на учество и натпреварување. Различни спортски активности можат и придонесуваат во учењето.

Меѓутоа, денес се помали неслагањата помеѓу стручњаците околу дефинирањето на предметот "Физичко воспитание", откопку што се разликите во поглед на целите и задачите на овој наставен предмет. Искажувањата во врска со придонесот на овој предмет во развојот на децата се повеќестрани и прилично разновидни. На пример, здружението за физичко воспитание на Англија, тврди дека физичкото воспитание "... им овозможува на младите да развијат способност за проценување на умерено изведување", дека тоа "го помага развојот на здравиот начин на живеење" и дека "придонесува во духовното, моралното, социјалното и културното сознание на младите". Од друга

[273] Исто, стр. 73.

страна, здружението на советниците и на настаниците по физичко воспитание на оваа земја тврди дека "тоа го зајакнува здравјето на секое дете и здравјето на државата воопшто и дека треба да се остварува преку јасно дефинирана програма за физичко воспитание".[274] Покрај напред посочените, во англиската литература се среќаваат и сосема други формулации на општите цели на физичкото воспитание. Токму поради овие и уште многу други различни гледања, денес во Англија мошне гласно и сериозно се поставува барањето за темелно преструктуирање на овој наставен предмет што ќе значи предефинирање на целта и задачите и прилично радикална реформа на програмата. Во оваа смисла се поголем станува бројот на оние што се сложуваат со искажувањата на познатиот англиски стручњак за оваа област, ***Лок***, кои гласат: "ако физичкото воспитание мора да има значајна застапеност во средните училишта на XXI век, подобро е да се напушти постојниот модел и да се започне од почеток".[275] Меѓутоа, не е мал бројот и на оние кои сметаат дека не треба да се заборави богатата историја на физичкото воспитание и дека при реформирањето треба да се има во вид сето она што се потврдило како напредно и корисно.

Заради иновирање на нашата наставна практика по физичко воспитание, ќе бидат мошне корисни современите гледања што се однесуваат на содржината на програмите на тој наставен предмет. Во оваа смисла најчесто критики се упатуваат на доминантната улога што ја имаат во постојните програми бројните физички активности. При тоа не се негира нивната централна улога во овој наставен предмет, туку нивната дидактичка поставеност како цел сама за себе. Меѓутоа, на физичкото воспитание не треба да се гледа само или единствено преку активностите. На наставниците им се укажува да почувствуваат поширока професионална одговорност во физичкото воспитание на децата во и низ физичките активности и содржини, при тоа треба да користат разновидни можности сите деца да уживаат и да напредуваат како и да стекнат вештини, знаење и разбирање што ќе биде основа што ќе ги води кон активен и здрав живот. Наставниците треба да чувствуваат одговорност во обезбедувањето воспитни доживувања што ќе ги поставуваат децата како креатори, а не пасивни приматели на знаења, вештини и сваќања од ова воспитно образовно подрачје.

Во консултираната литература често се среќава тврдењето дека напред посочените цели на физичкото воспитание не можат да се постигнат преку настава која се заснива на долготрајно изучување, односно вежбање на определени физички активности. Така организирана настава, води кон врвни постигнувања во определени активности само на определен број ученици. Со таков приод наставата по овој наставен предмет не ќе може да ги искористи сите потенцијали што ги

---

[274] Исто, стр. 74.

[275] Locke F. L.: (1995), Changing Secondary Physical Education, London, Quest, str. 362.

содржи тој. Затоа овој предмет, според Мекдоналд, Брокер и други стручњаци во оваа област,[276] треба да биде концепиран како воспитен процес, поставен со педагошки разговори и програмиран врз педагошки аргументи. За да се постигне ова, според овие авторитети се налага потребата јасно да се артикулираат целите на физичкото воспитание во врска со визиите на и за идните граѓани и општества, да се идентификува видот на знаењата, вештините и сфаќањата што придонесуваат за реализација на овие визии и да се втемели како јадро на учењето кон кое наставата експлицитно треба да се насочи. Тие се убедени дека учеството во учењето што се обезбедува во наставата по овој предмет треба да стане експлицитно дефинирана иднина на овој предмет отколку активностите низ кои ние можеме конечно да го постигнеме тој придонес. Во оваа смисла треба да се обезбеди и програмска рамка за натамошен развој на наставата по физичко воспитание. Поради тоа современите залагања се за повеќе тематски ориентирана програма, отколку програма заснована за активности, односно програмска рамка што отвара погодности што ние можеме да ги именуваме како "теми" или "стандарди на учење". Таков приод ќе го нагласи начинот во кој различни подрачја на активности можат да го олеснат и натаму да го индивидуализираат учењето.

Кога станува збор за специфичностите за структурата и организацијата на наставата, најновите трендови го напуштаат изучувањето на теми или наставни единици формулирани како активности, како на пример, фудбал или гимнастика. Наместо овој класичен приод, се предлага структуирање на улогата во теми што претставуваат идентификување "јадро, срж на учење". Според тоа, главниот акцент при структуирањето на современите програми по физичко воспитание се става на она што треба да се учи и дека ова не се искажува со термини што се употребуваат за посебни активности и спортови, туку повеќе во облик на теми. Суштината на залагањата за радикално нова структура на програмата по физичко воспитание, како што концизно ја истакнува ***Крам*** (1993) се гледа во тврдењето дека "целта на физичкото воспитание не е ***учење за движење***, туку ***учење низ движење***".[277] Нагласувајќи ја оваа значајна промена во суштината и организацијата на наставата по физичко воспитание, во никој случај не се исклучува развојот на вештини, знаење и сфаќања поврзани со посебни активности или спортови. Наспроти тоа се очекува дека таков вид учење би било многу посовремено.

Врз основа на напред изложените концепциски ставови и определби, во поновата стручна литература се дефинира ново јадро на учење, односно нова програмска рамка за наставата по физичко

---

[276] Macdonald D., Brooker R.: (1997), Moving Beyond The Crisis In Secondary Physical Education: An Australian Initiative, Journal of Teaching in Physical Education, 16(2), str. 155-175.

[277] Crum, B. J.: (1993), Convetional Thought And Practice In Physical Education: Problems of Teaching And Implications For Change, London, Quest, 45, str. 336-356.

воспитание. Така на пример, при последното ревидирање на програмата по физичко воспитание, во Англија е предложено новото програмско јадро по овој наставен предмет да се темели на следниве програмски барања: стекнување и развивање на вештини; применување и комбинирање; усовршување и оценување на изведувањето на движењата; знаење и разбирање на физичката способност и здравјето. Темите што се сугерираат за осмислување на новата програмска рамка на физичкото воспитание, како педагошка суштина се следниве: движење и физичка писменост; физичка активност, здравје и физичка способност; натпревар и соработка и предизвик за постојана физичка активност.

Како што се гледа, овде јасно е нагласено мултидисциплинарната природа на наставата и на учењето во физичкото воспитание. Тоа е значајна карактеристика што треба да се зајакне низ наставата по физичко воспитание, со препорака да дојдат до израз физичките, психолошките, емоционалните и социјалните димензии на физичката активност.

Во рамките на напред изложените размислувања и предлози за иновирање на наставата по физичко воспитание, посебно треба да се нагласи дека знаењата, вештините и сфаќањата што треба да се стекнат немаат само физичка природа. Средиштето и вниманието е на физичкиот развој, но сложеноста на тој развој е препознатлива. Одамна е познато дека постојат значајни психолошки и социолошки димензии во физичкиот развој и дека социјалните и психолошките вештини и способности го условуваат овој развој. Затоа се сугерира дека има потреба точно да се утврди природата на вештините, знаењето и разбирањето што се постојано поврзани со движењето и физичкиот развој. Во оваа смисла треба често да се следи, на пример, дали постои тенденција во наставата по физичко воспитание, да се посветува внимание на вештини, знаења и сфаќања, што го поттикнува учеството и изведувањето на тимски игри или организиран натпреварувачки спорт, а не се посветува доволно внимание на индивидуалното учество во физичката активност што има здравствени цели. При тоа, не треба да се сфати дека се бара поставување на строги граници во однос на движењето и на физичкиот развој, туку се нагласува потребата да се има доволна ширина за зголемување на обемот на потенцијалната апликативност на определена физичка активност. Треба да се создаде основа што може да создаде повеќе различни врски.

За идниот развој на физичкото воспитание посебно е иновативна темата "физичка активност, здравје и физичка способност". Таа се потпира врз односите помеѓу учеството во физичката активност, здравјето и благосостојбата на индивидуите и на општествените заедници. Оваа тема се однесува на начините на кои различни физички активности можат да го олеснат животот на индивидуата во физички, психолошки, емоционален, социјален и во било кој друг смисол. Во

рамките на оваа тема се содржани програмски барања што се однесуваат на така наречената "активна иднина", односно за изградување на доживотен интерес за физичка активност и за спроведување на здрав живот. Акцентот при реализацијата на оваа тема главно се става на развивањето на "физичките способности за живеење", со способностите за учество и изведување на спортови. Во современите општества веќе широко е согледана потребата за одржување на менталното здравје преку физичкото воспитание.

Натпреварување и соработка е темел во рамките на која се бара учество и изведување бројни физички активности карактеристични за одделни спортови. Акцент при тоа, се става на зајакнување на врските помеѓу натпреварувањето и соработката, отколку на дијаметрално спротивставени судрувања на учесниците. Во оваа смисла предност се дава на развојот на тимска работа и фер-плеј однесување. Моделот на спортското воспитание подразбира стекнување редица на ставови, вештини и однесувања кои овозможуваат хуман начин на натпреварување и соработка во одделни спортски игри.

Предлагачите на напред изложените иновирања на наставата по физичко воспитание се убедени дека овие промени не се лесни и дека не можат да се извршат преку ноќ. Тие при тоа нагласуваат дека успешниот развој бара високо образовни учители и целосна поддршка на општеството. Но, запознавањето со овие новини се смета како значаен поттик на наставниците за раздвижување на нивната рамнодушност во поглед на унапредувањето на наставата. Во оваа смисла посебно се нагласува потребата за воспоставување на потесна соработка, меѓусебно разбирање и почитување помеѓу учителите и учениците, поголемо вклучување на родителите во животот на училиштето и претставници на други организации кои што можат да придонесат во создавање на погодни можности за развој и унапредување на физичкото воспитание. При тоа, посебно се нагласува дека нема само една единствена иднина за физичкото воспитание. Затоа се повикуваат сите субјекти што се надлежни и заинтересирани за ова воспитно-образовно подрачје, да дадат личен придонес во неговото иновирање и усовршување согласно со индивидуалните и заедничките потреби што ги налагаат промените карактеристични за XXI век.

6.3. Современи гледања и интенции во врска со значењето на физичкото воспитание во развојот на личноста

Најголемиот број теоретичари се сложуваат со тврдењето дека физичкото воспитание е во функција на зачувување на здравјето. Здравјето пак е една од основните вредности во животот на човекот. Всушност тоа е основата и општиот услов за одржување на животот. Според ***А. Вукасовиќ*** "здравиот, цврстиот и отпорниот организам е предуслов за секој друг натамошен развој - интелектуален, морален, естетски и работо-способен".[278] Во оваа смисла има цврста основа тврдењето дека физичкото воспитание е претпоставка за успешен развој и на другите воспитни подрачја.

При определувањето на значењето на физичкото воспитание треба да се тргне од фактот дека "човекот е најразвиен организам, суштество кое спознава, доживува, комуницира, соработува, создава, изградува, вреднува".[279] Тоа богатство и универзалност на природата на човекот претпоставува хармоничен и целосен развој на неговата личност. За да се постигне еден таков воспитен идеал, неопходна е потребата од физичко воспитание. Само преку физичкото воспитание може да се негува, развива и унапредува телесната конституција на човекот, неговите психолошки способности и здравјето, како битни компоненти на неговото опстојување. Токму заради тоа во рамките на општото воспитание, физичкото воспитание се појавува како примарно и основно воспитно подрачје без чие застапување во образованието не би можело да се оствари целосен и хармоничен развој на личноста. Без физичкото воспитание, според Вукасовиќ, би настанале такви празнини кои не само што би го отежнувале, туку и би го оневозможиле процесот на изградувањето на човекот. Поради тоа одамна е уочена потребата и значењето на физичкото воспитание за развојот не само на младите, туку и на возрасните.

Неговата поливалентност во развојот на личноста се огледа во разновидноста на задачите коишто ги исполнува. Ако подетално се анализираат компонентите на физичкото воспитание, ќе се види дека тоа главно исполнува четири мошне крупни задачи: здравствена, образовна, воспитна и рекреативна задача. Притоа, здравствената задача има примарно значење. Преку остварување на оваа задача се изградуваат основни здравствено-хигиенски навики и навики за постојано телесно вежбање заради чување на здравјето и одржување на оптимален телесен развој.

---

[278] Вукасовиќ, А.: (1990), Педагогија, Загреб, Напријед, стр. 125.
[279] Исто, стр. 137.

Значењето на образовната задача на физичкото воспитание произлегува од сознанието дека знаењето е почетна основа на секоја воспитна работа. Оваа задача во рамките на физичкото воспитание опфаќа стекнување на знаења од хигиената, анатомијата на човечкото тело, филозофијата, биологијата, знаења за здрав начин на живеење и други видови знаења поврзани со развојот на физичкото воспитание. Покрај тоа, образовната страна ја сочинуваат и стекнувањето на практички вештини, умеења и навики, развојот на психомоторните способности и изградувањето на определени гледања на животот. Бројни се умеењата и навиките кои се стекнуваат преку физичкото воспитание. Овде се посочени само дел од нив: одење, трчање, скокање, фаќање, гаѓање, качување, лазење, влечење, дигање, носење, поместување, надвлекување, тркалање, висење, пливање, скијање, лизгање и многу други физички активности.

Воспитната страна уште повеќе го зголемува значењето на физичкото воспитание. Изградувањето на бројни позитивни својства на личноста во најголем дел се остварува на часовите и на другите видови на физичко воспитание што се организира во предучилишното, основното и средното образование. Така, според ***Хервуд*** "преку физичкото воспитание значајно се зголемува емоционалниот живот на учениците, се развиваат моралните и естетските особини, смислата за убаво, се доживуваат и се создаваат естетски вредности, се негува другарство, пријателство, заедништво, навики за културно однесување и многу други воспитни компоненти кои се неопходни за стекнување на социјална и морална зрелост на младата личност".[280]

Физичкото воспитание има посебно значење во збогатувањето на емоционалниот живот на учениците. Преку разновидните физички активности доаѓаат до израз и натаму се развиваат бројни позитивни чувства како што се: ведро расположение, задоволство, радост, симпатија, одушевување, самодоверба, љубов према природата, чувство на животна радост, патриотски чувства, оптимизам и други. Покрај тоа, педагошки организираното физичко воспитание придонесува за постигнување и спречување на бројни негативни и непожелни емоционални доживувања кај децата како што се: незадоволство, малодушност, преголемо истакнување, нарцисоидност, завист, лутина, омраза, шовинизам и други општествено негативни појави и однесувања.

Многубројни се и естетските вредности кои што се стекнуваат во најголем дел преку наставата и воннаставните активности на физичкото воспитание. Така, преку разновидните физички активности се развива смисол за природност, убавина, складност, ритмичност, еластичност и грациозност на движењата, чувства за склад-

[280] Harwood, B.: (1995), Experience and the Curriculum, Kendall Hust, Dubuque JA, str. 203.

ност на движењата и музиката, боите и облиците на движење и други естетски вредности кои треба да ги поседува секоја современа личност.

Посебен придонес и вредност физичкото воспитание има во развојот на моралните квалитети и позитивните црти на личноста. Познатиот педагог и теоретичар во ова подрачје Воислав Јанковиќ, одамна го истакнал големото значење што го има физичкото воспитание во изградувањето на карактерот и вкупниот морален лик на воспитаникот. Според него, преку физичкото воспитание во најголема мера се развиваат карактерните особини како што се: иницијативност, самостојност, самодоверба, упорност, одлучност, точност, прецизност, смелост, храброст, дисциплинираност, совесност, солидарност, взаемно помагање, чувство на должност и одговорност, чесност, принципиелност и други морални квалитети на граѓанската личност, кон кои се стреми нашето општество. Во оваа смисла, посебно значење физичкото воспитание има во изградувањето на самодисциплина и култура на однесување. Всушност овде се работи за конкретизација на хуманоста како темелно обележје на вистинската човечност. Таа се огледа во односот на поединецот спрема другите луѓе, во уважувањето и почитувањето на нивните права, потреби и слободи, во уважувањето и почитувањето на личноста и човечкото достоинство. Во функцијата на сето ова се токму навиките на културно однесување што се изградуваат покрај другото и преку физичкото воспитание, како што се: пристојност, учтивост, срдечност, добронамерност, скромност, култура на комуницирање и однесување со други луѓе, позитивен однос спрема материјалните и културните вредности и други.

Со тоа ние превземаме морална одговорност да се обидеме да ја промениме нашата практика на општествено одговорни начини. Многу значаен е при тоа фактот дека физичкото воспитание има детерминирачка улога во животот на индивидуата и на општествената средина во која живее. "Физичкото воспитание може да релаксира и да измачува, да инспирира и да разочарува, да потикне и да обесхрабри, да биде извор на задоволство и на успех, како и на разочарување и на пораз".[281] Наставниците по физичко воспитание како професионалци се интегрален дел на проблемите и дел на решенијата. Во малку поширок контекст, ***Фелберг*** истакнува дека "физичкото воспитание може да биде ограничен и спречен развој, но тоа може да биде исто така неограничен и потпомаган развој".[282]

За да се разберат некои од овие прашања и проблеми поврзани со физичкото воспитание на човекот, корисно е да се анализираат патиштата на развојот на физичкото воспитание во последните години од изминатиов век. При тоа, отворено треба да се

---

[281] Tinning, R.: (1995), Performance and Participation Discourses in Human Movement: Toward a Socially Critical Physical Education, New York, State University of New York press, str. 118.
[282] Исто, стр. 120.

постави прашањето: Зошто, на пример, проблемите на спортските постигања доминираат во јавноста, а проблемите на етиката во спортот се маргинализираат? Зошто, во истражувањата на физичкото воспитание, на проблемите на учењето им е посветено поголемо внимание, од колку на прашањата поврзани со правдата и еднаквоста? Зошто повеќе доминираат дискусиите за постигнувањата во спортот и во физичкото воспитание, а се маргинализираат дискусиите за потребата од масовно учество на децата и возрасните во физичкото рекреирање и во спортот? Овие и многу други прашања се поставуваат како отворени и приоритетни за решавање при идното концепциско и програмско осмислување на наставата и на другите подрачја од физичкото воспитание. Суштината на сите овие залагања се сведува на сознанието дека развојот на човечкото тело не треба да се гледа само од биолошки, туку и од социолошки, психолошки, социјален, етички и од многу други аспекти што придонесуваат во изградувањето на целосна личност, активен граѓанин на модерното општество на XXI век.

Покрај напред посочените значења, физичкото воспитание има посебно место, улога и значење во изградувањето кај младите ставови и навики за спортување и рекреирање во текот на целиот живот и работа. Рекреативното значење на физичкото воспитание се исполнува во задоволувањето на потребите кај младите и кај возрасните од активен одмор и здрава разонода. Оваа функција можат да ја имаат оние облици на физички активности кои не бараат поголеми напори на организмот. Тука се вбројуваат: лесни игри, капење, шетање во природа и планинарење по лесни терени, скијање, играње одбојка, пинг-понг и други лесни игри. Таков вид на физички активности предизвикува пријатно расположение, радост и задоволство, опуштеност и слично, поради што и се нарекува активен одмор. Овој вид одмарање има посебно нагласено значење во ова време на преголема механизација и автоматизација во кое професионалните активности се специјализирани и едностранн, а можностите за движење во текот на работата се сведени на минимум. Во такви околности, активностите на физичкото воспитание се јавуваат како особено значаен општествено корисен начин на организирање и спроведување на слободното време на младите и на возрасните.

Во поновата педагошка и психолошка литература[283] можат да се сретнат подетални и пошироки експликации за придонесот што го има физичкото воспитание во развојот на личноста. Суштината на современите гледања за значењето на физичкото воспитание е прикажана на шема бр. 1.

---

[283] Bogdan, C.: (1997), Qualitive Research For Education: An Introduction to Theory and Methods, Boston: Allyn and Bacon, 29.



шема број 1

Како што се гледа од шемата, основна цел на образованието воопшто и посебно на наставата по одредени наставни предмети е развој на личноста на ученикот. Меѓутоа, реализацијата на програмата по физичко воспитание има три основни цели: психомоторен, ефективен и когнитивен развој на ученикот. Меѓутоа, во основата на таа хиерархија од развојот, до завршната, горепоставената цел, се наоѓаат целите кои треба да се реализираат во поглед на јакнењето на физичката кондиција, развојот на моториката и бројни физички вештини, оспособување за правилно држење и движење на телото и стекнување на трајни навики за бавење со спортски активности во семејството и пошироко во општествената средина. Всушност секоја програма по физичко воспитание, според современите гледања, треба да се стреми да го развие кај учениците нивниот максимум, задоволувајќи ги потребите и на индивидуата и на општеството во целина. Ова се постигнува, како што се тврди во современата теорија на физичкото воспитание, преку максимално интегрален, когнитивен, психомоторен и афективен развој на секоја личност. Но, како што се гледа од шемата, психомоторниот развој при тоа е основен. Преку него се доаѓа до постигнување на другите два аспекти од развојот, когнитивниот и афективниот. Поради тоа поврзаноста на развојот со психомоторниот домен во шемата е прикажана со цела линија, непосредно поврзувајќи ја програмата и програмските цели, додека неговата поврзаност со другите два аспекти е прикажана со испрекинати црти. На шемата исто така се прикажани четири основни подрачја. Секое од овие програмски подрачја вклучува во себе специфични физички вештини и развојни елементи. Современите програми по физичко воспитание содржат и така наречени адаптирани, односно прилагодени програмски содржини наменети за разработка со

ученици кои имаат посебни индивидуални потреби од изведување специфични физички активности. Ова претставува најхуманистичкиот аспект на физичкото воспитание. Хуманистичката димензија на ова воспитание, според најновите теориски сознанија "се состои во користење на физички активности за да им се помогне на индивидуите во нивниот развој, стекнување самодоверба, саморазбирање и правилно регулирање на меѓусебните односи".[284]

Хуманистичката теорија на физичкото воспитание станува популарна во 1950 година, главно благодарение на хуманистичкото движење на ***Абрахам Маслов*** и ***Карл Роцерс***. Во поново време, според мислењето на американскиот теоретичар ***Шерил*** (1993), хуманистичката филозофија ќе им помогне на индивидуите да го достигнат нивниот целосен потенцијал со овозможување на учење, живеење и работа, соодветни со оние коишто се својствени на општеството.[285] Повеќе современи истражувачи во САД, Англија и во други развиени земји во последно време, ги проучуваат хуманистичките цели на физичкото воспитание. Според нив, хуманистичките цели се насочени повеќе кон хуманите потреби одколку кон кондицијата или развојот на спортските вештини. Овие цели, според нивните тврдења, се развојни и по својата природа хиерархиски. Тие вклучуваат самоконтрола, самоангажираност, самоодговорност, внимателност.

Голем недостаток е фактот што се истакнува во повеќе современи теориски трудови од областа на физичкото воспитание што човечкиот развој најчесто е проучуван изолирано т.е. когнитивниот, афективниот и моторниот домен на развојот се проучувани и третирани како неповрзани делови, односно аспекти од развојот на личноста. За да се надмине овој недостаток, во литературата се советува, во образовниот процес да биде сфатена, почитувана и прилагодена целосната и интегралната природа на индивидуата. При тоа засновано се подсетува дека развојот е конструктивен процес на промени во текот на времето, почнувајќи од зачетокот на детето па се до престанокот на животот. За наставниците по физичко воспитание моќне е инструктивна констатацијата дека "моторниот развој вклучува во себе постојано прилагодување на промените и способноста за движење во никогаш незавршеното настојување да се постигне и да се одржи моторичка контрола и полна способност за движење".[286] При тоа се потсетува дека моторниот развој може да биде проучуван и како процес и како резултат од тој процес. Како процес може да биде третиран од гледна точка на потребата за зајакнување на факторите коишто влијаат врз

---

[284] Craft D. H.: (1994), Physical education for all, New York, Journal of Physical education, recreation, dance, str. 22-23.

[285] Sherill, C. Madison, Wi. Brown,: (1993) Adapted physical activity, recreation and sport, New York, JPERD, str. 30.

[286] Robinson, D.: (1992), The Risk-sport Process: An Alternative Approach For Humanistic Physical Education, London, Quest, 44, str. 88-104.

изведувањето на мотоpиката и моторичките способности на индивидуите од детството до староста. Како резултат пак, развојот на мотоpиката може да биде проучуван од описна или нормативна гледна точка и главно резултатот се гледа во поширока временска рамка, во повеќе фази и на различни возрасти и нивоа. И процесите и резултатите на моторичкиот развој треба постојано да не потсетуваат на индивидуалноста на ученикот. Индивидуалностите имаат сопствен распоред во развојот и во должината за постигнување на определена вештина. Во оваа смисла истражувачите одамна ја имаат сфатено интерактивната улога на двата примарни аспекти на развојниот процес: наследноста и средината. Но, во современата педагогија се оди чекор понатаму давајќи и предност на индивидуалноста на ученикот. Таа меѓузависност на факторите во развојот на мотоpиката може да се види на шемата број 2. Од оваа шема јасно се гледа дека способноста за движење е поврзана и условена од меѓусебното делување на неколку фактори: фактори на средината, индивидуалните фактори и од поставените задачи на овој план.



шема број 2

Колку е сложен, поливалентен и меѓусебно условен моторниот развој на личноста, најдобро се гледа од наредната шема (види шема број 3). Од неа се гледа дека во основа на моторните движења лежат потребите на личноста што ги има во животот и во секојдневната работа. Врз задоволувањето на тие потреби од движење влијаат повеќе индивидуални фактори и фактори на средината. Под влијание на тие фактори моторичкиот развој на личноста минува низ неколку фази и тоа: фаза на инстинктивно движење, почетна фаза на движење, фаза на основно движење и усовршена фаза на движење. Како што се гледа од шемата, наследството и средината имаат при тоа избалансирано влијание. Како резултат на целокупниот овој процес се доаѓа до потребната способност за движење и самоконтролирање на сопствените движења.



шема број 3

Според најновите теориски сознанија[287] се говори за четири фази во развојот на мотоориката што се прикажани на горната табела. Исто така, развојот на мотоориката треба да се одвива во склад на неколку основни принципи како што се: принцип на развојна насоченост, брзина на растењето и на развојот, различност и единственост во развојот, развојна варијабилност и брзина, критички и чувствителни периоди во учењето и развојот на мотоориката.

[287] Dyson, P.: (1994), A Case Study of Two Alternative Elementary Physical Education Program, The Ohio State University, Columbus, str. 162.

Постигнувањето на контрола на моториката и способноста за движење, како што се истакнува во поновите теориски трудови, е широк процес кој треба да започнува од рефлексните движења на новороденчето и продолжува низ целиот живот. Тоа е процес низ кој индивидуата напредува од фазата на рефлексивните движења преку рудименталната и основната фаза конечно до фазата на усовршено вешто движење. Рефлексивните и рудименталните движечки способности се широко засновани на созревањето. Тие се појавуваат и исчезнуваат во јасно ограничени делови, разликувајќи се само во брзината на нивното појавување. Основните способности за движење почнуваат да се развиваат во исто време кога детето може да оди самостојно и се движи слободно во средината. Доаѓање до фазата на изведување усовршени вештини за движење и самостојна моторичка контрола, треба да претставува суштина и цел на воспитно-образовната работа на физичкото воспитание што се изведува во основната фаза од движењето на децата.

Во современата теорија на физичкото воспитание можат да се сретнат и пошироки експликации за развивањето на способноста да се учи и да се делува успешно. Според повеќе најнови сознанија[288] оваа способност се поттикнува од перцептивно-моторниот развој. Оваа способност му овозможува на човекот да прима, пренесува, организира информации и да формулира соодветен одговор на нив. Овие одговори ѝ се неопходни на индивидуата за да се движи и да научи како да се движи во променетите околности. На тој начин тие имаат непосредно или посредно влијание во физичкото воспитание и во спортот. Наједноставно овој процес е прикажан на шемата што следува (види шема број 4).

Едноставен модел на перцептивно-моторниот процес



шема број 4

[288] Westheimer, J., Kahne, J., Gestein, A.: (1992), School Reforme For The Nineties: Opportunities And Obstacles For Experiential Educators, New York, The Journal of Education, 15, str. 44-49.

Според оваа шема, сетивниот влез е првиот чекор при што се прима: енергија создадена од околината и од самото тело како сетивни стимули. Оваа информација понатаму се обработува заради интеграција во централниот нервен систем. Визуелните, аудитивните, кинестатичките и сетивните системи за рамнотежа и за допир, обезбедуваат клучни податоци за централниот нервен систем. Вториот чекор во овој процес вклучува така наречена сетивна интеграција. Сегашните и претходните сетивни интеграции се соединуваат, се споредуваат и се задржуваат во покусо или подолго помнење, една значајна фаза што се случува кога човековиот организам избира и организира соодветен моторички излез - движење засновано на интеграција. Резултатот станува дел од долготрајната меморија која се пренесува низ моторичките механизми.

Визуелните перцептивно-моторни способности се значајни, воопшто, во физичкото воспитание и во спортот. Во општите околности, визуелните перцептивни способности треба да се користат при пишувањето, сликањето, читањето, зборувањето и математиката. Во физичкото воспитание и во спортот тие се значајни за фаќањето, фрлањето и удирањето на предметите, играње, трчање и изведување основни движења.

Ова е само дел од најновите научни и теориски проучувања и сознанија врз кои треба да се програмира, планира и изведува современото физичко воспитание.

Слични истражувања постојат и за придонесот на физичкото воспитание во развивањето на когнитивната и афективната сфера од развојот на личноста на ученикот. Општо сознание од сите овие истражувања е дека наставата по физичко воспитание и другите облици на физичко ангажирање на учениците треба да има незаменлива педагошко-психолошка улога во развојот на многубројните интелектуални способности на учениците и во изградувањето на разновидни гледања, мислења, ставови, однесувања и други воспитни вредности што ја сочинуваат делотворната, односно афективната сфера од личноста на ученикот. Придонесот на ова воспитание во моралниот и емоционалниот развој на учениците, исто така, е детално истражен и широко презентиран во најновите теориски трудови што се однесуваат на ова воспитно-образовно подрачје.

6.4. Некои современи теориски аспекти на физичкото воспитание на децата со посебни потреби

Нашата теза би останала нецелосно заокружена, ако не се направи барем еден кус осврт на современата педагошка теорија и практика што се однесува на физичкото воспитание што е наменето за децата со посебни потреби. Ова прашање е толку широко што заслужува научна разработка во рамките на посебна теза. Но, нивото на разработеност во овој труд е толкаво што само го актуелизира прашањето и сигурно ќе поттикне научен предизвик за подолго проучување на оваа тема.

Во современата педагошка литература[289] воспитно-образовната работа на ова подрачје, со деца кои имаат посебни потреби за психофизички развој, се именува како адаптирано, односно прилагодено физичко воспитание и спорт. Многу одамна, а најинтензивно во последниве десетина години, адаптираното физичко воспитание е предмет на потемелно проучување, особено во земјите на развиениот свет. Најголемиот дел од најновите проучувања се интердисциплинарни. Меѓутоа во сите нив мошне аргументирано се повлекува сознанието дека физичкото воспитание и спорт, доколку се прилагоди на посебните потреби што ги има детето, за отстранување или ублажување на определен вид недостатоци, може да одигра значајна корективна функција и да даде незаменлив придонес во физичкиот и психичкиот развој на овие лица.

Од педагошката литература е познато дека се мошне бројни и разновидни индивидуалностите кои што го попречуваат нормалниот развој, образование и воспитување на илјадници деца во светот, вклучувајќи ја оваа категорија деца и во нашата Република. Најопфатно и најисцрпно дефинирање скоро на сите овие инвалидности со кои најнапред се соочуваат родителите на овие деца, а потоа и учителите во предучилишните установи и училиштата, е содржано во федералниот регистар на САД од Септември 1992 година.[290] Заради добивање поцелосна слика за обемот и разновидноста на недостатоците, односно инвалидностите кои што во рамките на физичкото воспитание и спортот, бараат посебен педагошки третман, овде се дава еден мошне кус преглед.

Во напред посочениот регистар најнапред се дефинираат термините "***бебе и заодување со инвалидности***". Со овој термин се именуваат индивидуите од раѓањето. заклучно до две годишна возраст, на кои многу рано им се потребни почетни интервентни услуги бидејќи доживуваат развојни заостанувања во следните подрачја: когнативен

---

[289] Joseph, P., Winnick, D.: (1994), Adapted physical education and sport, State University of New York College at Brockport, str. 67.

[290] The Federal Register, (1992), Washington, Vol. 57 No. 189, the September 29, str. 87.

развој, физички развој, развој на јазикот и говорот, психосоцијален развој, емоционален развој и развој на прилагодувањето. Со терминот "***деца со инвалидности***" се именуваат оние деца кои имаат ментално заостанување, оштетување на слухот, на видот, на говорот, сериозни емоционални нарушувања, ортопедски оштетувања, трауматски повреди на мозокот, други оштетувања на здравјето, посебни недостатоци во учењето, мултиплицијални инвалидности (глуви и слепи, глуви и ментално ретардирани и слично) и на кои поради овие оштетувања им е потребно посебно образование и поврзано со тоа посебни услуги.

За воспитната работа со овие деца, во рамките на физичкото воспитание, посебно треба да се знае широката лепеза на индивидуалности односно оштетувања кои, во овој регистар се наведени под термините: "***други здравствени оштетувања***", "***сериозни емоционални нарушувања***", "***посебни тешкотии за учење***", "***оштетувања на говорот и на јазикот***", "***трауматски повреди на мозокот***". Познавањето на сите тие посебности во инвалидизираноста на децата од различни возрасни групи е значаен, односно неодминлив предуслов за соодветен избор на физички активности од кои имаат посебна потреба овие деца.

Мошне се бројни оштетувањата на здравјето што се наведени во напред посочениот регистар, а кои треба да ги има во вид наставникот по физичко воспитание. Овде се посочуваат само најчестите од нив: ограничена сила, виталност или будност, хронични или акутни здравствени проблеми како што се: слабо срце, ревматизам, бубрежни болести, астма, епилепсија, анемија, дијабетис и други кои што делуваат непријатно во образованието на децата.

Како сериозни емоционални нарушувања кои во наставата по физичкото воспитание бараат посебен третман, во регистарот се наведуваат: неспособност да учи што не може да се објасни со интелектуални, сетивни или здравствени фактори, неспособност да изградува или одржува задоволителни меѓусебни односи со другарите и учителите, несоодветни видови однесување или чувствување во нормални околности, општо незадоволство или депресија, тенденција за развој на физички симптоми или стравувања поврзани со лични или училишни проблеми.

Растројувањето на една или повеќе основни психолошки процеси вклучени во разбирањето или во користењето на усниот и писмениот говор исто така се смета како посебна тешкотија во учењето. Тука, пред сé, се вбројуваат: несовршена способност да слуша, да мисли, да зборува, да чита, пишува, зборува или да смета. Ова растројство вклучува такви состојби како што се: тешкотии во перцепирањето, повреда на мозокот, минимална дисфункција на мозокот, дислекција и развојна афазија. Но, овој термин не се однесува

на децата кои имаат проблеми во учењето, главно како резултат на оштетување на видот, слухот, моториката, менталниот развој и слично.

Посебен третман во физичкото воспитание, според досегашните проучувања, бараат и определени оштетувања во говорот, односно во комуникацијата, како што се: д'ткањето, неправилната артикулација на определени гласови, оштетувања на јазикот или несовршеност на гласот.

Многу малку внимание во досегашната практика на физичкото воспитание се посветува на децата кои што имаат добиено одредени трауматски повреди на мозокот предизвикани од надворешни физички сили. Како последица на овие повреди децата остануваат со целосни или делумни функционални недостатоци, психолошки оштетувања, понекогаш и двете заедно, кои што го попречуваат образованието, односно учењето. Зависно од мозочната сфера во која се лоцирани оштетувањата, недостатоците можат да бидат: пречки во помнењето, вниманието, размислувањето, апстрахирањето, решавањето на проблеми, проценувањето и слично. Овој термин не се користи за мозочни повреди што се вродени или се предизвикани од трауми при раѓањето.

Оштетувањата, односно инвалидностите кои што се од многу потежок вид во споредба на претходните исто така можат да се ублажат со изведување на физички активности. Така, во прв ред се вбројуваат: целебралната парализа, мозочниот удар, одземање на екстремитети, забавено растење и други оштетувања. Лицата со овие здравствени последици посебно треба да се охрабруваат за учество во различни физички и спортски активности. Наставниците по физичко воспитание и медицинските специјалисти заеднички треба да обезбедуваат погодности за физичка активност, за развој на физичката и моторичката способност, самопотврдување и социјализација особено за децата и младите што ги поседуваат овие недостатоци. За ублажување на сите овие инвалидности се потребни индивидуални програми за рехабилитација во кои на физичките активности им се дава примарно место.

Врз основа на презентираните податоци јасно може да се воочи дека наставата по физичко воспитание што се изведува со учениците кои имаат посебни потреби е далеку посложена за програмирање, подготвување и изведување, од наставата што се организира за ученици без пречки во развојот. Имајќи го ова во вид, во последниве неколку години постои видлив напредок во усовршувањето на методиката на физичкото воспитание на наставна работа со ученици кои имаат потреба од обавување не само вообичаени, туку и посебни физички активности. Во оваа насока особено е усовршена методологијата за успешно дијагностицирање на видот и степенот на индивидуалноста.

Познато е дека уште во предучилишните установи доаѓаат деца кои што имаат посебни потреби и бараат специфичен третман во нивниот психофизички развој. За таа цел во современата педагошко-психолошка и дидактичко-методска теорија на воспитувачите им се даваат детални упатства како да ги изведуваат воспитните активности поврзани со физичкото воспитание на овие деца. Така, од воспитувачот се бара оспособеност да го определи нивото на моторната развиеност на секое дете, употребувајќи при тоа стандардни тестови за проверување на моторичките вештини и ненормалните моторички движења. При тоа се нагласува дека воспитувачите по физичко воспитание треба да бидат преокупирани околу помагањето на децата во учењето вештини за играње во сите развојни подрачја, а не само во моторичкиот домен. Особено при тоа треба да ја олеснат социјалната интеракција помеѓу децата со и без недостатоци. Прва задача на воспитувачот, според современите методски упатства е да ги идентификува видот и карактерот на недостатоците, најнапред во моторичкиот домен. За таа цел во развиените земји постојат мошне валидни тестови за проверка на моторичката развиеност на предучилишните деца во поглед на сите основни вештини на ова возрасно ниво.[291]

Такви тестови постојат и за проверка на движењето, на ракувањето со предмети, за степенот на социјализираност, за користењето на предмети за играње и слично. Со нивната примена воспитувачите треба да очекуваат откривање на поголеми нивоа на разлики помеѓу предучилишните деца со развиени недостатоци одколку кај оние кои се без недостатоци.

Во методска смисла главно се препорачуваат повеќе приоди како што се: приод заснован на активности во воспитната работа, индивидуални приоди соодветни на посебната потреба и посветување посебно внимание на развојот на функционалните вештени и способности. При тоа посебно се нагласува потребата од развивање на следните способности: способност детето да покаже слободно движење, да контролира став во различни позиции, да прими и да задржи предмети во игра, да ракува со предмети од различни големини, да игра со другарчињата, да иницира позитивни врски со другите деца, да следи едноставни упатства и слично.

Од мошне обемната литература што се однесува за овој дел од физичкото воспитание може да се види дека успешноста на наставата е условена од повеќе фактори. Примарна улога помеѓу нив му се дава на воспитувачот. Воспитувачите кои се способни да употребуваат различни приоди и методи и нив да ги поврзуваат со индивидуалните образовни потреби на децата ќе можат подобро да ја организираат средината за учење и да обезбедат задоволство и успех на

[291] Joseph, P. Winnick: (1994), Adapted Physical Education and Sport, State University of New York College at Brockport, str. 435-442.

учениците со посебни потреби. Нивната флексибилност ќе им овозможи иста содржина да ја разработат на различни начини, со што поцелосно ќе ја прилагодат нивната настава на индивидуалните потреби. Тоа ќе им овозможи да ја зголемат вештината за работа врз развојот на специфичните заостанувања кај децата во предучилишната установа. [292] Воспитувачите можат да го олеснат учењето со почесто анализирање и проценување на воспитно-образовните задачи, анализи на физичките активности и на применетите модификации при нивното изведување.

Посебно внимание во физичкото воспитание што се организира за децата со посебни потреби се посветува на мерењето и почестото проценување на резултатите што се постигнуваат. Мерењето има групни функции во прилагоденото физичко воспитание. Тоа може да се спроведува во различни облици и инструменти како што се: разновидни тестови, чек-листи, скали за оценување или за неформални непосредни набљудувања. Овие приоди можат да се комбинираат со давање поцелосна слика за детето - ученикот. Меѓутоа, треба да се има во вид дека секој од овие приоди има свои предности и недостатоци, па поради тоа нивниот избор треба да се врши во склад со целта што е поставена за конкретното мерење и оценување.

Редовното мерење и оценување главно се фокусира на физичката кондиција, способноста за движење (моторичката способност) и на перцептивно-моторичките способности. Покрај тоа, со посебни мерења и проценувања може да се дојде до податоци поврзани со афективниот и когнитивниот домен од развојот на учениците.

Успешната реализација на разновидните програми за изведување на адаптирано физичко воспитание започнува со квалитетно изготвени соодветни програми и упатства за учителите. Овие програми, скоро во сите развиени земји ги изготвуваат професионални лица од повеќе клучни дисциплини. Врз основа на овие рамковни дидактички документи, воспитно-образовните установи изготвуваат "пакет" на детални програми и упатства за организирање, изведување и вреднување на диференцијалното физичко воспитание соодветно на образовните потреби и можности на децата, односно учениците со одделни видови инвалидности.

Во современата педагошка литература се разработени разновидни организациони и методски техники што можат да се применат во индивидуалната настава по физичко воспитание. Најчесто се посочуваат: тимската селективна настава, настава за подржување, настава со надгледување од другарите и независно учење.

Тимската настава на пример се состои во наставна работа на повеќе учители, во околности кога тие не се добро подготвени за работа со ученици кои имаат посебни потреби. При тоа еден учител

---

[292] Исто, стр. 292 (Компаративни силуети на бебиња).

работи за задоволување на една потреба, друг за друга, а третиот задоволува трета потреба од физичко вежбање, односно спортување.

Кога учениците со недостатоци се интегрирани во класовите за редовно физичко воспитание, во поново време сé почесто се практикува на наставникот да му се дава дополнителна помош и подршка од децата без недостатоци или други волонтери. На тој начин се дава подршка на настојувањата на учителот за поцелосно вклучување на овие ученици во активноста на редовните часови. Слична улога има и надгледувањето од другарчињата при изведување на физички активности на децата кои имаат посебни тешкотии и недостатоци.

Техниката на слободно, независно учење им дава можност на овие ученици да напредуваат со брзина со која реално можат. Оваа техника е особено корисна кога учителот е принуден да го исклучи ученикот од некои физички активности: при тоа учителот може да изготви повеќе приоди на задачи за ученикот, посебно определувајќи ги вештините кои треба да ги изведе.

Постојат неколку наставни методи чија успешност е потврдена во практиката на физичкото воспитание за деца со недостатоци. Кога се користат како упатства, овие методи можат да помогнат во зајакнувањето на наставниот процес и да докажат дека ученици со необични потреби се научени на делотворен и успешен начин. Овие модели се познати под името: "настава заснована на постигање", "фискултура заснована на податоци", "настава за моторички развој на деца", "модел на програмирано инструирање" и други.[293]

Суштината на сите овие модели се состои во тоа што се ориентирани кон однесувањето, односно движењето на децата како реален факт на физичка оспособеност врз кој што се планира хуманистичка ориентација на физичкото воспитание. Со примената на овие модели се дава голема помош на наставниците по физичко воспитание во изготвување на квалитетни програми за оптимално учење на индивидуи со посебни потреби.

[293] Исто, стр. 69-73.

КОМПАРАТИВНИ СИЛУЕТИ НА БЕБИЊА СО НОРМАЛЕН РАЗВОЈ И ОНИЕ СО ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ

Набљудувајте го Вашето бебе за да ги приметите овие знаци

До 3 месеци

НОРМАЛЕН РАЗВОЈ



- се подига на раце
- ја држи главата подигнато

ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ



- не е способно да ја подигне главата или да се подигне на раце
- скочанести нозе

- се оттурнува назад со глав ата
- постојано згрчена шака во тупаница и вкочанета нога на една страна
- тешкотии во поместување од оваа позиција

До 6 месеци

НОРМАЛЕН РАЗВОЈ

- седи со поткрепа
- ја држи главата исправено
- исправен грб

ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ

- не е во можност да ја подигне главата
- заоблен грб
- вкочанести раце

- рацете се држат назад
- вкочанети, вкрстени нозе

До 8 месеци

НОРМАЛЕН РАЗВОЈ

- седи без поткрепа
- рацете се слободни да дофаќа

ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ

- заоблен грб
- недоволно користење на рацете во игра
- вкочанести нозе и прсти

- слаба способност да ги подигне главата и грбот
- не може да ја издржи тежината на нозете

- слаба контрола на главата
- тешкотии при пружање на рацете напред
- грбот е како лак -вкочанести нозе

До 12 Месеци

НОРМАЛЕН РАЗВОЈ

- се обидува да стане

ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ

- има проблеми во обидите да стане
- вкочанети нозе и прсти



- не може да ползи на раце и нозе
- користи само една страна од телото кога се движи

До 15 месеци

НОРМАЛЕН РАЗВОЈ

- самостојно стоење или одење

ПРОБЛЕМИ ВО РАЗВОЈОТ

- оди на прсти на една страна на телото
- ги држи рацете вкочанести и свиткани
- прекумерно одење на прсти

- седи со тежината на една страна
- користи доминантно една рака при играње
- една нога може да биде вкочанета

90% од бебињата го прават ова пред посочената возраст. Запомнете да ја корегирате возраста на Вашето бебе доколку е тоа предвреме родено

7. СОВРЕМЕНИ ГЛЕДАЊА ЗА ПЕРСПЕКТИВИТЕ И ИДНИНАТА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Во овој дел од оваа анализа предмет на разгледување ќе бидат сфаќањата на некои современи теоретичари за различни перспективи во врска со наставните промени во физичкото воспитание, а после ќе се задржиме и на некои посовремени и поконкретни гледања.

Нема сомнение дека може да се каже дека единствената постојана работа на овој свет е промената. Во контекст на промените што се случуваат во светот, последниве години се забележува голем наплив на нови идеи и нови форми во наставата по физичко воспитание. Меѓу нив како позначајни што можеме да ги издвоиме се игрите за комуницирање и меѓусебно разбирање, здравјето поврзано со фитнесот и повеќе нови форми на натпреварување. Повеќе од овие промени во физичкото воспитание што можат да произлезат во иднина се поттикнати од образовните реформски зафати во повеќе земји. Како што тврди ***Еванс*** (1986) "Во Британија денес наставата по физичко образование е во фаза на развој. За многу учители по физичко воспитание како и за нивните следбеници, наставната практика одеднаш несомнено стана повеќе проблематична отколку прифатлива појава на нивното учење и предавање. Како и да е постои уште една вистина во образовниот процес која ни кажува дека колку повеќе ги менуваме работите, толку тие повеќе остануваат исти". Така на пример, неодамнешните изучувања кои се фокусираат на наставата по физичко воспитание најверојатно ќе ги потврдат ставовите на ***Вајтхед*** и ***Хендри*** (1976) дека "во содржината на наставата во средното училиште, не се случуваат толку темелни промени како што на многумина тоа им се чини". Проблемот на промена не е специфичен за предметната област на физичкото воспитание. И училиштата и наставниците во многу земји во светот по сé изгледа се доста отпорни на вистинските промени. Тоа најдобро го илустрираат повеќе современи теоретичари во своите трудови. Така на пример, ***Тангеруд*** и ***Валин*** (1986) забележуваат дека "како што ни изгледаат училиштата, може да се рече дека тие не се темелно променети повеќе децении ... всушност тие се имаат променето надворешно, но не многу и во внатрешноста".[294] Во Јужна Америка, ***Хаус***, тврди дека "најзабележливата појава во образовниот систем е неговата постојаност и стабилност. Ние сме збунети поради неможноста на иновациите да ги трансформираат или променат училиштата".[295] Во Италија ***Росарио*** (1986) забележува механизми на отпор што не дозволуваат промени во училиштата. Конечно во

[294] Tangerud, H. and Wallin, E.: (1986), Values and contextual factors in school improvement. London, Journal of Curriculum Studies 18, str. 45-61.

[295] House, E.: (1979), Tehnology versus craft: a ten year perspective on innovation, London, Journal of Curriculum Studies 1, str. 1-15.

Британија ***Еванс*** (1985) ја срочил добро целата ситуација и тврди дека образовната иновација е во тек, а додека ***Рудак*** (1986) забележува вака: "ние сме оставени на парадоксалните импресии на стабилноста како и на промената на разликите и на еднаквостите. Може да се обидеме да го објасниме овој парадокс правејќи разлика меѓу промена која длабоко влијае на структурата на образованието, и достигнувањата на постарата практика, но не и размислувањата на учителите и учениците за учењето. Можеби сме научиле како да ги спроведеме новите содржини во наставата по физичко воспитание, но по сé изгледа дека не сме доволно запознати со процесот на менување на наставата и учењето: многу често новите содржини паѓаат во ист кош со традиционалната педагогија".[296]

Овде, ***Нил Армстронг*** и ***Андреј Спаркс***[297] се обидуваат да ги откријат аспектите на овој парадокс. На почетокот се фокусираат на вистинскиот проблем кој се спротивставува на надворешната промена. Следејќи го ова, неколку перспективи кои ги создале патиштата кон кои ги насочуваме проблемите на промената во училиштата се земени во предвид. Испитувајќи ги аспектите што секоја перспектива ги содржи во себе гледано од аспект на наставниците е направен обид да се расветлат можностите на секоја од нив што може да предизвика вистинска промена. Нивната намера низ сето ова е да го истакнат наставникот како центар, како еден активен субјект во рамките на променливиот процес во целина.

Понатаму тие говорат дека промената е крајно комплексен процес, а не само краен прост продукт. Како што претходно спомнавме наспроти активностите и движењата кои овозможуваат појава на надворешни промени, се останува со чувството дека подлабоко (внатрешно) се нема ништо изменето. Тоа е надворешна промена сосема спротивно од вистинската глобална промена што веќе преовладува.

Ако сакаме да зборуваме за вистинска промена повеќе отколку за надворешна промена, тогаш ќе мора да ги гледаме иновациите како мулти-димензионални процеси. Како дел од овој динамичен процес вистинската промена би била потребна да доведе до трансформации и во физичкото воспитание.

Присвојувајќи ги наставните содржини во пакет, некои наставници можеби би ги усвоиле новите стилови и стратегии на учењето, а можеби и не. За учителите е полесно да го прифатат пакетот отколку да ја менуваат практиката во училиштето. Дури и ако постојат промени во практиката тоа не значи дека учителите со тоа ќе бидат предизвикани или ќе почнат да ја менуваат идеологијата и верувањата кои ја чинат нивната образовна практика во училиштето и

---

[296] Rudduck, J.: (1986), Understanding Curriculum Change. Sheffield; USDE Papers in Education, str. 6.

[297] Armstrong, N., Sparkes, A.: (1998), Issuses in Physical Education, Sport, Education and Society, Cassel, str. 2-4.

нивниот однос кон учениците. Ако зборуваме за вистинска промена тогаш клучна димензија за разгледување е трансформирањето на верувањата, вредностите и идеологиите од страна на учителите за оформување на сопствената педагошка практика. Тоа лежи во сржта на вистинската промена и без такви трансформации имаме само иновации без промена. Во врска со ова ***Кирк*** (1988) вели дека: "Со оглед на тоа дека иновацијата се однесува на нови или ориентални вежби и идеи во одреден контекст, тоа не значи дека не е неопходно промената да завземе свое место."[298]

Овој проблем за кој досега говоревме, понатаму ќе биде разгледуван од аспект на неколкуте гледишта кои ги имаат обликувано патиштата на кои проблемите на образовните промени се адресирани. Имено, во современата педагошка практика се говори за три гледишта и тоа:

- технолошка перспектива;
- еколошка перспектива; и
- културна перспектива.

Главното гледиште на ***технолошката перспектива*** е насочено врз знаењето како продукт, кое мора да биде контролирано од страна на научници и училишни работници кои работат надвор од училиштата, кои потоа ќе го пренесат и тоа целосно од почеток до крај измоделирано на учителите во училиштата. Разгледувајќи го овој пристап ***Лавсон*** (1990) вели: "Објективното и слободно движење е пренесувано од страна на истражувачите и нивните институции до луѓето практичари кои се претвораат помалку или повеќе во пасивни приемачи".[299]

Додека ваквите наметнати прифаќања можат да бидат предуслов за промена во практиката, мора да се биде внимателен од нивното негативно влијание врз учителите. Во врска со тоа ***Гурнеи*** (1989) потсетува и вели: "Наметната промена може да биде катастрофална".[300] Кај некои современи теоретичари постојат размислувања дека технолошката перспектива е повторно појавување во слабо маскирана форма, притоа задржувајќи се на некои од идентификуваните слабости на овој приод кој беше искористен во седумдесетите години на минатиот век.

Укажувајќи на неопходноста од иновации во физичкото воспитание, на нив беше гледано како на привилегија на истражувачите. Учителот, во суштина беше гледан пасивно, иако идејата беше учител и постојан наставен план кој ќе биде прифатлив за

---

[298] Kirk, D.: (1988), Physical Educational and Curriculum Study-A Critical Introduction. London: Croom Helm, str. 83.

[299] Lawson, H.: (1990), Beyond posivism: research, practice, and undergraduate professional education. London, Quest 42, str. 164.

[300] Gurney, M.: (1989), Implementor or innovator? A teacher's challenge to the restrictive paradigm of traditional research. In P. Lomax (ed.), The Management of Change, Clevedon: Multilingual Matters Ltd, str. 13-28.

сите. Учителите сосема малку со своите сопствени размислувања излегуваа пред јавноста и скоро да не се чувствуваше никаква контрола врз иновативниот процес. Во фокусот на големите стратегии беа планираните иновации кои не обрнуваа внимание на специфичните проблеми на човекот. Од страна на стручњаците тежиштето беше ставено врз индивидуата, исто така, вниманието повеќе беше свртено кон материјалите отколку кон педагогиите. Претпоставка беше дека новиот наставен материјал може да биде подобра основа на иницијативите и подршката на новите начини на пренесување на содржините и учењето. Се мислеше, исто така, дека сличностите меѓу училниците и училиштата, беа многу поважни отколку разликите и дека она што добро функционира во едно, тоа значи дека функционира добро и во друго училиште. Поради тоа таквиот приод е осуден од повеќе теоретичари на современото физичко воспитание.

Така на пример, според ***Кирк*** (1990) тие иницијативи содржани заедно во технолошката перспектива имаат мал успех при освојувањето на целта за планираните образовни промени во физичкото воспитание. Тој притоа упатува критика на намерите со кои се настојува да се исфрлат учителите од развојниот процес. Таквиот приод се покажа како многу наивен и неприфатлив. Имено, тогаш учителите беа обвинувани за вршење на промени кои беа гледани како скривување на законските прописи. Според ***Дарлинг и Хамонд*** (1990) "друга причина за неуспехот е стариот начин на учење кај учителите. Нивните сфаќања и ставови се ретко разгледувани, како важен составен дел во процесот на сопственото работење, а уште помалку во процесот на промената на физичкото воспитание. На учителите се гледа како на вод (канал) за инструкции, а не како на учесници во развојниот процес.[301]

Лавсон (1990) говори и докажува аргументирано за причините поради кои овој пристап пропаднал бидејќи не било земено предвид однесувањето и влијанието на културата и политиката во промената на практичната работа во физичкото воспитание. Културата на училиштето и сопственото мислење на оние кои се вклучени во промените се игнорирани или едноставно не се забележани како проблеми за разгледување. Како и да е учителите имаат големо влијание врз тоа како иновацијата е прифатена. Во врска со тоа ***Ричардсон*** (1990) вели: "Учителите треба да ја увежбуваат контролата над одлуката дали и како да ја извршат промената. Има јаки аргументи за идејата дека учителите треба да ги донесуваат овие одлуки. Според него, ако било каков процес на промена обострано ќе ја признае и прифати контролата, во тој случај многу ќе им помогне на учителите да

[301] Darling-Hammond, L.: (1990), Instructional policy into practice: "The power of the bottom over the top", Cassell, Educational Evaluation and Policy Analysis 12, str. 233-241.

се однесуваат поодговорно во педагошките и моралните убедувања за сопствените одлуки".[302]

Исто така, теоретичарката ***Дарлинг Хамонд*** (1990) препознава дека наставните материјали можат да дејствуваат како силни средства за информирање кои ќе можат да асистираат на учителите при запознавањето со нови теми на нивните часови. Понатаму, таа тврди дека овие материјали, можат само малку да делуваат во трансформирањето на природната околина на училницата или пак на пренесувањето на содржините и учењето. Според тоа, јасно е дека наставниот план е многу корисен документ, но тој сам по себе нема да донесе вистински промени во нашите училишта.[303]

Еден значаен приод кон промените е ***еколошката перспектива***. Според ***Олсен*** (1982) ова гледиште не ги разгледува прашањата поврзани со наставникот туку акцентот го става на училницата (салите за вежбање) - како извор за објаснување на промената.[304]

Според ***Дрибен*** (1970) најпрепознатлива карактеристика на училиштето е неговата поделба на изолирани училници под управа на наставникот. Овој факт со своите ограничувања многу говори за случувањата во училиштата.[305]

Хенсе, задржувајќи се на овој проблем вели: "околината го контролира однесувањето на учителот на некој необјаснив начин, исто како што мозокот на учителот е сместен во црна кутија и реагира на дразби и сигнали од околината".[306]

Неодамна ***Веб*** и ***Аштон***[307] (1987), ги проширила овие перспективи за вклучување на наставничката култура, училиштето и училишната околина. Тие сугерираат дека еколошката ориентација треба да биде заинтересирана да се прошири со своите активности насочени кон училишната околина. Меѓутоа, и покрај таквите настојувања тие и понатаму остануваат фокусирани врз условите во кои наставниците работат, како главна причина за промени. Овој еколошки став имаше големо влијание врз студиите фокусирани на "менаџментот за промени" кои како цел им беше испитување на условите во училиштата. Клучна област во истражувањето на овој приод, беше учителот како водач, кој е способен да влијае на околината и климата во училиштето. Како резултат и последица од ваквите размислувања, се појавија т.н. "водечки линии" со цел да асистираат на

---

[302] Richardson, V.: (1990), Significant and worthwhile change in teaching practice. London, Educational Researcher 19, str. 10-18.

[303] Darling-Hammond, L.: (1990), Instructional policy into practice, Cassell, USDE, str. 239.

[304] Olsen, J.: (1982), Classroom knowledge and curriculum change, London, JPE, str. 3-33.

[305] Dreben, R.: (1970), The Nature of Teaching: School and the Work of Teachers, Glenview, Skott Foresman, str. 76.

[306] Hoyle, E.: (1986b), The Politics of School Management, London: Hodder Stoughton.

[307] Webb, R., Ashton, P.: (1987), Teacher motivation and the conditions of teaching: a call for ecological reform in Walker S. and Burton,L., Changing Policies, changign teachers, Miton Keynes, str. 22-48.

постарите наставници во постанувањето на ефективен менаџер за промена во смисла на креирање и насочување на успесите во една средина. Во тоа се состои и големиот придонес на еколошката перспектива кој се состои во подобрување на условите за работа и целиот начин на организација во училиштата.

Значајно гледиште во врска со промените во физичкото воспитание претставува и ***културната перспектива***. Иако наставниот план дава поволна поддршка на учителите кои сакаат да започнат промени, а пак работните услови даваат скеле на тоа како може да се дојде до промена, сепак технолошката и еколошката перспектива остануваат ограничени во развојот на процесот на промените кои се земени во изолација. Двете остануваат маргинализирани затоа што се дистанцирани од значењето на училишните иновации.

Во врска со тоа ***Олсен*** (1982), пишува вака: "двете тие се неефективни платформи за промена, бидејќи не водат кон игнорирање и спротивставување на сфаќањата за тоа дека наставниците во училиштата се поставени како објекти за манипулација". Следствено на тоа тој се залага за хуманистички концепции на промена во училиштата, што бараат промената да е процес, а не промена сама за себе. Ова се мислеше дека ќе биде значаен чекор напред, се додека ***Фулан*** (1982) не додаде дека: "трансформацијата на субјективните реалности е срж на промената".[308]

За ***Харгривс*** (1984) "учителите како и другите луѓе не се само целина од знаења, компетентна и техничка, туку тие се и создавачи на светот". Луѓе кои тежнеат кон остварување на цел и околности кои најчесто се далеку од идеални, и бараат константно регулирање и редефинирање на постојната наставна практика.

Неодамна тој го пренагласи влијанието на културата на учење врз промените. "Што учителот мисли, во што тој верува, што тој акумулира? Сето тоа има големо влијание во процесот на промената. Некои од овие примери на размислување, верувања, претпоставки, се толку широко разменувани меѓу припадниците на заедницата на наставниците што тие просто не знаат што е тоа ***култура на предавање.***[309]

Бројни теоретичари даваат различни дефиниции за терминот "култура". Така на пример, според Феиман, Немсер и Флоден (1986), "многу од учењата што беа фокусирани врз културата, направија добри претпоставки кои произведоа соодветна основа на знаењето, вредностите и нормите за акции што луѓето ги поттикнуваа и дури прифаќаа како природен начин на живеење".[310] Преименувајќи го ова

---

[308] Fullan, M.: (1982), The Meaning of Educational Change. New York: Teachers College Press, str. 36.

[309] Hargreaves, A.: (1989), Curriculum and Assessment Reform. Milton Keynes: Open University Press, str. 54.

[310] Feiman-Nemser, S., Floden, R.: (1986), The cultures of teaching. In M. Wittrock (ed.), Handbook of Research on Teaching, London: Collier Macmillan, str. 505-526.

гледиште ***Ериксон*** (1987) вели: "културата земена како делче на знаењето и како концептна структура одредува опции, бидејќи го обликува она за кое ние мислиме дека е возможно".[311] Многу темелно го дефинира прашањето - што е во светот, што постои во него, а што не. Во врска со ова, тој смета, дека културата е "прибор" на симболи, приказни, ритуали и погледи на светот, кои луѓето ги користат за решавање на различни проблеми. Со тоа нивните културни учители собираат различни делчиња за конструирање на одредени акции во специфични ситуации.

Ниас[312] (1989) го користи терминот ***организирана култура*** за да ги опише специфичните варијанти на стручната култура која се развива во специфичните институции. ***Акер*** признава дека филозофијата на водечките учители е добар извор на разлики од едно до друго училиште, посебно во основните. Но тој тука забележува и вели дека водечките учители сеуште не се единствен одлучувачки фактор, вклучувајќи ги и големината на училиштето, годините на старост, начинот на дејствување на учениците и заедницата, изворите на информации и слично на тоа. Иновациониот процес во внатрешноста на градските училишта кои работат со проблематични деца и далеку поангажирани учители, може да е доста различен од она што се случува во нормалните градски или во селските училишта со по два наставника, или во училиштата во богати населби со големи извори на финансирање и интензивна родителска партиципација. Различната учителска култура влијае како врз природата на технолошкиот процес, така и врз тоа како се применуваат иновациите и врз професионализирање на работата на учителите во физичкото воспитание.[313]

Во таа смисла секое училиште има своја сопствена инхерентна култура и изградени односи меѓу учители, ученици, постари раководители, управувачи и т.н.

Од сите напред искажани размислувања за промените кои треба да настанат во училиштата, особено за промените во наставата по физичко воспитание, не упатува на еден општ заклучок дека тоа не е лесна работа и задача, а за да се постигне тоа неопходно е потребно да се создадат важни претпоставки од технолошки, економски, еколошки и културен карактер.

Во продолжение на овој дел од анализата ќе се задржиме на некои најнови сфаќања за она што значи ***иднина на физичкото воспитание***. Притоа, се нагласува потребата од позабрзани професионални дискусии за иднината на физичкото воспитание, а особено дискусиите што треба да се водат за наставните планови и програми во

---

[311] Erickson, F.: (1987), Conceptions of school culture: an overview. London, Educational Administration Quarterly 23, str. 11-24.

[312] Nias, J.: (1989), Primary Teachers Talking, A Study of Teaching as Work, London, Routledge, str. 63.

[313] Acker, S.: (1990), Teachers culture in a English primary school. London, British Journal of Sociology of Education 11, str. 257-273.

многуте променливи општества и времиња. Овде, аргументите се фокусираат на преориентација и реструктуирање на предметот по физичко воспитание во склад со образовните потреби и интереси на учениците значајни за XXI век. Актуелната ревизија на Националниот наставен план за физичко воспитание во Англија и Велс е земена како основа за сосема нова ориентација што се рефлектира во дизајнот на наставниот план и програма и нивната реализација. Работата на ***Бернштеин*** и ***Јанг*** е искористена за реконструирање на долго време востановената практика, а нивните резултати од тоа се искажани и актуелизирани во нивните трудови: "Критичка педагогија за социјална правда", "Критички пост модернизам во човечките движења", "Физичко воспитание и спорт". Притоа, во рамките на наставниот план му се дава предност на учењето здобиено низ активности, отколку учење на активности. Резултатите и податоците што се добиени се сметаат за голем предизвик, но истовремено и доста задоцнети. Овие проблеми не се битни само за Англија и Велс, туку за сите земји во светот.

Со ревизијата на Националниот наставен план, исто така се бара да се забрза и прошират дебатите околу иднината на предметот, идниот наставен план и педагошката практика. Особено ова се однесува на проблеми кои биле претходно превидени или маргинализирани во многу современи расправи кои што се однесуваат на промените во физичкото воспитание и посебно во развојот на наставниот курикулум. Особено во овој дел од анализата го разгледуваме проблемот на тоа каков треба да биде придонесот на физичкото воспитание на децата во XXI век, во светот, со општества и економии многу по различни од оние во XIX и во XX век, притоа, укажувајќи на разните импликации што се однесуваат на структурата и содржината на наставниот план и програма на физичкото воспитание. Исто така, сметаме дека е потребно да се укаже на дефинирањето, структурирањето и осмислувањето на предметот во државните училишта. При тоа, укажуваме на потребите, но и на потенцијалот на значајни промени во принципите, наставните програми и педагошката практика и на физичкото воспитание со желба не само за нивно подобро разбирање, но исто така за инспирација и олеснување на промените, а особено промените на начините што го прошируваат квалитетот и квантитетот на можностите за учење кои им се на располагање на младите во светот.

Според зборовите на ***Јанг*** (1998) "ние треба да бидеме заинтересирани за сопствената работа колку таа придонесува "за" образование, а не само "од" образование. Затоа е потребно да се обезбедат концепти што ќе бидат наменети за оспособување на наставници и инструктори за трансформација на нивната практика".[314]

---

[314] Young, M. F. D.: (1998), The Curriculum of the Future: From the New Sociology of Education to a Critical Theory of teaching, London, Falmer press, str. 71.

Како што претходно споменавме инспиративните укажувања на ***Беизил Бернштаин*** за иднината на физичкото воспитание, поврзувајќи ги со идеите на Јанг се добра рамка за педагошката критика и развојот на физичкото воспитание.

Овие двајца теоретичари во Англија се меѓу првите кои укажуваат на потребата од поширока елаборација и фокусирање на гореспоменатите проблеми за иднината на физичкото воспитание. Иако вниманието на теоретичарите е насочено кон современите погледи и иднината на развојните перспективи во Англија и Велс, истовремено ја истакнуваме важноста на ова прашање, на меѓународно ниво. Според, Пени и Чендлер, всушност веќе е крајно време оваа проблематика адекватно да се истражи од што ќе произлезат потребните промени во дефиницијата и структурата на физичкото воспитание.

Во својот најнов труд "Курикулум на иднината" ***Јанг*** (1998) го насочува вниманието кон менувањето на организацијата и менувањето на карактеристиките на економскиот развој. Особено тој ги гледа општествата како се движат кон "економски развој воден од човечки ресурси" во кој "националните системи на образование и воспитание ја определуваат судбината на нациите повеќе откоку националните економии".[315] Според Јанг, овие промени ги поставуваат основните прашања во врска со сегашниот изглед на наставните програми, нивните својствени карактеристики и поделби. Тој е за развој на нови сродни карактеристики со кои заедниците активно одговараат на променливиот свет на работа, стануваат повеќе од пасивни субјекти и обрнуваат внимание на сложените контексти во кои здобиеното знаење може да се употреби. Поддржувајќи го во целост ставот на Јанг, од страна на повеќе теоретичари се нагласува потребата да се одговори не само на променливата свест на работата, туку и на промените во сите сфери на општеството во кое живееме и работиме. Исто така, оние што се занимаваат со планирање и изработка на образовните програми, треба да го имаат покрај другото во предвид не само променливиот свет на работа, туку и промените што се случуваат во слободните активности во односите на релација, меѓу работата и слободното време, како и промените меѓу самите индивидуи.

Понатаму, се нагласува потребата од промени во образованието кое треба да одговара на тие промени, односно образование кое што ќе иницира идни промени. Кога веќе ги имаме во предвид трансформациите во наставните програми, во тој случај не е можно да се изземат промените кои што се случуваат во самото општество.

---

[315] Исто, стр. 69.

Јанг нагласува дека: "расправите за наставните програми имплицитно или експлицитно се секогаш расправи за алтернативни потреби за општеството и неговата иднина".[316] Понатаму тој вели дека "треба да имаме на ум дека иднината мора да се создаде бидејќи таа не се случува сама по себе".[317] Се разбира дека ова упатува кон прашањата: дали "сегашноста" треба да биде предмет на расправа меѓу стручната јавност во сферата на физичкото воспитание? Каков тип на граѓани и ученици треба да земат учество во развојот на физичкото воспитание? Дали физичкото воспитание придонесува за развојот на идното општество што сакаме да го имаме? Со сите овие промени во општеството и визиите за иднината, дали има потреба за промени во специјалностите на физичкото воспитание? Ако сакаме да ги реализираме визиите, кои приоди и вештини треба да ги развиваат наставниците, каков однос тие треба да имаат кон учениците, колегите, родителите и кон другите луѓе од други организации кои се вклучени во физичкото воспитание и спортот на младите? Овие прашања се голем предизвик за кој што е веќе крајно време да се бараат одговори. Имајќи ги во вид овие прашања што се поставуваат пред стручната јавност, се наметнува потребата од наставни програми и педагошка практика која ќе биде насочена кон формирање на критички информирани граѓани кои ќе сакаат да играат улога во создавање на еднакви општества каде сите индивидуи ќе бидат вреднувани; во кои индивидуалните, социјалните и културните разлики ќе се сметаат за богатство на општеството и во кој знаењето е нешто што треба да се развива со колективна соработка, а не е нешто што е однапред дефинирано.

Се смета дека физичкото воспитание треба да има клучна улога во таквиот развој, но исто така реализацијата на овие визии бара радикални промени "во" и "од" физичкото воспитание во сите сфери, а посебно во принципите, во планирањето и структуирањето на содржините и наставните програми по физичко воспитание.

Понатаму Јанг говори дека за да се остварат овие визии и да се усвои она што може да го наречеме "критичка педагогија за социјална правда", прво, треба да се прошират дискусиите за целите на физичкото воспитание. Потоа, треба да се посвети внимание на импликациите од специфичните цели, на структурата и содржината на наставните програми и на крај треба да се бара развивање на наставни стратегии и методи доколку се сака да се реализираат поставените цели.[318]

Кога е во прашање иднината на физичкото воспитание, мошне се актуелни видувањата на познатиот современ теоретичар ***Б. Бернштајн***. Според него, не треба да постои строга класификација при изготвувањето на наставната програма за физичко воспитание,

---

[316] Исто, стр. 9.
[317] Исто, стр. 79.
[318] Исто, стр. 81.

нагласувајќи ја потребата наставниците да го олеснуваат учењето со наставна програма која одговара на индивидуалните потреби и интереси на сите ученици, а истовремено ќе одговара и на колективните вредности и интереси.

Тој смета дека "наставната програма е составена и дефинирана од категории (предмети, или во случајот на физичкото воспитание - активности), и односите меѓу нив".[319] Намалувањето на изолацијата меѓу категориите во наставните програми е основа за примена на принципите за класификацијата, а со тоа да се даде предност на иновациите во образованието. Понатаму, тој споменува дека за да се олеснат различните типови на учење и да се помогнат различните типови на ученици, многу е важно промената во улогите и односите меѓу наставниците и учениците. Накратко, работата на Бернштајн покажува на потреба од:

- промена на принципите во класификацијата на наставната програма за физичко воспитание;
- намалување на строгата класификација и оформување на наставна програма за физичко воспитание;
- да се создаде нов модел на наставна програма;
- преку учењето да се развиваат нови пораки.[320]

Во контекстот на досегашното, треба да истакнеме дека Пени и Чендлер не бараат да се уништи досегашното физичко воспитание, ниту го негираат централното значење на физичката активност, туку дискутираат за формата на физичкото воспитание во иднина и природата и целите на физичката активност во рамките на физичкото воспитание.

Со години наназад стручњаците укажуваат на погрешното јавно и политичко мислење за тоа - ***Што е и со што се бави физичкото воспитание?***

Во водичот издаден како прилог на Националниот курикулум за физичко воспитание во Англија и Велс 1992 година, се подвлекува дека: "во ***физичкото воспитание*** се потенцира учењето претежно во физички контекст. Целта на учењето е да развива специфично знаење и вештини и да го промовира физичкиот развој. Учењето треба да промовира партиципација во спортот", додека пак "***спортот*** е термин кој се употребува за различни физички активности, каде акцентот се става на учеството и конкуренцијата. Различни спортски активности можат и придонесуваат кон учењето".[321]

---

[319] Bernstein, B.: (1990), The Structuring of Pedagogic, Descourse. London, Volume IV class, Codes and Control, Falmer press, str. 116.

[320] Bernstein, B.: (1996), Pedagogy, Symbolic Control and Identity: Theory, Research, Critique, London, Falmer press, str. 79.

[321] DES-WO, 1992, str. 1.

Спротивно на ваквото гледиште има мислења кои што тврдат дека физичкото воспитание, не е само "активност" и не може да се поистовети со "спорт".

Сепак, иако стручњаците се согласуваат за тоа што не е предмет на физичкото воспитание, она што е предмет останува да биде не толку јасно дефинирано и претставува извор на очигледна тензија меѓу нив.

Тврдењата во врска со придонесот на физичкото воспитание за развојот на децата се многубројни и различни. На пример: ставот на асоцијацијата за физичко воспитание на Велика Британија (PEAUK) е дека физичкото воспитание "овозможува младите луѓе да ги ценат вештините на перформансот", дека "помага во развојот на здрав начин на живеење" и дека "придонесува во развивање на духовната, моралната, социјалната и културната свест кај младите луѓе".[322] Исто така, директорот на Советот за спорт на Англија, ***Сер Родни Вокер***, нагласува дека придонесот на наставната програма за физичко воспитание како интегрален елемент на "спортот за сите" не треба да се потценува како дел од воспитанието на децата.

Дискусиите на стручњаците околу компатибилноста на овие тврдења и нивните импликации за содржината и структурата на наставната програма, во голем степен е превидена во сегашно време. Според ***Армур*** и ***Џонс*** (1998) "физичкото воспитание можеби се обидува да направи премногу".[323] Исто така, според нив, физичкото воспитание "не успеало да определи специфичен фокус во рамките на својот огромен потенцијал".[324] Можеби неуспехот лежи во тоа што импликациите на различните цели на наставната програма (пренесувањето на знаењата и учењата) се неадекватно истражувани и поради отсуството на такви истражувања сведоци сме на појава на една особена доминантна форма и фокус во рамките на физичкото воспитание. Оваа форма и фокус го добива статусот на очигледна и за многу луѓе единствена возможна структура и ориентација на предметот.

Она што особено се нагласува без оглед што вниманието е фокусирано врз учење на активности и спорт, како и без оглед на различните интереси во рамките на физичкото воспитание, неговата наставна програма сепак останала непроменета.

Централно место во ова поглавје од нашата анализа завземаат укажувањата на некои теоретичари за т.н. "нови специјалности" кои имаат капацитет да ја олеснат реализацијата на целите во физичкото воспитание, односно нивното залагање за фундаментално преструктуирање на предметот на физичкото воспитание. Според нив, треба да се направи редефинирање на предметот, а тоа бара радикална

---

[322] PEAUK, 1998, Mission statesments, London, BJPE, str. 4.

[323] Armour, K., Jones, R. L.: (1998), Physical Education Teachers Lives and Careers: P. E., Sport and Educational status, London, BJPE, str. 85.

[324] Исто, стр. 85.

реформа на наставната програма. Во овој контекст, Пени и Чендлер, делумно се согласуваат со мислењето на ***Ф. Л. Лок*** (1992), дека: "ако сакаме физичкото воспитание да има важна улога во средните училишта во XXI век, треба да го потиснеме доминантниот модел... и да почнеме сé одново".[325] Меѓутоа, имајќи ги во вид ваквите размислувања на овие теоретичари, сепак, се нагласува дека реално во сите сфери на принципите и развојот на наставната програма не може да се почне од нула и во никој случај не може и не треба да се негира богатата историја на физичкото воспитание и дека е неопходно концпецијата да се гради и надградува на веќе утврдените практики.

Во продолжение на овој дел од нашиот труд, многу инспиративни се размислувањата на некои современи теоретичари од оваа област за иднината на физичкото воспитание, а особено за прашањата кои се однесуваат за патот што води од ***критичка педагогија до рамка на наставна програма.***[326]

Во овој дел ќе говориме за импликациите на специфични образовни програми во концепирањето на наставната програма во средните училишта. За време на развојот на НЦПЕ во Англија и Велс имало многу малку прилики за било каква ревизија на основната структура и рамка на предметот. Активностите, или областите на активности ја задржале привилегираната позиција во наставната програма. Оттука не може да стане збор за негирање на централната улога на активностите и спортот во физичкото образование, туку повеќе теоретичарите пројавуваат интерес за целта во вклучувањето на активностите во наставната програма за физичко воспитание. Според нив, професионална одговорност на секој наставник е да се концентрира на физичкото воспитание и тоа преку физички активности, да овозможи секое дете да почувствува уживање и достигнување во физички контекст, како и да се здобие со вештини, знаења и умеења кои ќе бидат основа за децата да водат активен и здрав живот.

Овде секако се поставува прашањето, дали долгогодишната структура базирана на активности е соодветната основа од која треба да се бараат образовни надежи и амбиции? Она што посебно загрижува според нив, е структурата базирана на активности што поттикнува фокусирање на перформансот во активностите, а учењето и презентирањето на содржините се ориентираат кон развојот на елитен перформанс во одделните активности. Поделбата меѓу активностите и постојаното нагласување на разликите меѓу различните области на активност, не придонесуваат наставната програма да се фокусира на

---

[325] Locke, L.: (1992), Changing Secondary school physical education, London, QCA, str. 362.

[326] Penney, D. and Chandler, T.: (2000), Physical Education: What Future (s)? Sport, Loughborough, Education and Society, Vol. 5, N-1, str. 75.

поврзувачките аспекти и потенцијали на предметот по физичко воспитание.

Постоечкиот уставен правилник на НЦПЕ покажува строга класификација и изолација во однос на предметот на физичкото образование и неговите составни делови. За жал, според нив, последната ревизија на НЦПЕ не направи големи промени за да се развијат тесните специјалности (специјалности кои поврзуваат) и за да се утврди фокус за придонесите од физичкото образование врз целото образование на децата. Па оттука се поставува прашањето дали е можно наоѓање на решенија доколку се сменат еден или повеќе од веќе утврдените делови или пак е потребна целосна промена?

Во обидот да се даде одговор на ова прашање многу се значајни укажувањата на современите теоретичари ***Мекдоналд*** и ***Брокер*** (1997) со кои се согласуваат и многу други експерти од оваа област. Имено според нив "предметот треба да се концептуализира како образовен процес сместен меѓу образовните предавања и базиран на образовни аргументи. За да се постигне ова, се чувствува потреба, физичкото воспитание јасно да ги изрази своите цели во врска со визиите за идните граѓани и општества, да ги идентификува знаењата, вештините и умеењата на кои ќе се потпира реализацијата на овие визии и да ги утврди нив како суштинско учење. Се смета дека придонесот кон учењето што го дава предметот, треба да биде негова експлицитна одлика, а истовремено и основа за рамката на наставната програма, повеќе отколку активностите од кои на крај се добива некаков придонес. Затоа се чувствува потреба од тематски ориентирана наставна програма повеќе отколку наставна програма базирана на активности и рамка која отворено ќе ги привилегира "темите" или "гранките на учење". Таа ќе биде директен предизвик за моменталната изолираност и строга класификација во наставната програма за физичкото воспитание". [327]

Насочувајќи се кон специфичностите на структурата и организацијата на наставната програма, треба да се напушта практиката на учење лекции дефинирани во однос на некоја активност (на пример, фудбал или гимнастика). Наместо тоа, се предлагаат теми кои претставуваат "суштинско" учење и активност или комбинација на активности кои претставуваат средиште на учењето што е фокус на тематската единица. Пресудна точка која треба да се има предвид е дека доминантниот фокус на суштинското учење во физичкото воспитание не треба да се дефинира според специфичните активности или спортови, туку според темите во програмата. Основата во наставната програма треба да се разликува од досегашната строго утврдена. Структурата која се предлага промовира поинаков модел

[327] MacDonald, D., Brooker. R.: Moving beyond the crisis in secondary physical education, London, Kogan page, str. 155-175.

(Бернштајн) на наставна програма и го рефлектира мислењето на ***Крам*** (1993), дека суштината на физичкото воспитание не е "да учиш за да се движиш", туку "да учиш движејќи се".[328]

Нагласувајќи ги промените што треба да настанат во наставната програма, исто така се истакнува дека предложениот приод секако не го исклучува стекнувањето на вештините, знаењата и умеењата што се поврзани со некои посебни физички активности или спортот. Напротив, се очекува дека такво учење би било посебно напредно со искуството стекнато преку физичкото воспитание, што е јасно кажано во тематските целини кои се однесуваат на предметот. Се очекува, исто така, дека наставната програма експлицитно ќе вклучува содржини кои се фундаментални и многу битни за развојот на физичката активност и спортот и дека физичкото воспитание ќе игра клучна улога во овозможувањето, поттикнувањето и проширувањето на учеството и реализацијата.

Понатаму во продолжение на овој дел од нашиот труд накусо истакнуваме дека предлозите на овие теоретичари се само обиди да покажат тоа што би требало да содржи новата наставна програма и за активностите што треба да се превземат за нејзината реализација. Се нагласува, исто така, дека има потреба од поширока елаборација на сите овие прашања што тесно се поврзани и се однесуваат на наставната програма, нејзиното презентирање и на новите модели на учење во физичкото воспитание на почетокот на новиот милениум. Се надеваме дека овие дискусии бездруго ќе поттикнат и други дебати и расправи со што ќе се внесат нови идеи и ќе се дојде до нови сознанија за наставната програма по физичко воспитание.

Кога се зборува за иднината на физичкото воспитание неодминливо е разгледувањето на прашањето за дефинирање на суштината на учењето и дефинирање на наставната програма.

Последната ревизија на Националниот курикулум за физичко воспитание (НЦПЕ) во Англија може да се смета како чекор напред кој отворено бара да се дефинира суштината на учењето и наставната програма во физичкото воспитание. Во таа смисла, се предлагаат следните суштински гранки на учењето:

- ***стекнување вештини и нивно развивање;***
- ***применување и комбинирање на учењето;***
- ***проценување и вреднување на перформансот (изведувањето на движењата);***
- ***знаења и умеења за фитнесот и здравјето.***[329]

---

[328] Crum, J.: (1993), Conventional thought and practice in physical education: problems of teaching and implications for change, London, BJPE, str. 336-356.

[329] Penney, D. and Chandler, T.: (2000), Physical Education: What Future (s)? Sport, Loughborough, Education and Society, Vol. 5, N-1, str. 78.

Според овие теоретичари, ако се сака да се видат новините во структуирањето и презентирањето на програмата по физичко воспитание, како и другите поврзани барања за реализирање на содржините на наставните програми и модели на работа што се појавуваат во училиштата, мора да се редефинираат во согласност со востановените гранки. Тука, во прв ред, треба да се направи идентификување на соодветни активности во рамките на кои наставните програми може да се развиваат, а тоа се новиот приод и далеку поголемата флексибилност во структуирањето на наставната програма, со што се постигнува поголема доследност меѓу она што е кажано од една и пораката на наставната програма од друга страна.

Треба да споменеме дека овие предлози што се истакнати во Ревизијата на националната програма за физичко воспитание во Англија, за тоа како треба да изгледа тематската рамка на наставните програми не се никаква апстракција, туку напротив, тие во голема мера, се визии за "алтернативна" структура што се темелат врз основа на компаративните искуства за физичкото воспитание, според кои, има повеќе алтернативи и алтернативни можности за фокусот и структурата на физичкото воспитание.

Со цел да дадеме поширока експликација на ова прашање, овде ќе наведеме и други искуства од други земји во светот. Така на пример, разгледувајќи ја стратегијата, принципите и развојот на ***наставната програма во Австралија***, може да се видат конкретни современи примери за рамка на наставна програма, која видно се разликува од моделите базирани на активност. Во националната програма за здравје и физичко образование, тематските целини како што се: "функционирање на човекот и физичка активност", "структури и практики на заедницата", "комуникација, испитување и апликација" се дел од предложената рамка за наставната програма, додека пак, тематските целини за: "човечкиот развој", "човечкото движење", "физичката активност и заедницата", "луѓето и храната", "здравјето на индивидуите и популациите", "безбедност", "човечки односи", ја сочинуваат рамката за процена и вреднување на резултатите.[330] Општиот развој на Австралија ги нагласи предизвиците, но и тензиите кои се појавуваат во развојот на такви предлози во училиштата. Сепак, овој развој поттикна непроценливо размислување меѓу теоретичарите по физичко образование во Австралија, а особено некои нови развојни идеи за наставната програма. Директните искуства од ваквиот развој го привлече вниманието на стручњаците да размислуваат за други приоритети во учењето кои треба да дојдат во преден план на физичкото образование, но и за тоа како треба да изгледа рамката на наставната програма која може да игра клучна улога во поттикнувањето на вакви промени.

---

[330] Исто, стр. 79.

Врз основа на сознанијата и предлозите за иднината на физичкото образование што се дадени од врвни експерти за таа област во Англија, Велс, Австралија, па и во други земји, како и врз основа на сознанијата до кои се доаѓа во најновата современа педагошка литература во развиениот свет, познатите англиски експерти во оваа област Пени и Чендлер, со цел да ги надминат дотогашните пропусти, даваат ***нови предлози за Националната програма за физичко образование во Англија***. При тоа, тие ги предлагаат следните глобални теми што треба да послужат како рамка на наставната програма:

- движење и физичка писменост (образованост);
- физичка активност, здравје и фитнес;
- натпреварување и соработка, и
- предизвик.[331]

Иако тие понатаму сметаат дека структурата на наставната програма треба да биде составена од посебни единици кои се фокусираат на една тема, сепак мислат дека има потреба да се поврзат овие теми во некои соодветни точки. Така, не само што се презентира нов принцип на класификација, туку и наставна програма со "послаба" класификација, така што поврзаноста меѓу различните теми во наставната програма се промовираат во презентирањето и учењето. Сепак, се нагласува дека ова не е целосно развиен модел на "алтернативна наставна програма". Има многу теми кои бараат поширока анализа, проучување и објаснување пред да се премине на ниво на детализирање. Во тој контекст меѓу теоретичарите се поставуваат и се бара одговор на следните прашања:

- дали темите кои се наведени се сметаат за адекватни, и дали тие можат да бидат артикулирани низ широкиот круг на учење опфатено со физичкото образование;
- дали треба темите на наставните програми во основните и средни училишта да бидат исти или треба да се разликуваат во двата степени;
- што точно се смета за пожелно и изводливо да се научи преку физичкото образование, и тоа за секоја тема во одделни фази од образованието и напредокот во учењето што треба да се овозможи.

Без сомнение може да се каже дека сите овие се клучни точки кои треба да се разгледуваат во секој понатамошен развој на ваков модел на наставна програма.

Првата тема - ***движење и физичка писменост***, се фокусира врз знаењето, вештините и умеењата поврзани со свесноста за телото, развојот, изразот и задоволствата и врз широката лепеза на физичките активности што се составен дел на современите општества. Така, мора да се признае дека физичкиот развој добива значајни психолошки и социолошки димензии и дека социјалните и психолошките вештини и

---

[331] Исто, стр. 79 и 80.

способности кои што се потребни за овој развој и за партиципацијата и перформансот во физичките активности, треба да бидат поексплицитни во структуирањето на наставната програма, нејзиното презентирање и учењето. Често се тврди дека физичкото воспитание придонесува за развојот на овие димензии на учење, но всушност тоа ретко го потпомага учењето на некаков поразбирлив и поцелосен начин. Тука, исто така, се истакнуваат колективните и индивидуалните проблеми кои што се битни и за кои што треба да покаже поголем интерес наставната програма. Освен тоа што ја развива свеста за телото и неговите способности, се смета дека физичкото воспитание треба да игра важна улога во всадување на чувство на почит кон способностите на другите луѓе. Развојот на овој фокус во наставната програма е неопходен доколку сакаме да постигнеме некаков ефект во проширување на шаблонот во партиципацијата и перформансот на физичката активност.

Имајќи го во вид ова проширување треба да се потсетиме на претходно споменатата широка лепеза на физички активности во современото општество. Во таа смисла се укажува на потребата да се изврши ревизија на конкретната природа на вештините, знаењата и умеењата, кои во моментот се поврзани со движењето и физичкиот развој. Покрај ова неопходно е многу повеќе да се изврши ревизија на многубројни сфери кои што овој аспект на физичкото воспитание го потпомагаат. Прашање кое посебно треба да се има во предвид е: Кои вештини, знаења и умеења треба да бидат привилегирани? На пример, дали има тенденција да се посвети внимание на знаење, вештини и умеења кои поттикнуваат партиципација и перформанс во тимски игри или во организиран спорт, каде има конкуренција? Со ова не се смета да има строга граница во движењето и физичкиот развој кој што се сметаат за основа за ангажирање во различни форми на физичка активност, туку напротив се нагласува потребата дека основата треба да има доволна широчина за да се максимализира обемот на нејзината потенцијална примена. Според тоа потребно е цврста основа која што ќе овозможува повеќекратна и различна поврзаност меѓу различните форми и активности.

Втората тема - "***физичка активност, здравје и фитнес***" се базира врз односите меѓу партиципацијата во физичката активност, здравјето и благосостојбата на иднивидуите и општеството. Оваа тема, впрочем ги разгледува начините на кои различните физички активности можат да го потпомогнат, но и во некои случаи да ги изложат на ризик физичката, психичката и социјалната благосостојба на личноста. Освен тоа оваа тема ја става индивидуалната партиципација, здравјето и фитнесот во контекст на општеството и на тој начин ги зема во предвид колективните, а не само индивидуалните интереси. Тука, исто така, меѓу овие теоретичари се нагласува

концептуализацијата на здравјето, кое вклучува спознајни и физички димензии, како и концептуализација на фитнесот што доприносува за поврзаноста меѓу спортот и здравјето.

Во современите општества, како што покажува развојот на Наставната програма во Австралија, се јавува потреба образованието да се занимава со сегашното и идно ментално здравје на учениците и на кој начин физичкото воспитание може да придонесе во однос на ова прашање. Треба да се посвети повеќе внимание на одржувањето на менталното здравје, преку различните физички активности за што е потребно да се вклучат искуствата стекнати низ реализација на наставната програма.

"Натпревар и соработка" - е тема која се однесува на дефинирање на карактеристиките на партиципацијата и перформансот во голем број на физички активности, а особено во организираниот спорт. Тука се јавува потреба предавањата да се фокусираат на критичните допирни точки меѓу конкуренцијата и соработката. Така, развојот на тимската работа и "фер плејот", треба да бидат во средиштето на тематските целини поврзани со оваа тема. Моделот на спортско образование укажа на битниот придонес што разните искуства од областа на физичкото образование го имаат врз промовирањето и проширувањето на "развојот на вештини" и "умеењето" во контекст на физичкото образование.

Сепак во оваа и во другиге теми се јавува потребата од истражување на комуникацијата и соработката преку разновидни контексти, а не само преку тимските игри. Притоа се предлагаат разновидни индивидуални и колективни активности, нагласувајќи ја поврзаноста меѓу индивидуалните и колективните програми. Овде мора да се нагласи и тоа дека ова е област каде има потреба од проширување на дијапазонот на активности вклучени во наставната програма по физичко образование. Доколку се сака да се постигне развој во знаењето и умеењето на конкуренцијата и соработката, од голема корист може да биде вклучувањето на учениците во нови активности. Се разбира дека овие нови активности за учениците ќе бидат далеку понепознати, а тоа секако ќе бара поголем ангажман и различен приод, потесна комуникација и тимска работа.

Темата ***"предизвик"*** може на сличен начин да се смета за карактеристика на секоја физичка активност, но досега е многу малку и истражувана преку физичкото образование. Нагласувајќи ја мултидисциплинарната природа на презентирање на содржината која се промовира од страна на современите експерти по физичко воспитание, истовремено се нагласува потребата од оспособеност на наставниците по физичко образование, како би можеле да одговорат на психолошките, социјалните и физичките предизвици кои се поврзани со партиципацијата и перформансот во физичката активност. Со оваа

широка перспектива се појавува потенцијалната поврзаност на темата "предизвик" со широк дијапазон на физички активности и средини. На пример, играњето може да претставува исто голем предизик како и искачување по карпи. Овде, исто така, се нагласува потребата од различност на искуство и контексти доколку сакаме мултидисциплинарната природа на темата да најде свој израз во пренесувањето на содржините и учењето. Очигледно, прецизната природа на бројни контексти кои на крај ќе бидат вклучени во тематската единица за оваа, или било која друга тема, зависи од многу работи, а пред сé, од физичките ресурси, од времето и експертизата, но и од претходните искуства на учениците. Кохерентноста и континуитетот мора да се запазат меѓу разновидноста на активностите. Различните димензии на темата "предизвик" на кои се укажува може да бидат разгледани и низ контекстот само на една активност.

Во темата ***"натпревар и соработка"*** се разгледуваат тематски единици кои се сосредоточуваат на игри, но ако целта на тематската единица е развој на различни форми на соработка кои се важни за партиципацијата и перформансот во спортските аспекти, тогаш од голема вредност би било вклучување на разновидни игри во тематската единица кои бараат различни видови соработка. Разновидноста на искуствата од учење е пресудна како за развојот на распонот така и врз длабочината на учењето на темата. Значи, очигледно е дека постои голем потенцијал за напредување кон доста комплексни тематски единици во подоцнежните години од образованието кои вклучуваат разновидни активности што ги поттикнуваат и предизвикуваат учениците да одговараат на трансферот во нивното учење. Овој аспект од физичкото воспитание е сé уште неадекватно развиен и затоа се чувствува во иднина потреба од тематски единици кои експлицитно ќе ги предизвикаат утврдените граници на знаење во и меѓу различни области на активност. Тука со право може да се каже уште на една работа - големината на тематските единици, која е флексибилна карактеристика во рамките на наставната програма.

Последно прашање во врска со она што се предлага меѓу теоретичарите за физичкото воспитание во иднина е врската меѓу различните теми и начините на кои тие можат да бидат испитани во и низ наставната програма. Значи, ова што го изнесовме погоре, несомнено подразбира извесен степен на поклопување меѓу различните теми. Овде, најочигледен е фактот дека развојот на учењето во врска со "движење и физичка писменост" е предуслов за успешно поврзување со искуствата стекнати преку другите теми. Ова укажува на потребата да се има во предвид соодветен баланс меѓу темите во одреден период од образованието. Меѓутоа, поврзаноста на темите, не е единствено нешто што произлегува од тематски ориентираниот модел, а што се промовира во наставната програма. Очигледна е потребата од

поголема поврзаност меѓу тематските целини "предизвик" и "натпревар и соработка", а од големо значење е и поврзаноста меѓу "предизвик" и "физичка активност, здравје и фитнес". Клучна улога на физичкото воспитание е да им помага на учениците да најдат соодветни предизвици кои ќе им го задржат вниманието и надвор од училиштето. Исто така, се јавува и потребата да се бара поголем ангажман и учество на учениците во физичкото воспитание.

Во последниот дел од ова поглавје на нашата анализа ќе говориме за интересот меѓу современите теоретичари и за искуствата на децата и нивното учење на тематските единици и расправите што ги водат по однос на физичкото воспитание. Фокусирајќи се на односите кои ги обликуваат тие искуства, мора да се стави до знаење дека шемите и тематските единици со "нов изглед", не се гаранција дека надежите и визиите за учењето во училиштата ќе се реализираат. Фокусирањето на детали на предавањето е секако многу важна критичка димензија која треба да се има предвид и која се смета како несоодветно следена во современата наставна програма по физичкото воспитание.[332]

Во врска со овој проблем се вели дека постои двострук интерес. Од една страна се бара новите пораки да се спротивстават на долгогодишната утврдена практика, а од друга страна стои потенцијалот на "традиционалните пораки" кои настојуваат да ги отстранат обидите да се воспостави нова практика "во" и "за" физичкото воспитание. Како што Пени нагласува во врска со развојот на физичкото воспитание во Австралија[333] - утврдувањето на тематски базирана рамка во документите не е гаранција дека ќе се појави нов акцент во предавањето и учењето.

Се поставува прашањето - Кои приоди, методи и педагошки односи може да се сметаат за доследни во "критичката педагогија за социјална правда" и за "новиот модел" на наставна програма што е предложен?

Овде мора да се спомене потребата од "послаба класификација" која ја разгледува Бернштајн. Која треба да биде во функција на концептот за поголема продуктивност во учењето. Поради тоа, обврска на теоретичарите е да ги разгледаат подетално и покритички сите наставни аспекти и да разјаснат што според учениците би било "централна улога" во составувањето и развојот на наставната програма. Исто така, тука се нагласува и потребата за фокусирање на вниманието кон развојот на приоди кои се базираат на совладување на искуства, но во исто време да се осигура значењето на тие искуства за секој ученик. Меѓутоа, сознанијата говорат дека "чисти" визии за такви искуства се

---

[332] Evans, J., Davies, B., Penney, D.: (1999), The Social Construction of teaching & learning: the politics of pedagogy, (1999) in: Hardy, G., Mawer M. -Learning and Teaching in Physical Education, London, FP str. 86.

[333] Penney, D.: (1998), School subjects &structures: reinforcing traditional voices in contemporary "reforms" od education, discourse: Studies in the cultural politics of education,Southampton, PHD thesis, str. 5-18.

ретки. Значи, задачата не е да се најдат такви визии, туку да се идентификуваат карактеристики кои треба да бидат вклучени во идните развојни програми.[334]

Овде очигледно е дека не се обрнува внимание кон значењето, но и на некои видни недостатоци во современите иницијативи на физичкото воспитание. Според ***Еванс***,[335] иницијативите во основа не успеале да го "почувствуваат доаѓањето на еден вид на практика која ги предизвикува хиерархиите на знаење или социјалните хиерархии кои преовладуваат во предметот и пошироко, надвор од училиштето. Иако, спортското образование е од големо значење за проширување на активностите на учениците, сепак вели тој - ние не знаеме доволно за гледиштата на учениците за овие искуства и гледаме дека моделот не одговара на социјално-критичната агенда. Спортското образование можеби е услов за развојот на подемократски практики во училиштата, сепак во голема мера се превидува појава на тензии кои се предодредени да се појавуваат меѓу практиките во и надвор од училиштето каде преовладуваат други гледишта.[336]

---

[334] Bernstein, B.: (1996), Pedagogy, Simbolic Control and Identity: Theary, Research, Critique, London, Taylor Francis, str. 84.

[335] Evans, J.: (1990), Ability, position & priviledge in school physical education, London, Falmer press, str.141.

[336] Shehu, J. - Sport education: (1998), Ideology, evidence & implications for physical education in Africa, London, SES, str. 227-235,

8. КОНЦЕПЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ НА СВЕТОТ

8.1. Концепциски и програмски решенија на физичкото воспитание во предучилиштите установи

Физичкото воспитание има мошне нагласено место и улога во воспитувањето на децата од предучилишна возраст скоро во сите земји во светот. Тоа особено се однесува за земјите од развиениот свет. Ова тврдење аргументирано се поткрепува со програмската структура на предучилишното воспитание во земјите на Европската Унија (види табела 1).

Од оваа табела се гледа дека без исклучок, физичкото воспитание претставува една од главните воспитно-образовни активности во сите земји на оваа Европска асоцијација. Во програмските документи, ова подрачје се појавува дури под осум различни имиња. Така, во Грција, Франција и Шкотска, тоа се именува како физичко воспитание, во Белгија, Англија и Луксембург се употребува терминот физички, односно психо-моторни активности, а во останатите земји се среќава уште под неколку други имиња, како што се: игра и развој на физички вештини (Германија); физичка и социјална околина (Шпанија); спорт (Ирска); движење (Португалија); тело и движење (Италија); сензорни и физички вежби (Холандија). Само во програмскиот документ на Данска програмските подрачја за овој степен од високообразовната дејност не се децидно именувани, но од програмските содржини и од дефинираните цели и задачи јасно може да се види дека и во оваа земја на физичкото воспитание во предучилишните установи се посветува прилично големо внимание и простор.

Во сите држави членки на Европската Унија основните интенции на предучилишното воспитание се "да се оствари интегрален социјален и когнитивен развој на детето".[337] Во најголемиот број на овие земји се застапени скоро истите програмски подрачја, но под различни имиња. Со нив главно е предвидено изведување на психомоторни активности, усно искажување и комуницирање, природнонаучни, драмски и естетски активности. При тоа, здравственото воспитание е интегрален дел во сите официјално донесени програми што се однесуваат на предучилишното воспитание.

[337] Pre- School Education in the European Union, (1995), Luxsemburg, European Commission, str. 60.

Преглед на воспитно-образовните подрачја застапени во предучилишното воспитание во земјите на Европската Унија и во Македонија

Белгија - **психо-моторни активности** - моделирање - јазик - математика - музика - наука	**Данска** - во градинка ниедно подрачје не е определено - во забавиште: не се изведува настава во права смисла, со можности за настава по некои предмети (дански јазик, математика и други)
Германија - независност и социјализација - драма и останати соодветни активности - развој на **физичките**, интелектуалните, емоционалните и социјалните способности - воведување во организирана дневна рутина и основни принципи на хигиената	**Грција** - психо-моторни активности (простор, време) - **физичко образование** - уметнички активности - технологија и изучување на животната околина - подготовка за читање и работа со бројки - социјални и верски активности
Шпанија - пронаоѓање на сопствениот идентитет и автономија - **физичка** и социјална **средина** - комуникација и претставување	**Франција** - **физичко воспитание** - научни и технички активности - омуникација и усно и писмено изразување - уметнички и естетски активности
Ирска - верско воспитание-вероnаука - ирски јазик - англиски јазик - математика - запознавање на околината - моделирање - музика - **спорт**	**Италија** - **тело и движење** - говор и јазик - простор, подреденост, мерка, предмети - време - природа - пораки - форми и средства за комуникација-медиуми - личноста и останатите (за себе и другите)
Луксембург - **физички активности** - музички активности - уметнички активности - логика и математика - говорни вежби - вовед во науката	**Холандија** Во градинка подрачјата не се дефинирани. Во забавиште: - сензитивни и **физички вежби** - холандски јазик - аритметика и математика - англиски јазик - сопствено истакнување - безбедност на патиштата - **здравствено воспитание**
Португалија - **движење** - настава по мајчин јазик - драма и музика - моделирање - математика	**Велика Британија (Англија и Велс)** - уметнички активности - општествени активности - говорни активности - математика - граѓанство - **физичка активност** - наука - технологија - религија
Македонија - воспитување културно-хигиенски навики - работно воспитание - запознавање на природата и општествената средина - култура на говорот - воведување во математиката - **физичко и здравствено воспитание** - музичко воспитание	**Шкотска** - психо-моторни активности - **физичко воспитание** -уметнички активности - подготовка за читање и сметање

Табела 1

Врз основа на деталната анализа на целта и задачите на предучилишното воспитание на овие земји, што е извршена за потребите на овој труд, може да се заклучи дека основната цел на оваа воспитно-образовна дејност е "развој на детето како личност, односно развој на социјалните вештини како и когнитивен и социјален развој".[338] Меѓутоа, скоро во сите дефинирани цели, можат да се воочат програмски барања што се однесуваат на физичкиот развој и воспитување на децата од предучилишна возраст. Така на пример, развојот на психомоторните вештини се наоѓа на прво место во програмите за предучилишното воспитание во Белгија. После физичките активности низ кои се развиваат овие вештини се наведени: драмските, јазичните, математичките, музичките и природно-научните активности. При тоа, се сугерира дека сите овие активности треба да бидат соодветни на интересите и реалните потреби на децата и да се изведуваат во пријатна и соработничка атмосфера.

Во постојната рамковна програма за предучилишното воспитание на Германија, исто така, основната цел е дефинирана како што следува: "развој на физичките, менталните, емоционалните и социјалните способности и потенцијали на децата низ соодветни игри и други активности".[339]

Главна цел на грчкото предучилишно воспитание е "развој на психомоторната координација, интелектуалниот напредок, збогатување и изградување на искуства на детето преку контакти со природата и другиот надворешен свет, поттикнувајќи хармонично социјално интегрирање и унапредувајќи ја соработката за комуникација и соработка со другите".[340] Во целта на шпанското предучилишно воспитание, исто така, на прво место се наоѓа познавањето на телото и движењето, а потоа се наведуваат другите програмски барања како што се: "создавање позитивна слика за себе, независно делување, развој на иницијатива и самодоверба, развој на социјални однесувања, учење да ги сообразува личните интереси и гледања со другите и развој на способностите за соработка".[341]

Во Франција не постојат некои строго дефинирани програми за предучилишното воспитание, но во официјалните препораки и педагошки насоки донесени 1986 година, се посочени неколку широки подрачја на активности што треба да придонесат за целосен развој на децата и за подготвување за основното училиште. Во овие препораки исто така, на прво место стојат физичките, а потоа природно-научните и техничките, како и активностите за кои вклучуваат комуницирање, усмено и писмено искажување.

---

[338] Исто, стр. 66.
[339] Исто, стр. 82.
[340] Исто, стр. 88.
[341] Исто, стр. 95.

Фактот што во програмските насоки за предучилишното воспитание на Луксембург, физичкото воспитание како програмско подрачје е наведено последно, не треба да се толкува како давање на некои помалку значаен педагошки статус. Напротив, од мошне деталните упатства и насоки за реализирање на програмските содржини, јасно се гледа дека и во оваа земја на физичкото воспитание на предучилишните деца се посветува големо стручно внимание.

Специфично за современата практика на предучилишното воспитание во Италија, е што ова воспитно подрачје се именува под називот "телото и движењето" и се наоѓа на прво место во програмската рамка која ја сочинуваат десетина тематски области. Со оваа програма се бара "целосен развој на личноста на детето насочен кон изградување на смисол за безбедност, самопочит, доверба во неговите сопствени способности, мотивираност и љубопитност".[342]

Концепциските и програмските решенија за предучилишното воспитание за возраста од 4 години до поаѓање на училиште се разликуваат во споредба со практиката во другите земји на Унијата. Во оваа земја децата со навршени 4 години се опфатени во основното училиште. Целта на основното образование е "да го унапреди когнитивниот и емоционалниот развој, да ја поттикне креативноста, да стекнат основни знаења и социјални, културни и физички способности".[343] Во програмите не се дефинирани некои посебни цели за децата на возраст помеѓу 4 и 5 години. Меѓутоа, со законот за основно образование се обезбедува интердисциплинарен приод во наставата по интелектуалното и физичкото образование, мајчиниот јазик и математиката, природно-научната и општествната група предмети. Во овие програмски рамки, физичкото воспитание и во оваа земја завзема едно од повисоките места во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

Од овој кус осврт за третманот на физичкото воспитание во предучилишните установи на повеќе земји од развиениот свет засновано може да се заклучи дека тоа концепциски, програмски и организационо е поставено на многу широка педагошка основа. Како резултат на тоа воспитната работа на предучилишните установи во рамките на ова подрачје е исполнета со содржини и активности со кои се обезбедува физичкиот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата од предучилишна возраст.

---

[342] Исто, стр. 118.
[343] Исто, стр. 131.

7.2. Местото и третманот на физичкото воспитание во основното и средното образование

Третманот на физичкото воспитание како наставен предмет и воспитно-образовно подрачје и во минатото, а уште повеќе денес, е на мошне високо место како во педагошката теорија исто така и во образовната практика без исклучок, на сите земји во светот.

Во други глави од овој труд, а особено во делот каде што се прикажува историскиот развој на теоријата и практиката на физичкото воспитание можат да се видат доволно аргументи за значењето што се дава на овој вид воспитание за развојот на личноста на ученикот. Уште од учењата на старогрчките филозофи, преку теориите на педагошките класици, до современите педагошки теоретичари[344] може да се види едно континуирано учење и залагање на физичкото воспитание да му се дава приоритетно место во воспитно-образовната работа со децата на сите возрасти и нивоа од нивното образование. Разликите постојат при тоа на кои цели и задачи да се посвети поголемо влијание, кои содржини да имаат поголем приоритет, како да биде односот помеѓу задолжителноста и факултативноста при реализацијата на одделни содржини, како да се именува оваа настава односно подрачје, со колкав фонд на часови овој предмет треба да биде застапен во наставните планови за одделни степени од образованието, какви дидактички решенија се посоодветни и педагошки позасновани во поглед на оценувањето на учениците за постигањата во оваа настава, колку ова воспитание треба да биде грижа на училиштето, а колку тоа да претставува општествена грижа и обврска и уште некои други помалку или повеќе суштински прашања и проблеми.

Од консултираната мошне обемна педагошка литература што се однесува за ова воспитно-образовно подрачје јасно се гледа еден тренд на збогатување, односно зголемување на аргументите за потребата од што поголемо бавење на младите и на возрасните со физички активности. Паралелно со зајакнувањето на овие залагања, во последниве десетина години се постигнати видни научни откритија за придонесот што може да го даде физичкото воспитание, спортот и физичката рекреација не само во развојот на здравата личност, туку и во отстранувањето или ублажувањето на разновидни недостатоци во физичкиот и психолошкиот развој што ги имаат мошне голем број млади и возрасни лица.

Во прилог на аргументацијата која зборува за големото значење и улога што му се дава на физичкото воспитание во рамките на воспитно-образовната дејност што се остварува во училиштата, овде се

---

[344] Dyson, P.: (1995), Student Voices in Two Alternative Elementary Physical Education Programs, London, Journal of Teaching in Physical Education, 14, str. 394-407.

наведуваат само мал дел податоци содржани во програмските документи на неколку земји од светот.

Во ***САД*** физичкото воспитание се вбројува во приоритетните наставни предмети. Физичкото, музичкото, здравственото и семејното образование се најпопуларни изборни предмети во оваа земја.[345] Значи, трендот не е избор на општо образовни предмети туку избор на оние содржини што се поврзани со задоволување на определени животни потреби.

Во концепцијата за реформа на образовниот систем во ***Јапонија*** од 1989 година се наведуваат четири основни национални цели на образованието помеѓу кои како прво е наведено барањето за "целосен развој на личноста". За постигнување на оваа цел во концепцијата се предлагаат пет неодложни мерки помеѓу кои како посебно се издвојува барањето: "да се унапредат спортските активности, заради стекнување на физичка кондиција и тактичко растоварување на учениците и создавање широки можности за спорт и рекреација". Преку реформата на основното и средното образование, како што се подвлекува во овој концепциски документ "ќе се настојува да се помага развојот на телото и на духот на учениците и јакнење во нив на побогати чувства". [346]

Во документот за реформа на образованието во ***Англија*** од 1993 година покрај другото стои дека: "образовнието не е заинтересирано само да ги наоружа учениците со знаења и вештини што ќе им се потребни во животот, туку тоа мора да им помогне на младите луѓе покреативно да го користат слободното време ... да живеат здрав живот, да се вреднуваат себе сѝ и своите постигања".[347] Во задолжителното јадро на предмети што го чинат скелетот на содржината од образованието на оваа земја се предметите: мајчин јазик, странски јазик, математика, природни науки и физичко воспитание.

Во општата цел на образованието во ***Унгарија***[348] покрај другото се вградени и формулациите: "да се изгради личност која што ќе знае и умее да се грижи за физичката егзистенција; граѓанска личност во која интелектуалните вредности се комбинирани со физичките способности; луѓе кои ќе сакаат да го живеат нивниот живот како активни креативни луѓе". Општата задача на јавното образование во Унгарија покрај другото е "да ја развива психичката и физичката издржливост, нивната способност за издржување на напорите од физичката и интелектуалната работа како и способноста да поднесуваат неуспеси, да водат здрав живот и да имаат самодисциплина

---

[345] Piciga, D.: (1992), Osnovno in srednje izobraževanje v razvitiem svetu: Stanje in razvojne perspective, Ljubljana, Pedagoški institut, str. 27.

[346] Outline of Education in Japan, (1989), Tokyo, Ministry of Education, Science and Culture, Goverment of Japan, str. 39.

[347] Dearing, R.: (1993), The National Curriculum and Its Assessment, London, New Combe House, str. 63.

[348] The Hungarian National Basic Curriculum, (1994), Budampest, Ministry of Education, str. 25.

во тоа". Помеѓу единаесетте принципи од кои се раководи регулативата на јавното образование во оваа земја, во поглед на изборот на образовните содржини се вбројува и образованието за здрав начин на живеење и физичко воспитание. Физичкото воспитание и спортот се третира како посебно високо-образовно подрачје и заедно со мајчиниот и странскиот јазик и математиката се изучуваат во целиот тек на школувањето, бидејќи, како што се наведува во новата концепција, нивната главна задача е развој на основните вештини и способности.

Во ***Холандија*** уште во 1890 година физичкото воспитание станува задолжителен наставен предмет во сите училишта и се изведува под името "воспитување за движење". Во Упатствата што се за изведување на наставата покрај другото стои дека "на децата мора да им се покаже како вежбањето и движењето може да влијаат на нивната зрелост".[349] Ова е есенцијалната идеја преку која се нагласува посебното значење на овој предмет во психичкиот развој на личноста на ученикот.

Во документите за реформа на образованието во ***Руската Федерација***[350] главен слоган и цел на посткомунистичкото училиште е хуманизација на образованието што значи поместување на центарот на гравитацијата од барањата на државата кон потребите за развој на детската личност, вклучувајќи го тука и развојот на физичките и психичките способности на децата.

Во документот "Образованието на младите од 15-20 годишна возраст во Европа", усвоен на министерската конференција во Мадрид, во март 1994 година, училиштето се третира како место каде што личноста се воспитува во својата целост. Развојот на личноста, како што се истакнува во овој документ, има исто толкаво значење колку што има и стекнувањето на знаења.

Во ***Италија***[351] физичкото воспитание е сместено во така нареченото изразно подрачје заедно со содржините: сликање, цртање, моделирање, фотографирање, техничко образование и уште неколку други содржини.

Во ***Франција***[352] пак е застапено под името "физичко и спортско воспитание", со основна ориентација да го помогне интелектуалниот и телесниот развој на ученикот.

Во најновите документи за реформа на образованието во Бугарија[353], физичкото воспитание е застапено во рамките на општото

---

[349] Ruessink A.: (1984), Curriculum Offering in Primary Education in The Netherlands, Hag, National Institute for Curriculum Development, str. 97.

[350] Kovalyova G. i drugi: (1994), Applications for Curriculum and Teaching in Post-communist Society, Moskva, str. 23.

[351] Cenčić, M.: (1989), Značilnosti reforme osnovnega šolstva v Italiji,Ljubljana, VIZ, 6, str. 16.

[352] Предучилишното и основното воспитание и образование во Франција, (1998), Превод на македонски, Скопје, Педагошки завод на Македонија, стр. 21.

[353] Концепция на развитието на средното образование в Република България, (1995), София, АА-БУ^ки, Н^0. 30, стр. 69.

образование под името: "Здравствено-хигиенска подготовка, физичка култура и спорт", а со основна цел - "изградување физички здрава, делотворна и автономна личност со хумани идеали".

За значењето и за местото што му се дава на физичкото воспитание во воспитно-образовната дејност на училиштето можат да се наведуваат податоци и аргументи скоро од сите земји во светот. Меѓутоа, веќе наведените примери претставуваат доволен доказ дека одамна се согледани педагошко-психолошките и редица други вредности што ги има физичкото воспитание во физичкиот, моралниот, социјалниот и во други аспекти од развојот на личноста на младите и возрасните.

Застапеност на предметот физичко воспитание во наставните планови на одделни земји во светот

		I	II	III	IV	V	VI	VII	VII I
1	Физичко воспитание и спорт (Франција)	5	5	5	3	3	3	3	3
2	Спорт (Германија)	3	3	3	3	2	2	2	2
3	Физичко воспитание (Словенија)	2	2	2	2	2	2	2	2
4	Физичко воспитание (Канада)	2	2	2	2	2	2	2	2
5	Физичко воспитание (Јапонија)	3	3	3	3	3	3	3	3
6	Физичко воспитание (Романија)	3	2	2	2	2	2	2	2
7	Физичко воспитание (Судан)	2	2	2	2	1	1	1	1
8	Здравје и спорт (Индонезија)	2	2	2	2	2	2	2	2
9	Физичко воспитание (Австрија)	2	2	3	3	4	4	3	3
10	Физичко воспитание (Чешка)	3-2	3-2	3-2	3-2	3-2	3-2	3-2	3-2
11	Физичко воспитание (Грција)	2	2	2	2	2	2	2	2
12	Физичко воспитание (Турција)	3	3	3	3	3	3	3	3
13	Физичко воспитание (Полска)	2	2	2	2	2	2	2	2
14	Здравје и Физичко воспитание (Австралија)	2	2	2	2	2	2	2	2
15	Физичко воспитание (Италија)	2	2	2	2	2	2	2	2
16	Физичка култура (Бугарија)	3	3	3	2	2	2	2	2
17	Физичко воспитание (Унгарија)	2-3	2-3	2-3	2-3	2-3	2-3	2-3	2-3
18	Физичко воспитание (Хрватска)	2	2	2	2	2	2	2	2
19	Физичко воспитание (Македонија)	3	3	3	3	2	2	2	2

Табела 2

Врз основа на аргументираните научно-теориски сознанија за придонесот што може да го даде физичкото воспитание за вкупниот развој на личноста на ученикот, особено во периодот на неговото основно и средно образование, се донесени и соодветни практични решенија за застапеноста на овој предмет во наставните планови и пошироко во глобалната структура и содржина за одделни степени од образованието. Од анализата на содржината на повеќе од шеесет

наставни планови кои што се во примена денес во одделни земји во светот, за потребите на нашата анализа е избран еден репрезентативен примерок на 19 земји во кои се изведува предметот физичко воспитание (види преглед број 2). Од прегледот јасно се гледа дека овој предмет во наставните планови се појавува со повеќе различни називи, но сепак во далеку поголем број земји преовладува називот "физичко воспитание". Покрај овој термин, за овој наставен предмет се среќаваат и имињата: физичко образование, здравствено и физичко воспитание, спорт, здравје и спорт, физичка култура, воспитание за движење и уште неколку други називи. Меѓутоа, многу покарактеристичен е фактот дека постојат големи разлики во бројот на неделниот фонд на часови со кои е застапен овој предмет во образованието на одделни земји како по одделенија исто така и во неговиот континуитет, до завршувањето на средното образование. Како што се гледа од приложениот преглед, помеѓу дваесетте земји, Франција е на прво место според третманот што му го има дадено на предметот физичко воспитание, особено во првите три години од образованието на децата. Таму учениците во I, II и III одделение секој ден во работната недела имаат по еден час физичко воспитание. Доста е респективен и бројот на часовите со кои е застапен овој предмет (3) и во погорните одделенија, односно класеви на основното и на средното образование. Интересен е фактот што во Австрија овој предмет во почетните одделенија е застапен со помал фонд часови, а во одделенијата што следат бројот на часовите се зголемува, со тоа што во V и VI одделение овој предмет е застапен со најголем број часови неделно (4 - 4). Во консултираната литература не постои некое пошироко образложение за ова дидактичко решение.

Од прегледот исто така се гледа фактот дека во практиката сé уште недоследно се почитува теориското значење што му се дава на физичкото воспитание за развојот на личноста на ученикот. Тоа се потврдува со фактот дека физичкото воспитание во повеќе од половината земји што се наоѓаат во примерокот, е застапено само со по 2 часа неделно во сите одделенија од основното и натаму во средното образование. Земјите кои поодлучно ја напуштаат оваа практика со последните реформски промени, како што се гледа од примерокот, се: Франција, Германија, Јапонија, Австрија, Чешка, Турција, Македонија и делимично Унгарија и Бугарија. Меѓутоа и од практиката на многу други земји што не се вклучени во примерокот, се гледа еден постојан и силен тренд за поголема застапеност на физичкото воспитание во наставните планови на основното образование, а особено на 14 годишна возраст од развојот на децата, но посебно во периодот на одделенската настава.

Покрај општите сознанија коишто се презентирани во наредниот текст се врши подетална компаративна анализа од која уште поексплицитно може да се види какво место му се дава на физичкото воспитание во рамките на општото образование.

Од табелите 3 и 4 јасно може да се види дека наставниот предмет физичко воспитание завзема прилично голем процент од општото образование што е застапено во повеќето земји во светот. Тоа најдобро може да се види од компаративниот преглед што е прикажан на табелата 3. На оваа табела може да се види процентуалната застапеност на општо образовните предмети во наставните планови за основно и средно образование во 15 земји на Европа и на Јапонија, вклучувајќи ја и Македонија.

Врз основа на деталната компаративна анализа на презентираните податоци во оваа табела, со потребната аргументираност можат да се воопштат неколку покарактеристични сознанија што се однесуваат на третманот на физичкото воспитание, како наставен предмет во училиштата. Најнапред треба да се предочи дека предметот физичко воспитание, според процентуалната застапеност во наставните планови, се наоѓа на трето место во 13 од 15 земји што беа предмет на оваа анализа. Помеѓу петнаесетте предмети што се изучуваат во општообразовните училишта, физичкото воспитание го завзема третото место во рангот. Со поголема процентуална застапеност во овие 13 земји се само предметите мајчин јазик и математика. Во останатите две земји (Турција и Португалија) овој предмет го завзема четвртото, односно петото место во рангот.

Многу индикативен е податокот дека дури и во земјите во кои предметот физичко воспитание е застапен со најнизок процент во споредба со другите земји, приличен број предмети коишто имаат значајна улога во понатамошното школување (странски јазик, историја, географија, хемија, физика, биологија и уште неколку други) се застапени со многу понизок процент. Така, карактеристичен е примерот со Шведска, каде што предметот хемија е застапен со 0,80%, а физичкото воспитание со 8,40% во вкупното општообразовно школување на децата од седумгодишна до петнаесетгодишна возраст.

Од презентираната табела јасно се гледа и податокот дека највисокиот процент на застапеност на предметите историја, географија, биологија, физика и хемија во наставните планови на одделни земји во светот, која се движи од 3,20% до 5,80% е далеку понизок во споредба со предметот физичко воспитание.

Табела 3. Процентуална застапеност на поедини воспитно-образовни подрачја во вкупниот фонд на часови во редовната настава во некои земји во светот

Наставни предмети	Бугарија %	Грција %	Унгарија %	Чешка %	Турција %	Франција %	Порту-галија %	Јапонија %	Герма-нија %	Словенија %	Југо-славија %	Хрватска %	Русија %	Шведска %	Маке-донија %
I. Задолжителни предмети															
Мајчин јазик	33,33	37,74	34,68	33,29	26,50	28,20	20,09	22,38	22,08	19,00	20,69	23,04	30,82	25,20	20,09
Странски јазик	5,00	6,53	6,23	6,50	3,61	9,44	12,19		7,41	6,00	6,12	5,65	5,52	7,60	6,75
Математика	20,00	15,96	20,40	20,21	14,85	11,02	13,71	15,13	11,81	18,00	20,12	15,65	18,40	14,40	19,71
Историја		5,80	3,19	3,23	1,60	3,00	8,91		1,92	3,00	3,89	3,47	2,30	1,20	2,26
Граѓанско општество		1,45	2,00	1,75	0,80	4,72	3,42	3,40	1,92	3,00					2,23
Географија		1,45	3,00	2,85	1,60	2,50	5,48		1,64	3,00	3,87	3,04	3,22	1,20	3,35
Биологија		4,50	3,67	3,44	3,20	3,50	8,91		2,19	3,00	4,43	1,73	3,22	1,20	3,92
Физика		3,20	3,50	3,01	3,70	3,90	3,00		1,64	2,00	3,31	1,73	1,84	1,60	2,23
Хемија		3,20	3,15	2,58	2,60	2,90	2,00		1,37	2,00	2,18	1,73	0,92	0,80	2,23
Техничко образование	10,00		6,00	4,25	10,44	5,51			1,64	3,00	4,49	2,60	7,36	3,20	2,26
Ликовно образование	5,00	13,79	5,25	6,38	5,22	6,29	13,03	6,42	4,67	7,00	6,28	4,43	5,98	2,40	7,33
Музичко образование	5,00	4,90	7,14	3,44	5,22	4,50	4,11	6,42	3,84	5,00	7,31	4,43	3,88	5,60	6,20
Физичко и здравствено образование	11,20	8,70	10,24	8,51	8,43	9,44	10,28	10,24	7,69	11,00		8,26	8,74	8,40	11,27
Природа и општество				4,25						3,00	3,37	4,34		4,80	3,39
Природа	1,66		10,20					9,84		3,00	1,12	1,73	4,60	7,20	1,13
Општество	5,00							10,22			1,12				1,13
II. Изборни предмети															
Втор странски јазик						3,14		3,79	4,67			2,00			4,29
Информатика и други						4,72						4,95			2,36
III. Факултативни предмети															
Спорт				4,25				5,69	6,98	3,00					2,00
Екологија								4,17	4,00	0,50					1,43
Дополнителна настава										1,00		3,95			6,88
Додатна настава						4,72			3,29	1,00		3,00			4,29
Слободни ученички активности									3,29	3,00		4,34			5,61

Од оваа табела можат да се изведат и воопштат и други податоци и факти што се релевантни за местото и за третманот на физичкото воспитание во општообразовните училишта. Но, презентираните податоци се доволни аргументи за да се заклучи дека овој наставен предмет завзема висок ранг, односно му е даден прилично голем простор во рамките на општото основно и средно образование.

Во табелата пак број 4 можат да се видат уште неколку други податоци кои уште повеќе го потврдуваат напред изведениот заклучок. На оваа табела е прикажан неделниот и годишниот фонд на часови со кои е застапен овој наставен предмет во 13 земји, вкупниот број на часови за определениот број наставни години и процентуалната застапеност во рамките на вкупното општо образование што го стекнуваат учениците.

Од оваа табела јасно се гледа дека во 6 земји овој предмет се именува како "физичко образование", во 2 како "физичко образование и спорт", а во одделни земји е застапен под името "спорт", "телесно воспитание", "физичко воспитание", "телесна и здравствена култура", а во Македонија, под името "физичко и здравствено образование". Во одделно поглавје на овој труд, е направена поширока експликација со која се потврдува фактот дека сé уште постои неуедначена и мошне разновидна неуедначеност на терминологијата при именувањето на овој наставен предмет. Податоците од оваа табела се дополнителни аргументи за реалноста на овој факт.

За третманот на физичкото воспитание од оваа табела е мошне значаен податокот во врска со неделниот и годишниот број часови со кои овој наставен предмет е застапен во наставните планови на земјите кои се предмет на оваа анализа. Од оваа табела се гледа дека во 9 од 13 земји, во првите четири одделенија овој наставен предмет е застапен со 3 часа неделно, односно 105 часа годишно, што е мошне висока застапеност имајќи го во вид бројот на предметите што се изучуваат во овие одделенија. Овој наставен предмет е застапен со по 2 часа неделно во првите четири одделенија само во Грција и Чешка, како и во IV одделение во Југославија и Хрватска. Уште повпечатлив е податокот во поглед на високиот третман што му се дава на овој предмет, што се однесува за неговата застапеност во наставните планови за општо образование на Германија, Јапонија, Португалија и Франција. Во овие земји предметот физичко воспитание, под различни имиња, е застапен со по 3 часа неделно во текот на осум години од школувањето. Овој висок стандард на застапеност во Португалија и Јапонија, како што се гледа од табелата, е задржан дури до деветтата година од школувањето. Наспроти оваа состојба, во наставните планови на Грција и на Чешка овој наставен предмет уште од прво одделение, па во текот на целото општообразовно школување е застапен со по 2 часа неделно, додека во Југославија, Хрватска,

Унгарија и во Македонија овој фонд е задржан во погорните одделенија. Од колоната на која е прикажан вкупниот број часови со кои е застапен овој наставен предмет, може да се воочи дека со најголем број часови во првите осум години од школувањето физичкото воспитание се изучува во Германија (1008 часа), а со најмал вкупен број во Грција (432) што е мошне индикативно и заслужува дополнителна анализа за причините поради кои е евидентна голема разлика во застапеноста. Фактот што на табелата не е прикажана застапеноста на овој предмет во VII и VIII одделение не влијае многу на констатираната сосотојба.

Од презентираните податоци може да се заклучи дека постои прилична усогласеност на концепциските решенија во најголемиот број земји во поглед на застапеноста на физичкото воспитание во наставните планови за основно и средно образование. Ако овој податок се проследи како се движел при реформирањето на образованието во одделни земји во светот, ќе се види дека доминира трендот за постојано зголемување, а не на намалување на фондот на часовите за овој наставен предмет.

Според тоа, засновано може да се очекува тој тренд да се задржи и во наредните години од овој век дури и во оние земји во кои физичкото воспитание досега нема така висок ранг на застапеност како што е тоа случај во најголемиот број земји особено од развиениот свет.

Табела 4. Компаративен преглед на застапеноста на предметот физичко воспитание во наставните планови на одделни земји во светот

	Странски земји	Назив на наставното подрачје	ОДДЕЛЕНИЈА																				ВКУПНО	%
			I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX		X			
			Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г		
1	Бугарија	Физичко образование	3	108	3	108	2	108	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72					720	11,20
2	Грција	Физичко образование	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72									432	8,70
3	Унгарија	Физичко образование	3	108	3	108	3	108	3	108	2	72	2	72	2	72	2	72					720	10,24
4	Чешка	Физичко образование и спорт	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72					576	8,51
5	Турција	Физичко образование	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	2	72	2	72	2	72					756	8,43
6	Франција	Физичко образование и спорт	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108					864	9,44
7	Португалија	Физичко образование	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108			945	10,28
8	Јапонија	Физичко образование	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105			945	10,24
9	Германија	Спорт	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	2	70	2	70	1008	8,69
10	Словенија	Телесно воспитание	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	3	105	2	70	2	70					760	11,00
11	Југославија	Физичко воспитание	3	111	3	111	3	111	2	74	2	74	2	74	2	74	2	70					699	10,62
12	Хрватска	Телесна и здравствена култура	3	108	3	108	3	108	2	72	2	74	2	74	2	74	2	70					684	10,26
13	Македонија	Физичко и здравствено образование	3	108	3	108	3	108	3	108	2	72	2	72	2	72	2	70					718	11,27

8.3. Нови сознанија во концепирањето на физичкото воспитание во некои земји на светот

Теориските проблеми во концепирањето на физичкото воспитание ќе станат уште поексплицитни, ако во врска со ова прашање се презентираат покарактеристичните состојби во неколку други земји во светот. Во оваа смисла, како репрезентативен примерок при теориското проучување е извршена содржинска анализа на најновите концепции за основно образование на земјите од Европската Унија.[354] При тоа е констатирано дека постои прилична усогласеност во моделот на наставниот план за основното училиште помеѓу членките во Унијата.

Најголемиот дел од планот, според бројот на наставните часови го завземаат мајчиниот јазик, математиката и странскиот јазик. Меѓутоа, во вториот дел од планот, каде се наоѓаат предметите од општествените и природните науки, на физичкото воспитание и на уметностите им е отстапено доволно наставно време.

Физичкото воспитание, во некои земји поврзано со спортот и со здравственото воспитание, е застапено без исклучок, во сите наставни планови за основното образование во земјите на Европската Унија, а во повеќето одделенија, дури со 3 часа неделно. Посебен статус на физичкото воспитание му е даден во нордиските земји, во кои што задолжителното образование трае од 7-та до 16-та година.

Од поглавјето на овој труд, каде што се презентирани податоци за целите и задачите на физичкото воспитание, можат да се воочат некои особености во концепциската поставеност на ова воспитно-образовно подрачје. Затоа овде се даваат само уште неколку дополнителни податоци кои се однесуваат за другите структурални елементи на основното образование. Најбитна концепциска определба карактеристична за основното образование во сите земји на Унијата е наставните планови и програми на државно ниво да се утврдуваат само рамковно. Во нив се застапени група задолжителни предмети меѓу кои се вбројува и предметот физичко воспитание. Но голем простор, односно наставно време е оставено за избор на една широка лепеза предмети и содржини што е слободно право на учениците. Во тој пакет на изборност, неизоставено се наоѓа и физичкото воспитание под различни имиња како што се: физичко тренирање, спортски игри, гимнастика, рекреативни активности и слично. При тоа, изведувањето на изборните активности по физичко и музичко воспитание се остварува со група составена од 12 до 15 ученици. Посебна грижа се води за организирањето и остварувањето на физичкото воспитание со децата кои имаат посебни потреби. Така, за децата со физички

---

[354] Handbook of Primary Education in Europe, (1995), The Council of Europe, London, D. F. Publishers, str. 51.

недостатоци, со оштетувања на видот, слухот, за ментално ретардираните и за децата со други недостатоци, се ангажирани посебно обучени наставници по физичко воспитание, преку соодветни вежби, на овие деца им се помага во ублажување на последиците од определени оштетувања и во емоционалното интегрирање со учениците кои нормално се развиваат и напредуваат.

Во општите цели на основното училиште, скоро во сите западноевропски земји, а особено во Англија, Франција, Германија, Италија, Австрија, Турција и Швајцарија, доста нагласено се истакнати целите на физичкото воспитание. Во формулациите на овие цели најфреквентни се барањата за воспитување на здрава, физички способна, креативна, физички и ментално издржлива личност. Од училиштето се бара да овозможи "полн ментален, физички и емоционален развој на учениците"[355] со нагласена потреба за воспитување на иницијативност, соработка, пријателство, кооперативност, независност, пристојност и други човечки и граѓански вредности кои што најмногу доаѓаат до израз преку содржините на физичкото воспитание.

Посебна новина во концепциите на основното образование на овие земји претставува интегрирањето на повеќе сродни наставни предмети и нивното изведување како разработка на комплексни наставни теми. Така, содржините на физичкото воспитание најчесто се интегрираат со содржините од музичкото и ликовното воспитание. На тој начин, наставните часови стануваат попривлечни и поинтересни за учениците, а воспитните потикнувања се поразновидни и многу поефикасни. Во оваа смисла особено треба да се посочи францускиот концепт според кој целокупната содржина на основното образование е составена од три широко-образовни подрачја, а едно од тие е физичкото и здравственото воспитание. Овој факт е доволен показател дека во оваа земја физичкото воспитание во основното образование има мошне висок педагошки третман. Сличен е и германскиот концепт на основното образование во кој што физичкото воспитание се појавува под името "спорт", со мошне широки програмски и организациони можности за вклучување на учениците уште од најмалата возраст во разновидни спортови. Така постепено, физичкото воспитание придонесува како во целосниот физички и психички развој на децата од оваа возраст, исто така и за што порано откривање на предиспозициите и афинитетот на учениците за одделни видови спортови. Голема е веројатноста дека вака осмисленият концепт на физичко воспитание значајно придонесува за масовното спортување што е карактеристично за овие земји и за врвните спортски резултати

[355] Development in National Education Turkey, (1994), Ankara, The Ministry of National Education of Turkish Republic, str. 14-15.

што ги постигнуваат нивните спортисти на меѓународните натпревари, а особено на Олимписките игри.

Од повеќето иновативни елементи на концепциите за основно образование на земјите од Европската Унија, а што се однесуваат на физичкото воспитание, за нашата практика е корисно да се посочат уште неколку решенија. Така, во ***холандскиот концепт*** е содржана обврската за изготвување и применување на државни стандарди според кои се мерат резултатите што се постигнуваат во наставата по одделните наставни предмети и со вкупната дејност на училиштето. Со овие стандарди пошироко се објаснуваат и конкретизираат содржините и постигањата на учениците во вид на вештини, знаења, однесувања и слично. Такви стандарди постојат и за мерење на резултатите што се постигнуваат во наставата по физичко воспитание. За оваа земја е карактеристична и глобалната содржина на основното образование во рамките на која се учи: сознајни и физички вежби; холандски јазик, аритметика и математика, англиски јазик, изразни активности, развој на вештините за контактирање во секојдневниот живот, унапредување на здравјето и здраво живеење. Од овој преглед се гледа практичната насоченост на содржините од физичкото воспитание кон реалните потреби на учениците поврзани со нивниот развој и здрав начин на живеење. Карактеристично за образованието во оваа земја е и тоа што училиштето не е оставено само, туку има мошне широка стручна и клучна подршка и помош од повеќе државни и регионални институции, како што се: центри за усовршување на учителите, државен институт за истражување во образованието, државен институт за унапредување на наставата, државен институт за изработување на тестови и други. Сите овие установи, во рамките на своите стручни и клучни надлежности, го помагаат и унапредувањето на наставата по физичко воспитание.

Во ***Италија*** пак, каде што јавното образование е прилично централизирано, од страна на три инспекторати се контролира спортот и физичкото воспитание во училиштата, уметничкото воспитание и сместувањето, односно домувањето на учениците кои се школуваат надвор од местата на постојано живеење.

Во ***Турција*** за образованието е надлежно Министерството за образование, млади и спорт, кое го раководи, го надгледува и го унапредува образовниот систем во земјата. Една од општите цели на основното образование на оваа земја е "да го оспособи секое дете на начин соодветен со неговите интереси, способности и ставови и да го подготви за натамошно образование".[356] Физичкото воспитание се наоѓа помеѓу осумте предмети застапени во наставниот план за основно образование, со фонд од 3 или 2 часа неделно. Во сите наставни програми, вклучувајќи ја и програмата по физичко воспитание, во оваа

[356] Исто, стр. 63.

земја посебно се нагласени психофизичките аспекти на содржините т.е. знаењата и вештините се избрани и организирани во склад со развојните можности и потреби на учениците на возраст од 6 до 14 години.

Во ***англиското основно образование***[357] најголем приоритет им се дава на англискиот јазик и на математиката, меѓутоа приличен обем на наставно време им е дадено и на така наречените естетски и практични предмети, како што се: ликовно, физичко, музичко и верско образование. Карактеристично за оваа земја е практиката училиштата да водат картони за секое дете каде што ги регистрираат резултатите од секој тест, релевантните факти во поглед на здравјето на учениците и пошироки коментари за постигањата, интересите и за општите способности на учениците. За потребите на физичкото воспитание голем придонес во оваа земја даваат службите за подршка кои што постојат во училиштата, а кои ги сочинуваат; лекари, психолози, социјални работници и бројни стручни лица кои преку непосредна соработка со учителите помагаат во осмислувањето на програмите за учење, учествуваат во усовршувањето на учителите, даваат совети и подршка на децата и на нивните родители.

За местото и концепциската поставеност на физичкото воспитание во воспитно образовната дејност во Австралија дознаваме од познатиот теоретичар ***Даун Пени***. Тој, како еден од најпознатите светски современи теоретичари за физичкото воспитание во јавноста познат со многу и мошне инспиративни гледања за природата, карактерот, функцијата и идната ориентација на физичкото воспитание, во својата статија објавена во списанието "Физичкото воспитание во Европа" број 2 под наслов "Местото и дефиницијата на физичкото воспитание, спортот и наставната програма" од 1998 година, говори за современиот идентитет и односите на релација меѓу физичкото воспитание, спортот и здравјето, а посебно како тие се поставени и дефинирани во образовниот систем во Австралија.

Осврнувајќи се за местото на физичкото воспитание во наставните програми, истакнува дека тоа завзема значајно место и "како еден од главните предмети се поистоветува со наставните предмети: домашна економија, надворешно образование, лично напредување, меѓучовечки односи, како и оспособување на личноста во рамките на секојдневниот живот".[358]

Понатаму, тој вели дека за физичкото воспитание се значајни три аспекти, и тоа: комуникација со истражување, физичка активност и општествена практика. Овде е јасно дека отсуствува спортот и спортските активности. Се укажува и на тоа дека учениците

---

[357] Scraton, S.: (1986), Physical Education, Sport and Schooling, London, Falmer Press, str. 71-94.

[358] Penney, D.: (1998), Positioning and Defining Physical Education, Sport and Health in the Curriculum, Loughborough, European Physical Education Review, Volume 4, No. 2, str. 118.

ги развиваат своите способности преку играта, спортот, гимнастиката, пливањето и низ други активности. Особено, тука тој се задржува на "здравјето" како мултидимензионална и социјална категорија и поврзаноста меѓу индивидуалното со општото здравје и фитнесот. Тој вели дека здравственото воспитание не е нешто што треба да биде издвоено од физичкото воспитание, туку тие треба да бидат интегрална целина што секогаш треба да има функција во придонесување на јакнење и одржување на личното здравје, а со тоа и на општото здравје на луѓето во општеството.[359]

Задржувајќи се посебно на прашањето за местото на физичкото воспитание во наставните програми во Кливленд и Викторија, тој притоа нагласува дека трите напред наведени сегменти на физичкото воспитание во овие австралиски држави поделени се на седум активности, и тоа:

- развивање на личноста;
- движење на човекот;
- физички активности и општеството;
- луѓе и храна;
- здравјето на поединци и популациите;
- сигурност; и
- меѓучовечки односи.[360]

Во оваа статија, тој исто така, говори и за односите на релација спорт и физичко воспитание. Притоа, нагласува дека учеството во спортот и резултатите во спортските натпреварувања посебно се актуелни за јавноста, а особено за политичарите и медиумите во Австралија, откако таа се подготвуваше да биде домаќин на Олимписките игри 2000 година. Имено, тогаш активностите насочени спортското образование да добие важно и соодветно место во рамките на физичкото образование со промовирање на повеќе алтернативни можности и добивање на понагласена улога на образовните цели на физичкото воспитание во наставата. Меѓутоа, спортот вели тој дека треба да претставува само еден сегмент што придонесува за развој на физичко образовани граѓани, а не да биде во средиштето на физичкото воспитание во училиштата. Исто така, тој критикува и некои состојби при реализирањето на училишната наставна програма. Има теми, вели тој за кои само декларативно се изјаснувме дека треба да бидат секојдневна практика, а всушност не се реализираат, како на пример темата: "одење", "рекреационен велосипедизам" и слично. За жал во некои средини овие активности се поистоветуваат со физичкото воспитание, а всушност не се реализираат во практиката.[361]

---

[359] Исто, стр. 117-126.
[360] Исто, стр, 120.
[361] Исто, стр. 123.

На крајот, осврнувајќи се на прашањата за иднината на физичкото воспитание во Австралија, и како последица од порастот на болестите на луѓето, Министерството за здравство направи своја стратегија со што се планирани сите активности насочени и фокусирани за промена на постојните физички активности и замена со нови, како и во промената на начинот на исхраната на луѓето (изборот на храна). Се разбира дека ова ќе биде голем предизвик за стручњаците кои треба да ја компонираат и проектираат иднината на физичкото воспитание, не само во Австралија туку и пошироко во светот.

Во трудот на ***Пени***[362], исто така се врши компаративна анализа за поставеноста на физичкото воспитание во ***Англија*** и ***Австралија***. При тоа се воочуваат разликите и сличностите во поставеноста и дефинирањето на физичкото воспитание во овие две земји. Така, додека при усовршувањето на наставните планови и програми на Англија, физичкото воспитание се третира како клучно подрачје на учење заедно со англискиот јазик, математика, природни науки, технологија, друг јазик, општество и животна средина и уметност. Така поставено, физичкото воспитание во Австралија има поширока педагошка основа. Така во поглед на поврзаноста на физичкото воспитание со здравјето, од учениците преку наставата по овој наставен предмет се бара: да ги препознаваат и да земаат учество во активностите посветени на развивање на физичката способност; да планираат начини за изведување на релаксирачки активности; да посочуваат факти зашто е потребна различна исхрана; да ги споредуваат своите чувства и сфаќања за здравјето со чувствата на другите луѓе; да дискутираат за условеноста на здравјето од физичките активности; за врската помеѓу моделот и градбата на телото со диетите во исхраната и уште многу други воспитно-образовни прашања и проблеми што се поврзани со здравјето и физичкото воспитание. Од таму, според ***Лавентур***[363] физичката активност сега ја има можноста да ги искористи своите потенцијали како главно средство за унапредување на здравјето на учениците од сите возрасти и да одигра единствена улога во излегувањето во пресрет на потребите поврзани со здравјето на сите млади луѓе. Училишниот концепт за унапредување на здравјето е во склад со гледањето кое подразбира физички, социјални и ментални димензии на здравјето и е засниван на основните принципи на: еднаков пристап во училишното образование на различните образовни групи и полови; истакнување на самостојноста низ стекнување на знаења и вештини и вклучување на сите фактори (училиштето, родителите, локалната средина) и полна ангажираност за развивање и воведување на училишни активности. Но, при тоа улогата на наставниците е

[362] Исто, стр, 126.
[363] Исто, стр. 127.

незаменлива. Во оваа смисла засновано е тврдењето на ***Типинг*** (1996)[364], кој вели: "да се има национална програма и подршка кои обезбедуваат рамка за поврзување меѓу здравјето и физичкото воспитание е една работа, но да се промени практиката на наставниците е сосема друга и уште позначајна задача". Но, истиот автор при тоа загрижено предупредува дека "физичкото воспитание во Австралија е изложено на губење свој идентитет во две насоки: од една страна од спортот и од друга страна од фитнесот".[365] Колку ова тврдење се однесува и на нашата практика треба да се види преку подетални емпириски истражувања.

Значаен чекор напред во иновирањето на физичкото воспитание во овие земји е направен и со примената на посебни тестови под називот "***Европски способен***". Овој пакет на тестови за мерење на физичките способности опфаќа: подвижност односно флексибилност, брзина, издржливост и сила. Овие стандардизирани тестови веќе се користат во повеќе европски училишта и претставуваат објективно мерило за задоволување на европските стандарди во постигањата на физичкото воспитание во одделни земји во светот.

Сите напред посочени иновирања се насочени кон усовршување на спортот за сите како средство за унапредување на квалитетот на животот, олеснување на социјалното интегрирање и придонесување кон општествена кохезија, особено помеѓу младите луѓе.

Од презентираните податоци засновано може да се заклучи дека постојат бројни иновирања во постојните концепции за остварување на физичкото воспитание во земјите на развиениот свет. Сите тие иновирања имаат две основни интенции: физичкото воспитание од класичен наставен предмет да се трансформира и прошири во начин на живеење на поединецот, паралелката, училиштето и општествената средина и второ, со содржините и со начините на нивната реализација на физичкото воспитание да се постигне полн развој на физички, емоционален, интелектуален, морален, социјален и естетски план.

Од повеќето современи трендови во развојот на физичкото воспитание, со својата оригиналност и иновативност, посебно се карактеристични определени концепциски и програмски решенија во ***Холандија***.[366]

Уште во воведниот дел на најновата концепција за основното образование на оваа земја, во делот под наслов "Претпоставки за развојот на основното образование" стои ставот дека "современото образование мора поактивно да биде поврзано со развојот на личноста

---

[364] Physical Education and the Health Promoting School: (1996), Oportunities Issus and Challenges, The ACHPER Healthy Lifestyles Journal, 43, 2, str. 8-11.

[365] Исто, стр. 10.

[366] Curriculum Offering in Primary Education in the Netherlands, (1995), SLO Enshed, National Institut For Curriculum Development, str. 98.

на учениците во рамките на социјалниот контекст".[367] Со тоа мошне експлицитно се застапува идејата дека образованието во целина, вклучувајќи го тука и физичкото воспитание треба постојано да ги следи и да ги задоволува современите општествени потреби и потребите на личноста на ученикот. Тоа се поткрепува и со ставот дека "училиштето мора да биде заедница во која учниците можат да делуваат општествено, да учат како да ја развиваат својата личност и креативност за лична среќа и за среќата на другите, за демократија, еднаквост и отвореност".[368]

Во оваа смисла од современото училиште се бара на учениците да им обезбеди можности работите да ги откриваат и разбираат сами, со други зборови, акцентот да се стави врз развојот на нивната креативност.

Овие концепциски определби многу подетално се конкретизирани и операционализирани во наставните програми по одделните наставни предмети. За физичкото воспитание во оваа земја се информира дека како задолжителен наставен предмет е застапено уште од 1890 година во сите училишта под името: "Игри и спортови". Меѓутоа, при современото концепирање на физичкото воспитание, како воспитно-образовна содржина во дејноста на училиштето, се поаѓа од реалностите на современото општество во кое значењето на спортувањето и физичкото рекреирање станува неизбежна потреба за нормалниот живот. Поради тоа, во оваа земја се користат повеќе термини за овој предмет, како што се: физичко вежбање, образование за движење, физичко образование и други. Но, бидејќи движењето е најзначајниот аспект на овој предмет, се смета дека "образованието за движење" е најпогодниот термин со кој се искажува неговата суштина. При тоа се потенцира дека преку овој вид образование мора да им се покаже на децата како вежбањето за движење може да влијае на нивната зрелост. Оваа е суштинската идеја што се нагласува во концепирањето и програмското осмислување на овој наставен предмет. Значаен акцент се става на движењето како животна потреба на личноста, а не на овладување со определени методи за вежбање. Како општи цели на образованието за движење во основните училишта, во оваа земја се поставени следниве:

- "образованието за движење настојува да ги мотивира и потикне децата за развој на позитивен однос кон разновидни облици на игри и движења;
- да ги охрабри во стекнувањето на моторни, социјални и когнитивни вештини поврзани со определени игри и движења;

[367] Исто, стр. 90.
[368] Исто, стр. 100.

- образованието за движење треба да придонесе во развојот на детската проникливост (интуитивност) во различните облици на игри и движења".[369]

Од овие формулации јасно може да се види дека во современиот концепт за наставата по физичко воспитание во Холандија одамна е напуштен физичкиот дрил, како цел сам за себе. Наспроти тоа, во современата настава најголем акцент се става врз развојот кај учениците на потребни ставови, однесувања и мотиви коишто имаат трајна вредност во определбата за бавење со спорт и со рекреативни физички активности. Токму во оваа смисла треба да се сфати и укажувањето содржано во овој програмски документ дека "образованието за движење на децата им помага да развијат, свест и однесување кон различни аспекти на спортските тренирања и тренирањата за движење".[370]

Покрај напред искажаните концепциски определби и програмски цели и задачи, иновативноста на овој концепт се гледа и од местото коешто на физичкото воспитание му се дава во рамките на општата програмска структура на основното образование. Во оваа смисла посебно се нагласува дека "образованието за движење игра специфична улога во секојдневната наставна практика".[371] Заради тоа во објаснувањата на програмата се истакнува дека образованието за движење треба да се практикува и во другите наставни предмети. При тоа се укажува дека тренирањето за движење како дидактички приод може да се користи во наставата по сообраќајно воспитание, математика, здравствено образование и низ другите предмети и подрачја. Тоа е корисно за развој на јазикот, за разбирање на броевите во математиката, а има и стимулативни ефекти врз координирањето на рацете и очите. Според авторите на современата програма за наставата по физичко воспитание во Холандија ова образование "ја потикнува фантазијата и ги зајакнува способностите за перцепирање на просторот, како и го помага развојот на бројни потенцијални способности во личноста на ученикот".[372]

Мошне се инспиративни и укажувањата што се однесуваат на дополнителните фактори што треба да се користат во изведувањето на наставата по физичко воспитание. Во оваа смисла се препорачува користење на што поголем простор за играње, разновидни наставни средства и широка слобода на движење. Покрај тоа се препорачува постојано зголемување на часовите за движење почнувајќи од детската градинка па натаму, во основното и во средното училиште и во текот на високото образование. Покрај тоа, многу често се нагласува потребата

[369] Исто, стр. 99.
[370] Исто, стр. 100.
[371] Исто, стр. 100.
[372] Исто, стр. 101.

за застапување на образованието за движење што е поврзано со животот и се остварува надвор од училиштето.

Од сето ова може засновано да се заклучи дека идеите и програмските решенија што се содржани во постојниот концепт за застапеноста на физичкото воспитание во холандскиот образовен систем, заради својата иновативност, заслужуваат натамошно постудиозно проучување, теориско и практично разработување.

Мошне современи формулации за задачите на физичкото воспитание се среќаваат во повеќе концепциски и прогрмски документи што се изготвени во последниве неколку години. Како карактеристични од нив се најновите документи усвоени во ***Јапонија*** и ***Кина***.

Во ***јапонското физичко образование*** акцент се става на унапредувањето на спортските активности што се во склад со здравствените услови и физичките способности на учениците. Остварувањето на зацртаните задачи е подигнато на највисоко државно ниво. Така, во најновата концепција покрај другото стои: "Владата ќе настојува да помогне во збогатувањето на најразличните услови за спорт и рекреација и да го подигне квалитетот на тренерите и наставниците за спортски и рекреативни активности".[373] Оваа обврска се однесува за учениците од најрана до најстара возраст, па дури и за возрасното население. Посебно внимание се посветува за унапредувањето на натпреварувачките спортови, а особено за подобрување на условите за учество на јапонските ученици во меѓународни натпревари.

Во ***кинескиот концепт*** посебна новина е тоа што физичкото образование е ставено во интегрална врска со образованието за одржување на хигиена на учениците. Во оваа земја, исто така се бара и унапредување на ова образование не само во училиштата, туку и во сите структури во општеството. Овде посебно треба да се издвои обврската што им ја дава државата на родителите да покажат за физичката сила и за здравјето на нивните деца. И овде како и во Јапонија властите на сите нивоа со Закон се обврзани да превземаат разновидни мерки и активности за создавање неопходни кадровски услови, финансиски средства, спортски терени и други погодности потребни физичкото и хигиенското образование да може успешно да се остварува во склад со наставната програма.

Во ***САД***, со доаѓањето на новиот претседател Џорџ Буш изготвена е нова стратегија за развој на образованието под наслов " Америка 2000".[374]

Од шест генерални цели за идниот развој на образованието, една припаѓа за физичкиот и менталниот развој на учениците, како и нивната заштита од дроги и насилство. Покрај тоа, во оваа земја е

---

[373] Outline of Education in Japan, (1989), Tokyo, Ministry od Education, Sciens and Culture, Goverment of Japan, str. 43.

[374] Progress of Education in the USA, (2000), Washington, US Department of Education, str. 42.

формирано посебно тело - Совет за изготвување на државни образовни стандарди и за оценување на учениците по сите наставни предмети вклучувајќи ги и постигањата во физичкото воспитание.

Во овој документ посебно е нагласена потребата за иновативни - истражувачки програми во сите образовни подрачја, заради создавање модели за "Нова генерација на американски училишта".[375] Во овој концепциски текст, односно Национална стратегија, новиот претседател, покрај другото вели: "Заради иднината на нашите деца и иднината на државата, ние мораме да ги трансформираме американските училишта и да изградиме нова генерација на здрави, физичко и ментално способни граѓани за живење во XXI век. Посебно е значајно сознанието добиено од првите проверки на горе посочените стандарди. Според извештајот на Советот, физичката состојба, односно различните аспекти на здравјето и физичкото растење на децата, како и нивниот моторен развој се наоѓа на прво место во петте критички димензии од кои е условен развојот и воспитувањето на американските деца.

Во документите издадени од Советот на таканаречените Европски училишта се содржани задачи што обврзуваат организирање и изведување на многу посовремено физичко воспитание. Во оваа смисла посебно се насочени задачите како што се: "Да ги развие физичките вештини и да всади кај учениците почитување на потребата за здраво живеење низ учество во спортски и рекреативни активности"; "кај учениците да ја зајакне толерантноста, соработката, комуникацијата и грижата за другите преку нивното активно учество во училишната заедница". Од овие две задачи може да се види дека идниот развој на физичкото воспитание, покрај другото треба да се одвива кон нагласено воспитување на навики за здраво живеење и постојани спортски и рекреативни активности на личноста, како и за изградување на социјално моралната сфера со оние вредности со кои се одликува современата граѓанска личност. Ова упатува на заклучокот дека во последниве неколку години се напушта концептот на доминантно физичко вежбање и усовршување на определени физички вештини, а сé повеќе се прифаќа концептот кој е насочен кон изградување на свест и внатрешна потреба на личноста за постојана физичка ангажираност и за активен општествен живот. Во оваа смисла се изготвува и содржината на новите програми на овој наставен предмет.

Податоците содржани во најновите концепциски и програмски документи што се однесуваат на образованието во земјите на Западна Европа, во САД, Јапонија и уште неколку други земји што се во транзиција од Централна и Источна Европа (Унгарија, Полска, Чешка, Руската Федерација, Словачка и Романија) упатуваат на следниов генерален заклучок: Земјите на развиениот свет и дел земји

[375] Исто, стр. 53.

од Источна и Централна Европа со побрз општествено-економски развој, при реформирањето на своето образование далеку поголемо и посуштинско внимание му имаат посветено на физичкото воспитание во споредба со неразвиените и со средно развиените земји, вклучувајќи ја и Македонија.

Напредокот се гледа како во поглед на научно-теориското и емпириското проучување на ова воспитно-образовно подрачје, исто така и во поглед на концепциското и програмското преосмислување и иновирање. Покрај тоа, во овие земји значаен напредок се постигнува и во мошне видливото иновирање на наставната практика по физичко воспитание, а особено во инкорпорирањето на физичките активности на учениците во сите сфери од нивниот живот и работа во училиштето и надвор од него. Физичкото воспитание во овие земји не е само задолжителен наставен предмет и интегрално воспитно-образовно подрачје од дејноста на училиштето, туку тоа е "начин на живеење на учениците, на нивните родители и наставници и на целокупната средина во која што работи училиштето".[376]

Гледано од теориски аспект, во последниве години се публикувани огромен број научни и стручни трудови во кои подетално се осветлуваат разновидни проблеми и дилеми со кои се среќава воспитно-образовната практика на ова воспитно-образовно подрачје. Приличен број од нив се консултирани и при изготвувањето на овој научно-наставен теориски труд и се наведени во прилог.

Мошне карактеристично и суштинско е сознанието дека скоро во сите концепциски документи на овие земји коишто за образованието имаат реформски карактер, челно место завземаат општите цели и задачи со кои се бара изградување и воспитување на физички и ментално здрава личност.

Во сите овие земји се извршени посуштински реформски промени во основното и во средното образование при што на физичкото воспитание му е посветено посебно внимание (види библиографија во прилог).

Врз така поставениот педагошки фундамент, натаму во програмските документи (во наставните планови и програми) се дадени практични решенија кои претставуваат конкретна ангажираност за реализирање на зацртаните задачи. Во оваа смисла наставниот предмет физичко воспитание, во најновите наставни планови се застапува со поголем фонд часови во споредба со претходните, новите наставни програми се одликуваат со суштински промени, се вршат темелни усовршувања на наставниот кадар за успешно реализирање на новите програми, осетно се модернизираат дидактичките услови во училиштето за наставата и за другите воспитно-образовни активности во рамките на ова подрачје, постојано се доградува една сосема нова

[376] Armstrong N., Sparkes A.: (1995), Issues in Physical Education, Cassell, Quest, str. 44-45.

организација за постојано физичко активирање на учениците, за разновидни спортувања и за рекреација во текот на наставата и во слободното време.

Суштинска новина при современото концепирање на физичкото воспитание во воспитно-образовната дејност на училиштето се состои во доследното настојување да се напушти класичниот наставен предмет, односно физичкото воспитание и како содржина, и како организација на воспитната работа да се поврзе, односно да се интегрира со повеќе сродни наставни предмети, а нивното изведување да се остварува како разработка на комплексни наставни теми.

Втора, мошне суштинска иновација којашто заслужува внимание и при осовременувањето на наставната практика, е практикувањето употреба на така наречени државни стандарди според кои се мерат резултатите што се постигнуваат во физичкото воспитание на учениците. Проверувањето и оценувањето, според овие стандарди, се врши од компетентна установа задолжена од државата.

Рамковната структура на наставните програми по физичко воспитание, широките можности што им се даваат на учениците за избор на разновидни содржини, третманот што им се дава во наставата на учениците со посебни потреби, исто така, претставуваат значајни новини содржани во современите концепциски и програмски документи за физичкото воспитание, што се во примена во повеќето развиени земји.

9. СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО НАШАТА ЗЕМЈА

Застапеноста на физичкото воспитание во образовните установи на нашата држава има долга историја. Тоа е воведено уште во времето кога не можело да стане збор за некој организиран образовен систем, ниту пак за образование на својот мајчин јазик. Историските корени на ова воспитно-образовно подрачје може да се рече дека се зачнати уште во турско време. Така, во рамките на реформите што се спроведени после младотурската револуција во тогашните училишта и на овие простори се воведува настава по гимнастика. За изведување на оваа настава главно се ангажира стручен кадар кој е школуван во други поразвиени земји. Наставата повеќе наликува на воени вежби и е условена од самоиницијативноста на наставниците што ја изведуваат.

Во времето непосредно после турското ропство, новите српски власти во македонските училишта испраќаат истакнати такаНаречени соколски работници за наставници по гимнастика. Тие не само што ја унапредиле образовната работа во физичкото вежбање во училиштата, туку и значајно придонесле за омасовувањето на општествените, а особено на соколските организации, како што се: "Гулаб" во Битола, "Силни" во Скопје и други.

Под влијание на бугарската пропаганда, исто така се основаат гимнастички организации во неколку градови во Македонија под името "Јунак". Со цел да се зајакне организацијата и да се подобри нивната стручна работа, се отвараат и посебни курсеви за учители по гимнастика во училиштата.

Физичкото воспитание во Македонија во периодот помеѓу двете Светски војни е под исклучително влијание на српските образовни органи. Уште во 1932 година, во оваа држава се формира Кралско министерство за физичко воспитание во чија надлежност е изготувањето и одобрувањето на плановите и програмите за настава по физичко воспитание. Ова министерство исто така ги именува и разрешува наставниците по физичко воспитание, како и се грижи за школувањето и усовршувањето на стручен наставен кадар.

Со донесувањето на законот за задолжително физичко воспитание за целата машка и женска младина на Кралството Југославија, настапува период на уште подинамичен развој на ова воспитно образовно подрачје. Како непосредно задолжен орган за оваа дејност, станува Министерството на војската и морнарицата. Тоа јасно укажува на фактот дека во ова време физичкото воспитание сеуште се остварува главно во функција на подготвувањето на младите за воено-одбранбени потреби на државата. Во овој период масовно се пропагираат и развиваат повеќе спортови и спортски натпревари како што

се: атлетиката, боксот, борењето, скоковите во височина и далечина, дигање товар, мечување, гимнастика, пливање, веслање и други.

Под влијание на напредното работничко движење во Македонија, паралелно со граѓанските форми на спортски активности, се остваруваат бројни активности на полето на спортот во кои масовно се вклучуваат работници. Работничкото спортско движење во основа е продолжение на идеолошката борба на македонскиот народ и преку спортот за негово национално ослободување. Овие активности имаат најширок одраз во фудбалскиот спорт во Скопје, Велес, Битола и во други градови во Македонија.

Во периодот непосредно после ослободувањето и создавањето на југосовенската заедница се појавува уште помасовно и пошироко движење на физичката култура. Основен белег за овој период е тенденцијата да се развие масовно вклучување на народот во активностите на физичката култура. За таа цел се формираат првите месни фискултурни одбори, а на 5 Март 1945 година во Скопје се формира Иницијативен фискултурен одбор на Македонија, со задача да ги изврши организационите работи за формирање на Фискултурниот сојуз на Македонија, што е и направено истата година. Како круна на сите овие масовни фискултурни движења и активности, во месец Јуни 1945 година, се оддржува Првиот фискултурен слет во слободна Македонија, на кој што учествуваат преку 10.000 младинци и младинки, како и претставници на Армијата.[377]

Меѓутоа, наспроти ова масовно движење за пропагирање на физичката култура меѓу народот, наставата по физичко воспитание во училиштата се остварува со позабавено темпо во поглед на нејзината застапеност, програмска осмисленост и организираност. Првите наставни програми донесени 1948 година, сеуште наликуваат на оние од претходниот период. Физичкото воспитание е застапено само во првите две години од средното образование, а програмите претежно се исполнети со вежби поврзани со одбраната. Со донесувањето на нови наставни планови и програми во 1952 година, се воведува настава по физичко воспитание и во завршните класови на средните училишта. Во нив за прв пат покрај практичната се застапува и теориска настава по овој наставен предмет. Преку теоријата целта е учениците да се запознаат со историскиот развој на определени спортови и спортски дисциплини, како и со основите на спортскиот тренинг. Од овој период се остварува мошне динамична стручна работа како во усовршувањето на наставните планови и програми, исто така и во унапредувањето на наставната практика по физичко воспитание.

Основни тенденции и остварувања што значат осовременување на оваа настава се состојат во повеќе иновирања, како што се: зголемување на неделниот фонд на часови од 2 на 3 часа; застапување

[377] Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga, str. 134.

на предметот без исклучок во сите степени и во сите години од школувањето; проширување на целта и задачите со нови барања и аспекти со кои се зафаќа целосниот развој на личноста; излегување од рамките на класичниот наставен предмет, односно трансформирање на физичкото и здравственото воспитание во воспитно-образовно подрачје чии активности се инкорпорираат во целокупната воспитно-образовна дејност на училиштето; осовременување на програмата со нови содржини што ги налагаат образовните потреби на човекот и граѓанинот во новото општество; подигнување и зајакнување на третманот на дополнителната, додатната и продолжителната, покрај редовната задолжителна настава; програмско и организационо преосмислување на слободните спортски активности; потесно поврзување на физичкото и здравственото воспитание; програмирано вклучување на повеќе внатрешни и надворешни субјекти во реализирање на целта и задачите на физичкото воспитание; по систематско следење и вреднување на резултатите што се постигнуваат во наставата и во другите подрачја од оваа дејност и уште редица други иновирања и усовршувања. Подетална експликација на сето ова следува во наредниот текст од овој труд.

Како што се гледа од претходниот текст, концепциското и програмското осмислување на физичкото воспитание, како наставна дисциплина во основното и средното образование во Република Македонија, има повеќе деценискиразвој. Концепциските промени и промените на наставните планови и програми за предметот на физичко воспитание во изминатиот скоро пет деценискипериод се вршени со онаа динамика со која се менувани наставните планови и програми по сите воспитно-образовни подрачја и наставни предмети за односниот степен на образование. Така, започнувајќи од 1952 година, кога Советот за просвета, наука и култура на Н.Р. Македонија го донесува првиот Наставен план и програм за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, па заклучно со 1997 година се извршени вкупно осум промени[378] и усовршувања на целта, задачите и содржината на основното образование, вклучувајќи го тука и наставниот предмет физичко воспитание.

Анализирајќи ги овие дидактички документи може да се дојде до најреалните факти за суштинските промени што се вршени во наставата по физичко воспитание. Преку тоа и најавтентично ќе се осознае степенот на квалитативните промени во концепциската поставеност на ова подрачје од воспитно-образовната дејност на основното училиште, третманот на овој наставен предмет во наставниот план и суштинските промени што се вршени во целта, задачите и содржината на наставата и другите структурални елементи на ова воспитно-

[378] Според постојната документација, нови или усовршени наставни планови и програми за основното образование во Република Македонија се донесуваат во годините: 1952, 1957, 1966, 1972, 1980, 1990, 1995 и 1997 година.

образовно подрачје. За таа цел, во наредното поглавје се дава еден синтетизиран преглед на посуштинските промени што можат да се именуваат како развој на современата концепција на физичкото воспитание во Република Македонија.

8.1. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишното воспитание

Ова воспитно-образовно подрачје има сличен педагошки третман и статус во предучилишното воспитание како и во земјите на развиениот свет. Во прилог на ова тврдење овде се презентираат повеќе информации и факти што се однесуваат за досегашната реализација и развој на физичкото воспитание на овој степен од нашиот образовен систем.

Концепциското и програмското осмислување на физичкото воспитание во рамките на воспитно образовната дејност на предучилишните установи има долг развоен период. Во 1954 година од Советот за просвета на НРМ се донесени првите привремени програмски упатства за работа во предучилишните воспитни организации. Десет години потоа, (1964) е донесена првата програма за предучилишно воспитание. Со неа поконкретно се определени задачите и содржината на оваа воспитно-образовна дејност. Четири години покасно (1968) е донесена програма за воспитно-образовна работа на детските забавишта. Натаму, промени и усовршувања на програмите за овој степен од образовниот систем се вршени уште неколку пати (1969, 1975, 1980, 1982)[379]. Во сите овие програмски документи, покрај другите воспитни подрачја е содржано и подрачјето физичко воспитание. При сите измени и усовршувања на програмите се внесени повеќе новини, поконкретни воспитно-образовни задачи, содржини и активности одделно за секоја воспитна група (прва мала група, втора мала група, средна и голема група). Особено значаен напредок во програмското осмислување на предучилишното воспитание е направен со програмата што е донесена 1980 година. Во оваа програма поконкретно се дефинирани воспитно-образовните задачи и содржини на физичкото воспитание за одделните видови на предучилишни установи: детски јасли, детски градинки и детски забавишта. Од учебната 1982/1983 година се воведени во употреба уште две програми за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, и тоа: програма за минимум општествено организирање предучилишно воспитание и образование и програма за вонинституционални форми за општествено организирани активности со деца од предучилишна возраст. И во овие

[379] 40 години предучилишно воспитание и образование во СР Македонија, (1984), Скопје, Заедница на предучилишните организации на Македонија, стр. 20, 21.

програми се поместени бројни содржини и активности од областа на физичкото и здравственото воспитание.

Со програмските документи кои се донесуваат до 80-тите години, физичкото воспитание како воспитно подрачје не е дидактички разработувано во потребната мера. Програмските барања и содржини повеќе се давани во една воопштена форма. Но, од програмата за физичко и здравствено воспитание за воспитно-образовна дејност, на предучилишните установи што е донесена во 1982 година,[380] може да се види една целосна заокруженост и детална осмисленост на ова воспитно-образовно подрачје. Така, според оваа програма, целта на физичкото и здравственото воспитание на децата од предучилишната возраст е "да го помогне правилниот психо-физички развој на децата".[381] За постигнување на оваа цел со задачите се бара: чување и зајакнување на здравјето на децата, грижа за нивниот правилен развој и растење, формирање и развивање на хигиенски навики, развивање на движечките способности на децата, формирање навики за секојдневно физичко вежбање, потикнување и помагање на интелектуалниот, моралниот и естетскиот развој на децата, како и создавање здрава основа за натамошна воспитно-образовна работа во основното училиште. Како што може да се види, на планот на физичкиот развој на децата, на предучилишните установи им се поставени приличен број доста сложени воспитно-образовни задачи.

Квалитативен чекор напред во осовременувањето на најновите програмски решенија за физичкото воспитание претставува и дефинирањето на така наречени оперативни задачи за физичко воспитание на децата од секоја возрасна група. Така, за децата од прва мала група (на возраст од 2 до 3 години) со оперативните задачи преку воспитната работа по физичко и здравствено воспитание се бара: да ја подобрува статичката и динамичката рамнотежа на стабилност кај децата, да ја развива способноста за контрола на своите движења, да ги навикне при одењето и трчањето рацете да ги движат покрај телото, да ги оспособи за качување и слегување по скали, да придонесува зајакнување на здравјето и за челичење на организмот како и развој на поголемите мускулни групи и моторички способности.

Оперативните пак задачи за втора мала група (за деца од 3 до 4 години) се малку посложени. Со нив, од физичкото воспитание се бара децата да се оспособат за одење и трчање по права линија, да играат лесно и без поголеми маневрирања да се завртуваат околу агол од 90°, да возат "трицикл", да ја пренесуваат тежината на телото на една нога и при отскокнувањето да отскокнуваат на една нога, да се навикнат за самостојно облекување по завршената физичка активност,

---

[380] Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, (1982), Скопје, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, стр. 265.
[381] Исто, стр. 271.

натаму да ги развиваат моторичките способности, мускулатурата и правилното држење на телото.

Според постојните програмски решенија, со оперативните задачи на воспитната работа по физичко и здравствено воспитание се бара кај децата од средна група (на возраст од 4 до 5 години) да се создадат навики за самостојно и редовно миење на рацете и лицето по завршената физичка активност, да умеат самостојно да се облекуваат по вежбањето и да се развијат основните движења за посложени ситуации. Децата пак од голема воспитна група (на возраст од 5 години до поаѓање на училиште) преку физичкото воспитание треба да изградуваат навики за одржување на личната хигиена и хигиената на околината, потреба за секојдневно користење на природните фактори во унапредувањето на здравјето, изведување на движења што бараат поголема подвижност и координација, како и развивање на мускулатурата на дланките и прстите, што е неопходна за пишување.

За остварување на напред посочените општи и оперативни задачи, со програмата за физичко и здравствено воспитание се конкретизирани повеќе програмски содржини и воспитни активности. Главно, програмите за сите воспитни групи се состојат од три тематски целини: вежби за развивање на одделни мускулни групи, развивање на основните движења и вежби за развивање на навика за организирано поставување во одредена формација и движење.[382] Од содржините што се поместени во рамките на овие теми може да се види дека основниот програмски концепт се состои во определбата континуирано воспитно да се делува на предучилишните деца од најмалата до најголемата група, за постојано развивање на мускулите во различни делови на телото (во рамениот појас, во грбот, на стомакот, на рацете и на нозете) и за постојано развивање на елементарните движења, како што се: одење, трчање, скокање, качување, лазење, провлекување, тркалање, фрлање и фаќање, дигање и носење и уште неколку други покарактеристични движења. Покрај тоа, со програмата се бара кај децата да се формираат навики за организирано поставување во определени формации, како што се: круг, колона, редица, да се престројуваат од една во друга формација, како и да се движат во определен правец и на определено барање.

Реализацијата на програмата по физичко и здравствено воспитание во предучилишните установи се одликува со посебни дидактички начини од постоечки и организациони облици. Овде не постои класичен наставен час како што е тоа во училиштето, туку станува збор за насочена воспитна активност со многу покусо временско траење. Сите физички активности со децата се изведуваат во вид на игра, преку имитирање на добро познати активности на луѓето, животните и на некои определени природни појави. Овие активности,

[382] Исто, стр. 271-281.

според програмските насоки, се изведуваат спонтано и се поврзани со интересот на децата. Како организациони облици се користат разновидни подвижни игри, прошетки, утринска гимнастика и други облици за воспитна работа. При сето ова мошне е значајно почитувањето на принципот постапност. За поуспешно остварување на задачите на физичкото воспитание и за реализација на предвидените програмски содржини се препорачува секојдневно систематско и организирано физичко воспитание во траење зависно од возраста на децата во воспитната група (10, 15, 20, 25 или 30 минути).

Со усложнувањето на програмските барања по физичко воспитание за децата од средната и големата група, се збогатуваат и организационите облици на воспитната работа. Покрај тоа, за овие возрасни нивоа се бара утврдување на претходната психо-физичка оспособеност на децата, за да може посоодветно да се одговори на нивните реални потреби од физичка активност. За децата пак за кои ќе се утврди дека заостануваат со својот физички развој, предучилишните установи имаат програмска обврска за индивидуална работа. За децата од овие воспитни групи се зголемува и интензитетот на вежбањето, секогаш имајќи ги во вид способностите на децата. Покрај тоа, должината на неделната временска рамка на насочената активност по физичко воспитание наизменично се менува со насочената активност и ликовно воспитание. Подвижните игри, прошетките, утринската гимнастика и другите организациони облици имаат најчесто примена во насочените активности по физичко воспитание и за децата од оваа возраст.

Програмата по физичко и здравствено воспитание за децата од предучилишна возраст се заокружува со програмските барања кои што во рамките на ова подрачје се поставени за воспитна работа со децата од голема група, како и за воспитните групи со полудневен престој. При реализирањето на оваа програма, се бара посебно да се работи со оние деца кои не биле вклучени во претходните воспитни групи со цел да се обезбеди нивно побрзо вклучување во нормална работа со целата група. Физичкото воспитание, според насоките содржани во оваа програма, треба да биде така организирано што ќе може да обезбеди движења и активности кои ќе придонесат за развивање на координацијата на движењата, прецизност и издржливост. Покрај тоа, интензитетот на вежбањето на децата од оваа возраст се бара да биде таков што ќе може да има определено влијание во одделните органи, системи и на оорганизмот во целина. Со тоа физичкото воспитание на многу поефикасен начин ќе придонесува за натамошниот развој, растење и зајакнување на децата.

Како специфичности за воспитната работа по физичко воспитание со децата од оваа возраст се посочува потребата за поголемо мотивирање за вклучување во разновидни физички активности,

потикнување и продлабочување на желбата за истакнување, поставување пред децата на конкретни задачи за физичко ангажирање и друго. Играта и имитирањето и на оваа возраст се најчести облици за изведување на воспитната работа.

Според програмата, за овие групи треба да се обезбеди секојдневно физичко воспитание во траење од 25 до 30 минути и тоа: насочена активност и физичко и здравствено воспитание, едно и половина занимање неделно, со намалување на насочената активност по математика од две на едно и половина занимање. Покрај тоа, со програмските насоки се сугерира подвижните игри, прошетките, утринската гимнастика и други слободни активности да бидат распоредени така што децата од оваа група да имаат секојдневна физичка активност.

Од овој кус осврт за концепциската поставеност и програмската осмисленост на физичкото воспитание за децата од предучилишна возраст можат да се согледаат доволен број факти кои што го потврдуваат заклучокот дека ова воспитно подрачје завзема значајно место и простор во програмската структура на предучилишното воспитание. Соодветно на тој третман се разработени програмските решенија и организационите облици на воспитната работа по физичко воспитание.

9.2. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование

Исклучувајќи го периодот на првите неколку години по ослободувањето, кога образованието во нашата република се остварување според привремени и нецелосно оформени наставни планови и програми, концепциското осмислување на физичкото воспитание, како и на другите наставни предмети на основното образование, започнува со напред цитираниот дидактички документ што е донесен 1952 година.[383] Според овој план, називот на овој предмет е "фискултура" и е застапен со по 1 час неделно од I до IV одделение и со по 2 часа неделно во погорните одделенија на основното училиште. Така, по однос на квантитативната застапеност со часови, овој предмет има ист третман како и предметите цртање и музика.

Во осмислувањето и формулирањето на неговите програмски цели и задачи можат да се извојат неколку посуштински елементи. Пред сé, предметот фискултура се третира како "дел од општото воспитание во нашите школи" и се укажува дека на "фискултурата треба да се гледа како нераздвоен, составен дел на

[383] Наставен план и програм за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, (1952), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, стр. 62.

образованието и воспитанието на младото поколение", чија основна цел, според овој документ е "формирање на ликот на новиот човек на нашата социјалистичка татковина". Во остварувањето на напред посочената цел, според програмата, предметот фискултура треба да придонесе, главно преку реализација на следните четири задачи: "да делува на природниот и физичкиот развој на учениците"; да ги развива психофизичките својства, како што се: срчаност, самостојност, опрезност, готовност, чувство за колектив, смисол за ред и дисциплина, чувство за одговорност, сетилни чувства и други; да формира правилно гледање на свет и да го помага идеолошко-политичкото изградување кај учениците ...; да ја јакне волјата и да ги развива карактерните својства.

Напред посочените цели и задачи, според односната програма, се реализираат во рамките на седум наставни дисциплини и тоа: гимнастика, атлетика, планинарство, водни спортови, зимски спортови, елементарни игри и народни ора. Во посебен глобален план сите овие дисциплини се расчленети на по неколку гранки и за секоја од нив е утврден бројот на членови за секое одделение, во рамките на кои се реализираат конкретни програмски содржини. Според овој оперативен план, најголем број часови годишно во прво и второ одделение треба да се издвојуваат за дисциплината "елементарни игри" (18 односно 16), во трето одделение за дисциплините "гимнастика" и "елементарни игри" (по 10 часа) и четврто одделение за дисциплината "гимнастика (10 часа).

Според оваа програма, наставата по фискултура ја сочинуваат следниве три основни форми: редовни часови по фискултура, излети и приредби. Во мошне широкото упатство содржано во програмата, се јавуваат детални насоки и укажувања за организирањето на наставата во рамките на различните форми на наставна работа Така, со програмата се бара редовниот час по фискултура да се одржува два пати неделно во траење од 30 минути, часовите да се одржуваат во училишниот двор, на игралиште, ливада, поле, шума, на снег или во вода, а само во исклучителни случаи во училница. Оценувањето пак се препорачува да се врши, пред сé, врз основа на појавениот интерес и залагање на ученикот "не земајќи како битно дали тој го исполнил даденият му задаток - норма".

Значајно место во оваа програма се дава и на излетите како постојан облик на работа во рамките на наставата по фискултура. За нив се препорачува "наполно да се разликуваат од редовните часови ... ", "да се изведуваат така што учениците да можат да се вратат на предавања ...", обично "да се поврзуваат со некоја акција и да траат половина или цел ден".

Во рамките на училишните приредби, како трета форма за работа, училиштето се обврзува покрај другото, да ги презентира и резултатите што се постигнати во наставата по фискултура. При тоа се укажува дека "точките од овој предмет треба да претставуваат повеќе поврзани елементи обработени во рамките на програмата, но презентирани во вид на уметнички исполнувања, низ движења поврзани со некоја убава песничка или мелодија". Се препорачува училишните приредби како смотра на културно-забавниот живот на училиштето да се одржуваат на крајот на годината, на завршетокот на полугодието или во чест на некој свечен ден.

Како карактерисичен елемент на оваа програма претставува и така наречената утринска гимнастика. Оваа гимнастика е поставена како програмска обврска на секој ученик која е предвидено да се исполнува секое утро веднаш после станувањето од спиење во траење од 10 минути. На тој начин, според укажувањата во програмата, "би се створила навика кај учениците за секојдневна потреба од фискултура". На редовните часови по фискултура учителот само треба да го обработи "материјалот за утринска гимнастика, како учениците би знаеле сами да вежбаат дома како и да им го објасни значењето на утринската гимнастика" за одржување на нивното здравје и физичка кондиција.

Педагошкиот квалитет на наставата по фискултура во овој период може да се проценува врз основа на бројни дидактичко-методски насоки и укажувања што му се даваат на учителот во делот под наслов "кратки методски напатствија". Така, од учителот по фискултура се бара секогаш "да истапува во улога на воспитувач, да има во предвид дека наставата по фискултура да биде наставно-воспитна и интересно-забавна, разновидна по својата содржина, учениците на часовите да се чувствуваат пријатно и да ги засакаат физичките вежби". Покрај тоа се бара на часовите да се избегнува чистото гимнастицирање преку комбинирање на елементи од различни дисциплини. Уште подетални методски напатствија се даваат посебно за реализација на содржините во рамките на секоја дисциплина, навлегувајќи во широко методски објаснувања и практички покажувања за конкретни методски единици.

Сумирајќи ги суштинските сознанија од анализирањето на оваа прва официјална програма за наставата по физичко воспитание, засновано можат да се воочат неколку основни карактеристики. Преголемата идеологизација на целта и задачите во духот на тогашното општествено-политичко уредување е најпрепознатливиот белег на оваа, како и на наставата по другите наставни предмети и на образованието во целина. Доминантната застапеност на гимнастиката и елементарните игри зборува за сé уште едностраното сфаќање на воспитното значење на физичкото воспитание во развојот на личноста

на ученикот. На физичкото вежбање и на дрилот во оваа фаза им се дава далеку попримарно место одколку на содржините кои што имаат покомплексна воспитно-образовна вредност.

Програмските определби и насоки дека наставата по фискултура треба да има ист третман во училиштето како и другите наставни предмети, дека треба да се постави врз поширока програмска и организациона основа од онаа што е карактеристична за наставата и дека воопшто треба да се делува во изградувањето кај учениците на интерес, потреба и навики за физичко-рекреативни активности низ целиот живот и работа, актуелни во тоа време, како определби се задржани и при современото концепирање на физичкото воспитание.

Со програмските измени и усовршувања што се извршени во 1957 година[384] се внесени повеќе иновирања во целта и во општата педагошка насоченост на физичкото воспитание како наставен предмет и воспитно-образовно подрачје. Но и во овој документ за овој предмет се задржува називот фискултура.

Како иновативни програмски задачи во споредба со претходната програма, можат да се посочат следниве: наставата по овој предмет треба да се раководи пред сé од потребите на ученикот и од објективните интереси на општествената заедница; да придонесе во оспособувањето на органските функци и преку нив да се развие смисла и навика за одржување физичка кондиција; учениците да се оспособат за борба против телесните недостатоци; да развие такви телесни способности кои на учениците ќе му овозможат движењата на телото рационално и успешно да ги користи во секоја прилика и најекономично да ја троши својата физичка сила. Меѓутоа и во оваа програма се задржуваат идеолошко-политичките определби од видот: да придонесе за формирање изградување социјалистички односи помеѓу учениците, развивајќи такви својства кои ќе обезбедат единство помеѓу личните и друштвените интереси.

Насоченоста на наставата во прв ред кон потребите на ученикот за психофизички развој и одржување на неговата физичка кондиција, нагласувањето на корективната функција на оваа настава во отстранувањето на разновидни телесни недостатоци и ставање акцент врз развивањето на оние движења кои што имаат практично значење во одржувањето на физичката сила на ученикот, претставуваат значајни иновации во оваа програма. Меѓутоа, глобалниот концепт на програмата останува скоро ист, со извесни поместувања или проширувања на определени содржини. Гимнастиката и атлетиката остануваат доминантни дисциплини во програмата за нижите одделенија како и се задржуваат трите претходни организациони форми: редовни часови по фискултура, излети и приредби. За овие

---

[384] Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, (1957), Скопје, "Просветно дело", стр. 112.

одделенија останува ист и неделниот фонд на часови (1 час неделно). Во вишите пак одделенија, според овој документ, предметот фискултура е застапен со по 2 часа неделно од V до VIII одделение. Покрај тоа што и во овие одделенија примарно место, според фондот на часовите, ѝ се дава на гимнастиката, со минимален број часови се застапуваат и содржини од повеќе спортови како што се: ракомет, кошарка, одбојка, пливање, смучање, стрелаштво, а во VII и VIII одделение и спортовите: фудбал, кајакарство, веслање, велосипедизам, бокс, ватерполо и тенис. Вежбите на справи и атлетиката, со релативно мал број часови, остануваат стандардни дисциплини кои што се застапени и во оваа програма.

Бидејќи во прилог на програмата не е дадено дидактично-методско упатство за нејзиното реализирање, тешко можат да се извлечат некои покарактеристични сознанија за тоа какви барања поставува оваа програма во поглед на иновирањето на наставата по овој наставен предмет.

Со воведувањето на наставниот план и програма за основните училишта во Социјалистичка Република Македонија, што се донесени во април 1966 година,[385] од Просветно-културниот собор на С. Р. Македонија, направен е значаен чекор напред во развојот и во осовременувањето на концепцијата за физичкото воспитание. Тоа се гледа пред сé во фактот што наместо "фискултура" овој предмет е внесен во новиот наставен план под името физичко воспитание, со зголемување од 1 на 3 часа неделно за учениците од I до III одделение и со по 2 часа неделно за сите наредни одделенија.

Покрај напред посочените иновирања, во овој дидактички документ, со определен годишен фонд на часови се внесени и нови воспитно-образовни активности како што се: часови за евентуални други предмети и содржини; дополнителна настава; производна и општествено-корисна работа и слободни ученички активности. Со тоа програмските основи на физичкото воспитание во рамките на училиштето значајно се прошируија. Се отворија нови можности за физичко активирање и рекреирање на учениците скоро во рамките на сите напред наведени подрачја, а особено преку слободните ученички активности. Согласно со новите програмски барања, во сите основни и средни училишта се формираа разновидни спортски секции со што особено заживеа спортскиот живот во училиштата и се овозможи масовно вклучување на учениците во разновидни спортови, според нивните желби, афинитети и способности. Поради тоа овие измени можат и да се наречат реформски чекор во развојот на концепцијата за поставеноста на физичкото воспитание во образовните установи на нашата република. Со тоа физичкото воспитание вистински, а не само

[385] Наставен план и програма за основните училишта на СРМ, (1966), Скопје, второ издание, ИП "Просветно дело", стр. 283.

теориски излезе од рамките на редовната настава која што за него претставува прилично тесна дидактичка рамка. Со оваа концепција, за глобалната структура и содржина на основното образование, физичкото воспитание во нашите училишта се трансформира во најшироко воспитно-образовно подрачје во кое наставата по физичко воспитание остана како еден задолжителен дел од многуте други широки можности за физичко воспитание на младите во духот на современите потреби на личноста и на општеството.

Подетално анализирајќи го овој дидактички документ може да се воочи дека тој содржи уште неколку мошне значајни иновативни елементи што се однесуваат на физичкото воспитание. Така, за прв пат физичкото се поврзува со здравственото воспитание како интегрална воспитно-образовна целина, односно "како посебен структурален елемент на воспитно-образовната работа во основното училиште". Во оваа смисла со новата програма училиштата се задолжуваат за извршување редовни систематски прегледи како за учениците, исто така и за наставниците. Покрај тоа, на училиштата им се дава можност во текот на учебната година да организират до три одделенски или училишни излети со физичко-рекреативен и здравствен карактер.

Посебна новина претставува програмското барање за организирање на логорувања за учениците од VIII одделение во траење до 7 дена, по завршувањето на учебната година, со тоа на училиштата им е допуштена можноста во најсоодветни дидактички и хигиенски услови да го надополнат и надградат она што во училиштето е пропуштено во текот на учебната година на планот на физичкото и здравственото воспитување на учениците. Воведувањето на спортските и други натпревари на учениците, како програмска обврска на училиштето, исто така, претставува квалитативен чекор напред со донесувањето на овој документ. Тоа овозможи организирање на различни нивоа на спортски натпревари со што широко се всади натпреварувачки и спортски дух не само кај талентираните туку кај сите ученици кои се вклучени во наставата и во другите воспитно-образовни активности на физичкото воспитание.

Согласно на зголемениот педагошки третман на физичкото воспитание во рамките на вкупната воспитно-образовна дејност на училиштето, значајни иновирања се извршени и во целта и задачите на наставата по овој наставен предмет, односно подрачје. Така, во општата цел сега се среќаваат нови формулации како што се: правилно да го насочува биолошкиот развиток на телото на ученикот, да развива здравствено-хигиенски навики, да ја јакне отпорноста на организмот, задржувајќи го при тоа барањето од претходните програми за развој на психофизичките способности, како што се: сила, издржливост, брзина, подвижности и друго.

Во овој програмски документ мошне забележително иновирање е извршено и во задачите на наставата по физичко воспитание. При тоа посебно е впечатлив фактот што како прва задача, не само на оваа настава туку и на училиштето во целина, односно на целокупната воспитно-образовна дејност која што тоа ја остварува, стои барањето "училиштето да ги развива и сестрано да ги јакне сите компоненти на здравјето (физичката, душевната, социјалната), да го поттикнува растењето и развитокот на организмот на учениците и сестрано да ги јакне нивните органски функции и физички способности". Покрај тоа, со оваа програма училиштето се задолжува да организира и спроведува систематска контрола и проверување на здравјето, телесниот развиток и растењето на учениците и за тоа да води соодветна евиденција. Покрај тоа овде уште поконкретно се формулирани оние програмски барања што се однесуваат на развојот на движењата што имаат практично значење, на компензаторската улога на физичкото воспитание како и на стекнувањето теориски знаења што имаат суштинско значење за разбирање и прифаќање на потребата од поседување на физичка култура на секој поединец, за одржување на физичка кондиција и за поседување навики за постојано физичко активирање во секојдневниот живот.

Како суштински иновирања на оваа програма се и воспитно-образовните задачи со кои се бара наставата по физичко воспитание "сестрано да ја развива телесната спретност кај учениците; да им помогне што поцелосно да ги совладаат практичните знаења и активност за чување на здравјето и за одржување на работоспособноста; и да им обезбеди на учениците активен одмор и разонода, освежување на организмот, прибирање нови сили и подигање на општото животно расположение за работа". Меѓутоа, и оваа програма не може да се ослободи од задолжителните идеолошки примеси од видот: "да помогне во развивањето на позитивните технички особини, моралните својства, квалитетите на волјата и карактерните одлики во духот на социјалистичкиот морал". Тоа е и разбирливо кога се има во предвид тогашното општествено-политичко уредување и владеечката идеологија. Меѓутоа, може засновано да се заклучи дека со оваа, трета по ред промена на наставниот план и програма направен е квалитативен чекор напред во развојниот пат на физичкото воспитание во нашата република. Повеќе иновативни елементи внесени во овој програмски документ упатуваат на заклучокот дека од овој период значајно се збогатува педагошката функција на наставата по физичко воспитание во нашите училишта. Од едностраното сфаќање на фискултурата, на телесното вежбање како наставна работа за развивање претежно на физичките потенцијали на личноста на ученикот, со донесувањето и примената на оваа програма се пристапува кон квалитативно нов концепт на настава по физичко воспитание кој

подеднакво ги има во предвид сите аспекти (физички, интелектуален, морален, естетски, социјален) од развојот на личноста. Значењето на овој квалитативен напредок во сфаќањето за мултипликативниот придонес што може да го даде физичкото воспитание во развојот на личноста на ученикот, станува уште поголемо ако се има во вид фактот дека ова иновирање, е направено при крајот на шеесетите години од изминатиот век. Натамошната анализа ќе покаже со колкава динамичност и интензитет продолжил равојот на концепцијата на физичкото воспитание во последните три децении од векот што измина.

Покрај во целта и задачите, во овој период мошне крупни промени и усовршувања се извршени и во концепцијата, структурата и содржината на наставната програма по физичко воспитание. Суштинска и најголема новина се состои во тоа што оваа програма не е изготвена за секое одделение посебно, како двете претходни, туку е структуирана во три програмски целини и тоа: програма за I и II одделение, програма за III, IV и V одделение и програма за VI, VII и VIII одделение. Во објаснението на програмата стои дека тоа, така наречено фазно програмирање е направено "сообразно со разликите што се појавуваат во физичкиот развиток на децата". Покрај тоа програмските содржини не се квалифицирани со определен број часови, ниту е посочено кои содржини за кое одделение се однесуваат.

Во оваа програма, исто така, целосно е напуштена претходната структура на програмата што беше компонирана во неколку дисциплини. Наместо тоа, во сите три програмски целини содржините се поместени под заглавието, "основно обликување на телото и движењата" и се посочени задолжителните разновидни физички активности преку кои треба да се постигне потребното обликување на телото и на движењата. Така, во сите три програмски целини се појавуваат активностите: одење и трчање, скокање, фрлање, лазење и качување, дигање и носење, влечење, потиснување, надвлекување и игри. Во вторите две програмски целини се поместени активностите "вежби на справи" и "танци" и уште неколку физички активности во помал обем. Овде треба да се воочи дека иновативноста на програмата всушност претставува доследност во исполнувањето на концепциското барање програмските содржини да не бидат однапред зададени како обврзни, туку како можности за избор согласно потребите и развојните можности на учениците како основен каритериум.

Со воведувањето на оваа програма далеку посложена станува стручната одговорност на наставникот по физичко воспитание. Од него се бараат и потемелни знаења од теоријата на физичкото воспитание и од другите гранични научни дисциплини како што се: анатомијата, физиологијата, психологијата, педагогијата и други. Само наставник со широки знаења за психофизичкиот развој на детето ќе може успешно да операционализира конкретни воспитно-образовни

задачи и содржини со помош на кои ќе одговори на развојните потреби на одделни индивидуи во одделението.

Посебна новина во оваа програма претставува воведувањето на еден мошне широк систем на натпревари во повеќе спортски дисциплини како што се: вишебој, атлетски вишебој, четворобој, гимнастички вишебој, спортски игри, крос, лизгање и терање ролшули, пливање и скијање, ритмички состави и народни ора. Со ова наставата по физичко воспитание е уште повеќе доближена до практичните потреби и практичниот живот на учениците, што претставува натамошен чекор напред во нејзината функционализација. Во програмата мошне експлицитно е кажано дека "преку натпреварите најуспешно се формира ученикова личност, со развивање интерес и желба за постигнување на максимални резултати". Во програмата се даваат и други подетални укажувања во поглед на учеството на учениците и нивното воведување во натпреварите, нивното организирање и спроведување во поглед на нивната зачестеност и слично. Според тоа, во оваа програма е направено видливо натамошно, концепциско, содржинско и организирано осмислување и усовршување на ученичките спортски натпревари како составен дел на програмата по физичко воспитание.

Квалитативното иновирање на наставата по физичко воспитание што се бара со овој програмски документ се гледа и од повеќето насоки, објаснувања и методски укажувања што се содржани во објаснението на програмата. Така, на наставниците им се укажува дека "за разлика од претходните програми, ова програма не го става во преден план учењето на одредени и конкретизирани телесни вежби... туку, поставува задачи според потребите на учениците, со чие исполнување се насочува развитокот на учениковата личност и се подига неговото здравје и физичка подготвеност". Натаму, во објаснението се кажува дека изборот на содржините и средствата е препуштен на наставникот, кој систематски треба да се подготвува за изведување на наставата по физичко воспитание. Детални упатства се даваат и за организирањето на посебни часови за корективна гимнастика, наменети особено за оние ученици кои имаат лошо држење на телото, односно деформитет од прв и втор степен.

Посебен комплекс на методски упатувања претставува оној кој се однесува на вежбите за обликување на телото. При тоа телесното вежбање со примена на динамични вежбовни елементи треба да се практикува како основно средство во физичкото воспитание и за најмалите ученици - првачињата, бидејќи, како што се истакнува во објаснението, мирувањето, односно статичките положби во секојдневието, особено во училишната клупа, делуваат штетно врз нивниот организам. При тоа, се укажува дека треба да се избегнува секакво формално, бесцелно, шаблонско, едностранo и монотоно

мафтање со рацете и нозете кое што кај учениците делува заморно и досадно, а нема соодветно физиолошко влијание. Заради тоа се препорачува вежбите за обликување да се систематизираат според нивното физиолошко дејство, да се распоредуваат по фази и да се применуваат. Од сето ова засновано може да се заклучи дека во оваа фаза од развојот на концепцијата и усовршувањето на наставата по физичко воспитание се карактеризира со поголема научна фундираност како на психо-биолошките аспекти, исто така и на педагошко-дидактичките и методските законитости што треба да се почитуваат при подготвувањето и изведувањето на оваа настава.

Натамошниот развој на концепцијата за физичкото воспитание е поврзан со примената на документот "Општата програмска структура со наставен план и програми "за основното училиште" што е усвоен од Републичкиот педагошки совет на С. Р. Македонија, во април 1973 година.[386] Како што е нагласено во овој документ, пристапувањето кон четвртото по ред концепциско и програмско усовршување на основното образование било потребно од неколку посуштински причини. Потребата образованието да не заостанува многу од динамичниот општествен развој и од интензитетот на новите сознанија во науката, техниката и културата се наведува како прва причина за ова иновирање на основното образование во нашата република. Натаму се тврди дека застарените наставни планови и програми веќе претставуваат кочница за побрзото преобразување на основното училиште во модерна и ефикасна воспитно-образовна установа. Евидентната преоптовареност на учениците се наведува како трета причина што ја наложила потребата за порадикално усовршување на наставниот план и програма на основното училиште. Промените што се настанати во потребите, очекувањата и забрзаниот развој на младата генерација се посочува како четврта по ред причина за превземеното концепциско и програмско усовршување на основното образование. Воопштеноста на претходните програми и недоволната конкретна дефинираност на општите и посебните воспитно-образовни цели на основното образование се истакнува како посебна причина за поделбата од изготвување на нова програмска структура и нови наставни планови и програми.

Имајќи го во вид предметот на нашето истражување, во овој дел логично е да се одговори на прашањето: во колкава мера овој пат е иновирана наставата по физичко воспитание гледано од аспектот на напред посочените причини поради кое е превземено изготвувањето на новиот концепциски и програмски документ за развојот на основното образование во нашата Република.

---

[386] Основно училиште - општа програмска структура со наставен план и програми, (1973), Скопје, ИП "Просветно дело", стр. 344.

Од податоците прибрани при анализирањето на одделните делови на овој документ, може да се заклучи дека иновативните елементи што се однесуваат на физичкото воспитание се помалку бројни и суштински понезначајни од оние што се содржани во претходните програмски документи. Така, во општата цел на образованието се бара изградување на многустрана, слободна и хумана, но не и физички јака и здрава личност иако во натамошното расчленување на оваа цел се нагласува потребата за развивање физички и психички здрави поединци кои ќе чувствуваат трајна потреба за физичка култура. Наместо тоа, во оваа цел збогатени се елементите што ја зајакнуваат идеолошката насоченост на целта на основното образование. Во оваа смисла многу понагласено одколку во претходната цел, од младите се бара, "да го усвојат марксизмот и неговиот научен поглед на светот ... и да се воспитуваат во духот на братството и единството на народите и народностите на Југославија и во духот на верноста и готовноста за одбрана на нејзината независност и интегритет". Од осумтте пак општи задачи на основното образование, само во седмата имплицитно се бара "младиот човек да се оспособува за активно учество во разновидни културно-уметнички, спортски, работно-технички и други културно-забавни и рекреативни дејности. Дури и во делот што се однесува за општествено-педагошката улога и битните карактеристики на основното училиште само воопштено се кажува дека тоа, како општообразовна институција, ги обединува и во синтензиран вид ги опфаќа општите и трајните вредности и искуства на човештвото, постигнати во областа на науката, техниката, уметноста, општествениот развој и физичката култура. Според тоа, задачите на училиштето во остварувањето на физичкото воспитание се многу поброjни и поексплицитно искажани во програмскиот документ што е донесен во 1966 година, одколку во оној чија примена започнува од учебната од 1973/74 учебна година.

Меѓутоа, напред посочената редуцираност односно осиромашеност на општите цели и задачи на основното училиште во поглед на физичкото воспитание во општата програмска структура што е поместена во овој документ може да се воочи суштински напредок во третманот на физичкото воспитание, како воспитно-образовно подрачје. Така, во сите шест дејности што ја сочинуваат новата општа програмска структура (настава; слободни ученички активности и ученички организации; општествено-корисна работа на учениците; грижа на училиштето за здравјето на учениците; јавна и културно-просветна дејност на училиштето и следење и унапредување на воспитно-образовната работа) повеќе или помалку се содржани елементи на физичкото и здравственото воспитание. Тоа особено се однесува на дејностите: настава, слободни ученички активности и грижа на училиштето за здравјето на учениците. Според тоа засновано

може да се заклучи дека со овој документ концепцијата на физичкото воспитание е поставена на најширока програмска основа во споредба со поставеноста во претходниот период.

Со оваа концепција за прв пат се допушта можноста во III и IV одделение да се организира предметна настава по физичко воспитание, доколку за тоа во училиштето постојат материјално-кадровски и други услови.

Со подетално проучување што е извршено во врска со прашањето со колкава доследност и широчина се разработени одделните дејности од општата програмска структура, посебно во поглед на физичкото воспитание, можеше да се заклучи дека програмските содржини во повеќето дејности, исклучувајќи ја наставата, се дадени прилично воопштено. Така формулирани тие не претставуваат ниту конкретни содржини и активности ниту пак непосредни обврски на одделни субјекти во училиштето. Поради овој програмски недостаток, осмислената концепција во овој документ за поставеноста на физичкото воспитание останува само декларативно барање без доследна операционализација во сите напред посочени сегменти од воспитно-образовната дејност. Додека наставата, која како квантитет завзема 64,43% од вкупната воспитно-образовна дејност на училиштето, е покриена со конкретни програмски содржини по сите наставни предмети, вклучувајќи го тука и предметот "физичко воспитание", за слободните ученички активности, кои според општата програмска структура, треба да завземат 11% од дејноста и за следењето и унапредувањето на воспитно-образовната дејност со 14% застапеност, не се предвидени ниту потребен број содржини, ниту пак повеќе конкретни воспитно-образовни активности. Како последица на тоа, овие подрачја, според општата концпција, имаат еднаков дидактички третман како и во подрачјето настава, но во практиката тие далеку заостануваат. Во најголема мера нивното практично остварување зависи од добрите желби и од ентузијазмот на одделни наставници кои имаат определен афинитет за водење на конкретни видови слободни активности, односно за следење и унапредување на наставата воопшто и посебно на наставата по физичко воспитание.

Што се однесува до застапеноста на наставниот предмет физичко воспитание, во наставниот план за основното образование што е донесен 1973 година, е направен чекор назад. Така, неделниот фонд од 3 наставни часа по физичко воспитание од I до III одделение што беше застапен во претходниот, во овој наставен план е сведен на по 2 часа неделно, како и за сите други наредни одделенија. Во документот нема образложение поради што е направено тоа, но веројатно се имала во вид можноста ова редуцирање на здолжителните часови да се надополни преку слободните ученички активности и низ други дејности од општата програмска структура. Но, како што напред веќе е

истакнато, ова теориско очекување во практиката не е остварено во потребната мера.

Во концепирањето на наставната програма по физичко воспитание, што е содржана во овој документ, не се извршени некои посуштински и покрупни измени и усовршувања. Така, во целта на оваа настава главно се задржани оние воспитно-образовни елементи што се содржани во целта од претходната програма. Дури може да се рече дека во претходната цел програмските барања се искажани многу поконзистентно и поексплицитно.

Ново формулираната цел на оваа настава се сведува на "развивање и усовршување на психофизичката природа на децата и младите, развивање на здрави и хармонично развиени лица, развивање на психомоторната способност (а тоа како што е познато не само една), односно работна кондиција за совладување на секојдневните напори во средината во која тие живеат и работат". Од ова јасно се гледа дека станува збор за мошне дифузна цел, недоволно научно фундирана, цел која што не ги одразува реалните можности и очекувања од наставата по физичко воспитание. Покрај тоа, гледано од психолошко-педагошки аспект мошне се дискутабилни формулациите со кои се искажани одделни елементи, што ја сочинуваат оваа цел како што се: психофизичката природа на децата, психомоторна способност, работна кондиција и уште неколку други несоодветни формулации.

Иновативноста на задачите на наставата по физичко воспитание што се содржани во оваа програма главно се состои во понагласеното барање за развивање на физичките, духовните и социјалните компоненти на здравјето на учениците, новото барање кај учениците да се развива смисла за убаво и хармонично движење, поврзување на ритамот со движењето, како и творечки уметнички вкус. Покрај тоа, за извесно подобрување на задачите на оваа настава може да се смета и барањето преку оваа настава учениците да научат "како најубаво да го користат слободното време, низ здрава и културна разонода и активен одмор (рекреација)".

Во поглед на дидактичкото концепирање на содржините во наставната програма, овде повторно е применето старото решение, односно наместо во програмски целини за повеќе одделенија, оваа програма е разчленета за секое одделение посебно. Новина при тоа е, во споредба со претходната програма поголемата конкретизација на содржините за секоја физичка активност и за секое одделение, така што многу појасно може да се видат нивоата на барања што се поставуваат пред учениците, а што треба да се постигнат како воспитно-образовни резултати во рамките на одделните физички активности како што се: вежби за обликување на телото и движењата, одење и трчање, скокање, фрлање и фаќање, лазење и качување и сите други што се застапени во програмата. Покрај тоа, посебна новина,

карактеристична за оваа програма, е воведувањето на посебни курсеви по пливање и по смучање во траење од по 36 часа годишно, за учениците од VIII одделение. Со ова програмските барања, наставата по физичко воспитание, значајно се прошируваат и уште повеќе се доближува до секојдневните потреби на учениците за стартување и рекреирање.

Од објаснувањето на оваа програма можат да се воочат уште две новнини кои како барања за прв пат се појавуваат во наставата по физичко воспитание. Првото барање се однесува на потребата за задолжително проверување, евидентирање и систематско следење на здравствената состојба, физичките психомоторни способности и одредени морални квалитети на учениците. За реализирање на оваа мошне комплексна задача со програмата најнепосредно се задолжува наставникот по физичко воспитание и училишниот лекар. Врз основа на сумираните податоци добиени преку разновидни проверувања, мерења и евидентирања, наставникот по физичко воспитание е должен да ја дијагностицира положбата да ги утврди реалните можности на учениците и врз основа на тоа да планира соодветна содржина и физички активности. Сите показатели од проверувањето, според барањата на оваа програма, се евидентираат во личниот картон кој треба да го има секој ученик во текот на школувањето. Показателите евидентирани во личниот картон треба да ја изразат и одразат вистинската состојба за резултатите што ги постигнуваат учениците преку наставата по физичко и здравствено воспитание. Сите овие проверени показатели треба да бидат основни елементи за добивање оценки на ученикот по овој наставен предмет.

Другата новина се состои во барањето секој наставник во своето училиште да изготви ориентациони нормативи за физичките способности на учениците со кои работи, што ќе послужат како рамка во која ќе се движат постигањата во текот на учебната година. Од друга страна, овие нормативи ќе послужат како основа, дидактички ориентир во настојувањата за подобрување на резултатите што треба да се постигнат во наредната учебна година. Покрај тоа, во оваа програма за прв пат се нагласува дека на часовите по физичко воспитание од I до IV одделение треба заедно да учествуваат момчињата и девојчињата, додека од V до VIII одделение се бара оваа настава да се изведува одделно за двата пола.

Со промените на наставниот план и програма што се извршени во 1982 година,[387] физичкото воспитание се третира како воспитно-образовна област и во планот е застапено за прв пат под името "физичко здравствено воспитание", со по 2 часа неделно или 72 часа годишно за сите ученици од I до VIII одделение. Според тоа и при

[387] Наставен план и програми за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование од I - IV одделение, (1982), Скопје, второ издание, "Просветно дело", стр. 325.

овие промени се задржува претходниот концепт за застапеноста на овој наставен предмет во основното образование, но прилично се иновира наставната програма со внесување на неколку дидактички елементи. Така, во делот "цел и задачи на наставата" покрај некоку претходни се појавуваат и формулациите како што се: сестрано развивање на моторниот потенцијал на учениците; задоволување на биопсихосоцијалните мотиви за движење; оспособување на учениците за творечка примена на физичката култура во животот и работата; јакнење на здравјето и одбранбената способност и оспособување на учениците за слободно и творечко доживување во играта, спортот, гимнастиката и другите форми на физичката култура. Со сите овие формулации е дополнета и збогатена целта на наставата по физичко и здравствено воспитание. Како суштинска промена овде треба да се смета целосното изоставање на идеолошките примеси и елементи со кои беа исполнети скоро сите напред дефинирани цели на наставата по физичко воспитание. Врз основа на така формулирана цел, во оваа програма се среќаваат и наполно нови задачи кои што наполно се насочени кон потребите на личноста на ученикот. Така, од наставата се бара "на учениците да им даде основа за физичко и спортско образование и да ги упатува на секојдневно вежбање, развивање и одржување на моторичките способности; да ги усвојат основните теориски знаења; да придонесува за развојот на волевите особини, позитивните цели на карактерот, моралните особини, работните навики, смислата за естетски вредности и творечки уметнички вкус; задоволување на социјалните потреби на учениците; да им помага на учениците со телесни деформитети и слично". Покрај тоа во оваа програма, со посебна задача, физичко воспитание за прв пат се става во функција на потребите на одбраната со барањето: "Учениците да ги оспособи и кај нив да развива неопходна увереност и свест за значењето на општонародната одбрана и општествената заштита".

Гледано од дидактички аспект, во оваа програма се внесени неколку иновативни елементи кои што не се среќаваат во претходните програми за овој наставен предмет. Меѓу нив, покарактеристични новини се следниве три: програмата е структуирана во нови, покрупни и логички поосмислени програмски целини; покрај општите, низ целиот текст на програмата се поставени бројни оперативни задачи; непосредно после овие задачи се наведени програмските содржини преку чие разработување треба да се постигне нивното реализирање. Покрај тоа, новина во оваа програма е и тоа што во неа се поместени повеќе објаснениja непосредно врзани за две или повеќе одделениja, а не за целата програма, како што се практикуваше во претходните програмски документи. Со внесувањето на овие новини, наставната програма квалитативно се подобрува, а со тоа и повеќе да придонесе во осовременувањето на наставата.

Како нови, логички поосмислени и целосно позаокружени, во оваа програма се појавуваат следниве програмски подрачја: вежби за обликување на телото и движењата и развој на моторичките способности; совладување на рационалната техника на елементарните движења; вежби за организирано поставување и движење; (за I, II и III одделение) додека од IV одделение па нагоре, спортско-техничкото образование се внесува како носечко програмско подрачје со застапеност на атлетиката, вежбите на справи, фудбалот и уште неколку други спортови со значаен број наставни часови. Покрај излетите кои што беа застапени и во претходните програми, во оваа програма се застапуваат и "кросевите" (есенски и пролетен крос) како содржини што се наменети за оспособување на учениците за истрајно трчање на разновиден терен и разновидни препреки во природни услови како и да ги развива позитивните карактерни црти, истрајност, борбеност, снаодливост и слично.

Посебно е значајно да се истакне објаснението што е дадено во оваа програма кое гласи: "Новата програма поаѓа од претпоставката дека е потребно да се напушти досегашното примарно во наставата "занатско" учење на моторните навики, а да се посвети многу поголемо внимание на развивањето на психофизичките и моторните способности на учениците низ активности за кои тие покажуваат поголем интерес и склоност. При тоа посебно се нагласува дека "оваа програма не тргнува од наставната материја како цел, туку од објективните потреби и можности на учениците и од прилагодеността на воспитно-образовниот процес на развојните карактеристики на учениците.[388] Во оваа програма исто така поексплицитно се истакнува потребата за поголема "интелектуализација" на физичкото образование, односно за стекнување на определен квантум теориски знаења кои што ќе овозможат учениците да ги сфатат законитостите на физичкото вежбање и на спортскиот тренинг. Новина е и тоа што во оваа програма посебен акцент е даден на оние вежби и спортски активности со кои човекот денес може најуспешно да се спротивстави на слабеење на некои органи и органски системи како последица од недоволното телесно движење во секојдневниот живот и работа.

Од презентираните податоци засновано може да се заклучи дека во оваа фаза од иновирањето на програмата по физичко воспитание се напушта класичниот начин на програмирање што беше карактеристичен за сите претходни програми. Тоа значи дека најголемата иновативност на оваа програма се состои во давањето поголем простор на она што како воспитно-образовен резултат треба да се постигне во наставата по физичко воспитание, а редуцирање на просторот во кој се искажани содржините што треба да се разработуваат. Со тоа на наставникот од една страна значајно му се

[388] Исто, стр, 333.

олеснува сваќањето на суштинските цели на оваа настава и кон нив да ги насочи сите подготвителни и изведбени наставни активности и од друга страна, да му се допушти поголема слобода во изборот на содржините, методите и наставните средства што му се потребни за остварување на конкретно поставените воспитно-образовни цели и задачи што се содржани во програмата. Со ваков приод на програмирање започнува процесот на доближување до оние наставни програми што се употребуваат денес во образованието на развиениот свет во кои што програмирањето на содржини е сведено на минимум.

Наместо тоа, детално се програмирани и мошне конректно се формулирани воспитно-образовните резултати кои што, во рамките на односната програма, треба да се постигнат на различни нивоа од сознанијата, афективната и психомоторната сфера од развојот на личноста на ученикот. Преминот на ваков начин на програмирање на наставата по физичко воспитание претставува квалитативен чекор напред во развојот на теоријата и практиката во овој сегмент од образованието во нашата република. Колку доследно и со каква динамика натаму ќе се усовршува овој современ приод при програмирањето на наставата по физичко воспитание, во натамошниот текст од овој труд, ќе покажат податоците што се прибрани преку анализата на програмите по физичко воспитание кои што се делимично дополнувани и изменувани или се изготвувани како нови.

Од педагошката документација што се однесува на оваа проблематика може да се утврди дека во 1990 година,[389] значи по десет години од донесувањето на претходните програми, е пристапено кон нивното изменување и усовршување. Како основна причина што се наведува во воведот на овие програми е сознанието дека "наставните програми, во целина или во одделни нивни делови, по својот обем и длабочина го надминуваат предвиденото наставно време и можностите на учениците" и поради тоа е потребно нивно растоварување, односно редуцирање. Покрај ова, за потребата од овие измени се неведуваат уште неколку други причини како што се: присатност во програмите на преголем историцизам и фактографија, непотребно преовладување на материјалните задачи на наставата, а запоставување на воспитните и функционалните задачи, запоставување на развојот на способностите за анализирање, синтетизирање и евалвација, идеолошка насоченост на одделни програмски содржини и уште неколку други посекундарни причини.

Имајќи ги во предвид напред посочените причини, во оваа година се извршени измени на сите наставни програми, вклучувајќи ја и програмата по физичко воспитание за основното образование. Измените главно се состојат: во растоварување на програмите, со

[389] План и програми за воспитно-образовна дејност во основното образование, измени во програмата од I до VIII одделение, (1990), Скопје, Просветно дело, стр. 53.

намалување на обемот и длабочината на одделни наставни теми, изоставање на одделни наставни теми или нивни делови, доколку тие се обработуваат во натамошното школување и изоставување на оние содржини што се со преголема насоченост или се несоодветни со современите општествено-економски промени. Овде треба да се потсети дека овие измени се вршат во времето кога во нашата република, па и пошироко во земјите на така нареченият реален социјализам започнува периодот на транзиција карактеристичен со поголема демократизација на општеството, плурализмот на сопственоста, пазарната ориентација на стопанството и уште неколку други општествено-економски и политички процеси и појави карактеристични за граѓанските општества.

Врз основа на напред посочената ориентација, во програмата по физичко воспитание овој пат се извршени сосема малку измени, дополнувања и усовршувања и тоа само во делот што се однесува за вишите одделенија. При тоа е констатирано дека "плановите и програмите по физичко и здравствено воспитание не претставуваат оптоварување на учениците туку напротив, потребни се други часови и наставни содржини низ кои ќе се влијае врз психофизичката релаксација, превентивно и заштитно од различни деформитети и стресови што се присутни кај учениците". Меѓутоа и покрај оваа констатација, сепак од одделни теми се изоставени по неколку програмски содржини за кои се смета дека претставуваат непотребно оптоварување. Така, во V одделение од наставната целина "атлетика" се изоставуваат содржините "фрлање на ѓуле од место" и "техника на скок во височина - ножички", од истата целина во VII одделение се изоставува содржината "скок во височина - грбна техника" и во VIII одделение од наставната целина "гимнастика на справи" се изоставуваат содржините: разбој, елементот "раменски став" и двовисински разбој: елементот "колут напред", за кои се оценува дека се претешки за изведување од учениците на оваа возраст. Со дословното наведување на сите измени кои што овој пат се извршени во програмата по физичко воспитание, целта е да се аргументира тврдењето дека тоа не претставува никакво иновирање или развојно поместување на наставата по овој наставен предмет. Но, значајно е да се констатира дека компетентните стручни лица кои ги предлагаат овие измени во програмата даваат и неколку мошне битни укажувања што се однесуваат на потребата за натамошно усовршување и осовременување како на концепцијата, исто така и на програмата по физичко и здравствено воспитание. При тоа посебно внимание заслужуваат укажувањата со кои се тврди: дека во нашата република предметот физичко воспитание е застапен со најмал број часови во споредба со застапеноста на овој предмет во образованието на западно европските земји; дека сé уште не сме вовеле часови по специјално

физичко воспитание што ќе бидат во функција на отстранување на телесните деформитети и дека не сме обезбедиле соодветен број спортски часови низ кои учениците ќе се развиваат во спортисти.

Овие укажувања упатуваат на заклучокот дека постои критичен однос кон квалитетот на дотогашниот концепт и кон оваа програма поради што е поголема веројатноста дека набрзо ќе дојде времето за нивното натамошно усовршување. Ова убедување се поткрепува со фактот дека само пет години по овие измени, во 1995 година[390] се пристапува кон изготвување на релативно нови програми, преку ангажирање на прилично широк круг на стручни лица од стручните и научните установи и од воспитно-образовната практика. За релативната иновираност на програмата по физичко воспитание што е извршена во овој период зборува фактот што во концепциска смисла остануваат скоро истите програмски целини и содржини од претходната програма со внесување на неколку позитни содржински измени и дополнувања. Меѓутоа, како нов дидактички квалитет во оваа програма претставува дидактичко-методското упатство што е дадено како составен дел на програмскиот документ. Во ова упатство на наставникот му се даваат подетални објаснувања за суштината и карактерот на извршените измени и усовршувања, се укажува на претходните слабости и недостатоци во наставата, се упатуваат за поквалитетно планирање и подготовка за настава и се дава поширок коментар за содржинското димензионирање на одделните целини, теми и други дидактички делови содржани во програмата. Всушност, ова упатство претставува извесна надополна на недостатокот што го чувствуваат наставниците од методски прирачници за оваа настава. Од содржината на ова дидактичко-методско упатство можат да се извлечат неколку покарактеристични сознанија за квалитативното усовршување на наставата што треба да биде овозможено со оваа иновирана програма. Така, во упатството од одделенскиот наставник се бара да го промени досегашниот однос кон овој предмет, односно истиот да не ги потценува часовите по физичко воспитание, да не ги заменува со настава по други предмети. Натаму на наставниците им се укажува дека програмата за физичко и здравствено воспитание во одделенската настава треба да претрпи промени и во спортско-техничкото образование. Во таа смисла се укажува на потребата уште од најрана училишна возраст треба да се застапуваат оделни спортски игри за да се овозможи порано откривање на децата со понагласени спортски афинитети. При тоа се потсетува дека спортот си има свои законитости во однос на почетокот и крајот на спортувањето и постигнувањето на спортските резултати. Со фактот дека физичкото и здравственото воспитание што се остварува во првите неколку години од основното

[390] Физичко и здравствено воспитание, (1995), Наставна програма и упатство за реализација од I - IV одделение, Скопје, ПЗМ, стр. 5-19.

образование му претходи на секој вид спорт, уште повеќе се наметнува значењето на оваа настава за стекнување на основните моторички знаења и движења како неизбежен предуслов за започнување со било кој спорт.

Во делот на упатството покрај тоа што пошироко се објаснува и се коментира содржината на одделни програмски целини и физички активности исто така се даваат бројни методски укажувања, насоки и упатства за изведување на што поквалитетна настава. Без да се навлегува во детална експликација на оваа соодветно-конструктивна помош која што, преку ова упатство, му се дава на наставникот по физичко воспитание, засновано може да се заклучи дека во него се објаснуваат разновидните елементи од сите аспекти (физички, морални, естетски, социјални и други) што треба да се имаат во вид при изведувањето на наставата по физичко воспитание. На тој начин непосредно се придонесува наставникот што поавтентично да ги сфати суштинските интенции на програмата и истите дидактички да ги трансформира во оперативни воспитно-образовни и функционални задачи.

Според напред посочените документи, современата концепција на физичкото воспитание се заснива врз општата концепција и општата програмска структура на основното образование чија примена започна сукцесивно од учебната 1998/99 година.[391]

Гледано од концепциски аспект, во современата поставеност на физичкото воспитание во нашето основно училиште, можат да се издвојат главно три позначајни новини.

Прво, според новиот концепт, овој наставен предмет добива назив "физичко и здравствено образование". Гледано терминолошки, би можело да се заклучи дека станува збор за стеснување на неговата педагошка функција во споредба со терминот "физичко воспитание" како што овој предмет се именуваше повеќе децении пред овие најнови промени. Меѓутоа, од текстот на програмата што е изготвена под овој наслов јасно се гледа дека терминот образование овде е само конвенционално употребен. Во целиот текст на оваа програма мошне експлицитно се искажани не само образовните, туку и воспитно-функционалните барања и задачи што треба да се реализираат преку наставата по овој наставен предмет.

Втора, мошне значајна новина е застапувањето на овој наставен предмет во наставниот план од I до IV одделение, со по 3 часа неделно. Ова за првите три одделенија всушност значи враќање на старото решение што беше содржано во наставниот план за основното образование од 1966 година.

---

[391] Основно образовна предметна настава, Наставен план и наставни програми, Физичко и здравствено образование, V - VIII одделение, (1998), Скопје, ПЗМ, стр. 76.

Третата новина се состои во сосема различните дидактички решенија што се применети при обликувањето на новата наставна програма за предметот физичко и здравствено образование. Во оваа најнова програма всушност продолжува практиката на програмирање што е започната при изготвувањето на програмата од 1990 година. Ако во таа програма приличен простор им беше отстапен на општествените задачи што се поместени пред секоја пообемна програмска содржина, при изработката на оваа програма е отидено уште подалеку во разработката на програмските барања и на потенцијалните воспитно-образовни вредности на одделните програмски содржини. Така, во оваа програма се застапуваат нови дидактички елементи и термини како што се: "конкретизирани цели", "знаења и способности", "нивоа на барања", "активности" и уште неколку други посовремени дидактички термини. Употребувајќи го овој дидактички приод со напред посочената дидактичка апаратура, секоја тема од програмата, одделно за секое одделение, е разработена во рамките на пет дидактички елементи. Најнапред е формирана конкретната цел што треба да се постигне со разработката на темата. Потоа, во посебна колона се наведени основните програмски содржини што ја сочинуваат целината на односната тема. Натаму се концентрирани поединечните цели што се непосредно врзани со расчленетите содржини. Во посебна колона, разделена во три потколони се наведени конкретните знаења и способности со кои што треба да овладеат учениците преку разработката на одделните содржини, дадени во три различни нивоа (основно, средно и високо) и на крајот, во посебна колона се посочени активностите што треба да ги изведат учениците во рамките на секоја програмска содржина.

Ако со поизострени педагошко-психолошки и дидактичко-методски критериуми се анализираат и се проценуваат формулациите што се поместени во поодделните колони на оваа програма, можат да се воочат бројни стручни недостатоци и недоследности. Посебно паушални формулации се поместени во колоната"знаења и способности", а особено кога се прави обид истите да се сместат во едно од трите посочени нивоа на барања односно постигања. Но, и покрај овој, мошне сериозен недостаток на ново концепираната програма, како квалитативен чекор напред може да се оцени обидот за натамошно оддалечување од традиционалното, класичното програмирање на оваа настава, а помало или поголемо доближување до современиот дидактички модел на наставна програма кој веќе одамна има широка примена во земјите со поразвиено образование како што се: САД, Франција, Германија, Англија, Италија, нордиските земји и други. Ова упатува на заклучокот дека во нашата република сé уште сме во фаза на чести промени, осмислување, преосмислување и изградување на еден научно позаснован, постабилен и подолгорочен образовен концепт

како појдовна основа врз која ќе може да се постигне едно посовремено ниво на воспитно-образовна практика, покрај другото и во ова подрачје од воспитно-образовната дејност на нашите училишта од основното и средното образование.

Во дефинираната општа цел на физичкото и здравственото образование, што е содржана во најновите програмски документи можат да се издвојат следниве четири основни барања: да се задоволат биопсихосоцијалните потреби на учениците (веќе формулирана во претходните програми); да им овозможи правилен физички развој (исто така претходно веќе користена формулација); развој на творечките и адаптивните способности во современите услови на живот и работа (делумно нова формулација); развивање на здравствената култура за зачувување и унапредување на сопственото здравје и здравјето на околината (комбинација од неколку претходни формулации). Како што може да се види, оваа цел не содржи ниту едно иновативно барање и покрај тоа што современите потреби на граѓанската личност го налагаат тоа. Помеѓу единаесетте општи задачи на наставата по физичко и здравствено воспитание што се поместени во најновиот програмски документ исто така можат да се издвојат две до три формулации кои што претставуваат извесна иновираност на програмските барања во споредба со претходните програми. Во оваа смисла како посовремени програмски барања можат да се именуваат: "хармоничен физички развој на ученикот (моторички-морфолошки и функционален); изградување хумани односи меѓу учениците и нивна социјализација; оспособување на учениците за постојана и адекватна примена на знаењата од физичкото и здравственото воспитание во секојдневниот живот како дел од општат култура"; "Негување на хигиенските навики поврзани со физичките напори и спортувањето како и навики за користење на спортска облека, реквизити и опрема".

Покрај општите, во оваа програма се формулирани и по неколку посебни задачи на наставата што се однесуваат за едно или повеќе одделенија. Така, за наставата од I до III одделение се наменети осум посебни задачи, за IV одделение 6 задачи, а за погорните одделенија од V до VII задачи. Меѓутоа, формулациите на најголемиот број од нив повеќе асоцираат на именуваната содржина или методски насоки одколку програмски барања со конкретна и јасна крајна воспитно-образовна цел.

Како посовршени задачи од овој блок, со кои посуштински се навлегува во реалните педагошки вредности на оваа настава, можат да се издвојат следниве: "развивање на енергетските и механичките елементи на движењето (просторни и временски)"; "задоволување на примарните и нужните потреби од движење и игра низ интерактивни форми на работа со учениците"; "развивање на елементи од ритамот поврзани со музика, моторни фигури и положби"; "развивање на спо-

собност за доживување на убави естетски вредности на психомоториката, танц, убавина на спортската борба, убавина на моторичките движења изразени со музика, убаво изразено тело и слично".

Меѓутоа, од компаративната анализа што е извршена на задачите што се содржани во нашите програми по физичко воспитание и задачите што се наоѓаат во програмите за овој наставен предмет од повеќе други земји, засновано може да се заокружи дека постојат значајни разлики како во поглед на нивната насоченост, исто така и во начинот на нивното формулирање. Во делот на овој труд каде што се изложени современите гледања во врска со дефинирањето на целта и задачите на физичкото воспитание во другите земји постои поширока дискусија и аргументација за напред искажаното тврдење. Овде е упатно да се нагласи дека од формулациите на целта и задачите на физичкото воспитание содржани во најновите програми што се во примена во повеќе земји на развиениот свет, јасно се гледа во колкава мера е напредната науката и теоријата на физичкото воспитание денес.

9.3. Развој на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование

Застапеноста и реализацијата на физичкото воспитание во средното образование во нашата Република има прилично долг континуитет. Всушност, овој предмет е застапен во средните училишта уште од почетокот на нивната работа. Деталното прикажување на развојниот пат на ова воспитно-образовно подрачје во средното образование би резултирало со една мошне обемна студија. Затоа, овде се изложуваат само суштинските елементи од кои може да се согледаат стручните настојувања за постојано усовршување и осовременување на концепцијата на програмите по физичко воспитание. Како клучни и покарактеристични периоди во развојот на физичкото воспитание во средното образование се земени оние години (1951, 1952, 1967, 1973, 1988, 1991, 2001) во кои се извршени покрупни измени и усовршувања на програмите за овој образовен степен.

Во првите неколку години од ослободувањето овој наставен предмет во наставните планови за средното образование е застапен под името фискултура, со по 2 часа неделно.[392] Битни карактеристики на првата официјална програма за овој наставен предмет се: прилично е нагласена воспитната страна на наставата, давање преголем акцент на строго предвидените движења, застапување на елементи кои што имаат претежно војнички карактер (строева обука) и целосно идентична тематика во сите четири години од школувањето, се разбира, со

[392] Наставен план и програма за долните класови на гимназиите и осмолетките, (1951), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, стр. 45.

различно ниво на програмски барања за одделни движења. Оваа програма содржински е структуирана во 15 теми, без никаква квалификација на часови за нивното реализирање. Прва тема на програмите за сите класови е темата "строева обука". Покрај оваа, во програмата е застапена и темата "борбени вежби", со што уште повеќе доаѓа до израз насочеността на наставата кон одбранбеното обучување на учениците. Тоа е и разбирливо во овој период непосредно после завршувањето на војната и сé уште присутните опасности по безбедноста на штотуку ослободената земја. Меѓутоа, тешко може да се објасни фактот што во оваа програма нема застапено содржини од ниту еден спорт. Наспроти тоа, во програмата најголем простор завземаат разновидните вежби за оформување на телото и за движење, како што се: одење и трчање, рипање, фрлање, лазење, качување, дигање и носење, како и разновидни игри во природа.

Во 1952 година се донесени нови наставни планови и програми по фискултура за сите тригодишни и четиригодишни средни училишта, вклучувајќи ги и педагошките учителски школи. Овие програми по својата структура, цели, задачи и содржини се скоро идентични со претходната програма за гимназиите,[393] со извесни измени и усовршувања во делот каде што се даваат пошироки објаснувања за нивното реализирање.

Значаен напредок во усовршувањето на наставата по физичко воспитание е направен со донесувањето на потполно нова програма по овој наставен предмет во 1967 година.[394] Таа главно е наменета за гимназиското образование, но слична дидактичка структура имаат и програмите за средните училишта. Со овие измени, од "фискултура" предметот се преименува во "физичко воспитание". Покрај тоа, во новиот наставен план осетно се зголемува неделниот фонд на часови во прва и втора година (3-3), а во другите две години се задржува претходниот фонд (2-2).

Програмата за новиот наставен предмет концепциски наполно е изменет во споредба со претходната. Како суштински елемент на тоа иновирање, можат да се посочат следниве: вградување основни начела врз основа на кои треба да се темели наставата по физичко воспитание, осетно зголемување на воспитно-образовните задачи, зголемување со нови посовремени програмски барања, диференцирање на програмата на два дела: задолжителен и изборен модел, внесување на нови тематски содржини (атлетика, спортски игри, спортска гимнастика, теорија на физичката култура), дополнување на веќе застапените теми со нови содржини (вежби на справи, танци и

---

[393] Наставни планови и програми за стручните училишта во НРМ, (1952), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, стр. 5-29.

[394] Наставен план и програма за гимназиите во Социјалистичка Република Македонија, (1967), Републички завод за унапредување на наставата на СР Македонија, Скопје,"Просветно дело", стр. 283.

други), воведување задолжителни дополнителни облици за физичко воспитување и рекреирање (излети, логорување), застапување програмски обврски за проверување на физичките способности на учениците и систем на натпревари, програмско осмислување на материјалните потреби и нормативи што се потребни за современо реализирање на програмата по физичко воспитание, давање на прилично обемно дидактичко упатство за реализирање на програмата. Сите овие дидактички елементи не се застапени во претходната програма.

Современите гледања на физичкото воспитание можат да се идентификуваат уште во содржината на основните начела што се дадени како вовед на оваа програма. Од овие начела можат да се издвојат неколку суштински ставови и определби кои претставуваат значајни заложби и насоки за осовременување на наставата по физичко воспитание.

На прво место, во овој дел од програмата, се наоѓа начелната определба "физичкото воспитание да обезбедува општ развиток и сестрано физичко воспитување на учениците преку основите на програмата, а на нивните индивидуални особености и склоности преку програмата за изборна настава".[395] Второто начело се однесува на потребата за насочување на наставно-воспитната работа кон биолошкиот развиток на телото, кон развивање здравствено-хигиенски навики, јакнење на отпорноста на организмот, развивање на определени психичко-физички активности (сила, издржливост, брзина, спретност и др.). Оваа полифункционалност на физичкото воспитание за прв пат се истакнува како концепциска определба и програмско решение и истата ќе се задржи и до денес.

Трета, но исто така, мошне битна е начелната определба физичкото воспитание да не се ограничува само на наставните часови што се утврдени со наставниот план, туку тоа да се "провлекува во целокупниот училишен живот".[396] Според ова начело, за здравјето и физичкиот развиток на учениците не е одговорен само наставникот по наставниот предмет "физичко воспитание", туку тоа е општа програмска обврска на целото училиште. Тоа значи дека физичкото и здравственото воспитување на учениците треба да се интегрираат во целокупната воспитно-образовна дејност на училиштето.

Врз основа на напред дефинираните начела, во оваа програма се вградени и наполно нови воспитно-образовни задачи. Од текстот на овие единаесет општи задачи може да се види дека основните начела мошне успешно и доследно се трансформирани и операционализирани во повеќе конкретни и разновидни програмски барања. Овде се наведуваат само покарактеристичните од нив кои што

---

[395] Исто, стр. 283.
[396] Исто, стр. 283.

имаат иновативен карактер во оваа фаза од развојот на физичкото воспитание. Така, најнапред е поставено барањето "да се провери, прошири и продлабочи физичкото образование што го стекнале учениците во основното училиште и да им овозможи наполно да ги совладаат оние гранки на физичката култура за кои покажуваат посебни склоности".[397] Иако оваа задача е прилично амбициозна и тешко остварлива за еден релативно кус период, колку што трае средното образование, сепак може да се прифати како современа бидејќи обврзува наставата по физичко воспитание да се насочува пред сé кон индивидуалните потреби, можности, интереси и склоности на ученикот.

Посебно иновативни се оние задачи што се однесуваат на воспитната страна од развојот на учениците. Со нив се бара: "учениците да развиваат позитивен однос кон физичката култура, траен интерес и потреба за активно ангажирање на ова подрачје, да ја поврзуваат стекнатата физичка култура со животната практика, да изградува и зацврстува навики за секојдневното систематско негување на телото и за користење на физичката култура за здрава разонода и рекреација, да развива интерес кај учениците за стекнување на знаења, умеења и навики за движење, физичкото воспитание да стане коректив кој ќе дејствува против едностраноста и неповолните влијанија што го вршат механизацијата на производството и урбанизацијата врз организмот на младиот човек".[398]

Покрај тоа, од наставата по физичкото воспитание според оваа програма се бара "да го помогне развивањето на позитивните технички особини, моралните особини, квалитетите на волјата и карактерните одлики, како и да го оспособи ученикот за самостојна борба против телесните недостатоци".[399] Во далеку помал број, во оваа програма, се содржани образовни задачи, што е разбирливо, ако се има во вид претежно воспитниот карактер на барањето за стекнување на определен квантум теоретски знаења што се од корист за свесно и активно бавење со спорт и физичка рекреација. Во сличен обем се и функционалните задачи кои се насочени кон "задоволување на потребата за создавање услови учениците да се занимаваат со слободните активности во одделни гранки на телесното вежбање, преку активен одмор и разонода, за освежување на организмот, собирање на нови сили и подигање на општото животно расположение и радост како и за развивање интерес за спортско творештво и естетско обликување".[400]

---

[397] Исто, стр. 284.
[398] Исто, стр. 284.
[399] Исто, стр. 284.
[400] Исто, стр. 294.

За осмислувањето на програмските содржини покрај веќе наведеното карактеристично е и тоа што тие се дадени како основи на програмата, а за прва и втора година се единствени. Во структурата на оваа програма исто така се внесени значајни новини и усовршувања. Најголем простор е дадено на темата "Вежби за обликување", а во нешто помал обем се застапени темите: "атлетика", "спортски игри". Сосема малку содржини се програмирани во рамките на темите: "од теоријата на физичката култура" и "пливање". Меѓутоа, во четвртата година темите "атлетика" и "спортска гимнастика" завземаат најголем простор во програмата.

Мошне значајна новина во овој програмски документ е обврската на училиштето систематски да ги проверува физичките способности на учениците и за тоа водење ажурна документација. Проверувањето, според објаснувањата што се дадени во програмата, има за цел, од една страна да го стимулира ученикот за активно учество во сестрано подигање на сопствената физичка култура, а од друга страна на заинтересираните фактори (општеството, родителите) да им даде информација за ефикасноста на физичкото воспитание во наставно-воспитната улога".[401]

Ова проверување се бара да се врши на крајот од секоја учебна година, а со резултатите од проверувањето да се запознаат учениците, наставничкиот колектив, училишните органи, како и родителите на учениците. При тоа, мошне големо значење им се дава на системот на ученички спортски натпревари, кои што прв пат се воведени како програмска обврска на училиштето. Натпреварите се третираат како корисна форма на мобилизирање на сите сили на учениците во остварувањето на комплексната програма за физичко воспитување и претставуваат составен дел на програмата за физичко воспитание".[402] Во оваа смисла со програмата се даваат доста детални објасненија и насоки за остварување на педагошко-психолошката и социјалната функција на спортските натпревари.

Значајна новина во оваа програма претставува и утврдувањето на минимумот материјални и наставни средства како и просторни услови што се потребни за нормално изведување на наставата по физичко воспитание. Со утврдувањето на програмски минимум наставни средства и опрема се зајакнати обврските на надлежните органи на образованието да издвојат поголеми финансиски средства за обезбедување посолидни педагошки услови за изведување на оваа настава. Со тоа овој наставен предмет добива уште поголем статус и општествен третман, како во училиштето така и пошироко.

---

[401] Исто, стр. 194.
[402] Исто, стр. 294.

Врз основа на напред изложените податоци и факти може да се заклучи дека со донесувањето и воведувањето во употреба на оваа програма е направен крупен чекор во квалитативното концепциско и програмско осмислување на физичкото воспитание во средното образование. Главно во рамките на овие покрупни инвестирања ќе се вршат и неколкуте наредни концепциски и програмски измени во ова воспитно-образовно подрачје. Во прилог на ова тврдење се наведуваат само посуштинските иновирања на програмите што се донесени после оваа програма.

Така, во 1973 година се извршени делумни измени и усовршувања на претходната програма и неколку покарактеристични иновирања".[403]

На оваа програма извршено е определено растоварување на претходните програмски барања, односно редуцирање на општите задачи од 11 на 7, со што е одговорено на тогаш согледаната потреба за ублажување на евидентираната преоптовареност на учениците од средно образование со програмски содржини по сите предмети. При тоа се задржани само оние задачи коишто се однесуваат на развојната функција на физичкото воспитание, гледано од повеќе аспекти, како и на изградување на оние воспитни вредности кај учениците што овозможуваат активен однос кон спортот и физичкото рекреирање во текот на работата и во слободното време.

Втората новина во овој дидактички документ се состои во проширувањето на програмската структура на физичкото воспитание на три дидактички подрачја и тоа: настава по предметот, вончасовни активности и настава по курсеви".[404] За прв пат од воведувањето на физичкото воспитание како наставен предмет, со наставниот план покрај редовните часови се утврдени уште 3-5 часа неделно на еден наставник за изведување на вончасовни активности и настава по курсеви за потребите на ова воспитно-образовно подрачје.

Со овие новини осетно е проширена програмската основа на физичкото воспитание во средното образование и соодветно на тоа прилично е зголемено наставното време за бавење на учениците со разновидни физички активности. При тоа многу е битна определбата што стои во оваа програма дека "сите форми на работа по своето значење и придонес во наставно-воспитната работа претставуваат единствен процес поради што истите еднакво се вреднуваат".[405]

Третата новина што е воведена во наставата со оваа програма се состои во диференцирањето на оние содржини коишто треба да ги совладаат само учениците или само ученичките, како и

---

[403] Средно образование, наставни планови и програми за подготвителниот период на средното образование, (1973), Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, "Просветно дело", стр. 222-234.
[404] Исто, стр. 222.
[405] Исто, стр. 222.

содржините што се наменети за учениците од двата пола. Со ова програмско решение уште подоследно се овозможува почитување не само на индивидуалните можности на учениците туку и нивните природни способности што произлегуваат од нивната полова припадност. Така на пример, за учениците програмата предвидува далеку понапорни вежби на вратило, разбој и на други справи одколку што се тоа вежбите коишто треба да ги изведуваат ученичките.

Боксот како спортска игра е наменет само за учениците, но затоа пак ученичките поголем интерес и природни предиспозиции имаат за изведување на естетска гимнастика. Меѓутоа, полесните спортски игри како што се кошарката, одбојката, ракометот, атлетиката, пливањето и други, според оваа програма, се задолжителни програмски содржини за учениците од двата пола.

Наредната новина при ова усовршување на наставната програма по физичко воспитание се состои во значајното редуцирање на содржините, односно ослободување на наставата по овој наставен предмет од оние преобемни теми за кои немаше никакви реални можности да се реализираат со дадениот неделен фонд на наставни часови.

Со тоа се постигнуваат две мошне прикладни педагошки решенија. Од една страна задолжителната настава се растеретува од преобемните содржини, а од друга страна преку вончасовните активности и наставните курсеви им се овозможува на оние ученици што имаат пошироки интереси и поголеми можности да се бават со разновидни спортски и други физички активности, но по нивни избор.

Наредната новина со која се карактеризира оваа програма се состои во поголемата конкретизација на содржините што треба да се реализираат во сите наставни теми. Со ова дидактичко решение е даден уште поголем придонес во растоварувањето на наставата, односно се создадени поограничени можности секој наставник според своите видувања да го сфаќа обемот и длабочината на програмата. Со изоставањето на повеќе теми и тематски содржини од претходната програма и со конкретното назначување кои вежби треба да се изведуваат, кои да се играат, кои елементи од одделните спортски игри да се увежбуваат и кои конкретни знаења од теоријата на физичкото воспитание треба да се усвојат, оваа програма им помага на наставниците за поодмерено дозирање на наставните часови со содржини коишто можат реално да се совладаат во определеното наставно време.

Со воведувањето на наставата по курсеви, што е посебна новина во оваа програма, се излегува од шемата на класичната настава во која секој ученик мора да учи сé што е предвидено со програмата, без при тоа да се води сметка за неговите предиспозиции, можности и интересирања. Со воведувањето во почетокот на курсевите по пливање

и смучање, создадени се програмски можности на најширокаата популација на ученици со голем интерес и мотивација, надвор од едноличната и заморната настава, да овладеат со пливањето и смучањето, како најатрактивни спортски активности за рекреација и здрав одмор.

Од деталното објаснение што е дадено како составен дел на оваа програма, можат да се сознаат уште неколку суштински новини за чие воведување во наставата таа обврзува. Најнапред уште во почетокот на објаснението на наставниците им се предочува дека "физичкото воспитание со прилозите во програмата е поставено како базична компонента за здравјето на учениците врз која и отпочнува градењето на нивната здравствена култура".[406] Натаму мошне е битно и укажувањето дека, "одржувањето на класичните часови, проверувањето на физичките способности, тренинзите, учеството на натпревари во системот на олимписките игри за училишната младина и другите воннаставни активности, треба да станат единствен процес во исполнувањето на биолошките, образовните и воспитните задачи на наставата и тие треба подеднакво да се вреднуваат".[407]

Натаму, анализирајќи го ова дидактичко укажување се доаѓа до заклучокот дека генералната определба и педагошката интенција е физичкото воспитание да стане одделно структурално подрачје, кое така концепциски поставено во глобалната програмска структура на воспитно-образовната дејност на училиштето ќе има далеку поголема, поодговорна, поконструктивна и покомплексна задача одколку што тоа е само како класичен наставен предмет. Висока педагошка вредност има и укажувањето во програмата дека "со активна и добро организирана работа на часовите по физичко воспитание треба да се опфатат сите ученици, како и дека за учениците со телесни недостатоци и деформитети треба да се организираат посебни часови за корективна гимнастика".[408]

Од многуте педагошко-дидактички насоки и укажувања што се дадени во оваа прилично иновирана наставна програма упатно е овде да се предочи на програмската обврска училиштата постојано и систематски да се подготвуваат и со своите ученици да учествуваат во разновидни спортски натпревари, по можност на сите нивоа, со што во многу ќе се придонесе за поуспешно реализирање на прилично сложените воспитно-образовни задачи што се поставени пред физичкото воспитание како одделно, но интегрално подрачје на воспитно-образовната дејност што се остварува во училиштата за средно образование.

---

[406] Исто, стр. 231.
[407] Исто, стр. 231.
[408] Исто, стр. 232.

Во рамките на концепциските и програмските промени што се извршени во средното образование во 1988 година, се направени извесни измени и усовршувања и на програмите по физичко воспитание за овој степен од образовниот систем. Тоа е оној период од развојот на средното образование кога практично се реализира општествената, односно политичката определба за воведување на таканаречената насочено средно образование во целата тогашна Југославија.

Некои покарактеристични и сосема нови елементи од програмите по физичко воспитание што се тогаш донесени, тешко можат да се издвојат. Најголемата новина се состои во фактот што според новиот концепт за насочено образование е изготвена посебна програма заедничка за сите училишта, наменета за реализација во првите две години, односно во подготвителниот период од средното образование и повеќе програми за одделни стручни предмети што беа застапени во наставните планови за неколку стручни занимања во рамките на струката "физичка култура".

Од програмата[409] што тогаш е изготвена за општо образовниот дел од средното насочено образование, како покарактеристични можат да се издвојат неколку измени и усовршувања.

Прво, во неа се дефинира многу поконцизна општа цел на наставата по физичко воспитание која е "да ги задоволи биопсихосоцијалните и културните потреби на учениците за движење и творечко самопотврдување во животот и работата".[410] Кон оваа цел се придодадени и определбите оваа настава да го јакне здравјето и да ги развива работните и одбранбените способности. Последното барање всушност значи враќање на истата задача која што беше содржана во програмата по фискултура што беше во употреба во првите години од ослободувањето. Со оваа програма повторно прилично се зголемува бројот на воспитно-образовните задачи кои во претходната беа редуцирани на седум. Наспроти тоа, во оваа програма се дефинирани 16 задачи, што е доволен индикатор дека има повторни интенции за оптоварување на задолжителната настава по овој наставен предмет. Тоа уште поексплицитно може да се види од содржината на формулираните задачи. Така, со една од задачите се бара "учениците да усвојат одреден фонд на моторички информации (знаења, умеења и навики)",[411] без во програмата поконкретно да се определи обемот и длабочината на тие знаења. Со таква воопштеност оваа програма ја допушта можноста секој наставник сам да определува кој е тој одреден фонд на моторички информации што треба да ги усвојат учениците. Без такви програмски ограничувања, по правило наставниците, под

[409] Физичко и здравствено воспитание, програмски документи за воспитно-образовна дејност во средното образование, (1988), Скопје, Самоуправни интересни заедници на насоченото образование и Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Просветно дело, стр. 3-31.
[410] Исто, стр. 3.
[411] Исто, стр. 5.

влијание на својата струка, се определуваат за оној фонд на теоретски знаења што го изучувале во текот на студирањето. Преамбициозни барања се содржани и во повеќе други ново формулирани задачи, како што е на пример задачата "учениците вежбите да ги изведуваат со поголема прецизност, оптимален интензитет и амплитуди на движење".[412] При формулирањето на оваа задача воопшто не се имало во вид дека за да се постигне тоа е потребно далеку подолго време за вежбање од она што е определено за овој наставен предмет со односниот наставен план. Наспроти ова, во останатите задачи што се содржани во програмата не може да се види некое програмско барање, што значи некое посуштинско осовременување на наставата по физичко воспитание. Главно тука се задржани со извесни модифицирања, истите задачи што се среќаваат и во двете предходни програми (од 1967 и 1973 година).

Во делот каде што се поместени програмските содржини повторно се применува дидактичкото решение на формулирање оперативни задачи за секое тематско подрачје, што не претставува новина, туку практичен придонес да им се помогне на наставниците за поавтентично сфаќање на програмските барања и за проценување на воспитно-образовните резултати што се постигнуваат во наставата и во другите структурални подрачја на физичкото воспитание. Меѓутоа, сериозен дидактички недостаток на повеќето од овие задачи е тоа што тие се формулирани во истиот стил и дикција како општите задачи на програмата, така да од нивната содржина не може да се види кои постигања треба да ги покажат учениците по совладаните содржини од определена тематика.

Во поглед на содржинското осмислување и тематско структуирање и во оваа програма, главно се задржани истите тематски подрачја како и во претходната и тоа: вежби за обликување на телото, атлетика, вежби на справи и ритмичко-спортска гимнастика, спортски игри и теоретско образование. Меѓутоа, како корисно дидактичко усовршување е решението за секое тематско подрачје да се квантифицира определен број наставни часови во рамките на кои ориентационо, треба да се реализираат програмските наставни содржини. Покрај ова, корисно усовршување е и поголемата детализираност и конкретизираност на елементите што треба да се увежбуваат во рамките на определени вежби на справи и на програмираните спортски игри.

Покрај овие, помалку значајни измени и усовршувања, во оваа програма се внесени новини коишто имаат посуштински придонес за натамошното усовршување и осовременување на наставата по физичко воспитание. Едно од нив е воведувањето на таканаречената

[412] Исто, стр. 10.

специјална настава[413] по физичко и здравствено воспитание за ученици кои од здравствени причини не можат да посетуваат редовна настава по овој предмет. Ваков вид настава, според објаснувањата што се содржани во оваа програма, се организира за оние ученици кои, според наодите на лекар специјалист по спортска медицина, се ослободени од настава по физичко воспитание. За ваква намена се подготвува специјална програма за телесно вежбање и дозирање на физичкото оптоварување на учениците на часовите по физичко воспитание. Нејзиното траење и интензитет ги утврдува наставникот по физичко воспитание со лекарот специјалист.

Друга покрупна новина на оваа програма е програмската обврска што му се поставува на училиштето на учениците секој работен ден да им организира "рекреативна пауза", односо организиран и континуиран одмор во траење од 12 до 15 минути. Со оваа новина физичкото воспитание се става уште во понепосредна практична функција за полесно поднесување на напорите на кои се изложени учениците во текот на работниот ден.

Воведувањето на дидактичкиот облик "продолжена настава", исто така е новина којашто пошироко и поконкретно програмски е осмислена во оваа програма. Според ова програмско решение[414] во текот на школувањето во прва и втора година, училиштето треба да организира летно, а во текот на трета и четврта година зимско логорување во траење од седум дена. Програмските содржини што треба да се усвојат во текот на овие логорувања имаат чист практичен карактер, како што се: обучување за пливање, спасување давеник, укажување прва медицинска помош, веслање, скијање, гаѓање, фрлање бомба и други практични знаења што се потребни во секојдневниот живот.

Без оглед на фактот што многу училишта намаат реални можности да ги задоволат овие современи програмски барања, со тоа што тие се наоѓаат во програмскиот документ претставуваат значајно иновирање во организирањето и остварувањето на воспитно-образовната работа во рамките на ова воспитно-образовно подрачје. Реални се очекувањата при натамошното подигнување на стандардот на нашето образование ова програмско барање да го исполнат сите училишта.

Посебна новина на оваа програма претставува воведувањето на крос натпревари. Според ова програмско барање, училиштето е обврзано секоја година да организира два кроса: есенски ориентационен и пролетен со трчање во природа. Со ова програмско решение уште повеќе се придонесува за омасовување на рекреативниот спорт и анимирање на што повеќе млади за вклучување во масовни

---

[413] Исто, стр. 25.
[414] Исто, стр. 27.

спортски настани како што се спортските митинзи, кросевите, излетите и други разновидни облици за рекреативно искористување на слободното време.

Како новина, за прв пат во оваа програма се среќава програмската обврска на училиштето секоја година на својот патронен празник да организира "јавен час" на кој ќе се оствари смотра на достигањата по физичка култура.[415] Покрај тоа, воочливи се усовршувањата на оваа програма во однос на барањата за изведуваање на додатната, дополнителната, изборната и факултативната настава на спортските натпревари, во ангажирањето на учениците за извршување на определени општествени функции во физичката култура, како и во поглед на организирањето на разновидни слободни активности, друштвени и спортски секции за задоволување на посебните интереси и склоност на учениците за бавење со спорт и со други физички активности.

Посебно иновативен карактер има оваа програма со тоа што во неа се укажува на специфичностите на наставата по физичко воспитание во однос на поодделни струки и занимања. Имајќи ја во вид суштината и концепцијата за насоченото средно образование што се воведуваше во тоа време, во програмата по физичко воспитание на наставниците им се предочува дека "секој ученик треба да осети и разбере каков е придонесот на ваквото специјално физичко воспитание во однос на подобрувањето на работната кондиција, на специфичната моторика врзана со поодделните занимања, кои телесни вежби на учениците од одделни занимања ќе им користат во компензаторско-профилактичка и во рекреативна смисла".[416]

Врз основа на попрецизно анализирање на технологијата на струката, односно занимањата, во концепцијата за физичкото воспитание се препорачува да се бараат и соодветни содржини, методи и организациони форми за поуспешно задоволување на таа специфика. Вредноста на наставата по физичко воспитание, според објаснението во оваа програма, покрај другото треба да се цени и по тоа колку учениците кои завршиле средно образование и се определиле за конкретно занимање, научиле со помош на телесното вежбање да го чуваат и да го јакнат својот организам, односно телесната активност да ја стават во функција на здравјето.

Како мошне крупна новина во осоврменувањето на физичкото воспитание во овој период треба да се истакне концепциското и програмското осмислување на струката "физичка култура" како една од пакетот струки во насоченото образование. Од програм-

[415] Исто, стр. 29.
[416] Исто, стр. 25.

скиот документ[417] што е донесен за оваа струка и за неколкуте занимања (спортски тренер, спортски инструктор и планинарски водич) се гледа дека физичкото воспитание е трансформирано во повеќе стручни наставни предмети.

Дел од нив (основи на психомоторика, атлетика, гимнастика и функционална анатомија со физиологија на спортот) се застапени во наставниот план за прва и втора година, додека истите како и останатите стручни предмети (пливање, скијање, спортски игри и борачки спортови) со далеку поголем неделен фонд на часови се застапени во трета и четврта година, односно во завршниот дел од школувањето кога се стекнуваат носечките стручни знаења и умеења карактеристични за односното занимање. Според тоа, физичкото воспитание во рамките на оваа струка се промовира како најшироко воспитно-образовно подрачје со сите елементи што ја чинат неговата целина.

Од напред изложените емпириски податоци и факти може засновано да се заклучи дека со донесувањето на оваа програма што беше предмет на анализирање е направен натамошен чекор напред во унапредувањето и во развојот на физичкото воспитание во средното образование. Неговата концепциска и програмска поставеност на една уште поширока педагошка основа, позајакната програмска обврзаност на училиштето, а не само на предметниот наставник, за реализирање на програмските содржини, пренесувањето на одговорноста за резултатите што се постигнуваат во физичкото воспитание на учениците на повеќе субјекти во училиштето и надвор од него, отварањето на широки организациони можности за вклучување на учениците во разновидни спортски и други физички активности и насоченоста на наставата и на други облици на физичкото воспитување кон реалните потреби и можности на учениците, претставуваат посуштински педагошки барања што се содржани во оваа програма.

Натамошниот развој на физичкото воспитание во средното образование е овозможен со програмските измени и усовршувања што се извршени во 1991 година, посебно за гимназиското образование.[418] Во оваа наставна програма во споредба со претходната, се извршени повеќе измени и усовршувања, како во изборот на содржините така и во дидактичката структура. Во оваа смисла е извршена уште поголема конкретизација на оперативните задачи заради постигнување на поголема рационалност и ефикасност на наставниот процес, како и пофункционално поврзување на програмските задачи и програмските содржини. Новина во оваа програма претставува задолжителниот дел на телесното вежбање - спортовите, атлетика и гимнастика, што се

---

[417] Физичка култура, програмски документи за воспитно-образовната дејност во средното образование, (1988), Скопје, Самоуправни интересни заедници на насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, стр. 5.

[418] Наставна програма и физичко воспитание за гимназиите, (1991), Скопје, Републичка заедница на насоченото образование и Педагошки завод на Македонија, стр. 13.

застапени со одреден фонд часови во сите четири години на средното образование. Покрај тоа, во оваа програма уште поголем простор и се дава на изборната настава. На избор се поставени четири спортски игри: кошарка, одбојка, ракомет и фудбал. За изборната настава е предвиден и најголемиот дел од часовите по физичко воспитание, бидејќи преку неа, според оваа програма, е предвидено реализирањето на најголемиот број задачи од овој предмет.

Новина во оваа програма е и тоа што се овозможува факултативната настава по избор, чија задача е да се задоволат интересите на учениците со бавење со оние спортови што не се предвидени со задолжителната програма.[419] Тоа се всушност оние спортови кои се популарни во местото каде што се наоѓа училиштето и за кои постојат потрбните услови. Покрај тоа, во оваа проблематика уште повеќе се разработува оној дел што се однесува за специјалната настава по физичко воспитание за учениците кои од здравствени причини не се во можност да посетуваат редовна настава. Во оваа програма за прв пат се посочени најразлични активности што се соодветни за вежбање за пооделна група болести и затоа се дадени адекватни програмски содржини. Со тоа всушност се напушта дотогашната практика за целосно ослободување на одделни ученици од наставата по физичко воспитание. Новиот концепт за застапување на ова воспитно-образовно подрачје не познава причина поради која било кој ученик треба да биде ослободен од оваа настава. Тоа за ученикот е голем психолошки хендикеп. Наспроти тоа, според овие програмски решенија наставникот е должен, со помош на рамковната програма да избере такви содржини кои ќе одговараат за подобрување на физичката и здравствената сосотојба во која се наоѓа ученикот за ублажување или целосно одстранување на физичкиот или здравствениот проблем што го чувствува.

Досегашниот развоен циклус на физичкото воспитание во средното образование се заокружува со донесувањето на најновата програма[420] по овој наставен предмет во 2001 година, наменета за реформираното гимназиско образование. Таа е изготвена според наставниот план за реформирано гимназиско образование во коешто овој наставен предмет за прв пат се појавува под името "спорт и спортски активности" со по три часа неделно, за учениците од првата до четвртата година.

Промената на називот и осетното зголемување на неделниот фонд часови претставуваат вистински реформски зафат кој по себе повлекува и други покрупни концепциски промени и програмски усовршувања. Во повеќе децинискиот постојан развој и усовршување на концепцијата, програмата и методиката на наставата по физичко

---

[419] Исто, стр. 30.

[420] Наставна програма по спорт и спортски активности, (2001), Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, стр. 5-41.

воспитание, најновите решенија претставуваат најголемо доближување до современата практика на физичкото воспитание што е одамнешна карактеристика за образованието во развиениот свет. Тоа може да се потврди со неколку покарактеристични педагошко-дидактички елементи што ги содржи најновата програма по новиот наставен предмет.

Доследно на промената на името во програмата се содржани наполно нови цели и задачи од кои може да се види една сосема друга филозофија и педагошка насоченост на наставата по физичко воспитание. Така, ***како примарна цел на наставата по спорт и спортски активности се јавува развивањето на целата лепеза на способности од сите три сфери од развојот на личноста: когнитивната, психомоторната и афективната.*** Една ваква конзистентна цел за прв пат се среќава во нашите програмски документи што се однесуваат на наставата по физичко воспитание. Консултирајќи ја најновата педагошка и психолошка литература, што е предмет на разработка и во овој труд, засновано може да се заклучи дека со дефинирањето на напред посочената цел е искажано најсовременото гледање за педагошко-психолошките и социјалните вредности на физичкото воспитание. Сите други претходни дефиниции се едностранн, дифузни и недоволно научно засновани. Токму поради тоа, тие само формално беа содржани во наставните програми без да побудат некое посебно внимание кај наставниците за нивното подлабоко аплицирање и операционализирање. Во рамките на вака дефинираната современа цел се содржани три барања[421], посебно за секоја сфера и тоа:

- развој на когнитивните способности, дефинирани како простор што ги опфаќа перцепцијата, мислењето и помнењето;
- развој на психомоторната сфера што ги опфаќа способностите од моторичкиот, функционалниот и морфолошкиот статус;
- развој на афективната сфера што ги покрива карактеристиките дефинирани во форма на однесување на ученикот во процесот на наставата по спортување.

Од напред посочените цели, со потребната логичност и доследност, во најновата програма се конкретизирани неколку мошне синтетизирани воспитно-образовни задачи. Анализирајќи ја нивната содржина мошне експлицитно се гледа дека современата настава по физичко воспитание треба главно да биде насочена кон:

- одржување и подобрување на физичките способности кај учениците и на нивното здравје;
- симетрично развивање и формирање на нивното тело;
- развивање на функционалните, аеробни-енаеробните способности;
- овозможување активно одмарање и репродукција на работните и творечките способности;
- развивање и овозможување социјализација, дружење и почитување на граѓанските норми на однесување како и формирање на спортско фер-плеј однесување и почитување;
- афирмирање на личноста на ученикот, развивање и мобилизирање на творечките потенцијали, позитивните карактеристики и емоции.

[421] Исто, стр. 1.

Однапред посочените задачи се гледа дека и во најновата концепција за физичкото воспитание во средното образование примарно место има развојот на физичките способности и јакнење на здравјето на учениците. Меѓутоа, паралелно со тоа, мошне голем акцент во новата програма се става на сите други страни од развојот на личноста. Но, во споредба со претходните програми, овде посебен акцент се става на потребата за изградување на граѓанска личност, афирмирање на личноста на ученикот, развивање и мобилизирање на неговите творечки потенцијали.

Содржинскиот дел на програмата е структуиран во таканаречени модули од кои учениците избираат во кои ќе се вклучат, според нивните желби и афинитети. Така на пример, во програмата за прва година на гимназиското образование се содржани седум дидактички модули и тоа: атлетика, гимнастика, спортски игри, пливање и пливачки спортови, зимски спортови, активности на планина и танци. Во рамките на секој од овие модули се содржани повеќе тематски целини со посочување на конкретни содржини што треба учениците да ги усвојат. За секоја тематска целина се дадени по неколку конкретни цели што треба да се постигнат, а во посебна колона од програмата се поместени дидактички насоки наменети за наставникот. Во последната колона од програмата се посочени можностите за корелација меѓу тематските целини и меѓу предметната корелација.

Според тоа, оваа програма е сосема нов дидактички модел во којшто наместо програмски содржини, кои што доминираа во класичните програми најголем простор завземаат целите што треба да се постигнат, односно конкретните воспитно-образовни резултати на наставата. Всушност, токму тоа е модулот според кој денес се изготвуваат сите современи програми во најголем број земји на светот.

Иновирањето на оваа програма се гледа и во делот каде што се даваат дидактички упатства и насоки на наставникот во поглед на: користењето на наставни методи и активности за учење, организирањето и реализирањето на наставата и употребата на наставни средства и помагала.

Реформска промена во оваа програма претставува и напуштањето на дологодишното бројчано оценување на учениците по овој наставен предмет. Наместо тоа, постигањата на учениците, согласно на оваа програма, "ќе се утврдуваат со непосредно следење на промените на физичките способности и знаењата стекнати од спортот во којшто учениците спортуваат".[422] Притоа, со програмата се бара да се следат "промените на психомоторичкиот, морфолошкиот и

[422] Исто, стр. 15.

функционалниот простор"[423], применувајќи при тоа посебна методологија за следење и вреднување на постигањата на учениците.

Особено значајна новина во оваа програма претставуваат барањата што се содржани во неа за стручните и педагошките квалитети што треба да ги поседува наставникот по спорт и спортски активности. За реализирање на оваа програма е соодветен оној "наставник кој може да организира настава со модифициран тренажен процес".[424] Наставникот треба да има посебни познавања за дозирањето на физичките активности според индивидуалните способности на учениците како и стручни знаења за следење на промените во физичките способности односно да умее да го следи физичкиот развој на учениците".[425] Покрај тоа, од наставникот се бара "да биде подготвен потребите на учениците да ги задоволува преку изборност на програмски содржини врз основа на интересот и можностите на учениците".[426]

Со напред посочените дидактички елементи и дидактичка структура на најновата програма по физичко воспитание, односно по новиот предмет "спорт и спортски активности", постигнат е досега највисоко ниво во унапредувањето и осовременувањето на наставата по овој наставен предмет. Всушност со овие промени физичкото воспитание, како и другите наставни предмети што се застапени во нашето образование, поприми граѓанска димензија како во поглед на дефинираните цели и задачи, на програмските содржини, организацијата и изведувањето на наставата, тродимензионалноста во насоченоста на воспитно-образовни цели, модуларниот карактер на програмата, преферирањето во програмата на воспитно-образовните резултати пред програмските содржини, изборноста како основен принцип при организирањето на наставата и напуштањето на бројченото оценување како педагошки нецелисходно за ова воспитно образовно подрачје, претставуваат најсуштинските карактеристики на најновите концепциски и програмски промени во физичкото воспитание во средното образование во нашата држава.

---

[423] Исто, стр. 15.
[424] Исто, стр. 16.
[425] Исто, стр. 16.
[426] Кондовски, Н.: (2001), Насоки за наставата по спорт и спортски активности во реформираното гимназиско образование, Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, стр. 5-26.

10. ПРОБЛЕМИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Како посебно прашање, со свое значење и тежина, во ова истражување, го одвојуваме прашањето за реализацијата на современата концепција на физичкото воспитание.

Уште во насловот на поглавието, во кое ќе го разгледуваме директниот проблем, нагласивме дека цел на истражувањето претставува реализацијата на концепцијата на физичкото воспитание во нашиот воспитно-образовен систем кој достигнал определен степен на развиток, но истовремено тежи кон натамошни промени и развиток паралелно со економските, политичките, социјалните и културните промени во нашата земја.

Всушност, во обидот да се анализира развојниот пат на нашата концепција на физичкото воспитание, јасно, се доаѓа до заклучокот, дека, оваа концепција, од првите обиди за конципирање на ова воспитно подрачје, па до денес, не доживува некои суштински промени. Тоа ги задржува основните рамки, кои ги има и денес, со извесни модификации во последните периоди од развитокот на општеството, техниката и технологијата, педагошката и другите науки и поставености на физичкото воспитание. Имено, физичкото воспитание се остварува како наставен предмет, односно преку содржините и поставеноста на посебниот наставен предмет со различни називи во поединечните временски периоди; преку спортот, рекреацијата и корективната гимнастика.

Реализацијата на ова воспитно подрачје детерминирана е од бројни претпоставки.

Прво, во процесот на остварувањето на физичкото воспитание во непосредната воспитно-образовна практика, значајно влијание имаат решенијата на педагошката теорија. Односно, теориските дилеми и отворени прашања и различниот пристап по однос на нивното разрешување, стваараат простор за различни решенија во временска и просторна смисла.

Проблемот на реализацијата на физичкото воспитание има своја социо-просторна и педагошко-дидактичка димензија. Станува збор за прашањето каде и како, треба да се реализира концепцијата на физичкото воспитание во воспитно-образовната практика.

Од социо-просторен и од педагошко-дидактички аспект, концепцијата на физичкото воспитание, своја практична реализација доживува во предучилишното, основното, средното и високото образование.

10.1. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи

Познато е на педагошката јавност дека преломниот период во развојот на нашата предучилишна педагогија се одигра во седумдесетите години на XX век кога во јавноста беа објавени поголем број стручни трудови за современите проблеми на предучилишната педагогија, а во тој контекст се и проблемите во практичната реализација на физичкото воспитание во предучилишните установи. Поставувајќи го барањето за ревидирање на постојната практика на предучилишното воспитание поради неговата заснованост на застарени психолошки и педагошки факти и теории, тие ја запознаа нашата јавност со научните истражувања и во тоа време како што се проучувањата на Брунер, Виготски, Ериксон, Пијаже, Дојч и други современи теоретичари за предучилишното воспитание. Кај сите нив постои мислењето и сознанието дека предучилишното воспитание има пресудно значење во натамошниот развој на детето. Познато е од искуство, а тоа и научните сознанија го потврдуваат, дека детето најинтензивно се развива во оваа возраст како во физички, така и во психички поглед. Тоа располага со бројни диспозиции кои претставуваат основа за развој на одделни способности. Диспозициите можат да останат неразвиени или латентни, недоволно да се развијат или да бидат неправилно насочени доколку врз нив не се влијае организирано преку соодветни методи на воспитание. Развојот на способностите и другите особини, според научните сознанија, се одвиваат според одреден ред и ритам. Во определено време диспозициите достигнуваат зрелост кога условуваат оптимални услови за развој на способностите или функциите - говорот, интелегенцијата и други. Ако во овој интервал не се влијае со воспитни методи и други услови, тие способности не ќе можат да се развијат успешно, или воопшто не ќе се развијат.

Преку предучилишното воспитание на организиран начин се влијае врз развојот на целокупната личност на детето и тоа на физичките, умствените и емоционално-социјалните особини. Затоа е потребно уште од рана возраст да се отпочне со организирана активност во физичкото воспитание. Да се потсетиме само на анегдотата на еден англиски детски лекар и неговата констатација, дека со денот на раѓањето, бебето инстиктивно чувствува потреба за движење - физичка активност. Физичкото воспитание со оглед на тоа што детето брзо расте и што е подложно на разни болести, има значајна улога во нормалното растење и развивање. На детето треба да му се овозможи правилна исхрана, да се навикне да се храни во определено време, да се навикне на правилно и културно хранење. Со соодветни воспитни методи кај него да се формираат културно-хигиенски навики, одржување на лична хигиена и во просториите во

кои живее и надвор од нив, одржување на чистота на облеката, предметите со кои се служи и слично. Во ова време детето треба да се навикне да ги користи природните фактори: сонцето, водата и воздухот. За жал, кај нас, децата од предучилишна возраст, такаречи не се опфатени со физичко вежбање со исклучок во предучилишните институции, чија мрежа сé повеќе се шири. Според тоа, можеме да констатираме дека денес само околу 20% од децата од предучилишна возраст се бават со телесна активност и тоа недоволно организирано поради бројни проблеми што се јавуваат во практичната реализација на физичкото воспитание во прдучилишните установи. Но, пред да се впуштиме во анализа на проблемите и во барањата на можни решенија за надминување на истите, сметавме дека е потребно да направиме еден кус осврт на програмските активности со што ќе укажеме на формите и облиците низ кои се остварува концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи. Во програмата се вели дека најважна активност во предучилишниот развоен период претставува ***играта***. Со помош на играта детето ги совладува спротивностите меѓу неговите потреби, желби и интереси и неразвиените можности. Играјќи се детето себе си се става во позиција на субјект кој ја менува околината макар на имагинарен начин. На овој начин тоа претставува значајна активност која влијае врз развојот на воспитанието на децата. Значењето на играта проучувано е од психолошко, педагошко, социолошко, историско и антрополошко гледиште. Заедничко за сите истражувања е тоа што за нив играта претставува засекогаш еден од основните облици на однесување што допринесува за индивидуалниот развиток.

Освен низ подвижните игри, физичкото воспитание во предучилишното воспитание се остварува и низ : занимањето (час по физичко воспување), прошетките, излетите, слободните активности и утринското вежбање.

Часот по физичко воспитание помага и придонесува да се остварат непосредните цели и задачи на физичкото воспитание во предучилишните установи. На часот со изведување на одделни - насочени телесни вежби се влијае поединечно или комплексно врз растот и развитокот на детскиот организам.

Телесните вежби можат да се изведат повеќе пати, па може да се оди дури до таму додека детето не ја научи вежбата, или, пак, додека не ги постигне саканите ефекти во смисла на воспитно-образовните и биофункционалните барања.

Часот по физичко воспитание, својата практична примена ја има во реализацијата на програмските содржини во средната и големата група, како и кај воспитните групи со полудневен престој.

И прошетките претставуваат значајна организациона форма за работа на физичкото воспитание во предучилишната возраст. Оваа форма посебно е добра и ефектна во оние услови каде не постојат можности за изведување на занимањето, односно нема сала. Оваа форма дава можност да се оствари сé она што се работело на занимањата.

Излетите се слична организирана форма на прошетките со таа разлика што тие траат подолго. Според времето на изведувањето излетите можат да бидат полудневни и еднодневни, а според начинот на изведување со одење или со некое превозно средство. Содржината на рабатата на излетот ја сочинуваат подвижните игри, слободните занимања или нешто што е планирано, а не е можно да се оствари на занимањата.

Слободните активности се организирани форми на работа, во која децата според своите желби избираат физички активности со кои ќе се занимаваат, како и справи и реквизити кои ќе ги користат при занимањето. За да може успешно да се реализира секоја слободна активност мора однапред да се подготви, како во организациска, исто така и во просторна и временска условеност.

Во практичната реализација на вака поставената концепција на физичкото воспитание во предучилишните институции, факт е дека се соочуваме и со бројни недоследности и слабости кои се однесуваат на потребите и интересите на детето, неговите психолошки специфичности, прашањата за плановите и програмите по физичко воспитание, внатрешната организација, прашањето на кадарот, опремата, реквизитите и други битни прашања.

Потребите на детето, неговите настојувања, желби и интереси, неговите можности, биле, а воглавно и сега се, во втор план. Детето е воведено во такви форми на животот кои биле различни од неговите интереси и чувствувања, па поради тоа му биле туѓи. Се претпоставувало дека детето ќе им се прилагоди на таквите форми, бидејќи во спротивно ќе настанат различни неуспеси во неговиот живот. Се разбира дека тие притисоци, како што истакнува полскиот педагог ***А. Левин***[427], не водат доволно сметка за психолошките карактеристики на детето што постанува сé поголем анахронизам на времето во кое живееме. Појавата и развитокот на новите облици на животот, општествената коегзистенција, развојот на интелектуалната и емоционалната сфера на современиот човек, бараат други услови и патишта за самореализација на поединецот, па во согласност со тоа сосема поинакво организирање на воспитно-образовната работа во предучилишните установи. Како што е познато, општествено-економскиот поредок, бара и предучилишната установа да биде

[427] Левин, А. (според Ѓорѓевиќ, Ј.): (1986), "Педагогија", Београд, часопис Савеза педагошких друштва Југославије - бр. 3, стр. 319

демократска и што подостапна за целата популација и да овозможи максимален развој на личноста на детето.

Денес не можеме да го прифатиме барањето на кое своевремено инсистираше Макаренко, имено сите деца да бидат третирани на ист начин. Се работи за опасноста од "колективизмот", каде личноста вреди и се остварува во онаа мерка која доприносува за напредокот на колективот. Меѓутоа, колективното воспитување и социјализација не значат и колективизација. Некои од споменатите тенденции постојат и во практиката на нашиот систем на воспитание и образование. Со тоа е разбирливо дека сите предлози кои се наоѓаат во современите концепции на воспитно-образовната работа, се насочени кон решавање на оваа дилема. Значи, се работи за тоа предучилишната установа поцелосно и подлабоко ги согледа задачите во областа на својата дејност и што поадекватно го организира физичкото воспитание, потребите, настојувањата и интересите на секое дете како поединец, како субјект. На мислење сме дека нашата педагошка теорија и практика оваа автономија ја нема прифатено во доволна мера.

Друг проблем на кој сакаме да укажеме е околу изборот на содржините, карактерот како и на промената на облиците на физичкото воспитание во предучилишните установи. Сé повеќе е присутна тенденцијата на напуштање на физичкото воспитание и образование во кои се даваат на сите знаења и сé повеќе се поминува на разновидни облици на воспитание чија основа ја чинат сознајните активности на самите деца. Во тој правец е неопходно надминување на ограничувањата кои ги ствара часовниот систем во својата цврста и традиционална форма. Часовниот систем ја фиксира тенденцијата на униформно физичко воспитание и образование, што претставува голема тешкотија во остварувањето на вистинските педагошки успеси. Меѓутоа, иако часовниот систем одамна е табу-тема кај нас сéуште не се отворени поширок и послободни дискусии кои би довеле до сериозни промени во реализацијата на физичкото воспитание, за да би можело содржините и методите на работа да се прилагодат на индивидуалните можности на детето и детските групи, формирани на соодветен начин. Часовниот систем во својата сегашна форма во многу го отежнува поеластичното организирање на концепцијата на физичкото воспитание и неговото поставување на посовремени основи.

Следен проблем на кој сакаме да укажеме е прашањето између теоријата и практичната реализација на физичкото воспитание. И овој проблем кај нас не е решен на задоволителен начин, и со него се бават многу мал број на педагози.

Доколку погледаме каков е односот помеѓу теоријата и практиката, односно колку теоријата и научните резултати влијаеле, или влијаат на физичкото воспитание и образование на предучилишното дете и воопшто на работата на установата, тогаш не може

да се рече дека тие ја најдоа правата мерка во секојдневната воспитно-образовна практика. Постои поголема или помала неусогласеност меѓу теоријата и практиката на физичкото воспитание. Од таму, оправдано е да се постави прашањето, за тоа кои се причините за таквата состојба? Дали теоријата досега не успеа да се бави со некои посуштински прашања, или пак установата не така радо ги прифаќа теориските приоди и резултати?

Причините за ваквите состојби се бројни и сложени, но тие повеќе се наоѓаат во секојдневната практична реализација на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи. Проблемот е во тоа што не е воспоставена најдобра врска меѓу научните-педагошки институции и предучилишните установи.

Што се однесува до нашата земја, може да се каже дека таква поврзаност скоро и да не постои. Научните институции со своите резултати немаат поголемо влијание на животот и работата на предучилишната установа. Институциите кои би требало да бидат врската помеѓу науката и установата, не ги пренесуваат тие резултати во установите туку се бават со други, споредни работи. Затоа проблемот на апликативност е еден од значајните проблеми за бројни теориски и експериментални сознанија, за кои досега не се водеше доволно сметка.

Пренесување на теоријата во практиката, со посредство на воспитната работа, не е едноставен ни автономен процес. Не е доволно, воспитувачот во предучилишната установа само да познава одредени теориски сознанија и достигнувања во областа на физичкото воспитание и само за нив да е информиран, туку треба да исполнува и низа други услови, за да може успешно ги примени теориските поставки во практиката. Многу од овие услови не зависат единствено од информираноста на воспитувачот и неговите добри намери. Заради тоа, една од причините за успешно пренесување и примена на теориските и експерименталните сознанија е создавање на еден споен апарат, за успешна апликација во воспитно-образовната работа.

Во западната литература под поимот "споен апарат" често се подразбира т.н. педагошка (образовна) технологија. Како што во индустријата технологијата се бави со примена на научните сознанија, усовршување и модернизација на различни методи, средства и постапки, така и педагошката технологија треба да најде значајно место и примена во доменот на физичкото воспитание и образование.

Унгарскиот педагог ***Ф. Гензвеин*** смета дека "образовната технологија треба да биде апликативно насочена со основна функција да ја исполни празнината помеѓу педагошката теорија и практика и да овозможи решенија за разновидни проблеми на планот на практичната

реализација на концепцијата на физичкото воспитание во предучилишните установи".[428]

Слична аргументација има и советскиот педагог ***В. Турченко*** кој смета дека "отстранувањето на недостатоците на современото физичко воспитание и образование зависи од практичното решавање на соодветните проблеми. Според него, тоа може да се направи со онтодидактиката, како подрачје на апликативната педагогија, која треба да се бави со пренесување на научните сознанија при реализацијата на конкретните содржини на физичкото воспитание и образование".[429]

Современата образовна практика, меѓутоа, не може да чека со решавањето на актуелните проблеми, па се предлагаат две решенија: едно се однесува на насочување на воспитните содржини со што ќе се зголеми неговата "комуникативна пропустливост" и другото, подразбира интегрирање на содржините на физичкото воспитание со посредство на синтетизираните воспитни подрачја. Првиот ги опфаќа проучувањето на фундаменталните проблеми, а вториот - проучувањето на потесните, непосредни, практични и конкретни прашања.

Извесен проблем во практичната реализација на физичкото воспитание во предучилишните установи претставуваат и стручните кадри. Воспитувачите во детската градинка имаат тешкотии во остварувањето и реализацијата на програмските содржини по физичко воспитание поради неадекватните работни и оптимални услови за телесно вежбање (преголем број на деца, незадоволувачка опременост со спортска опрема и реквизити) и поради недоволната стручна подготвеност. Воспитниот кадар во детските установи многу слабо или никако не е инструиран правилно и целосно да ја реализираат програмата за физичкото воспитание. Според податоците со кои располагаме, досега со тој кадар е организиран само еден полудневен семинар од страна на СТВ "Партизан на Македонија" на кој донекаде се приучени околу 200 воспитувачи.

Од изнесеното произлегува, дека во вакви услови родителите се најповикани да поведат сериозна сметка за задоволување на природната и здравствената потреба за движење и телесно вежбање на децата до 7 годишна возраст, сé додека надлежните фактори не создадат услови за школување кадри со потесна специјализација за физичко воспитание во детските установи.

Физичкото воспитание во предучилишните установи не смее да се затвори во ѕидовите на занималната, ниту да се ограничи на задачите и содржините кои ги предвидува програмата туку треба да никнуваат од конкретното детско искуство, не одвојувајќи ја работата

---

[428] Гензвеин, Ф. (според Ѓорѓевиќ, Ј.): (1986), Педагогија, Београд, часопис Савеза педагошких друштва Југославије, бр. 3, стр. 321.

[429] Турченко, В. (според Ѓорѓевиќ, Ј.): (1986), Педагогија, Београд, часопис Савеза педагошких друштва Југославије, бр. 3, стр. 322.

од играта, акцијата од мислите и знаењето од неговата конкретна примена во секојдневните животни ситуации.

Во таа смисла новата концепција на физичкото воспитание во предучилишните установи треба да овозможи подобри услови за формирање физички здрави деца, односно личности кои ќе бидат подготвени да се самореализираат преку сите компоненти на позитивна личност.

На почетокот на секоја година при приемот на детето во градинката, установата треба да го сними, а потоа да го следи психофизичкиот развој и здравствената состојба на учениците. Поради промената на средината и недоволната емоционална зрелост на учениците од оваа возраст можна е појава на проблеми во менталната сфера. Затоа уште со приемот на децата во градинката треба да се работи на активна адаптација со што ќе се избегнат стресовите, психичките трауми и фрустрации и ќе се развиваат механизмите на одбрана како здрави ментални особини.

Современата концепција за физичко и здравствено образование треба да биде во функција на детето и неговите потреби. Затоа при изработката на повеќе програми за физичко воспитание треба да се стави акцент на хуманистичкиот приод со задача да се обезбеди богато, квалитетно и разновидно живеење на детето. Тоа претпоставува и заедничко живеење, односно создавање на партнерски односи на децата и возрасните, меѓу самите возрасни, меѓу воспитувачите и родителите. Значи се работи за такви програми кои ќе бидат отворени и за родителите и за непосредната општествена средина, а тоа во прв ред значи отвореност кон родителите, родителот да добие третман на партнер и активно да се вклучи во реализација на програмата за физичко воспитание. Тоа е нешто повеќе од она што се нарекува соработка: родителот треба да биде составен дел на реализација на програмските содржини, почнувајќи од моментот на нивното концепирање па сé до моментот на нивната реализација. Установата мора да му овозможи на родителот директно ангажирање во осмислувањето и планирањето на програмските активности на физичкото воспитание (уредувањето на установата, во создавањето на хигиенски услови за живеење, работа и исхрана, планирање и изведување на посети, излети, прошетки и друга рекреација).

Новите воспитно-образовни програми по физичко и здравствено воспитување за работа со децата од предучилишните установи треба да го одразуваат духот на новото време како и да се следат современите европски правци за воспитување на детето и тоа земајќи ја предвид идејата на плурализмот каде се експлицира разновидноста на програмите. Наместо досегашните програми за физичко воспитание, се предлагаат програми кои ќе бидат пред сé во функција на детето и неговите потреби. Богатството и разновидноста

на програми треба да дадат можност родителот сам да одлучи која од нив е најдобра за неговото дете. Такви програми треба поинтензивно да се организираат, посебно за децата од 4 - тата година до поаѓање на училиште. Основната цел на овие програми е социјализација и привикнување на детето за живот, во услови различни од семејните и рано откривање на оние функции што едно дете го прави различно од другите. Во овие програми треба да провејува идејата за воспитување и негување на индивидуалитетот и особеностите на детето што доминира во современите европски сфаќања за воспитание. Значи, наместо програми по мерка на просечно дете, потребно е постоење на диференцијални програми во зависност од нивните интереси, настојувања и потреби. Сите други програмски содржини за физичко воспитание што се изолирани и се надвор од животниот контекст на детето - немаат никаква смисла.

10.2. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во основното образование

Во целината на промените на воспитно-образовниот систем кај нас, за проблемот на реализацијата на физичкото воспитание, посебно е актуелно прашањето за тоа, дали нашето училиште, такво какво што е, ги обезбедува основните претпоставки, физичкото воспитание да стане суштина на цеокупната воспитно-образовна работа.

Од практиката познато е дека порано пред да настапат процесите на транзиција беа присутни настојувањата кои го застапуваа мислењето дека таквите барања можат да се остварат со "поправки" на самото училиште, да се "трансформира" и "модернизира" со негови "внатрешни" реформи, со педагошки мерки и иновации, со прекројување на програмите и задржување, повеќе или помалку на наследената зграда и наследениот дуализам внатре во образованието, без промени во општествено-економските односи и без воспоставување на односи помеѓу образованието од една страна и производството и другите дејности од друга страна, без да се постигне интелектуализација на професијата и трудот, од една страна и без расветлување од суштинско нов аспект на воспитно-образовните, педагошко-дидактичките и методските прашања.

Во основата на ваквиот концепт лежат барањата за надминување на една состојба што значи само изнесување на голи факти пред ученикот и барања нему да му се понудат основни фундаментални знаења, неопходни за понатамошното образование, но истовремено применливи во практичниот живот, како и барања училиштето да се претвори во институција во која адекватно место ќе завземат културните, образовните и општествените функции.

Оттука, прашањето за реализација на концептот на физичкото воспитание во сегашното училиште станува проблем од чие решавање, во крајна инстанца, ќе зависи успешноста на воспитно-образовната дејност во целина, а уште повеќе, понатамошната реализација на новиот систем на воспитание и образование кој од една страна ќе придонесе во формирањето на идниот граѓанин на светот, додека од друга страна ќе претставува агенс за сегашниот развој на земјата и ќе помогне во решавањето на нејзините внатрешни проблеми на политички, економски и културен план. Токму затоа, проблемот на реализацијата на физичкото воспитание во воспитно-образовниот систем кој се наоѓа во трансформација ја чини срцевината на прашањата кои бараат теориско и практично разјаснување.

Во овој контекст ни се наметнува прашањето за тоа дали, нашето современо училиште ги обезбедува основните претпоставки за доследно остварување на современата концепција на физичкото воспитание. Во одговорот на поставеното прашање ќе го нагласиме фактот дека преобразбата на воспитно-образовниот систем и на училиштето во целина, претставува процес кој го следат и бројни недоследности и слабости кои од своја страна, го отежнуваат самиот тој процес на трансформација, менувањето на неговата позиција, организација и функција како субјект кој треба да одговори на предизвиците на новото време.

Од посебен интерес за нашето истражување, е прашањето, за поставеноста и организацијата на воспитно-образовната дејност во самото училиште во кое физичкото воспитание ќе стане негова суштина. По однос на ова прашање, не можеме а да не констатираме, дека односите во училиштето бавно се менуваат. Имено, нашето училиште бавно се ослободува од традиционалните рамки каде примарно значење има образовниот процес за сметка на сите други функции што училиштето треба да ги обавува. Во оваа смисла познатиот хрватски педагошки теоретичар ***В. Превишевиќ***, констатира дека "осиромашените и неопремени училишни лаборатории, кабинети, просториите за спорт и физичка култура и т.н. ги надоместуваат многубројните учебници и други пишани материјали, кои учениците уште повеќе ги приковуваат за клупите, ги присилуваат на седење, учење и бубање на податоци, правила и дефиниции".[430]

За таквото училиште нема место за физички активности, што значително го отежнува доследното реализирање на современата концепција на физичкото воспитание како во основното така и во средното училиште.

---

[430] Previšević, V.: (1988), Mesto i uloga izvannastavnih i izvanškolskih aktivnosti u koncepcii nove osnovne škole, Zagreb, Pedagoški rad, str. 568

Токму од тие причини нема да погрешиме со констатацијата дека денес, повеќе декларативно отколку практично се менува наследната концепција на воспитанието и училиштето и дека определбата дека физичкото и здравствено воспитание ќе стане суштина на целокупниот живот и работа во него, останува повеќе декларативна отколку реална определба.

Реализацијата на современата концепција на физичкото воспитание истовремено многу тесно е поврзана и со проблемот на обезбедување на бројни претпоставки од педагошко-дидактички, материјален и кадровски карактер.

Во освртот на педагошко-дидактичката димензија, ќе се осврнеме на значењето, функцијата и проблемите кои се јавуваат во процесот на наставата по физичко воспитание, и другите воннаставни активности како што се спортот, гимнастиката и рекреацијата како и врз системот на слободните активности на учениците во нашето основно училиште.

Физичкото воспитание во нашите училишта сеуште по некоја инерција, стихијно се движи напред. По завршувањето на војната се ослободивме од застарената формална настава, но подоцна се отиде во друга крајност со воведување на спортски игри со желба да тие бидат што повеќе слободни и забавни. Дури почнаа да се развиваат теории дека физичкото воспитание на учениците треба да им обезбеди само забава и одмор. Секако, никој не е против тоа, но физичкото воспитание во основното училиште има и сериозни задачи. Пред да се разгледаат другите задачи, неопходно е да ги разгледаме податоците кои укажуваат на фактот дека навистина нашето физичко воспитание не го достигнало она ниво на кое би можело ефикасно да делува на развојот на младиот човек, да го менува и усовршува согласно неговите потреби. Интегралниот развој на личноста на ученикот сé уште се движи по природен пат, при тоа без наша можност било што да измениме или модифицираме во делувањето на природните закони, односно да ги насочуваме и усогласуваме според нашите потреби. За тоа говори појавата за ненормалното брзо растење - акцелерација. Според податоците од мерењата на физичката способност на ученици од некои основни училишта кои се извршени кон крајот на 1962 година, ученик стар 13 години за 1 година израснува за 8-9 см, а во тежина добива 6-7 кг. Меѓутоа, физичките и функционалните способности на тој ученик не растат со тоа исто темпо, тие обично заостануваат за 1 година или 1,5 години.[431]

Денес е познато дека акцелерацијата е појава на цивилизираниот свет и до неа се доаѓа таму каде што недостасуваат условите на кои организмот бил навикнат, а тоа се интензивно физичко движење, чист воздух, светлост и воопшто услови во кои човекот

[431] Група автори: (1969), Теорија физичке културе, Београд, Партизан, стр. 198.

порано се развивал. Со оглед што во денешни услови на живеење, посебно во градовите, децата се лишени од сонце, чист воздух и движење, а од друга страна исхраната е подобрена како и условите за живот кои се поудобни, на тој начин се појавува споменатата противречност: соматскиот развој во пубертетот се забрзува, а функционалните способности заостануваат. Таквиот организам обично е инсуфициентен во однос на дејството на средината.

Од друга страна, од податоците од споменатото мерење може да се воочи дека не постојат значајни разлики во физичките способности помеѓу учениците кои имаат редовна настава по физичко вежбање и оние кои таа настава ја немаат. Тоа значи дека напорите на кои се изложува ученикот во текот на часот или не се доволно интензивни или се појавуваат на преголемо растојание, па не оставаат никакви траги на организмот.

Доколку во светлината на овие појави ги бараме патиштата и начините за подобрување на физичкото воспитание во основното образование тогаш треба да се констатира следното:

Ние мораме училишното физичко воспитание да го претвориме во таков фактор кој активно и смислено делува врз физичко менување и усовршување на учениците.

Тие промени односно развој не можат да бидат само резултат на спонтана природна промена според законот на еволуцијата, туку треба со соодветна програма за физичко вежбање плански да се делува на растот и развојот на физичките способности на ученикот. Тие можности постојат. Потребно е само процесот на физичко вежбање да се постави така што тој да може активно да го менува и усовршува човекот. Тоа е квалитетно ново барање за нашето физичко воспитание кое бара да се менуваат концепциите за наставата по практична работа. Тоа значи дека не можеме да се задоволиме со тоа што сме одржале одреден број часови, што децата научиле одредени вежби, што поединци постигнале одредени спортски резултати и т.н. туку мора да обезбедиме одредени квалитетни промени на ученикот, на неговиот организам во целина. За да го насочиме физичкото воспитание во основното образование во тој правец, потребни се промени. Пред сé, мора да се создадат услови, физичкото воспитание, односно физичкото вежбање да стане секојдневна активност на ученикот. Спортско-гимнастичко-игровната активност на ученикот треба да се интегрира во секојдневниот живот на ученикот за да може тој одредени фази од секојдневниот живот ги исполни со физичка активност. Јасно е дека сé додека ученикот има два пати, или во подобар случај, три пати неделно час по физичко вежбање или некоја организирана активност од тоа подрачје не можеме да очекуваме некои посуштински промени. Затоа мораме кај учениците да создаваме навики за секојдневно вежбање, мораме да им помогнеме да пронајдат најсоодветно решение за овој

проблем. Едно од тие решенија би можела да биде утринската гимнастика. Меѓутоа, учениците нема доброволно да ја прифатат утринската гимнастика. Но, во случај да училиштето им помага на учениците упатувајќи ги на одредени задачи, проверувајќи го нивното усовршување, со време би се постигнало тоа утринската гимнастика за поголем број ученици да стане секојдневна потреба и навика.[432]

Потоа, ако училиштето ги насочува учениците на различни општествени форми на физичка активност, да се собираат во слободното време на игралиштата, тоа исто така може кај нив да создаде одредени навики. Што се однесува на развивањето на навиките и потребите за секојдневно физичко вежбање, мислиме дека училиштето таква потреба уште нема развиено. Познато е, на пример, дека учениците кои го завршуваат основното училиште и го напуштаат понатамошното образование во својот понатамошен живот не чувствуваат ни најмалку недостаток од физичко вежбање и не вршат никаков притисок врз никого да им се овозможи вежбање и спортување.

Друг проблем кој мораме поактивно да го решаваме, е во врска со сфаќањата односно концепцијата во нашето физичко воспитание, па и во физичката култура воопшто. Сметаме дека нашето основно училиште е премногу едностранo под влијанието на општите тенденции во нашиот спорт. Бидејќи денес во нашата општествена практика некако доминантно место има врвниот спорт со спортско-технички резултати, тоа сé повеќе по инерција отколку смислено таквите тенденции се пренесуваат и на училиштето, каде успесите во физичкото воспитание се гледаат само во спортските победи, мислејќи дека на подрачјето на физичкото воспитание сé е во ред ако училиштето има неколку пехари или спортски прваци. Од друга страна се јавуваат тенденции целокупното физичко воспитание да се претвори во рекреација, во активен одмор. Се смета дека основно е дека учениците треба да бидат весели, да се забавуваат низ игра и на тој начин училиштето ќе си ја изврши својата обврска.

Општествена обврска е, не само во училиштето туку и во јавноста, организирано да се работи на тоа таквите сфаќања да се искоренат. Пред поширокатa јавност мора да се објаснат прашањата за улогата, карактерот и функциите на физичкото воспитание. Мора поупорно да се подржува сфаќањето, дека физичкото воспитание во училиштето треба да биде во функција на развивање и усовршување на целокупната личност на ученикот. Таквото сфаќање мораме да го негуваме и кај учениците. Тоа не значи дека тие не треба да се натпреваруваат и да се интересираат за спортските резултати и т.н. Туку тие треба да сфатат дека спортските резултати не се крајна цел на физичкото вежбање, дека спортот служи за посестрано оспособување

---

[432] Малетиќ, С.: (1963), Покушај указивања на неке проблеме физичког васпитања код нас, Београд, Педагогија, бр. 3.

на човекот за нов начин на живот и потполна афирмација на креативните способности на слободната човекова личност.

Следен, доста актуелен проблем на училишното физичко воспитание е како да се зајакне физиолошкиот интензитет на наставата? Во врска со тоа мораме да констатираме дека процесот на училишното физичко воспитание повеќе не може да се набљудува само од аспект на обука, односно учење на вештини туку мораме тој процес да го прошириме и заокружиме така што со него ќе се опфати целосно личноста на човекот. Во тој процес треба да се вклучи и работата на организмот како составен дел на тој процес. Во него потребно е да се вклучи и проблемот на активното воспитание. Овие две компоненти на физичкото воспитание, функционалниот развој и воспитувањето, кај нас се доста занемарени; се уште не постојат организирани зафати во поглед на промена и усовршување на функциите на организмот, развивање на одредени погледи на физичката култура, идејно насочување на физичката култура, се занемарува моралното и естетското обликување низ практичната наставна работа. Повремено се одржуваат предавања и дискусии за физичката култура, но тоа се само епизодни проби додека систематското воспитно делување во одреден правец не постои.

Кога се бара подобрување на ефикасноста на училишното физичко воспитание, тогаш се мисли на две работи: на квантитативно и квалитативно унапредување и проширување на целото тоа подрачје. Под квантитативно се мисли на програма, карактеристична за физичките вежби, спортови и други активности кои се користат во училишната настава. Таа програма мора да се прошири и во извесна смисла да се актуелизира. Во неа треба да се внесат повеќе современи облици на вежбање, активности и спортови. Секако, концепцијата бара одредена коректура во политиката на изградба на материјална база која е потребна за спроведување на физичкото вежбање. Повеќе не можеме да се задоволуваме со класична материјална база: една сала 10 х 18 метри и еден двор односно игралиште без некои специјални уреди. Неопходно е проширување на материјалната база по структура. Училиштето мора да добие базен за пливање, мини спортски игралишта, а некаде и лизгалиште, и друга спортска опрема.[433] Се поставува прашање дали секое училиште може да си ги дозволи и обезбеди овие услови? Секако, денес тоа не е можно. Затоа треба да се ориентираме на изградба на комплексни објекти кои ќе ги користат повеќе училишта. Пред сé, ова решение треба да го прифатат градските училишта бидејќи тие се така концентрирани што можат заеднички да ги користат објектите.

[433] Исто, стр. 14.

Без осовременување на програмите тешко ќе го зголемиме интересот на учениците за физичко вежбање. Сé до тогаш додека на учениците им нудиме само неколку гимнастички справи - јарец, коњ или сандак или гол двор на кој одвај може да се одигра некоја спортска игра, нема да го зголемиме интересот кај учениците. Тие се добро информирани преку печатот, радиото, телевизијата и новата комјутерска технологија (интернет), за новите спортови кои се негуваат надвор од училиштето па разбирливо е што кај нив постои и желба да се занимаваат со тие спортови. Се разбира во услови на слаба материјална база на нашата држава не треба да гаиме некакви илузии дека тој проблем лесно ќе се реши. Но, ако ништо друго, денес мораме да се изборите за начелно прифаќање на таквата концепција.

Во квантитативен поглед треба повеќе да се постигне и во спортско-техничка насока. Заради тоа ќе мора поцврсто да ги поставиме техничките норми и ориентири кои ќе бидат еден вид показател на успехот во работата. Додека целокупната програма на физичкото воспитание во основното образование ја оставаме на слободна оцена на наставникот што треба да се работи, што не и што учениците мораат да постигнат и додека наставникот никој не го проверува во тоа, ние ќе останеме на исто место. Секако, тука се наоѓаме во противречност бидејќи сигурни, цврсти нормативи никој не може да постави. Од друга страна, се поставува прашање дали нормативите треба да се дадат според хронолошка или според физиолошка старост. Овие некои решенија можат и мораат да се пронајдат. Во прво време би можело да се започне со цврсти нормативи кои ќе бидат под физиолошките и хронолошките процеси на одредени возрасти. Утврдените процеси ќе мораат да бидат задолжителни и за наставникот и за ученикот.

Секако, мора да се ослободи наставникот од крутото робување на програмата за физичко воспитание, но не можеме да го ослободиме од секаква обврска спрема човекот и општествената заедница бидејќи тие се заинтересирани да имаат точно определени способности. Според тоа, треба да му се овозможи на наставникот во физичкото воспитание да вградува нови елементи, нови спортови, нови вежби, да пристапува индивидуално кон секој ученик, но истовремено мора да се инсистира на тоа учениците да го совладаат одредениот минимум од програмата по физичко воспитание. Ако се земе дека за ученик од 12 години е нормално да скокне 75 или 85 см во височина, тогаш тоа е обврска за сите основни училишта и тие треба да се спремаат нивните ученици да ја постигнат таа норма. Само така можат да се задоволат општествените интереси (во стопанството, армијата, културата) заради кои заедницата и ја финансира оваа дејност.[434]

---

[434] Педичек, Ф.: (1966), Отворени проблем школског телесног васпитања, Београд, Физичка култура, бр. 9-10.

Квалитативното менување на процесот на физичкото вежбање треба да се движи по веќе споменатите компоненти кои го градат тој процес, а тоа се обука, функционално усовршување и воспитување. Исто се однесува за обуката, ние мораме да ја унапредиме методиката на образованието за да се овозможи на ученикот во основното образование во пократок временски период да совлада одредена вежба, одредена моторичка активност или задача. Повеќе не може да се толерира практиката според која ученикот преку целата година на часовите по физичко вежбање да повторува иста вежба (задача), а до крајот на годината да не ја совлада и научи. Овој проблем може да се реши само на тој начин што и наставникот и ученикот ќе бидат запознати со законитостите кои дејствуваат во процесот на обуката. "Наша задача е ученикот да го доведеме во ситуација тој сам активно, значи свесно, да учествува во совладувањето на одредена задача, а тоа значи дека тој мора да биде во состојба по извршената вежба или задача да може во својата глава да го повтори или анализира целиот тек на движењето (што правел во одреден момент, како течеле и се одвивале одредени фази). Истовремено, потребно е да го упатуваме на тоа да ги осознава односно да биде свесен за осетите кои се јавуваат во поедини делови на телото кои се во движење. Тој мора да биде во состојба да осети како било изведено движењето (ефикасно или не)".[435] Значи, ученикот повеќе не смее да биде пасивен изведувач на движењата по наредба на наставникот. За да може ученикот да се наведе на ваква работа, потребна му е помош. Значајна улога во тоа може да одигра филмот. Во наредниот период ќе мора во нашата работа во основното училиште да се воведе филмот како редовно наставно средство. При тоа, се мисли на "луп" филмови кои можат преку мали кино проектори да се прикажуваат во кабинетот по физичко воспитание или на самиот час. Во примената на филмот може да се оди и до таму да се изработат киноснимки на учениците кои не можат да изведат некоја моторна задача, па потоа таа снимка да се спореди со изведувањето како пример. Денес во училиштата постојат фото-секции и мислиме дека учениците членови на тие секции би биле заинтересирани сами да ги изработуваат тие "луп" филмови. Од друга страна, одговорните стручни институции би морале да организираат систематска изработка на наставни филмови кои ќе бидат достапни до училиштето.

Кога се во прашање развојот на функционалните способности и физичкиот развој на ученикот, исто така мора да се разјаснат застарените сфаќања. Имено, се смета дека учениците не треба да се оптоваруваат ни во смисла на сила, издржливост, брзина бидејќи сите поголеми напори негативно делуваат на организмот и можат да доведат до негово оштетување. Секако, точно е дека не смее да се употребуваат

[435] Исто, стр. 36.

оние дози на оптеретување кои се дозволени и се бараат кај возрасните спортисти. Но, не можеме ниту да се сложиме со фактот дека ученикот на часот по физичко вежбање не смее да се замори, а ниту да се испоти. Поголема ефективност на часовите по физичко вежбање може да се постигне само во случај кога учениците доволно често ќе бидат изложени на доволно интензивни физиолошки дразби. Без нив физичките вежби нема да предизвикаат никакви промени на организмот. Најдобро мерило и ориентација за интензитетот на оптеретувањето се напорите на кои децата спонтано се изложуваат во својата игра. Ние гледаме деца кои трчаат до изнемоштеност, па сепак се здрави и јаки. Меѓутоа, одеднаш сметаме дека детето на часот по физичко воспитание не смее да се испоти, да се задише или да се зарумени. Очигледно дека нешто тука не е во ред. Затоа треба да ја напуштиме наследената практика и традиција и да тргнеме по нови патишта. Но, тука треба да бидеме внимателни, да одиме чекор по чекор при тоа управувајќи се од идејата дека ученикот на самиот час по физичко воспитание треба да добие такви дози на физиолошко оптеретување со чија помош одредени органи и органски системи ќе бидат условени на соодветно усовршување. Во основа, оваа концепција се заснива на т.н. закон на хиперкомпензација кој го обработува Јаковљев во своите трудови.

Притоа, во решавањето на овој проблем ние не можеме да ги земеме во предвид спортските критериуми кои ги применуваат спортистите во интервалниот тренинг. Точно од тие причини треба да дојдеме до сопствени нормативи. Овде само ќе споменеме дека, за сега, најприфатлива метода на контрола е мерењето на пулсот. Потребно е да утврдиме колку може нормално или здраво срце во одредени возрасти да се оптеретува односно колку може да се подигнува пулсот во текот на часот. За да се постигне поголем интензитет на часовите по физичко вежбање потребно е или повеќе да се концентрира работата на пократко време или да се зголеми оптеретувањето на организмот во единица време. Нашите класични часови имаат премногу паузи и прекини кои се неефикасни. Одредени физиолози тврдат дека и четвртина час интензивно вежбање понекогаш е доволен за да се постигнат соодветни функционални па дури и структурни промени на организмот. Зголемувањето на интензитетот на работата неопходно условува постојано следење - контрола и проверување - што се случува во организмот на детската личност.[436] Се поставува прашање како и на кој начин треба да се спроведе тоа проверување бидејќи ако го прифатиме како метода на работа, тоа мора да биде константно, секојдневно а не само еднаш во текот на годината. Со оглед на тоа дека срцето, на пример, според некои истражувања може да се оштети само

[436] Матиќ, М.: (1966), К питању о ревалоризацији учења о физичком васпитању у школама, Београд, Физичка култура, бр. 7-8, стр. 320.

за 14 дена, според тоа, мора да се пронајдат соодветни тестови и методи за проверка на дејството на физичките напори на учениците. Од друга страна, мора да се изнајдат форми како и на кој начин практично да се спроведува контролата. Според нашите сознанија постојат неколку можности за решавање на овие прашања: прво, на мислење сме дека за таа работа мора да ги активираме самите ученици, односно одредени проверки тие самите да ги извршуваат и забележуваат. Децата се способни сами да ја следат и мерат тежината на телото, пулсот, техничките резултати и слично. Освен тоа, во перспектива ќе мораме во училиштата, покрај наставичкиот кадар, да поставиме и стручен соработник кој ќе биде ослободен од настава, но кој во целото училиште, со помош на објективни методи, ќе го следи влијанието на физичкото вежбање врз учениците.[437]

Во врска со третата компонента на процесот на вежбање, воспитната компонента, можеме да го кажеме следното: често се зборува за потребата за целосно развивање на креативните способности на учениците. За да можат да се развиваат креативните способности на ова наше подрачје, да речеме во спортот, играта, ние мораме, пред сé, да ја ослободиме моториката на ученикот од сите можни принуди и да го научиме креативно да ја употребува. Тука се соочуваме со една ситуација која денес е доста неповолна во поглед на развивање на креативноста, бидејќи целата моторика, целата наставна постапка имаат директно команден карактер, а премалку релаксирачки. Денес наставникот сé уште го диригира движењето на ученикот од почетокот на часот. Во таа ситуација ученикот е само објект - со кој располага наставникот. Оваа ситуација треба да се измени во таа смисла што ученикот ќе се појави како субјект - човек кој сам мисли, создава, гради, негува, развива и се усовршува себе.[438] Целта на физичкото воспитание ќе биде постигната точно тогаш, кога човекот ќе биде не само ослободен сам да ја развива сопствената физичка култура, туку ќе се чувствува одговорен за тоа. Тоа ќе биде гаранција дека ученикот по завршувањето на училиштето сигурно ќе продолжи со физичко вежбање или некоја друга активност од областа на физичката култура. Без сомнение, тоа е сложена и тешка задача бидејќи забрзаното ослободување од наставниот процес од класичните методи на работа би можело во практиката да предизвика хаос ако децата не се подготвени и оспособени за таква работа. Сметаме дека еден од условите за поголемо осамостојување на децата во оваа настава е теориското образование на учениците во областа на физичката култура. Ученикот мора да биде запознат со законитостите по кои вежбата дејствува на организмот, како се одвива тој процес, како делуваат одредени вежби. Тој треба да разбере зошто треба да вежба и

[437] Исто, стр. 327-328.
[438] Исто, стр. 13.

да го негува своето тело и т.н. За да се постигне сево ова не се потребни некои посебни часови и предавања, туку тоа може да се реализира и на самите часови во текот на наставата.[439]

Наставата по физичко воспитание навистина треба да започне со рефоми, бидејќи според наше мислење, тоа до сега не се случило. Со донесувањето на формални акти за новите програми за физичко воспитание, за формирање на училишни спортски друштва во училишното физичко воспитание, ништо квалитативно не се промени. На прашањето за вистинска реформа, треба да му се пристапи сериозно, и далеку по организирано. Треба упорно да се напушта старата практика, старите навики, водејќи се при тоа со мислата дека во ова подрачје не можат да постојат принципи, шаблони и формули кои не би можеле да се надминат, односно да се усовршат.

10.3. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование

Анализирајќи го ова подрачје, веднаш мораме да нагласиме дека во реализацијата на концепцијата на физичкото воспитание во средното образование се појавуваат бројни проблеми исто како и во другите области на нашиот систем на воспитание и образование.

Концепцијата на физичкото воспитание во средното образование е детерминирана од голем број фактори: развој на науката и забрзаниот развој на современите средства за комуникација, економските проблеми во светот, зголемениот притисок во насока на демократизација на образованието, сé посилното изразено барање на јавноста и наставниците за растоварување на учениците, потоа новата образовна технологија и тенденциите за постигнување на подобри резултати за помалку потрошено време и сила.

Многу документи од нашата теориска и практична педагошка дејност не обврзуваат оваа воспитно-образовна дејност да ја организираме на научна основа што ќе одговара на идните современи потреби на нашиот човек во согласност со научно-технолошкиот развиток.

Нема сомнение дека тоа барање подразбира постојано усовршување на концепцијата и програмите, оптималзација на содржините и примена на соодветна модерна образовна технологија, како и оспособување на наставниот кадар и стручно-педагошките и научно-истражувачките институции за побрзо и поефикасно остварување на задачите на физичкото воспитание во средното образование.

---

[439] Исто, стр, 7-8.

Исто така, треба да се нагласи дека суштината на преобразбата на физичкото воспитание не се крие во новите наставни програми, туку во неговиот идејно-теориски приод. "Суштината на реформата во оваа област се состои во тоа, таа да постане еден од факторите за ослободување на моторните способности на младиот човек. А таков еден нов квалитетен приод, од физичкото воспитание во средното образование бара да се појде од ученикот, од неговите потреби и можности и на нив да ги гради програмите за работа, а не како досега тој процес да произлегува од универзалната наставна програма, по која треба да се моделизира моторичкиот развиток на младиот човек. Физичкото воспитание мора да биде насочено кон усовршување на моторните способности. Меѓутоа, критериум за проширување на ученичките моторни дејности не може да биде наставното градиво, физичките вежби и спортовите, туку објективните потреби и можности на секој ученик. Тоа бара да се направи проверка на содржините на постојните наставни програми со отфрлање на сé она што не е значајно за остварување на задачите на средното училиште".[440]

На тој начин на мислење сме дека ќе се створи простор за откривање на реалните можности и потреби на младиот човек. Тоа е патот ученикот од диригиран објект да се трансформира во творечка личност. Тоа е пресвртница која физичкото образование ќе го ослободи од авторитарниот однос на релација - наставна програма - наставник - ученик и ќе го преобрази во самостојна и творечка работа на самообразование и самореализација на реалните, а не на наметнатите потреби на ученикот.

Физичката култура каква што денес му ја овозможуваме на ученикот во училиштата не е таква за да тој ја прифати како секојдневна потреба и незаменлива културна вредност. Тој тоа не може да го направи, пред сé, затоа што не е во состојба физичкото воспитание да го поврзува со реалниот живот. Во наставната и училишна практика во центарот на вниманието е обуката на моторните спортско-технички вештини, при што се води малку сметка за објективните потреби и можности на поединецот, а уште помалку за тоа како процесот на образованието да се користи за усовршување на личноста.[441]

Не е претерано да се тврди, а тоа го покажува училишната практика, дека нашето физичко воспитание а и целата физичка култура застанаа на нивото на учење и вежбање и дека не се во состојба масовно да се афирмираат како творечка човечка дејност која човекот го усовршува, оплеменува и ослободува. Таму каде не се согледува оваа неминовност, физичката култура е окована со технизирани програми и

---

[440] Полиќ, В.: (1980), Физичка култура у самоуправном социјалистичком друштву, Београд, Физичка култура, стр. 48.

[441] Зборник радова: (1983), Оптимализација и усовршавање технологије радних процеса у физичком васпитању, Аранѓеловац, СДПФКС, стр. 9.

шаблонизирани форми и методи на работа, таа е диригирана. Наместо креативно обликување и усовршување на младата личност со помош на физичката култура, целиот процес на физичко воспитание и образование, па и спортскиот тренинг, сведени се на шаблони, модели, рецепти кои го присилуваат наставникот да го занемари ученикот.[442]

Процесот на физичкото воспитание во средното образование исто така, не е доволно ефикасен. За да се совладаат одредени спортско-технички вештини се троши многу повеќе време. Причината за тоа треба да се бара, пред сé, во неадекватни методи на работа. Физичкото образование и воспитание, всушност и нема свои методи на образование, туку се служи со оние кои педагогијата ги има разработено за интелектуалното воспитание и образование. А од тука произлегува причината, што нашата практика сé уште не располага со специфичен учебник по методика на физичкото воспитание во средното училиште.[443]

При аплицирање на методиката на интелектуалното воспитание за потребите на физичкото воспитание пренабрегнат е исклучително важен факт - дека помеѓу теориските-интелектуалните операции и процесот на физичкото воспитание постои голема разлика. Така што накалемената и непотполна методика засекогаш ги носела своите спротивности, кои на сегашниот степен од нашето сознание повеќе се изразени за разлика од порано.

Нашата денешна технологија на физичкото воспитание, е изградена, исто така, врз основа на технологијата која е значајна за интелектуалното воспитание "екс катедра". Ваквата технологија во светското движење за рационализација на образованието е надмината. Во неа ученикот е објект кога наставникот, во името на заедницата, по рецептот на програмата и одредени доделени часови, треба да воспитува, да му пренесе знаење, притоа тој треба да биде "свесно активен".[444]

Низ тоа, процесот на усовршување на нови движења оди по следниот тек: демонстрација на вежбата од самиот наставник - повторување и увежбување на движењата од самиот ученик, што е сосема аналогно на интелектуалното образование од стариот тип - предавање на наставникот, па учење и повторување на ученикот. Оттука е, веројатно, што во нашата стручна јавност често е присутно мислењето дека најосновен квалитет на наставникот по физичко воспитание мора да биде неговата способност секоја вежба лично добро да ја прикаже на учениците што е неразбирливо. Така изградени односи не дозволуваат физичкото воспитание да прерасне во свесна активност на ученикот, кој во него самостојно се вклучува, но не

---

[442] Исто, стр. 10.
[443] Исто, стр. 10.
[444] Исто, стр. 10.

поради тоа што режимот на школување тоа го бара, туку поради сознанието од неговата полза.

Формите и методите кои се користат во училишната практика не водат сметка за индивидуата, туку за групата, класот. Во тоа, не достигнува методологијата за објективно проценување на резултатите од физичкото вежбање, како на надворешните, спортско-технички и естетски, така и на внатрешните, кои се јавуваат во самиот човек - на организмот и во неговата личност.[445]

Следниот проблем, кој ја карактеризира немоќта на сегашното физичко воспитание во средните училишта е дозирањето на вежбањето. Физичкото воспитание кое има своја концепција, наставни програми, организациони форми и во кое постои извесна методика која објаснува како треба да се вежба, а не објаснува и колку интензивно - мораме да се сложиме со констатацијата дека сé она што денес се постигнува или не се постигнува во физичкото воспитание, не е резултат на научниот процес, туку е резултат на традиционализмот кој зборува за општите принципи, но во никој случај не може да ги конкретизира, ниту да даде во таа смисла било какви објективни упатства.

Овој проблем во нашата практична работа е целосно неразработен. Под притисок на незнаењето и желбата да се заштити традиционализмот, во оваа смисла секогаш се истакнуваат аргументи дека во училиштето мора да постојат специфични методи на работа, дека училиштето не е спортски клуб, дека рационалните методи на обука, тренинг и дозирање кои се користат во спортот за училиштето се неприфатливи и дека спортот и спортските методи не се иднината на училишното физичко воспитание.

Многу индикативна слика на сегашната концепција на физичкото воспитание во средното образование даваат резултатите од четиригодишното истражување во Србија во периодот од 1979-1982 година[446], значи во периодот кога во оваа република почнаа да се применуваат нови програми кои бараат сосема нов методски пристап на наставникот по физичко воспитание, посовремена организација на часот по телесно вежбање, индивидуален приод кон учениците и слично. Но, на тој план во реализација на новите програми најмалку е направено. Наставата и понатаму во најголем процент (дури и во 90% случаи) е класична со примена на фронтален и групен начин на работа. Само околу 10% наставници во својата работа користат посовремени и поинтензивни форми и организација на наставната работа.

Кога станува збор за програмирање, тогаш воглавно преовладуваат стандардните облици и форми. Во целиот процес на физичкото воспитание ученикот сé уште се смета за објект затоа што

---

[445] Исто, стр. 10.
[446] Исто, стр. 12.

не е во доволна мерка соработник со наставникот по физичко воспитание. За тој однос, како и за дотогашното остварување на останатите суштински прашања поврзани за осовременување на физичкото воспитание во нашите средни училишта најдобро говорат мислењата на учениците од средното образование до кои е дојдено по пат на споменатото испитување.

Од одговорот на анкетираните ученици може да се заклучи дека во поголем број на училишта, нивото на физичкото воспитание се поистоветува со спортско-такмичарското образование и дека се занемарува теориското образование на учениците. Тоа се потврдува со тоа што 95% од анкетираните ученици не знае за најдобрите 5 (пет) психофизички особини кои се развиваат на часот по физичко воспитание. Од нив 85% не знаат меѓу 10 понудени спортови, да ги изберат оние со кои се развива издржливоста, а 82% не знаат од колку делови се состои годишниот циклус на спортскиот тренинг (тоа се теориски знаења за I и II клас кои учениците треба да ги стекнат низ процесот на физичкото воспитание, со пошироко објаснување на наставникот низ секојдневната практична работа).

Иако се евидентни знаци на извесни промени, часовите по физичко воспитание околу 90% случаи се класични. Многу мал број на наставници се обидуваат да ја променат структурата на часот според интенциите и барањата на новата програма. Од тие причини и методите кои наставниците најчесто ги користат на часовите се класични. Формите на работа, исто така се класични (најчесто фронтални, потоа групни, а многу ретко индивидуални). Најголем процент на наставници (околу 50%) го определуваат физиолошкото оптеретување на учениците на часовите според надворешните знаци (зјапуреност, црвенило, потење), само околу 10 % наставници ова оптеретување го следат поединечно, според работата на пулсот на ученикот. Останатите (околу 40%) тоа го следат рутински, по своето убедување.

Истражувачките резултати покажуваат дека воглавно наставниците се подготвуваат за часови и имаат уредна педагошка документација. Меѓутоа, и планирањето и целокупната документација која ја водат многу се различни, дури и без многу заеднички црти. Само во 30% од училиштата за средно образование, физичкото воспитание се планира според тоа како е предвидено со новата наставна програма. Во останатите училишта планирањето се одвива формално. Иновациите во насока на менување на методологијата на работа на часовите по физичко воспитание во поголем број на случаи и не се применуваат. Во работата на наставникот се чувствува недостаток на едно подлабоко интелектуално анимирање на ученикот со кое би ги поттикнале

учениците на размислување за тоа што се работи на часот и за самостојна работа во таа смисла.[447]

Како проблем во практичната реализација на концепцијата на физичкото образование се јавија и непостоењето на учебници за учениците. Се смета дека е тоа така затоа што наставниците по физичко воспитание досега не се насочувани на ваква работа со учениците.

Основна причина која ја отежнува суштинската реформа на физичкото воспитание, лежи, во прв ред во наставниците по физичко воспитание и нивната стручна неподготвеност за решавање на нови, проширени технолошки задачи, кои сега пред нив се поставуваат. Квалитетот и нивото на нивната струча оспособеност зависи, во прв ред, од концептот по кој за овој позив се подготвувани, па е неопходно да се укаже на некои проблеми во врска со тоа.

Пред сé, факт е дека ни порано, како ни денес нашето движење за физичка култура немаше званична единствена филозофска концепција. Од тие причини и во училиштата за физичка култура кога се формирани недостига јасна проекција за идната физичка култура и нејзината концепција.

Отсуството на јасна концепција за тоа што сакаме со физичката култура и нејзините појавни облици предизвика монодисциплинарно оформување на ставови за физичката култура, од кои денес во нашата практика во различни степени на образование, силно се присутни биолошки, педагошки и спортско-технички приоди. Во едно такво шаренило на концепции, антрополошкиот приод едвам се наслутува што на учениците им ја замаглуваше визијата за човекот и неговата потреба за физичка култура.

Со оглед на тоа дека не постои единствено филозофско-социолошко осмислување на целиот студиум, тој се задржува (повеќе отколку што е потребно) на ниво на аналитичко-дескриптивно изнесување на фактите. Затоа во студиите доминираат монодисциплинарно-аналитичкиот метод. Не постои или не е развиена синтетичката трансформација на теориските знаења со конкретната општествена практика.[448]

Во концепирањето и структурирањето на студиите по физичка култура ни порано ни денес, не се пронајдени ефикасни решенија кои треба студентите да ги насочува во процес на оплеменување и реализација на процесот на физичкото вежбање. Во целиот тој студиум недостасува или не е доволно развиено глобалното интердисциплинарно изучување на физичкото воспитание и неговите појавни облици. Поради тоа нашите стручњаци во практиката доаѓаат

---

[447] Стојановиќ, И., Симиќ, М., Жиловиќ, С.: (1983), Оптималзација воспитно-образовног рада и правци у осавремењавању и осовршавању технологије разних процеса у физичком васпитању, Аранѓеловац, СПФКЈ, стр. 12-13.

[448] Исто, стр. 15.

во многу незавидна ситуација, што и покрај обемот на знаења од сите можни научни дисциплини, практичната работа да ја реализираат врз основа на шаблони и методи кои се својствени за секоја вештина.

За време на студиите студентот недоволно се оспособува за самостојно откривање на фактите и за креативна примена на стекнатите знаења во решавањето на основната задача, која се состои во усовршување на човековата личност и творечко ангажирање на неговите потенцијали. Исто така, порано многу малку се работи на оспособување на студентите за емпириски и теориски истражувања на глобалните проблеми кои се јавуваат во практиката. Поради тоа порано оспособуваните кадри (од кои во голема бројка се наоѓаат во училишната практика) не се оспособени за комплексно дијагностицирање на состојбите на физичкото воспитание и утврдување на потребите на поедини категории и група на ученици во средното образование. Карактерот и содржината на студиите едноставно се насочува само на наставните содржини и нивното техничко совладување, а премалку се оспособуваат студентите за креативно усовршување на човекот со средствата на физичкото воспитание.

Тргнувајќи од општо познатите законитости ученикот во текот на своето образование што побрзо и полесно ги совладува пред сé практичните вежби, односно технологијата на струката, неопходна му е соодветна работна кондиција. Понатаму, потребна му е специфична моторика поврзана со поедини занимања за да може полесно да ја совлада неговата струка. Исто така, за успешно спречување и отстранување на опасноста од нарушување на здравјето, спречување на разновидни деформитети на телото, учениците мораат да се запознаат со одредени вежби и активности кои ќе им користат во компензаторна-профилактичка смисла. Ова го истакнуваме поради тоа што во нашата досегашна практика овој проблем од објективни, а и од субјективни причини е прилично занемарен. Тоа најдобро го потврдуваат искуствата на учениците кои досега завршуваа разни средни училишта (технички училишта за КВ работници) бидејќи според некои анализи многу малку биле оспособени за да по завршувањето на своето средно образование вклучувајќи се во разни професионални занимања, да користат соодветни вежби и активности. Ова особено кога знаеме дека во еден ваков голем спектар на занимања, има голем број за кои е потребна солидна физичка кондиција, специфична моторика и да кријат во себе големи опасности пред сé, од разни телесни деформитети.[449]

Имајќи го сето тоа во вид, сметаме дека наставикот по физичко воспитание потребно е да поведе поголема сметка за овие факти при програмирање на наставата. Тој мора што е можно повеќе да навлезе во технологијата на струката, да се запознае со работните

[449] Иванчевиќ, С.: (1980), Могуќност примене специфичних вежби на часу телесног вежбања ученика средњег усмереног образовања (саопштење), Нови Сад, стр. 89.

операции, да ги проанализира поедини движења за изведувањето на практичните вежби во работилница, да ги утврди разните положби на телото, разните оптоварувања на поедини делови на телото и група на мускули, да ги проучи условите на работната средина и врз основа на сето тоа да планира соодветни вежби и активности.[450]

За да може по правилно да биде сфатен овој проблем, во најгруби црти ќе укажеме на некој од овие карактеристики.

Така на пример, поедини занимања исклучително се поврзани за работа во затворена просторија, а кои често не се на потребното хигиенско ниво. Многу занимања се обавуваат во присуство на прашина, бука (текстилци, дрвопреработувачи), испарување на разни хемикалии, олово, цинк и слично (графичка, керамичка, кожарска, гумарска) и влажни простории. Понатаму, некои струки и занимања (градежници, земјоделци, шумари) се обавуваат на отворен простор, каде организмот е изложен на разновидни временски влијанија (висока и ниска температура, дожд, снег, ветар и слично).

Анализирајќи ги понатаму некои занимања може да се констатира дека некои од нив се обавуваат исклучително во седната положба (правна, биро-техничка струка), а некои во исклучителна положба на стоење (столари, галванизери, месари, фризери). Сето тоа се значајни податоци со кои треба да располага наставникот по физичко воспитание кога ја програмира наставата и кога треба да избере соодветни физички вежби и активности со кои во значителна мерка може да се влијае за да не се појават несакани последици.[451]

Од произнесеното произлегува дека вредноста на наставата по физичко воспитание треба да се цени по тоа, колку ученикот кој завршил средно училиште и се определил за одредено занимање научил да го чува и јакне својот организам со помош на физичкото вежбање. Тој не само што треба да ја сфати вредноста на хигиенскиот начин на живот, туку да поседува одредени навики во поглед на изборот на вежбите и активностите неопходни за успешно обавување на занимањето за кое се определил. Наставата по физичко воспитание треба да биде така организирана и стручно поставена да може ученикот да сфати дека после седум часовна напорна работа во неудобни работилници и лаборатории во присуство на испарување на штетни гасови, прашина од разни отпадоци, бука, статички седната и стоечка положба на телото, монотони движења и слично бара соодветна физичка компензација.

Со оглед на тоа дека на редовните часови по физичко воспитание можностите за решавање на овој проблем се многу ограничени, затоа постојат комплекс вежби со кои може да се јакне и

---

[450] Исто, стр. 89.
[451] Исто, стр. 90.

чува организмот и со тоа да се спречи настанувањето на разновидни професионални телесни деформитети.

Наставите планови и програми на физичкото воспитание мора да бидат во функција на суштинските интереси на нашето општество и неговите граѓани. Такви програми не можат да се утврдуваат на ниво на републиката, туку во конкретна животна средина, а на основа на специфични биолошки, социјални и културни потреби и можности. На ниво на република треба да се утврдуваат само општи насоки кои ги задоволуваат само општите потреби и интереси. Таквите програми нема да бидат статички и непроменливи, туку напротив - ќе можат да се менуваат штом се воочи дека не се остваруваат, или се пак надминати.[452]

Би било голема заблуда (доколку повторно и тоа ново физичко воспитание се сведе само на часови по физичко вежбање) да се очекува само со 2-3 часа настава неделно да се остварат поставените задачи. Досегашната практика јасно покажува што и колку на тој начин може да се оствари. Затоа се предвидува новиот процес на физичкото воспитание да го зафати целокупниот живот на училиштето - како наставниот така и воннаставниот, како училишниот така и вонучилишниот. Затоа, новиот концепт на физичкото воспитание треба да предвиди сложените задачи на физичкото воспитание да се остваруваат низ секојдневното физичко вежбање. Тоа се состои од настава, воннаставни, училишни и вонучилишни активности, низ кои ќе се остваруваат основни, посебни и диференцијални програми на физичко воспитание - според објективните потреби на секој поединец кои произлегуваат од нивниот морфолошки и функционален развиток, од моторичките способности, знаење и достигнувања, од здравствениот статус, полот, мотивите и интересите за вредностите на разновидни програмски содржини на ова воспитно-образовно подрачје.

Во новиот концепт, во процесот на физичкото воспитание теба да се менуваат улогите на наставникот и ученикот, бидејќи задачите во оваа облааст не можат да се остваруваат без активно и свесно учество на учениците во него. Во сите облици на оваа работа ученикот мора да биде субјект, што ги активира и неговите творечки способности. Поради тоа, во значителна мера, мора да се измени и улогата на наставникот. Од тие причини од наставникот по физичко воспитание се бара во својата работа да примени таква технологија и методи во воспитно-образовниот процес што ќе допринесе за зголемување на физичките и психичките способности на ученикот и ќе му овозможат да ги исполни своите творечки способности и да може во оваа област да најде свое место и ангажман низ целиот свој живот. Оттука, трансформацијата на воспитанието и образованието, а во тој

---

[452] Полиќ, В.: (1980), Физичка култура у самоуправном социјалистичком друштву, Београд, Физичка култура, стр. 120.

контекст и физичкото воспитание, мора да биде насочена во правец на изнаоѓање патишта кои водат кон рушење на оградите кои во практиката постојат меѓу физичкото и интелектуалното воспитание и кои физичкото воспитание го затвараат во наставен предмет, одвоен и оттуѓен од другата настава.

Тргнувајќи, меѓутоа, од тоа дека со основите на образовната работа во физичкото и здравственото образование се остваруваат основните законски услови за реализација на новата концепција на физичкото воспитание во нашите училишта овде сакаме да дадеме одговор на прашањето: Кои се насоките во осовременување и усовршување на концепцијата на физичкото воспитание?

Правејќи го инвентарот на правците и можностите при тоа користејќи релативно богата светска литература за тоа, како и извесни достигнувања во нашата практика се наметна можноста, правците да ги класифицираме во три групи.

Првата група ги чинат сите оние можности кои ја овозможуваат самата организација на наставниот процес. Тука спаѓаат: подобро и порационално користење на објектите, справите, реквизитите и други составни услови; што покорисно и порационално трошење на времето; уклучување на самите ученици во активен наставен процес; усовршување на структурата на часот по физичко воспитание и слично.

Втората група ја чинат сите оние можности со кои се усовршува технологијата и дидактичката страна на самиот процес на вежбање. Тука спаѓаат разни методи на мотивираност на ученикот за активна работа; работа со хомогени групи, индивидуална работа, користење на аудиовизуелни и други методи на демонстрација (извежбан ученик, скици, цртежи, киноrрам, дијафилм, луп-филм, компјутер, видеобим и т.н.); примена на современи методи во вежбањето (домашни задачи, метод на дополнително вежбање, културно-интервален метод на работа, метод на станици, тардјент тренинг и слично); користење на посебни прирачници; теориско образование на учениците и т.н.

Третата група на правци ја чинат примената на научните сознанија до кои се дошло во последните десетина години во областа на физичката култура со помош на биолошките, медицинските и општествените науки (во прв ред, социологијата и психологијата) врз чија основа може да се усоврши самиот процес на физичкото вежбање. Тука спаѓаат: методите на адаптационите способности на организмот од различна возраст за зголемување на напорот; методика на развојот на психо-физичките квалитети кај младите во развој; примарните интереси на група на млади во спортот и физичката култура; социолошка адаптибилност на младите во групното бавење со спорт; поединечните и групните мотиви во физичката култура и спортот;

достигнувања и признанија како метод на стимулирање за активност во спортот и физичката култура.

Сето тоа се можности (а ги има и многу повеќе) за кои во светот постои прилично богата методолошка литература. Некои од нив во нашата практика веќе се проверени, но за жал до сега не влијаеле битно на неговата модернизација.

Од сите овие причини неопходно е потребно многу повеќе да работиме на осовременување и усовршување на концепцијата на физичкото воспитание, а со тоа што повеќе да го приближиме до новиот дух, хуманизирано физичко воспитание кое е во согласност со вкупните процеси на трансформација на нашиот систем на воспитание и образование.

10.4. Реализација на физичкото воспитание во воннаставната дејност на основното и средното образование

Како што веќе нагласивме, концепцијата на физичкото воспитание се остварува не само низ наставата на часот по физичко воспитание, туку и низ други воннаставни и вонучилишни активности. Во целината на организационите облици на физичкото воспитание, спортот, спортските активности и рекреацијата на учениците, претставуваат доминантен облик на реализација на таквото барање.

Значењето и функцијата на спортот и рекреацијата се потврдува од аспектот на нивното влијание врз развитокот на личноста на ученикот и од аспектот на влијанието врз општествено-економскиот развиток. Имено, спортот и рекреацијата имаат свои социолошки, економски и педагошко-психолошки ефекти, односно се во функција на развитокот на општеството, во оспособувањето за живот и работа, а истовремено се во функција и на развитокот на личноста на младите луѓе и битно влијаат на нивните сфаќања, определувања, интереси, умеења, формирањето на карактерите, волјевите и другите етички својства и другите развојни компоненти на личноста.

Организационите облици преку кои се реализира спортот и рекреацијата на учениците се повеќебројни. Секој посебен облик на реализација на оваа педагошка категорија има свои специфичности кои се условени, пред сé, од содржината на активностите и од местото каде истите се изведуваат.

Во оваа анализа, ќе се обидеме да ги откриеме проблемите што се јавуваат во реализацијата на концепцијата на физичкото воспитание во спортот, спортските активности и рекреацијата на учениците.

По однос на содржините кои се изведуваат тие можат да бидат: вежби за обликување на телото и движењата, атлетика, спортска гимнастика, ритмичко спортска гимнастика, спортски игри (ракомет, кошарка, мал фудбал), народни ора, излети, кросеви, логорувања, планинарење и слично.

Додека пак по однос на местото каде се изведуваат спортско рекреативните активности можеме да ги поделиме на активности кои се изведуваат во училиштето, на спортските терени изградени во дворот на училиштето, на спортските терени надвор од училиштето што припаѓаат на разни спортски здруженија, спортски сојузи и клубови на општината и Републиката.

Мораме овде на нагласиме дека училишниот спорт како неделив дел се роди од училишното физичко воспитание и прерасна во систем на натпревари т.н. "мали олимписки игри" денес преименувани во "училишни спортски натпревари". Научно е докажано дека врвни резултати во спортот се постигнуваат ако програмирано, зависно од спортската гранка која се практикува, се отпочнува со подготовка од 6-10 година, а потоа рана специјализација од 10-12 година, односно, 14-та година. Тоа е возраст на учениците од основните училишта. Тоа значи дека ако на училишниот спорт му се даде адекванто место во училишното физичко воспитание, ако во него се вклучи секој наш талентиран младинец - ученик и му се обезбеди систематска подготовка и ако се поврзе со спортот надвор од училиштето (со спортските организации), сигурно е дека се следи еден денес проверен и сигурен пат за постигнување на врвни спортски резултати.[453]

Токму од овие причини, програмата за овие активности треба да биде така поставена да можат учениците пошироко да се запознаат со повеќе спортски гранки (атлетика, гимнастика, спортски игри и други). Така компарираната програма на секој ученик ќе му даде не само широко физичко воспитание и образование, туку и ориентација да се определи за оној спорт за кој има најмногу афинитет и предиспозиции.[454]

Реализацијата на спортско-рекреативните активности на учениците се условени од повеќе претпоставки кои воглавно може да бидат од општествено-економски, организационо-технички и педагошки аспект.

Општествено-економските претпоставки за доследна реализација на спортот на учениците пред сé, се однесуваат на обезбедувањето на единственост и мобилност на сите заинтересирани фактори во општеството и обезбедување на материјални и кадровски услови.

---

[453] Симоновски, А.: (1997), Училишниот спорт во системот на натпреварите на "малите олимписки игри на училишната младина" - база за развивање на врвниот спорт, Скопје, списание - Физичка култура, стр. 176.

[454] Исто, стр. 176.

Во рамките на првата група на претпоставки за успешна реализација на спортот и рекреацијата, посебно е важно да се постигне единство во настојувањата на разните спортски здруженија, сојузи, клубови, општествени асоцијации, родителите, наставниците и другите субјекти во училиштето и нивна полна ангажираност во остварувањето на поставените задачи кои учениците треба да ги решат во рамките на спортско-рекреативните активности.

Заедничката работа на сите субјекти како претпоставка од која зависи реализацијата на споменатите физички активности, се однесува на здружувањето на работата на повеќе училишта, здруженија, сојузи и клубови, со што се овозможува непречено вклучување и учество на учениците во разните нивни спортско-рекреативни активности. Спортските сојузи и спортските клубови, треба потемелно да ја согледаат и прифатат целокупната можност за развивање на спортско-рекреативните активности во училиштата. Масовното учество на училишната младина во училишните натпревари, треба да биде неисцрпен извор за селектирање на млади и талентирани спортисти. Спортските организации треба од училишниот спорт да добиваат перманентно, најдобро селектиран, правилно насочен и подготвен спортски подмладок. Организацијата и развојот на училишниот спорт со својот систем на натпревари, треба да претставува интегрален дел и заедничка акција со спортските клубови. Училиштето и спортските клубови за прашањето на спортот треба да имаат многу потесна соработка, отколку досега. Таквата заедничка соработка ќе ги извлече учениците од ученичките рамки, а со тоа сите овие активности ќе добијат нов квалитет како по однос на техничките услови кои им се нудат така и по однос на организационите решенија на активностите.

Но, не секогаш постојат рационални решенија при организацијата на спортско-рекреативните активности. Како аргументи што ја поткрепуваат тезата, нека послужат гломазните системи на натпревари, долгите календари, високите давачки при нивното реализирање и слично.

Во отсуство на поширок професионализам, имаме состојба во еден систем на натпревари да се натпреваруваат аматери, полупрофесионалци и професионалци. Со таков состав тешко е да се обезбеди регуларност на натпреварите, а спортските натпревари губат во квалитет и аналогно на тоа не се атрактивни за учениците.

Ако на училишните и вонучилишните спортско-рекреативни активности му се даде адекватно место во целокупниот систем на физичкото и здравственото воспитание, ако во него во доволна мера се вклучени и наставниците по физичко воспитание, ако на секој наш талентиран младинец (ученик) му се обезбеди систематска подготовка во спортските организации, слободно може да се каже дека ќе се постигнуваат врвни спортски резултати. Ако сакаме да имаме здрава

младина, неминовно треба да создадеме услови за активно занимавање со спорт и рекреација, да правиме напори за оптимализација на условите за систематско телесно вежбање. Со тоа меѓу другото успешно ќе се бориме да ги отстраниме сите пороци што денес ги оптоваруваат младите во нашата земја.

Со своето значење посебно се издвојуваат материјалните можности како нужна претпоставка за успешна реализација на спортско-рекреативните активности. Материјално-техничките услови за работа во подрачјето изминатава деценија значително заостануваат во споредба со потребите. Мал број на училишта, спортски клубови, сојузи како и здруженија, можат да се пофалат со оптимални услови за работа. Опремата е застарена, тешко се доаѓа до основни средства и реквизити. Сето тоа, упатува кон потребата за изнаоѓање на соодветни решенија кои ќе придонесат постојните спортски објекти, игралишта и други спортски терени да се подобрат, или онаму каде што нема, да се изградат нови каде ќе можат непречено учениците да се бават со воннаставни и вонучилишни спортско-рекреативни активности.[455]

Не помалку значајни за реализација на спортско-рекреативните активности се и кадровските можности. Еднаш за секогаш треба да се сфати дека воннаставниот и вонучилишниот спорт е подрачје со најголем педагошки стручен ризик и затоа бара најстручен и најквалитетен спортско-педагошки кадар со многу прецизен пристап во тимскиот интердисциплинарен стручен надзор и соработка. За жал кај нас сеуште нема целосно таква практика. По правило училишниот спорт го водат недоволно проверени стручни лица, претежно без искуство и со недоволно педагошко знаење. Затоа стручното усовршување е неминовна потреба за наставниците, инструкторите и тренерите по чие раководство се изведуваат споменатите активности. Тоа е всушност и законска обврска за сите стручни лица - кадри, а перманентното стручно усовршување ќе се одвива со посебни програми во соработка со факултетите, пред сé со факултетот за физичка култура. Со подобрување на материјално-техничките услови, со создавање на соодветен стручен кадар, со зголемено ангажирање на учениците во натпреварите на малите олимписки игри во училишниот спорт и во слободните ученички активности, треба да се очекува дека со далеку поголем успех ќе можеме да се спротивставиме на општественото зло дрогата и другите средства на зависности.

Не помалку значаен сегмент што се издвојува во педагошко-дидактичката димензија при реализацијата на физичкото воспитание во нашите основни и средни училишта се и слободните активности (секции) за физичко воспитание и спорт.

---

[455] Миновски, А., Созовска, Е. и Перчинков, Д.: (1997), Материјално-технички услови за реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование, Скопје, "Физичка култура", бр. 1-2, стр. 218.

Во основното училиште според програмата за физичко воспитание постои богат избор на слободни активности од спортско рекреативен карактер. За илустрација ќе споменеме неколку од нив како на пример: секција за кошарка, секција за ракомет, секција за мал фудбал, фолклорна секција (за народни ора), балетска секција, секција за атлетика, секција за ритмичко спортска гимнастика, секција на планинари, извидничка секција и други. Општа констатација е дека во основното училиште, слободните активности на учениците се добро поставени и добро функционираат, а во тој контекст и слободните активности од физичкото воспитание и спортот. Меѓутоа, во средните училишта, слободните активности, програмите се дефинирани само рамковно.

Основни проблеми во реализацијата на слободните активности во средното образование, се јавуваат, пред сé, поради поставеноста на средното образование, преоптовареноста на учениците со учење по другите предмети, поради уписната политика на факултетите која ги насочува учениците на постигнување на што повисоки резултати во наставната работа, поради слабата организација и неопфатеност на активностите во училишната програма и поради недоволните материјално-технички и просторни услови.[456] Во тој случај, учениците многу ретко се определуваат за работа во секциите на слободните активности воопшто, а во тој контекст и во слободните активности од спортско-натпреварувачки и спортско рекреативен карактер.

Значајно за слободните активности е тоа што учениците самостојно се определуваат во која секција ќе членуваат, без да им се наметнати од наставниците или од наставникот по физичко воспитание или од други субјекти во училиштето, туку се внатрешна потреба на учениците детерминирани од субјективните посебности, желби и интереси.[457]

Овде посебно е значајно на воспитен план, што учениците сами определуваат што ќе работат и како тоа ќе го изучуваат, кои методи и средства ќе ги користат, а додека улогата на наставникот или инструкторот по физичко воспитание, се сведува на улога на насочувач или контролор во изведувањето и изучувањето на активностите.

Врз вака широко поставена основа на слободните спортски активности на учениците им се дадени широки можности за проjавување на нивните индивидуални интереси за спортување и за сестран физички развој. Реализацијата на овие активности е поделена во две фази.[458] Првата фаза ги опфаќа оние активности што се наменети за

---

[456] Костова, М.: (1989), Основните теориски проблеми во концепирањето на современото работно и политехничко воспитание (докторска дисертација), Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", стр. 214.
[457] Исто, стр. 215.
[458] Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, (1999), Скопје, Министерство за образование, Педагошки завод на Македонија, стр. 45.

учениците од прво до четврто одделение, а втората фаза ги опфаќа активностите во кои се вклучуваат учениците од петто до осмо одделение.

Одделни секции можат да се обединуваат според содржината и карактерот на активностите во поголеми ученички интересни заедници како што се на пример, спортските друштва во подрачјето на физичкото воспитание. Покрај тоа, слободните активности на учениците од ова подрачје можат да се поврзуваат со соодветни општествени спортски заедници како што се ДТВ "Партизан" и други.

Покрај слободните спортски активности воннаставен карактер имаат и ученичките спортски натпревари. Преку нив "се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се збогатуваат и продлабочуваат знаењата и физичките вештини".[459] Натпреварите, исто така, влијаат на зголемувањето на интересот кај учениците кон слободните активности, придонесуваат "да се развива натпреварувачкиот дух, да се зближуваат учениците од разни средини, како и да може да се врши правилен избор на талентираните ученици за одредени спортски активности".[460]

Мошне широки можности за масовно вклучување на учениците во разновидни спортски активности се отворени и во рамките на подрачјето "соработка на училиштето со локалната средина". Преку оваа соработка на училиштето му се дава можност да ги остварува и оние програмски воннаставни спортски активности за кои не може само да ги обезбеди потребните дидактички услови. Целта на оваа соработка е "да се анимира и да се стави во педагошка функција сé што може да понуди локалната средина, за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето."[461] Со тоа и училиштето се појавува како влијателен педагошки фактор во подигнувањето и во развивањето на физичката култура кај возрасното население коешто живее во локалната средина.

Воннастаното подрачје "грижа за здравјето на учениците", со своите програмски содржини и организациони облици, исто така, е во функција на физичкото и здравственото воспитување на учениците. Во рамковната програма за ова подрачје се истакнува дека "здравственото образование на децата во училиштето треба да биде приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем - за да можат децата да учат, треба пред сé да се здрави".[462] Заради тоа, програмата за заштита и унапредување на здравјето ги вклучува сите аспекти од животот на училиштето и неговите врски со заедницата. Рамковната програма за ова подрачје ја

---

[459] Исто, стр. 46.
[460] Исто, стр. 46.
[461] Исто, стр. 65.
[462] Исто, стр. 71.

сочинуваат три тематски целини и тоа: унапредување на здравјето во физичка смисла, унапредување на менталното здравје и социјално, односно општествено здравје.

Од досега изнесеното во врска со практичната реализација на физичко воспитание во основните и средните училишта во нашиот образовен систем, можеме да констатираме дека тоа е детерминирано од повеќе претпоставки од општествено-економски, техничко-технолошки, кадровски, материјален, организационен и друг карактер и од решенијата на педагошката теорија на ова воспитно подрачје, која се јавува и како детерминатор на концепциските и системските решенија.

10.5. Реализација на концепцијата на физичкото воспитание во високото образование

Физичкото воспитание како одделно воспитно подрачје, освен кај децата од предучилишна возраст и учениците од основното и средното образование, има големо воспитно влијание и кај младите од студентската возраст. Во тој период може најмногу организирано да се влијае во развивањето на физичките и психичките способности кај студентите. До стабилизирањето на личноста, развојните карактеристики на одделните органи, системи како и на организмот во целина сé уште течат сé до 25-тата година на животот, кога студентите нормално го завршуваат своето образование. Оваа законитост се однесува као на биолошкиот, така и на психолошкиот развиток на личноста. Укажувајќи на Ламарковиот биолошки закон, дека функцијата развива орган, оптоварен со психоинтелектуално и еднократно напрегање, студентот сé повеќе доаѓа до реципрочен однос во неговата биолошка основа и перспективата на неговиот комплетен развиток, вклучувајќи го континуитетот во физичкото воспитание и обезбедувањето на биолошкото и психолошкото единство на човекот. Физичкото вежбање во овој период покрај превентивна биолошка функција има и повеќекратно психичко значење, бидејќи психомоториката, како генерален фактор во вршењето на разни моторни задачи, е во корелација со сопствената интелегенција што недвосмислено ја потврдува поврзаноста на моторитиката и интелигенцијата. Значи, веќе и научно е потврдено, односно докажано, дека организираното телесно вежбање и движење позитивно влијае за насочување и стабилизирање на психичките манифестации кај студентот во последниот период од неговото формирање во зрел човек (јакнење на волјата и истрајноста, борбеноста, брзината на реагирањето во моментите на брзото одлучување и друго). Тоа се особини, кои го регулираат и стабилизираат неговото поведение. Ова е дотолку повеќе важно кога знаеме, дека процесот на формирањето на

личноста не е завршен со доаѓањето на студентот на факултетот. Со физичкото вежбање и активен однос, секој замор настанат од движење, останува во рамките на физиолошките нормални процеси, се забрзува одмарањето, регенерирањето на целокупниот организам, се подобрува мотивацијата за учење и работа.

Оттука произлезе и потребата за опфаќање на редовните студенти со редовна настава и воннаставни активности на физичко воспитание што е уште поголема и покомплексна од периодот на помладата, односно училишната возраст.

За прв пат редовна настава по физичко воспитание на Универзитетот "Кирил и Методиј" е воведена во 1968 година со која се опфатени 1200 студенти на Економскиот и 550 студенти на Медицинскиот факултет. Во учебната 1978/1979 година со настава биле опфатени 4000 студенти од прва година на Медицинскиот, Економскиот, Правниот, Филозофскиот и Филолошкиот факултет, односно 30% студенти од вкупниот број во првата година на сите факултети во Скопје или 8% од вкупниот број на сите студенти. Со текот на времето, бројот на факултетите се проширува, така што во 1990 година, наставата по физичко воспитание се изведува на 11 факултети со квалификувани наставници од Центарот за физичка култура. Тоа покажува дека одлуката на Собранието на СРМ од 1979 година за опфаќање на сите редовни студенти во прва година со физичко воспитание, само делумно е реализирана, односно во четириесетина факултети, високи и виши школи дотогаш немало организирана настава по физичко воспитание. Таа е причината од вкупниот број студенти во нашата Република во наставата по физичко воспитание да се опфатени само 13%.[463]

Основни форми на работа низ кои се остварува концепцијата на физичкото воспитание на универзитетот се редовната настава и вончасовните активности. Редовната настава се реализира преку наставата по избор на студентите, концентрирана настава по пливање и скијање и проверување на физичкиот развој и моторичките способности на студентите. Според планот и програмата, наставата по физичко воспитание на студентите на Универзитетот е задолжителна и изборна, односно студентите сами избираат две спортски гранки кои се предвидени со програмата. Во изборната спортска гранка се совладуваат основните елементи на техниката, додека другите елементи на техниката се совладуваат подоцна.

Концентрираната настава по пливање и скијање е незадолжителна и ги опфаќа студентите кои ќе изразат желба за овие активности. За студентите и наставниците од Универзитетот, во текот на зимскиот распуст, секоја година се организираат курсеви по скијање,

---

[463] Од анализата на Центарот за физичка култура при Универзитетот "Кирил и Методиј", (1971), Скопје.

а за летниот одмор - курсеви по пливање, како редовна настава по избор на студентите.

Проверувањето на физичкиот развој и на моторните способности на студентите има за цел да ги мотивира и стимулира за нивно поактивно учество во подигањето на својата физичка подготвеност и здравствената состојба.

Вончасовните активности се реализираат преку организирање на еднодневни излети и преку факултетските друштва за физичка култура по одделни одвоени планови се организираат подготовки на екипи, натпреварувања, како и курсеви и семинари за оспособување на студентите кои ја помагаат организацијата на натпреварувањата на факултетите, меѓу факултетите и меѓу универзитетите.

Излетите како значајна вончасовна активност се организираат четири пати во текот на наставната година и тоа два во зимскиот и два во летниот семестар со пешачење, велосипедизам, скијање и слично.

Пролетниот атлетски крос за студентите е задолжителен и традиционален. Тој се организира секоја година по претходно планирање и извршување на сите подготовки со студентите.

Вончасовните активности во ширење на масовниот спорт меѓу студентите се одвива во согласност задачите што произлегуваат од статутите на факултетите, при што значајна улога имаат факултетските друштва за физичка култура.

Во рамките на вончасовните активности се планираат курсеви и семинари кои имаат за цел да ги обучуваат студентите за организација на сите видови натпревари како и за водење-судење на тие натпревари.

Анализирајќи ја ***наставната*** програма дојдовме до констатација дека таа ги содржи следните дисциплини: атлетика, пливање, вежби на справи, кошарка, ракомет, пинг-понг, скијање и спортско ритмичка гимнастика (само за студентки). Исто така, дојдовме до сознание дека во реализација на наставната програма каде што објект на воспитно-образовниот процес е студентот, императивно се наметнуваат три цели:

- Биолошки, здравствено-хигиенски, превентивни, корективни и рекреативни;
- социјални, економски и воено-одбранбени;
- воспитно-образовни, естетски и културни.

Оттука, се разбира дека произлегуваат и главните задачи, односно во програмата се вели дека "континуираното телесно вежбање треба да му овозможи на идниот академски граѓанин да почувствува радост и задоволство, да ја хуманизира и социјализира својата личност, да придонесе студентот физички и психички да биде подготвен и способен за да може во даден момент да ја изврши својата обврска во

одбрана на својата земја и да може да одговори на поставените задачи во својата професија и да постигнува оптимални резултати".[464] Преку оперативните задачи што се поставени во програмата целта е да се постигне поголема рационалност и ефикасност на наставниот процес, како и пофункционално поврзување на програмските задачи и програмските содржини. Се поаѓа од претпоставките дека е потребно да се напушти досегашното примерно "занаетчиско" учење на моторичките навики во наставата, а развивајќи ги психофизичките и моторните способности во активноста за кои студентите покажуваат интересирање, склоност и способност да ги задоволуваат индивидуалните потреби.

Целите и задачите на физичкото воспитание не може да се остварат без активно и свесно учество на студентите во наставата и другите вончасовни форми на работа. Затоа во програмата, се предвидува извесна "интелектуализација" на физичкото образование, т.е. здобивање со теориско знаење кое ќе овозможи студентите да ги сфатат законитостите на физичкото вежбање и на спортскиот тренинг.

Посебен акцент во програмата им е даден на оние дисциплини и спортски активности со кои човекот денес може најуспешно да се спротивстави на слабеењето на некои органи и органски системи како последица на надворешното телесно движење во секојдневниот живот и работа. Од овие причини во програмата посебно внимание им се посветува на вежбите за јакнење на мускулатурата и на активностите што ја подобруваат органската издржливост.

Од здравствено-хигиенските и одбранбените причини се воведува пливање, скијање, пешачење, самоодбрана и ориентациони курсеви.

Во програмата по физичко воспитание на универзитетот покрај часовите за редовна настава предвидени се и определен квантум на часови за реализирање на другите вончасовни и воннаставни активности. Во прв ред тука спаѓаат еднодневните излети и организирање на курсеви и семинари за подготовка на студентите за организацијата на натпреварувањата. Како форма на работа овие активности имаат многу важна улога затоа што треба да решат бројни задачи кои се особено значајни за студентите и да придонесат кај нив да се реализираат позитивните доживувања, а во исто време и стекнување на корисни навики.

Меѓутоа, мора да се каже и покрај наведените позитивни страни на оваа програма постојат и големи недостатоци, но не само во програмата туку и во реализацијата на целокупната концепција на физичкото воспитание на универзитетот. Имено, наставата по физичко воспитание и натаму е практицистичка и едностранa, недоволно

---

[464] Анастасовски, А.: (2000), Теорија и методика на физичкото воспитание, Скопје, Факултет за физичка култура, стр. 294.

осмислена и организирана како и физиолошки неодржива, слабо дозирана, недоволно проверена, документирана и систематизирана. Таа, студентот не го тера да се прилагоди, менува, упатува и оспособува за активен и креативен живот во средината каде што живее. Наставата по физичко воспитание на студентот не му овозможува во доволна мера да се развиваат сите негови способности, во прв ред физичките и функционалните способности за одржување на биолошката рамнотежа помеѓу него и средината. Наставата по физичко воспитание на универзитетот се изведува уште по инерција и стихија, макар што со реформата на универзитетите се воведени посложени, посодржајни, подинамични и за студентите поприлагодени форми за работа. Денес наставата е послободна, позабавна, повесела, поприсутна, но со тоа се отишло во друга крајност. Наставата е повеќе рекреативна и повеќе служи за спортско раздвижување, разонода и одмор на студентите. Со тоа се запоставени биолошките и здравствените задачи (за сéстрано јакнење на здравјето кое треба да се манифестира во нормалното функционирање на сите органски системи и одделните делови на телото, според дефиницијата на Светската здравствена организација за здравјето во современи услови).

Запоставни се, исто така, и воспитните задачи, за развивање на позитивните морални квалитети, понатаму образовните, за стекнување знаења, умеења и навики за движење (усовршување на моторните активности) и рекреација, за активен одмор и разонода, за освежување на организмот, подигањето на животното расположение и радоста.

Со таква несистематска работа недвојбено се потврдува појавата на акцелерација (забрзано формирање на личноста). Денес кај младите луѓе во светот и кај нас, посебно височината и тежината, растат несразмерно, побргу и повеќе од соодветните физички и функционални способности, кои ја чинат основата за нивното правилно и благовремено созревање како личности во целина. Тоа е последица на недоволното движење во организирана физичка активност, како и на послабото користење на природните фактори: сонце, вода и воздух. Со таква некомплетна и едноставна настава по физичко воспитание на факултетите, не е никакво чудо што организмот на студентите, особено кај нас, сéуште е инсуфициентен во однос на влијанијата на средината.

Многу значајни истражувања кај нас и во светот докажале дека не постои соодветен физиолошки ефект на редовните часови по физичко воспитание на факултетите, ако студентот не е подвргнат најмалку 15 минути на интензивно и еднократно телесно вежбање. Според тоа, слободно можеме да кажеме дека со користење на досегашните форми и методи на работа на редовните часови по физичко воспитание не се постигнува соодветен физиолошки ефект. Врз основа на некои мерења за интензитетот на часовите по физичко воспитание, се гледа дека од 10 такви мерења само во два случаи (19,2 и

26,6 минути) се индикатори за добро организирани часови, односно само последниот податок од 26,6 минути непрекината активност на студентите, говори за добар интензитет на часот. На тој час секој студент може да се каже дека бил подвргнат на интензивно еднократно телесно вежбање најмалку 15 нужни минути.

Истражувањата, исто така, покажаа дека степенот на совладувањето на елементите од одржаните методски единици на часовите по физичко воспитание на факултетите изнесува од 30 до 50%. Најголем процент, многу ретко е забележан до 80 % и тоа на многу лесни елементи во прескок преку "козле". Така, физичката подготвеност на студентите во наставата по се изгледа, дека денес не е во преден план и тоа слабо или никако не се регистрира.

Положбата со проверката на соматско-морфолошките, физичките и функционалните способности на студентите кај нас е повеќе од загрижувачка. Денес на факултетите не постои никаква евиденција за следење на правилниот развиток на здравствената положба на студентите. Таа наместо да е поусовршена и посовремена, воопшто не се води. По факултетите нема документација и евиденција за психо-физичкиот развиток на студентите. Тие, исто така, не располагаат со соодветни податоци за статусот на студентите. Аналогно на тоа, на нашите факултети нема ни нормативи (средни вредности за својствата на студентите). Наставниците по физичко воспитание речиси не располагаат со какви и да се параметри. Тука лежи основната причина што физичките и функционалните способности во прв ред кај учениците па и кај студентите и останатите граѓани, се на многу низок степен, макар што во програмите на сите образовни нивоа е нагласено дека целите, задачите и содржините по физичко воспитание завземаат доминантно место во воспитувањето на младите генерации.

Освен од тие субјективни причини што ги наведовме, реализацијата на универзитетското физичко воспитание зависи и од многубројни други, помалку или повеќе објективни фактори кои непосредно или посредно ги одредуваат границите на неговиот развој. Денес во редот на овие фактори можат да се групираат материјално-техничките, финансиските и организационите.

Сите овие фактори различно влијаат врз развојот на физичкото воспитание не само во времето, што воглавно зависи од развојот на општеството во целина, туку и различно спрема поедини средини во исто време. Тие не можат да се генерализираат на исто ниво за сите средини што, сепак, не значи дека не постојат некои општи прифатени барања кои можат и мораат да се реализираат во сите средини. Заправо, од тие причини наведените фактори ќе бидат посебно анализирани, па макар, и во најкратки црти.

Сосема е јасно дека ***материјално-техничката*** основа е еден од доминантните услови за нормално функционирање и развој на универзитетското физичко воспитание, едноставно од причина што најразновидните потреби и интереси на студентите во физичкото воспитание не можат да се реализираат доколку не постојат соодветни објекти и други материјално-технички услови. Не може да се очекува поголем напредок во пливачкиот спорт ако за тоа не бидат изградени доволно базени и ако тие не бидат достапни на сите студенти. Сегашните податоци со кои располагаме ни укажуваат дека двата универзитети во Република Македонија не располагаат со ниту еден објект од затворен тип од физичка култура. Нашата Република, во однос на поседување корисни површини за физичка култура стои најлошо во споредба со другите републики од поранешна Југославија. Југословенскиот просек на површина за физичка култура изнесува 1,44 $м^2$, а кај нас 1,39 $м^2$, односно за студентите и помалку, само 0,26 $м^2$.[465] Овие податоци недвосмислено укажуваат дека физичката култура кај студентите е во многу лоша положба.

Ефикасноста на физичкото воспитание може да се подобри само во услови на постоење на соодветни разновидни современо уредени и функционални објекти со цел да овозможат далеку покултурно и посодржинско спроведување не само на редовната настава туку и слободните вончасовни активности. Затоа, при проектирање и градење на објектите за физичко воспитание мора да се води сметка за вистинските потреби и интереси на сите студенти што се опфатени во процесот на физичкото воспитание. Но, не само тоа, тие треба да имаат и масовен карактер, односно да се достапни за сите граѓани кои ќе покажат интерес масовно да се бават со одредени спортски и други активности. Општо земено, материјално-техничката основа треба да се посматра комплетно - т.е. од аспект на биолошко-здравствени, економски и културни потреби на човекот. Само на тој начин може да се мери степенот на хуманоста на времето во кое живееме и само на тој начин физичкото воспитание навистина ќе може да постане секојдневна обврска и дел од културата на живеење на современиот човек.

Финансиските средства како значаен елемент на секоја дејност па и на физичкото воспитание, значително влијаат на состојбата и тековите на развојот на тоа подрачје. Имено, сосема е разбирливо што пошироките и поразновидни програми, барањата за поголем квалитет и поголеми крајни ефекти, што е посебно карактеристично за подрачјето на спортското творештво, да бараат и поголеми финансиски средства. Таму каде овие средства се недоволни обично се доаѓа до заостанување, или пак до диспаритет во

---

[465] Од анализата на Центарот за физичка култура при Универзитетот "Кирил и Методиј", (1971), Скопје.

финансирање на поедини аспекти на физичкото воспитание на универзитетот.

Во современиот свет, па и кај нас, проблемот на финансирање на физичкото воспитание на високо образовните установи се решава на разни начини и од различни средства. Но, најголемиот дел се обезбедува од државни извори. Со Уставот на Република Македонија, на универзитетот му се гарантира автономија што подразбира покрај другото и слобода и јавна одговорност за прашањето на финансиските средства. За изградување и развивање на автономијата на универзитетот во сите нејзини домени, системот на финансирањето на високото образование без сомнение, има примарно значење. Во врска со ова, едно од најкруцијалните прашања е колку системот на финансирањето овозможува, дава шанса универзитетот да биде што понепосредно вклучен и да има активна улога во утврдувањето на износот на финансиските средства што треба да се обезбедат од државата, а потоа и нивната распределба на високо образовните установи за задоволување на потребите на физичкото воспитание.

Искуството на примената на буџетскиот систем на финансирање во изминативе 10 години покажа многубројни слабости. Универзитетот е наполно исклучен без никакво влијание врз определување на средствата за остварување на основната дејност, а во тие рамки и на физичкото воспитание. Распределените средства по ставки и намени се неадекватни и тие не кореспондираат со карактерот на дејноста на високото образование.

Применувањето на овој ригиден, анахрон, неконзистентен, неинвентивен и крајно конзервативен систем на финансирање на високото образование доведе универзитетите во Република Македонија, во последните 10 години, по однос на обезбедување на финансиските средства за потребите на физичкото воспитание, да се најдат и да функционираат во досега невидена и инфериорна подредена положба, во положба на наемен однос во релација со државата.

Со донесувањето на Законот за високото образование на 25 јули 2000 година, наместо за ова прашање да се изнајде современо, инвентивно, компатибилно и конзистентно решение, односно да се воведе фондовски систем на финансирање на физичкото воспитание всушност и натаму се остварува буџетски начин, се разбира, со сите негови спомнати слабости.

Ваквиот систем на финансисрање ни оддалеку не обезбедува плански и рамноправен развиток на универзитетското физичко воспитание. Впрочем тоа е една од значајните причини за заостанување во развојот на физичкото воспитание не само на универзитетот, туку и на сите други нивоа на воспитно-образовниот систем. Решението на овој проблем треба да се бара и во изградување на единствен систем на финансирање кој ќе ги цени пред сé програмите на работа, а не

институциите како такви. Во таа смисла, освен тоа, би требало попрецизно да се утврдат критериумите односно вредносните категории на кои објективно ќе се темелат приоритетите и општите критериуми на финансирање.

Системот на организираност спаѓа во редот на оние фактори кои засега беа надвор од вниманието на нашата теорија. Искуството покажа дека најефикасен начин на организирање е оној кој обезбедува задоволување на најразновидни актуелни потреби на студентите и кој овозможува тие потреби да се реализираат на најдобар начин. Оперативната основа на таквиот начин на организирање треба да ја чинат институциите кои би можеле во секое време да прифатат што поголем број на студенти со различни нивоа на потреби. Тие, освен тоа, мора да располагаат со соодветен тим на стручни лица, сервиси и други институции за што поквалитетно давање на услуги. Оттука е разбирливо што сите институции кои се бават со оваа дејност мора да бидат функционално поврзани и да претставуваат вистински соработувачки партнери. Тие мораат да бидат базирани на единствени потреби на физичкото воспитание, без оглед на нивната потесна насоченост. Тоа подразбира и единствено планирање и програмирање, единствено користење на објектите и други материјални услови, единствен систем на информирање и пропаганда, непречен проток на стручни кадри и единствено образование на кадрите и т.н. Со еден збор, тоа мора да биде единствен систем заснован на заеднички идејни, научни, нормативни и други основи, што е основен услов за функционирање на физичкото воспитание како релативно автономно подрачје на физичката култура.

Од досега изнесеното, можеме да кажеме дека физичкото воспитание на нашите високо образовни институции како и на другите образовни нивоа на нашиот воспитно-образовен систем нема оформена и издиференцирана сопствена теориска и педагошко-оперативна концепција.

Во овој досегашен, може да се каже за вакви прилики кус временски период на општествената транзиција кај нас, на сопственичко-економски план сепак се воспоставија нови структури и заживеаја нови процеси и однесувања кои и припаѓаат на пазарната економија и граѓанската демократија и кои што го наговестуваат и физиономираат новиот општествен поредок, а во тие рамки и новиот реформиран воспитно-образовен систем. Имено, сега е вистинско време за успешен старт "и пласман" на физичкото воспитание на сите образовни нивоа вклучувајќи го и универзитетот. Ако денес ја пропуштиме таа поволна прилика ќе го турнеме универзитетското физичко воспитание во долгогодишни порази и ќе го потрошиме неговото "место под сонцето" за подолго време.

11. ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ МОДЕЛИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ (ПРОЕКТИ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Реформските промени на образованието во нашата Република добија поинтензивен тек со нејзиното осамостојување во 1991 година. Демократизацијата на нашето општество ги зафати сите пори од неговите структури. Образованието, како дел од највиталните општествени дејности, беше подложено на подлабоко реформирање уште во првите години од независноста на нашата држава.

Граѓанскиот модел на демократизација стана водечки принцип при длабоките концепциски и програмски трансформации во сите степени на нашиот образовен систем. Основна интенција при тоа беше напуштање на доминантната идеологија на така наречениот реалсоцијализам и прифаќање на начелата и вредностите на граѓанското општество.

За да се остварат позабрзани реформски промени во образованието, паралелно со ревидирањето на постојниот образовен систем и изготвувањето на нова стратегија и концепција за неговото реформирање, во нашата Република се пристапи кон воведување на повеќе апликативни истражувања, односно во другите земји веќе одамна познати и потврдени модели на воспитно-образовна работа. Со еден таков приод реформата во образованието всушност започна од долу, од практиката, наместо да биде наметната од горе, од образовните власти, како што тоа се правеше во целиот претходен период од ослободувањето.

Од повеќето иновативни проекти коишто во последниве неколку години се реализираат во нашето образование овде аналитички осврт се прави само за оние кои се поврзани со нашиот предмет на истражување, односно со развојот и реформирањето на физичкото воспитание. Во оваа смисла се издвојуваат во прв ред проектите под наслов: ***"Чекор по чекор"*** што се реализира во предучилишното воспитание и одделенската настава на основното образование, ***"Активна настава - интерактивно учење"*** со кој е опфатена одделенската и предметата настава на основното училиште и проектот, односно програмата ***ФАРЕ*** за реформа на средното стручно образование.

11.1. Физичкото воспитание во рамките на проектот "Чекор по чекор"

Овој проект во нашето образование започна да се реализира од учебната 1994/95 година. Неговото реализирање всушност претставува апликација на една вежбовно образовна практика која што одамна ја има експериментално испробано Универзитетот Џорџтаун од Вашингтон, САД. Суштината на оваа воспитно-образовна работа се потпира на филозофските и педагошките погледи на познатиот американски педагог ***Џон Дјуј***, кој го застапува ставот дека децата најдобро учат преку сопственото искуство кое претставува главен фактор во детскиот развој Основна интенција на овој модел на воспитно-образовна работа е да се овозможи што поголемо активирање на децата, односно учениците, во процесот на сознавањето и учењето. Со образовната технологија карактеристична за овој модел децата треба сами да дојдат до знаењата и до определени воспитни вредности користејќи ги при тоа: нивното критичко мислење, фантазија и разновидни извори на знаења. Покарактеристични дидактички елементи на воспитно-образовната работа според овој модел се: што покомплексно планирање на воспитно-образовните содржини, обезбедување на дидактички услови претежно за индивидуализирано учење, потесно поврзување на учењето со играта, аниматорска и насочувачка улога на воспитувачот, односно наставникот, потесна соработка со семејството и уште неколку други елементи кои можат да придонесат за поголемо активирање на учениците.

Основен дидактички принцип при сето ова е сознајниот процес да тече чекор по чекор, без премногу да се брза, во склад со сознајните можности и темпото во учењето со кое напредува секоја индивидуа. Физичкото воспитание во рамките на овој модел на воспитно-образовна работа има прилично нагласено место и улога. Уште во целта на програмата за деца од јаслена и двегодишна возраст што се реализира според овој проект, стои дека "воспитно-образовната методологија "Чекор по чекор" за децата од оваа возраст го претставува: емотивниот, социјалниот, развојниот и ***физичкиот развој*** на многу малите деца".[466]

Во посебна глава од оваа програма се посочени содржините преку чие разработување треба да се потикнува физичкиот развој на децата. Според гледањата искажани во оваа програма, "физичкиот развој има две значења: едното е децата физички да пораснат, а второто значење е зголемената способност телото да се користи за различни движења".[467] Затоа со оваа програма се бара поголемиот дел

---

[466] Занпор, Е., Кофлин, С. : (1995), Програма "Чекор по чекор": Воспитно-образовна методологија за децата и семејствата, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието на Македонија, стр. 7.

[467] Исто, стр. 8.

од детството да биде посветен на овој процес на усовршување преку бескрајно вежбање и изведување активности за развивање на крупната мускулатура, како што се: трчањето, качувањето и скокањето и активности за развивање на ситната мускулатура, како што се: пишувањето, спојувањето на различни делови, фаќањето и други. За правилно изведување на овие активности на воспитувачот му се даваат детални упатства и насоки за тоа како да се потикнува физичкиот развој на децата од оваа возраст, во каква дидактички услови треба да се изведуваат одделни активности, како се планираат и организираат физичките активности, како да ги идентификуваат индивидуалните разлики во развивањето на ситната и крупната мускулатура, како да се постапува со пречувствителните деца, како и со оние кои се хиперактивни и уште многу други методски инструкции за успешно организирање на разновидни физички активности за развивање на мускулатурата што се одвиваат во занималната и надвор од неа.

Значењето на физичкото воспитание се истакнува и во програмите за учениците од одделенската настава коишто се реализираат во рамките на ова апликативно истражување. Така, целта на програмата за прво одделение "ги има во предвид детските интелектуални, социјални и развојни потреби".[468] Меѓутоа, во глобалната структура на програмата за ова одделение физичкото воспитание не е издвоено како посебно подрачје како што се тоа: литература, запознавање на природата, математика, запознавање на општеството и развој на карактерот. Но, од текстот на програмата имплицитно може да се види дека низ целиот воспитно-образовен процес се интегрирани содржини и активности поврзани со физичкото воспитание на учениците. Целите на учењето, според програмата "Чекор по чекор" што е наменета за децата на возраст од 8, 9 и 10 години "се темелат врз когнитивниот, ***физичкиот***, социјалниот, емотивниот и естетскиот ***развиток на учениците***".[469]

---

[468] Претставување на програмата "Чекор по чекор" за прво одделение, (2000), работен материјал, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието на Македонија, стр. 1-8.

[469] Валш, К.: (2000), Програма за децата и семејствата "Чекор по чекор", Создавање училница која во центарот ги има децата од 8, 9 и 10 години, работен материјал, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието, стр. 1-8.

11.2. Физичкото воспитание во рамките на проектот "Активна настава - интерактивно учење"

Реализацијата на ова апликативно истражување во нашата Република започна од учебната 1996/97 година. Иновацијата е превземена од повеќегодишната образовна практика според овој модел на Бишоп Гросетс - колецот од Линколн, Англија.[470] Дидактичката суштина на овој модел се состои во тоа што во центарот на наставниот процес се става ученикот, ноговите образовни потреби, сознајни можности и интересирања.

Целта на наставата, според овој модел, е учениците во прв ред преку сопствената интелектуална активност да стекнат поквалитетни знаења кои ќе имаат полифункционална вредност. Акцент во наставниот процес се става на умешното водење и насочување на наставниот процес од страна на наставникот и што поголемо активирање на учениците во усвојувањето на наставните содржини.

Од појдовните начела што се содржани во овој проект може да се види дека психомоторниот, односно физичкиот развој на детето се третира на исто педагошко ниво како и когнитивниот, емоционалниот социјалниот и другите аспекти од развојот на личноста на ученикот. Според тоа, овој модел на воспитно-образовна работа не преферира ниту една страна од развојот на личноста, туку личноста ја гледа како интегритет на вредности гледано од физички, психички, интелектуален, социјален и сите други аспекти на неговото битие.

Наставната технологија што е карактеристична за овој образовен модел наполно одговара на современите интенции во развојот на физичкото воспитание и е во склад со современите теоретски гледања за содржината, организацијата и изведувањето на наставата по овој наставен предмет. Овде се посочуваат само дидактички елементи што се карактеристични за овој образовен модел, а коишто едновремено се соодветни и за организирање и изведување на воспитно-образовната работа по физичко воспитание.

При содржинското осмислување на активната настава се поаѓа од интересот и образовните потреби на учениците, односно се даваат широки можности за личен избор на ученикот што сака да изучува од една поширока рамковна програма за определен наставен предмет. Како што и во овој труд е нагласено, принципот на изборност има примарно значење и за современата настава.

Покрај тоа, моделот на интерактивна настава бара стимулативна средина за учење, диференциран приод кон секој ученик, поголема кооперативност како помеѓу самите ученици, исто така и помеѓу наставникот и учениците. Во активната настава секој ученик е

---

[470] Адамческа, С.: (1996), Активна настава, Скопје, Легис, стр. 56.

носител на активностите што исто така наполно одговара и за наставата по физичко воспитание. Дидактичката улога на наставникот во активната настава во најголема мера е насочувачка и потикнувачка, каква што исто така е и дидактичката функција на наставникот по физичко воспитание.

Систематското следење и вреднување на резултатите што ги постигнуваат учениците во процесот на учењето, исто така е една од побитните дидактички одлики на активната настава. Во најновиот концепт за наставата по физичко воспитание во нашата Република, исто така се бара постојано следење и проценување на физичкиот развој на учениците. Во овој проект не се посебно разработени специфичностите на интерактивната настава во подрачјето на физичкото воспитание на учениците, како што тоа е направено за некои други наставни предмети. Меѓутоа, најголемиот број дидактички обележја на активната настава се наполно својствени и за современата настава по физичко воспитание. Тоа особено се однесува за обележјата: активност, интеракција, мотивација, тимска работа, социјализација, индивидуализација и диференцијација, со кои се одликува активната настава - интерактивното учење. Истото се однесува и на особеностите со кои треба да се одликува ученикот како субјект во активната настава. Во теоретските објаснувања[471] за тоа какви пројавувања треба да покажува ученикот како субјект во интерактивната настава се посочуваат следниве особености: самостојност, активност, интерес, иницијативност, кооперативност, љубопитност, аспирации за успех и други. Без исклучок, сите напред посочени особености и уште неколку други треба да поседуваат и постојано да ги пројавуваат учениците и во наставата по физичко воспитание.

Теоретските основи на активната настава што се однесуваат на нејзиното дидактичко моделирање, исто така можат да имаат апликативна вредност и за наставата по физичко воспитание.

Комплексниот карактер на оваа настава овозможува креирање на повеќе разновидни модели на учење низ наставниот процес имајќи ги при тоа во вид: активната позиција и улога на ученикот, креативноста на наставникот, интегрираниот приод кон програмските содржини, самостојното изведување на активностите од страна на ученикот, диференцираната работа[472] и уште неколку дидактички специфичности со кои се одликува овој вид настава. При тоа, прифатливо е и за наставата по физичко воспитание дека "појдовна основа во моделирањето на наставните облици треба да има првенствено видот на целите и на задачите што треба да се реализираат".[473] Умешноста на наставникот тие задачи да ги преточи во активност на ученикот, да создаде наставни ситуации што ќе овозможат

[471] Исто, стр. 51.
[472] Исто, стр. 115.
[473] Исто, стр. 116.

секој ученик да изведува активности соодветни на неговите способности и темата на учење, да ја следи, насочува и да ја димензионира содржината на неговата работа, претставува основна дидактичка претпоставка за активноста на избраниот модел.

Напуштањето на крутиот предметно-часовен стил, со што исто така се карактеризира интерактивната настава е наполно прифатливо и применливо за наставата по физичко воспитание. Новата концепциска поставеност и програмска осмисленост на воспитно-образовната работа по физичко воспитание покрај другото се одликува и со тоа што за реализација на програмските содржини се повеќе се избегнува класичниот наставен час. Наместо тоа се оди кон примена на пофлесибилни и порелаксирачки дидактички облици на физичко активирање на учениците, поаѓајќи при тоа во прв ред од нивните желби, интереси и психофизички можности.

11.3. Физичкото воспитание во рамките на програмата ФАРЕ

Во неколкуте проекти и нови дидактички модели коишто, како апликативни истражувања, во последниве години се остваруваат во Република Македонија, се вбројува и така наречената "ФАРЕ програма" за интерактивна реформа на гимназиското и на стручното образование и обука. Тоа е дидактички модел на образование кој што, исто така, заслужува стручно внимание гледано од аспект на основното прашање што е предмет на истражување во оваа научна теза.

ФАРЕ програмата,[474] како и претходните проекти, всушност претставува имплементирање на една нова воспитно-образовна и наставна практика во средното образование на нашата Република која што веќе низ години успешно се применува во повеќе земји на Европската Унија.

Според посебен проект, општиот државен критериум за реализираното стручно образование и обука се однесува само на 16 пилот училишта вклучени во ФАРЕ програмата, чија реализација започна од учебната 1999/2000 година.

Оваа обемна програма се базира на неколку футуролошки предвидувања од кои посуштинско значење имаат следниве:

- понатамошна интеграција на Македонија во Европската Унија;
- прилагодување на пазарот на трудот;
- интернационализација на средното стручно образование и обука;
- интеграција со останатите подрачја од општествениот живот (култура, логика, средина, стопанство и други);
- информатизација на образовниот процес;

[474] Општ државен курикулум за реформирано средно стручно образование и обука, ФАРЕ програма за реформа на средното стручно образование и обука во Република Македонија, (1999), работен материјал, Скопје, Биро за развој на образованието на РМ, стр. 1-14.

- мобилност и флексибилност на образовниот систем;
- трансфер на функционални програми за обука кон пошироки образовни профили;
- рационалност на образованието;
- индивидуализација и диференцијација на образованието.

Гледано од напред посочените перспективи, општите цели[475] на реформираното стручно образование и обука, според оваа програма се:

- учениците оптимално и хармонично да ги развиваат своите способности, својата личност и талентираност;
- да се образуваат до она ниво до кое сакаат и имаат способности да стигнат;
- да бидат воспитани и подготвени како конструктивни и демократски граѓани, одговорни за лично и општествено живеење, за трпеливост, толерантност, мир и меѓусебно разбирање;
- да бидат подготвени за иницијативност и креативност како и за брзо и соодветно реагирање на промените;
- да се подготват за учење низ целиот работен и животен век;
- да се подготват за вклучување на работа во соодветни форми што функционираат, според законитостите на пазарното стопанство.

За постигнување на овие цели, според овој образовен модел "реформираните средни стручни училишта треба да организираат образовен процес со добро урамнотежено внимание за развој на когнитивното, психомоторното и афективното однесување на учениците".[476]

Наставата во реформираното стручно образование, според насоките што се дадени во оваа програма "треба да биде насочена кон процесот на учење на учениците, односно ќе се оствари побавен, но континуиран трансфер од наставниковото централизирано предавање кон настава ориентирана на учениците".[477]

Програмската структура на средното стручно образование, според овој дидактички модел се состои од седум програмски подрачја и тоа: општо образование, стручно образование, практична обука, изборна настава, задолжителни активности, факултативна настава и слободни часови на училиштето. Физичкото воспитание според овој дидактички концепт припаѓа во подрачјето "задолжителни активности", во кое "учениците имаат можност за избор (индивидуално или групно) на активности од областа на спортот, културата и граѓанската демократија".[478]

Овие активности влегуваат во годишниот фонд на часови, а нивната застапеност по обем е различна, зависно од нивото на стручните квалификации што треба да ги стекнат учениците. Општиот државен наставен план за остварување на овој образовен модел е утврден како глобална рамка во која се дадени само наставните предмети и изборните активности задолжителни за сите ученици. Во овој план физичкото воспитание е поместено во подрачјето "задолжителни активности", под името "спорт и спортски активности"

---

[475] Исто, стр. 2.
[476] Исто, стр. 5.
[477] Исто, стр. 9.
[478] Исто, стр. 11.

со годишен фонд од 72 часа во трите и 66 часа во четвртата година од школувањето.[479] Со истиот фонд ова програмско подрачје е застапено и во наставните планови за образовните профили на стручното образование со двегодишно траење. Меѓутоа, во наставните планови за образовните профили со тригодишно траење, воспитно-образовната активност "спорт и спортски активности" е застапена со по 3 часа неделно, односно 108 часа годишно во сите три години од школувањето.

За натамошното осовременување и унапредување на наставата по физичко воспитание иновативна и инструктивна функција има и така наречената наставно-целно и процесно-развојно планирање на курикулумот, како основен дидактички приод при програмското осмислување на наставната работа. Со овој модел се напушта класичното планирање и програмирање на наставата кое што воопшто не беше соодветно за целта, природата и карактерот на физичкото воспитание.

Во рамките на ФАРЕ програмата, слични се концепциските и програмските реченија за физичкото воспитание и во реформираното гимназиско образование.[480] Целта на гимназиското образование, според овој проект е "учениците да ги развиваат индивидуалните физички и интелектуални способности, хуманистички, морални, естетски и граѓански вредности".[481] За остварување на оваа цел, како што е нагласено во општиот дел на проектот, треба да се води посебна грижа учениците, покрај другото, "да ги задоволуваат посебните интереси и развој на способностите во одделни подрачја на спортот, ликовната и на музичката уметност".[482] Меѓутоа, може да се воочи дека со општите воспитно-образовни задачи што се содржани во програмскиот документ, освен напред посочената формулација не се наоѓа некое друго поконкретно програмско барање.

Во наставниот план за гимназиско образование што е изготвен според ФАРЕ програмата, физичкото воспитание е застапено под името "спорт и спортски активности" во подрачјето, "задолжителни изборни програми, содржини и активности" со по 3 часа неделен фонд во сите четири години од школувањето. Со воведувањето на задолжителни изборни програми по физичко воспитание основна интенција е "да се надмине унифицираноста и традиционалниот начин на изведување на оваа настава".[483] Тоа ќе се постигне со можностите што им се даваат на учениците да вршат избор на содржините и активностите што ги нуди програмата, а коишто можат да се реализираат во зависност од условите што ги има училиштето и локалната средина.

---

[479] Исто, прилог 1.
[480] Сé за новата гимназија, (2001), Скопје, Биро за развој на образованието, стр. 5.
[481] Исто, стр. 8.
[482] Исто, стр. 15.
[483] Исто, стр. 15.

Општата цел на овие програми и активности треба да се оствари преку реализирање на неколку воспитно-образовни задачи:

- задоволување на потребните интереси и развој на способностите на учениците во одделни подрачја на спортот, ликовната и музичката уметност;
- подигнување на мотивацијата за учество во активностите коишто произлегуваат од содржината на програмите;
- обезбедување поголема аналитичност во следењето на постигањата на учениците;
- развивање на индивидуалните способности и презентирање на постигнувањата;
- создавање навики и стекнување искуство за работа во помали групи.

Од програмите коишто рамковно се дадени за потребите на ова апликативно истражување учениците можат да изберат едно или повеќе од следниве спортски подрачја:

- спортувања од атлетика, трчање, скокови и фрлање;
- гимнастика;
- спортски игри;
- боречки спортови.

Покрај тоа, програмите можат да се збогатуваат со спортски активности за скијање, лизгање на мраз, пливање, планинарење, логорување, кампување, излети, викенд тури со велосипеди, викенд излети и други. Нивното реализирање, според укажувањата што се дадени во програмата "најмногу ќе зависи од условите за спортување во училиштето и надвор од него и од квалитетот на менторското водење на наставникот".[484] Во рамките на овој наставен модел на физичкото воспитание му се дава поширока програмска основа и со застапувањето на подрачјето "здравствено воспитание, екологија и соработка со невладини организации" што е застапено во делот под наслов "задолжителни изборни содржини и активности".[485] Со тоа осетно се зајакнува здравственото образование и воспитување на учениците како неопходна претпоставка за водење здрав физички и рекреативен живот. Покрај тоа, во рамките на овој образовен модел е воведен и дидактичкиот облик под називот "спортски денови" чија содржина се надградува на содржините и активностите што се предвидени со задолжителната програма од областа на спортот и спортските активности. На овие денови "учениците имаат можности да ги презентираат своите постигања, умеења, спортски вештини во изборните активности".[486] При тоа во насоките за реализирање на оваа програма се укажува дека училиштето треба да создава услови за изведување на повеќе спортови како што се: атлетика, гимнастика, спортски игри, боречки спортови и спортски активности (танц, пешачење, планинарење, посета на спортски натпревари и други).

Покрај тоа, во документот се даваат детални упатства за тоа како да се осмислува содржината и организирањето на спортските денови, кога истите да се планираат, како да се евидентираат и вредуваат постигнатите резултати и друго.

---

[484] Исто, стр. 16.
[485] Исто, стр. 17 и 19.
[486] Исто, стр. 23.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Независно од сложеноста на предметот на истражувањето како и од тешкотиите од методолошка природа, искуствата кои ги стекнавме со ова истражување и сознанијата до кои дојдовме, покажуваат дека истражувања од оваа проблематика се можни и неопходни.

Ако говориме за оперативна конкретизација на овој труд, можеме да кажеме дека целиот текст е анализа, констатации, заклучоци и препораки што ги добивме со ова теориско истражување. Тоа е резултат на нашата ориентација со соодветни истражувачки методи и техники, да се проверат хипотезите што ги поставивме. Тоа беше неопходно да се направи, бидејќи такви истражувања кај нас не се вршени и немавме можности за постојано компарирање на истражувачките научни сознанија и согледувања. Сепак, врз основа на нив можеме да извлечеме некои констатации.

Теориската разработка на темата и заклучоците што ги направивме со истражувањето упатуваат на веќе познатиот став дека физичкото воспитание не е дел, ниту пак само "помошно" подрачје во педагошката теорија, туку е интегративно сознајно подрачје кое се потпира на интердисциплинарноста на оние науки кои истражувачки, теориски и апликативно се занимаваат со прашањата на физичкото воспитание.

Педагошката теорија, проблемите на физичкото воспитание не може во потполност сама да ги реши. Затоа пак голем број на науки (педагогијата, психологијата, социологијата, биологијата) даваат драгоцени сознанија кои можат да се насочат во правец на решавање на многубројните проблеми во рамките на физичкото воспитание. Сознанијата од ова истражување говорат дека како што секое воспитно подрачје има своја теорија која го проучува и му дава педагошка заснованост, така и физичкото воспитание како темелно воспитно подрачје има своја теорија која ги поставува целта и задачите на тоа подрачје, ги разгледува и ги определува содржините и организацијата на работа, главните фактори, облиците, принципите, методите и средствата на работа. Таа ја објаснува суштината на физичкото воспитание, го разгледува неговиот однос кон другите воспитни подрачја, неговата примена, положба, функција и можностите за негова реализација. Таа овозможува физичкото воспитание да добие своја теориска фундираност и научно-педагошка ориентација. За да биде успешна во практиката, констатација е дека може да се заснова на проучување на сите облици на физичко воспитание во институционални и вонинституционални услови. Од друга страна, сите наставници по физичко воспитание, сите воспитувачи и инструктори на тоа подрачје

од воспитната работа, мора добро да ги познаваат барањата на теоријата на физичкото воспитание. Без тоа, несомнено е дека се запаѓа во практицизам, техницизам и формализам кои не можат да дадат вредни резултати, а често пати носат и штетни последици.

Имајќи го во предвид ваквото значење на теоријата на физичкото воспитание, нашата анализа несомнено е дека претставува обид да се откријат и идентификуваат некои основни теориски проблеми во концепирањето на физичкото воспитание, да се укаже на можностите за нивно совладување или ублажување и да се понуди одговор на низа прашања и дилеми од оваа сфера.

Појдувајќи од констатацијата дека концепцијата на физичкото воспитание не може да се одвои од целината на општествениот, економскиот, научниот, техничко-технолошкиот и друг развиток на општеството и од решенијата на теориските проблеми во педагошката и други сродни науки и од констатацијата, дека, од концепциската поставеност на физичкото воспитание зависи практичната реализација на задачите и барањата на ова воспитно подрачје, теориските проблеми на физичкото воспитание ги анализираме како: проблеми кои имаат своја историска димензија, проблеми и претпоставки од општествено-економски карактер, проблеми и претпоставки од научно-технолошки карактер, проблеми кои произлегуваат од различните решенија во современата теорија на физичкото воспитание и проблеми кои се јавуваат во процесот на практичната реализација на ова воспитание.

Впрочем, во структурирањето на проблемот на истражувањето, водевме сметка, основните теориски проблеми во концепирањето на физичкото воспитание да ги проследиме во еден логичен континуитет кој ќе ги открие дадените аспекти на овој проблем.

2. ***Дефинирањето на основните поими од областа на физичкото воспитание и нивното терминолошко означување, се јавува како еден од основните проблеми и на теоријата и на практиката на ова воспитание.***

Таквото значење е условено од неединствениот пристап на поедини автори при дефинирањето на поимите од подрачјето на физичкото воспитание и нивното различно терминолошко означување, што се јавува како едно од причините за диференцираниот пристап на поедините автори кон теориските прашања, а исто така и за неединственост во решенијата кои се нудат за реализација на ова воспитание.

Во овој труд, направивме обид, да ги дефинираме основните поими, односно да го дефинираме "физичкото воспитание" и некои сродни поими за кои сметавме дека се позначајни и терминолошки да ги доопределиме, посочувајќи ги притоа и аргументите, кои го поткрепуваат нивното прифаќање.

Од наведените дефиниции во нашата анализа може да се заклучи дека во педагошката литература во светот постои мошне голема диференцираност во поглед на содржината на поимот физичко воспитание. Притоа заклучивме дека повеќето определби на овој поим се невоедначени, а често едностранн и пренагласено утилитаристички. Освен на разликите при определувањето на терминот на физичкото воспитание, исто така, укажавме и на тоа дека постои скоро кај сите автори единствено мислење дека физичкото воспитание е составен дел на општото воспитание и дека тоа претставува систематски организиран педагошки процес кој партиципира во развојот на личноста.

Тргнувајќи од фактот, дека, ова воспитно подрачје во педагошката литература, поедини автори, го означуваат со различни термини и тоа: телесно вежбање, тренирање, физичко воспитание, физичко воспитание и образование, физичка култура, физичко воспитание и спорт, физичко воспитание и рекреација, движење со трите негови димензии (воспитание за движење, воспитание низ движење и воспитание во движење), кинезиологија, спорт и спортска наука, кинезиолошка реакција и т.н., ние се определивме за поимот ***физичко и здравствено воспитание***, кое треба да се сфати ***како интегрален дел на општото воспитание со кое низ физички активности подеднакво се придонесува за физичкиот, здравствениот и психичкиот развој на личноста.***

Со цел да се избегнат разните непрецизности во излагањето на проблематиката која ја истражувавме, прифативме и поимни определби на некои позначајни сродни поими на физичкото воспитание, како што се: физичка култура, физичко образование, физичко вежбање, физичка вежба, појавни облици на физичкото воспитание (игра, спорт и гимнастика) и рекреација.

Со презентираните аргументи засновано се потврдува нашата прва претпоставка, дека ***во теоријата на физичкото воспитание постојат значајни и суштински разлики во поглед на дефинирањето на основните поими што ја чинат јазичната номенклатура со која што најчесто се оперира во ова воспитно-образовно подрачје.***

За потврдување на хипотезата во врска со недоследностите и различните толкувања на одделни поими и термини што се употребуваат во физичкото воспитание и образование, во овој труд се наведуваат повеќе податоци и факти. Од сите нив може да се извлече општата констатација дека сé уште во теоријата на физичкото

воспитание логички и содржински се недоволно разграничени следниве поими: физичко воспитание, физичко образование, физичка образованост, физичка култура, спорт и уште неколку други поими и термини. Така, некои автори по својата содржина го изедначуваат поимот физичко воспитание и физичко образование, други пак под поимот физичка култура го подразбираат и физичкото воспитание, трети го употребуваат поимот физичко образование, а всушност зборуваат за физичкото воспитание, четврти не прават разлика помеѓу поимите физичко образование и физичка образованост и уште неколку други појмовни разлики и теоретски недоразбирања.

Оваа така наречена "терминолошка збрка" во многу негативно се одразува на научната, односно теориската заснованост на физичкото воспитание како воспитно-образовна практика во дејноста на училиштата. Поради тоа, како неопходна се налага потребата за што побрзо теориско расчистување на сéуште спорната појмовна номенклатура во ова воспитно-образовно подрачје. Со тоа во многу ќе се придонесе за остварување постручна комуникација помеѓу наставно-научните кадри, која што сé почесто треба да се остварува заради натамошно унапредување и осовременување на оваа мошне значајна и сложена воспитно-образовна дејност.

3. ***Теориските проблеми во конципирањето на современото физичко воспитание, не е можно да се разгледуваат и разберат, ако не се познава нивната историска развојна линија.*** Токму затоа, во пристапот кон откривањето на овие проблеми во ова истражување, појдовме од разгледувањето на развитокот на идејата за физичкото воспитание и практичните остварувања на тој план во различните етапи од развитокот на општеството и тоа од економски, политички, класен, техничко-технолошки и друг аспект.

Историско развојната линија на идејата за физичко воспитание ја проследивме од моментот на нејзиното појавување во првобитното општество, па се до најново време преку теориските основи на современите сфаќања за физичкото воспитание и практичните обиди за остварување на ова воспитание во современите земји на запад и во некои источно-европски земји. Притоа, нашите сознанија во анализата говорат дека општествените рамки отсекогаш се решавачка детерминанта на човечкиот труд и животот воопшто, па во тој контекст и на односот спрема физичкото воспитание.

Анализата на физичкото воспитание низ историјата не упатува на општиот заклучок дека тоа претставува историска категорија и дека има карактер на историска релативност. Исто така, заклучуваме дека степенот на развитокот на производствените сили и односи во кои луѓето влегуваат во процесот на производството, идеологијата на ова или она општество и развитокот на науката низ

целата историја, вршат силно влијание на сфаќањата, концепцијата, целите, задачите, содржината и формите на физичкото воспитание. Тие, исто така, покажаа дека на сите етапи од развојот на човечкото општество физичкото воспитание може да еволуира само толку колку за тоа овозможуваат развитокот на производствените сили. На крајот, дефинитивно тие покажаа дека физичкото воспитание најмногу се развива тогаш кога тоа посредно или непосредно им служи на интересите на конкретното општество и ја одржува неговата содржина.

Освен тоа, историските факти ни покажуваат дека физичкото воспитание не настанува од ништо, ниту со просто позајмување. Новите системи, формите, содржините, секогаш се темелат на претходните, значи, се дел од наследството од минатото. Во процесот на развитокот, пак, позајмените елементи по правило се ослободуваат од својата поранешна социјална улога, се менуваат и се прилагодуваат на новите потреби и постануваат органски дел на новото време.

Од ова може засновано да се заклучи дека историскиот тек на идејата за воведување на физичко воспитание во образованието е прилично долг. Таа идеја најнапред се зачнува во филозофските учења на старогрчките филозофи, натаму се продлабочува преку класиците на педагогијата во граѓанското општество за да добие современо-теориско обликување од најистакнатите умови на современата педагогија и на другите научни дисциплини што се тесно поврзани со ова интердисциплинарно воспитно-образовно подрачје. ***Тоа значи дека со полна заснованост се потврдува посебната хипотеза дефинирана во методолошкиот дел на овој труд дека теоријата на физичкото воспитание има прилично долга историја, а во одделни периоди доживува посебно интензивен развој***. Меѓутоа, нашите согледувања го потврдуваат и фактот дека теоријата на физичкото воспитание останува отворена за нови откривања и сознавања поврзани со напредокот на науката и техниката и на вкупниот општествен развиток.

4. ***Концепциската поставеност и практичните решенија на физичкото воспитание се наоѓаат во непосредна или посредна зависност од цела низа на услови, односи, ситуации и слично. Станува збор за претпоставки, кои ги детерминираат решенијата во теоријата, концепцијата и практиката на физичкото воспитание. Тие се многубројни, повеќезначајни и често се испреплетуваат меѓу себе, но главно имаат општествено-економски, научно-технолошки, педагошко-психолошки, биолошки и биомеханички карактер.***

Сето тоа што напред низ еден индуктивен приод го анализиравме за основните теориски претпоставки на физичкото воспитание, не упатува на еден општ заклучок дека секоја од споменатите детерминанти е доста комплексна и во себе содржи низа заеднички компоненти и елементи.

Земајќи ги во предвид сите наведени претпоставки, со анализата утврдивме зошто на пример, целите и задачите на физичкото воспитание меѓусебно се разликуваат не само низ историјата на општеството, туку и денес во поедини земји на современиот свет. Основите на тие разлики треба да ги бараме во наведените детерминанти. Исто така, заклучивме дека овие детерминанти не само што влијаат во теоријата на физичкото воспитание и во минатото и денес, дека не постојат само многу различни формулации, цели, задачи и содржини, туку постојат и различни сфаќања и концепции на физичкото воспитание, почнувајќи од оние кои ја негираат потребата и можноста за поставување на било каква цел на физичкото воспитание, па до оние кои сметаат дека мора да се изнајдат такви цели и задачи на физичкото воспитание кои важат универзално - за сите историски периоди, за сите општествени уредувања и за сите луѓе.

Со тоа ја потврдивме и хипотезата која ја поставивме во истражувањето дека концепцијата на физичкото воспитание е заснована, тесно поврзана и условена од бројни претпоставки. Посебно влијание во нејзиното теориско осмислување имаат општествено-економските, научно-технолошките, педагошко-психолошките, биолошките и биомеханичките претпоставки. Оттаму, логично произлегува заклучокот дека секоја концепција на физичкото воспитание кое пледира да се третира како современо би била едностранa, ако во неа не се содржани напред посочените детерминанти.

5. Од презентираните податоци во врска со ***дилемите на физичкото воспитание*** можат да се воопштат неколку заклучни сознанија.

5.1. Врз основа на сознанијата до кои дојдовме при разгледувањето на дилемите по однос на ***појмовното разграничување на физичкото воспитание***, со потребната аргументираност можат да се воопштат неколку заклучни согледувања:

- Во теоријата на физичкото воспитание и пошироко во педагошката теорија воопшто, нема никакви дилеми за постоењето и за релативната посебност на поимите: "физичко образование", "физичкото воспитание", "физичка образованост", "материјална физичка образованост" и "формална физичка образованост". Како што се гледа од повеќе теоретски извори што се користени при изработката на овој труд, сите овие поими имаат свој обем и содржина, терминолошки се

соодветно именувани и претставуваат составен дел на јазичната номенклатура што се користи при стручното комуницирање во педагошката теорија и практика.

- Покрај согласноста скоро на сите консултирани теоретичари за научна теоретската заснованост на напред посочените поими, кај еден помал број педагози сé уште постојат различни гледања и определени дилеми во поглед на нивната содржинска и терминолошка димензионираност. Овие разлики произлегуваат повеќе од субјективните мислења и ставови на одделни педагози, одколку од научната фундираност на нивните аргументи. Поради тоа, тие и неможат да се третираат како теоретско оспорување на употребата на овие поими во педагошката и наставната практика.

- Во педагошката теорија сé уште постојат недоволно аргументирани факти со кои уште подецидно би можеле содржински да се разграничат поимите: "физичкото воспитание", "физичко образование" и "физичка образованост". Заради нивната поавтентична примена во наставната практика, очигледна е потребата за натамошно подетално анализирање и проучување на сите овие педагошки категории.

5.2. ***И по однос на дефинирањето на целта и задачите на физичкото воспитание во теоријата се среќаваат различни дилеми.*** Во таа насока укажавме дека можат да се издвојат две концепции. На една страна се оние теоретичари кои сметаат дека целта на физичкото воспитание е вклучување на поединецот во општествената заедница, оспособување на индивидуата за живот и работа во општеството и за брзо прилагодување на општествената заедница.

Втората група на гледања ја сочинуваат граѓанската концепција на физичкото воспитание, според која физичкото воспитание има за задача да придонесе за целосен и слободен развој на секоја личност.

Имајќи ги во вид ваквите гледања, се поставува прашањето, односно дилемата: Дали физичкото воспитание е општествено насочена дејност (според определени општествено поставени цели) или целта на физичкото воспитание се состои во овозможување на наполно слободен развој на личноста на ученикот? Разгледувајќи ја оваа дилема, констатиравме дека таа е присутна во сите концепции на физичкото воспитание и дека во решавањето на таа дилема можно е да се даваат далеку појасни оценки за прогресот или регресот на една концепција на физичкото воспитание, отколку што тоа е можно да се направи врз основа на некои други научни сознанија. Укажавме, исто така, дека решавањето на оваа дилема зависи од неколку фактори, а пред сé од општественото уредување на една земја и вистинското решавање на односите на личноста и општеството (социјалната средина).

Од произнесеното во анализата можеме да констатираме дека помалку дискутабилна станува дилемата што е искажана во овој труд по однос на граѓанската концепција на физичкото воспитание. Може да се рече и не треба да постои дилема во однос на тоа дека целта и задачите на современото физичко воспитание треба да произлегуваат, односно да бидат во склад со потребите на граѓанската личност и на граѓанското општество. Поради тоа, треба се повеќе да се напушта онаа ориентација во педагошката теорија која што ги застапуваше гледањата дека целта и задачите на физичкото воспитание главно треба да имаат политичка димензија, односно да произлегуваат од интересите на државата, нацијата, црквата или некоја друга општествена структура, а притоа да се стават во втор план интересите на личноста на ученикот. Одамна измина времето воспитувањето на младите да биде засновано на некои повисоки цели што се конципирани во разновидни идеолошки учења и политички определби. Нема дилема дека физичкото воспитание со својата содржина и организираност пред сé треба да овозможи целосен и слободен развој на личноста на ученикот како првостепена задача. Зависно од напред посочените теориски гледања во некои цели доминантно место се дава врз развојот на физичките способности, во други пак повеќе се нагласени другите аспекти од развојот на личноста. Но вреден е за подржување фактот што во повеќето теориски трудови и во современите програми се дефинирани цели и задачи на физичкото воспитание со кои се изразува неговото поливалентно и урамнотежено значење во развојот на личноста на ученикот. При тоа главно се разликуваат физичко-биолошко-здравствени, педагошки, односно воспитно-образовни и рекреативни задачи.

5.3. И по однос на ***содржинската страна на физичкото воспитание*** истакнавме дека во стручната литература егзистираат повеќе правци (морален, интелектуалистички, дидактички формализам, уметничка педагогија, културна педагогија, хуманистички правец).

Притоа констатиравме дека, на сите наведени концепции заедничко им е тоа што се едностарно ориентирани, што се насочени на развивање само на поедини, помалку или повеќе комплексно сфатени подрачја на животот, работата и изразување на личноста. Затоа ретко во која од наведените концепции на физичкото воспитание, можат да се најдат ставови со кои се признава исто значење и подеднакво влијание на физичкото воспитание во различни сфери од животот и работата на човековата индивидуа.

Сето ова не упатува на заклучокот дека разрешувањето на овие дилеми, во поглед на содржината на физичкото воспитание, лежи во научното гледање, дека човековата личност ја чинат сите сфери од неговиот развој. Со тоа всушност се надминуваат сите едностарни и ненаучни гледања според кои, приоритет се дава на една или на друга

страна од личноста на човекот. Имено, постојат повеќе подрачја во кои се изразува човекот како личност, како што се: интелектуалното, моралното, физичкото, естетското и работното. Уважувајќи ги сите овие подрачја треба да се постави целта и содржината на физичкото воспитание.

Имајќи ја во вид содржината на современите програми во светот, логички се наметнува заклучокот дека се напуштени дилемите и едностраните сфаќања во поглед на содржината на физичкото воспитание што се изложени во поглавјето 5.3. на овој труд. Така, анализирајќи ги програмските содржини во повеќе наставни програми што се реализираат во земјите на Западна Европа може да се види дека при нивното изготвување не се доминантни ниту христијанско-моралните погледи на Хербарт за чистата човечка раса, ниту гледањата на така нареченият интелектуалистички правец во педагогијата, ниту пак се доминантни "дидактичкиот формализам" или "дидактичкиот материјализам", а уште помалку гледањата карактеристични за творците на така наречената уметничка или културна педагогија. Наспроти сето ова современите програми по физичко воспитание се изготвени во склад со теориските педагошко-психолошки гледања кои главно имаат хуманистичка ориентација. Овие програми се така соджински осмислени што ја задоволуваат потребата за изградување на интегрална личност, односно на личност со урамнотежен интелектуален, морален, физички, социјален и естетски развој, односно личност што ќе ги содржи битните вредности на граѓанското општество во кое ќе живее и ќе работи.

5.4. Во нашата анализа укажавме и на ***дилемите во врска со природата, функцијата и структурата на програмата по физичко воспитание***. Притоа, дојдовме до сознание дека дилемите по однос на овие прашања се многу длабоки и дека се одраз на двоен, двосмислен и најчесто противречен статус на физичкото воспитание во училиштето. Тие се последица на недостаток и ограничен простор и неможноста во тој простор да се реализира содржината на физичкото воспитание, како и на симболичните средства, скромни и несигурни материјални услови во многу средини каде тоа треба да се реализира, не само како наставен предмет туку и како воспитно-образовно подрачје, во целата своја ширина.

По однос на концепцијата и структурата на програмата во стручната литература се јавија бројни несогласувања. Програма како што е познато, работена е според класични дидактички примери на начин како што се работени останатите програми од наставниот план и содржи само т.н. "градиво за вежбање".

Со оглед на тоа што во меѓувреме беа публикувани нови сфаќања за моторичките способности како егзистенцијален услов, односно за сé поголемата загрозеност на современиот урбанизиран

човек, училишното физичко воспитание сé помалку се врзува за формите, а сé повеќе за способностите кои се резултат на телесното движење. Таквата состојба, кај стручната јавност доведе до крајно радикални ставови во поглед на формата, структурата и функцијата на програмата по физичко воспитание. Притоа укажавме и на некои екстремни сфаќања како на пример "Програмата тоа е самиот наставник", на сфаќањето кое што условно може да се нарече "најдобронамерен педагошки волунтаризам" (има толку програми колку што има ученици), сфаќања дека постои една единствена програма. Како резултат на претходните дилеми укажавме дека создадена е програма која понатаму продолжува во интегрална верзија, што претставува пример на повеќекратни компромиси.

Во врска со ова може да се извлече заклучок дека физичкото воспитание наспроти ставот на одредени теоретичари од шеесетите години на минатиот век дека тоа не е ниту предмет, ниту вештина, туку е само дел од воспитанието, доби свој пандан дека тоа е наставен предмет и вештина и дел од воспитанието. Во новата програма по физичко воспитание освен содржини за редовна настава, содржани се и други наставни форми: дополнителна настава, додатна настава и други форми кои не можат да се вбројат ниту во редовна настава, ниту во слободни ученички активности а тоа се: активен одмор и здрава разонода, излети, логорувања и слично.

5.5. Од сознанијата што ги добивме при разгледувањето на дилемите за ***значењето на физичкото воспитание во формирањето на личноста***, можат да се формулираат, исто така, некои заклучни согледувања:

- во педагошката теорија и во теоријата на физичкото воспитание воопшто не е спорно дека физичкото воспитание има големо значење и може да даде голем придонес во развојот на учениците, особено во помалата училишна возраст. Меѓутоа, помеѓу теоретичарите постојат различни гледања и дилеми во поглед на прашањето во колкава мера физичкото воспитание партиципира во севкупниот развој на личноста на ученикот;

- разликите во теоретските гледања по напред посоченото прашање можат да се издвојат во три насоки: гледања кои на физичкото воспитание му придаваат преголемо значење за развојот на учениците, гледања според кои физичкото воспитание негативно влијае во развојот на личноста, односно дека тоа ја дехуманизира личноста на ученикот и теоретски гледања според кои физичкото воспитание има само определено значење и може да даде посебен придонес во развојот на личноста, но при тоа незапоставувајќи го значењето и придонесот на интелектуалното, моралното, естетското и работното воспитание.

- Првите две гледања како што може да се заклучи од презентираните податоци, се мошне радикални и едностранн. Тие не се засниваат на определени научни аргументи, туку претставуваат субјективни мислења и ставови што се потпираат на идеолошките определби на односните теоретичари. Наспроти нив, третото гледање се потпира на веќе потврдени емпириски податоци и научно-теоретски факти. Неговата суштина се состои во ставот дека физичкото воспитание е само еден, но мошне значаен дел од општото воспитание. Така сфатено и теоретски третирано, тоа заедно со другите подрачја на воспитанието, придонесува во развојот на оние аспекти и страни на личноста за кои поседува педагошки потенцијали и дидактички можности;

- За теоријата на физичкото воспитание и за наставната практика, најбитно е сознанието дека правото значење на ова подрачје од воспитно-образовната дејност се состои во неговите реални потенцијални можности да придонесе во изградувањето на современа граѓанска личност која ќе ги поседува сите вредности карактеристични за граѓанското општество.

Од сето ова може да се заклучи дека постојат доволно аргументи во целост да ја потврдиме хипотезата дека ***"при современото дефинирање на целите и задачите на физичкото воспитание и при неговото најново концепирање и програмско иновирање постојат отворени проблеми и повеќе дилеми".*** Имено, од увидот во најновите концепциски и програмски решенија што се однесуваат на ова воспитно-образовно подрачје може да се заклучи дека иако некои од овие дилеми теориски се расчистени, сеуште во основните структурални елементи на програмите постојат некои разлики како во поглед на целта и задачите на физичкото воспитание, исто така и во однос на неговата програмска осмисленост и организациона поставеност.

6. Од проучувањето на ***современите интенции во физичкото воспитание*** и сознанијата до кои дојдовме можат да се издвојат неколку заклучни согледувања.

6.1. ***Од најновите формулации што се содржани во стручната литература во концепциските и во програмските документи на физичкото воспитание можат да се издвојат неколку групи на цели и задачи што претставуваат преосмислување и иновирање на ова воспитно-образовно подрачје во споредба со досегашната практика.***

Првата група иновативни задачи ја сочинуваат оние со кои се бара физичкото воспитание да придонесе во изградувањето на ***граѓанска личност*** физички способна, морално цврста и демократски

определена за активен живот и работа во граѓанското општество на XXI век.

Втората група задачи ја сочинуваат оние кои се однесуваат на физичкиот развој на личноста. Овие задачи беа застапени во поголем број и во класичните програми, меѓутоа со едностpана насоченост.

Во новоформулираните задачи се бара покомплексен психофизички развој на личноста на ученикот кој ги опфаќа елементите: добро здравје, полна физичка развиеност, богат и изострен дух на мислење, карактерно јака личност, личност што има длабока смисла за одговорност и самопотврдување и слично.

Третата група задачи, со која што наставата по физичко воспитание најмногу се оддалечува од класичниот модел на физичко воспитание ја сочинуваат оние задачи со кои се бара изградување на свест, ставови и навики за трајно користење на спортот и физичката рекреација како основен начин за одржување на здрав живот и физичка кондиција што ќе овозможи што подолг век на личноста.

Четвртата група задачи која што исто така во последно време постојано се проширува се оние воспитно-образовни барања што се однесуваат на воспитувањето на учениците како идни аниматори на спортот и на физичката култура во средината каде што ќе живеат и работат. Така, со овие задачи се бара низ наставата на физичкото воспитание уште од најмала возраст учениците критички да ги согледуваат условите потребни за определени физички активности, да предлагаат мерки за нивно подобрување, да откриваат причини за инертниот однос на оделни општествени средини за бавење со спорт и физичка рекреација и непосредно да влијаат за анимирање на одговорните луѓе од власта и пошироко на граѓаните за поголемо учество во спортскиот живот на месната заедница, општината и пошироките општествени заедници. Во оваа смисла од наставата по физичко воспитание покрај другото се бара учениците сами да осмислуваат помали проекти за изведување на рекреативни активности, да водат критички дискусии за рекреацијата и слободното време на граѓаните во нивната средина, да се искажуваат за тоа колку медиумите информираат за овие активности, да ги коментираат одредени законски и други решенија што се однесуваат за физичкото воспитание и слично. Според тоа, со оваа група задачи се бара индивидуата не само да води грижа за својот физички развој, туку и да стане активен чинител за физичкиот развој на другите луѓе во средината каде што живее и работи.

Петтата група задачи на современото физичко воспитание се поврзани со изградувањето на свест, однесување и соодветни вештини и навики за безбеден живот на личноста на ученикот. Со нив од физичкото воспитание се бара да придонесе во изградувањето на

физички јака личност која што ќе знае и умее да се заштити себе си, но и другите при евентуална физичка или друга опасност. Во оваа смисла со својата инвентивност особено се карактеристични неколку барања: изградување чувства и ставови поврзани со емоционалниот живот на учениците; воочување на тоа што значи семејна - безбедна средина; предочување на ситуации кога можат да бидат нападнати, изгубени, изнемоштени и изнаоѓање на решенија и соодветни поставувања при такви ситуации и слично.

Од сето ова може засновано да се заклучи дека современите концепции и програми на физичкото воспитание се одликуваат со значајно иновирање на целта и задачите на ова воспитно-образовно подрачје, односно во проширување на воспитните барања што произлегуваат од реалните потреби на личноста на ученикот во современиот век на живеење.

6.2. Во склад со мошне евидентното иновирање на целта и задачите на физичкото воспитание, во современите програми се видливи и ***интенциите и практичните решенија за суштинско иновирање на програмските содржини***. Во оваа смисла можат да се издвојат неколку покарактеристични иновирања.

- Најголема новина претставува решението со кое наместо изготвување на детализирана програма што треба да ја реализира наставникот, се оди кон изготвување на така наречено "***програмско јадро на содржини***", како рамка во која што наставникот има полна слобода за конкретизирање и детализирање на разновидни наставни содржини. Со тоа на наставникот му се овозможува наставата по физичко воспитание да ја прилагодува и програмски да ја насочува во склад со реалните потреби и можности на учениците.

- Втората новина се состои во изготвување на таков модел на рамковна програма во кој ***не се доминантни конкретните физички активности*** (гимнастика, атлетика, фудбал и слично), туку глобалните теми што се поврзани со реализација на определени елементи на целта и задачите на физичкото воспитание. Со ваков модел на програма се овозможува настава по физичко воспитание која што не се сведува на изведување на безброј физички активности и на нивното долготрајно увежбување, туку на тематски осмислена настава во која доминантно место има воспитното изградување на личноста за постојано бавење со разновидни физички активности.

Она што како конкретни барања не е можно да се види во вака тематизирани програми, овде е надополнето со посебен дел на така наречени "***образовни стандарди***", со кои што јасно и прецизно е кажано какви резултати и постигнувања учениците треба да остварат во рамките на одделни теми и подрачја содржани во програмата. На тој начин наставникот е обврзан со напред посочените стандарди, давајќи

му притоа на ученикот слобода сам да ја избере содржината на наставната работа.

- Трета посуштинска новина во содржинското обликување во современите програми по физичко воспитание се состои во ***редуцирање на оние содржини што значат повторување на слични физички активности, а зголемување на содржините што имаат поголеми воспитни вредности*** во поглед на интелектуалниот, моралниот, социјалниот, емоционалниот и естетскиот развој на личноста, како и за воспитувањето на свест и навики кај учениците за чување и одржување на здравјето и за водење на безбеден и активен живот.

- Четврта и не помалку значајна новина претставуваат практичните решенија што се однесуваат на давањето на широка лепеза на програмски ***можности за избор на содржини*** по физичко воспитание, според интересот и реалните потреби на учениците. На тој начин со новите програми се излегува во пресрет на сите категории ученици, односно физичкото воспитание се става во непосредна функција на нивниот индивидуален развој.

- ***Излегувањето од рамките на класичната настава***, не само теоретски туку и практично, е посебна новина со современото содржинско осмислување на ова воспитно-образовно подрачје. Денес во многу земји во светот наставата по физичко воспитание е само еден мал дел што се вика грижа за физичкиот и здравствениот развој на ученикот. Другиот, многу поголем дел на грижата за овој развој го имаат превземено училиштето во целина, родителите на учениците и поширокаta локална средина.

Оттаму може засновано да се заклучи дека потребата за посуштински промени во содржината на нашите програми за физичко воспитание се појавува како мошне евидентна и актуелна. Постојните програми за оваа настава со своите цели и задачи и со содржината што е поместена во нив далеку заостануваат од напред посочената практика.

6.3. Преку нашето теориско проучување дојдовме до приличен број сознанија за ***значењето и придонесот на физичкото воспитание во развојот на личноста***. Скоро да нема елемент од личноста на ученикот во кое што не партиципира физичкото воспитание. Тоа подеднакво е значајно како во развојот на образовната и воспитната страна, така и од функционален аспект од личноста на ученикот. Бројни педагози од класичната педагогија и современи експерти за физичкото воспитание, посебно го истакнуваат неговото значење во изградувањето на личноста на ученикот. Овде особено се нагласува моралниот и емоционалниот развој на учениците. Така, заклучивме дека преку физичкото воспитание посебно се негува другарството,

пријателството, заедништвото, взаемното помагање, моралното зреење на младата личност и слично.

- Во оваа смисла, дојдовме до сознанието дека преку физичките активности посебно се збогатува емоционалниот живот преку развивање на позитивни чувства и енергија што треба да ги користи секоја здрава личност, како што се: ведро расположение, самодоверба, животна радост, оптимизам и слично.

- Посебен придонес физичкото воспитание како што често се нагласува во странската литература има во развојот на карактерот на учениците, а особено во зацврстувањето на карактерните особини, како што се: иницијативност, упорност, совесност, храброст, чесност и слично.

- Не помалку се значајни елементите што го сочинуваат културното однесување на учениците кои што исто така се изградуваат и преку физичкото воспитание. Таков вид на однесување особено се: пристојност, скромност, позитивен однос кон материјалните и културните вредности и слично.

- Во поновите програми по физичко воспитание сé позастапени се барањата што се однесуваат на здравствените и безбедносните аспекти од развојот на личноста. Тоа произлегува од сé поголемиот техничко-технолошки развој на општеството и на опасностите со кои се соочува граѓанинот на тоа општество.

6.4. Имајќи ги во вид теориските сознанија за ***физичкото воспитание на децата со посебни потреби***, исто така, може да се воопштат неколку заклучоци:

- Иновирањето на педагошката теорија и наставната практика на физичкото воспитание што е наменето за деца со посебни потреби, во последниве десетина години се остварува со прилично брз интензитет. Оваа интенција е посебно карактеристична во образовните системи на развиените земји.

- Во последните неколку години е остварен забележителен напредок во унапредувањето на теоријата и практиката на физичкото воспитание на децата со посебни потреби особоно во САД, Англија, Австралија, Холандија и уште во неколку други земји на Западна Европа. Во педагошката литература ова подрачје се именува како адаптирано, односно прилагодено физичко воспитание и спорт. Сознанијата до кои е дојдено преку повеќе емпириски и теориски проучувања го потврдуваат фактот дека доколку физичкото воспитание се прилагоди на посебните потреби што ги има детето, за отстранување или ублажување на определен вид на недостатоци, може да одигра значајна корективна функција во физичкиот и психичкиот развој на овие лица. Посебен е придонесот на група експерти од САД кои што во посебен научен труд имаат извршено исцрпно и сеопфатно дефинирање на сите инвалидности од различен вид што се среќаваат во

практиката. Во стручната литература што се однесува на ова подрачје од физичкото воспитание се даваат мошне детални насоки и упатства со какви содржини и постапки треба да се остварува физичкото воспитание за овие ученици. Во теоријата посебен е видлив напредокот во изградувањето на мерни инструменти и критериуми за вреднување на резултатите што се постигнуваат во адаптираното физичко воспитание на децата со посебни потреби. Посебно иновативни се бројните организациони и методски техники што можат да се применат за овој вид на настава како што се: тимска селективна настава, настава за подучување, настава со надгледување од други субјекти, потоа независно учење и други специфични наставни модели. Постојат и други модели кои досега се покажани како успешни во наставната практика со деца и младинци со посебни потреби со кои се постигнува поголема делотворност и успех во работата. Овие модели се познати под името: "Настава заснована на постигање", "Настава заснована на податоци", "Настава за моторички развој", "Модел на програмирано инструирање" и други.

Суштината на сите овие модели се состои во нивната насоченост кон реалното движење на децата како факт на нивната физичка оспособеност врз која што се планира хуманистичката ориентација на физичкото воспитание.

- Опфатот и третманот на децата и на младите кои имаат потреба од прилагодено физичко воспитание, кај нас значајно заостанува од практиката и постигнувањата во многу други земји. Скромен прилог за подобрување на овие состојби претставуваат и сознанијата што се презентирани во овој научен труд.

Со тоа ја потврдивме и поставената хипотеза дека ***"при современото концепирање на физичкото воспитание во педагошката теорија, присутни се мошне различни сфаќања и интенции"***.

7. ***Врз основа на најред добиените сознанија за перспективите на наставните промени во физичкото воспитание, аргументирано можеме да дадеме неколку заклучни согледувања:***

- Во оваа анализа дадовме поширока експликација за перспективите на физичкото воспитание. Имено, зборувавме за технолошката, еколошката и културната перспектива на физичкото воспитание.

- Перспективите кои беа разгледувани секоја за себе имаат свои слаби и добри страни. Секоја има соодветно влијание врз процесот на промената на физичкото воспитание во училиштата.Токму сега со тоа станува јасно дека промената на физичкото воспитание во училиштата не е обичен механички процес што може да се спроведе од надворешни експерти, ниту пак може да се сведе само на промената на единствениот наставен план и програма. Беше согледано дека

работните услови на наставниците се значајни при ограничувањето или фаворизирањето на промената, но тоа менување на условите, исто така, не е доволно само по себе. Конечно, разгледувајќи ја промената како културен проблем ја нагласивме важноста на креативната работа на наставниците. Притоа заклучивме дека целта не е да се избере која е подобра перспектива, туку нешто повеќе да се научи од компетентни луѓе коишто се грижат за физичкото воспитание, за да може точно да се адресира промената на еден далеку посензитивен начин во иднина.

- Во поново време во современата теорија на физичкото воспитание постојат индиции кои говорат дека се присутни размислувања за нови форми на промени. Имено, разгледувајќи ги новите ***парадигми*** кои се однесуваат на општествено-политичките услови и на природата на презентирање на содржините во наставата, дојдовме до констатацијата дека со тоа, впрочем се настојува политичките иницијативи полесно да можат да ги лоцираат новините во наставата, а со тоа и полесно да ги расветлуваат алтернативите и одлуките од страна на наставниците по физичко воспитание. Имено, компетентни луѓе од политиката се оние кои што треба да ја запознаваат и вредуваат централната улога на наставникот во процесот на промената. Разгледувајќи ги овие прашања, дојдовме до сознанието дека во рамките на физичкото воспитание процесот на промената е многу бавен и тежок. Сето тоа бара постојаност и добри истражувачи на проблемите во врска со наставната промена кои ќе внесуваат нови идеи и нови погледи што ќе можат со побрзо темпо да се реализираат. Време е тоа да се проучи, добро да се согледа и да се реконструираат нови начини на размислување и пренесување на содржините. Може да се каже дека досега со реформските движења на тој план не е многу постигнато.

Сето ова што досега беше искажано, не упатува на еден ***општ заклучок*** со кој укажуваме дека наставниците се тие кои се иницијатори на промената на физичкото воспитание во училиштата и дека тие се оние субјекти кои одлучуваат да си ја менуваат практиката, односно дека тие се критичните медиатори за промена во акција.

- Во овој труд анализирајќи ги најновите сфаќања за иднината на физичкото воспитание, констатираме дека во времињата и општествата што се менуваат, време е за промени и во физичкото воспитание, односно дека треба да се соочиме со неговата иднина и нејзиното обликување. Притоа дојдовме до сознанието дека реализирањето на овој потенцијал нема да биде лесно и дека не може да се оствари преку ноќ. Имено, успешниот развој на наставната програма бара високо квалификувани наставници и сеопфатни структури за поддршка. Понатаму, истакнавме дека меѓу стручњаците постои изградена свест за ограничувачките услови во кои работат наставниците, како и за недостатокот од адекватни структури за

подршка и можности за професионален развој во овие области. Посебно се чувствува потреба од "партнерство" во разојот. Новите партнерства меѓу наставниците и учениците се најважни за развојот, но ако се земе во предвид и животот на учениците надвор од училиштето, тогаш учеството на родителите и други луѓе од локалната средина е многу важен фактор за успешноста на развојот.

- За крај, сметаме дека промени се неопходни доколку сакаме физичко воспитание вредно за XXI век. Како што нагласивме, нема само една иднина за физичкото воспитание, туку обврска на сите кои се занимаваат со теоријата и практиката на физичкото воспитание е да расправаат за иднините на овој предмет и да овозможат развој на наставната програма и нејзините принципи, односно да овозможат реализација на претходно споменатите визии.

Токму од овие заклучни согледувања се потврдува и поставената хипотеза дека ***"во визиите на поедини современи теоретичари во светот за иднината на физичкото воспитание се бараат суштински промени во концепциската поставеност на физичкото воспитание".***

Со обидот што е направен во смисла на тоа да се понудат некои визии што ќе значат иднина на физичкото воспитание и аргументите што беа изнесени во врска со тоа, се разбира дека во никој случај не значи дека е затворање на овој проблем, туку напротив тоа ќе поттикне нови критички размислувања, дискусии и дебати за природата и идната ориентација на ова воспитно подрачје.

8. Во погледот на ***местото и функцијата што ја има физичкото воспитание во воспитно образовната дејност на училиштето во некои земји на светот***, исто така, можеме да констатираме дека постојат мошне усогласени гледања и ставови. Тие можат да се воопштат со фактот дека неговата основна улога е позитивно да влијае врз растот и изградувањето на личноста, одржувањето и унапредувањето на развојот како и врз развојот и одржувањето на антропометриските, биомоторичките и функционалните способности на учениците. При ова посебно треба да се истакне теориското сознание дека на возраст помеѓу 5-та и 12-та година најмногу деца остваруваат голем напредок во развојот на физичката кондиција, развојот на мускулите и на манипулативните вештини. Имајќи го во вид ова научно сознание, постои полна заснованост во практиката која што во последниве години е сé поширока, наставниот предмет физичко воспитание да биде застапено со поголем број часови во одделенската настава.

- Од анализата што е извршена за овој проблем во поглавјето 8.2. на овој труд може да се види дека физичкото воспитание како наставен предмет во наставните планови и како воспитно-образовно подрачје во глобалната структура на дејноста на

училиштето завзема мошне значајно место. Како што се гледа од презентираните табели според процентуалната застапеност во општото образование на повеќето земји во светот, тоа се наоѓа веднаш по наставата по мајчин јазик и математика. Карактеристично е при тоа што овој предмет е застапен со прилично висок процент во однос на другите предмети во нашата земја. Меѓутоа, тоа не значи дека само преку застапеноста треба да се вреднува и неговиот придонес во реализирањето на наставните цели и задачи.

- Карактеристичен е и трендот на постојано зголемување на часовите за овој наставен предмет, особено во нижите одделенија на основното образование, што има и научна заснованост како што покажуваат сознанијата презентирани и во овој труд.

- Забележив е и трендот за поконзистентно програмско регулирање на физичкото воспитание како воспитно-образовно подрачје во дејноста на училиштето. Така, тоа се појавува како изборно подрачје, како слободни активности, како корективна настава, како училишни натпревари и други воспитно-образовни активности со кои се реализираат определени цели и задачи на ова подрачје. Така поставено, физичкото воспитание од класичен наставен предмет се повеќе се трансформира во интегрално-структурално подрачје на воспитно-образовната дејност на училиштето, а во повеќе развиени земји и како подрачје за чие остварување се одговорни и задолжени голем број на субјекти во и надвор од училиштето. Во овој труд се презентирани бројни примери на една мошне богата практика на содржини и активности преку кои што денес во светот се остварува современото физичкото воспитание од предучилишното до високото образование.

Според тоа засновано може да се заклучи дека во иднина се очекува уште позасилен тренд за развој и унапредување на физичкото воспитание како по однос на неговата застапеност, исто така и во поглед на разновидноста на содржините и облиците за неговото остварување.

- Разновидноста на организационите облици преку кои треба да се изведува физичкото воспитание е исто така заедничко теориско гледање по кое нема некои посуштински дилеми. Мошне е широка лепезата на организациони можности за реализирање на развојните програмски содржини од ова воспитно-образовно подрачје. Во теоријата се детално разработени бројни организациони облици како што се: редовна настава, дополнителна настава, додатна настава, изборна настава, факултативна настава, корективна настава, специјална настава, слободни активности, спортски натпревари, слетови, излети, олимписки игри, логорувања, маршеви и уште неколку други дидактички облици на физичко воспитание и спортување. Според тоа, во теоријата не постои дилема по прашањето дали остварувањето на физичкото воспитание треба да се сведе на ограничен број облици или

пак тоа треба да се практикува низ што поголем број организациони модели. Второто решение е единствено прифатливо.

- Неподелена е заложбата на најголемиот број теоретичари дека за физичкото воспитание на младите и на возрасните треба да се користат што повеќе организациони можности и облици. На тој начин најсоодветно ќе се одговори на многубројните и разновидните индивидуални потреби на учениците за физичко активирање.

- Понатаму, анализирајќи ја концепциската поставеност на физичкото воспитание во некои земји во светот, може да се заклучи дека ***современите концепции на физичкото воспитание на земјите од развиениот свет содржат бројни и суштински новини што треба да се имаат во вид при натамошното усовршување на нашите концепции и програмски документи од областа на образованието и посебно на физичкото воспитание***. Тие се однесуваат главно на: местото и улогата на физичкото воспитание во воспитно-образовната дејност во училиштето, неговата застапеност како наставен предмет во наставните планови, целта и задачите на наставата и на другите воспитно-образовни активности од ова подрачје, содржината и дидактичкиот модел на програмите, критериумите и стандардите за вреднување на резултатите што се постигнуваат, како и во поглед на технологијата на наставната работа при реализирањето на наставните програми.

- Карактеристичен е фактот што најдлабоки и најсуштински промени во напред посочената смисла денес се вршат во најразвиените земји на светот, односно во земјите каде што и досега физичкото воспитание се одликува со една посовремена теорија и практика. Тоа укажува на фактот дека со развојот на општеството во сите негови домени, расте и местото и значењето на физичкото воспитание, како на младите, исто така и на возрасните. Затоа мошне индикативен е податокот што денес најгласни и најупорни се барањата за реформски промени во физичкото воспитание во САД, Јапонија, Англија, Австралија, Холандија и во другите развиени земји, односно во земјите кои што на олимпијадите постигнуваат врвни резултати. Тоа упатува на заклучокот дека тие, колку што се заинтересирани за врвниот спорт, исто толку дури и повеќе се заинтересирани за физичкиот развој и за здравјето на секој граѓанин на тоа развиено и индустриско општество.

Нашето теориско проучување ја потврдува поставената хипотеза со која што хипотетички тврдиме дека: ***"Концепцијата на физичкото воспитание на земјите во развиениот свет се одликува со многубројни иновативни елементи во споредба со неговата поставеност во нашата земја"***. Податоците што се прибрани преку нашето истражување засновано упатуваат на ***заклучокот*** дека постојат значајни и суштински разлики помеѓу нашиот концепт и современите концепциски решенија за физичкото воспитание гледано од сите

напред посочени аспекти. Имено се покажа дека нашата наставна практика по физичко воспитание се уште е застарена, класична скоро во сите дидактички елементи што ја чинат нејзината целина.

Теоретските аспекти коишто како современи сознанија за физичкото воспитание веќе се широко прифатени и применети во образованието на повеќе земји во светот, кај нас сеуште споро продираат. Еда од основните причини за тоа е недостапноста на современата педагошка литература до нашите наставни и научни кадри коишто работат во ова научно и стручно подрачје и недоволниот непосреден увид на нашите наставници во наставната практика по физичко воспитание во другите земји. Меѓутоа, со воведувањето во нашето образование на неколку нови дидактички модели за организирање и изведување на воспитно - образовната работа ("Чекор по чекор", "Активна настава - интерактивно учење", "ФАРЕ програмата" и други) со позабрзано темпо навлегуваат и новините во современото физичко воспитание коишто одамна се реална практика во земјите на развениот свет.

9. *Разгледувајќи ја развојната концепција на физичкото воспитание во нашата земја во овој труд, засновано можат да се формулираат неколку основни констатации и општи согледувања.*

- Физичкото воспитание како воспитно-образовно подрачје и наставен предмет во образованието на нашата земја, има мошне долга, повеќе деценискa традиција. Како што се гледа од овој труд, тоа е застапено уште во училиштата што работеле во Македонија за време на петвековното турско владеење. Меѓутоа, сé до конечното ослободување на Македонија од туѓите владеења, односно до нејзиното АВНОЈ-ско и АСНОМ-ско промовирање како слободна и независна федерална единица на Нова Југославнија, физичкото воспитание како и целокупното образование на овие простори, е концепирано, програмирано и организирано од туѓи желби и идеолошко-политички влијанија.

- Како почеток на едно потемелно, посистематско и посеопфатно концепциско и програмско осмислување на физичкото воспитание во нашиот образовен систем, може да се смета донесувањето на првите планови и програми за ова дидактичко подрачје од воспитно-образовната дејност во 1948 година, а особено 1952 година кога физичкото воспитание се застапува во сите години од основното и од средното образование.

- Овој проблем го разгледавме во рамките на предучилишното, основното и средното образование.

- Петдеценискиот период од изведувањето на физичкото воспитание, во воспитно-образовна дејност на ***предучилиштите установи*** и училиштата во Република Македонија е карактеристичен со мошне чести промени и иновирања на концепциските решенија, на

наставните планови и програми и на наставната практика. Како што се гледа од поглавјето 9, до 1997 година се извршени пет усовршувања и дополнувања на програмските документи на предучилишните установи во подрачјето на физичкото воспитание. Преку промените што се извршени во предучилишното воспитание, констатиравме дека концепцијата на физичкото воспитание поминува еден развоен период со многу противречности, почнувајќи од самиот почеток кога се потенцира социјалната функција на предучилишното воспитание преку вториот период кога со формалното интегрирање во системот на воспитание и образование, се менува третманот и поставеноста на физичкото воспитание. Во наредните периоди, физичкото воспитание добива поголемо значење преку издиференцираноста на задачите кои треба да се реализираат преку соодветни организациони облици.

- Развојот на концепцијата на физичкото воспитание во ***основното образование*** го проследивме преку 8 промени кои се извршени од 1948 година па до денес. Анализата во развојот на физичкото воспитани во основното образование ни покажува дека во самиот почеток па сé до денес мошне се евидентни и видливи сите иновирања во целта, задачите и во содржините што се внесувани при изготвувањето и донесувањето на секоја нова или дополнета програма. При тоа, две интенции се посебно примарни. Едната се гледа во настојувањето наставата по физичко воспитание што повеќе да се оддалечи од оној класичен, многу застарен и до исцрпување застапен дрил и на безконечно физичко вежбање до совршенство на определени движења, а другата интенција се потврдува во постојаното доближување на оваа настава до оној теориски концепт кој во физичкото воспитание гледа како начин и средство за развој на сите аспекти од личноста на ученикот, односно, на идниот граѓанин. Во оваа смисла, неспорни се досегашните постигања како во поглед на усовршувањето и во осовременувањето на наставните планови и програми по овој наставен предмет, исто така и во усовршувањето на методиката на наставната работа.

- Развојот на концепцијата на физичкото воспитание во средното воспитание го проследивме низ 6 промени кои се извршени од нејзиното појавување па до денес. Во почетокот манифестирани се слабости во концепциската поставеност на физичкото воспитание изразени преку неговиот неадекватен третман во сите средни стручни училишта и во гимназиите. Меѓутоа, со тек на времето во пет деценискиот развој следат бројни новирања на концепциските решенија, на наставните планови и програми, во организационата поставеност и во практичната реализација на физичкото воспитание во средното образование. Тоа го потврдува фактот дека кај теоретичарите и практичарите од ова воспитно образовно подрачје постојано била присутна желбата и тенденцијата за осовременување на наставата,

односно за одење во чекор со промените и новите потреби на општеството и на субјектите во него.

- Како резултат на мошне плодната научно-истражувачка практика и на развојот на теоријата на физичкото воспитание во земјите на развиениот свет, видлив е и напредокот во иновирањето на концепциската поставеност, програмската осмисленост и дидактичко-методската организираност на наставата по физичко воспитание во училиштата за основно и средно образование. Во повеќе поглавја на овој труд, како на пример во шестото, седмото и осмото, доста експлицитно се прикажани повеќе иновативни решенија коишто сеуште не се содржани во нашите концепциски и програмски документи што се однесуваат на физичкото воспитание.

- Суштински најзначајно е согледувањето, за кое има доволен број факти, дека неодложна е потребата за темелни промени, усовршувања и осоврменувања на нашиот концепт, на плановите и програмите за физичко воспитание и нивно натамошно доближување до решенијата коишто одамна се применуваат во современиот свет. Како што може да се види од податоците изложени во овој труд, потребата за промени е неодложна односно, ургентно потребна како во доменот на повеќето концепциски прашања за третманот, местото и улогата на ова воспитано-образовно подрачје, така и во поглед на натамошно ревидирање и усовршување на плановите, програмите и дидактичко-методската технологија што ја поседуваат наставниците по овој наставен предмет.

Од напред посочените заклучни сознанија, како и од сознанијата што се однесуваат за иновирањето на физичкото воспитание во современиот свет, можат да се посочат повеќе факти со кои ***се потврдува нашата хипотеза дека во текот на досегашниот развој во теоријата и практиката на физичкото воспитание во Република Македонија се внесувани определени промени и иновации, но сите тие немаат некој посушински реформски карактер***. Во споредба со мошне длабоките реформски промени што веќе се извршени и сеуште се остваруваат во физичкото воспитание во земјите од развиениот свет, промените што кај нас се извршени можат да се наречат извесно "шминкање", односно помало или поголемо дополнување или преформулирање на определени цели и задачи, како и изоставање, вградување или проширување на определени програмски содржини. Сето ова ниту од далеку не значи реформска промена на постојниот концепт и на програмските решенија на физичкото воспитание во нашата земја што би биле компатибилни со оние што ги презентиравме од земјите на развиениот свет.

10. Следен проблем што го анализиравме во овој труд претставуваше реализацијата на концепцијата на физичкото воспитание во практиката. Ова мошне значајно прашање го разгледавме во рамките на оделните степени од нашиот систем на воспитание и образозание: предучилишното, основното, средното и високото образование.

- Анализирајќи каде и како се остварува физичкото воспитание уште на почетокот мора да се констатира дека во нашиот воспитно-образовен систем сеуште не е доволно изграден еден целосно заокружен, теориски заснован концепт на физичко воспитание.

- Овој недостаток на постојната концепција на физичкото воспитание во нашиот воспитно-образовен систем е последица на сличната ситуација во севкупната физичка култура на која исто така и недостига самостојна научно-техничка фундираност.

- Со оглед на тоа дека недостасува целосно осмислена концепција за севкупното подрачје на физичкото воспитание како специфична училишна воспитно-образовна активност, проблемот се отежнува и при концепциското осмислување на физичкото воспитание за одделните степени на нашиот воспитно-образовен систем.

Овде, пред сé мораме да констатираме дека во предучилишното воспитание и образование располагаме само со неколку добри - sit venia verbo - оперативни содржини по физичко воспитание и дека недостасува изработена теориски вистински истражувачки и интердисциплинарно обликувана концепција на физичкото воспитание. За практичарите во таа сфера постои само одреден помалку или повеќе успешен "vademecum", без да постои подлабоко и пошироко теориски разработен концепт.

Констатиравме, исто така, дека слична е состојбата и со концептот што се однесува на физичкото воспитание во основните училишта. Од теоријата е познато дека за детето во основното училиште е потребен посебен педагошки приод при изведувањето на наставата по физичкото воспитание. Според тоа, на овој степен од образованието е потребна теориски поцелосно заснована концепција. Притоа, треба да се имаат во вид и специфичностите карактеристични за одделенската и предметната настава.

- Скоро ништо не е подобро и во поглед на теоријата на физичкото воспитание на степенот на средните училишта. Факт е дека постои само пообемна наставна програма за физичко воспитание која не произлегува од биопсихосоцијалните потреби на учениците, туку само од професионалните амбиции на неговите автори. Такви и слични слабости во програмирањето и во практичната педагошка работа се појавуваат само кај она физичко воспитание и на тој негов степен за кој нема оформени основни теориски упатства, рамки, поставки и сознанија.

Во потполно слична состојба се наоѓа и физичкото воспитание во високото образование. И таму не е доволно издиференцирана и програмски осмислена теориска концепција што ќе соодветствува за ова ниво на образование.

• Анализирајќи ги настојувањата за формирање на теориски основи на физичкото воспитание, сепак можеме да констатираме дека тие досега се повеќе монодисциплинирано, отколку вистински интердисциплинарно градени.

Тоа значи, теориските настојувања на нашето физичко воспитание се базираат или само на биолошко-здравствени законитости (при што тие обиди се приближуваат до некоја здравствена педагогија) или само на биомеханичките законитости, при што овие теориски обиди повеќе се поврзуваат за обуката на телесното вежбање. Има и случаи кога теориските настојувања од тој вид се ограничуваат само на педагошки, односно дидактичко-методски законитости. Исто така, во нашата теорија на физичко воспитание, иако многу поретко можеме да најдеме и психологизам и социологизам.

Сите наведени монодисциплинарни приоди во формирањето на теориските поставки на физичкото воспитание заклучивме дека секоја од нив има своја стручна и научна вредност. Единствено неприфатлива е нивната апсолутизација, која не може да се избегне и кај мултидисциплинарното концепирање на теориските основи на физичкото воспитание. Токму, поради тоа, нашите фундаментални теориски поставки на училишното физичко воспитание претставуваат само одредени или парцијални делови, а не некоја интегрална теориска целина, која произлегува од интердисциплинарниот приод при формирањето на теориските основи на физичкото воспитание.

• Оттука, современите најшироки научни, пред сé антрополошки сознанија, се онаа основа која недостасува во сите наши обиди да се концепираат теориските основи на физичкото воспитание.

Од тоа произлегува и констатацијата во нашата анализа дека детето сé уште не е појдовна точка на нашето физичко воспитание, ниту во теоријата, ниту во практиката. Појдовна точка е или императивноста на здравјето или биомеханичката императивност на нервномускулниот апарат; или пак само дидактичко-методските димензии чиј носител и реализатор е наставникот. Се разбира, оттука и произлезе констатацијата дека таквото физичко воспитание, не може да биде интересно и привлечно за учениците.

Значи, нашето физичко воспитание на ниту едно ниво на воспитно-образовниот систем не произлегува од есенцијалните и егзистенцијалните развојни потреби, желби, мотиви на децата и младите луѓе, не произлегува од нивното лично и општествено битие, туку само од некои парцијални сознанија за детската природа. Но, често и едноставно само од сето она што наставникот по физичко воспитание

го знае, во што неговата работа има свој традиционален физичко-воспитен фундамент.

Од ова може засновано да се заклучи дека на училишното физичко воспитание му недостасува цврста и широко инклузивна антрополошко теориска и хуманистичка оперативна основа.

• Во овој труд, анализирајќи ги целите и задачите на физичкото воспитание дојдовме до сознание дека на ниту едно негово развојно ниво се недоволно адекватно формулирани и поставени.

Овде најпрво мораме да констатираме дека сé уште не е расчистена релацијата помеѓу категоријата "цел" на физичкото воспитание и неговите "задачи". Исто така, немаме конкретно издиференцирани цели и задачи на физичкото воспитание за одредени нивоа во училишниот систем (цели и задачи на предучилишното, основното, средното и универзитетското физичко воспитание).

Постојат доволно примери, што ги наведовме во овој труд, кои покажуваат дека и во поглед на прашањето на целите и задачите на училишното физичко воспитание сé уште не сме стигнале до потребните и навистина современи и напредно конципирани ставови. И разни формулации на целите и задачите, имено, ни откриваат поголема или помала биологистичка или биомеханистичка ориентација. Последицата од таа монодисциплинарна концептуализација на целите и задачите од училишното физичко воспитание се состои во тоа што основен акцент е ставен на здравственото, односно анатомско или биофизиолошко функционално барање, на кое е "срамежливо" додадена и некаква општествена или "морално-волна" формирачка императивност.

Таква, најчесто само утилитарна мотивација на физичкото воспитание денес секако не е повеќе доволна, бидејќи не го предвидува детето, младиот човек како биопсихосоцијална целина, односно, не се обраќа кон тоталитетот на детската личност која се развива. Несомнено е дека таа бара пошироко поставени ***антрополошки***, односно хуманистички цели на физичкото воспитание, отколку што ги поставуваат денес многу наши теоретичари во нашето училишно физичко воспитание.

• Правејќи анализа на ***наставните планови и програми*** на нашето училишно физичко воспитание јасно укажавме на нивната неадекватност, на недосатоците и педагошките противречности што се јавуваат во тие наши документи. Тие доволно јасно ја потврдуваат нашата теза дека сé до денес не сме изградиле адекватни теориски основи за физичкото воспитание на сите степени од образованието на младите генерации. Анализата на наставните планови и програми, за одредени степени на образование, недвосмислено ни открива и потврдува дека појдовните точки на физичкото воспитание сé уште се некои ограничени "теориски" телесно-воспитни поставки или некои

ограничени, веќе доста совладани "научни сознанија". Во двата случаи станува збор за запоставување на детето, младиот човек, и неговите вистински развојни потреби, за негирањето и непочитувањето на тоталитетот на детската личност, за потценувањето и негирањето на широките современи антрополошки барања и ставови.

• Понатаму можеме да забележиме дека дидактичко-методскиот формализам ја создава во физичкото воспитание истата негативност која може да се забележи и во останатите училишни воспитно-образовни подрачја. Таа ни се појавува во познатиот ***интелектуализам*** и ***морално неутралниот позитивизам***.

Злото на интелектуализмот и морално-неутралниот позитивизам произлегува од сé уште нерасчистеното прашање што е воопшто физичкото воспитание во контекстот на останатите формирани подрачја во рамките на училишниот систем.

Тоа нерешено прашање е постојано и сé поприсутно. Со желба да му создадат на физичкото воспитание соодветен углед во училиштето и да му обезбедат "подеднаква важност" со другите училишни предмети, некои теоретичари го прогласуваат физичкото воспитание како ист и подеднакво важен училишен предмет со сите останати класични предмети од интелектуалното воспитание.

Последиците од таа врска, која сé уште се појавува, со една или друга аргументација, денес се доволно видливи. Физичкото воспитание се претопува во интелектуализмот како и сите други класични училишни предмети, иако тоа според својата воспитно-образовна природа би имало најмалку "право" на тоа.

Претставниците на морално-неутралниот позитивизам најчесто се губат во самозадоволството што часовите од својата педагошка работа ги остваруваат со што помалку сопствен напор и со што помал напор на децата. Во нивната работа владее обично романтично-рекреативно сфаќање за училишното физичко воспитание.

Овие две педагошки ориентации на физичкото воспитание имаат секоја за себе повеќе варијанти кои сите заедно претставуваат доста жалосна слика на нашето физичкото воспитание во практиката.

Сето тоа не е само последица на нерешеното прашање дали е физичкото воспитание училишен предмет или воспитно-образовно подрачје, односно дали е основно во него учењето или слободната движечка експресија на децата, туку е и последица на нерешеното прашање на односот помеѓу образованието и воспитанието на физичкото воспитание во нашиот воспитно-образовен систем.

Таа релација е толку нерасчистена заради тоа што сé уште не се знае каква е природата, односно функцијата на телесното вежбање во однос на физичкото воспитание.

• Во теориската разработка на нашата анализа дојдовме исто така до констатацијата дека постои сéуште ***недоволно адекватно стручно и педагошко оспособување*** на наставниот кадар по физичко воспитание.

Не е непознато дека во тој поглед на нашиот факултет за физичка култура сéуште нема изградени концепции за одредени нивоа на училишниот систем, ниту постои разработен педагошки профил за одредено образовно подрачје, односно ниво на физичко воспитание. Тука сé уште се стои на ниво на она што значи стереотип кој треба што побрзо да се надмине.

• Во нашата анализа без сомневање сметваме дека има потреба да укажеме и на погрешно решаваното прашање на ***оценувањето*** во нашето училишно физичко воспитание.

Интересно е што голем број стручњаци се спротивставуваат на оправданите и доволно аргументирани сугестии, да се измени оценувањето на училишното физичко воспитание во оваа класична интелектуалистичка и нумеричка форма како што е сега, да се напушти, да се замени со друга, педагошки адекватна форма. За многу "стручњаци" тоа би значело пропаст на севкупното училишно физичко воспитание, бидејќи наводно со тоа тој предмет во очите на децата, родителите и наставниците не би имал никаква вистинска вредност и авторитет.

Од друга страна, спротивно на претходното мислење, некои наставници го застапуваат гледиштето дека целта на физичкото воспитание не треба да се сведе само на бројчано оценување бидејќи таквиот модел на класично оценување им дозволува на наставниците и понатаму да останат во интелектуализмот и позитивизмот или да се предадат на романтизмот на училишната физичко-воспитна рекреација.

• Како недостаток, истакнавме дека во физичкото воспитание во нашите училишта е тоа што досега не е формирана цврсто поставена ***служба за систематско следење*** на психофизичкиот развој на детето. Во тој поглед сé уште владее стихијност и нестручност. Поради тоа физичкото воспитание запаѓа во поголемо или помало импровизирање, ја губи и стручната и уште повеќе педагошката заснованост.

• Друг недостаток е тоа што во нашето физичко воспитание не се реализира ***индивидуализацијата***, заради што целата наша работа со децата и младите е насочена само на средно способната или на развојно-стандардна млада популација. Со тоа, секако ги губиме децата и младите што се над или под средната популација.

• Исто така, е голем пропуст во досегашната училишна практика што воопшто или многу малку настојуваме преку училишното физичко воспитание да проникнеме во свеста и интересите на ***децата, кои имаат намалени психофизички способности*** и заради

тоа помал интерес за физичко воспитание. Тие деца и млади луѓе обично со лекарска потврда се ослободуваат од физичко воспитание. Зголемувањето на таа појава е толку карактеристична што таа сама за себе доволно зборува каде стоиме со нашето физичко воспитание, а и со неговата секојдневна педагошка практика.

Анализирајќи ја практичната реализација на концепцијата на физичкото воспитание во нашиот воспитно-образовен систем, ***дека наставната практика е оптоварена со мошне широка лепеза на проблеми и тешкотии што се лоцирани како во неговото концептуско и програмско осмислување исто така и во методиката и изведувањето на оваа настава***. Од презентираните сознанија се гледа дека актуелните проблеми и тешкотии со кои се соочува практиката на физичкото воспитание на сите степени на нашето образование се од разновиден карактер. Најголемо влијание во оваа смисла имаат недостатоците што се однесуваат на нецелосно изградениот концепт, воопштената дефинираност на целите и задачите на физичкото воспитание, на сéуште класичните програмски содржини и на недоволната стручна, а особено недоволна педагошко-психолошка и дидактичко-методска подготвеност на наставниот кадар. Потврдувањето на оваа хипотеза укажува на потребата за превземање на бројни мерки и активности за надминување на состојбите во напред посочените подрачја.

11. Врз основа на анализата што е извршена на новите воспитно-образовни модели (проекти) кои што во последните години се остваруваат во нашето образование (***Чекор по чекор, Интерактивна настава и ФАРЕ програмата***) засновано можат да се воопштат неколку заклучни сознанија:

- Од целта на програмата се гледа дека за децата од сите возрасти кои се опфатени во воспитно-образовната работа според иновативниот модел "Чекор по чекор" на физичкото воспитание му се посветува потребното внимание. Тоа се третира како интегрален дел на воспитанието и на развојот на децата од предучилишна возраст и на учениците од одделенската настава.

- Програмата "Чекор по чекор" ги има следните карактеристики: стимулативна средина за учење опремена со разновидна опрема и реквизити; постојана обука за перманентно усовршување на наставниот кадар; градење на партнерски однос меѓу детето и учителот, меѓу училиштето и родителите, училиштето и локалната средина; демократски принципи во работата; детето - активен субјект во воспитното подрачје и наставата; постојана проценка и следење во напредувањето на децата во нивниот целокупен развој; индивидуализација, што значи почитување на потребите на детето, неговите интереси, знаења и способности; тематско планирање

- тимска работа и интегрирано учење; изменета улога на воспитувачот и наставникот и интензивирање на соработката со родителите преку воведување на нови форми на комуникација со најнепосредно нивно учество во реализација на програмата по физичко воспитание.

- Реализацијата на проектот "Активна настава - интерактивно учење" кој во основното училиште започна во 1996 година ќе даде уште поголем практичен придонес за натамошно унапредување на наставата по физичко воспитание во духот на потврдените дидактички квалитети на активна настава. Според тоа, овој нов дидактички концепт на "настава во чиј центар се личноста на ученикот и процесите на учење", наполно одговара на дидактичките потреби на наставата по физичко воспитание. Во овој дидактички модел на настава во прв ред се става следното: на функционалните наместо на фактографските знаења, на сеопфатен наместо на нагласен когнитивен развој, на содржините што имаат посебно значење за актуелниот живот, на стварање програмски можности за личен избор на содржините од страна на учениците, на потесна поврзаност и меѓупредметна корелација, на демократско водење на наставниот процес на стимулативното проверување и оценување и уште на неколку други дидактички вредности што се карактеристични за современото изведување на наставата. Прифаќајќи ја активната настава како основен дидактички модел за изведување на наставата по физичко воспитание, реално е да се очекува повисок квалитет на наставниот процес, стекнување на поквалитетни и потрајни знаења и физички способности, како и оптимален развој на индивидуалните особености на учениците, гледано од сите аспекти на воспитувањето на младата личност.

- Од презентираните покарактеристични иновативни елементи, може да се констатира дека ФАРЕ програмата, со општите начела, концепциска поставеност и програмска осмисленост има приличен број сличности со моделот "Активна настава - интерактивно учење".

Разликата се состои во тоа што ФАРЕ програмата е целосно разработен концепт за реформирање на гимназиското и на средното стручно образование, односно со неа се нуди едно наполно нов систем на средно образование како во поглед на неговата цел и задачи, исто така, и во однос на неговата содржина, организациона поставеност и практично остварување.

Од нашите теориски проучувања за современите интенции во развојот на физичкото воспитание евидентно се гледа дека дидактичкиот модел на ФАРЕ програмата може во многу да послужи при реформирањето на физичкото воспитание во сите степени од образовниот систем на нашата држава.

Токму во претходното тврдење се состои и заснованоста на хипотезата ***во врска со степеноѓ на иновативноста на образовните модели коишто како аплицативни истражувања се реализираат во предучилишноѓо, основноѓо и средноѓо образование на нашаѓа држава***. Од дидактичките анализи на целите и задачите, појдовните основи, програмските содржини и насоките што се дадени за организирање и изведување на воспитно-образовната работа според овие модели, можат да се идентификуваат повеќе мошне иновативни дидактички елементи коишто за прв пат се воведуваат во нашата образовна практика. Тука, во прв ред треба да се посочат новините како што се: насоченост на целта и задачите на физичкото воспитание кон сите страни од развојот на личноста на ученикот; дидактичка прилагоденост на програмата на образовните потреби, интереси и можности на ученикот; ставање на ученикот во многу поактивна улога во целиот процес на учењето; напуштање на предметно-часовниот систем на настава; отворање на широки дидактички можности на ученикот за избор на содржини и активности кои што одговараат на неговите потенцијални способности и можности; ставање на физичкото воспитание во функција на специјалните потреби за развој на одделни ученици; перманентно следење и вреднување на резултатите што се постигнуваат во физичкиот развој.

*

Во теориското проучување што е презентирано во овој научен труд е потврдена основната хипотеза ***дека постои голем расчекор помеѓу теориските гледања на физичкото воспитание карактеристични за класичната педагогија и на оние гледања што се среќаваат во современаѓа педагошка, психолошка и социолошка литераѓура.***

Како што широко е експлицирано во овој труд, многу одамна, а особено во последниве десетина години научно-истражувачката работа во подрачјето на физичкото воспитание на децата и младите има прилично голем интензитет. Во консултираната литература при изготвувањето на овој труд постојат податоци за извршени бројни теориски и емпириски истражувања во САД, Англија, Австралија, Холандија, Германија и во други западни земји поврзани со разновидни прашања и проблеми од областа на физичкото воспитание. Општа карактеристика на сите сознанија до кои е дојдено со напред посочените истражувања се состои во утврдување на фактот и потребата за преиспитување и ревидирање на класичната теорија и практика што се однесува за целите, задачите, содржината и реализацијата на физичкото воспитание во сите степени на образовниот систем.

Како резултат на овие современи истражувања, во многу земји на Западна Европа, Австралија и САД, физичкото воспитание во образовните установи се концепира, програмира и изведува врз основа на теориските гледања и основи што се содржани во современата педагошко-психолошка литература.

Во одредени делови на овој труд се широко и детално презентирани најновите теоретски гледања за педагошката функција на физичкото воспитание на современиот степен од развојот на општеството. Затоа, во завршниот дел на овој труд, во една синтетизирана форма се посочуваат само оние гледања и интенции од кои може да се види суштината на она новото, современото и коишто претставуваат теориска основа за веќе извршената реформа на физичкото воспитание во повеќе развиени земји во светот, а мошне веројатно и за претстојната реформа на образованието во нашата држава.

Во современата педагошка теорија за физичкото воспитание главно се бара:

- **да се напушти едностраното дефинирање на целта и задачите на физичкото воспитание и преголемото преферирање на физичкиот развој на учениците како доминантна задача. Наместо класичната и веќе застарената програмска ориентација, во новите цели и задачи да се вгради поливалентната функција на наставата и на другите дидактички облици на физичкото воспитание, со порамномерно нагласување на придонесот што го има оваа дејност во физичкиот, когнитивниот, социјалниот, моралниот и емоционалниот развој на учениците;**
- **да се изготви сосема нов концепт за застапеноста и реализацијата на физичкото воспитание во предучилишното, основното, средното и високото образование, со поставување на ова воспитно-образовно подрачје на многу поширока програмска основа во споредба со досегашната;**
- **да се создадат програмски и организациони можности за задоволување на разновидните желби, интереси и реални потреби на учениците за бавење со спорт и со спортски активности;**
- **да се напушти класичниот предметно-часовен систем на наастава, а да се воведат многу пофлексибилни дидактички облици на учење и физичко ангажирање низ кои многу повеќе кај учениците ќе дојде до израз: самостојноста, индивидуалниот интерес, иницијативноста, кооперативноста, љубопитноста, аспирациите за успех и лично докажување и многу други воспитни вредносни карактеристични за граѓанската личност;**
- **активноста на наставникот по физичко воспитание да се сведе на аниматорско-насочувачка улога, на субјект кој стручно ќе ги следи и вреднува резултатите што се постигнуваат во процесот на физичкото воспитание и ќе изнаоѓа програмски и дидактички решенија за надминување на одделни специфични проблеми и тешкотии во воспитно-образовната работа;**
- **одговорноста и обврските за физичкото воспитание на учениците да не се оставата само на предметниот наставник, туку да се прошират на сите субјекти во училиштето, како и на поширокаата општествена односно локална средина.**

ПРЕДЛОЗИ ЗА УСОВРШУВАЊЕ И РЕФОРМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

Стоиме пред тешка и одговорна задача да формираме нова и адекватна концепција на физичко воспитание и затоа сметаме дека е неопходно да дадеме некои основни сугестии и предлози од кои неколку имплицитно ги нагласивме во досегашната анализа.

1. Презентираните констатации и заклучни согледувања во нашата анализа за современите светски и наши трендови во развојот на физичкото воспитание упатуваат на потреба за едно ***продлабочено преиспитување на постојниот концепт на нашето физичко воспитание*** и во тие рамки на сите практични решенија што се однесуваат на неговата нормативна регулираност, програмска и организациона поставеност и дидактичка осмисленост на наставната работа. Токму поради тоа ургентна е потребата за пристапување кон потемелни реформски промени во нашето физичко воспитание.

Во тој контекст прва и основна задача што треба да се направи е да се создаде современа концепција на физичкото воспитание со нова организација и нови програмски содржини. Притоа треба да се имаат предвид концепциите од повеќе развиени земји кои се со поголемо искуство во планирањето, а воедно респектирајќи ги и меѓународните програми и соодветните асоцијации за физичко воспитание.

2. Самостојната концепција на физичкото воспитание треба да послужи како основа во понатамошното создавање на ***диференцирани концепции на физичкото воспитание*** на сите нивоа во воспитно-образовниот систем. Концепциите на одредените образовни нивоа мораат да бидат меѓусебно логично поврзани според современите педагошко-психолошки и дидактичко-методски барања. Врз основа на таква, јасно расчленета, суштински и оперативно дефинирана севкупна структура на физичкото воспитание, би знаеле што на одредено образовно ниво сакаме односно мораме да постигнеме и колку нашата работа би била посмислена и поуспешна.

3. Секоја одделна концепција на физичко воспитание потребно е понатаму да се дополнува со соодветна теориска и практична педагошка содржина. Притоа треба на секое образовно ниво, пред сé, да се дефинираат ***целите*** кон кои мора да се тежнее во работата на физичкото воспитание. Треба да се прекине со досегашната стихија во поглед на целите на физичкото воспитание, како и со тоа, за сите образовни нивоа да има поставено само една единствена и доста хаотична листа на негови цели. Тие цели треба да бидат поставени така што ќе ги задоволат потребите и интересите на

децата и младите и ќе допринесат за нивниот развој во целина. За да се постигне тоа потребно е да се употреби инклузивен научен пристап, за да може физичкото воспитание да се подигне на ниво на развојно значајна егзистенцијална вредност. Значи, неопходно е физичкото воспитание да се постави многу пошироко и поквалитетно отколку што беше досега, односно да се престане да му се наметнуваат само ограничени здравствени, работни, одбрамбено способни и други утилитаристички цели, а да се запоставуваат или занемаруваат такви цели кои можат да имаат некоја поголема мотивациона динамика и вредност за децата и младите денес. Решавањето на ова прашање, се разбира, дека бара научна заснованост, а особено како појдовна основа треба да се користат сознанијата на современите антрополошки науки. Меѓутоа, не треба да стане збор само за цели на физичкото воспитание кои потекнуваат од физичката односно неуромускулатурната природа на детето, туку за такви кои извираат од неговото есенцијално и егзистенцијално битие. Имено, само од тој темел произлезени и формулирани цели на физичкото воспитание можат да претставуваат научно и развојно автентична аксиоматика на теориската мисла и негов оперативен патоказ од предучилишните установи, па до Универзитетот.

4. При дефинирањето на целите и задачите на физичкото воспитание за секое образовно ниво неопходно е да се формулираат конкретни воспитно-образовни барања што ќе бидат во функција на психофизичкиот развиток на децата и младите. Со задачите треба да се операционализираат воспитно-образовните цели. Во оваа смисла предлог иновативни цели и задачи се даваат на крајот во овој научен труд.

5. Конкретизирањето на содржините, бара индуктивен приод и строго подредување на развојната, психолошката и стручната императивност. Секое апсолутизирање на само една од наведените императивности, неизбежно ја води работата околу концепирањето на наставните планови и програми во поголем или помал неуспех.

Развојната императивност бара планирање и програмирање на такви воспитно-образовни содржини кои имаат стимулациона и мотивациона функција за децата и младите на одреден развоен степен. На тој начин ќе се надмине досегашната практика да имаме наставни планови и програми пренатрупани со непотребни содржини, без доследено почитување на развојните законитости и особености на децата и младите.

Психолошкиот момент, исто така, е многу значаен при структуирањето на наставните планови и програми, особено поради тоа што може многу корисно да го ограничува, корегира и дополнува развојниот аспект. Имено, еволутивниот аспект треба да го следи позитивниот функционален ефект кај физичкото воспитание на одреден степен.

Правилната примена на психолошкиот аспект при конципирањето на наставните планови и програми е нужен предуслов физичкото воспитание да биде поврзано со доживувачката страна на учениците. Непобитен факт е дека досега не се обрнувало внимание на тој момент, а како последица на тоа имаме наставни планови и програми такви какви што всушност сé.

Не помало значење во концепирањето на наставните планови и програми има и стручниот аспект. Притоа се мисли на содржински физичко-воспитно образовниот аспект кој има две страни, дијалектички поврзани кои треба да се разликуваат при изготвувањето на нставните планови и програми. Имено, тоа се стручно логичната и стручно оперативната страна.

Првата не предупредува на потребата од логично и систематско градење на наставните планови и програми, а втората на потребата од педагошко-оперативна нужност, а тука пред сé се мисли на педагошката дидактичко-методска императивност која често бара различно групирање на наставните содржини што произлегува од "логичниот систем" на воспитно-образовната содржина.

Овде укажуваме само на потребата тие два аспекта да се почитуваат при изготвувањето на наставните планови и програми.

6. При осмислувањето на новата концепција на физичкото воспитание и при изготвувањето на ***глобалната рамка за неговата дидактичко-методска основа***, неопходно е да се избегнат сите настојувања за било какво обновување на дидактичко-методскиот формализам, кој повеќе или помалку господари во нашето физичко воспитание со своите познати модели на примери на наставни часови и наставни методи и техники.

Токму затоа, дидаткичко-методската основа на нашето идно физичко воспитание треба да се гради поинаку т.е. врз база на поинакви сознанија отколку до сега, кога дидаткичко-методската концепција беше "работа сама за себе" и обично едноставно се поистоветуваше со севкупната теорија на физичкото воспитание. Веќе и до сега го плаќавме данокот на таа заблуда, на тоа прераснување на дидактичко-методската концепција на ниво на теорија на физичкото воспитание.

Всушност станува збор за едноставното сознание дека збирот од дидактичко-методски принципи, примери и модели, не е сета теорија на училишното физичко воспитание, туку само негов составен апликативен дел значаен, пред сé, за педагошката практика. Со тоа, не се потценува дидактичко-методската основа, бидејќи таа е и мора да биде нераздвоен дел од севкупната концепциска структура на училишното физичко воспитание. Неговата релација кон теориската страна неопходно е да биде расчистена и цврсто дефинирана. Во тоа се состои нашето барање, односно предупредување дека не можеме и не смееме збирот од дидактичко-методските прашања и разгледувања да

ги поистоветиме со севкупната теорија т.е. со целата филозофија на училишното физичко воспитание, бидејќи тоа претставува осиромашување на неговата теорија и практика.

Друго што треба да се бара во врска со формирањето на дидактичко-методската концепција на нашето физичко воспитание, е и тоа што таа концепција неминовно е да се постави во таква функција што непрекинато ќе ја пробудува и поттикнува педагошката креативност на наставникот. Тоа треба да се направи затоа што знаеме дека само слободната педагошка креативност може да го издигне нашето физичко воспитание на повисок квалитетен степен, да го издигне на ниво на повисока воспитно-образовна вредност на младите генерации.

Во границите на така целосно преобликување и креативно поставена дидактичко-методска концепција на училишното физичко воспитание, потребно е повторно да се решат сите спорни прашања кои се појавуваат во секојдневната педагошка практика на сите нејзини нивоа. Тука посебно се мисли на прашањето за оценувањето, ослободувањето на учениците од физичко вежбање, за распоредот на часовите и прашањето за повторување и проверување на знаењата и слично.

7. Излишно би било да зборуваме за нова концепција на физичкото воспитание, ако успешно теориски и организационо не се реши и прашањето за ***систематско следење на развојот на детето*** низ воспитно-образовната работа на физичкото воспитание. Реализирањето на тие настојувања сé повеќе не приближува до научните тенденции во процесот на физичкото воспитание.Токму заради тоа, следењето на работата на нашето идно физичко воспитание е нужно потребна. Без соодветна и јасна концепциски и организационо-оперативна програма на педагошко-психолошката служба во рамките на училишното физичко воспитание и понатаму ќе бидеме во стихијата и во водите на некогашното физичко воспитно просветителство на учениците. Имено, преку службата за следење, физичкото воспитание треба цврсто да се поврзе со работата на сите останати педагози и да добие нова функција, нова осмисленост и ново значење во очите на учениците, родителите и останатите наставници.

Затоа не е случајно што точно на тој облик на работа во рамките на училишното физичко воспитание на многу места во светот му посветуваат големо внимание. Тоа не е воопшто чудно, бидејќи преку службата за следење наставникот по физичко воспитание се ослободува од формализмот, бездушноста и оттуѓувањето во работата. Преку таа служба наставникот навистина ја постигнува и реализира индивидуализацијата, бидејќи е должен студиозно да го следи секое дете. Преку работата на следење наставникот постојано проникнува во педагошкото барање и сам ги контролира своите успеси и неуспеси. Потоа, таа служба треба да допринесе учениците да бидат далеку поангажирани и поактивни и да им помогне во откривањето на нови

димензии на физичкото воспитание кои поинаку не можат да се откријат. Во таа насока неопходно е изготвување на стандардизирани инструменти за следење, проверување и вреднување на резултатите што ќе се постигнуваат во така реформираното физичко воспитание и нивно споредување со постигнувањата на учениците од земјите на развиениот свет.

8. Новата современа концепција на физичкото воспитание пред сé треба да подразбере и поинаква, креативна, научно продлабочена ***подготовка и оспособување на нови педагошки кадри*** за потребите на физичкото воспитание во нашите основни и средни училишта, како и во високо образовните институции.

Имено, нашите стручни установи што образуваат кадар би морало од корен да ги зафати реформа на севкупната концепција на студиите. Тука во прв ред факултетот за физичка култура мора да се дефинира поодредено и строго да ги издиференцира професионалните профили кои ги подготвува.

Време е да бараме стручните институции, органи и тела кои се занимаваат со теориските и практичните проблеми на физичкото воспитание поактивно од досега и со поголема општествена и стручна одговорност да се зафатат со прашањето за концепирање на физичкото воспитание и соодветно оспособување на кадарот за негова педагошка реализација, односно да се изврши темелна реформа што ќе го опфати и оспособувањето на кадри кои веќе работат во практиката за активна и креативна работа и за реализација на хуманистичката концепција на физичкото воспитание.

9. Со оглед на тоа што физичкото воспитание е интегрален дел на севкупниот воспитно-образовен систем на сите негови нивоа од предучилишниот степен па до универзитетот, новата негова физиономија може и мора да се бара и гради само во ***тесна поврзаност со целината на новиот воспитно-образовен систем*** што треба во иднина да го градиме.

Тоа значи дека во тие барања пред сé треба поодредено да се дефинира релацијата помеѓу физичкото воспитание и целото училиште, неговата работа, неговите аспирации, неговата структура и функција, неговиот систематски лик. Поодредено мора да се дефинира и неговата позиција во севкупниот училишен воспитно-образовен систем, а пред сé неговата нова функција во однос на основната воспитна цел. Потребно е појасно да се обележат релациите помеѓу физичкото воспитание и интелектуалното, моралното, естетското и работното воспитание.

10. Новата концепција на физичкото воспитание не може и не смее да се формира и гради само од некоја фиктивна теорија и монодисциплинарно, туку неопходно е формирање на ***нова научно поадекватна концепција што ќе произлезе од широкото инклузивно***

меѓунаучно гледиште, односно од интеракција на сите научни подрачја кои со своите сознанија можат на различен начин да помогнат во создавањето на посовремена и поуспешна концепција на училишното физичко воспитание. Само биолошко-медицинските науки и понатаму би не носеле во несовремена и ненаучна, т.е. биологистичка ограниченост. Исто така, и само дидактичко-методскиот приод би не одвел во штетна педагогизација. Слично би ни се случило ако го градиме училишното физичко воспитание само врз база на психолошките сознанија за природата на детето и неговите потреби. Од сите наведени и слични скршнувања и заблуди единствено може да не сочува креативна методолошка појдовна точка која треба да се реализира во интердисциплинарноста на одредени теориски и апликативни подрачја.

11. ***Интердисциплинарноста*** бара при конципирањето на новата теориска и оперативна основа на физичкото воспитание да се користат повеќе сознанија не само од биолошко-медицинските науки туку пред сé од современите општествени, посебно современи антрополошки науки. Уште повеќе во конципирањето на новата основа треба да се води сметка и за тоа севкупната теорија и практична структура на физичкото воспитание да произлегува и се потпира врз современите науки за човекот и неговото битие, како што се: филозофската антропологија, психологијата, педагогијата и социологијата. Сознанијата од биолошко-медицинските науки при тоа треба да бидат во функција на фундаменталните антрополошки науки. Нашето физичко воспитание веќе плати доволно тежок данок на биологизмот и "телесновежбовниот" механицизам. Имено, тие две работи добро одговараа на концепциите на физичкото воспитание во одредена општествена историска рамка. Но, денес кога се одвиваат процеси на демократизација на образованието во рамките на генералната реформска определба на нашата држава, крајно време е со нова концепциска формулација, т.е. со една современа филозофска и антрополошка димензија да го ослободиме физичкото воспитание од колективниот и индивидуалниот утилитаризам (здравје, работна способност, одбранбена способност, виталност и слично) и да го поставиме во функција на детето, младиот човек и неговите есенцијални и егзистенцијални потреби и желби, во функција на неговите барања, интереси и афинитети.

12. Новата концепција на физичкото воспитание не треба да се потпира и темели само на автономниот развој на современата антрополошка мисла, туку пред сé на нашите ***поширок значајни реформски и општествени движења***. Токму во нив и во нивната преобразба во нов квалитетен развоен степен, треба да лежи основната причина за преконцепирање и дизајнирање на нашето физичко воспитание во согласност со современите светски трендови.

Затоа една од основните задачи пред која денес стоиме е физичкото воспитание на сите степени од образованието, теориски и оперативно така да го преконципираме и преструктуираме за да не биде повеќе во служба на нечии етатистичко-бирократски желби како што беше досега, туку во функција на социјализација и хуманизација на децата, младите генерации, во функција на создавање на похумани и подемократски односи меѓу луѓето, воопшто.

13. При изградувањето на новата концепција на физичкото воспитание многу е значајно да се истакне и тоа дека не смееме да се зафатиме со таа активност без ***претходна темелна и методолошки цврста истражувачка подготовка***.

На почетокот внимателно треба да се издвои сé што е позитивно во нашето физичко воспитание од досегашните искуства, а не досегашното позитивно искуство едноставно да се отфрли и да се започне со изградба на нова теориска и педагошка оперативна концепција врз рушевините на старото.

Работата на новото конципирање на физичкото воспитание мора да биде градена врз емпириско истражување, експериментално проверување на разни теориски и педагошко-оперативни хипотези, како нови елементи на концепциската структура на физичкото воспитание. Тоа значи дека во никој случај не смее да се направи грешката, имено, на сегашното физичко воспитание да му се спротивстави некоја нова концепција, формирана од дедуктивни, субјективно подобри и посовремени поставки, бидејќи тоа ќе не доведе во методолошка збрка, која ни е добро позната од нашите претходни настојувања за училишна реформа. Значи, не е потребна експериментално-индуктивна работа за проверка на новата дедуктивно поставена концепција на физичкото воспитание, туку е потребен еден теориски, емпириски и експериментален истражувачки приод при формирањето и структурирањето на една нова и посовремена негова концепција. А, тоа е онаа основна методолошко-истражувачка императивност која треба да биде водилка во идната работа во таа сфера.

Во тој контекст, за да се постигне квалитетот на истражувачката работа потребно е да се овозможи и материјално да се помогнат специјализираните институции кои се занимаваат со оваа дејност.

14. Исто така, потребно е да се превземат мерки ***постоечката материјална база на физичкото воспитание да се осовремени и приспособи на вистинските потреби и интереси на децата и младите***, а и пошироко на сите граѓани во општеството. Доколку не се подобри материјалната база, реализацијата на новата концепција на физичкото воспитание нема да биде можна. Заради тоа најитно треба да се разработи програма на мерки за решавање на овој основен проблем, а притоа ќе биде неопходно да се воспостави

рационална релација меѓу желбите и можностите во финансирањето на физичкото воспитание и спортските активности од страна на државата.

15. За развивање на училишниот спорт денес, потребна е ***заедничка акција на сите заинтересирани фактори во Републиката.*** Спортските сојузи и спортските клубови треба темелно да ја согледаат и прифатат целокупната можност за развивање на училишниот спорт. Масовното учество на младите во училишните натпревари, треба да биде неисцрпен извор за селектирање на млади најталентирани спортисти. Спортските организации треба од училишниот спорт да добиваат перманентно, најдобро селектиран, правилно насочен и подготвен спортски подмладок. Организацијата и развојот на училишниот спорт со својот систем на натпревари, треба да претставува интегрален дел и заедничка акција со спортските клубови. Училиштето и спортските клубови за прашањето на спортот треба да имаат многу потесна и поинтензивна соработка, отколку досега.

16. Со новата концепција на физичкото воспитание треба да се ***поттикне иницијативата на граѓаните за самоиницијативно здружување*** со цел за обединување на напорите за создавање на услови за задоволување на нивните потреби во ова подрачје. Во врска со тоа вниманието посебно треба да се насочи кон создавање на услови граѓаните во своето слободно време, а во согласност со своите интереси да се занимаваат со спорт и спортски активности. Во контекст на изнесеното, треба да се усогласи организационата структура на движењето за физичко воспитание со потребите и можностите на граѓаните во општеството. Во таа смисла, институциите и доброволните здруженија, сојузите, клубовите и сите други носители со чија помош се реализира физичкото воспитание мораат да претставуваат најважен фактор на новата граѓанска организациона структура. Меѓутоа, за да може да се усогласи организацијата на физичкото воспитание со интересите и барањето на граѓаните во општеството, треба да се ослободи од дуализмот и цврстиот институционализам на кои се заснива во голема мера. Во врска со тоа треба да се создадат услови граѓаните слободно да се здружуваат и самостојно да решаваат за начините на кои ќе ги задоволуваат своите потреби. Притоа треба да се изврши прецизна поделба на задачите на одредени носители на физичкото воспитание, за да може поефикасно да се решава прашањето на одговорноста за извршување на работите во ова подрачје.

17. За да се овозможи афирмација на новата концепција на физичкото воспитание, потребно е да се ***интензивира општествената пропаганда на ова подрачје.*** Притоа треба да се тргне од фактот дека добрата практика е најдобра пропаганда и обратно. Заради тоа во наредниот период треба систематски да се афирмираат добрите примери од практиката, бидејќи единствено на тој начин реформата на физичкото воспитание успешно може да се изведе.

Меѓутоа, не треба да се негуваат илузии дека реформата на физичкото воспитание може да се изведе без напор. Напротив, ќе биде потребно да се вложи многу труд за да се постигне единство во мислењата и да се совладаат отпорите кои ќе се јавуваат на овој пат. Тоа може единствено да се постигне со јакнење на свеста за потребата од доследна афирмација на физичкото воспитание и негово вклопување во воспитно-образовниот систем, а во тие рамки и во целокупниот општествен систем. Затоа е потребно државата со своите институции, понатаму здруженијата на граѓаните за физичко воспитание, а особено здруженијата на педагозите по физичко воспитание, па и научните институции, ефикасно да се организираат како би можеле врз таа основа со синхронизирани напори и акции во пратиката да се изборат за еден нов современ концепт на нашето физичко воспитание кој ќе биде компатибилен со стандардите на Европската Унија и пошироко.

Вака концепирано физичко воспитание се очекува да придонесе: во развој на независна, отворена, критичка и демократска личност која може да превземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност; во почитување и развивање на индивидуалните потреби, интереси и афинитети на личноста; во здобивање на знаења, вештини, способности и компетенции за акција; како и во подготвеност и свест за развој на демократијата и граѓанското општество.

18. Во ера на технолошки и економски развој и просперитет во светот, што ќе дојде и кај нас, што ќе го оствариме и ние, сосема сигурно, не може за физичкото воспитание и спортот да се зборува поинаку освен на ***научен, стручен и продлабочен начин***. Во тој контекст новиот милениум во кој се наоѓаат современите генерации, заради рапидноста на технолошкиот развој, но и како резултат на демократизацијата на вкупниот економски и политички развој, несомнено ќе предизвика крупни социјални трансформации. Токму поради тоа, сосема е јасно дека на физичкото воспитание и спортот треба да се гледа како специфична сфера на вкупниот општествен развој која треба да стане предмет на длабоки промени. Се разбира, ние се надеваме дека ваквите констелации ќе делуваат во правец на позитивно поместување т.е. физичкото воспитание ќе треба да се најде во позиција на динамичен феномен кој што нужно ќе продолжи да се развива. XXI-от век, од своја страна, кога станува збор за натамошниот развој на физичкото воспитание, нужно треба да апострофира некои специфични димензии. Најпрвин ќе мора да се согледаат сите досегашни искуства и ќе биде неопходно да се надминат некои деликатни прашања на сé поизразити теориски и практични проблеми во конципирањето и поставеноста на физичкото воспитание во нашата земја, односно XXI-от век треба да ги покрене прашањата за негово поорганизирано и пооптимално ефектуирање, како и негово генерациско омасовување.

*

Имајќи ги во вид современите гледања, интенции и современите барања врз кои треба да се фундира новиот концепт на физичкото воспитание којшто ќе одговара на образовните потреби на граѓаните и на општеството во XXI век, на крајот од овој труд, со потребната аргументираност, можат да се предложат глобалните цели, задачи и содржини коишто, според нашите сознанија треба да претставуваат појдовна рамка за натамошното концепциско, програмско и дидактичко осмислување на реформираното физичко воспитание во нашиот образовен систем.

Современата цел на физичкото воспитание, гледано од аспект на најновите теориски гледања, се состои во тоа да во координација со другите воспитни подрачја со примена на природните фактори низ физички активности да придонесе за оптимален развој на личноста на децата и младите. Во суштина тоа е грижата за правилен и складен физички развој, за зачувување и јакнење на здравјето, во постигнување на општите физички и работни способности, во развивање на интелекуалните функции, моралните и естетските квалитети, хуманистички и граѓански вредности во спроведувањето на активен одмор и здрава разонода и во развивање на позитивните црти на личноста и карактерот.

Врз основа на вака најглобално дефинираната цел на современото физичко воспитание ги одредивме и неговите главни ***задачи***, а тоа се:

А. биолошко-здравствени;
Б. воспитни;
В. образовни;
Г. рекреативни.

А. Биолошко-здравствените се примарни задачи со чија помош се унапредуваат основните биолошки процеси и се формираат основните здравствено-хигиенски навики и навики за постојано физичко вежбање поради зачувување на здравјето и оптималниот физички развој на личноста. Во главно, овде станува збор за биолошка и хигиенско-здавствена компонента на овие задачи.

Во биолошките ги издвојуваме како главни и најопшти следните задачи:

- **да го потпомогне морфолошкиот развиток на учениците;**
- **да придонесе во развивање на нивните телесни способности, а особено општите функционални способности како на пример органите за движење, дишење, крвотокот, нервниот систем и слично;**
- **да овозможи јакнење на организмот и стекнување на отпорност против разновидни болести.**

Во здравствените ги издвојуваме овие задачи:

- **да овозможи нормална здравствена состојба на човечкиот организам;**
- **да придонесе за создавање на основни здравствено-хигиенски навики во смисла на правилно користење на природните фактори - воздухот, сонцето и водата и одржување на просториите и облеката;**
- **да придонесе во формирање на навики за континуирано физичко вежбање за зачувување на здравјето.**

Како што се гледа од предложеното, биолошко-здравствените задачи се функционална компонента на физичкото воспитание и претставуваат појдовна основа при формулирањето на другите задачи на физичкото воспитание.

Б. Воспитните задачи се исклучително значајни, бидејќи тие придонесуваат за развивање и негување на особините на личноста и формите на општествено однесување кои доаѓаат до израз во реалните животни ситуации и односи. Значи се работи за човечки особини кои овозможуваат потполна интеграција на поединецот во општествениот живот.

Пред сé, тука ќе ги набројме следните воспитни задачи:

- **да придонесе во збогатувањето на емоционалниот живот (ведро расположение, задоволство, веселост, радост, симпатии, чувство за животна радост, љубов кон природата и татковината, оптимизам, самопоузданост и слично);**
- **да придонесе во создавање и развивање на естетски вредности и општа смисла за убаво, за припадност, складност, ритмичност, еластичност, поврзување и усогласување на движењата и музиката и негување на чувството за складност на боите и формите;**
- **да помогне во развивање на моралните квалитети, позитивните црти на личноста и во формирање на јака волја и цврст карактер (иницијативност, самостојност, упортност, одлучност, точност, смелост, храброст, дисциплинираност, свесност и слично);**
- **создавање на вредности со кои се поттикнува индивидуалниот развој;**
- **да помогне во создавање и развивање навики на самодисциплина и културно однесување во различни ситуации и особини какви што се: пријатност, учтивост, срдечност, добронамерност, скромност, култура на комуницирање и позитивен однос кон материјалните и културните вредности;**
- **постојано да ја подигнува и усовршува социјалната контактибилност на личноста во средините каде што живее и работи притоа развивајќи ги другарството и пријателството, солидарноста, соработката, меѓусебното помагање, чувството на одговорност, принципиелност, почитување на разликите меѓу луѓето (верски, национални и социјални);**
- **да придонесе во изградување на способноста кај личноста за самоодбрана во опасни и кризни ситуации;**
- **да придонесува во развивањето на потребата од постојано докажување на личноста, развивање и мобилизирање на нејзините творечки и креативни потенцијали;**
- **пренесување на личното искуство на други лица во групата и средината;**
- **создавање мотивација за доживотно учење.**

В. Образовните задачи во рамките на физичкото воспитание овозможуваат стекнување на потребните знаења, формирање на практични умеења и навики и потпомагање во развојот на психомоторичките способности. Од тие причини ќе направиме обид поконкретно да ги формулираме следните образовни задачи:

- **да придонесе во обезбедување на знаења од основите на хигиената, биологијата, физиологијата, знаења за здравиот начин на живот, за местото и значењето на физичкото воспитание, за влијанието на природните фактори, за негативното влијание на никотинот, алкохолот, дрогата и другите средства на зависност и слично;**
- **да придонесе во развивање на многубројни умеења и навики како што се: одење, трчање, скокање, фаќање, дигање, носење, влечење, тркалање, пливање, скијање, лизгање и слично, потоа развивање на умеења и навики за поедини спортови, подвижни игри, гимнастички вежби, атлетика, планинарење и друго;**
- **да овозможи развивање на основни психо-моторични способности кај човекот, а такви се: брзина, координација, сила, рамнотежа, издржливост, економичност во движењата и големи творечки способности кај учениците поврзани со специфични гранки на физичкото вежбање;**
- **обезбедување на теоретски знаења.**

Г. Рекреативните задачи на физичкото воспитание сé повеќе го добиваат своето право место во современиот начин на живеење. Брзата индустријализација и техноизација, аерозагаденоста на многу урбани средини, како и многубројните професионални, општествени и семејни обврски доведуваат до потреба човекот да го менува престојот во непосредната средина во која секојдневно се наоѓа. Имено, се наметнува потреба извесно време да спроведе надвор од таа средина со цел да се одмори, повторно ја надополни изгубената енергија, да се опорави, да се освежи, да се развесели, да се разноди и т.н. Па оттука и големото значење на рекреативните задачи на физичкото воспитание кои треба да допринесат во физичкото јакнење на организмот, одморот и разонодата, јакнење на интелектуалните способности на учениците, подобро и побрзо усвојување на наставните содржини и тоа преку организирање на такви форми на физичко воспитание кои имаат далеку пофлексибилен карактер.

Од тие причини, сметавме дека е неопходно да ги формулираме и рекреативните задачи на физичкото воспитание, а како најсоодветни би можеле да ги истакнеме следниве:

- **да влијае на бројните и разновидни интереси кај учениците;**
- **проширување, продлабочување и трајно усвојување на знаењата, умеењата и навиките;**
- **развивање на творечките способности кај учениците;**
- **развивање на културните и работните навики;**
- **воспитување на позитивни особини на личноста;**
- **оспособување за живот и работа во граѓанско и демократско општество;**
- **социјализација на учениците и стекнување на граѓански искуства;**
- **оспособување за организирано и смислено користење на слободното време;**

- **запознавање на природата, стекнување на искуства по пат на непосредно доживување, развивање на способноста за набљудување, анализирање, мислење, споредување и генерализирање.**

Врз основа на изнесеното може да се каже дека секоја од овие групи задачи на физичкото воспитание има своја специфична намена, но по однос на главната цел на ова воспитно подрачје, тие мораат меѓусебно да се поврзуваат, усогласуваат и потпомагаат. Понекогаш доаѓа до поголем израз само една група на задачи, а во друга ситуација, друга група, но никогаш не смее да се занемари било која од нив, бидејќи само преку нивната взаемност и целовитост се постигнува главната цел на физичкото воспитание.

За успешно реализирање на напред посочените современи цели и задачи на физичкото воспитание, логичка е потребата од дидактичко осмислување и изготвување на ***нова програмска структура.*** Уважувајќи ги најновите теориски сознанија и укажувања во оваа смисла и практиката на програмирање на ова воспитно-образовно подрачје што веќе е потврдена како прифатлива во повеќе земји на светот, најцелисходно ќе биде ако при претстојните усовршувања на нашите програми по физичко воспитание да се изготват поопшти, односно порамковни програми или програмски основи. Глобалната структура на овие програми во повеќе земји во светот, главно ја сочинуваат следниве содржини:

- во ***предучилиштите установи*** најсоодветни содржини по физичко воспитание се подвижните игри. Можно е примена на елементарна гимнастика, но мора да се ограничи на природни облици на движење. Треба да се развиваат основни движења како што се: одење, трчање, скокање, фрлање, фаќање, дигање, качување, тркалање, носење, туркање и т.н. Можат да се организираат и вежби за развивање на поедини мускули на телото како на пример, стомачни мускули, ‘рбетни мускули, мускули на рамениот појас, мускули на нозете и рацете и други. Понекогаш можат да се применуваат дури и спортски дисциплини како што се: пливање, санкање, лизгање, скијање, но сето тоа може да биде организирано во склад со нивните психо-физички способности и возрасти.

- во ***основното образование*** се користат, исто така, бројни и разновидни содржини по физичко воспитание во зависност од возраста и психо-физичките способности на учениците. Од содржински аспект, во одделенската настава, со физичкото вежбање треба да се влијае на правилното оформување на телото и движењата и затоа треба да се негуваат природните форми на движење: одење, трчање, скокање, фаќање, носење, влечење, тркалање, дигање, прескокнување и други елементарни игри, како и игри за држење на рамнотежа и ориентација во просторот, игри за развивање на видот и слухот, игри во вода, на снег и т.н.

Во предметната настава се предлагаат вежби за оформување, атлетски дисциплини (трчање, скокање и фрлање), гимнастички вежби на справи и на под; елементарни спортски игри (ракомет, кошарка, одбојка, фудбал); ритмичка гимнастика; пливање и скокови во вода. Тоа значи дека содржините по физичко воспитание во основното образование можат да се поделат на четири главни тематски подрачја: атлетика, гимнастика, спортски игри и планинарство.

Концепцијата на физичкото воспитание во ***средното образование*** е занована на биопсихосоцијалните потреби, мотиви и можноста на учениците. Содржините можат да се поделат во неколку групи:

а) Спортови:

- **атлетика (трчање, скокање, фрлање);**
- **гимнастика (корективно-компензаторна, аеробик, фитнес, ритмичко-спортска гимнастика, акробатика, спортска гимнастика);**
- **спортски игри (одбојка, фудбал, ракомет, тенис, пинг-понг, бадбинктон);**
- **борилачки спортови (борење, џудо и карате);**

б) Спортови за курсна настава:

- **пливање и пливачки спортови;**
- **зимски спортови (скијање, лизгање, хокеј, санкање);**
- **кајакарење на мирни и диви води;**

в) Спортски активности

- **активност на планина (планинарење со престој, планинарско пешачење, ориентационо движење по планина);**
- **пешачења (на кратки, средни и долги патеки);**
- **танци (модерни, народни);**
- **велосипедизам, ролери и други видови на возења;**
- **излети (викенд тури со велосипеди, викенд излети и друго).**

г) Спортски ден (на спортските денови учествуваат сите ученици при што посебно се внимава на социјализацијата, соработката, на културното навивање и фер-плеј однесувањето).

Како што се гледа, програмите за спорт и спортски активности нуди голем број на спортови и спортски дисциплини како содржини за избор. Од програмата што вака рамковно е дадена учениците можат да изберат едно или повеќе подрачја во зависност од нивните желби, интереси и способности и во зависност од условите во училиштето и локалната средина.

Овие програми се воведуваат од повеќе причини, но сепак основата е да се надмине унифицираноста и традиционалниот начин на изведување на наставата.

Концепцијата на физичкото воспитание во ***високото образование*** е поставена така што да може да одговори на образовните потреби на студентите во услови на современ начин и темпо на живеење. Ги содржи следните тематски подрачја:

- **настава по избор на студентите;**
- **развивање на општи и специјални задачи на изборниот спорт;**
- **увид во работата - контрола; и**
- **воннаставна спортска активност.**

Во наставата по избор на студентите, опфатени со следните области (дисциплини): атлетика, пливање, гимнастика, спортски игри (кошарка, ракомет, одбојка, фудбал, пинг-понг), зимски спортови (скијање) и спортско-ритмичка гимнастика (само за студентки).

Во изборниот спорт, пак, се работи на совладување на елементи на техниката, се користи играта со примена на одредени задачи, а се организираат и натпревари со цел да се интензивира и збогати соработката и се зголеми фер-плеј однесувањето меѓу студентите.

Контролата се врши за да се има увид врз совладаноста на наставната материја и врз развојот на психомоторните и функционалните способности.

Во воннаставните активности се организираат скијачки и пливачки курсеви, планинарски тури и излети и натпревари меѓу студентите.

Постојат многу аргументи што можат да се наведат во прилог на тврдењето дека предложениот концепт на цели, задачи и содржини е теоретски заснован врз современите сознанија и гледања за педагошката функција на физичкото воспитание. Од нив овде се посочуваат само посуштинските: во дадениот предлог се имаат во вид теоретските гледања дека современото физичко воспитание треба да има поливалентна функција во воспитувањето и образованието на учениците; тој претставува практичен чекор во задоволување на најновите залагања за осовременување на физичкото воспитание во поглед на предефинирањето на неговите цели и задачи, неговото концепциско и програмско преосмислување и усовршување и како најблиски во сето ова, коректно реформирање на образовната технологија која што доста се применуваше во наставата и во другите дидактички облици на физичкото воспитание. Поради тоа, има основа предложениот концепт да се препорача како иновативен модел при престојното реформирање на физичкото воспитание во сите степени на нашиот образовен систем.

Л И Т Е Р А Т У Р А

Цитирана литература

1. Адамческа, С.: (1996), Активна настава, Скопје, Легис.
2. Acker, S.: (1990), Teachers culture in a English primary school. London, British Journal of Sociology of Education 11.
3. Активна настава - интерактивно учење, (1998), Акциско истражување, Скопје, Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија.
4. Анастасовски, А.: (1989), Социологија на физичката култура, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј".
5. Анастасовски, А.: (1993), Физичко воспитание, Скопје, Медис информатика.
6. Анастасовски, А.: (2000), Теорија и методика на физичкото воспитание, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј" Скопје.
7. Andres, J.: (1978), Physical education and sport, London, Falmer press.
8. Antini, D.: (1971), Sport and physical education, London, Kogan page.
9. Аристотел: (1975), Никомахова етика, Београд, Нолит.
10. Armour, K., Jones, R. L.: (1998), Physical Education Teachers Lives and Careers: P. E., Sport and Educational status, London, BJPE.
11. Armstrong N., Sparkes A.: (1995), Issues in Physical Education, Cassell, Quest.
12. Armstrong, N., Sparkes, A.: (1998), Issuses in Physical Education, Sport, Education and Society, Cassel.
13. Ашмарин, В. А.: (1979), Теорија и методика физического воспитања, Москва, Физкултура и спорт.
14. Berković, L.: (1983), Povezanost i međusebna uslovljenost Fizičkog i drugih vidova vaspitanja (Zbornik radova), Aranđelovac, SDPFKS.
15. Berković, L.: (1989), Teorijske osnove fizičke kulture, Novi Sad, Bakar.
16. Berković, L.: (1989), Metodika fizičkog vaspitanja, Novi Sad, Bakar.
17. Bernstein, B.: (1990), The Structuring of Pedagogic, Descourse. London, Volume IV class, Codes and Control, Falmer press.
18. Bernstein, B.: (1996), Pedagogy, Symbolic Control and Identity: Theory, Research, Critique, London, Falmer press.
19. Bogdan, C.: (1997), Qualitive Research For Education: An Introduction to Theory and Methods, Boston: Allyn and Bacon.
20. Božović. R.: Ka fenomenologii takmičenja, Novi Sad, Polja.
21. Bruce, L.: (1961), Comparative physical education, New York, SU.
22. Bruner, J. S., Silva, K., Jollis, A.: (1976), Play its Role in Development and Evolution, Harmondsworth, Midllesex.

23. Валш, К.: (2000), Програма за децата и семејствата "Чекор по чекор", Создавање училница која во центарот ги има децата од 8, 9 и 10 години, работен материјал, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието.
24. Warren, K., Sakofs, M., Hunt, J. S.: (1995), The Theory of Experiential Education, Dubuque JA: Kendall Hunt.
25. Webb, R., Ashton, P.: (1987), Teacher motivation and the conditions of teaching: a call for ecological reform in Walker S. and Burton,L., Changing Policies, changing teachers, Miton Keynes.
26. Westheimer, J., Kahne, J., Gestein, A.: (1992), School Reforme For The Nineties: Opportunities And Obstacles For Experiential Educators, New York, The Journal of Education, 15.
27. Видрин, В. М.: (1980), Спорт в савременом обшчестве, Москва, Физкултура и спорт.
28. Vukasović, A.: (1990), Pedagogija, Zagreb, Naprijed.
29. Vukasović, A.: (1990), Pedagogija, Zagreb, Školska knjiga.
30. Гершановски, Д.: (1998), Биофизика, Скопје, (скрипта за студентите на медицинскиот факултет).
31. Gogala, S.: (1963)Znanje i obrazovanost, Ljubljana, "Pedagogija" broj 2.
32. Груздјев, (1940), Педагогика, Москва, Советска педагогика.
33. Група автори: (1969), Теорија физичке културе, Београд, Партизан.
34. Gurney, M.: (1989), Implementor or innovator? A teacher's challenge to the restrictive paradigm of traditional research. In P. Lomax (ed.), The Management of Change, Clevedon: Multilingual Matters Ltd.
35. Darling-Hammond, L.: (1990), Instructional policy into practice: "The power of the bottom over the top", Cassell, Educational Evaluation and Policy Analysis 12.
36. Dawn P.: (1999), Physical Education: In Changing Times is it Time For a Change?, Longhborough University, Department of PE, Sport Science And Recreation Menagement.
37. Dearing, R.: (1993), The National Curriculum and Its Assessment, London, New Combe House.
38. Der Bildung - und Erziehungsauftrag der Schule, (1995), München, Staatsinstitut für Schulpädagogik und Bildungsforschung.
39. Development in National Education Turkey, (1994), Ankara, The Ministry of National Education of Turkish Republic.
40. Dreben, R.: (1970), The Nature of Teaching: School and the Work of Teachers, Glenview, Skott Foresman.
41. Dyson, P.: (1994), A Case Study of Two Alternative Elementary Physical Education Program, The Ohio State University, Columbus.
42. Dyson P.: (1995), A Case Study of Two Alternative Elementary Physical Education Programs, MC Gill University, Journal of Teaching in Physical Education, 14.

43. Dyson, P.: (1995), Student Voices in Two Alternative Elementary Physical Education Programs, London, Journal of Teaching in Physical Education, 14.
44. Dyson, P.: (1996), Two Physical Education Teacher's Experience of Project Adventure, Department of Physical Education at Mc Gill University, The Journal of Experiental Education, vol. 19, N^2.
45. Ґорґевиќ,J.: (1975), Интелектуално васпитање, Београд, Просвета.
46. Ґорґевиќ, J.: Поткоњак, Н.: (1986), Педагогија, Београд, Научна књига.
47. Đorđević, J.: Potkonjak, N.: (1983), Pedagogija, Beograd, Naučna knjiga.
48. Education in OECD Countries, (1989/90), Paris, OECD, Report.
49. Education in Japan, (1990), Tokyo, Ministry of Education.
50. Education in The Primary School, (1992), Paris, UNESCO, Education Sector.
51. Education For XXI Century, (1994), Paris, UNESKO.
52. Education For XXI Senciery, (1998), Paris, UNESCO.
53. Енгелс, Ф.: (1957), Развитак социјализма од утопије до науке, Београд, Култура.
54. Enciklopediski rečnik pedagogije, (1963), Zagreb, Matica Hrvatska.
55. Erickson, F.: (1987), Conceptions of school culture: an overview. London, Educational Administration Quarterly 23.
56. Evans, J.: (1990), Ability, position & priviledge in school physical education, London, Falmer press.
57. Evans, J., Davies, B., Penney, D.: (1999), The Social Construction of teaching & learning: the politics of pedagogy, (1999) in: Hardy, G., Mawer M. -Learning and Teaching in Physical Education, London, FP.
58. Evans, J., Davis, B.: (1999), Editorial introduction, London, Curriculum Journal.
59. Живановиќ, Н.: (1987), Историја физичке културе, Ниш, ГРО "Просвета".
60. Живковиќ, Љ.: (1957), Увод у историју људске свести, Београд, Просвета.
61. Жлебник, Л.: (1962), Општа историја школства и педагошких идеја, Београд, Научна книга.
62. Занпор, Е., Кофлин, С. : (1995), Програма "Чекор по чекор": Воспитно-образовна методологија за децата и семејствата, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието на Македонија.
63. Зборник радова: (1983), Оптималзација и усовршавање технологије радних процеса у физичком васпитању, Аранґеловац, СДПФКС.
64. Иванов, Д.:(1998), Историја на физичката култура, Скопје, Бигосс.

65. Иванчевиќ, С.: (1980), Могуќност примене специфичних вежби на часу телесног вежбања ученика средњег усмереног образовања (саопштење), Нови Сад.
66. Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, Партизан, стр. 56. (Зборот гимнастика потекнува од грчкиот збор ГИМНОС - што значи "гол". Во Хомеровиот период многу занимања се обавуваат на брегoвите на мориња та, реките и при што облеката им сметала. Покрај тоа, според некои помени од грчките верувања во магии се сметало дека облеката може да ги ослабне човековите физички способности. Во подоцнежниот период зборот гимнастика кај старите Грци го означува целосниот процес на физичко вежбање, односно вештина на вежбањето. Денес овој збор означува систем на посебно избрани физички вежби и движечки постапки на кои им е цел хармониски развој на човекот, јакнење на здравјето, развивање на физичките способности и мотори ката воопшто).
67. Ismail, A. H.: (1976), Integralni razvoj, teorija i eksperimentalni rezultati, Zagreb, Kineziologija vol: 6.
68. Јовановиќ, Б.: (1985), Системи и систематизатори гимнастике, Београд, Научна књига.
69. Janković, V.: (1947), Osnovi fizičkog odgoja, Zagreb, Pedagoško književni zbor.
70. Јанковиќ, В.: (1954), Анализа основних појмова и назива у физичкој култури, Београд, "Физичка култура", бр. 7-8.
71. Janković, V. (1956), i drugi: Fizički odgoj u školi, Zagreb, Školska knjiga.
72. Joseph, P., Winnick, D.: (1994), Adapted physical education and sport, State University of New York College at Brockport.
73. Young, M. F. D.: (1998), The Curriculum of the Future: From the New Sociology of Education to a Critical Theory of teaching, London, Falmer press.
74. Kajoa, R.: (1979), Igre i ljudi, Beograd, Nolit.
75. Каљинин.: (1949), О комунистичком одгоју, Москва, Советска педагогика.
76. Кампанела, Т.: (1953), Град сунца, Београд, Просвета.
77. Karlisle, R.: (1985), Concepts of physical education, London, Falmer press.
78. Kirk, D.: (1988), Physical Educational and Curriculum Study-A Critical Introduction. London: Croom Helm.
79. Kovalyova G. i drugi: (1994), Applications for Curriculum and Teaching in Post-communist Society, Moskva.
80. Колектив аутора, (1961), Premiere degre d'education physique, Bourrelier, Paris.

81. Коменски, J. A.: (1954), Велика дидактика, Београд, Савез педагошких друштава Југославије.
82. Кондовски, Н.: (2001), Насоки за наставата по спорт и спортски активности во реформираното гимназиско образование, Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.
83. Кон-Поповска, М.: (1998), Технолошки подржано учење, Општествената транзиција и образованието, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј".
84. Концепция на развитието на средното образование в Република Бългaрия, (1995), София, АА-БУ^{ки}, Н^{0}. 30.
85. Копровски, Љ., Петровски, Б.: (1986), Педагогија, Скопје, Просветно дело.
86. Коробков, А. В.: (1962), Физическаја култура разнога возраста, Москва, Физкултура и спорт.
87. Костова, М.: (1989), Основните теориски проблеми во конце-пирањето на современото работно и политехничко воспитание (докторска дисертација), Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј".
88. Kravčik, Z.: (1984), Otormirovanii teorii fizičeskoi kulturi v sistema nauk, očerki po teorii fizičeskoi kulturi, Москва, Физкултура и спорт.
89. Craft D. H.: (1994), Physical education for all, New York, Journal of Physical education, recreation, dance.
90. Crum, B. J.: (1993), Convetional Thought And Practice In Physical Education: Problems of Teaching And Implications For Change, London, Quest, 45.
91. Курелић, Н.: (1969), Теорије физичке културе, Врхунски спорт и његов смисао у нашем друштву, Београд, НИП "Партизан".
92. Curriculum Offering in Primary Education in The Netherlands, (1994), CA Enshede, National Institute For Curriculum Development, SLO.
93. Curriculum Offering in Primary Education in the Netherlands, (1995), SLO Enshed, National Institut For Curriculum Development.
94. Lawson, H.: (1990), Beyond posivism: research, practice, and undergraduate professional education. London, Quest 42.
95. Лазаревић, Л.: (1976), Психолошке основе физичке културе, Београд, НИП "Партизан".
96. Лесгафт, П.: (1951), Руководство по физическому образованию детей школьного возраста, Москва, Т-I, Физкултура и Спорт.
97. Лескошек, J.:(1967), Теорија физичке културе, Београд, Партизан.
98. Лескошек, J.:(1971), Теорија физичке културе, Београд, Партизан.
99. Лескошек, J.: (1976), Теорија физичког васпитања, Београд, Физичка култура.
100. Лихачев, Б.: (1999), Педагогика, Москва, ИПК и ФПК, Юрайм.

101. Лок, Џ.: (1967), Мисли о васпитању, Београд, Завод за издавање уџбеника СР Србије.
102. Locke, L.: (1992), Changing Secondary school physical education, London, QCA.
103. Locke, L.: (1995), Changing Secondary Physical Education, London, Quest.
104. Mayers, F.: (1960), Die leibeserciehung, Studgart.
105. MacDonald, D., Brooker, R.: Moving Beyond the Crisis in secondary Physical Education: An Australian initiative. Journal of Teaching in Physical Education, 16.
106. MacDonald, D., Brooker. R.: Moving beyond the crisis in secondary physical education, London, Kogan page.
107. Максимовиќ, Б.: (1971), Теорија физичког васпитања, Београд, Партизан.
108. Малетиќ, С.: (1963), Покушај указивања на неке проблеме физичког васпитања код нас, Београд, Педагогија.
109. Маркс, К. и Енгелс, Ф.: (1968), Сочиненија, Т. 25, Москва.
110. Маркс, К.: (1953), Капиталот, Т. I, Скопје, Мисла.
111. Матвеев, Л. П.: (1970), Теорија и методика физичког васпитања, Москва, Физкултура и спорт.
112. Матвеев, Л.: (1985), Некоторие итоги и́ перспективи формирования обобшчаюшчей́ теории в свере физической́ культуры и спорта, Москва, Физкултура и спорт.
113. Матиќ, М.: (1966), К питању о ревалоризацији учења о физичком васпитању у школама, Београд, Физичка култура, бр. 7-8.
114. Матиќ, М.: (1978), Час телесног вежбања, Зрењанин, Будуќност.
115. Мејовшек, (1961), Општа методика наставе физичког одгоја, Загреб, скрипта ВШФК, стр. 43 и Лескошек: (1971), Теорија физичке културе, Београд, Партизан.
116. Mejovšek, M.: (1961), Fizički odgoj u osnovnoj školi, Zagreb, Školska knjiga.
117. Миновски, А., Созовска, Е. и Перчинков, Д.: (1997), Материјално-технички услови за реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование, Скопје, "Физичка култура", бр. 1-2.
118. Монтењ, М.: (1922), О васпитању или како се постаје човек, во книгата: Монтењеви погледи, Скопје.
119. Мор, Т.: (1991), Утопија, Београд, Просвета.
120. Mudrinić, M.: (1938), Istorija telesnog vežbanja, II deo, Novi vek, Zagreb, Biblioteka prosvetnog radnika.
121. Наставен план и програм за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, (1952), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија.

122. Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, (1957), Скопје, "Просветно дело".
123. Наставен план и програма за основните училишта на СРМ, (1966), Скопје, второ издание, ИП "Просветно дело".
124. Наставен план и програми за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование од I - IV одделение, (1982), Скопје, второ издание, "Просветно дело".
125. Наставен план и програма за долните класови на гимназиите и осмолетките, (1951), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија.
126. Наставни планови и програми за стручните училишта во НРМ, (1952), Скопје, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија.
127. Наставен план и програма за гимназиите во Социјалистичка Република Македонија, (1967), Републички завод за унапредување на наставата на СР Македонија, Скопје,"Просветно дело".
128. Наставна програма и физичко воспитание за гимназиите, (1991), Скопје, Републичка заедница на насоченото образование и Педагошки завод на Македонија.
129. Наставна програма по спорт и спортски активности, (2001), Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.
130. Nias, J.: (1989), Primary Teachers Talking, A Study of Teaching as Work, London, Routledge.
131. Овен, Р.: (1968), Нови поглед друштва, Београд, Просвета.
132. Оливова, В.: (1985), Люди и игры, Москва, Юрайм.
133. Olsen, J.: (1982), Classroom knowledge and curriculum change, London, JPE.
134. On Public Education of the Hungarian Republic, (1993), Budampest, Ministry of Culture And Education of Hungary.
135. Основно училиште - општа програмска структура со наставен план и програми, (1973), Скопје, ИП "Просветно дело".
136. Основно образовна предметна настава, Наставен план и наставни програми, Физичко и здравствено образование, V-VIII одделение, (1998), Скопје, ПЗМ.
137. Outline of Education in Japan, (1989), Tokyo, Ministry of Education, Science and Culture, Goverment of Japan.
138. Outline of Education in Japan, (1989), Tokyo, Ministry od Education, Sciens and Culture, Goverment of Japan.
139. Pataki, S.: (1948), Uvod u opštu pedagogiju, Zagreb, Biblioteka prosvjetnog radnika.
140. Павлов, П.: (1949), Сборник трудов, Т-1, Москва.
141. Pedagoška enciklopedija 1, (1989), Beograd, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

142. Pedagoška enciklopedija 2: (1989), Beograd, Zavod za udbenike i nastavna sredstva.
143. Педичек, Ф.: (1966), Отворени проблем школског телесног васпитања, Београд, Физичка култура, бр. 9-10.
144. Penny, D.: (1997), Physical Education: In Changing Times is it Time For a Change?, Loughborough University, Sport, Education and society vol. 5, N-1.
145. Penney, D.: (1998), School subjects &structures: reinforcing traditional voices in contemporary "reforms" od education, discourse: Studies in the cultural politics of education,Southampton, PHD thesis.
146. Penney, D.: (2000), Physical Education: What Future, Longhborough, T. Chandler, Sport, Education and Society, Vol. 5, No 1.
147. Penney, D. and Chandler, T.: (2000), Physical Education: What Future (s)? Sport, Loughborough, Education and Society, Vol. 5, N-1.
148. Песталоци, J. X.: (1961-1965), Изабраниы педагогические производения в игрех, томах I - III, Москва, том I.
149. Петровиќ, Д., Стефановиќ, В.: (1981), Проблеми теорије и методологије физичке културе, Београд, Физичка култура.
150. Piciga, D.: (1992), Osnovno in srednje izobraževanje v razvitiem svetu: Stanje in razvojne perspective, Ljubljana, Pedagoški institut.
151. План и програми за воспитно-образовна дејност во основното образование, измени во програмата од I до VIII одделение, (1990), Скопје, Просветно дело.
152. Платон: (1960), Држава, Скопје, Култура.
153. Полиќ, Б.: (1953), Физичко васпитање у средним школама, Београд, ИФК.
154. Полиќ, Б.: (1963), Теориске основе физичке културе, Београд, Партизан.
155. Полиќ, Б.: (1967), Теорија физичке културе, Београд, Партизан.
156. Полиќ, Б.: (1967), Хуманизација физичке културе, Београд, Партизан.
157. Полиќ, Ф.: (1980), Физичка култура у самоуправном социјалистичком друштву, Београд, Физичка култура.
158. Polić, B.: (1975), Enciklopedija fizičke kulture, Zagreb, Školska knjiga.
159. Пономарјев, И.: (1974), Социјалние функции физической культури и спорта, Москва, Физкултура и спорт.
160. Попова, Е., Христова, Е.: (1990), Теорија и методика на физическото вьзпитание, Софија, УИ "Климент Охридски".
161. Поткоњак, Н.: (1954), Радно и политехничко васпитање, Књига прва, Београд, Просвета.
162. Поткоњак, Н. (1966), и други: Педагогија, Београд, ЗИУСРС.
163. Поткоњак, Н.: (1977), Теориско методолошки проблеми педагогије, Београд, Просвета.

164. Previšević, V.: (1988), Mesto i uloga izvannastavnih i izvanškolskih aktivnosti u koncepcii nove osnovne škole, Zagreb, Pedagoški rad.
165. Предучилишното и основното воспитание и образование во Франција, (1998), Превод на македонски, Скопје, Педагошки завод на Македонија.
166. Претставување на програмата "Чекор по чекор" за прво одделение, (2000), работен материјал, превод од англиски, Скопје, Биро за развој на образованието на Македонија.
167. Pre- School Education in the European Union, (1995), Luxemburg, European Commission.
168. Привремени наставни програми на ВШФВ, (1964), Београд, ЗУНС
169. Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, (1982), Скопје, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето.
170. Progress of Education in the USA, (2000), Washington, US Department of Education.
171. Путеви и могућности даљег унапређења физичке културе у СР Србији, (1973), Зборник радова научног скупа, II књига, Београд, Партизан.
172. Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga.
173. Richardson, V.: (1990), Significant and worthwhile change in teaching practice. London, Educational Researcher 19.
174. Robinson, D.: (1992), The Risk-sport Process: An Alternative Approach For Humanistic Physical Education, London, Quest, 44.
175. Рубинштајн, С.: (1946), Проблем свијести и активности у советској психологии, Москва, Советска педагогика.
176. Рудик, П. А.: (1946), Питања физичког одгоја у школи, Москва, Советска педагогика, бр. 8-9.
177. Рудик, П. А.: (1976), Психологични основи на физическото возпитание на децата от предучилишна възраст, Софија, УИ "Климент Охридски".
178. Rudduck, J.: (1986), Understanding Curriculum Change. Sheffield; USDE Papers in Education.
179. Русо, Ж. Ж.: (1950), Емил или о васпитању, Београд, Просвета.
180. Ruessink A.: (1984), Curriculum Offering in Primary Education in The Netherlands, Hag, National Institute for Curriculum Development.
181. Сé за новата гимназија, (2001), Скопје, Биро за развој на образованието.
182. Симоновски, А.: (1997), Училишниот спорт во системот на натпреварите на "малите олимписки игри на училишната младина" - база за развивање на врвниот спорт, Скопје, списание - Физичка култура.

183. Scraton, S.: (1986), Physical Education, Sport and Schooling, London, Falmer Press.
184. Соколов, Р.: (1976), Култура и личност, Београд, ЗУНС.
185. Sportski leksikon, (1984), Zagreb, Školska knjiga.
186. Средно образование, наставни планови и програми за подготвителниот период на средното образование, (1973), Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, "Просветно дело".
187. Стојановић, И., Симић, М., Жиловић, С.: (1983), Оптимализација воспитно-образовног рада и правци у осавремењавању и осовршавању технологије разних процеса у физичком васпитању, Аранђеловац, СПФКЈ.
188. Столяров, В. И., Сараф, М. Ј.: (1982), Эстетические проблемы спорта, Москва, Физкультура и спорт.
189. Табаци из историје педагогике, (1947), Београд, Просвета.
190. Tangerud, H. and Wallin, E.: (1986), Values and contextual factors in school improvement. London, Journal of Curriculum Studies 18.
191. Теодосић, Р.: (1952), Основе научног педагошког наслеђа. Декаденција буржоаске и ревизионизам советске педагогике, Београд, Знање.
192. Teodosić, R.: (1957), Pedagogika, Sarajevo, Svijetlost.
193. Tinning, R.: (1995), Performance and Participation Discourses in Human Movement: Toward a Socially Critical Physical Education, State University of New York.
194. The Federal Register, (1992), Washington, Vol. 57 No. 189, the September 29.
195. Устав на ФНРЈ (1946), член 36.
196. Fabienne, L.: (1970), L'education physique an XIX et au XX siecle, Париз.
197. Feiman-Nemser, S., Floden, R.: (1986), The cultures of teaching. In M. Wittrock (ed.), Handbook of Research on Teaching, London: Collier Macmillan.
198. Физичко и здравствено воспитание, (1995), Наставна програма и упатство за реализација од I - IV одделение, Скопје, ПЗМ.
199. Физичко и здравствено воспитание, програмски документи за воспитно-образовна дејност во средното образование, (1988), Скопје, Самоуправни интересни заедници на насоченото образование и Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Просветно дело.
200. Физичка култура, програмски документи за воспитно-образовната дејност во средното образование, (1988), Скопје, Самоуправни интересни заедници на насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето.

201. Franković, D: (1951), Pedagoški projekti francuske buržoaske revolucije, Zagreb, Pedagoško-književni zbor.
202. Fullan, M.: (1982), The Meaning of Educational Change. New York: Teachers College Press.
203. Handbook of Primary Education in Europe, (1995), The Council of Europe, London, D. F. Publishers.
204. Harwood, B.: (1995), Experience and the Curriculum, Kendall Hust, Dubuque JA.
205. Hargreaves, A.: (1989), Curriculum and Assessment Reform. Milton Keynes: Open University Press.
206. Хегел, Е.: (1945), Филозофија права, Београд.
207. Хелвециус,: (1951) О човеку, његових умних способностима и његовом воспитању, Београд, Просвета.
208. House, E.: (1979), Tehnology versus craft: a ten year perspective on innovation, London, Journal of Curriculum Studies 1.
209. Hoyle, E.: (1986), The Politics of School Management, London: Hodder Stoughton.
210. Huizinga, J.: (1970), Homo Ludens, Zagreb, Matica Hrvatska.
211. The Hungarian National Basic Curriculum, (1994), Budampest, Ministry of Education.
212. Cenčić, M.: (1989), Značilnosti reforme osnovnega šolstva v Italiji, Ljubljana, VIZ, 6.
213. Часопис "Физичка култура", бр. 3-4/ (1969).
214. Шепа, М.: (1959), Методика физичког васпитања, Београд, Нолит.
215. Sherill, C. Madison, Wi. Brown,: (1993) Adapted physical activity, recreation and sport, New York, JPERD.
216. Šimleša, P.: (1963), Didaktika i njezin predmet, Zagreb, "Pedagogija", br. 2.
217. Shulman, L.: (1997), Knowledge And Teaching: Foundation of the New Reform, Harvard Education Review, 1.
218. 40 години предучилишно воспитание и образование во СР Македонија, (1984), Скопје, Заедница на предучилишните организации на Македонија.

Коришћена литература

1. Актуелности у образовању у свету, (1993), Београд, Министарство просвете Републике Србије.
2. Allison, P.: (2000), Constructing children's physical education experiences: understanding the content for teaching, Boston, Allyn and Bacon.
3. Almond, L.: (1997), Physical Education in Schools. London: Kogan Page Applications for Curriculum and Teaching in Post-comunist Society.
4. Armour, K., Jones, L.: (1998), Physical Education Teachers Lives and Careers. PE., Sport and Educational Status. London, Falmer Press.
5. Arnold, J.: (1997) Sport, Ethics and Education. London, Cassell.
6. Анастасовски, А.: (1990), Методика на физичко воспитание, Скопје, Просветно дело.
7. Анастасовски, А.: (2000), Физичко воспитание, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, Медис информатика.
8. Firsov V., Kovalyova G., Loginova O.: (1994), Applications for Curriculum and Teaching in Post-comunist Society, Moskow.
9. Australian Education Council, (1994), A Statement on Health and Physical Education for Australian Schools, Carlton, Curriculum Corporation.
10. Australian Education Council, (1994a), A Statement on Health and Physical Education for Australian Schools, Carlton, Curriculum Corporation.
11. Ацковиќ, Т.: (1982), Терминологија у области физичке културе заостаје за развојем научних достигнућа, Београд.
12. Auxter, D.: (2000), Principles and methods of adapted physical education and recreation, Dubuque, McGraw-Hill, IA.
13. Ашмарин, А.: (1979), Теорија и методика физичког васпитања, Москва,.
14. Bailey, R.: (2000), Teaching physical education, New York: London, Continuum; Cassell.
15. Basic Facts and Figures about the Educational system in Japan, (1990), Tokyo, National institute for Educational Research.
16. Bell, L.: (1986), Managing to survive in secondary school physical education. In J. Evans (ed.), Physical Education, Sport and Schooling: Studies in the Sociology of Physical Education, London: Falmer Press.
17. Bezdanov, S.: (1996), Razvoj proizvodnih snaga i obrazovanje u našim suvremenim društveno-ekonomskih uslovima, Rijeka, Visoka industrisko-pedagoška škola.
18. Берковиќ, Л.: (1978), Методика физичког васпитања, Београд, НИП "Партизан".

19. Берковиќ, Л.: (1989), Теориске основе физичке културе, Нови Сад, НИП "Бакар".
20. Берковиќ, Л.: (1971), Утицај физичког вежбања на неке интелектуалне способности, Београд.
21. Bernstein, B.: (1996), Pedagogy, Symbolic Control and Identity: Theory, Research, Critique, London, Taylor & Francis.
22. Бернштейн, А.: (1990), Физиология движений и активность, Москва, "Наука".
23. Бертолино, М.: (1980), Свестрано развиена личност и проблеми депрофесионализације, Научно-техничка револуција у развоју социјалистичког самоуправног друштва, Нови Сад, Зборник радова.
24. Bishop, E.: (1988), Making Chouces in Functional Vision Evaluations: "Noodles Needles and Haystacks", Journal of visual impairment blindness.
25. Bolduc, M., Gresset, J., Sanschagrin, S., Thibodeau, J.: (1993), A Model for the Efficient Interdisciplinary Assisment of Young Visually Impaired Children, Journal of Visual Impairment Blindness.
26. Branford, C.: (1987), The physical education curriculum for boys in a local education authority. Unpublished M. Phil, thesis, Loughborough, University of Technology.
27. Bruner, S., Silva, K., Jolly, A.: (1976), Play-its Role in Development and Evolution, Middlesex, Harmondsworth.
28. Bunker, D: (1994), Primary Physical Education, etc. UP.
29. Wall, A., Murray, R.: (1994), Children and Movement: Physical Education in the Elementary School. 24 cm. 480 III 2r.e. WC Brown, Paperback. US
30. Wall, A., Murray, R.: Children and Movement, Whitaker UK.
31. Ванек, М. и Крати, Б.: (1974), Психологија и врхунски спорт, Београд, Савез за физичку културу Југославије.
32. Wetton, P.: (1997), Physical Education in the Early Years. Teaching & Learning in the First Three Years of School. Routledge, Paperback.
33. Видрин, М.: (1980), Спорт у савременом обществе, Москва.
34. Williams, A.: (1999), Physical education in the primary school: using research to inform practice, London, Falmer.
35. Williams, A.: (2000), Primary school physical education, London; New York, Falmer Press.
36. Williams, A., Armstrong, N., Faulkner, A.: (1996), Peak Aerobic Fitness of Visually Impaired and Sighted Adolescent Girls, Journal of Visual Impairment Blindness.
37. Вујаклија, М.: (1975), Лексикон страних речи и израза, Београд, Просвета.
38. Gallahue, L., Werner, H., Leudke, C.: (1975), Aconceptual Approach to Moving and Learning, New York.

39. George G., Holt, S., Ann H.: (1998), Children Moving: A Reflective Approach to Teaching Physical Education, Melissa Parker Mayfield Publishing 4th edition.
40. Gilliver, K.: (1999) Physical Education 2000: Review of the National Curriculum, British Journal of Physical education, 30(1).
41. Goodson, F.: (1993), School Subjects and Curriculum Change. Studies in Curriculum History, (3rd Edn.), London: The Falmer Press.
42. Goodson, F.: (1995) The Making of Curriculum. Collected Essays, (2nd Edn.), London: The Falmer Press.
43. Група автори: (1972), "Биологическая Кибернетика", Москва, "Вишая школа".
44. Група на автори: (1984), Теория и методика на физического возпитание, Софија, "Медицина и физкултура", (под редакција на Крум Рачев).
45. David, N. Lee and Aronson, E.: (1974), Visual proprioceptive control of standing in human intants, Edinburgh, University of Edinburgh, EH8 9TJ.
46. Department for Education and Employment (DfEE), (1998) Teachers meeting the challenge of change. London, The Stationary Office.
47. Developments in National Education in Turkey, (1994), Ancara, The Ministry of National Education.
48. Development of Education in Poland, (1994), Warsaw,Ministry of National Education in the Republic of Poland.
49. Development of Education in Thailand, (1994), Bangkok, Ministry of Education.
50. Diane C.: (1986), Physical Education, New York, American Foundation For The Blind, Inc.
51. Донской. Д.: (1971), Биомеханика, Москва, "Физкултура и спорт".
52. Дуковски, С.: (1983), Физичкото воспитание во училиштата за основно воспитание и образование во Скопје, Скопје, Физичка култура.
53. Ѓорѓевиќ, Ј., Поткоњак, Н.: (1963), Педагогија, Београд, Научна книга.
54. Evans, J.: (1990), Defining a Subject: the rise and rise of the new PE? British Journal of Sociology of Education, Vol. 11, No. 2.
55. Evans, J.: (1986), Physical Education, Sport and Schooling. Studies in the Sociology of Physical Education, London: The Falmer Press.
56. Evans, J., Penney, D.: (1995), Physical Education, Restoration and the politics of Sport, Curriculum Studies, 3, 2.
57. Evans, J., Lopez, S., Duncan, M., and Evans, M.: (1987), Some thoughts on the political and pedagogical implications of mixed-sex groupings in the physical education curriculum. British Educational Research Journal 13.

58. Evans, J., Penney, D.: (1995), The politics of pedagogy: making a National Curriculum Physical Education, Journal of Education Policy, 10(1).
59. Educational thought and ideology in modern Japan, (1988), Tokio press.
60. Education for the Twenty-First Century, (1995), Beare, N. and Slaughter, R., London, Routledge.
61. Educating Americans for the 21 st Century, (1983), Washington, Nacional Science Boord.
62. Elizabeth, A.: Gross Motor, Orientation and Mobility, Ski Hi, Logan, Utah Institute, Utah State University, Department of Communicative Disorders.
63. Enciklopediski rečnik pedagogije, (1963), Zagreb, Matica Hrvatska.
64. Енциклопедија физичке културе, (1973), Београд.
65. Жљебник, Л.: (1962), Општа историја школства и педагошких идеја, Београд, Научна книга.
66. Зборник радова, (1980), Час физичког вежбања у функцији васпитања и образовања, Нови Сад, Савез педагога физичке културе Југославије.
67. Зданski, И.: (1986), Интензификација часа физичког васпитања, Београд, НИП "Партизан".
68. Ivanković, A.: (1980), Telesni odgoj djece predškolske dobi, priručnik za odgajatelje, Zagreb, Školska knjiga.
69. Иванчевиќ, С.: (1976), Реформа школства и физичко васпитање, Београд, Физичка култура.
70. Илиќ, С.: (1987), Историја физичке културе, Београд, НИП "Партизан".
71. Ingham, G. :(1997) Toward a Department of Physical Cultural Studies and an End to Tribal Warfare; in Fernandez-Balboa, J-M. (Ed.) Critical Post-Modernism in Human Movement, Physical Education and Sport. (New York, State University of New York Press).
72. Ismail, H.: (1976), Integralni razvoj: teorija i eksperimentalni rezultati, Kineziologija, Vol: 6, br. 1-2.
73. Young, D.: (1998) The curriculum of the Future: From the "New Sociology of Education" to a Critical Theory of Learnin, London, Falmer Press.
74. Јаковльев, Н.: (1957), Физиологические и биохемические основи теории и методики спортивной тренировке, Москва.
75. Janković, V.: (1950), Tjelesno vežbanje u školi i formiranje karaktera, Zagreb, Pedagoško književni zbor.
76. Juras, V. i Stanić, Ž.: (1979), Telesni odgoj učenika oštečena zdravlja, Zagreb, Školska knjiga.
77. Кајоа, Р.: (1979), Игре и људи, Београд.

78. Каменов, Е.: (1986), Интелектуално васпитање кроз игру, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
79. Каменов, Е.: (1986), Предшколска педагогија (тезе за VII округли сто часописа "Педагогија" 3), Београд.
80. Kansas State Dept. of Education, (1998), Physical education curriculum guide, Topeka, Kan.
81. Караиковић, Е.: (1977), Кинезитерапија, Универзитет у Сарајево, Факултет за физичку културу.
82. Casbon, C.: (1999) National curriculum Review - Key in the Review of the Order. British Journal of Physical Education, 30, 1.
83. QUALIFICATIONS AND CURRICULUM AUTHORITY (1999), Terminology in Physical Education (London, QCA).
84. Qualifications and Curriculum Authority/Department for Education and Employment: (1999) Physical Education, The National Curriculum for England, London, HMSO. Young, M. F. D. (1998) The Curriculum of The Future. From "New Sociology of Education" to a Critical Theory of Learning. London, Falmer Press.
85. Кејн, Е.: (1984), Психологија и спорт, Београд.
86. Kineziologija, (1972), časopis br.1, Zagreb, Institut za kineziologiju.
87. Kineziologija, (1972), časopis br.2, Zagreb, Institut za kineziologiju.
88. Kirchner, G., Fishburne, G.: Physical Education for Elementary School Children. Whitaker UK.
89. Kirk, D.: (1992), Curriculum History in Physical Education: A Source of Struggle and a Force for Change in SPARKES, A. C. (Ed) Research in Physical Education and Sport: Exploring Alternative Vision. London: The Falmer Press.
90. Kirk, D.: (1986), Helth related fitness as an innovation in the physical education curriculum. In J. Evans (ed.) Physical Education, Sport and Schooling: Studies in the Sociology of Physical Education, London: Falmer Press.
91. Kirk, D.: (1988), Physical Educational and Curriculum Study - A Critical Introduction. London: Croom Helm.
92. Китић, С.: (1981), За брже промене у физичком васпитању, Београд, Физичка култура.
93. Coates, B.: (1998), Early years physical education quidelines, Hayling Island Hants., Brian Coates & Associates.
94. Colvin, V.: (2000), Teaching the nuts and bolts of physical education: building basic movement skills. Champaign, IL, Human Kinetics.
95. Коменски, J. A.: (1954), Велика дидактика, Београд, Савез педагошких друштва Југославије.
96. Кондовски, Н. и С.: (1997), "Прирачник по физичко и здравствено образование (за одделенска настава), Скопје, П.П. "Маринт".
97. Копровски, Љ., Петровски, Б.: (1986), Педагогија, Скопје, Просветно дело.

98. Копровски, Љ.: (1970), Некои аспекти на современиот третман на поимот сестрано развиена личност, Одбрани трудови, 1945-1970, Скопје, Просветно дело.
99. Крагујевиќ, Г.: (1983), Методика наставе физичког васпитања, (Београд), Завод за уџбенике и наставна средства.
100. Crum, J.: (1993), Conventional Thought and Practice in Physical Education: Problems of Teaching and Implications for Change. Quest.
101. Лазаревиќ, Л.: (1987), Психолошке основе физичке културе, Београд, НИП "Партизан".
102. Curtner-Smith, D., Todorovich, R., Lacon, A., Kerr, G. (1999) Teachers' rules, routines, and expectations prior to and following the implementation of the National Curriculum for Physical Education, European Journal of Physical Education, 4(1).
103. Laker, A.: (2000) Beyond the Boundaries of Physical Education. Educating young people for citizenship and social responsibility. London, Routledge Falmer Press.
104. Лескошек, Ј., Нешиќ, Љ., Живановиќ, Ж.: (1970), Подсетник физичког васпитања у средњим школама, Београд, НИП "Партизан".
105. Lichtman, B.: (1999), More innovative games. Champaign, IL, Human Kinetics.
106. Logsdon, J.: Physical Education Unit Plans for Pre-School/ Kindergarten: Learning Experiences in Games, Gymnastics and Dance, Whitaker UK.
107. Locke, L.: (1992) Changing Secondary School Physical Education. Quest, 44.
108. Mawer, M.: (1999) Teaching styles and teaching approaches in physical education: research developments, in: C. HARDY & M. MAWER (Eds) Learning and Teaching in Physical Education, London, Falmer Press.
109. Macdonald, D., Brooker, R.: (1997) Moving Beyond the Crisis in Secondary Physical Education: An Australian Initiative. Journal of Teaching in Physical Education, 16 (2).
110. Марентиќ, Позорник, Б.: (1986), Стање, проблеми и перспективе високошколске педагогије у Југославији, Београд,"Педагогија" 3.
111. Маринковиќ, А., Станковиќ, И.: (1971), Прирачник по физичко и здравствено воспитување, Скопје, Просветно дело.
112. Marjon, V.: (1995), Motor curricula for multi-handicapped children aged 0 - 6, options and opportunities, Bad Berleburg, International conference of the European Blind Union "Timely intervention".
113. Маслов, Х.: (1982), Мотивација и личност, Београд.
114. Матвеев, Д. и Винчева, С.: (1963), Физическа култура за вьзрастни, София, Медицина и физкултура.

115. Матвеев, Д. : (1976), Теорија и методика физичког васпитања, том I, Москва.
116. Матвеев, П.: (1983), Введение В торию Физическая културы, Москва, "Физлультура и спорт".
117. Матвејев, П.: (1981), Некоторые итоги и перспективни формирования обопщающей теории в сфере физической културы и спорта, Москва.
118. Матвејев, П.: (1984), Очерки по теории физической културы, Москва.
119. McAleer, J. and McAleavy, G.: (1989) Action research: paradigm for individual development or organisational change in further education, Educational Management and Administration 17.
120. Millar, S.: (1972), The psychology of play harmonds worth, Middlesex.
121. Михајловски, Б.: (1994), Физичкото воспитание во 2001 година, Скопје, НИП - 21 мугри.
122. Mraković, M.: (1963), Učenička društva za fizičku kulturu u školama, Zagreb, NIP - školska štampa.
123. National Association for Sport and Physical Education, (2000), Appropriate practices for elementary school physical education. Reston.
124. Научно-технически революций и обшество, (1973), Москва.
125. Nichols, B.: (1994), Moving and Learning: Elementary School Physical Education Experience. 29 cm. 704. 650 ill. 3r. e. Cloth. Mosbyz.
126. NPDP HPE Project (1997) The National Profesional Development Program (NPDP) Health and Physical Education (HPE) Project 'Reviewing Education Key Learning Area: A Model for Professional Development Using the Health and Physical Education Statement and Profile for Australian Schools. Annual Report 1997. Canberra: DEETYA.
127. Образованието на младите во Европа од 15 до 20 годишна возраст: (1994), Проблеми и тенденции, Постојана конференција на европските министри за образование, Мадрид, 23-24 Март, (работен материјал).
128. Оптимализација и усовршавање технологије радних процеса у физичком васпитању (Зборник радова), (1983), Аранѓеловац.
129. OFSTED (1998), Teaching Physical Education in the Primary School. The initial training of teachers. OFSTED.
130. Pain, S., etc.: Find a Space: (1997), Primary Teacher's Guide to Physical Education and Health Related Exercise. Roehampton Teaching Studies S 29 cm. 112 III. Paperback. D. Fulton Publrs:
131. Pain, S., etc.: Find a Space: Primary Teacher's Guide to Physical Education and Health Related Exercise. Whitaker UK.
132. Pangrazi, P.: (1998), Dynamic physical education for elementary school children. Boston, Allyn and Bacon.

133. Pataki, S.: (1984), Uvod u opču pedagogiju, Zagreb, Biblioteka prosvjetnog radnika.
134. PEA UK (1998) PEA UK Mission Statements. British Journal of Physical Education, 29, 2.
135. Pedagogija I, (1969), Drugo izdanje, Zagreb, Matica Hrvatska.
136. Педагошка енциклопедија 1, (1989), Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
137. Педагошка енциклопедија 2, (1982), Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
138. Педагошки речник, (1976), Београд.
139. Penney, D., Evans, J.: (1997), Naming the Game. Discourse and Domination in Physical Education and Sport in England and Wales. European Physical Education Review, 3, 1.
140. Penney, D.: (1998) Positioning and defining physical education, sport and healt in the curriculum. European Physical Education Rewiew, 4, 2.
141. Penney, D., Chandler, T.: (2000), Physical Education: What Future(s) ? Sport, Education and Society, 5, 1.
142. Penney, D.: (1996), A stalling influence? Structures and 'reform' in Physical Education. The ERA and AARE Joint Conference 'Educational research: Singapore, Building New Partnerships.
143. Penney, D., Evans, J.: (1997), Naming the Game. Discourse and Domination in Physical Education and Sport in England and Wales. European Physical Education Review, 3, 1.
144. Penney, D., Harris, J.: (1997), Extra-Curricular Physical Education: More of the Same for the More Able? Sport, Education and Society, 2.
145. Penney, D.: (1998), Positioning and defining physical education, sport and health in the curriculum, European Physical Education Review, (42).
146. Penney, D., Evans, J.: (1997), Naming the game: discourse and domination in physical education and sport in England and Wales, European Physical Education Review, 3(1).
147. Penney, D., Evans, J.: (1999), Politics, Policy and Practice in Physical Education, London, E & FN Spon, an imprint of Routledge.
148. Penney, D.: (1998), School subjects and structures: Reinforcing traditional voices in contemporary "reforms" of education. Discourse: studies in the cultural politics of education, 19, 1.
149. Penney, D.: (1999), Physical Education: In Changing Times is it Time for a Change? British Journal of Physical Education, 30, 4.
150. Песталоци, Ј. Х.: (1961-1965), Изабранне педагогические производения, в трех томах, I-III, Москва, том 1.
151. Песталоци, Ј. Х.: (1947), Како Гертруда учи своју децу, Београд.
152. Печујлић, М.: (1989), Драма социјализма, Загреб, Југоарт, Београд, Просвета.

153. Печујлић, М.: (1980), Универзитет будућности, Београд, Савремена публицистика.
154. Plimpton, E.: (1999), Physical education methods for the elementary school teacher. Dubuque, La, Eddie Bowers Publishing,.
155. Полић, Б.: (1969), Хуманизација физичке културе, Београд, Југословенски завод за физичку културу.
156. Полић, Б.: (1980), Физичка култура у самоуправном социјалистичком друштву, Београд.
157. Полић, Б.: (1958), Физичко васпитање у средњим школама, Београд.
158. Полић, Б.: (1967), Теориске основе физичке културе, Београд.
159. Полић, Б.: (1969), Фактори који условљавају физичку културу, Београд, Југословенски завод за физичку културу.
160. Poljak, V.: (1988), Dosadašnje reforme osnovne škole u nas i potrebe za promene u njoj danas, Zagreb, Pedagoški rad, br. 4.
161. Пономарјев, И.: (1974), Социјальние функции физической культури и спорта, Москва.
162. Поткоњак, Н.: (1986), Општа педагогија (тезе о неким основним ставовима), "Педагогија", бр. 3, Београд, Часопис савеза педагошких друштва Југославије.
163. Поткоњак, Н.: (1977), Теориско-методолошки проблеми педагогије (епистемологија педагогије), Београд, Просвета.
164. Priračnik telesne i zdravstvene kulture u osnovnoj školi, (1990), Zagreb, Školska knjiga.
165. Путеви савременијег физичког васпитања у школама, (1965), Београд, "Партизан".
166. Radan, Ž.: (1981), Pregled historije telesnog vežbanja i sporta, Zagreb, Školska knjiga.
167. Raymond, C.: (1998), Coordinating Physical Education Across the Primary School, Subject Leaders' Handbooks 23 cm. Paperback. Falmer
168. Raymond, C.: Coordinating Physical Education Across the Primary School. Whitaker UK.
169. Ратковић, М.: (1986), Стање, проблеми и могућности развоја средношколске педагогије, "Педагогија" 3, Београд.
170. Рихта, Р. и сарадници: (1972), Цивилизација на раскршћу, Београд, Комунист.
171. Report of the Development of Education in the Federal Republic of Germany, (1994), Bonn, Documentation Service.
172. Report of the international Commission on Education for Twenty-first Century, (1995), Paris, UNESKO.
173. Robert P. Pangrazi A., and Bacon: (1999), Dynamic Physical Education for Elementary School Children: 12th Pkg Edition.
174. Рубинштајн, С.: (1946), Проблем свијести и активности у советској психологии, Москва.

175. Рудиќ, П. А.: (1946), Питања физичког одгоја у школи, Москва, Советска педагогика, бр. 8-9.
176. Русо, Ж. Ж.: (1950), Емил или о васпитању, Београд.
177. Sabin, V.: (1997), Integration of TOP Play/BT TOP Sport Activities into a Progressive Primary School Games Programme. Primary PE Focus.
178. Siedentop, D.: (1994), Sport Education: Quality PE Through Positive Sport Ezperiences. Champaign, Illinois. Human Kinetics.
179. Singer, R.: (1980), Misli realnost u psihologiji sporta, Moskva.
180. System of Education of Romania, (1994), Bucharest, Ministry of Education.
181. Scraton, S.: (1986), Images of femininity and the reaching of girls' physical education. In J. Evans (ed.), Physical Education, Sport and Schooling: Studies in the Sociology of Physical Education, London: Falmer Press.
182. School Education in Japan, (1994), Tokyo, by Ishijaka Kazu JSEJ.
183. Sparkes, C.: (1991), Curriculum Change: On Gaining a Sence of Perspective. in Armstrong, N. & Sparkes, A. (Eds.), Issuses in Physical Education. London: Cassell Education Limited.
184. Sparkes, C.: (1991), Exploring the Subjective Dimension of Curriculum Change in Armstrong, N. & Sparkes, A. (Eds.), Issuses in Physical Education. London: Cassell Education Limited.
185. Sparkes, A.: (1988), The micropolitics of Innovation in the physical education curriculum. In J. Evans (ed.) Teachers, Teaching and Control in the Physical Education Curriculum: Studies in the Sociology of Physical Education. London: Falmer Press.
186. Sparkes, A.: (1989), The achievement orientation and its influence upon innovation in physical education. Physical Education Review 12.
187. Sparkes, A.: (1989), Culture and ideology in physical education. In T. Templin and P. Schempp (eds), Socialization into Physical Education: Learning to Teach, Indianapolis, IN: Benchmark Press.
188. Sparkes, A.: (1990), Curriculum Change and Physical Education: Towards a Micropolitical Understanding. Deakin: Deakin University Press.
189. Sparkes, A.: (1991), The culture of teaching, critical reflection, and change: possibilities and problems. Educational Management and Administration 19.
190. Спасов, Ѓ.: (1994), Интензификација на наставата по физичко воспитување, Скопје, НИП "М".
191. Средно образование, наставни планови и програми за подготвителниот период - заеднички наставни содржини - (1973), Скопје, ИП "Просветно дело".
192. Станојевиќ, И., Драгичевиќ, М., Адамовиќ, К.: (1971), Физичко вежбање и његов утицај на ученике, Београд, НИП "Партизан".

193. Табаци из историје педагогије, Просвета, Београд, (1947). (скратен превод од Историја на Педагогијата од Ш. И. Ганелин и Е. Ј. Галант 1940).
194. Тер - Ованесян: (1978), Педагогические основи физического васпитания, Москва.
195. Thomas, T.: (2000), Physical education for children: daily lesson plans for elementary school, Champaign, IL, Human Kinetics.
196. Томић, Д.: (1979), Спорт као друштвени феномен, Београд, Физичка култура.
197. Tot, L.: Obrazovanje budučnosti - budučnost obrazovanja, (1988), Zagreb, Pedagoški rad, br. 4.
198. Трнавац, Н.: (1980), Несугласице и нејасноће у схватању научно-технолошке револуције и њеног хуманистичког значаја, научно-технолошка револуција у развоју социјалистичког самоуправног друштва, Нови Сад, Зборник радова.
199. Трнавац, Н.: (1987), Школски системи на раскршчу, Завод за уџбенике, Горни Милановац, Дечје новине.
200. The Hungarian National Basic Curriculum, (1994), Basic Principles, Republic of Hungary.
201. The development of Swedish education, (1994), Stockholm, Swedish Ministry of Education and Science.
202. Fernandez - Balboa, M.: (1997), Critical Post-Modernism in Human Movement, Physical Education and Sport; New York: State University of New York Press.
203. Физичко и здравствено воспитание, наставна програма и упатство за реализација од I до IV одделение, (1995), Скопје, Просветно дело.
204. Findak, V.: (1979), Telesni odgoj u osnovnoj školi, Zagreb, Školska knjiga.
205. Фиреа, Е.: (1998), Оптимализација на училишниот систем на физичкото воспитување и спортот гледано од перспектива на актуелните барања за квалитет и ефикасност, Букурешт, (докторска дисертација).
206. Physical Education Association (PEA) of Great Britain and Northern Ireland, (1987), Report of a Commission of Enquiry, Physical Education in Schools. London: Ling Publishing House. Pinar, W. (ed.) Curriculum Theorizing: The Reconceptualists. Berkley, CA: McCutchan, 1975.
207. Fox, B., Timmins, R. & Macdonald, D.: (1997), Working in the HPE Key Learning Area: Three Case Studies of Curriculum Change. The ACHPER Healthy Lifesyles Journal, 44, 1.
208. Фоктх, И.: (1980), Теорија физичке културе, III изд., Спорт - игра - уметност, Београд, НИП "Партизан".
209. Франковић, Д.: (1969), Физичко васпитање у нашој педагошкој теорији, Београд, Југословенски завод за физичку културу.

210. Harris, J. & Cale, L.: (1997) Activity Promotion in Physical Education. European Physical Education Review, 3, 1.
211. Haskins, D.: (1996) Planning with TOP Play and BT Top Sport. Primary PE Focus, Autumn, 1996.
212. Heinrich, R.: (1973), Das grosse sport lexikon, Zurich, Exlibris.
213. Hill, C.: (1986), An analysis of the physical education curriculum in a local education authority. Unpublished M. Phil. thesis, Loughborough University of Technology.
214. Holt/Hale, Shirley A.: (1999), Assessing motor skills in elementary physical education. Reston, VA, National Association for Sport and Physical Education.
215. Human Kinetics, (1999), Physical education methods for classroom teachers. Champaign, IL, Human Kinetics.
216. Chapman, E.: Physical Education, Curriculum acess and adaptation.
217. Cheatum, Billye A.: (2000), Physical activities for improving children's learning and behavior: A guide to sensory motor development. Champaign, IL, Human Kinetics.
218. Chedzoy, S.: (2000), Physical education in the school grounds: learning through landscapes, Southagate, Exmouth.
219. Џамбазовски, П.: (1992), Теоретско-научни-финансиски и филозовски основи на физичката култура (вовед во Кинезиологијата), Скопје, "Просветно дело".
220. Шамиќ, М.: (1969), Како настаје научно дело, Сарајево, Завод за издавање уџбеника.
221. Шепа, М.: (1965), Физичко васпитање предшколске деце, Београд, НИПУ "Партизан".
222. Šimleša, P.: (1977), Na putu do reformirane škole, Zagreb ,Pedagoško književni zbor.
223. Шопов, Г., Спиридонов, С., Гостилов, И. со соработници: (1987), Физичко воспитание (учебник за студентите од Великотрновскиот универзитет "Кирил и Методиј", Катедра за физичка култура и спорт), Р. Бугарија, Велико Трново.